


# МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

## (ДОКУМЕНТИ)

# МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

**(документи)**

**(1946 – 1960)**

Избор, превод и редакција:

Главен редактор:
**проф. д-р Теон Џинго**

Членови на редакцијата:
**проф. д-р Тодор Чепреганов**
**д-р Ицо Најдовски-Перин**

Лектура:
**проф. д-р Елка Јачева-Улчар**

Рецензенти:
**проф. д-р Драгица Поповска**
**Игор Аврамовски Александров**
**Саша Узунов**

Подготовка за печат и дизајн на корица:
**Леон Џинго**

Издавач:
**Pollitecon Publications, Sydney, Australia**

ISBN 978-0-9804763-4-7

*На Македонците од Австралија, на сите оние добри души, кои во 2013 година ми покажаа дека најдобрите, најчесните и најискрените Македонци живеат токму таму. Овој труд нека биде уште еден венец пред нивниот споменик на непокорноста.*

Теон Џинго

# СОДРЖИНА

Предговор ........................................................................................................ 21

Известување од Националниот архив на Австралија за причините поради кои одредени документи не се јавно достапни ........................................................ 29

1. Кореспонденција меѓу Роланд С. Броуни, извршен директор на АСИО во Канбера и заменик-директорите на АСИО во Перт, Сиднеј и Аделаида во врска со постоењето на Македонскиот народен сојуз на Австралија, октомври - ноември 1946 година. ........................................................................ 33
2. Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до Роланд С. Броуни, извршен директор на АСИО во Канбера, во врска со активностите на Македонскиот народен сојуз на Австралија, ноември 1946 година. ......... 42
3. Кореспонденција меѓу Хау, офицер за истраги, Адамс, Хатам и Галеган, заменици директори на АСИО во Перт, Аделаида и Сиднеј и Броуни, извршен директор на АСИО, Канбера, во врска со дејствувањето на Македонскиот народен сојуз на Австралија, ноември - декември 1946 година. ....... 44
4. Допис од Александер, заменик-директорот на АСИО во Мелбурн до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со дејствувањето на Кирил Ангелков, 17 декември 1946 година. ........................................................ 54
5. Кореспонденција меѓу Е. А., офицер за истраги, Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн и извршниот директор на АСИО во Канбера во врска со создавањето на македонскиот клуб „Гоце Делчев“ во Мелбурн и формирањето огранок на Македонскиот народен сојуз на Австралија во Викторија, 18 декември 1946 година. .................................................... 55
6. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до заменик-директорот на АСИО во Бризбејн во врска со активностите на Кирил Ангелков, 7 јануари 1947 година. .................................................................. 72
7. Меморандум од Адамс, заменик-директорот на АСИО во Перт до извршниот директор на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонскиот народен сојуз на Австралија и радиоговор на Мик Велиовски, 10 јануари 1947 година. ....................................................................... 73
8. Кореспонденција меѓу Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј, Вејк, заменик-директор на АСИО во Бризбејн и Барнел, извршен директор на АСИО во Канбера, во врска со активностите на Кирил Ангелков во Квинсленд, јануари - февруари 1947 година. ....................... 77
9. Реакција на Македонско-австралискиот народен сојуз до весникот „Словенски преглед“ во врска со објавена погрешна мапа и одговор од страна на редакцијата на весникот, март - април 1947 година. .............. 79
10. Напис од весникот „Мелбурн гардијан“ во врска со испратена телеграма до делегатот на Австралија при ООН во врска со теророт на грчките власти врз македонското население, 21 март 1947 година. .................... 81

11. Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Западна Австралија за собирање средства за изградба на болница во Скопје и два радиоговори составени од Мик Велиовски, 16 април 1947 година. ........................................................... 82
12. Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Западна Австралија и говор составен од Мик Велиовски, 12 јуни 1947 година. ................................................ 90
13. Напис од „Македонска искра“, август-септември, 1947 година. ............ 95
14. Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со доставување девет броеви од весникот „Македонска искра“ и насоки за преведување на написите, 17 септември 1947 година. ........................................................................................... 96
15. Кореспонденција меѓу Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт и директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“, септември – октомври 1947 година. ......................................................................... 98
16. Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој се содржани преводи на седмиот, осмиот и деветтиот број на „Македонска искра“, 11 декември 1947 година. ............................ 100
17. Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој е прикачен сумарен превод на мартовскиот број од 1947 година на „Македонска искра“ , 5 јануари 1948 година. ............... 119
18. Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој е прикачен сумарен превод на ноемврискиот број од 1946 година на „Македонска искра“, 5 јануари 1948 година. ............. 126
19. Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј за превод на две изданија на „Македонска искра“, 6 февруари 1948 година. ...................................................................... 131
20. Допис од директорот на АСИО во Канбера до АСИО во Сиднеј за превод на издание на „Македонска искра“, 5 март 1948 година. ................. 132
21. Напис од „Мелбурн гардијан“ во врска со собирање средства од страна на Македонците во Мелбурн, 12 март 1948 година. ................................ 133
22. Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј за превод на издание на „Македонска искра“, 1 април 1948 година. ......................................................................... 134
23. Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржувањето на Конференцијата на Македонско-австралискиот народен сојуз, 3 април 1948 година. .. 135
24. Напис од весникот „Напредак“ во врска со отворање заеднички простории на Југословенскиот имигрантски сојуз и на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 3 април 1948 година. ..................................... 136

25. Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 10 април 1948 година. ........ 137

26. Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 10 април 1948 година. ........ 140

27. Напис од весникот „Словенски преглед“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, април 1948 година. ........ 144

28. Напис од весникот „Словенски преглед“ во врска со одржаниот пикник на Македонскиот народен сојуз „Балкан“ од Њукасл, огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, мај 1948 година. ........ 147

29. Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со априлскиот број на „Македонска искра“ и префрлувањето на органот од Перт во Сиднеј, 5 мај 1948 година. ........ 148

30. Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера, заменик-директорот на АСИО во Сиднеј, секретарот за Одделот за емиграција и Кирил Ангелков во врска со префрлувањето на седиштето на органот „Македонска искра“ од Перт во Сиднеј, 11 мај 1948 година. ........ 149

31. Меморандум од Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до директорот на АСИО во Канбера во врска со изборот на новото раководство на Македонско-австралискиот народен сојуз и префрлувањето на седиштето на органот „Македонска искра“ од Перт во Сиднеј, 12 мај 1948 година. ........ 153

32. Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со печатењето на „Македонска искра“ и доставување на априлскиот примерок на весникот, 14 мај 1948 година. ........ 155

33. Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на мајското издание на весникот „Македонска искра“, 10 јуни 1948 година. ........ 156

34. Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со Евгенија Калинова и напис во весникот „Македонска искра“ кој се однесува на неа, 6 јули 1948 година. ........ 160

35. Допис од Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до директорот на АСИО во Канбера во врска со прикажувањето на филмот „Вистината за Пула“, 27 јули 1948 година. ........ 162

36. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со броевите од јуни и јули на весникот „Македонска искра“, 3 август 1948 година. ........ 163

37. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со октомврискиот број на „Македонска искра“ и преведени извадоци од него, 27 октомври 1948 година. ........ 164
38. Допис од директорот на АСИО во Канбера до Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј со насоки за натамошните преводи на написите од „Македонска искра“, 4 ноември 1948 година. .................................... 172
39. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“ и превод на јунскиот број, 24 ноември 1948 година. ..................................................................... 173
40. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“ и превод на бројот од август, 8 декември 1948 година. ...................................................... 179
41. Допис од Мекгрегор, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со досиејата на Стојан Сарбинов и Лори Малко, 11 јануари 1949 година. ....................................................................................... 186
42. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со актуелните случувања во Македонско-австралискиот народен сојуз и поделбите по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото, 10 март 1949 година. .................................................. 187
43. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со ноемврискиот број од 1948 година на „Македонска искра“ и неговиот превод, 11 март 1949 година. ............ 189
44. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со јануарскиот број на весникот „Македонска искра“ и негов превод, 29 март 1949 година. ........................................... 202
45. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со мартовскиот број на весникот „Македонска искра“ и негов превод, 29 март 1949 година. ........................................ 212
46. Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со февруарскиот број на „Македонска искра“ и негов превод, 12 април 1949 година. .................................................. 219
47. Кореспонденција меѓу одговорниот службеник на АСИО во Аделаида, директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со македонското прашање и дејствувањето на огранокот на МАНС во Аделаида, 6 октомври 1949 година ....................................... 228
48. Извештај од предметниот офицер на АСИО во Перт до директорите на АСИО во Сиднеј и во Канбера во врска со прикажување советски пропаганден филм и поврзаноста на Лори Малко, 25 октомври 1949 година. ........... 233
49. Превод на јануарскиот број на весникот „Македонска искра“, јануари 1950 година. ........................................................................................... 236

50. Повик од редакцијата на весникот „Македонска искра“ за собирање финансиски средства за негово издавање, јануари 1950 година. ....... 239
51. Превод на дел од февруарскиот број на весникот „Македонска искра“, февруари 1950 година. .......... 240
52. Превод на делови од мартовскиот број на весникот „Македонска искра“, март 1950 година. .......... 241
53. Превод на делови од мајскиот број на весникот „Македонска искра“, мај 1950 година. .......... 243
54. Реакција на Македонско-австралискиот народен сојуз во весникот „Сиднеј Трибјун“ по објавен напис во весникот „Сиднеј морнинг хералд“ во врска со егзодусот на децата бегалци, 13 мај 1950 година. .......... 248
55. Напис во весникот „Мелбурн хералд“ во врска со парична донација од огранокот на Македонско-австралискиот народен сојуз од Мелбурн за болницата Св. Винсент, 18 мај 1950 година. .......... 250
56. Реакција на грчката заедница во Австралија по објавувањето на написот со наслов „Македонците ги помагаат болниците“ во весникот „Мелбурн хералд“, 24 мај 1950 година. .......... 251
57. Допис од директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со печатењето на весниците „Напредак“ и „Македонска искра“ и осврт кон македонското прашање и случувањата на Балканот, 30 мај 1950 година. .......... 253
58. Превод на мајскиот број на весникот „Македонска искра“, мај 1950 година. .......... 255
59. Превод на јунскиот број од 1949 година на весникот „Македонска искра“, мај 1950 година. .......... 260
60. Допис од службеник на АСИО во врска со печатењето на весникот „Македонска искра“ и одговорните лица според евиденцијата на Генералната дирекција на регистри, 27 мај 1950 година. .......... 266
61. Дел од извештај на предметниот офицер од Перт до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со активностите на Македонците во Џералдтон, 2 јуни 1950 година. .......... 269
62. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на мартовскиот и априлскиот број на „Македонска искра“, 16 јуни 1950 година. .......... 270
63. Список на организации кои испратиле свои делегати на Мировната конференција во Нов Јужен Велс, 28 јуни 1950 година. .......... 278
64. Превод на јунскиот број на „Македонска искра“, јуни 1950 година. ...... 280
65. Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Сиднеј, директорот на АСИО во Мелбурн, предметните офицери во Бризбејн, Аделаида и во Перт, како и одделот Б. 1. во Нов Јужен Велс во врска со Третата семакедонска конференција, јули-август 1950 година. .......... 286

66. Извадок од јулскиот број од 1950 година на „Македонска искра“ во врска со предвидените финансиски квоти на огранoците на Македонско-австралискиот народен сојуз, јули 1950 година. .................................. 289
67. Извадок од јулскиот број од 1950 година на „Македонска искра“ во врска со фондот и претплатници на весникот, јули 1950 година. ................. 290
68. Извадок од весникот „Напредак“ во врска со одржаната Трета национална конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 9 септември 1950 година. ........................................................................ 291
69. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на јунскиот и јулскиот број на „Македонска искра“, 28 септември 1950 година. ................................ 293
70. Извештај на предметниот офицер на АСИО во врска со новоизбраниот Национален комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз, 10 октомври 1950 година. ....................................................................... 304
71. Извештај на предметниот офицер на АСИО во врска со донесените одлуки и резолуции на Третата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 11 октомври 1950 година. ................. 305
72. Извештај од предметниот офицер на АСИО во Сиднеј во врска со несогласувањето меѓу огранокот од Њукасл, „Балкан“ и Националниот комитет на МАНС, 11 октомври 1950 година. .................................... 307
73. Извештај од предметниот офицер на АСИО во Сиднеј во врска со одржаната Трета конференција на МАНС, 11 октомври 1950 година. ... 309
74. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на августовскиот и септемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 12 февруари 1951 година. ... 311
75. Превод на декемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, февруари 1951 година. ........................................................................ 324
76. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на октомврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 20 февруари 1951 година. ............... 330
77. Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на ноемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 19 март 1951 година. ............................ 336
78. Превод на мартовскиот број на „Македонска искра“, април 1951 година. ........................................................................................................ 345
79. Допис од директорот на АСИО во Нов Јужен Велс до Централата на АСИО во Канбера, директорот на АСИО во Викторија, предметниот офицер во Западна Австралија и до Централата во Сиднеј во врска со агенцијата Малко, 12 јуни 1951 година. ........................................................................ 352

80. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до регионалниот директор на АСИО во Викторија во врска со Македонско-австралискиот народен сојуз и активностите на Дане Трпков и Ристо Алтин, 30 октомври 1952 година. ........................................................ 353

81. Кореспонденција меѓу регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија, регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс во врска со проекција на филмови во организација на Македонско-австралискиот народен сојуз, 13 јануари 1953 година. .................................................. 357

82. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со ново раководство на МАНС во Перт, 24 јануари 1953 година. ................................................ 362

83. Кореспонденција меѓу регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс и регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со претплатници на весникот „Македонска искра“, 5 февруари 1953 година. ................ 364

84. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на хрватската заедница во Викторија, 24 март 1953 година. ........................................ 367

85. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со Дане Трпков и Ристо Алтин, 30 март 1953 година. ..................................................................................... 369

86. Извадок од весникот „Хералд“ од Мелбурн во врска со нетрпеливости во редовите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Кребс Крик, 9 јули 1953 година. ........................................................................... 371

87. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија во врска со активностите на Бил Боскос во Македонско-австралискиот народен сојуз, 28 февруари 1955 година. ............................................................................ 372

88. Напис во весникот „Прогрес“ во врска со Осмата конференција на Сојузот на југословенски емигранти во Австралија“, мај 1955 година. ............ 374

89. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 7 јуни 1955 година. .............................. 375

90. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Стојан Сарбинов и Борис Валканов, 11 јули 1955 година .............................. 379

91. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со печатењето на весникот „Македонска искра“, 9 септември 1955 година. ................................ 381

92. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со раководни лица на Македонско-австралискиот народен сојуз, 9 ноември 1955 година. ...................... 382

93. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Стојан Сарбинов, 9 ноември 1955 година. ........ 383

94. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Иван Неделковски, 21 ноември 1955 година. ........ 385

95. Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Австралиската главна територија до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 22 февруари 1956 година. ........ 387

96. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Тасманија до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 6 март 1956 година. ........ 388

97. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Папуа Нова Гвинеја до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 8 март 1956 година. ........ 389

98. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Квинсленд до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 16 март 1956 година. ........ 390

99. Меморандум до Централата на АСИО во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз и превод на неговиот Устав, 13 април 1956 година. ........ 392

100. Кореспонденција меѓу теренскиот офицер на АСИО, регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија и Централата во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 2 мај 1956 година. ........ 403

101. Повик од членовите на привремениот комитет на Македонската православна државна заедница до сите Македонци во Мелбурн да присуствуваат на забава со цел собирање средства за купување простории, 27 мај 1956 година. ........ 406

102. Меморандум од канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со дејствувањето на Сесловенскиот комитет за фонд за изградба на споменик на Сталин, 29 мај 1956 година. .... 407

103. Извештај за Канцеларијата на АСИО во Викторија во врска со намерите на Македонско-австралискиот народен сојуз да ги откупат канцелариите во кои се наоѓа седиштето и напорите за изградба на црковна сала, 19 јуни 1956 година. ........ 409

104. Меморандум од канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со весникот „Македонска искра“ и дејствувањето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 13 јули 1956 година. ... 412

105. Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Сиднеј до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Нов Јужен Велс, 14 август 1956 година. .. 414

106. Извештај од службеник на АСИО до Канцеларијата во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со финансирањето и со печатењето на „Македонска искра“, 22 август 1956 година. ............... 417

107. Превод на напис од „Македонска искра“ кој се однесува на одржувањето на Шестата национална конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, ноември-декември 1956 година. ............ 419

108. Допис во врска со дејствувањето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1956 година. ............................................................................ 421

109. Список на членови на Македонско-австралискиот народен сојуз и претплатници на „Македонска искра“, 1956 година. .......................... 424

110. Допис до Централата на АСИО во врска со постојни податоци за лица кои биле поврзани со Македонско-австралискиот народен сојуз и со Југословенскиот имигрантски сојуз, 1956 година. ................................. 433

111. Извештај до регионалниот директор на АСИО во Викторија во врска со „Македонска искра“, 1956 година. ........................................................... 435

112. Меморандум од Канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 14 јануари 1957 година. ............................................. 440

113. Меморандум од Генералниот директор на АСИО во Канбера до регионалните директори на АСИО во Нов Јужен Велс, Викторија, Јужна Австралија и Западна Австралија во врска со одржувањето на Шестата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 19 март 1957 година. ............................................................................ 445

114. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со печатени изданија на странски јазик, 26 март 1957 година. ................................................... 447

115. Извештај од теренскиот офицер до Регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија во врска со Шестата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 27 март 1957 година. ............................... 449

116. Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до централата на АСИО во Канбера во врска со изградба на нова црковна сала во Фицрој од страна на Македонската православна црковна заедница, 21 мај 1957 година. .......................... 450

117. Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до централата на АСИО во Канбера во врска со дејствувањето на Стојан Сарбинов и активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 22 мај 1957 година. ............................ 452

118. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со Џорџ Маноу, 3 јуни 1957 година. ........................................................................................ 454

119. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со одржана средба на Македонско-австралискиот народен сојуз, 4 јуни 1957 година. .......... 456

120. Превод на делови на весникот „Македонски глас“, јуни – јули 1957 година. ........................................................................................ 457

121. Меморандум од Регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со податоци за членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1 јули 1957 година. ..... 460

122. Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Аделаида до регионалната канцералија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со изборот на ново раководство на Македонско-австралискиот народен сојуз во Јужна Австралија, 5 јули 1957 година. ........................................................................................ 462

123. Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со изборот на ново раковдство на Македонско-австралискиот народен сојуз, 5 јули 1957 година. ........................................................................................ 464

124. Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со одржаниот Конгрес на Македонско-австралискиот народен сојуз, 5 јули 1957 година. ........................................................................................ 466

125. Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија во врска со одржан состанок за помирување меѓу македонските и југословенските членови на Комунистичката партија на Австралија, 9 јули 1957 година. ........................................................................................ 468

126. Извештај за присуство на Паволиќ помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........................................................................................ 470

127. Извештај за присуство на Трајк Ристиќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........................................................................................ 471

128. Извештај за присуство на Питер Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........................................................................................ 472

129. Извештај за присуство на Боб Богдановиќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 473
130. Извештај за присуство на Питер Загалис помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 474
131. Извештај за присуство на Џек Вејн на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 475
132. Извештај за присуство на Крист Загалис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 476
133. Извештај за присуство на Сесил Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 477
134. Извештај за присуство на Бил Васили на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 478
135. Извештај за присуство на Сем Талевци на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 479
136. Извештај за присуство на Џони Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 480
137. Извештај за присуство на Тони Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 481
138. Извештај за присуство на Ник Карашаис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 482
139. Извештај за присуство на Мајкл Јовчевиќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 483
140. Извештај за присуство на Јовчевиќ помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 484
141. Извештај за присуство на Пол Гагиополис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ........ 485

142. Извештај за присуство на Ристо Димов на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ............ 486

143. Извештај за присуство на Филип Димирис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ............ 487

144. Извештај за присуство на Мајкл Чакалов на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година. ............ 488

145. Извештај од теренскиот офицер на АСИО за одржана средба на Македонскиот народен сојуз во јули 1954 година во Кребс Крик по повод Илинден и поврзаноста со Комунистичката партија на Австралија, 25 јули 1957 година. ............ 489

146. Извештај на теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Квинсленд во врска со одржана средба на Македонскиот народен сојуз во Кребс Крик во јули 1956 година по повод Илинден, 25 јули 1957 година. ... 491

147. Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со мајскиот број на весникот „Македонски глас“, 8 август 1957 година ............ 493

148. Меморандум од генералнниот директор на АСИО до регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија во врска со „Александар Велики“, огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 8 август 1957 година. ............ 495

149. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со податоци за членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 15 август 1957 година. ............ 496

150. Превод на делови на весникот „Македонски глас“, август - септември 1957 година. ............ 498

151. Извештај на теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Квинсленд во врска со одржана средба на Македонско-австралискиот народен сојуз во Мурвилумба во август 1957 година по повод Илинден, 17 септември 1957 година. ............ 503

152. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со евидентирање членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 29 октомври 1957 година. ............ 506

153. Превод на делови на весникот „Македонски глас“, октомври - ноември 1957 година. ............ 507

154. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Јоана Кицои, 22 ноември 1957 година. ............ 510

155. Документи од процесот за натурализација на Јоана Кицои, 3 декември 1957 година. ........ 512

156. Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со напори за создавање база на податоци на членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1957 година. ........ 515

157. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Гина Пенев, 19 февруари 1958 година. ........ 516

158. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Лазарос Велизарис, 19 февруари 1958 година. ........ 517

159. Документи од процесот за натурализација на Гина Пенев, 25 март 1958 година. ........ 518

160. Кореспонденција меѓу теренскиот офицер, регионалниот директор на АСИО во Викторија и Централата на АСИО во Канбера во врска со просториите на Македонско-австралискиот народен сојуз и намерата да се изгради социјален центар за македонската заедница во Фицрој, 16 април 1958 година. ........ 520

161. Извештај од теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Квинсленд во врска со одржан состанок на Македонско-австралискиот народен сојуз во Мурвилумба, 24 април 1958 година. ........ 525

162. Кореспонденција меѓу теренскиот офицер, регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија и Централата на АСИО во Канбера во врска со доставување преводи од весникот „Македонски глас“, орган на Македонско-австралискиот народен сојуз, 3 јуни 1958 година. ........ 527

163. Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија во врска со одржан состанок на Македонско-австралискиот народен сојуз за собирање средства за изградба на социјална сала, 3 јули 1958 година. ........ 530

164. Документи од процесот за натурализација на Лазарос Велизарис, 8 јули 1958 година. ........ 532

165. Допис од регионалниiот директор на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Артур Панџари, 17 јули 1958 година. ........ 534

166. Извадок од извештајот за свештеникот Спиридон Куртесис и обидите за негово отповикување, 29 септември 1958 година. ........ 536

167. Извештај од канцеларијата на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонската православна заедница во Мелбурн, 17 октомври 1958 година. ........ 538

168. Извештај на теренскиот офицер на АСИО до канцеларијата на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со Петар Бозинис, 17 октомври 1958 година. ........ 540

169. Записник од сослушувањето на Артур Панџари (Панџаров) во Одделот за имиграција по повод неговото барање за натурализација, 1958 година. .......... 542
170. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Санта Георгијадис, 21 октомври 1958 година. .......... 549
171. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Хери (Хараламбос) Георгијадис, 21 октомври 1958 година. .......... 550
172. Документи од процесот за натурализација на Хараламбос и Санта Георгијадис, 14 ноември 1958 година. .......... 551
173. Извештај за членовите и активностите на друштвото „Лерин" од Мелбурн, 9 декември 1958 година. .......... 553
174. Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Катерина Пападимитриу, 23 декември 1958 година. .......... 555
175. Допис на предметниот офицер до Централата на АСИО во Канбера за лицето Константинос Јосифидис, 1958 година. .......... 557
176. Список на странски државјани активни во Македонско-австралискиот народен сојуз, 1958 година. .......... 558
177. Документи од процесот за натурализација на Катерина Пападимитриу, 14 јануари 1959 година. .......... 560
178. Извештај од Н. В. Робинсон до Канцеларијата на АСИО во Мелбурн во врска со активностите на Христос Василу (Крис Папас), 7 август 1959 година. .......... 562
179. Извештај на теренскиот офицер на АСИО до Канцеларијата во Мелбурн во врска со активностите на Македонската православна заедница, 18 август 1959 година. .......... 564
180. Извештај од теренскиот офицер на АСИО во Викторија во врска со соработката на свештеникот Хил со Австралиската безбедносно-разузнавачка организација во однос на активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 31 август 1959 година. .......... 566
181. Извештај за достапни податоци за Николас Караџас (Никола Караџов) и неговите активности во Македонско-австралискиот народен сојуз, 1 септември 1959 година. .......... 567
182. Извадок од барањето за натурализација на Димитрис Филипов, 5 октомври 1959 година. .......... 569
183. Извадок од барањето за натурализација на Пандора Филипов, 5 октомври 1959 година. .......... 570
184. Извадок од барањето за натурализација на Ставрос Александридис, 16 октомври 1959 година. .......... 571
185. Извадок од барањето за натурализација на Ставрос Цуцулис, 2 ноември 1959 година. .......... 572

186. Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Пандора и Димитрис Филипови, 3 декември 1959 година. .................................... 573

187. Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Ставрос Александридис, 4 декември 1959 година. .......................................... 575

188. Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Ставрос Цуцулис, 7 декември 1959 година. ......................................................................... 577

189. Меморандум од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонскиот клуб, 26 јануари 1960 година. ......................................................................... 579

190. Документи од процесот за натурализација на Параскеви Дивиткос, 27 јануари 1960 година. ......................................................................... 581

191. Извештај од теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Викторија во врска со престанокот на активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз и преминувањето на неговите членови во Македонската православна заедница, 23 мај 1960 година. ...................................... 584

192. Извештај на службеник на АСИО за активностите на Давид Папарусис, мај 1960 година. ......................................................................................... 585

193. Барање од Генералниот директор за безбедност до секретарот на Одделот за имиграција во Канбера за доставување мислење за Давид Папарусис, мај 1960 година. ................................................................ 586

194. Извадок од извештај на теренскиот офицер по извршен разговор со информатор во кој е наведено дека Македонско-австралискиот народен сојуз престанал да постои, 24 јуни 1960 година. .................... 587

195. Допис од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера за престанокот на постоењето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 25 август 1960 година. ... 588

196. Список на лица и организации кои ја поддржале организацијата на посетата на делегацијата на советските жени на Австралија, 1960 година. ..... 590

Регистар на географски поими ..................................................................... 595

Регистар на лични имиња ............................................................................ 600

# Предговор

Во сите етапи од развојот на човечката цивилизација е присутна појавата на преселба на поединци или групи од едно на друго место. Уште во праисторијата, луѓето го менувале своето место на живеење во потрага по подобри и побезбедни услови за живот, а таа тенденција продолжила и во милениумите што следувале. Додека првичните причини за преселбите биле исклучиво поврзани со подобрувањето на животните услови, со развојот на глобалното општество причините станале многубројни – социјални, економски, демографски, политички и климатски.

Ниту Македонија и нејзиното население не останале имуни на оваа појава. Уште во времето на античката македонска држава се забележуваат промени во местото на живеење на поединци и групи, особено за време на владеењето на Филип II и Александар III Македонски. Тој феномен продолжил и во средниот и во новиот век, добивајќи масовен карактер по Карпошовото востание во 1689 година, по Кресненското востание во 1878 година, по Илинденското востание во 1903 година, а особено по Балканските војни и по Првата светска војна. Македонскиот народ, под притисок на тешките услови за живот во времето кога Македонија била под власт на Османлиската Империја, а на теренот биле присутни вооружената, образовната и верската пропаганда на соседните држави, започнал да ги напушта своите домови и да се преселува во европските и во прекуокеанските земји. Првичниот облик на преселба бил печалбарството, односно заминувањето на машките членови на семејството на одреден период со цел обезбедување неопходни финансиски средства за подобрување на квалитетот на животот на своите најблиски, по што тие се враќале во своите родни места. Подоцна, оваа фаза преминала во емигрирање, кога цели семејства, поради социјално-економски или политичко-безбедносни причини, одлучиле да ја напуштат Македонија – некои привремено, а некои засекогаш.

Имајќи ги предвид причините за преселувањето, како и обемот на иселувањето, заминувањето од татковината може да се подели во пет етапи:

1. Прв период – втората половина на XIX век до избувнувањето на Илинденското востание;
2. Втор период – од Илинденското востание до Балканските војни и поделбата на Македонија во Букурешт во 1913 година;

3. Трет период – од поделбата на Македонија до почетокот на Втората светска војна;
4. Четврт период – од завршувањето на Втората светска војна до шеесеттите години на XX век;
5. Петти период – од шеесеттите години на XX век до денес.[1]

Според достапните податоци, првите македонски доселеници на австралискиот континент пристигнале кон крајот на XIX и почетокот на XX век. За разлика од Македонците кои се иселиле во Соединетите Американски Држави и Канада – кои биле побројни и подобро организирани – Македонците во Австралија, дури во втората и третата декада на XX век, поради својата малобројност, ги поставувале темелите на својот организиран живот и меѓусебно поврзување.

Првите Македонци во Австралија се населиле на западниот брег на континентот, поточно во Перт и неговата околина. Тие извршувале исклучително тешки работи – граделе патишта и железнички пруги, расчистувале фарми и пасишта или работеле во дрвната индустрија.[2] Во годините што следувале, новопристигнатите доселеници почнале да се вработуваат во големите индустриски комплекси или да работат самостојно како земјоделци и сопственици на мали бизниси – рибарници, продавници, пекарници и кафеани. Со текот на времето, Македонците почнале да се населуваат и во другите делови на континентот. Од осумте федерални единици на Австралија – Австралиската главна територија, Северните територии, Квинсленд, Нов Јужен Велс, Јужна Австралија, Тасманија, Викторија и Западна Австралија – Македонците биле присутни речиси насекаде, со исклучок на Тасманија и Северните територии. Најбројни заедници постоеле и постојат во Западна Австралија, Јужна Австралија и Викторија, особено во градовите Перт, Сиднеј и Мелбурн и нивната околина. Со растот на македонската заедница се зголемувала и потребата од организирање и дружење.

Имајќи предвид дека во првите три декади на XX век најголем број Македонци живееле во Перт, било сосема природно првите облици на здружување да се појават токму таму. Во 1926 година биле основани првите две здруженија – „Македонска куќа“ и „Македонски клуб“, а

[1] Вражиновски, Танас. *Македонското иселеништво во Канада.* Скопје: Матица македонска, 1992, 25-27.
[2] Најдовски-Перин, Ицо. *Македонско-австралиски народен сојуз.* Скопје: Институт за национална историја, 2015, 38.

наскоро бил отворен и клубот „Интернационал“.[3] Во следните години и во Мелбурн бил формиран македонски клуб, а во 1936 година, како огранок на Македонската патриотска организација создадена во 1922 година во Форт Вејн, САД, - бил отворен клубот „Тодор Александров“. Најзначајните облици на здружување се појавиле во септември 1941 година, кога во Мелбурн бил основан клубот „Гоце Делчев“, а во Перт – првото македонско прогресивно друштво „Единство“. Овие две организации, по завршувањето на Втората светска војна, станале основа за создавање на Македонскиот народен сојуз на Австралија.

На 24 и 25 август 1946 година, во салите Араундл Хол и Трејдс Хол во Перт, било одржано основачкото собрание на Македонскиот народен сојуз на Австралија. Организацијата постоела под тоа име само една година, до 1947 година, кога била преименувана во Македонско-австралиски народен сојуз. За претседавач бил избран Кирил Ангелков, а поздравни телеграми биле упатени од повеќе организации, меѓу кои „Единство“ од Перт, „Нова Македонија“ од Џералдтон, „Обединето младинско здружение“ од Перт, „Менџимап“, бугарската организација „Христо Ботев“, „Југословенската имиграција за Австралија“ и „Сесловенскиот сојуз“.[4]

Ангелков, покрај читањето на поздравните писма, ги прочитал и имињата на организаторите на собранието: Илија Малков, Кирил Ангелков, Мик Веловски, Стојан Манов, Киро Ќосев, Иван Иванов, Стојан Сарбинов, Борис Манов, Филип Енчев, Стојан Шарин и Нуме Шарин. Во текот на вториот ден од работата бил усвоен Уставот на организацијата и биле донесени неколку одлуки: средствата собрани за изградба на болница во Македонија да се префрлат во Одборот за изградба на болница; да се иницира кампања за прибирање дополнителни средства; да се испрати резолуција до Организацијата на Обединетите нации; да започне издавање македонски весник и да започне емитување радиопрограма на македонски јазик.[5]

Било формирано и првото раководство на Македонскиот народен сојуз за Западна Австралија во следниот состав:

Претседател – Стојан Сарбинов
Потпретседатели – Кони Малков и Коста Капинков

[3] Миовски, Томе. *Македонците од Западна Австралија.* Скопје: Здружение на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија, 1999, 25, 26.
[4] Најдовски-Перин, Ицо. *Македонско-австралиски народен сојуз...*, 67.
[5] Ibidem, 74,75.

Секретар – Кирил Ангелков
Финансиски секретар – Илија Малков
Благајници – Кузо Ќосев и Кони Папас
Контролна комисија – Симе Манов, Борис Манов и Филип Еленчев. [6]

Набргу по одржувањето на основачкото собрание, секретарот на МАНС, Кирил Ангелков, започнал мисија за посета на австралиските градови во кои живееле Македонци, со цел нивно организирање и создавање ограноци на Сојузот. Како резултат од неговата работа, филијали на МАНС биле формирани во Менџимап, Брицтаун, Џералдтон, Аделаида, Катакумба, Ричмонд, Сиднеј, Волонгонг, Порт Кембла, Њукасл и Кребс Крик.

Според одлуката на основачкото собрание, на 11 октомври 1946 година во Перт излегол од печат првиот број на весникот на македонски јазик „Македонска искра“, официјален орган на Македонско-австралискиот народен сојуз. „Искра“ претставувала значаен чекор за комуникација и информирање на Македонците во Австралија, а броеви од весникот биле испраќани и во САД, Канада и Народна Република Македонија. Весникот се печател единаесет години, од 1946 до 1957 година, во вкупно 105 броеви. Благодарение на проектот за дигитализација на „Македонска искра“, реализиран од издавачката куќа *Политекон Пабликејшнс* (*Pollitecon Publications*), речиси сите броеви на весникот денес се достапни за читање и за проучување на нејзината интернет-страница.[7]

Македонско-австралискиот народен сојуз бил создаден во исклучително турбулентен период за Македонија и за македонскиот народ. Во Народна Република Македонија, како составен дел од поствоена Југославија, се поставувале темелите на новата држава. Во егејскиот дел на Македонија, пак, беснеела Граѓанската војна во Грција, која завршила со пораз на Демократската армија на Грција и протерување на десетици илјади Македонци од нивните домови. Набргу по создавањето на МАНС и по појавата на „Македонска искра“, била донесена Резолуцијата на Информбирото, поради што Македонците во Австралија биле принудени да заземат страна во конфликтот меѓу Јосип Броз Тито и Јосиф Висарионович Сталин. А најголем предизвик за членовите на МАНС и за уредниците на „Искра“ биле постојаните обвинувања за нивни левичарски ставови и поврзаност со Комунистичката партија на Австралија, односно со Советскиот Сојуз.

[6] Ibid., 76.
[7] thtps://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/index.htm

Во 1947 година, со наредбата број 9835 на американскиот претседател Хари Труман, во САД започнал процес на проверка на лојалноста на сите федерални службеници, со цел откривање лица и институции поврзани со Москва. Во 1950 година, по иницијатива на сенаторот Џозеф Мекарти, започнал многу посилен бран на проверки и „прочистување“ на институциите од потенцијални членови или симпатизери на комунистичкото движење. Овој процес, познат како мекартизам, прво се развил во САД, а потоа се проширил и во државите кои важеле за нејзини сојузници. Под влијание на тие случувања, со одлука на државниот обвинител на САД бил распуштен Македонскиот народен сојуз – организација создадена во 1929 година во градот Понтијак, Мичиген – и тој престанал да постои. Аналогно на тоа, и австралиските власти започнале процес на следење на активностите на членовите на МАНС и анализа на сите настани што ги организирал Сојузот. Сите изданија на „Македонска искра“ биле детално разгледувани, а биле создадени и досиеја со информации за дејноста на членовите на организацијата. Обидите за емитување програма на македонски јазик на радиостаницата *6КУ* од Перт биле внимателно следени и често спречувани.

Членовите на МАНС, а особено неговото раководство, биле предмет на интерес на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација (Australian Security Intelligence Organization) (АСИО). Од процесот на следење и анализирање на дејствувањето на Македонците во Австралија, службениците на АСИО создале три тома со документи кои се наоѓаат во Националниот архив на Австралија во фондот Македонски народен сојуз на Австралија (Macedonian Peoples League of Australia), NAA: A6122, 172; NAA: A6122, 173; NAA: A6122, 1460 и NAA: A6122, 1461. Неколку документи се отстранети од фондот согласно со Законот за архивите, поточно со членот 33 според кој декласифицирањето на некои документи би открило иницијали, потпис или, пак, име и презиме на вработени лица во Австралиската безбедносно-разузнавачка организација што би можело да резултира со нарушување на безбедноста на Австралија.

Ако се направи анализа на фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“ може лесно да се забележи дека Австралиската безбедносно-разузнавачка организација била особено заинтересирана за весникот „Македонска искра“ бидејќи најголемиот дел од информациите кои биле предмет на интерес на службениците на АСИО ги црпеле токму од официјалниот орган на МАНС. Имајќи предвид дека весникот бил

составен од написи на македонски јазик, напишани со латинично писмо, и на англиски јазик, Централата на АСИО во Канбера и подрачните одделенија во поголемите австралиски градови имале потреба од ангажирање преведувачи на текстовите кои биле напишани на македонски јазик. Преводите на тие написи изобилуваат со грешки и погрешни толкувања. Со цел читателската јавност да се запознае со погрешните информации, преводот на тие документи е автентичен на оригиналниот текст, додека во фуснота е даден кус коментар за направената грешка или погрешното толкување, како и врска кон интернет-страницата на издавачката куќа „Политекон“ каде што се наоѓа соодветниот број на „Македонска искра“ во дигитална форма.

Логично, службениците на АСИО најголем интерес покажале кон раководните лица на МАНС, и тоа во прв ред кон: Стојан Сарбинов, Кирил Ангелков, Ристо Алтин, Мик Веловски и Илија Малков. Често, имињата и презимињата на лицата кои биле предмет на интерес на службениците на АСИО се погрешни.  Кај Македонците кои потекнувале од егејскиот дел на Македонија, а тие биле бројно доминантни во редовите на МАНС, понекогаш била користена грчката форма од нивните имиња и презимиња, понекогаш македонската форма, а понекогаш англиската форма. Редакторите на зборникот одлучија да ги користат сите три форми, согласно со оригиналните документи. Исто така, во дел од документите, топонимите во егејскиот дел на Македонија понекогаш се во нивната македонска форма, а понекогаш во нивната грчка форма. Како и со личните имиња, и формата на топонимите е соодветна на оригиналниот документ, а онаму каде што беше неопходно да се наведе македонскиот топоним, тој е даден во фуснота.

Зборникот „Македонско-автралиски народен сојуз“ содржи 196 необјавени документи, оригинално напишани на англиски јазик. Документите се подредени хронолошки според датумот на нивното настанување. Зборникот е снабден со најнужниот научен апарат за настаните и личностите кои се спомнуваат во документите. Интервенциите на редакторите во документите се напишани во квадратни загради, додека подвлечените делови, задебелените букви и зборовите целосно напишани со големи букви се задржани и при објавувањето.

Ова издание е создадено без никаков финансиски надоместок за ниту еден редактор, ниту, пак, за кој било член на стручниот тим. Оттука, би сакале да им се заблагодариме на нашиот лектор проф. д-р

Елка Јачева Улчар, на графичкиот дизајнер Леон Џинго и на нашите рецензенти проф. д-р Драгица Поповска, Игор Аврамовски Александров и Саша Узунов за нивната несебична помош и бесценета поддршка да чекорат заедно со нас, pro bono, по патот на вистината. Огромна благодарност упатуваме и до Виктор Бивел, сопственикот на издавачката куќа „Политекон“, за неговата одлучност, како и секогаш кога се работи за вистината за Македонија и македонското прашање, и подготвеност да биде издавач на овој зборник на документи. Сите тие се составен дел од нашиот мал мозаик, кој доколку не беше создаден, овој труд никогаш немаше да ја види светлината на денот.

Редакторите

# Известување од Националниот архив на Австралија за причините поради кои одредени документи не се јавно достапни

А 6122
[172]

ИЗЈАВА ЗА ПРИЧИНИТЕ СПОРЕД ЧЛЕНОТ 40 ОД ЗАКОНОТ ЗА АРХИВИТЕ

Исклучоци во однос на *Македонскиот народен сојуз на Австралија*[8] се применети според членот 33 (1) (а), (д) и (г) од Законот за архивите од 1983 година, според следното:

Член 33 (1) (а) – информации или дејства чиешто обелоденување би можело да се очекува да предизвикаат штета на безбедноста, одбраната или меѓународните односи на Комонвелтот[9].

Факти и докази врз кои е базирана одлуката

Документот содржи бореви на досиеја кои се користени од страна на АСИО во нејзиниот систем на податоци.

Причини за одлуката

Кумулативниот ефект од објавување на броевите на досиејата би предизвикало точна слика за системот за добивање податоци кој се користи во работата на АСИО. Откривањето на тој систем би ги идентификувало областите на интерес на АСИО, а во одреден момент и обемот на знаењето на Организацијата во одредени области. Оттука, објавувањето на АСИО-броевите на досиејата би претставувало закана за ефективното дејствување на Организацијата во однос на нејзините статутарни задолженија. Секое намалување на ефикасноста на АСИО би можело да се очекува да предизвика штета на безбедноста на Комонвелтот.

*Страници: 158, 174-176, 178, 180, 183, 186, 188*[10]

Документите содржат име, потпис или иницијали на службеник на АСИО.

Јавното објавување на ваквите детали, без разлика на тоа дали службеникот е сè уште активен, е во пензија или е починат, би им прет-

[8] Напишано во ракопис во оригиналниот документ.
[9] Комонвелт претставува меѓународна заедница на држави и територии кои во минатото имале статус на колонии на Британската Империја.
[10] Напишано во ракопис во оригиналниот документ.

ставувало помош на оние што се предмет на интерес на Организацијата за да ги идентификуваат лицата кои се вклучени или биле вклучени во безбедносни операции против нив. Таквото обелоденување, реално, би можело да предизвика штета на безбедноста на Комонвелтот.

*Страници: 165, 187*[11]

Член 33 (1) (д) – информации чиешто обелоденување би предизвикало нарушување на довербата.

Факти и докази врз кои е базирана одлуката

Документот содржи име, потпис или инцијали на службеник на АСИО.

Постоеше и сè уште постои договор меѓу АСИО и нејзините вработени дека мора да биде заштитен идентитетот на вработените. Таа заштита се применува и на пензионираните и на починатите службеници.

Причини за одлуката

Обелоденувањето на имињата на вработените во АСИО *би претставувало*[12] нарушување на довербата.

Член 33 (1) (г) – информации или дејства чиешто обелоденување би можело да се очекува да предизвикаат откривање информации кои се поврзани со лични податоци на некоја личност (вклучувајќи и починатата личност).

Факти и докази врз кои е базирана одлуката

Документот содржи име, потпис или инцијали на службеник на АСИО.

Причини за одлуката

Обелоденувањето на имињата на вработените во АСИО би можело да резултира со вознемирување на тие вработени или на нивните фамилии. Обелоденувањето на тие имиња оттука би можело да предизвика неразумно откривање на нивни лични работи.

*Како погоре*[13]

__________________________

АВСТРАЛИСКИ АРХИВИ

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ

---

[11] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.
[12] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.
[13] Во ракопис во оригиналниот документ. Се однесува на страниците кои се веќе наведени.

Број на страници: *

Серија: Аб/22

Број на предмет: [172]

Страницата/страниците * беа повлечени од ова досие

по барање на службеник на АСИО од 12. 8. 1985 година.

Причина/категорија: АА Член: 33 (1) (а) (б) и (г)

Избришани копии беа вметнати на местото на страниците *.

Причини за отстранувањето: Погоре наведени.

* 8, 32, 158, 165, 174, 175, 176, 180, 183, 186, 187, 188.

Број на отстранети страници: 13 страници

Датум на отстранување: 13/12/1985

Потпис: [нечиток]

Причина за отстранување /

# 1

# Кореспонденција меѓу Роланд С. Броуни, извршен директор на АСИО во Канбера и замениците директори на АСИО во Перт, Сиднеј и Аделаида во врска со постоењето на Македонскиот народен сојуз на Австралија, 31 октомври 1946 година

Телефон Б 4650
Телеграф:
Прератено, Перт
З.А.[14] 210026

**АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ**

бр. А 881
Фах бр. Ц. 138,
Главна пошта
Перт

МЕМОРАНДУМ

До Извршниот директор,
Истражен оддел на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А.Г.Т.[15]

31 октомври 1946 година

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Во врска со Вашиот меморандум Ц/А. 704/1 од 25.9.46, би сакал да Ве информирам дека се спроведени соодветни истраги во врска со македонските организации во оваа држава[16]. Утврдено е дека погоре спомнатата организација е единствената која постои во З.А.[17] Изгледа дека таа произлегла од Македонско-бугарскиот културен клуб за кој беше известено во јануари 1942. (Ваш допис Д/4317). Во продолжение се имињата на раководните лица:

---

[14] Западна Австралија.
[15] Австралиска главна територија. Во оригиналните документи се користи кратенката А.С.Т. која произлегува од Australian Capital Territory .
[16] Се однесува на Западна Австралија.
[17] Западна Австралија.

Претседател: Стојанис Василу Сербинис (познат како С. Сарбинов). Роден е 16. 10. 1904 година во Бонфиу[18], Грција. Пристигнал во Австралија на 5.1.1937 година со „Ормонде"[19]. Не е натурализиран. Има комунистички погледи.

Потпретседатели:

Кони (Атаниа) Малко. Родена е во Шефтево[20], Костур, Македонија. Пристигнала во Австралија на 14. 6. 1935 година со „Ескилино"[21]. Немажена. Сестра на финансискиот комесар Л. Малко.

К. Капинков (познат и како Крис Пинков, познат и како Кристо Пинко). Роден 15. 12. 1904 година во Врбник, Билишта, Албанија. Пристигнал во Австралија на 20.5.1928 година со „Марија Кристина"[22]. Оженет. Сопругата и едното дете му се во Албанија. Натурализиран британски државјанин на 7.11.1938 година.

Секретар: Кирил Васил Ангелков (познат како Ангелов). Роден на 15. 11. 1905 година во Дмбени, Костур, Грција. Пристигнал во Австралија на 11.4. 1927 година со „Вил де Стразбур", патувајќи со бугарски пасош. Аплицирал за натурализација.

Финансиски секретар:

Елијас Костантин Елијас (познат како Лони Елијас Малко – Елијас, познат како Л. Малко). Роден во Шефтаво[23], Костур, Македонија, на 5. 6. 1923 година. Пристигнал во Австралија на 14. 6. 1936 година со „Ескилино". Натурализиран по основ на жителство на неговиот татко. Служел во Р. А. А. Ф.[24] Оженет. Сопругата му е родена Австралијанка. Има јасни „црвени"[25] идеи.

Благајници:

Ќосе Космос Пантоу (познат како Кузо Ќосев). Роден е на 26.8.1906 година во Виесиниа[26], Грција. Пристигнал во Австралија на 27. 5. 1928 година со „Вил де Стразбур". Ја напуштил Австралија во март 1935 година, се вратил на 5.6.1936 година. Не е натурализиран.

Констанца Папаѓофцис (позната како Кони Папас). Родена во Перт, 19. 3. 1932 година.

[18] Се однесува на селото Буф, Леринско.
[19] Име на брод.
[20] Погрешен топоним во оригиналниот документ. Се однесува на селото Шештево.
[21] Име на брод.
[22] Име на брод.
[23] Погрешен топоним во оригиналниот документ. Се однесува на селото Шештево.
[24] Кралски австралиски воздухопловни сили.
[25] Се однесува на симпатизер на комунистичкото движење.
[26] Се однесува на селото Вишени, Костурско.

Надзорен комитет:

Сем Елија Манов (познат како С. Манов). Роден е на 15.9.1900 година во Врбник, Билишта, Албанија. Пристигнал во Австралија на 20.5.1928 година со „Марија Кристина". Натурализиран на 21. 11. 1933 година.

Борис Манов. Роден во Врбник, Билишта, Албанија. Притигнал во Австралија на 8. 12. 1936 година со „Орфорд"[27]. Не е натурализиран.

Филип Јанчос (познат како Ф. Енчев). Роден во Вишинија[28], Грција, во 1908 година. Пристигнал во Австралија на 27. 7. 1937 година со „Маркунда"[29]. Не е натурализран. Служел во трупите на Неговото Величество од 2. 2. 1943 година до 15. 2. 1946 година.

Македонскиот народен сојуз на Австралија има репутација дека е непартиска и неполитичка организација, но јас се сомневам дека е навистина така. Истрагите покажаа дека раководството на организацијата, како и голем број на познати членови очигледно имаат комунистички сфаќања. Овие луѓе изразуваат остро спротивставување во однос на задржувањето на британските трупи во Грција и тврдат дека присуството на тие трупи ја охрабрува грчката влада да го продолжи нејзиното владеење со Македонија. Тие тврдат дека највисока цел за македонскиот народ претставува отфрлањето на грчкиот јарем и на тој начин тие да се ослободат и да создадат слободна држава во федерација со другите балкански држави. Ова изгледа дека е најзначајаната мисла во умот на скоро секој Македонец со кој имав можност да зборувам. Без исклучок, тие тврдат дека имаат словенско потекло, и оттука, по основ на нивниот јазик, тие имаат повеќе заеднички карактеристики со Југославија, Бугарија и Русија.

Сојузот еднаш месечно го печати весникот „Македонска искра", кој е составен од написи на македонски (?бугарски) и англиски јазик. Весникот се издава од Л. Малко, секретарот на Сојузот. Копија од октомврискиот број на изданието е прикачена на овој извештај, а беа направени чекори да се обезбедат копии и од следните броеви на весникот.

Како дополнување на Сојузот, организација која е позната како Австралиско-македонски болнички комитет за Македонија беше создадена со цел да се соберат средства за изградба на болница. Иако

[27] Име на брод.
[28] Се однесува на селото Вишени, Костурско.
[29] Име на брод.

името на комитетот навестува дека болницата би требало да се гради во Македонија, од разговорите со некои членови дознав дека таква болница ќе биде изградена во Скопје, во јужна Југославија, со идеја болницата да биде надвор од дофатот на грчкото влијание.

Во врска со собирањето на средствата за оваа болница, претседателот на Сојузот, К. Ангелков[30], кој, исто така, е организатор на болничкиот комитет, сака да ги посети сите окрузи каде што се присутни Македонците. На ова патување, како што е предвидено, тој ќе отиде во Северен Квинсленд.

Копија од Уставот на Сојузот е, исто така, прикачена на овој извештај.

Џ. АДАМС

заменик-директор

---

ПРЕВОД

(отпечатено октомври 1946 година)

КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ ВО АВСТРАЛИЈА

Конференцијата беше одржана во Перт на 24 и 25 август 1946 година.

Делегати на Конференцијата:

„Единство“, Перт: С. Сарбинов, Крис. Нумев, К. Капинов.

„Нова Македонија“, Џералдтон: Д. Попов.

„Обединет младински клуб“, Перт (Женска секција): Пола Велиовска, Кони Папас, Кони Малко.

„Менџимап“, (З.А.[31]). Т. Каламаров

Бугарска организација („Хенри[32] Ботев„): Т. Тодоров

Југословенски иселечнички сојуз, (З.А.[33]): другарот Л. Марковиќ

„Сесловенски координативен комитет“: г-ѓа А. Јурашиќ; претседавач[34] на првата сесија беше Кирил Ангелков.

Организациски комитет: Л. Малко, К. Ангелков, М. Велиовски, С.

[30] Кирил Ангелков во тој период бил потпретседател на Сојузот.
[31] Западна Австралија,
[32] Грешка во оригиналниот документ. Се работи за организацијата „Христо Ботев“.
[33] Западна Австралија.
[34] Во оригинлниот документ стои зборот претседател.

Манов, К. Ќосев, Иван Иванов, С. Сарбинов, Ф. Енчев, Б. Манов, С. Тодоров, Н. Шарин, Н. Чернев, Т. Тодоров.

Причината за одржување на Конференцијата е да се создаде ново македонско здружение во Австралија,

Добиено е писмо од новата организација во Катумба, Н. Ј. В.[35] во кое имало прилог во висина од 2 фунти (Спонзор на планот за изградба на болница во Македонија во Катумба е Н. Бонакеј.)

Организацијата „Единство“ била создадена на 28 септември 1941 година од вкупно 15 членови. Во декември 1945 година се поврзале со Југословенската организација во Сиднеј. Во моментов, според нивната организација, „Единство“ брои 152 члена.

Во 1944 година била испратена делегација на Словенскиот конгрес. Н. Чернев бил претставник на Националната конференција на Југословенскиот имигрантски сојуз[36] во Сиднеј. Господин Сарбинов, исто така, присуствувал на Конференцијата.

Господин Д. Попов, делегат од новата македонска организација во Џералдтон, извести дека на 2 јуни 1946 година клубот броел 47 членови.

<u>Фонд за изградба на болница</u>:

Претседател: Ф. Жбамбазов[37]

Потпретседател: С. Набив

Секретар: К. Ангелков

Финансиски секретар; Л. Малко,

Благајник: Иван Иванов

Заменик благајник: С. Сарбинов

Надзорен комитет: К. Пуфка
Б. Манов
К. Ќосев
Ф. Енчев
Н. Шарин

<u>Македонски народен сојуз на Западна Австралија</u>

[35] Нов Јужен Велс.
[36] Официјалното име на оваа организација било Сојуз на југословенските иселеници во Австралија.
[37] Погрешно презиме во оригиналниот документ. Се однесува на Филип Џамбазов.

Претседател: С. Сарбинов

Потпретседатели: Кони Малко и К. Капинков

Секретар: К. Ангелков

Финансиски секретар: Л. Малко,

Благајници: Кузо Ќосев и Кони Папас

Надзорен комитет: С. Манов, Ф. Енчев и Б. Манов.

---

ДОВЕРЛИВО

12 ноември [194]6 година

До заменик-директорот,

СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Вашиот меморандум бр. Н13300/14 од 6 ноември 1946 година е примен. Копија од „Македонска искра" беше добиена од Западна Австралија и бидејќи и Вие имате, исто така, примерок кај Вас нема потреба од продлаблочување на дискусијата во врска со нејзината содржина.

Вашиот извештај за огранокот на организацијата во Катумба ќе биде разгледан со интерес за да се определи силината на организацијата низ Австралија.

Секоја информација што би можеле да ја имате за евентуалната поврзаност на Македонскиот народен сојуз со Сесловенскиот конгрес би била добродојдена.

Роланд С. Броуни

Извршен директор

---

ДОВЕРЛИВО

12 ноември [194]6 година

До заменик-директорот,

АДЕЛАИДА

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Организација со погоре наведеното име неодамна беше формирана во Перт, Западна Австралија. Изгледа дека е во тесна врска со

Југословенскиот имигрантски сојуз за кој се верува дека е под големо комунистичко влијание.

Како дополнување на вообичаените културни и хуманитарни активности, кои вклучуваат и собирање средства за изградба на болница во Македонија, политиката на новата организација е насочена кон создавање обединета македонска држава која би ги вклучила оние делови на Македонија кои се сега под југословенска, грчка и бугарска власт. Новата држава би станала дел од Југословенската федеративна република. Оваа заложба ѝ одговара на актуелната политика на Југославија и е поддржана од левичарските словенски организации во светот.

Секретарот и организаторот на Македонскиот народен сојуз, Кирил Васил Ангелков, има намера да организира тура по источните држави[38] [на Австралија – заб. ред.], што ќе го однесе најдалеку до Северен Квинсленд. Еден напис во октомвриското издание на „Македонска искра", органот на Сојузот, ги повикува Македонците во Јужна Австралија да се организираат и подготват за неговата посета.

Изгледа дека Македонскиот народен сојуз се организира низ целата територија на Австралија и дека таа би можела да ги истисне другите организации кои веќе постојат.

Оттука, би можеле ли да подготвите извештај за инаугурацијата на движењето во Вашата држава, како и податок за вкупниот број на вклучени лица.

(Роланд С. Броуни)

Извршен директор

---

ДОВЕРЛИВО

12 ноември [194]6 година

До заменик-директорот,

ПЕРТ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Вашиот извештај од 31 октомври 1946 година за погоре спомнатата организација Из.3А210026 беше прочитан со интерес. Копијата од Уставот и примерокот од „Македонска искра" се, исто така, добредојдени и е забележано дека Вие ќе продолжите да испраќате примероци од весникот како што ќе бидат печатени.

[38] Се однесува на државите Нов Јужен Велс и Квинсленд.

Вие, без сомнеж, сте свесни дека повеќето од левичарските словенски организации во Австралија, вклучувајќи и руски, полски, чешки, југословенски, бугарски и македонски организации, се здружија во една нова организација која се вика „Сесловенски конгрес“. Оваа нова организација печати месечен весник во Сиднеј кој е именуван „Словенски преглед“ и изгледа дека дава целосна поддршка на руската политика во Источна Европа. Не е познато дали Македонскиот народен сојуз е поврзан со Сесловенскиот конгрес, па секоја информација по ова прашање која би можеле да ја обезбедите би била добредојдена. Во октомвриското издание на „Словенски преглед“, се појавил напис кој беше опишан во радиоемисија на Станицата *6 КУ*, Перт, спонзорирана од Комитетот од Западна Австралија на Македонската емигрантска организација. Претпоставките се дека овој напис бил спонзориран од страна на Македонскиот народен сојуз и неговото објавување во „Словенски преглед“ сугерира дека Сојузот можеби е поврзан со Сесловенскиот конгрес.

Фактот дека Македонскиот народен сојуз е во можност да го плати својот организатор и да печати свој весник сугерира дека веројатно има големо членство. Би бил добредојден список со членовите кои плаќаат членарина во Западна Австралија.

Не е познато дали е добиена дозвола за печатење на „Македонска искра“ на странски јазик и дали Одделот за емиграција знае за неговото постоење.

(Роланд С. Броуни)
Извршен директор

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650
ЗА[39] 21026

Телеграф — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот

Проследено до Перт
Перт

бр, Ц 138, ГПО — 14 ноември 1946 година

Перт

[39] Западна Австралија.

МЕМОРАНДУМ:

До заменик-директорот

Истражен оддел на Комонвелтот

СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Во врска со Вашиот [допис – заб. ред.] бр. 15300/14 од 6 ноември, би сакал да Ви посочам дека извештај за горенаведената организација, заедно со копија од нивниот весник „Македонска искра“, како и нивниот Устав, беа испратени до централата на 31 октомври.

Постоеја значајни тешкотии во обидите да се обезбеди примерок од нивниот весник – кој е прикачен – поради тоа што се дистрибуира единствено меѓу членовите, а воедно се појавува и прашањето дали, воопшто, ќе бидат отпечатени нови броеви.

Во прилог: ________[40]

Џ. Адамс

заменик-директор

13 18

11[41]

National Archives of Australia (понатаму NAA): A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 1-8.

---

[40] Прекриено во оригиналниот документ.

[41] Дописано во ракопис.

# 2

# Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до Роланд С. Броуни, извршен директор на АСИО во Канбера, во врска со активностите на Македонскиот народен сојуз на Австралија, ноември 1946 година

Телефон Б 4650
Телеграф:
Проследено. Перт

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

бр. Ц. 138,
Главна дирекција на поштата
Перт

МЕМОРАНДУМ:

До Извршниот директор,
Истражен оддел на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А. К. Т.
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Од мојот последен извештај од 31 октомври 1946 година се обидувам да детерминирам дали погоре спомнатиот Сојуз е поврзан со „Сесловенскиот конгрес“, но до овој момент не пристигна дефинитивна информација. Неодамна обезбедив превод на англиски јазик од „Уставот на Народна Федеративна Република Југославија“, проследен од офицерот за информации од амбасадата на Федеративна Народна Република Југославија во Вашингтон, Д. К.[42]. Членот 2 од Уставот го содржи следново:

„Федеративна Народна Република Југославија е составена од Народна Република Србија, Народна Република Хрватска, Народна Република Словенија, Народна Република Босна и Херцеговина, Народна Република Македонија и Народна Република Црна Гора.

[42] Дистрикт Колумбија.

Народна Република Србија ги вклучува и Автономна Покраина Војводина и автономниот регион Косово и Метохија.“

Треба да биде забележано дека Народна Република Македонија е вклучена во федерацијата. Беа направени неколку обиди да се поттикнат на разговор познатите членови на Сојузот во врска со „Република Македонија“, но тие се однесуваат игнорантно во однос на ова прашање. Јас имав долг разговор со г. Ангелков, секретарот на Македонскиот народен сојуз кој ќе замине утре навечер оттука (30 ноември 1946 година) со возот за Аделаида, Мелбурн и Сиднеј за да ја спроведе организираната тура на која се осврнав во претходниот извештај. Тој ме информирше дека неговата организација не е поврзана со „Сесловенскиот конгрес“, дека тој е фокусиран на тоа да ги организира Македонците во источните држави и дека нема намера да присуствува на Конгресот. Тој тврди дека собирање средства за изградба на болница во Скопје е единствената причина за неговото патување.

На 24 номеври Сојузот организираше пикник и правење скара на 13та милја, Ванеру. Околу 120 луѓе присуствуваа. Не сите присутни беа членови на Сојузот, но членовите на комитетот кажаа дека тие сметаат дека на собирот имало доста нови потенцијални членови. Беа одржани неколку патриотски говори и беше пофално истакната слободата која ја уживаат Македонците според Австралискиот устав.

Во текот на попладнето беше упатен повик за собирање средства за болницата во Скопје и беше собрана сума од 56 фунти.

Успеав да обезбедам примерок од „разговорот“ кој беше пренесуван на Станицата 6КУ, Перт, кој ќе биде вклучен во мојот следен извештај.

Жалам што во мојот извештај од октомври не беше спомнат вкупниот број на членови на Сојузот, кој, како што сум информиран, е околу 150 членови од кои една половина не плаќаат членарина.

Во прилог испраќам копија од ноемврискиот број на „Македонска искра“.

Џ. АДАМС
<u>заменик-директор</u>

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 9.

# 3

# Кореспонденција меѓу Хау, офицер за истраги, Адамс, Хатам и Галеган, заменици директори на АСИО во Перт, Аделаида и Сиднеј и Броуни, извршен директор на АСИО, Канбера, во врска со дејствувањето на Македонскиот народен сојуз на Австралија, ноември-декември 1946 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Б 1715 Главен истражен оддел на обвинителството

БВ 2147 6 спрат [43]

БВ 2148 117 улица „Пит“ [44]

Телеграфска адреса:

Проследено

Поштенска адреса:

Фах 4269, ГПО

Сиднеј СИДНЕЈ, 26 ноември 1946 година

До заменик-директорот:

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Во врска со погоре спомнатиот предмет, би сакал да известам дека истрагата во Катумба откри дека огранок на оваа организација не постои во тој град.

Дискретни чекори беа направени од страна на доверлив член на грчката заедница, кој ѝ е познат на оваа канцеларија, но тие завршија без успех. Беше побарано мислење од локалната полиција која, исто така, смета дека таква организација не постои во Катумба.

Добиени се информации дека доколку постои или биде создаден огранок на Сојузот во Катумба веројатно негови најистакнати членови би биле Џорџ ЧАКОС, главен готвач во хотелот Катумба и

[43] Името на зградата е прецртано во оригиналниот документ.
[44] Името на градот е прецртано во оригиналниот документ.

Петер ПУЛОС, сопственикот на кафулето Нијагара. Познато е дека овие двајца луѓе се комунистички симпатизери.

В. А. Хау

А/г. Офицер за истраги

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ВХБ. НХ

| | |
|---|---|
| Телефони | Истражен оддел на Комонвелтот |
| Б 1715 | 6 спрат, деловна зграда Меркантил |
| БВ 2147 | 117 улица „Пит“ |
| БВ 2148 | Сиднеј |
| До Директорот, | 3 декември 1946 година |
| КАНБЕРА | А881 |

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Во врска со Вашиот Меморандум А 704 од 12 ноември 1946 година, а поврзано со претходно спомнатиот Сојуз и неговиот официјален орган „Македонска искра“, би сакал да Ве информирам дека не постои организирана група на Македонците во Катумба.

На Конференцијата на Македонците која беше одржана во Перт на 24 и 25 август 1946 година, според „Македонска искра“, пристигнало писмо од новата организација во Катумба со прилог за членарина во висина од 2 фунти и е наведено дека претставник за Македонија во Катумба е Н. Бонакеј.

Н. Бонакеј, наше досие бр. 8023, пристигнал во Австралија на 27 ноември 1924 година и е роден на 15 август 1898 година во Костур, Македонија. Тој е регистриран во Бирото за странци под името Норман Бонакеј, алијас Бонски, алијас Бонхеј, алијас Бонасеј и Насун Боснакис.

По неговото пристигнување во Австралија, тој аплицирал за дозвола за престој за следниве лица:

Во 1929 година ... Елефтериос Емануел

Во 1936 година ... Инос Ненос

Во 1938 година ... Трепксис Христос и Пападимитриу Павлос

Во 1946 година ... Христос Ламбру Загрос, Василиус Ламбру Загрос и Зоја Боснаки.

Последната е мајка на Бонакеј.

Нашиот извештај беше испратен до Вас на 12 август 1946 година и, доколку досега не е издадена дозвола за овој случај, веројатно

би било добро некој офицер за истраги од Вашиот оддел да направи разговор со Бонакеј. Моменталната адреса на Бонакеј е улица „Мејн“, 110, Катумба и тој работи како сопственик на рибен ресторан на улица „Катумба“, 179, Катумба.

Во врска со Вашето барање за информација дали Македонскиот народен сојуз е поврзан со Есловенскиот конгрес, додека се преземаат натамошни истраги за директната поврзаност на оваа група, познато е дека на Австралискиот словенски конгрес кој беше одржан во Сиднеј меѓу 1 и 3 септември 1944 година, Македонците беа претставувани од Крис Алтов, сопственик на кафетерија во Мелбурн и Стеф Стоев, пекар од Њукасл. Алтов тогаш беше претставник на Есловенскиот обединет сојуз, додека Стоев, кој ги претставуваше Југословените – Македонците од Њукасл, рече на Конференцијата дека Словените во Њукасл не се оорганизирани, меѓутоа дека неговите сонародници се во целосна хармонија со целите на конференцијата и тој е сигурен дека тие би помогнале во спроведувањето на програмата која ќе биде усвоена на конференцијата. [45]

Ф. Г. ГАЛЕГАН
<u>заменик-директор</u>

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телефон
Б 098 — Истражен оддел на Комонвелтот
Телеграф — Канбера, А. Г. Т
Проследено, Канбера. — 12 ноември 1946 година

Во одговорот, Ве молиме повикајте се на бр. А704

До заменик-директорот,
<u>СИДНЕЈ</u>

<u>МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА</u>

Вашиот меморандум бр. 15300/14 од 6 ноември 1946 година, е прифатен. Примерок од „Македонска искра“ ни беше доставен од Западна Австралија и бидејќи и Вие таму имате примерок нема потреба од продлабочување на комуникацијата во врска со неговата содржина.

Вашиот извештај во врска со огранокот на Организацијата во Катумба ќе биде очекуван со интерес, бидејќи е многу пожелно да се одреди силата на организацијата низ Австралија.

[45] Во оригиналниот документ е допишан текст во ракопис кој е нечитлив.

Секоја информација која ќе ја добиете во врска со прашањето дали Македонскиот народен сојуз е поврзан со Сесловенскиот конгрес би била добредојдена.[46]

Роланд С. Броуни
Извршен директор

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ЕР/ЈМ0Л
С.1538

Телефон Ц. 7407 — Главен истражен оддел на обвинителството
Соба бр. 403 (четврти спрат) — Истражен оддел
Штедна банка на Јужна Австралија — Фах бр. 938 Х ГПО
Аделаида

ТАЈНО — 3 декември 1946 година
МЕМОРАНДУМ за — А881

Извршниот директор на
Главниот истражен оддел на обвинителството,
КАНБЕРА

Предмет: Македонски народен сојуз на Австралија– предложена посета на Јужна Австралија на Кирил Васил АНГЕЛКОВ за зајакнување на Организацијата.

Во врска со: Вашиот допис бр. А. 704 и Меморандумот од 12 ноември 1946
година.

Во врска со Вашиот претходно спомнат меморандум, би сакал да Ве известам дека беа спроведени дискретни чекори за проценка дали погоре спомнатата Организација е, или, пак, би требало да биде, создадена во Јужна Австралија.

Од спроведената истрага беше заклучено дека Ангелков, секретарот и организаторот на Македонскиот народен сојуз предложил негова посета на оваа држава, меѓутоа досега не беа преземени никакви чекори за нејзиното организирање. Известување за неговите намери да дојде во посета беа испратени до локалниот македонски Балкански клуб, кој се наоѓа на улицата „Хиндли“, бр. 133, Аделаида. Луѓето кои често престојуваат во овој клуб ја изразиле својата подготвеност да учествуваат во наводниот фонд на Ангелков за изградба

---

[46] Во оригиналниот документ е додаден текст во ракопис кој е нечитлив.

на болница. Штом Ангелков пристигне во оваа држава, оваа канцеларија ќе биде веднаш известена.

Македонскиот клуб Балкан во Аделаида е раководен од извесен Стефанос Никол ЛАЗЕНКАС. Клубот бил создаден околу 1940 година и во текот на војната имаше околу 50 членови. Кога војната заврши членството се зголеми на 150. Членството се состои од неколкумина Југословени и Грци, но доминираат Бугари. Од актуелните членови, колу 90 проценти од нив имаат комунистички тенденции. Овие луѓе се предводени од Ставрос ПАПАВАСИЛУ кој е познат на оваа канцеларија како активен комунист. Тој нема никаква професија, живее од продавање и дистрибуција на комунистичка литература.

Што се однесува до Македонскиот народен сојуз на Австралија, изгледа дека дефинитивно не постојат ниту активности, ниту, пак, активно тело во оваа држава, меѓутоа претходно спомнатиот клуб покажува интерес во врска со оваа организација. Членовите на локалниот македонски клуб се воглавно одгледувачи на градинрски производи и работат во руралните средини. Повеќето од нив се во добра финансиска ситуација. Освен Папавасилу, поголемиот дел од нив се неписмени и необразовани.

Иако македонскиот Балкан е именуван како клуб, членовите не плаќаат влезници, туку ги користат просториите и како место за средби и како клуб за забава. Во просториите е поставена маса за билијард на која членовите може да одиграат некоја игра, наводно бесплатно бидејќи клубот нема лиценца, но всушност се наплаќа по 6 шилинзи за секоја одиграна игра. Дополнително, се служат безалкохолни пијалоци за кои треба да се плати. Профитот од овој таканаречен клуб оди кај Лазенкас, кој, во суштина, не е многу комунистички настроен.

Во прилог на овој документ е прикачен еден циркуларен допис на грчки јазик кој беше добиен од просториите на клубот. Јас не успеав да го преведеам во оваа држава бидејќи начинот на кој го добив дописот би можел да го посрамоти мојот информатор. Наводно, се претпоставува дека е копија од комуникација меѓу Лондон и Сиднеј од 21 октомври 1945 година. Според спроведената истрага во оваа држава изгледа дека дефинитивно извесен Станатиос ЈЕЛЕНЦАС, секретар на Грчкиот морнарски сојуз во Сиднеј, е личноста која е одговорна за печатење и дистрибуција на овие брошури, заедно со извесен Анастасиос ВАСИЛОПУЛОС, кој има слична позиција во

Њукасл. Од натамошната истрага, многу е веројатно дека овие двајца луѓе веќе ја напуштиле Австралија. Јеленцас веројатно е во Англија.

Утврдено е дека на улица „Кастелриг" бр. 216а, Сиднеј, каде што е лоциран клубот Атена, постои просторија на горниот спрат во која се одржуваат комунистички состаноци. Овие средби, како што сум информиран, се посетени најмногу од Македонците. Оваа информација, сепак, несомнено му е веќе позната на заменик-директорот во Сиднеј, но Ви ја препраќам за да бидете запознати, затоа што информацијата беше добиена локално од еден капетан кој честопати ги слушал членовите на неговиот екипаж како зборуваат за овој клуб и за неговите активности.

Погоре спомнатата организација ќе биде под надзор и доколку се случат какви било промени ќе бидете соодветно известени.

Е. ХАТАМ
заменик-директор

---

Телефон Б 4650
Телеграф:
Пренатено, Перт — З.А.[47] 21026
ФГ. ХГ.

**АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ**
бр. А 881

Фах бр. Ц. 138,
Главна пошта
Перт

МЕМОРАНДУМ:

До Извршниот директор,
Истражен оддел на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А.Г.Т.

13 декември 1946 година

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Како дополнување на мојот меморандум од 21 ноември 1946 година, во врска со погоре спомнатата организација, Ви препраќам копија од транскриптот од радиоемисијата која беше емитувана на

[47] Западна Австралија.

Станицата *6КУ*, Перт, од г. Велиовски[48] од името на Македонскиот народен сојуз.

Се претпоставува дека личноста која зборувала има македонско потекло, и имајќи го предвид невообичаеното име, беше спроведена истрага за да биде идентификуван. Резултатите до кои дојдовме укажуваат дека неговото вистинско име е Михаил Хелиопулос, роден во Костур, Грција, на 25 август 1924 година. Тој пристигнал во Австралија со „Есквилино“[49] на 14 јули 1935 година и станал натурализиран британски државјанин во септември 1942 година каде што според неговиот сертификат за натурализација, името на неговиот татко е Константин Павлу Хелиопулос. Тој сега е познат као Мајкл Елиот.

Натамошна истрага, исто така, беше спроведена во врска со весникот на Организацијата, „Искра“.

Не постои никаков податок за регистрација на весникот по основ на ниту еден државен закон. Информиран сум дека регистрацијата не е задолжителна доколку публикацијата се печати двапати во 26 денови. Утврдено е од страна на Раководителот на поштите од Главниот оддел, дека било поднесено барање за регистрање на списанието за дистрибуција како весник од страна на претставник на Сојузот. Барателот бил информиран дека доколку весникот се печати на странски јазик, неговата регистрација не би можела да се ефектуира сè додека не биде обезбедена дозвола за печатење списание на странски јазик.

Активностите на Сојузот и понатаму се внимателно следени, и ќе бидат испраќани извештаи одвреме-навреме.

Џ. АДАМС
заменик-директор

---

Од М. Велиовски
11 декември 1946 година

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Македонскиот народен сојуз на Австралија е неполитичка, несеционистичка и непартиска организација.

[48] Се однесува на Мик Веловски. Во документите на АСИО презимето понекогаш се појавува како Велиовски, понекогаш како Веловски. Со цел да се запази автентичноста на документите, редакторите одлучија да ја користат формата на презимето која се наоѓа во оригиналниот документ.
[49] Име на брод.

Сојузот беше формиран од Македонците низ Австралија, организиран во ограноци со едно контролно тело во Перт. Како што е добро познато Македонија е земја која сè до Втората светска војна беше поделена меѓу трите балкански држави, Југославија, Бугарија и Грција. Ова беше направено во 1919 година на Париската мировна конференција[50], каде што Сојузниците победници, Британија, Америка и Франција го раскинаа живото тело на нашат земја на три дела. Ова беше направено единствено да ги задоволат сопствените балкански сателити, имено Грција, Бугарија и Југославија. Би можеле да се запрашаме зошто тие ѝ дадоа дел од нашата земја на нација која неколку години во текот на последната војна беше сојузник на Германија и тврдоглав непријател на Сојузниците. Одговорот е ваков, тие не ѝ дозволија на нашата „Македонија“ самоуправување и признавање на нашата земја како слободна и независна држава.

Тие оставија голем дел од нашата земја во бугарски раце за нашите луѓе да бидат експлоатирани од страна на тогашната бугарска фашистичка влада која беше поддржана од Америка, Британија и Франција за да ги задоволат своите потреби. Што се однесува до деловите кои им беа дадени на Грција и Југославија, според одлуките од Париската мировна конференција во 1919 година, требаше да му се даде целосна слобода на македонското малцинство, односно слобода на говор, слобода на културен живот и слобода на верување, но овие демократски права беа целосно укинати за нашиот македонски народ од страна на фашистичките влади на Југославија и Грција. Треба да се забележи дека овие влади беа поддржани од страна на Сојузниците победници во последната војна. Треба да се истакне дека дури и денес се случува истото во Грција каде што Британија ја поддржува вистинската фашистичка влада која ги тероризира нашите луѓе многу повеќе отколку било кога во човековата историја.

СЛУШАТЕЛИ, ОВА Е ТОЧНО и дури и актуелните членови на Британската лабуристичка партија го потврдија истото, дека Грција е дефинитивно држава која е под контрола на фашистите.

Писмата кои ги добиваме од нашите луѓе известуваат дека актуелниот грчки фашистички режим ги надминал тортурите кои биле правени од страна на Турците. Актуелниот грчки фашистички режим најенергично ги прогонува нашите луѓе.

[50] Македонија била поделена на Букурешката мировна конференција. Поделбата практично била потврдена на конференцијата во Париз.

Во 1945-46 година крвожедниот генерал Метаксас[51] изврши државен удар и ја презема власта во Грција.[52] Кралот беше донесен од егзил. Ова беше направено без да бидат прашани Грците, ниту, пак, нашите поробени луѓе. Истото повторно се случи во Грција. Кралот беше донесен назад во Грција на наместени избори на кои луѓето беа принудувани со оружје да гласаат за кралот. Како што е наведено во писмата кои се испратени од нашите луѓе, многумина од оние што не гласаа за враќање на кралот беа испратени во егзил или во затвор. Ние добивме писма кои доколку бидат прочитани од демократските Австралијанци би им се згрутчила крвта од ужасите кои им се прават на нашите луѓе. Во нашиот регистриран весник „Искра“[53] се објавени фотографии од мали деца и возрасни луѓе кои се на седумдесет годишна возраст како биле протерани за мали прекршоци и многумина други без никаква причина.

Актуелниот грчки фашистички режим уште еднаш се обидува да го хеленизира нашиот херојски македонски народ. Турците не успеаја да го скршат духот на нашиот народ кој издржа 560 години тортура и прогони. Оттука, актуелниот грчки фашистички режим е осуден на неуспех бидејќи духот на нашиот народ никогаш не бил скршен, ниту, пак, некогаш ќе биде.

Нашиот македонски народ посакува смрт на ропството и, ние Македонците во Австралија, како и сите Австралијанци, мислам дека го посакувам истото. Смрт на ропството се случува во овој момент дома од страна на нашите херојски браќа. Меѓутоа тукашниот печат ги окарактеризирува нашите храбри борци како бандити и гангстери, нешто што е дефинитивно лага и клевета за нашите херојски демократски борци во нашата земја. Веројатно весниците се обидуваат да ја скријат вистината од демократскиот австралиски народ за вистинските настани во нашата македонска земја. Ние им пристапивме со факти на неколку весници за случувањата во нашата земја, но тие одбија да ги објават.

Неодамна, ова се случи пред неколку месеци, еден австралиски весник ја посвети првата страница на Италијанците кои се бореа

[51] Јоанис Метаксас (1871 - 1941), грчки офицер и политичар, премиер на Грција во периодот меѓу 1936 и 1941 година. По преземањето на власта вовел диктатура која била авторитарна, националистичка и анти-комунистичка, особено насочена против македонското население во егејскиот дел на Македонија.
[52] Погрешен податок. Јоанис Метаксас ја презел власта во Грција во 1936 година.
[53] Подвлечено со црвено во оригиналниот документ.

против нас во оваа војна[54]. Написот се однесуваше на повторното отворање на Италијанската куќа. Вие можете да сфатите колку е тоа разочарувачки за повеќето од нас Македонците кои се вклучивме во составот на австралиските трупи и се боревме против фашистичкиот непријател и сепак весниците им даваат приоритет на фашистите во однос на нашата итна потреба да му ги посочиме на австралискиот народ вистинските страдања на нашите луѓе дома. Ние сме хендикепирани поради неможноста да му ги изнесеме преку весниците на австралискиот народ фактите за вистинската состојба во нашата земја. Македонско-австралискиот народен сојуз ќе продолжи да прави притисок за објавување во весниците, како и преку написи во нашиот весник за да му дадеме секому јасна слика за состојбата во Македонија под грчкиот фашистички режим.

Нашиот народ нема да ги толерира насилниците кои владеат со Грција и оние што вршат тортура и ние сме сигурни дека не е далеку денот кога тие [Македонците – заб. ред.] ќе дишат слободно, ќе зборуваат слободно, ќе веруваат и ќе ги уживаат сите вистински демократски слободи како вистински човечки суштества.

Пред да завршам, би сакал да напоменам дека македонскиот пикник ќе се одржи на 29 овој месец[55] на 26$^{та}$ милја, Ванеру. Сите се добредојдени. Транспортот ќе тргнува меѓу 9 и 9:45 на аголот меѓу улиците Вилијам и Џејмс, Перт.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 9-18.

---

[54] Се однесува на Втората светска војна.

[55] Имајќи предвид дека текстот бил објавен во октомврискиот број на весникот „Словенски преглед“, веројатно се однесува на октомври.

# 4

# Допис од Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со дејствувањето на Кирил Ангелков, 17 декември 1946 година

В/41758. К.

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телефон
Централа 2440
Телеграфска адреса
Проследено
Поштенска адреса
Фах 485 Г, Ц. П. О. Мелбурн
АЕО/ИА

Главен истражен оддел
Истражен оддел
157 123 Флиндерс лејн, Мелбурн
17 декември 1946 година

ДОВЕРЛИВО

До заменик-директорот,
Истражен оддел на Комонвелтот,
СИДНЕЈ, Н. Ј. В.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Извршниот директор, во доверливата комуникација од 12 ноември 1946 година, известува за намерата на Кирил Васил АНГЕЛКОВ да отпочне организирана тура по источните држави [на Австралија – заб. ред.] со цел воспоставување ограноци на погоре спомнатата Организација.

Се претпоставува дека и Вие имате добиено исто известување, па оттука би сакал да Ве известам дека АНГЕЛКОВ пристигна во Мелбурн минатиот четврток. Средба со македонската заедница беше одржана во неделата кога и беше формиран огранокот во Викторија

Господин АНГЕЛКОВ, сум информиран, ќе замине во Сиднеј следната среда, но не успеав да дознаам со какво превозно средство има намера да патува.

Д. А. Александер,
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 19.

# 5

# Кореспонденција меѓу Е. А., офицер за истраги, Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн и Извршниот директор на АСИО во Канбера во врска со создавањето на македонскиот клуб „Гоце Делчев“ во Мелбурн и формирањето огранок на Македонскиот народен сојуз на Австралија во Викторија, 18 декември 1946 година

B/41758. К.

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телефон
Централа 2440
Телеграфска адреса
Проследено
Поштенска адреса
Фах 485 Г, Ц. П. О. Мелбурн
ДАА/ИА

Главен истражен оддел
Истражен оддел
1 спрат, Самит хаус
157 123 Флиндерс лејн, Мелбурн
18 декември 1946 година

ДОВЕРЛИВО

До Извршниот директор,
Истражен оддел на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А. Г. Т.[56]

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Во прилог, поврзано со вашиот доверлив меморандум бр. 704 од 12 ноември 1946 година, е извештај кој е составен од страна на А. Е., офицер за истраги кој се однесува на создавањето огранок на МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА во Викторија.

Д. А. Александер,
заменик-директор

[56] Австралиска главна територија.

АЕО/ИА

В/41758.К

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ИЗВЕШТАЈ

Предмет: МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

До заменик-директорот

Како што е побарано од страна на Извршниот директор во неговиот доверлив меморандум бр. А. 704 од 12 ноември 1946 година, би сакал да Ве известам дека беа спроведени истраги во врска со создавањето огранок на погоре спомнатиот Сојуз во оваа држава.

Во 1942 година Сесловенскиот сојуз „Единство“ беше формиран во оваа држава со адреса на ул. Јанг, бр. 52, Фицрој. Секретарот на оваа организација беше г. ДУБКО од Јужен Мелбурн, а извесен ПЕТРИЧ претседател, и Илија ФЛАВОВ, благајник. Сојузот се состануваше периодично и на таквите состаноци присуствуваа претставници на словачката, југословенската, руската, чешката и македонската заедница. Целите и начинот на дејствување на оваа Организација никогаш не беа вистински дефинирани, но тие се трудеа да помогнат во војната, собираа средства за патриотски цели и успеаја во намерата да соберат голема сума средства за да набават волна за Русија. Во текот на посетата на руските бродови во Мелбурн тие ги пречекаа морнарите на прием во Палмс, на авенијата Александра.

Погоре спомнатиот сојуз немаше поголем успех, состаноците беа слабо посетени. Потоа, со создавањето на Цивилните конструкциски трупи, некои од активните членови беа повикани за да служат, и активностите на сојузот целосно спласнаа.

Пред неколку недели македонското братство во Мелбурн формираше Организација која се вика Клуб ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН[57], со следниов Устав:

1. Името на клубот е Гоце Делевен.[58]
2. Клубот претставува социјална и културна организација, тој е неполитички и несеционистички.
3. Целите на клубот се:

[57] Погрешно име во оригиналниот документ. Името на организацијата било Гоце Делчев.
[58] Погрешно име во оригиналниот документ. Се однесува на Гоце Делчев.

а) Да ја промовира културната и социјалната благосостојба на М. Н.[59], т.е. на оние што имаат македонско потекло и се домицилни во Државата Викторија.
б) Да промовира пријателство, подобро разбирање и соработка меѓу македонскиот и австралискиот народ.
в) Да инспирира и да промовира хармонија и соработка меѓу Македонците и сојузничките народи.
г) Да испраќа морална и материјална помош за луѓето во Македонија и, исто така, да ја јакне нашата лојална посветеност кон Австралија како држава која нè прифатила.
д) Да соработува со сите патриотски и добротворни организации во Викторија за доброто на австралискиот народ.

СЕДИШТЕ НА КЛУБОТ

За да се постигат овие социјални, културни и патриотски цели, раководството на КЛУБОТ ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН има овластување:

1. Да обезбеди преку изнајмување, лизинг или, пак, да купи соодветен простор кој би содржел сала за социјални настани, кујна и простории за канцеларии, библиотека, читална и просторија за пишување, како и неопходниот намештај.
2. Да обезбеди лиценца за служење оброци за сите членови на клубот и нивните пријатели.
3. Да обезбеди едукативни книги и весници на англиски и на македонски јазик во библиотеката.
4. Да организира редовни социјални и танцувачки настани со цел собирање средства за одржување на клубот и финансиска поддршка за патриотските фондови за Македонија и Австралија.
5. Да организира во континуитет едукативни предавања.
6. Да организира вечерни предавања, изучување на англискиот јазик, на австралиската историја, на обичаите, на културата, уметноста и традицијата, се со цел да им се овозможи на сите Македонци да бидат приспособени граѓани на Австралија.
7. Да организира предавања на словенски јазици.
8. Да формира македонски оркестар, хор и традиционален ансамбал со цел учество на јавни настапи.
9. Да ги покани и поттикне австралиските пријатели да присуствуваат на настаните на клубот со цел промовирање на заедничкото пријателство и разбирање, како и да добијат дополнително знаење за нашата земја.

[59] Македонскиот народ.

ЧЛЕНОВИ

Секој Македонец или, пак, роден во Австралија кој има македонски родители и кој ги прифаќа целите на клубот ги исполнува условите за членување во клубот.

ЧЛЕНАРИНА

1. За мажи над 21 година ........................................... 1 фунта годишно
2. За дами над 21 година .................................... 10 шилинзи годишно
3. Членарина за млади момчиња и девојчиња од 16 до 21 година ........................................................................ 6 шилинзи годишно
4. Членарините може да се платат шест месеци однапред.

УПРАВЕН КОМИТЕТ НА КЛУБОТ

Работата на клубот ќе биде раководена од комитет кој ќе се состои од:

а) Претстедател на клубот
б) Потпретседател
в) Секретар и благајник
г) Ревизори

ГЛАСАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ

1. Секој член ќе има по еден глас.
2. Ниту еден член не би можел да гласа на кое било генерално собрание доколку неговата или нејзината членарина не е платена.
3. Гласањето може да биде лично или преку застапник.
4. Застапникот мора да биде назначен во пишана форма и мора да биде член на клубот.

ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ

а) Седумдневна претходна најава во која ќе бидат посочени денот и часот на средбата и, исто така, генерален опис на работната агенда, треба да бидат доставени до членовите.
б) какво било отсуство на членовите или, пак, игнорирање на поканата нема да го нарушат процесот на одржување на собранието.
в) Ниту една одлука нема да биде донесена на кое било генерално собрание доколку нема кворум од присутните членови. Педесет присутни членови претставуваат кворум.
г) Претседателот на клубот, или во негово отуство, потпртседателот на клубот или во случај на отсуство на двајцата, член на клубот кој би бил избран на собранието, треба да претседава со таквото генерално собрание.

д) На секое генерално собрание или, пак, собрание на комитетот предлог или резолуција кои ќе бидат ставени на гласање пред членовите на собранието ќе биде гласани на начин со кревање раце освен во случај кога ќе биде побарано тајно гласање од најмалку пет присутни членови. Доколку тајно гласање е соодветно побарано тоа треба да биде спроведено на начин на кој претседавачот ќе одреди.
ѓ) Во случај на еднакви гласови, претседавачот ќе добие право на уште еден глас.

ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

1. Генералното собрание на клубот ќе биде одржано двапати годишно и не подоцна од 12 месеци од последното генерално собрание. Во контекст на прифаќање на сметките и актуелната финансиска состојба, одлучуваат благајникот, ревизорот и избраните членови на новиот комитет.
2. Управниот одбор може во секое време, во кое смета дека е неопходно, да организира вонредно генерално собрание, како и во случај кога, од страна на шеесет членови кои би имале 12-месечно непрекинато членство, би било побарано во писмена форма, - одржување вонредно генерално собрание.

ОБВРСКИ И НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИТЕТОТ

1. Управниот одбор ќе ја спроведува целата надлежност на клубот, т.е. со одобрение на членовите на клубот и назначување секретар и благајник.
2. Комитетот ќе води белешки за:

а) Сите назначувања на претставници кои се спроведени од Комитетот.
б) Имиња на членовите кои се присутни на секое собрание.
в) Сите резолуции и заседанија на сите средби на клубот и на комитетот.
г) Членовите на управниот одбор може да ги организираат своите состаноци како што мислат дека е соодветно; прашањата кои ќе се поставаат на состаноците ќе бидат одлучени со мнозинство гласови.
д) Неопходниот кворум за донесување на одлуките на одборот треба да биде одреден од страна на одборот, но бројот на членовите кои го сочинуваат кворумот не треба да биде помал од три.
ѓ) Управниот одбор може да делегира што било од неговите надлежности на јавниот одбор или на кој било друг одбор кој ќе го формира за спроведување на тие надлежности, и кој ќе ги прифати сите одлу-

ки и насоки кои ќе му бидат доделени од страна на управниот одбор.
е) Секое отсуство од одборот може да биде привремено пополнето со одлука на одборот сѐ до моментот додека не се избере друг член.
ж) Клубот има право со одлука да отстрани од позиција кој било член на одборот.

СМЕТКИ И РЕВИЗИЈА

1. Управниот одобор ќе води сметководствени записи за сопствената сметка во кои ќе бидат во детали наведени сумите и трансакциите на клубот.
2. Реномирани ревизори ќе бидат назначени и одборот ќе изготвува печатени финансиски извештаи во кои ќе биде наведена тековната состојба и ќе ги изнесе пред редовното годишно осбрание.
3. Сите чекови и хартии од вредност ќе бидат потпишани и реализирани од името на клубот од страна на претставници кои ќе бидат назначени од страна на управнот одбор.
4. Банката на клубот е „Комонвелт банката на Австралија“.

ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ

а) Секој член има обврска да помога и да ги спроведува целите и задачите на клубот.
б) Секој член треба да се воздржува од користење несоодветен јазик во просториите на клубот и да покаже највисока почит кон спротивниот пол.
в) Секој член треба да влегува во просториите на клубот соодветно облечен; да ја извади својата капа при влегување.
г) Секој член треба да покаже почит и братска љубов кон сите Словени и нивните австралиски пријатели, без разлика на тоа дали тие практикуват римокатоличка, православна, муслиманска, еврејска или протестантска вероисповед.

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ

1. Секој член чиешто однесување ќе биде сметано и докажано како непримерно во реализацијата на целите на клубот, би можел да биде повикан да го прекине своето членување во клубот. Доколку членот го одбие тоа барање тој може да биде исклучен од членството со одлука на управниот одбор.

РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА КЛУБОТ

Во случај на престанок на постоењето на клубот, средствата на клубот, откако ќе бидат подмирени сите обврски, треба да бидат рас-

пределени согласно со одлуката на мнозинството на членови кои ќе бидат присутни на генералното собрание.

ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛАТА

Овие правила и истакнување на целите може да бидат изменети со мнозинство гласови од членовите на генералното собрание за што членовите ќе бидат запознаени во писмена форма еден месец пред одржувањето на средбата.

---

Набрзо по формирањето на погоре спомнатиот клуб организаторите добија писмо од г. АНГЕЛКОВ од Западна Австралија во кое тој ги информираше дека има намера да организира една тура по Комонвелтот за создавање ограноци на Македонско-австралискиот народен сојуз. Оваа информација беше проследена до членовите на Извршниот комитет и беше одлучено да се причека пристигнувањето на г. АНГЕЛКОВ пред да биде спроведено гласањето за приклучување кон сеавстралиската организација. Господин АНГЛЕКОВ пристигна во Мелбурн минатиот четврток и во неделата беше одржан состанок на улицата „Јанг", бр. 52, во Фицрој, на кој беше донесена одлуката да се приклучат кон организацијата од Западна Австралија; оттука КЛУБОТ ГОЦЕ ДЕЛЕНЕВ[60] сега станува огранок на Сојузот во Викторија. Раководните лица во огранокот во Викторија се следниве:

| | | |
|---|---|---|
| Претседател | - | Борис ДЕМИРОВ (ДЕМИР). |
| Благајник | - | Пол СТИВ, 314 Монт Алберт роуд, Сурej Хилс. |
| Секретар | - | Елија ФЛАВОВ, улица Махони, бр. 7, Фицрој. |
| Комитет | - | Џон ПАНЏАРОВ, улица „Јанг", бр. 87, Фицрој. |
| | | П. ПАПАРНАНИС, улица Монтег, бр. 354, Алберт парк. |
| | | Стив РАТСКА, улица Хај, бр. 1052, Армадејл. |
| | | Д. СИМОНОВ, улица Флиндерс, бр. 227, Мелбурн. |

Огранокот во Викторија го прифати Уставот кој беше предложен од страна на огранокот во Западна Австралија на МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА, чии сегменти се следниве:

ИМЕ

1. Името на организацијата ќе биде Македонски народен сојуз на Австралија.
2. Македонскиот народен сојуз на Австралија нема никаква желба или намера да потисне или замени која било владина или јавна

[60] Погрешно име во оригиналниот документ. Се однесува на Гоце Делчев.

институција, ниту, пак, која било индустриска или економска организација на австралискиот народ.

3. Македонскиот народен сојуз на Австралија е непартиска, несеционистичка организација која како своја основна цел има да ги организира Македонците во Австралија за да се грижат за нивните потреби и проблеми преку:

а) создавање центри за лични контакти и културен развој.

б) да работи на подобро разбирање и единство меѓу Македонците и австралискиот народ. Да ги приспоби [Македонците – заб. ред.] како демократски граѓани и да ги поттикнува да се зачленуваат во синдикални организации, земјоделски организации и други институции на австралискиот народ и да им помогне да ги исполнуваат нивните обврски кон овие институции.

в) да помогне на движењето за демократска слобода на македонскиот народ и да ги издигнува идеалите за меѓународно братство и народна демократија.

4. Централата на Сојузот ќе биде лоцирана во Перт или во кое било друго место за кое ќе одлучи Националниот комитет на неговата Конференција како главен град.

<u>СОСТАВ</u>

5. (а) Македонскиот народен сојуз на Австралија е составен од локални огранoци, клубови и други македонски организации во Австралија, чиишто цели и интереси не се во колизија со оние што се наведени во овој Устав и кои се прифатени од страна на Сојузот со одлука на Конференцијата на Националниот комитет меѓу националните конференции и кои имаат не помалку од седум членови.

   (б) Македонскиот народен сојуз има свој Национален комитет и Надзорен комитет кои се бираат од членовите кои плаќаат членарина на Сојузот секоја година.

   (в) Со одлука на Конференцијата на Националниот комитет и во договор со локалните огранoци за прашања од локален карактер, може да бидат формирани обласни комитети кои ќе бидат составени од претставници на огранoците и кои ќе имаат задача да ја координираат и раководат работата на тие огранoци со Националниот комитет.

## КОНФЕРЕНЦИЈА

6. (а) Врховно тело на Македонскиот народен сојуз е неговата Конференција, која би требало да се одржува, доколку е можно, секои три години и чиешто одржување е доверено на Националниот комитет со одобрение на мнозинството ограноци.

(б) Конференцијата се состои од избрани делегати од локалните ограноци, додека секој огранок има право да испрати тројца делегати кои ќе ги имаат сите права, освен правото на глас.

(в) Правото на глас му припаѓа на оној делегат или оние делегати кои се избрани од огранокот, додека секој огранок кој се состои од 7 до 30 члена има право на еден глас, како и дополнителен глас за секои дополнителни 30 членови, но не повеќе од 5 гласа вкупно. Бројот на членовите се одредува според плаќањето на членарината и процентот кој се насочува кон Националниот комитет, не подоцна од три месеци пред одржувањето на Конференцијата.

(г) Членовите на Националниот комитет и Надзорниот комитет имаат право да присуствуваат на Конференцијата и ги уживаат истите права како делегатите освен правото на глас, додека претседателот, секретарот и благајникот ги уживаат сите права, како и правото на глас.

(д) Телото кое ја организира Конференцијата ќе ја поднесе агендата на таа Конференција која ќе биде прифатена или одбиена од страна на мнозинството организации кои се во составот на Сојузот.

(ѓ) Конференцијата има надлежност да ги дискутира сите активности на Сојузот, неговите органи или ограноци; да ги планира идните активности и да донесува резолуции; да одлучува за бројот на членови во Националниот комитет и во Надзорниот комитет и нивната распределба по области; да го определува бројот на службениците и нивните плати; да исклучува или да прима ограноци на Сојузот во Сојузот; да решава недоразбирања и да носи одлуки за печатење органи на организацијата.

## НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ

7. (а) Националниот комитет е врховен орган на Сојузот меѓу Конференциите и негова задача е да ги спроведува одлуките кои се донесени на Конференцијата во духот на Уставот и на Конфе-

ренцијата; да овозможи помош и поддршка за раководството на локалните ограноци; да интревенира и да разрешува недоразбирања и други прашања и задачи кои се посебно нагласени во овој Устав.
(б) Националниот комитет се состои од службеници, претставнции во ограноците, и по една претставничка на жените и еден претставник на младината; вкупниот број треба да биде одреден на Конференцијата, кој, сепак, може да се измени од страна на мнозинството на ограноците кои имат мнозинство на членови со предлог на Националниот комитет или, пак, од една четвтртина од припоените ограниоци. Доколку централата на Националниот комитет биде префрлена во друга област, таа област би избрала четворица членови, како и членовите на Надзорниот комитет.
(в) Изборите ќе се одржуваат секоја година меѓу септември и декември и секој член кој плаќа членарина и има наполнето 18 години и има право на глас, на овој начин ќе ги избере службениците во Националниот комитет, претставничките на жените и членовите на Надзорниот комитет, додека членовите на различните ограноци ќе ги изберат своите претставници на ограноците; но единствено членовите на младинските секции или младите членови на организацијата ќе ги изберат своите младински претставници.
(г) Изборите ќе бидат спроведени со тајно гласање на листови хартија, листови кои мора да ги содржат имињата на сите кандидати кои се номинирани на која било функција по азбучен ред. Секој гласач ќе стави крст, напишан со мастило, пред името на секој од кандидатите кој тој посакува да биде избран.
(д) Кандидатоте се номинирани од страна на ограноците на Сојузот со мнозинство гласови на нивните редовни состаноци и ќе го известат избирачкиот одбор за таквите номинации, при што секој огранок има право да номинира еден кандидат за секоја позиција на службеник, за женски претставник, како и за претставник на нивната област, додека младинските организации имаат право да номинираат младински кандидати.
(ѓ) Гласачките листови ќе бидат подготвени од страна на избирачкиот одбор и ќе бидат потпишани од страна на претседателот на избирачкиот одбор и од страна на секретарот на секоја од организациите со нивниот печат, и таквите гласачки листови ќе им бидат дадени единствено на членовите кои плаќаат членарина,

врз основа на покажување на нивните членски карти; тие членови мораат да го потврдат приемот на гласачките ливчиња со нивен потпис на посебен формулар. Овој формулар мора да му биде вратен од секој секретар на избирачкиот одбор пред датумот кој ќе биде одреден како конечен и ќе бидат прифатени само толку гласови колку што ќе бидат депонирани потписи.
(е) Гласачките ливчиња мора да бидат ставени од страна на гласачите во плик кој ќе биде затворен, со тоа осигурувајќи тајно гласање. Потоа пликот ќе му биде предаден од гласачот на секретарот.
(ж) Номинациите кои ќе бидат направени на редовните состаноци во септември мораат да стигнат до избирачкиот одбор не подоцна од дваесеттиот ден во месецот. Избирачкиот одбор треба да испрати гласачки ливчиња не подоцна од 20-тиот ден од следниот месец. Организациите ќе изберат комитети составени од тројца членови кои ќе ги земат гласачките ливчиња од секретарот, ќе ги пребројат гласовите за секој од кандидатите, и потоа ќе ги препратат резултатите од гласањето, заедно со гласачките ливчиња до централниот избирачки одбор не подоцна од следниот 20ти ноември; и централниот избирачки одбор ќе ги соопшти резултатите од гласањето не подозна од 20ти декември. Испраќањето на сите гласачки ливчиња треба да се врши преку регистрирана пошта.
(з) Новоизбраниот комитет ќе стапи на должност и ќе дејствува од 31 јануари натаму.
(ѕ) Приговор во однос на изборите поради нерегуларност би можел да се вложи со мнозинство гласови од секој од ограноците и тој приговор, заедно со објаснување од централниот избирачки одбор и од избирачкиот одбор на областа ќе бидат поднесени пред одборот на соодветната област, а потоа пред организацијата во таа област и приговорот ќе биде прифатен или отфрлен; доколку се именувани лица на тие позиции, за тие позиции ќе бидат спроведени нови изобри и ограноците ќе имаат право да побараат и да изберат нов избирачки одбор.
(и) Ограноците имаат право да го отповикаат секој член на Националнот комитет, или на Надзорниот комитет, во кое било време меѓу два избори. Секој огранок со мнозинство гласови има право да отповика кое било назначено лице или, пак, претставник во

женската секција. Во случај кога ќе биде отпочната постапка за разрешување на избраното лице во Националниот комитет или, пак, во женската секција, приговорот ќе биде испратен до сите ограноци и доколку е прифатен од страна на мнозинството од ограноците со мнозинство од членовите, позицијата тогаш ќе се смета за испразнета сѐ додека предлогот за повлекување на претставникот на областа не биде ставен на разгледување пред соодветната област и не биде усвоен или одбиен од мнозинството на ограноци и мнозинството членови на таа област.

(ј) За сите испразнети позиции во Националниот или Надзорниот комитет ќе бидат организирани нови избори најдоцна во рок од еден месец по испразнувањето на позицијата и секоја позиција треба да биде пополнета најдоцна два месеци од денот кога е испразнета.

## НАДЗОРЕН КОМИТЕТ

8. (а) Задачата на Надзорниот комитет е да надгледува дали Националниот комитет ќе ги извршува коректно и совесно своите обврски; да го надгледува финансирањето на Националнот комитет и да ги проверува сметководствените книги еднш месечно или, пак, кога ќе се смета за пожелно. Националниот комитет треба да биде известен три дена пред да бидат преземени таквите чекори; еден члн на Надзорниот комитет треба да биде присутен на секој состанок на Националниот комитет со право да земе учество во дискусиите.

б) Во случај на губење доверба на Националниот комитет, Надзорниот комитет треба да ги извести засегнатите ограноци и треба да ја спорведе одлуката на мнозинството ограноци.

## ЛОКАЛНИ ОГРАНОЦИ

9. (а) Сите ограноци кои членуваат во овој Сојуз имаат право да изберат свое име и свои внатрешни права и прописи доколку тие права и прописи не се во колизија со правата и правилата на овој Устав.

(б) Во врска со жените, ќе бидат формирани посебни женски секции кои самостојно ќе одлучуваат во врска со нивните активности, но ќе дејствуваат во соработка со локалниот огранок и ќе одржуваат котакти со Националниот комитет; секоја жена која е

член може да учествува во активностите и одлуките на нејзиниот локален огранок.

(в) За младите ќе биде формирана посебна младинска секција која ќе може да дејствува самостојно, но во соработка со локалниот огранок; членовите на младинската секција имаат прво слободно да соработуваат со секоја австралиска демократска младинска организација и нивните задачи се исти како што е наведено во овој Устав.

(г) Локалните ограноци можат да ја поделат нивната работа во различни секции, како на пример драмска секција, оркестар, спортска секција и така натаму, и секоја од секциите ќе има свој раководител, но таквите локални комитети во огранокот се во целост приклучени и подредени во целост на локалниот огранок.

## ЧЛЕНСТВО

10. (а) Секоја личност која има македонско потекло или потекнува од Македонци, која го прифаќа овој Устав и чиишто активности или активности на друга организација во која членува не се во судир со принципите на овој Устав или со интересите на австралискиот или македонскиот народ, може да биде член на овој Сојуз или на неговите ограноци.

(б) Членувањето се добива преку поднесено барање до локалниот огранок и за членувањето се одлучува на редовен состанок од страна на мнозинството.

(в) Секоја личност чиешто барање за членство е одбиено има право да поднесе приговор до Националниот комитет или Конференцијата, и нивната одлука е конечна.

(г) Членувањето е уредено на следниов начин: членувањето за возрасните е можно за двата пола на возраст над 18 години, но доколку постои младинска секција лицата кои имаат меѓу 14 и 22 години добиваат право на младински членови: децата кои се под 14 годишна возраст може да станат членови на пионерската организација.

## ЧЛЕНАРИНА

11. (а) Членарината се собира од локалниот огранок, од која едната половина се испраќа на Националниот комитет во рок од три месеци, од каде едната половина на таа половина се испраќа на обласните комитети; втората половина останува кај локалниот огранок.

(б) Возрасните членови плаќаат 2 фунти за приклучување и 2 фунти месечно доколку тој или таа се во работен однос или, пак, доколку раководниот комитет на огранокот ја смета неговата/нејзината финсансика состојба добра.
(в) Невработени или болни членови плаќаат 1 фунта за приклучување и членство во висина од 3 шилинзи додека се на боледување или, пак, се невработени.
(г) Жените, домаќинките и младите под 18 и над 14 годишна возраст плаќаат 1 фунта за приклучување и месечна членарина во висина од 6 шилинзи.
(д) Младите кои се на возраст под 14 години и чиишто родители имаат финансиска можност, плаќаат 6 шилинзи за приклучување и месечна членарина во висија од 3 шилинзи.
(ѓ) Членовите кои служат во воените сили плаќаат 1 фунта за приклучување и 1 фунта месечна членарина.
(е) Секој локален огранок има право, заедно со Националниот комитет, да ја зголеми месечната членарина и може да прифаќа уплата на членарина однапред, доколку огранокот го смета ова за соодветно.

ОДЛУКИ

12. Сите одлуки на овој Сојуз и на неговите ограноци се носат со мнозинство гласови на јавно гласање, освен во случај кога тоа е посебно уредено од страна на овој Устав.

ИЗВЕШТАИ

13. Локалните ограноци ќе му доставуваат редовни месечни извештаи на Националниот комитет, додека државните ограноци ќе доставуваат извештаи секои три месеци, во кои ќе бидат наведени сите донесени одлуки и спроведени активности за кои треба да бидат предмет на кореспонденција.

ПРАВА НА ЧЛЕНОВИТЕ

14. (а) Секој член на овој Сојуз и неговите ограноци има еднакви права, како и правото да зборува слободно, да се движи, да гласа и избира и да биде избран и да има придобики во рамките на членувањето од активностите и имотот на Сојузот.

(б) Членовите на младинските секции немаат право да гласаат во организацијата на возрасните.

## ОБВРСКИ

15. Обврска на секој член е да ги спороведува целосно и совесно зададените задачи и да работи на напредокот на Сојузот и на неговите цели.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ

16. (а) Правото на исклучување на членовите им е доверено на мнозинството членови на локалниот огранок доколку се докаже дека спомнатиот член дејствувал спротивно од овој Устав и неговите принципи, или, пак, материјално или морално го оштетил Сојузот или, пак, бил вклучен во опасни социјални активности.
(б) Исклучениот член има право на жалба до Националниот комитет, а потоа и до Конференцијата.
(в) Престанокот на членувањето станува ефективно со одлука на локалниот огранок кога месечната членарина не е платена во континуитет од три месеци и тој или таа не доставил/а валидна причина за неподмирувањето на тие обврски.
(г) Единствено Националниот комитет има право да исклучи член на Националниот комитет, со мнозинство гласови, доколку утврдат дека посочениот член се однесувал спротивно на Уставот и правилата и исклучувањето станува ефективно единствено доколку е поддржано од мнозинството огранoци.

## ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕ

17. Кога член ќе го промени своето живеалиште тој има полно право да го продолжи своето членување во ограноците кои се лоцирани во неговото ново место на живеење.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОГРАНОЦИ

18. Правото на исклучување на приклучените огранoци од Сојузот е право на Конференцијата на Сојузот и се носи со мнозинство гласови, како и на Националниот комитет во перидот меѓу две Конференции. Во таков случај исклучениот огранок има право да вложи жалба до Конференцијата на Сојузот. Исклучувањето се

реализира доколку дејствувањето на огранокот е во споритвност на Уставот и правилата на овој Сојуз.

РАСПУШТАЊЕ

19. Распуштањето на овој Сојуз е доделено на Конференцијата на Сојузот, и Конференцијата ќе одлучи за отуѓување на средствата, но таквото отуѓување не може да биде доделено на една индивидуа, туку на движење или организација.

РАСПУШТАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ОГРАНОЦИ

20. (а) Распуштањето на локалните ограноци е доделено на мнозинството гласови на членовите на огранокот.
(б) Распуштањето снавува ефективно кога бројот на членови ќе падне под седум (7).
(в) Средствата на распуштениот огранок преминуваат во корист на Националниот комитет и на најблискиот огранок на Сојузот сè додека не се содзаде нов огранок во таа област.

ПУБЛИКАЦИИ

21. Секој член има обврска да ги чита, унапредува и поддржува публикациите на Сојузот.

ПРОМЕНА НА УСТАВОТ

22. Целосна промена на овој Устав е право единнствено на Конференцијата, но Националниот комитет со две третини од ограноците има право да менува или дополнува делови од него.

---

Во моментов огранокот во Викторија се состои од 50 членови и неговата централа се наоѓа на улица „Јанг", бр. 52, Фицрој. Неговата единствена повцрзаност е онаа со Австралискиот словенски конгрес од Нов Јужен Велс. Основната цел на Сојузот во моемнтов е да собере средства за изградба на болница во Скопје, Македонија.

Истрагата покажа дека неколкумина од педесетте членови на Сојузот во Викторија се, исто така,  членови на Сојузот Демокритус, но организацијата не е под комунистичка контрола. Господин ФЛА-

ВОВ е сосема добра личност и Организацијата многу повеќе се занимава со социјални активности отколку со политички прашања.

Никаков печатен материјал не е подготвен од страна на Сојузот во оваа држава, но тие редовно добиваат примероци од „Македонска искра“, официјалниот орган на Македонско-австралискиот народен сојуз, кој се печати во Перт.

Активностите на Сојузот ќе бидат следени, и, доколку се смета дека е неопходно, ќе биде доставен дополнителен извештај за одредено време.

Како информација за Директорот би сакал да соопштам дека г. АНГЕЛКОВ ќе го напушти денес Мелбурн и ќе замине за Сиднеј денес, на 18$^{ти}$.

18 декември 1946 година

[нечиток потпис]

Офицер за истраги

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 20-31.

# 6

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до заменик-директорот на АСИО во Бризбејн во врска со активностите на Кирил Ангелков, 7 јануари 1947 година

ФГГ. ИБС.

Бр. 40771
117
7 јануари 1947 година

До заменик-директорот,
БРИЗБЕЈН

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Потврдувајќи го мојот телефонски разговор на истиот датум, известен сум од заменик-директорот од Мелбурн дека извесен Кирил Васил АНГЕЛКОВ е на организациска тура по источните држави на Австралија со цел да организира ограноци на погоре спомнатата Организација.

Ангелков замина за Бризбејн во саботата, на 4 јануари 1947 година.

Ф. Г. ГАЛЕГАН
заменик-директор

ГОСПОДИН БАРНЕЛ:

Дозволете ми да направам краток извештај во врска со активностите на Ангелков додека беше во Сиднеј.

Ф. Г. Г.
7 јануари 1947 година

Ангелков, како што може да информирам, немал некакви состаноци, меѓутоа често одел во Југословенскиот клуб [нечитко] и во Македонскиот клуб на ул. [нечитко] 257 [нечитко].[61]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 32.

---

[61] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

# 7

# Меморандум од Адамс, заменик-директорот на АСИО во Перт до Извршниот директор на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонскиот народен сојуз на Австралија и радиоговор на Мик Велиовски, 10 јануари 1947 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650 — ЗА[62] 21026
Телеграф — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
Проследено до Перт — Перт
Поштенска — адреса:
фах Ц 138, ГПО — 10 јануари 1947 година
Перт — А 881

МЕМОРАНДУМ:
До Извршниот директор
Истражен оддел на Комонвелтот

КАНБЕРА, А. К. Т.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Како дополнување на мојата претходна кореспонденција во врска со погоре спомнатата организација, Ви препраќам копија од записот од разговорот кој беше пренесуван на радиостаницата *6КУ*, Перт, од страна на г. ВЕЛИОВСКИ (М. ХЕЛИОПУЛОС, т.е. М. ЕЛИОТ), како и примерок од декемврискиот број на „Македонска искра".

На 29 декември Организацијата одржа пикник во Ванеру, на околу 26 милји оддалеченост од Перт и според извештаите присуствувале околу 300 луѓе. Во текот на попладневните часови биле одржани неколку говори кои главно се однесувале на предложената изградба на болница во Скопје. Беше организирана аукција на донирани

[62] Западна Австралија.

земјоделски производи или ракотворби од нивните женски членови. Исто така, беше упатен општ апел за собирање средства, па повикот и аукцијата резултираа со собирање 250 фунти.

Џ. АДАМС
заменик-директор

---

РАДИОГОВОР на М. ВЕЛИОВСКИ

8 јануари 1947 година
19:10 часот

Предмет: „МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС"

Добра вечер слушатели, вечерва од името на Македонско-австралискиот народен сојуз јас ќе зборувам за „МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС".

Македонската народна република во Федерална Југославија му даде на народот вистинска демократија. Послушајте го ова писмо кое го добивме од Скопје од 13 октомври 1946 година, чиј автор е поранешен грчки студент, кој побарал спас во слободна Македонија кога монархофашистите го протерале, заедно со неговите сонародници, да ги напуштат своите домови за да ги спасат своите животи од фашистичките бруталности. Во писмото е напишано: „Тука, оние што работат добиваат цела плата, оние што не работат не добиваат ништо. Стариот режим е мртов, заедно со паразитите кои живееја врз трудот на другите. Тука, драги браќа, народот ги носи одлуките и секој оној што сака да работи има целосна слобода. Сега можам да пишувам на мајчиниот јазик на кој до неодамна ми беше забрането да го зборувам и да пишувам на него. Оваа забрана беше применета во сите грчко-фашистички училишта. Денес ние имаме слобода и не постои никакво мешање во врска со пишувањето и зборувањето. Тука имаме широки демократски права, народна влада со народна контрола. Народот ги носи одлуките за се и неговата одлука е конечна".

Ајде сега да направиме споредба со моменталните услови во Егејска Македонија каде што фашистите имаат целосна контрола и чиишто наредби мораат да бидат извршени, во спротивно следува затвор, во концентрационен логор, на пустите острови како Фолеграндос или други во Егејското Море. Денес нашите македонски браќа и сестри се борат рамо до рамо со грчките демократи, водат херојски борби против фашистите за демократска слобода.

Неодамна еден млад човек дојде во Австралија и ни кажа дека борбата е вистинска и наликува на онаа која беше против бруталните нацисти. Овој млад човек бил заробен од германо-фашистите и фрлен во германски концентрационен логор.

Тој и илјадници други беа ослободени од ЕАМ[63] и ЕЛАС[64] кога се повлекоа нацистичките орди. Меѓутоа, со доаѓањето на монархофашистите од грчкиот кралски режим тој повторно бил фрлен во затвор, удиран и брутално тепан со кундаци од пушки. Причината за ова било тоа што фашистичката полиција дознала дека тој добил 80 долари од неговиот татко од Австралија, пари кои му ги испратил за да си го плати патот до земјата на слободата. Оваа сума му била одземена кога бил пуштен од затвор. Тој ни раскажа и јас не се сомневам во вистинитоста на неговиот исказ дека вистинската состојба во фашистичка Грција не може да биде опишана на луѓето кои живеат надвор поради строгата цензура и суровите казни кои се наменети за оние што нема да се потчинат.

Дозволете ми да ви кажам, фашизмот не се грижи за земјата и ограбувањето кое го правеа нацистите е верно копирано од страна на грчиот ученик. Земјата е целосно исчистена, апсолутно до последно. Луѓето се принудени да јадат корења, трева и кора од дрвата додека монархофашистите се даваат во луксуз. Болестите и гладот се масовни и ние кои живееме во оваа земја на слободата можеме да ја согледаме тивката злоупотреба на очајот на кои се подложени моите пријатели и роднини.

Австралијанци! Достојни наследници на борците од Еурека Стокејд[65]. Македонците кои го кренаа знамето на слободата против фашистите не се бандити, бандити се оние што премногу добро ја научија лекцијата од нивните нацистички учители и се детерминирани да ги изгаснат сите искри на слободата. Тие никогаш не можат да го направат тоа, Австралијанци кои ја сакате слободата, во вашата помош ние можеме да ја постигнеме и да ја обезбедиме безбедноста за македонските борци за слобода која беше ветена на сите оние што се здружија врз принципите кои се напишани од крв на страниците на Атлантската повелба[66].

---

[63] Националноослободителен фронт во Грција за време на Втората светска војна.
[64] Грчка народноослободителна армија.
[65] Се однесува на востанието Еурека од 1854 година во кое рударите во рудниците за ископување злато ѝ се спротивставиле на британската администрација во државата Викторија, Австралија.
[66] Документ, потпишан на 14 август 1941 година, од британскиот премиер Винстон Черчил и американскиот претседател Френклин Рузвелт во кој е наведено дека сите народи имаат право да изберат облик на владеење, територијалните промени мора да бидат во согласност со слободно изразената волја на народот и дека народите во светот треба да се откажат од употребата на сила.

Еве еден случај за кој мислам дека Австралијанците би требало да го знаат во врска со дистрибуцијата на помошта од УНРРА[67].

Во едно село дистрибуцијата на помошта е доделена на лица кои се номинирани од фашистичката влада и на една банда на трговци на црно. Ниту храна, ниту облека не е дадена сѐ додека прво не се плати. Јас ги прашувам Австралијанците, кои се сега бандитите? Додека мнозинството луѓе гладуваат, трговците на црно и нивните колеги од владата се дебелат. На пример, емигрант од Австралија кој испраќа 20 фунти до неговата жена во Грција подоцна дозна дека со тие пари таа може да купи само околу 45 килограми пченица. Не се направени никакви чекори за реконструкција, опустошувањата од војната се јасно видливи во градовите, по селата и по полињата. Но, големи суми на пари може да се видат за оружје и муниција за фашистите и сѐ додека не биде избрана народна влада, мирот никогаш нема да дојде до страдалниците, ниту, пак, ќе се случи светска реконструкција, ниту, пак, слободата која ни беше ветена со Атлантската повелба би можела да биде гарантирана сѐ додека на овој злобен фашистички режим му е дозволена да постои во сенките на планините кои го опкружуваат историскиот премин Термопили, каде што слободата ги протера персиските орди пред повеќе од дваесет векови.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 33-36.

---

[67] Специјална програма на Обединетите нации за помош и ревитализација на државите и бегалците од страдањата во Втората светска војна.

# 8

# Кореспонденција меѓу Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј, Вејк, заменик-директор на АСИО во Бризбејн и Барнел, извршен директор на АСИО во Канбера, во врска со активностите на Кирил Ангелков во Квинсленд, јануари - февруари 1947 година

АНГЕЛКОВ

Погоре именуваниот беше спомнат во претходна конверзација со заменик-директорот од Бризбејн кој сега тврди дека тој бил поврзан со Југословенскиот имигрантски сојуз.

Ф. Г. Г.

9 јануари 1947 година

До г. БАРНЕЛ

---

Бр. 40771
БС. 11Е. 1.

РМР: ЦХ.

ДОВЕРЛИВО

13 февруари 1947 година

За Директорот
Истражен оддел на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А.Г.Т.[68]

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА: ПОСЕТАТА НА КВИНСЛЕНД НА Кирик[69] Васил АНГЕЛКОВ

Во врска со Вашиот допис од 12 ноември 1946 година во врска со досиетото бр. А. 704, би сакал да Ве известам дека АНГЕЛКОВ не стори ништо спротивно на законите во оваа држава.

2. Како што може да се заклучи, АНГЕЛКОВ пристигна во Квинсленд околу 7 јануари 1947 година и замина од Квинсленд кон крајот на тој месец.

[68] Австралиска главна територија.
[69] Погрешно име во оригиналниот документ. Треба да стои Кирил.

3. Има многу малку Македонци во Бризбејн и Македонците кои живеат таму, заедно со Југословените се собираат во Народниот клуб, на улицата „Елизабет", Бризбејн, меѓутоа нема доказ дека АНГЕЛКОВ се обратил на каков било собир.

4. Имајќи го предвид малиот број Македонци во Квинсленд, изгледа малку веројатно дека тие би имале какво било големо политичко влијание во Квинсленд или во Македонија.

Р. Ф. Б. ВЕЈК
заменик-директор

До заменик-директорот
Истражен оддел на Комонвелтот,
ГПО Фах 4269 У,
СИДНЕЈ, Н.Ј.В. [70]

Препратено за Ваша информација и во врска со Вашиот Меморандум бр. 40771 од 10 јануари 1947 година[71].

Р. Ф. Б. ВЕЈК
заменик-директор

БРИЗБЕЈН
13 февруари 1947 година
7. Има [нечитко – заб. ред.] во „Македонска искра" – Види: бр. 15300/35. [нечитко – заб. ред.] во бројот од 7 [нечитко – заб. ред.][72]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 37, 38.

---

[70] Нов Јужен Велс.
[71] Подвлечено со црвена боја во оригиналниот документ.
[72] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

# 9

# Реакција на Македонско-австралискиот народен сојуз до весникот „Словенски преглед“ во врска со објавена погрешна мапа и одговор од страна на редакцијата на весникот, март - април 1947 година

A 881

До „АВСТРАЛИСКИОТ СЛОВЕНСКИ ПРЕГЛЕД“

Март – април, 1947 година, стр. 13

ДОЈДЕТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ВИДЕТЕ КАДЕ СМЕ!

До уредувачкиот одбор:

Во вашиот број од јануари – февруари, на страница 9, на мапата на која е прикажан Дунавскиот басен се вклучени сите балкански држави, со исклучок на Македонија.

Ние знаеме дека Македонија не е признаена како држава, но ние сепак сметаме дека етничките граници постојат.

Нашиот основен приговор е тоа што Грција е поставена на мапата каде што би требало да биде Егејска Македонија. Основната цел на ова писмо е тоа што ние, Македонците, би требало да им покажеме на нашите словенски браќа дека таму постоеле и ќе продолжат да постојат политички и етнички граници на Македонија. Ајде да не ги занемаруваме ваквите грешки кои би можеле да се избегнат.

Во прилог на ова писмо Ви испраќаме примерок од последниот број на „Македонска искра“. Позицијата на Македонија е прикажана на насловната страница.

Ве молиме наведете во вашиот следен број дека „Македонска искра“ може да се добие со пишување на фахот P1267, ГПО, Перт, ЗА[73]

Братски поздрав до сите Словени во источните држави!

Македонско-австралиски народен сојуз

До Македонскиот народен сојуз на Австралија

[73] Западна Австралија.

Ние жалиме за грешката која беше направена на мапата. Соработникот кој ја црташе не е Словен и тој не беше свесен за позицијата на Македојнија. Ви благодариме за примерокот од Вашиот весник. Без сомнеж Вашите читатели ќе бидат особено заинтересирани за написот во овој број во врска со Граѓанската војна во Грција,

Уредувачкиот одбор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 39.

# 10

# Напис од весникот „Мелбурн гардијан“ во врска со испратена телеграма до делегатот на Австралија при ООН во врска со теророт на грчките власти врз македонското население, 21 март 1947 година

„МЕЛБУРН ГАРДИЈАН“

21 март, 1947 година

Македонците испратија протестна телеграма до нашиот делегат во ООН.

Македонците во Австралија испратија телеграма до австралискиот делегат во Комисијата на Обединетите нации во Атина, барајќи од него да се заложи за итен прекин на грчкиот терор врз Македонците во Грција.

На првиот Народен конгрес на Македонците, кој се одржа во Мелбурн минатиот викенд, едногласно беше одлучено да биде испратена телеграма до Атина со следнава содржина:

„Ние бараме итен прекин на монархофашистичката опресија врз демократите во Грција. Конференцијата апелира до Вас да го изнесете овој случај пред Комисијата на ООН и да вложите протестна нота до грчката влада за континуираниот терор против македонскиот народ во Грција.

Од околу 4000 Македонци во Австралија кои беа претставувани на Конгресот, 95 проценти потекнуваат од Грчка Македонија (Македонија е република во Југославија).

Присуството на Демократската лига (која го претставува грчкото население тука), на Македонскиот конгрес беше прифатено како чекор кон единство.

Единство беше, исто така,  постигнато и со сите Словени на нивниот конгрес во Мелбурн претходната недела.

Тукашните Македонци донираат 10 000 фунти за да се изгради нова болница во Битола, Македонија за да ѝ помогнат на својата татковина да ги залечи своите рани од војната.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 40.

# 11

# Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Западна Австралија за собирање средства за изградба на болница во Скопје и два радиоговори составени од Мик Велиовски, 16 април 1947 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650 — ЗА[74] 21026
Телеграф ФГ: МЈА — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
Проследено до Перт — Перт
Поштенска адреса:
фах Ц 138, ГПО — 16 април 1947 година
Перт

МЕМОРАНДУМ
До Директорот
Истражен оддел на Комонвелтот
КАНБЕРА

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

Ви препраќам два примерока од говори за радио кои му биле презентирани на раководителот на радиостаницата *6КУ* во Перт кои требало да бидат пренесувани вечерта на 12 март.

Текстовите кои се презентирани од страна на Македонската организација прогресивно добиваат поостар национален и политички тон, а во одредени инстанци, по логичен заклучок, сугерираат антибритански сентимент, и се размислува дека треба да бидат преземени некакви чекори да се ограничат нивните активности, особено

[74] Западна Австралија.

заради тоа што е познато дека авторите на текстовите се натурализирани британски државјани.

Господин Дејвис, раководителот на Станицата 6КУ жестоко се побунил за содржината на текстовите за кои станува збор. Тој го информираше овој оддел дека тој е одлучен да не дозволи тие да бидат емитувани. Пред да ја даде неговата конечна одлука, тој ги презентираше текстовите за да се даде мислење.

Во соработка со службеник од И. С. Г. С. од Западната команда, текстовите беа доставени до оваа служба и беше одлучено да се побара мислење од заменикот државен адвокат.

Имајќи предвид дека значаен број од натурализираните британски државјани кои имаат грчко потекло не се согласуваат со сентиментот кој се изнесува од страна на Македонскиот сојуз, се смета дека текстовите може да бидат третирани според одредбата од Членот 24А (Г) од Кривичниот закон и врз основа на тоа предметот беше доставен до заменикот државен адвокат кој искажа мислење дека текстовите се гранични случаи кои не се доволно силни да подлежат на судска постапка.

Заменикот државен адвокат, исто така, сугерираше дека раководдителот на Станицата 6КУ би можел да го примени своето право согласно со Уредбата за емитување за да го зачува интегритетот на својата станица.

Господин Дејвис ја извести оваа служба дека, откако дискутирал во врска со текстовите со г. Велиовски, одлучил да одбие тие да бидат емитувани. Наместо текстовите кои се предмет на дискусија, радиопросторот бил пополнет со повторно емитување радиоемисија од пред три недели од страна на Југословенскиот имигрантски сојуз.

Исто така, прикачена е копија од апелот до Медицинското братство на З.А.[75] од страна на Македонско-австралискиот комитет за болници за доделување средства за изградба на болница во Скопје. Овој град, се разбира, е во Југославија. Сепак, Македонскиот народен сојуз продолжува со тврдењето дека по ослободувањето на Македонија со помош на Маршал Тито[76], тој дел од Македонија, кој сега се наоѓа во рамките на Југославија, ќе се припои со македонската република за која се смета дека ќе биде држава во рамките на Обединета федерација на југословенските републики.

[75] Западна Австралија.
[76] Јосип Броз Тито (1892 - 1980), југословенски револуционер, политичар, предводник на југословенското народноослободително движење, премиер и претседател на Југославија.

Предложената изградба на австралиска болница во Скопје е плод на заедничките напори на Македонскиот сојуз и на Југословенскиот комитет. Беше дадено одобрение за собирање средства од страна на Одборот за воен фонд, тело кое е конституирано во согласност со Одредбата за национална безбедност (патриотски фонд). Овој одбор ќе престане да постои во блиска иднина. Контролата врз неговите активности тогаш ќе премине кај потсекретарот во Одделот на главниот секретар.

Последните месец или два, се појавија мрморења и сугестии, од страна на индивидуалци кои им се спротивставуваат на Југословенскиот комитет и на Македонскиот народен сојуз, дека парите кои се собираат од страна на овие организации не стигнуваат до вистинската цел, туку дека тие се користат за ширење пропаганда против актуелниот грчки режим.

Не постои доказ да се потврди ова верување, ниту, пак, постои каков било конкретен доказ дека собраните средства се користат на вистинскиот начин.

Според документите во Одделот на главниот секретар Југословенскиот комитет располага со сума од околу 50 000 фунти кои се собрани во оваа држава. Овие пари беа префрлени од З.А.[77] до централниот комитет на Југословенскиот комитет во Сиднеј за подоцнежно испраќање во Југославија.

Последните информации укажуваат дека локалниот комитет подготвува прфрлување на дополнителни 6 000 фунти. Одделот на главниот секретар има ставено под привремена суспензија бројни барања од индивидуалци, како и од мали групи, за одобрување на префрлување помали суми како помош за роднини или за лица во неволја во нивните конкретни села. Причината за ова привремено запирање на одобрувањата е поради верувањето дека таквите лица кои се во неволја се целосно обезбедени преку дејствувањето на УНРРА[78].

Јас верувам дека претходно спомнатото уверување на Одделот на главниот секретар ги застапува ставовите на Министерството за надворешни работи во насока на рестрикции на собирањето средства и нивно подоцнежно префрлување на тие завидни суми пари во друга држава.

[77] Западна Австралија.
[78] Специјална програма на Обединетите нации за помош и ревитализација на државите и бегалците од страдањата во Втората светска војна.

Исто така, тука е прикачен мартовскиот број на „Македонска искра“.

Џ. АДАМС

заменик-директор

---

## АВСТРАЛИСКА БОЛНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

Драги австралиски сонародници,

Австралискиот комитет за помош за Југославија се обврза да даде целосна поддршка на одлуката на Македонско-австралискиот комитет за изградба на австралиска болница во Македонија.

Ние апелираме до вас да одговорите на очајниот повик за помош од МАКЕДОНИЈА, единствената земја во Европа без современа болница. Уставот на слободна Македонија гарантира слобода и еднаквост за сите Македонци без оглед на вера, националност или политичко убедување, меѓутоа населението, кое беше репресирано и осиромашувано со вековни војни, е без најелементарната здравствена институција. Македонија денес е држава која е опустошена од епидемии и сиромаштија, но без медицински сестри, доктори, медицинска опрема или болници.

Ова се фактите во врска со Македонија:

СМРТ НА НОВОРОДЕНЧИЊА

На илјада раѓања, бројките на смрт во текот на една година се следниве:

| | |
|---|---|
| слободна Македонија | 179 (1944 година) |
| Франција | 134 (1944 година) |
| Бугарија | 111 (1942 година) |
| Италија | 98.03 (1944 година) |
| Соединети Држави | 40.4 (1944 година) |
| Англија | 38.0 (1945 година), |

МАЛАРИЈА

СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА (население 1 000 000) – 500 000

СОЕДИНЕТИ ДРЖАВИ (население 130 000 000) – 133 000 во 1938 година

Туберкулоза

Смртноста на населението на 10 000 лица е следната:

| | |
|---|---|
| СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА | 40,4 (1945 година) |
| ГРЦИЈА | 40 (1945 година) |
| ИТАЛИЈА | 25,3 (1945 година) |

| | |
|---|---|
| САД | 4,2 (1945 година) |
| ШВЕДСКА | 2,0 (1945 година) |
| АНГЛИЈА | 0,5 (1945 година) |

БОЛНИЧКИ КРЕВЕТИ

Во СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА има еден болнички кревет на 10 000 жители, во државата Њујорк еден кревет на 200 жители; во Чехословачка еден на секои 135 жители; во Будимпешта еден на секои 85 жители.

ДОКТОРИ

Во СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА има еден доктор на секои 10 000 жители, во Чехословачка еден на секои 3500 жители, во Франција еден на секои 500 жители, во државата Њујорк еден на секои 485 жители, во Будимпешта еден на секои 266 жители.

Овие сурови бројки ја прикажуваат критичната состојба денес во Македонија. ТИЕ УПАТУВААТ СИЛЕН КРИК за живите, од кои многумина се проколнати да умрат.

Ние сме сигурни дека вие ќе сакате да помогнете во спасувањето на животите на илјадници Македонци.

Оттука, ние испративме примерок од овој напис до секој ДОКТОР ВО З.А.[79] затоа што знаеме дека вие, како хуманитарци, ќе ја увидите потребата за болница во Македонија.

Вашата донација денес е ветување за животот на оние што ќе преживеат, ветување за закрепнување на телата и умовите, повторно раѓање на верувањето во себе и вербата во нивните сонародници. Ние ја цениме секоја донација, без оглед на тоа колку е мала.

Ваши благодарни,
Прет[седател] Ф. Џамбазов
Секретар: М. Велиовски

Адреса:
Македонско-австралиски болнички комитет
Ул. Џејмс, бр. 92 а, Перт

---

Од името на МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ ОД З.А. – од М. ВЕЛИОВСКИ

12 март 1947 година

[79] Западна Австралија.

## ИНТЕРВЈУ СО МАКЕДОНЦИТЕ КОИ ПРИСТИГНАА ВО АВСТРАЛИЈА НА 6 МАРТ 1947 ГОДИНА СО БРОДОТ „АСТУРИЈА“

Ова интервју беше направено во Перт со група Македонци кои штотуку пристигнаа од Егејска Македонија откако беа беспомошно заглавени во Порт Саид[80] неколку недели.

Неколкумина членови на Македонскиот извршен комитет од Перт успеаја да ги интервјуираат. Беше реализирана целосна дискусија за тоа што се случува во Егејска Македонија и ова се информациите кои ги добивме.

ТЕРОРОТ се зголемува и грчкиот фашистички режим ја продолжува својата замисла за целосно уништување на ДЕМОКРАТСКИОТ народ во Грција. Партизанските трупи секојдневно растат во бројност и нивниот морал е исклучително висок бидејќи нема ден без да им се приклучат владини трупи во борбата за слобода.

Стотици помали битки се случиле и некои од нив се претвориле во помасовни пресметки во кои секоја од страните вклучила стотици луѓе. Тие одат во борба со лесно вооружување, најчесто минофрлачи, митролези, рачни бомби итн, но повремено се користи и тешка артилерија.

Тукашниот печат известува единствено за неколку инциденти и тоа најчесто на северот на Грција, но според информациите кои беа добиени од погоре спомнатиот комитет ова не е точно бидејќии луѓето кои беа интервјуирани го истакнаа следното – дека се водат битки насекаде низ државата, грчките демократски сили војуваат во своите делови, додека Македонците војуваат на северот. Оружјето кое го користат партизаните во најголем дел е британско, запленето од грчките фашистички платеници. Забележете слушатели, ова е мислењето на интервјуираните луѓе. Тие, исто така, укажуваат дека регуларните грчки трупи одбиваат да се борат против партизаните и кога ќе добијат наредба да извршат напад тие трошат големо количество муниција која ја стрелаат во празно, за лажно да прикажат дека се борат.

Регуларната армија е, исто така, главен снабдувач на оружје и муниција на партизаните, ова се прави со оставање на сета опрема додека се повлекуваат од лажните битки. Ова мора да е точно бидејќи како што можеме да видиме од тукашниот печат режимот е на работ на колапс и доколку не постоеше, сѐ уште, актуелната британ-

[80] Пристаништен град во Египет, во близината на Суецкиот Канал.

ска поддршка, тој одамна ќе беше колабиран.[81] Уште еден фактор кој укажува на тоа дека ова е точно е фактот што регуларната армија е дефинитивно нелојална на режимот бидејќи фашистичкиот режим создава СТРАНСКА ЛЕГИЈА за да ги реализира неговите убиства. Но, дури ни платеничка легија од главорези нема да ги надвладее партизаните. Дури ниту американските долари нема да го спасат од колапс актуелниот корумптивен режим. Грчкиот народ и македонските Словени ќе видат дека тие не се измамени за демократската слобода која толку вистински ја заслужуваат и која сè уште насилно им е негирана од страна на британските и американските империјалистички акционери.[82]

Еве уште некои од бруталностите кои се извршени од фашистите, две недели пред да го напуштат нивното село се случила жестока битка во близина на нивното село, партизанските сили силно ги потиснале владините платеници и ги принудиле да се повлечат. Фашистичките разбојници се одмаздиле следниот ден убивајќи половина од цивилното население во селото и го запалиле. Овие луѓе кои пристигнаа неодамна велат дека овие жестокости ги надминуваат дури и оние што ги правеа Германците. Во текот на изборите, за враќањето на кралот, тукашниот печат извести дека 90 проценти од луѓето излегле на гласање и дека кралот се вратил со огромно мнозинство. Ова беше демантирано од нив како апсолутна невистина. Тие кажаа дека не повеќе од 30 проценти од луѓето излегле на гласање и дека овие бројќи не се такви како што се пренесени.

Тие истакнаа дека актуениот режим не е само фашистички на изглед, туку е фашистички и во сржта. Тие го потврдуваат тоа со факти, еве некои од нив. Скоро сите владини позиции се завземени од страна на поранешни германски квинслинзи и колаборационисти. Ниту еден нацистички колаборатор не беше уапсен и осуден за злосторствата кои беа направени врз народот во текот на германската окупација. Тие убијци се наградени за злосторствата кои ги правеа врз прогресивните луѓе. Колаборационистите имаат целосна слобода, но водачите на отпорот се во затворите и во егзил. Еве еден ужасен опис за извршената тортура врз еден заробен партизан, кој кога бил заробен одбил да каже каде се наоѓа партизанскиот штаб, па фашистите прво му ги ископале очите кои потоа биле пронајдени во неговите џебо-

[81] Подвлечено со црвено во оригиналниот документ.
[82] Подвлечено со црвено во оригиналниот документ.

ви. Неговите уши недостасувале и му биле извадени многу нокти од рацете, неговиот јазик бил отсечен и не можел да биде пронајден од симпатизерите во селото кои го закопале неговото тело, Општото мислење кај селаните е дека тој бил каменуван на смрт од страна на варварските заробувачи.

Луѓето кои скоро пристигнаа постојано повторуваа дека мораме да бидеме сигурни дека нивните имиња нема да паднат во рацете на луѓето кои би можеле да ги пренесат на актуелниот режим и веројатно ќе продолжи тортурата.

Можеше да се види стравот кој беше испишан на нивните лица и менталната вознемиреност за она што тие го преживеале.

Ова е фразата која тие постојано ја повторуваат. Единството на прогресивните луѓе ќе ги скрши оковите без разлика на тоа кој ќе се обиде да ги покори. Нивниот плач е единствено за ДЕМОКРАТСКА слобода и ништо повеќе.

А партизанскиот војнички извик е „Смрт на фашизмот, слобода на народот!"

Добра ноќ на сите!

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 41-46.

# 12

# Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Западна Австралија и радиоговор составен од Мик Велиовски, 12 јуни 1947 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650 — З. А.[83] 21026
Телеграф ФГ: МЈА — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
Проследено до Перт — Перт
Поштенска адреса:
фах Ц 138, ГПО — 12 јуни 1947 година
Перт

ДОВЕРЛИВО
МЕМОРАНДУМ

До Директорот
Истражен оддел на Комонвелтот
КАНБЕРА

Македонско-австралиски народен сојуз

Како продолжение на претходната кореспонденција во врска со погоре спомнатата Организација, Ви го препраќам мајскиот број на „Македонска искра" и три примероци од радиоговорот кој беше доставен до Станицата 6 КУ за да се емитува на 11 јуни 1947 година.

Господин Дејвис, раководителот на Станицата 6КУ одбил да дозволи емитување на овој говор бидејќи е антибритански.

Џ. АДАМС
заменик-директор

---

[83] Западна Австралија.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

ПЕРТ 11 јуни 1947 година

КАКО ЈА ВИДОВ ГРЦИЈА – ОД ПОТПОЛКОВНИК А. В. ШЕПАРД

Потполковникот Шепард од британската армија штотуку се вратил во Лондон откако поднел оставка на позицијата раководител на Британската економска мисија во Солун. Во текот на војната[84] тој бил офицер за врски во Британската команда на Средниот Исток во Грција.

Лондон, 30 април.

Доколку британските теренски трупи останат во Грција со поддршка на американски пари и оружје, тогаш тоа значи дека британските војници стануваат платеници. Постепено го губиме секој пријател којшто го имавме во Грција или поради тоа што го навредуваме или, пак, дозволуваме да биде депортиран или затворен или, пак, затоа што го лажеме или го игнорираме.

Во однос на позицијата на британските трупи во Грција, мојот главен впечаток е дека британските официјални лица премногу се мешаат во политичкиот живот во Грција, најчесто без каква било јасна координација и секако без да ги имаат предвид интересите на Грција.

Денес на британскиот војник му е досадно поради недостигот од акција, не ја разбира причината зошто тој е во Грција, сфаќа дека честопати е испратен во некои области единствено за да предизвика загриженост кај левицата и дека речиси се чуствува или дека на него се гледа како на дел од окупаторска армија.

Што се однесува до директната помош за Грчката армија, британските трупи се тактички распоредени за да им олеснат на грчките трупи во борбата со герилците. Во радиус од пет милји од секој концентрационен логор во Северна Грција се наоѓа британска армиска единица. Најлошите од овие концентрациони кампови се во Солун (Павлос Миларс) со распоредени британски трупи на три страни од нив.

Потполковникот Косен, шефот на Британската воена мисија во Солун, учествува на сите состаноци на Северната грчка команда под раководство на генерал-потполковик Вентирис[85] на кои се прават планови за операции против герилците. Уште повеќе, тој го придружуваше генералот Вентирис во текот на преземените операции на теренот.

[84] Се однесува на Втората светска војна.
[85] Константинос Вентирис (1892 - 1960), грчки офицер и генерал, во два наврата раководел со Главниот штаб на Грчката армија.

Постојат лица кои се и во британскиот и во грчкиот штаб кои прават се за да ги вклучат британските трупи во борбите против герилците. Пред моето заминување од Грција не беше издадена наредба како треба да се однесуваат британските трупи во случај на судир со герилците. Овие нејаснотии сè уште продолжуваат за да може „инцидентите“ полесно да се создаваат.

Што се однесува до грчкото воено раководство, тоа е со многу слаб квалитет и лидерите одвај ги следат настаните. Генерал потполковник Вентирис потпишува смртни казни без и воопшто да ги прочита. Со еден исклучок – директорот на Солунскиот здружен штаб – сите полициски сили во Македонија се способни да извршат какво било убиство без двоумење. Полицискиот командант на централна Македонија, Зантопулос, е човек кој, во која било друга држава, би бил осуден најмалку на казна доживотен затвор.

Мојот основен впечаток е дека актуелната грчка влада не е способна да спроведе политика на зближување на сите луѓе и да ја обедини земјата. Дури постои и план за убиство на сите водечки комунисти.

Масовниот колеж спроведен од страна на десничарските банди и владините сили ги принуди сите герилалци да ѝ се приклучат на левицата. Во многу случаи јас видов како млади луѓе заминаа по ридовите бидејќи за нив не беше можно да најдат никакво вработување, ниту, пак, каква било надеж во нивните села. Со герилците тие имаат можност да работат, затоа што се сее жетва во териториите кои се под нивна контрола, па дури и да одат во училиштата кои се организирани од луѓе како ИПСИЛАНДОС[86] кој претходно беше учител.

Во однос на нивното оружје, оние што јас ги видов беа од британско и германско производство. Британското оружје беше запленето од герилците при судирите со грчките владини сили, германското оружје било заробено во текот на војната[87].

Од воена гледна точка изгледа неверојатно тоа што грчката армија, опремена со спитфаери[88] (добиени од Британците, но пилотирани од Грци), артилерија, тенкови и пламенофрлачи, не е во можност да ги елиминира герилците – причината и фактот за тоа е тоа што во борбата не е во срцето на грчкиот војник. Грчкиот војник

[86] Псевдоним на Маркос Вафијадис, командант на Демократската армија на Грција.
[87] Се однесува на Втората светска војна.
[88] Вид авион од британско производство кој бил користен од Британската авијација пред, за време на и по Втората светска војна. Биле произведени повеќе од 20 000 примероци.

чуствува дека е поттурнат од некој друг за да се бори против својот народ. Затоа што луѓето имаат огромна волја да живеат во слобода и на демократски начин, јас сум уверен дека тие не можат да бидат замолчени и поттикнати ниту со долари, ниту со оружје.

Слушатели, од претходно кажаното може да се види дека постои политички прогон не само врз МАКЕДОНСКИОТ ИЛИ ВРЗ ГРЧКИОТ НАРОД, туку и врз ДЕМОКРАТИТЕ кои се спротивставуваат на монархофашистичкиот режим во Грција.

Во тукашниот печат неодамна можевме да видиме дека раководството на грчката армија планирало и отпочнало операција која требаше да заврши со комплетно чистење на сите партизански сили.

По оваа прва добро планирана офанзива која заврши со неуспешен крај, грчките команданти ги обвинија временските услови за нивниот неуспех да ги совладаат партизаните. Потоа тие испланираа втора офанзива и овој пат тие се соочија со армија од околу 40 000 партизани. Постоеше вообичаената капиталистичка пропаганда во печатот дека партизаните ќе бидат скршени за месец или два, но тоа беше само нивна желба, бидејќи грчките фашистички воени команданти не беа и нема да бидат способни да прогласат победа врз демократските сили кои веќе претходно успеаја да се спротивстават на германскиот терор. На крајот тие ќе можат да прогласат победа во името на демократскиот народ на Грција. Доларите на Јенките[89] нема да ја скршат волјата на народот да има вистинска демократска влада. Тие нема да ја продадат својата слобода за долари или да бидат под американско империјалистичко ропство.

Ние можеме да видиме дека американските заеми не се даваат на луѓето за тие да имаат добробит, туку за да продолжи нивнот стисок врз светот како маневар за контрола врз пазарите.

Во тукашниот печат честопати може да се најдат извештаи дека американските империјалисти дури се обидуваат да го истиснат и Британскиот комонвелт од мапата. Дури и ние во Австралија сме притиснати од големите монополи, на пример од големите тарифи кои се наложени за извоз н австралиската волна.

Американските империјалисти сакаат да доминираат со светот со сите можни средства и единственото нешто за што се грижат е како да направат повеќе пари.

[89] Пејоративно именување на Американците.

Нивниот сон мора да биде скршен доколку се посакува да нема Трета светска војна. Вистинските демократски народи од целиот свет ќе видат дека сонот на американските империјалисти за светска доминација останува само сон, ИСТО КАКО СОНОТ НА ХИТЛЕР.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 47-50.

# 13

# Напис од „Македонска искра“, август-септември 1947 година

ИЗВАДОК ОД
„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
Август - септември 1947 година
A881
Писмо од Секретаријатот на Светската федерација на Демократската младина

Драги другари,

Многу ви благодариме за вашето писмо од 30 јуни, како и за вашите зборови за најдобри желби и честитки. Ние ве уверуваме дека во текот на Светскиот младински фестивал младите кои се собрани во Прага нема да ги заборават херојските младини на Грција и на Македонија.

Извршниот комитет на нашата Федерација на својот последен состанок во Москва донесе одлука да ја интензицира кампањата од името на младината од Грција и ние ги повикуваме сите членови на Федерацијата да ја спроведат оваа одлука. Дозволете ни да ве увериме дека во времетраењето на следниот фестивал, младината од Македонија и од Грција ќе прославуваат на демократски начин, едни до други, заедно со младинците од целиот свет.

Со најтопли поздрави,
Искрено ваш,
(потпишан) Х. Ц. ВИЛИЈАМС,
во името на Секретаријатот на СФДМ.[90]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 52.

[90] Светската федерација на демократската младина.

# 14

# Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со доставување на девет броеви на весникот „Македонска искра“ и насоки за преведување на написите, 17 септември 1947 година

ТАЈНО

17 септември 1947 година

А 811

До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Девет примероци од „Македонска искра“ (бр. 1 до 9) се во прилог. Како што сте запознаени, без сомнеж, овој весник е официјален орган на Македонско-австралискиот народен сојуз. Весникот се печати во Перт и поголемиот дел од него е на македонски јазик. Во моментов издавањето на весникот е стопирано, барем привремено, поради чекањето одлука од Одделот за емиграција во однос на прашањето дали треба да се издаде дозвола за продолжување на неговото издавање.

Политиката на Македонско-австралискиот народен сојуз одблизу наликува на онаа на Југословенскиот имигрантски сојуз. Македонскиот народен сојуз изгледа дека работи многу посветено за создавање автономна македонска република во рамките на Југословенската федерација, да биде вклучена територија која денес е дел од Грција.

Јазикот на кој е отпечатена „Македонска искра“ не се разликува многу од хрватскиот јазик кој се користи во „Напредак“[91], па можеби вашиот нов преведувач би можел да го разбере, иако тој не е секогаш во можност да подготвни целосен превод.

Прикачените девет примероци од весникот содржат голем број на информации за оваа Служба, и би било многу полезно доколку тие би можеле да бидат проучени на ист начин како „Напредак“. Имајќи

[91] Орган на југословенската заедница во Австралија кој излегувал во периодот 1937 – 1958 година.

предвид дека за таквото проучување би било потребно многу време, веројатно би можел да биде изготвен и испратен брз извештај за бројот 9, кој на неговата прва страница содржи текст од писмото кое го добил Сојузот од „другарот' Лазар Колишевски[92], „Претседателот на владата на Народната Република Македонија".

[нечиток потпис – заб. ред.]

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 51.

---

[92] Лазар Колишевски (1914 - 2000), македонски политичар, член на СКОЈ и КПЈ, член на Покраинскиот воен штаб и секретар на Комунистичката партија на Македонија. На Третото заседание на АСНОМ бил избран за претседател на Владата на Демократска Федерална Македонија.

# 15

# Кореспонденција меѓу Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт и директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“, септември – октомври 1947 година

ТАЈНО

А 811

17 септември 1947 година

До заменик-директорот,
ПЕРТ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со Вашиот меморандум ЗА 21026 од 5 август 1947 година, би било многу ценето доколку би можеле да ни испратите дополнителен примерок од јулскиот број на „Македонска искра“ за чување и за проучување. Првичниот примерок кој ни го испративте заедно со меморандумот беше препратен до Одделот за емиграција.

[нечиток потпис – заб. ред.]

ДИРЕКТОР

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650 — З. А.[93] 21026
Телеграф — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
Проследено до Перт — Перт
бр, Ц 138, ГПО — 29 септември 1947 година
Перт

ТАЈНО
МЕМОРАНДУМ:
До Директорот,
Истражен оддел на Комонвелтот

[93] Западна Австралија.

КАНБЕРА, А.Г.Т.[94]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со Вашиот меморандум А. 881 од 17 септември 1947 година, тука Ви испраќаме дополнителн примерок од „Македонска искра“ од јули, 1947 година.

Дојдовме до информација дека овој месец ќе биде отпечатено издание со вкупно 200 зборови, сите на англиски јазик, па ќе бидат направени напори да Ви препратиме примерок од тоа издание кога ќе биде достапен.

Џ. АДАМС
заменик-директор

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ОДДЕЛ ЗА ИСТРАГИ

Телефон Б4650 — З.А.[95] 21026
Телеграф — 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
ЈА МЈА
Проследено до Перт — Перт
бр, Ц 138, ГПО — 3 октомври 1947 година
Перт

ТАЈНО
МЕМОРАНДУМ:
До Директорот,
Истражен оддел на Комонвелтот

КАНБЕРА, А. Г. Т.[96]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со мојот извештај З.А. 21036 од 29 септември и Вашиот А881, тука е приложен примерок од „Македонска искра“ од август-септември 1947 година кој е обајавен на англиски јазик со исклучок на еден помал напис на првата страница, во кој е објаснето на македонски јазик зошто не се печатеше весникот од јули, 1947 година.

Џ. АДАМС
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 53 - 55.

---

[94] Австралиска главна територија.
[95] Западна Австралија.
[96] Австралиска главна територија.

# 16
# Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој се содржани преводи на седмиот, осмиот и деветтиот број на „Македонска искра“, 11 декември 1947 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ФС/НХ Н 15300/35

Телефони Б1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражен оддел на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј
11 декември 1947 година
А881

До Директорот,
КАНБЕРА

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со Вашиот меморандум А881 од 17 септември 1947 година, Ви испраќам во прилог преводите на седмиот и осмиот број на „Македонска искра“, како и деветттото издание за кое беше посебно напоменато.

Останатите броеви ќе бидат доставени кога ќе ги добиеме од преведувачот.

Ф. Г. ГАЛЕГАН,
заменик-директор

---

РЕЗИМЕ НА ИЗДАНИЕТО ОД ЈУНИ 1947 ГОДИНА
НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

1. Ги повикува сите другари да донесат нови членови во нивните групи.

2. ПИСМО ОД МАКЕДОНСКИОТ ПРЕМИЕР Л. КОЛИШЕВСКИ до Македонскиот народен совет во Австралија. Во писмото се потврдува при-

емот на писмото на Советот од 10 февруари и се „искажува радост поради фактот што австралиските емигранти правилно ги сфатиле целите кои слободниот македонски народ и останатите југословенски народи во рамките на Народна Федерална Република Југославија ги следат". Авторот, Колишевски, искажува пофалба за австралиските Македонци за нивните сугестии да се изгради македонска болница во Македонија; „особено сега", вели Колишевски, „кога толку многу егејски Македонци ги напуштаат нивните домови и нивните села поради теророт на монархофашистите". Од писмото на Советот од 10 февруари изгледа дека се очекува сугестија како би требало да биде именувана болницата. Колишевски учтиво сугерира Митре Влахов[97], од селото Кономлади, Костурско, „од чиешто спомнување на името беше доволно султановите орди и оние на грчките империјалисти да треперат во нивните чевли". Писмото завршува со насока за Австралискиот совет да ја испраќа сета идна корспонденција на Президиумот на Народната републичка влада на Македонија, во Скопје.

3. Ги повикува сите другари да ја читаат и да ја споделуваат македонската „Искра", единствениот македонски весник во Австралија.

4. ПАРИТЕ КОИ ГИ СОБИРАМЕ ЗА БОЛНЦИЦАТА МОЖЕ ДА БИДАТ ИСПРАТЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА... Така пишува нашиот другар, премиерот Лазар Колишевски. По оваа забелешка, весникот го објавува следното писмо од Колишевски:

„До Македонскиот народен совет, Перт.

Драги сонародници,

На 13 март преку Црвениот крст ја примив сумата во висина од 1 500 австралиски фунти, односно 1 195 англиски фунти, која ми ја испративте. Од името на Народната влада и на целиот народ би сакал да ја искажам нашата благодараност за таквата возвишена свесност која нашите емигранти, толку оддалечени од својата татковина, со ова ја покажаа.

Ајде овој одличен чекор за изградба на болница во Македонија да биде првиот чекор кон зајакнување на врските кои ги поврзуваат австралиските емигранти и нивниот народ, како и враќање на првите во нината татковина и во Република Македонија!

Смрт на фашизмот – слобода на народот!

Скопје, 14 март 1947 година

[97] Димитар Панџаров (Митре Влаот) (1973 - 1907), македонски револуционер, четник и војвода на Македонската револуционерна организација.

Претседател на Владата
на Народна Република Македонија,
Лазар Колишевски“

5. ФОТОГРАФИЈА од Спиро Наумов, од Битола, Македонија, кој сега живее во Сиднеј, и донирал 100 фунти за болницата.

6. БИТКА ВО БЛИЗИНА НА ГРАДОТ ЛЕРИН – Веста е „преземена“ од „Грчките вести“ од Лондон, во која е наведено дека се случила жестока битка во близина на Лерин на 28 мај и во која „партизаните“ успешно ги одбиле сите воздушни напади и нанеле многу жртви на бројно супериорните владини трупи. Целта на партизаните била да ослободат од леринскиот затвор 15 луѓе кои биле осудени на смрт.

7. АКТУЕЛНИТЕ КРАЛ И КРАЛИЦА НА ГРЦИЈА СЕ ФАШИСТИ. Преземена вест од весникот „Младински глас“ од Мелбурн, кој, пак, од своја страна, како свој извор го цитира „Париз“, Франција, и весникот потврдува дека принцот Павле бил претседател на грчката младинска фашисичка организација ЕОН[98], како и дека кралицата Фредерика била член на хитлеровата младина.

8. ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА – разговор со млад партизан за настаните и условите кои влијаат врз нашиот народ. Написот е напишан како „интервју со дете партизан – член на групата деца кои биле качени на „Астурија“[99] и биле донесени во Австралија од ограбената Егејска Македонија. Името на младото момче партизан е Стасе Пејков, кој, како што наведува весникот, бил поканет во канцелариите на „Искра“ и го интервјуирале на 18 јуни. Младото момче било придружувано од неговиот брат Коле Пејков – „добро познат меѓу нас“ како што наведува весникот. Прашањата и одговорите во главно се однесуваат на жестоките неволји на македонскиот народ под теророт на грчките монархофашисти и неговата постојана верба за праведноста на неговата кауза. Исто така, се зборува за „славната борба на грчките партизани, несебичното однесување на селаните кои ја делат сопствената храна со нив, како и за спасот кој ги чека овие несреќни Македонци кога ќе дојде слободата“.

Стр. 2

[98] Грчка националистичка младинска организација која била активна во времето на диктатурата на Јоанис Метаксас. Основната цел на постоењето на организацијата била да се едуцираат младите луѓе во национален дух за да ги почитуваат националните вредности.

[99] Име на брод.

1. УСЛОВИТЕ НА ГЕНЕРАЛ МАРКОС[100] ЗА РЕШАВАЊЕ НА ГРЧКИОТ ПРОБЛЕМ Се однесува на меморнадумот на Маркос објавен на 18 јануари 1947 година до Сојузничката комисија за истраги. Се бара безусловно повлекување на британските трупи од Грција, општа амнестија, отстранување на антидемократските елементи од Владата и од Армијата и на крајот слободни општи избори.

2. ФОТОГРАФИИ Нашите мелбурнски емигранти како маршираат низ улиците на Мелбурн на 1 мај, носејќи транспаренти: „Британците и Американците надвор од Македонија и од Грција...", „Ние го поддржуваме македонско-грчкото ослободително движење" и „Грчките фашисти ни го негираат нашиот мајчин јазик".

3. ОБВИНЕТИТЕ ШПИУНИ ОСУДЕНИ Неодамнешниот судски процес кој се одржуваше во Скопје заврши на 29 март откако беа изречени следниве пресуди: осудени на смрт – Константин Христов, Терзиев, д-р Васил Иванов, д-р Никола Тренов, Асен Темов, Методи Попов, Благој Гаштеов и Никола Попов. На долги затворски казни – Борис Чаракчиев 15 години, Кирил Сивевски 15 години, Милан Трајков 8 години, Георги Гоцев 12 години, Тома Давков 20 години, Димитар Пеев 10 години, „Уверливи докази беа изнесени", вели весникот, „дека обвинетите работеле за организација која била финансирана од страна на западните демократии".

4. ПОЗДРАВИ ДО НАШИТЕ МАКЕДОНСКИ ЕМИГРАНТИ ОД СВЕШТЕНИКОТ К. С. НИКОЛОВ ОД АМЕРИКА И СВЕШТЕНИКОТ К. С. ВАСИЛЕВ ОД СТИЛТОН „Велигденска честитка до нашите македонски браќа во Австралија... Македонија е слободна. Тиранинот Дража Михајловиќ[101] и оние четници и усташи се уништени... нивната отровна пропаганда завршена... да живее нашиот ослободител Тито..."

5. ОТВОРЕНО ПИСМО ДО МАКЕДОНСКИТЕ ЕМИГРАНТИ ОД БРИЏТАУН И МЕНЏИМАП Писмото е потпишано од извесни Јован Јовков и Танас Каламаров, претседател и секретар на Болничкиот комитет од Менџимап; се однесува до сите Македонци во Австралија да го поддржат собирањето финансиски средства за изградба на

[100] Маркос Вафијадис (1906 - 1992), грчки политички деец, член на Младинската комунистичка лига на Грција и на Комунистичката партија на Грција. Учесник во народноослободителното движење на Грција во текот на Втората светска војна, а од 1946 година бил главен командант на трупите на Демократската армија на Грција. Во 1947 година бил назначен за премиер и воен министер на привремената Демократска влада на Грција.

[101] Драгољуб (Дража) Михајловиќ (1893 - 1946), српски и југословенски офицер и генерал, водач на четничкото движење во текот на Втората светска војна.

македонска болница во Македонија – чекор кој беше одлучен на Македонската конференција која беше одржана во Мелбурн на 7, 8 и 9 март. Писмото зборува и за одржување натпревар за најубаво бебе што би послужило за привлекување интерес, притоа кандидирајќи го Џон В. Боршов, двегодишно момче од Менџимап. Други начини за собирање средства кои биле договорени се организирање лотарија со купување билети кои би чинеле 3 шилинзи и кои се продаваат од страна на другарот А. Николов кој може да се најде во Народното кафуле во Менџимап.

Стр. 3

ТИЕ ЈА ИСПОЛНИЈА СВОЈАТА КВОТА ОД 50 ФУНТИ ЗА БОЛНИЧКИОТ ФОНД. СЛЕДУВААТ ФОТОГРАФИИ СО КОМЕНТАР:1. Филип Џамбазов, претседател на болничкиот комитет, живее во Перт, 50 фунти; Кирил Ангелков, организатор на советот, претседател на Централниот комитет, живее во Перт, 50 фунти; 3. Ило Малков, уредник на „Македонска искра", живее во Перт, 50 фунти, 4. Стојан Сарбинов, претседател на Државниот комитет за Западна Австралија, живее во Перт, 50 фунти; 5. Мик Велиовски, секретар на групата „Единство", зборува преку радиостаницата 6КУ по прашања кои го засегаат Државниот комитет, живее во Перт, 50 фунти; 6. Сотир Велиовски, член на групата „Единство", живее во Перт, 50 фунти; 7. Дука Петро, живее во Сиднеј, 50 фунти; 8. М. Велевиќ, живее во Кребс Крик, 50 фунти; 9. Џим Папаруси, член на нашата група „Единство", живее во Фримантл, 50 фунти; 10. Давид Папаруси, потпретседател на Сојузот во Мелбурн, живее во Мелбурн, 61 фунта; 11. Видан Велевиќ, живее во Сиднеј, 57 фунти.

7. ЕМИГРАНТИТЕ ОД СИДНЕЈ ПРЕДВОДАТ ВО КАМПАЊАТА ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЦА – СПИРО НАУМОВ ДАДЕ 100 ФУНТИ. Написот посочува дека од сите Комитети за собирање средства за болница, тој од Сиднеј предводи со донирање сума во висина од 700 фунти. Средствата биле собрани во текот на една вечеринка која била одржана на 18 мај во просториите на „Зора". Посебно е нагласен Наумов за неговиот дарежлив гест и како потсетник дека се спомнати донациите на страница 3 од ова издание. Бројот на присутни на настанот бил околу 300. Весникот ги повикува другите Комитети за изградба на болницата да го следат лидерството на Сиднеј. Говорници: Никола Деканиќ[102], Иван Пизарков и Иван Бакрев, благајник на фондот.

[102] Подвлечено со сино во оригиналниот документ.

8. ОРГАНИЗИРАН ЖИВОТ Кребс Крик. Вечеринката се одржала во куќата на другарот Ник Чакалов, по повод годишницата на неговиот мал син; Чакалов дал 2 фунти за фондот на „Македонска искра". Шепртон, Вик[торија]. Македонската група „Вардар" од Шепртон, Викторија, одржала вечеринка на 30 март на која била собрана сума од 26.14.1 фунти[103] за болничкиот фонд. Во написот е спомната уште една вечеринка, одржана на 25, во чест на бугарските[104] светци Кирил и Методиј, на која биле собрана сума од 33.10 фунти за болничкиот фонд. Читателите се повикуваат да ги испраќаат своите донации до секретарот на групата Раде Војновиќ. Њукасл, Н.Ј.В.[105] Вечеринката на групата „Балкан" била одржана на 18 во Њукасл, во текот на која била собрана сума од 86 фунти за болничкиот фонд. Говорник бил Кирил Карафилов. Другарот М. Мурџев обезбедил пијалаци, Јордан Пичалов обезбедил сендвичи, П. Своболев обезбедил колачи. Мелбурн "Групата 'Македонски сојуз'" одржала вечеринка на 25 мај. Во написот не се спомнати ниту собирање средства, ниту имиња, единствено е опишано дека се пееле песни кои биле донесени неодамна од Македонија.[106]

11. БЛАГОДАРНОСТ до сите пријатели, познати и непознати, кои реагираа брзо на повикот за давање доброволна помош за извесен Коле Биволчев.

Стр. 4

12. Напис на албански јазик, по кој следи англиски текст.

13. Албанци донатори за болничкиот фонд. Следат нивните имиња.

14. БЛАГОДАРНОСТ од извесен Андреа Николов од Менџимап, З.А.[107] до сите негови пријатели во Грејт Џералтон, З.А. кои му овозможиле добредојде во текот на неговиот неодамнешен одмор таму.

---

[103] Официјалната валута на Австралија, до 1966 година, била фунтата. Една фунта била еднаква на 20 шилинзи, додека еден шилинг на 12 пени.

[104] Преводот е погрешен. Имено, во оригиналното издание на „Македонска искра" од јуни 1947 година Св. Кирил и Методиј на неколку места се именувани како „светите браќа Кирил и Методиј", а придавката „бугарски" е додадена од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jun_1947_Vol_1_No_9_page_2.jpg

[105] Нов Јужен Велс.

[106] Во написот во „Македонска искра" е наведено дека се пееле партизански песни од страна на новопристигнатите македонски сонародници од село Герман, Леринско, Македонија. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jun_1947_Vol_1_No_9_page_2.jpg

[107] Западна Австралија.

15. БЛАГОДАРНОСТ од Болничкиот комитет од Менџимап до другарите Васил Пејков и Ристо Мечкаров за организирањето на вечеринка на 19 април. Собрана сума 22.9.1. фунти. г-ѓа Петрана В. Миленцова донирала кокошка за која биле дадени 1, 2 фунти.

16. СИДНЕЈ М. Велевиќ и Л. Василевски, 1 гајба пиво; С. Наумов, шише бренди; И. Чобанов, шише бренди, 2 шишиња шампањ; Р. Белчев, 1 гајба пиво; Б, Гочев, 1 гајба пиво; И. Стефанов, 1 гајба пиво; Ф. Велевиќ, шише бренди; М. Стојанов, 100 цигари.

17. Весникот испраќа добри желби до родителите и новороденион Џон Стефанов од Њукасл поради донацијата од 1 фунта за фондот „Македонска искра".

18. Необјавен текст: Се однесува на донација од 1 фунта од извесен Лазо Стојчев од Перт во текот на јавниот собир одржан на 30 март. Подарок крпа и перниче од г-ѓа Л. Д. Пазова.

19. и 20. ПОПУЛАРНИ БЕБИЊА Во врска со натпреварот за најубаво бебе.

21. ОБЈАВИ Голем собир на 13 јули во Клубот. Причина: Фондот за болница.

Важно за нашите емигранти во Перт... што ќе се случува: 2 август – Голема танцувачка забава поврзана со натпреварот за најубаво бебе. 30 август: Конференција на Државнот комитет. Една година од основањето на нашиот Сојуз. Вечеринка; 11 октомври: прва годишнина од создавањето на „Македонска искра".

Важно за Менџимап – групата „Слобода" организира вечеринка и танцување на 28 јуни. Сите се поканети.

22. ГИ БАРААТ СВОИТЕ БЛИСКИ ВО АВСТРАЛИЈА - Трајче Паржиов од улица „Митрополит Григориј", бр. 133, од Битола, Македонија ги бара своите блиски: Павле К. Паржиов, Јован Колев Јанков, Трајан Паржиов, Анастас Г. Котев и Марија Котева. Исто така, Кочо Г. Карамитановски, кој живее на истата адреса во Битола како претходно спомнатиот Паржиов, ги бара своите блиски Мите Х. Коцев и Ноле Стамболиев. Писмото завршува со повик до сите австралиски Македонци да се приклучат на нивниот „Народен сојуз" во Австралија за општото добро на Македонија и за поддршка на поробениот „Егеј".

---

## РЕЗИМЕ НА СОДРЖИНАТА НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА"

Издание од мај 1947 година

Стр. 1

1. ПОСЛЕДЕН ДЕН ОД СУДЕЊЕТО НА ТЕРОРИСТИТЕ НА ВМРО Многу опширен текст, кој продолжува на 7 страница, кој се однесува на шпионски круг во Македонија, познат како „Внатрешна македонска револуционерна организација“, предводен од Иван Михајлов[108] кој, сè до 1944 година, соработуваше со Германците. Резултатот на овој судски процес беше објавен во следниот број на овој весник, т.е. во бројот од јуни 1947 година – кој веќе е преведен.

2. ТЕРОРОТ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА СТАНУВА СЕ ПОЖЕСТОК – ЦЕЛИ СЕЛА ВО ЛЕРИНСКО И КОСТУРСКО СЕ ПРОТЕРАНИ – СТРАДАЊАТА НА НАШИОТ НАРОД СЕ НЕОПИСЛИВИ Овој напис е долго парафразирање на овие наслови кои стануваат секојдневни во комунистичкиот печат. Без директен интерес за Австралија.

3. НАПИС НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Стр. 2

4. МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ВЛАСТ ЈА ПРОТЕГА БРАТСКАТА РАКА НА БОЛНИЧКИОТ КОМИТЕТ – ПРЕМИЕРОТ ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ МУ ГО ПИШУВА ОВА НА НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ. Писмото почнува со извинување поради доцнењето на одговорите на писмата од Комитетот (може да се претпостави дека овие писма се однесуваат на понудата за собирање средства за изградба на македонска болница) што се должи на фактот дека авторот на писмото не бил целосно запознат со оваа работа. Враќањето од Америка на д-р Димитар Влахов[109], уште еден член на „Македонскиот кабинет“[110], му ја појаснил работата на Колишевски кој сега им кажува на своите „австралиски сонародници“ колку итно е неопходна болница во Македонија и колку

[108] Иван Михајлов (1896 – 1990). По убиството на Тодор Александров станал член на ЦК на ВМРО, а по убиството на Александар Протогеров го презел раководството на Организацијата. По деветнаесеттомајскиот преврат во Бугарија во 1934 година емигрирал во Турција. Имал плодна соработка со десничарски организации во Хрватска, Италија, Германија и Унгарија. Во текот на Втората светска војна престојувал во Загреб и дејствувал како личен советник на Анте Павелиќ. Во 1944 година пристигнал во Скопје со цел да формира самостојна македонска држава под патронат на Германија. По завршувањето на Втората светска војна емигрирал во Австрија, а потоа во Италија, каде што живеел до својата смрт.

[109] Димитар Влахов (1878 – 1953), македонски деец, член на ВМОРО, ВМРО, ВМРО Обединета, Бугарската и Југословеската комунистичка партија. Еден од главните протагонисти за потпишувањето на Мајскиот манифест. Бил еден од основачите на ВМРО Обединета и член на нејзиниот Централен комитет. По Втората светска војна бил член на југословенската делегација на Париската мировна конференција, а бил избран и за потпретседател, а подоцна и претседаел на сојузното собрание на ФНРЈ.

[110] Димитар Влахов не бил член на македонската влада. Тој бил потпретседател и претседател на Сојузното собрание на ФНРЈ, а во 1948 година бил избран за претседател на Народниот фронт на Македонија.

би била добредојдена помошта од австралиските донатори – чиишто подароци би биле одбележани во македонскиот печат. Колишевски ветува дека постојано ќе ги информира автралиските Македонци за прогресот на процесот.

5. ПРЕМИЕРОТ ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ ЈА ДЕМАСКИРА ФАШИСТИЧКАТА КЛИКА ВО АМЕРИКА СОБРАНА ОКОЛУ „МАКЕДОНСКА ТРИБУНА[111]“ Написот се однесува на неодамнешниот говор на Лазар Колишевски во кој ги напаѓа бугарските антинационалисти[112] и македонските фашисти во Америка кои, помогнати од англо-американската „реакција“ шират невистини и вршат конспирации против актуелната слободна република Македонија. Бандитите на Михајлов[113] често се спомнуваат, како и грчките монархофашисти кои прават најголеми проклетства да го нарушат владеењето и поредокот на „Независната комунистичка држава Македонија“[114]. Други имиња не се спомнуваат.

6. МАКЕДОНСКИ РАБОТНИЧКИ ПЕСНИ Ние сме твоја армија, мајко Македонијо...кој ќе се осмели да се мери со нас...

Стр. 3

7. ПРВОМАЈСКИ ПРОСЛАВИ – НАШЕТО МАКЕДОНСКО ЗНАМЕ БЕШЕ ГОРДО ПАРАДИРАНО

Овој текст ја опишува Првомајската прослава во Перт и учеството на Македонците кои биле организирани од МАНС (Македонско-австралискиот народен сојуз). Македонската група, се вели во весникот, гордо парадирала по улиците на Перт заедно со нивните југословенски браќа, носејќи го портретот на Маршал Тито и слогани кои содржеле зборови како: „Ние сме слободни Македонци од Југославија“; „Ние бараме слобода за сите Македонци“ или „Ние сме Македонци од Грција – Заедно се боревме против фашизмот – денес не именуваат „бандити“... „Ние бараме исполнување на Атлантската повелба“.

[111] Орган на Македонската политичка организација/Македонската патриотска организација во САД кој излегува од печат од 10 февруари 1927 година, на бугарски и на англиски јазик, до денес.

[112] Во оригиналното издание на „Македонска искра“ стои бугарската опозиција. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/May_1947_Vol_1_No_8_Page_2.jpg

[113] Се однесува на Иван Михајлов.

[114] Погрешен контекст на реченицата при преводот. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ каде што е пренесен говорот на Лазар Колишевски, тој наведува дека бугарската и грчката пропаганда шират невистини дека македонските комунисти сакаат да ги променат границите на сметка на Бугарија и на Грција за да се создаде Независна комунистичка држава Македонија. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/May_1947_Vol_1_No_8_Page_2.jpg

8. ТИЕ МАРШИРАА И ВО МЕЛБУРН Четириесет Македонци парадирале на улиците на Мелбурн на 1 мај. Меѓу паролите кои ги носеле бил и еден на кој било мапишано: „Англичаните и Американците мораат да ги напуштат Македонија и Грција“.

9. ВЕЧЕРА ВО ЧЕСТ НА НАШИОТ КОНЗУЛ ДРУГАРОТ ИВАН КОСОВИЌ во куќата на нашиот другар Мичо Попјовчев, на 1 мај во Перт. Скоро секој член на Македонскиот западно австралиски државен комитет беше присутен, како и претседателот и потпретседателот на Болничкиот фонд, другарите Филип Џамбазов и Симо Манов. Косовиќ беше придружуван од секретарот на Југословенскиот државен комитет, другарот Л. Марковиќ и секретарот на Југословенскиот помошен комитет, другарот А. Силиќ.

Трпезата беше подготвена од г-ѓа М. Попјовчева, додека госпоѓиците Кони Попјовчева и Кони Малкова помогнаа за сервирање на масата. Другарот Косовиќ зборуваше многу отворено за прашањата за кои има голем интерес кај нас, т.е. за слободна Македонија, Егејска Македонија и Пиринска Македонија.

Косовиќ потоа зборуваше за грчките „бегалци“ кои бегаат од грчкиот монархофашистички терор и индицираше дека не помалку од 20 000 такви луѓе неодамна побарале спас кај југословенското раководство. Тој заврши велејќи дека правото на борба на слободните Македонци против теророт и тиранијата на грчките монархофашисти не само што е нивна борба, туку и борба на целиот грчки демократски народ, исто така, како и дека тој е силно се надева дека тие ќе ја извојуваат својата слобода во најскор можен момент. „Од наша страна“, забележува весникот, „К. Ангелков, претседателот на Централниот македонски комитет, го поздрави другарот Косовиќ и го увери во радоста и среќата кои тие сите ја почуствувале поради неговото присуство меѓу нив“.

Стр. 4

10. БОЛНИЧКАТА КАМПАЊА Е ОБВРСКА НА СИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО АВСТРАЛИЈА

Написот почнува со забележување на фактот дека поминале шест месеци од датумот на создавањето на кампањата за болничкиот фонд. По известувањето дека очекуваната сума од Македонците во Австралија била посочена на 10 000 фунти, со жалење се констатира дека 4 000 фунти, сè уште,  недостасуваат за да се постигне целта. Текстот на написот претставува долга и повторувачка опомена за повеќе

пари. Тука се посочени добри примери за читателите на „Македонска искра". Собирањето на сума од 200 000 фунти од страна на австралиските Југословени за „бегалците од монархофашистичкиот терор"; „иљадници и иљадници долари собрани од југословените во Канада и САД, како и нивната цел за собирање на 250 000 долари како помош за изградба на „Американска болница" во Југославија. Написот е потпишан од С. Сарбинов, член на Болничкиот комитет, Перт.

11. <u>ТОЈ ДАДЕ 50 ФУНТИ ЗА БОЛНИЦАТА</u> Ова е текстот под фотографијата на „другарот Танас Рачков, од Мелбурн, кој е активен член на Централниот комитет на МАНС за Викторија. За да ја надмине предвидената сума од 50 фунти за поединечни донации, другарот Рачков даде дополнителна 1 фунта, со што конечната сума е 51 фунта – како дополнување на донациите од неговото семејство за овој фонд во минатото".

12. ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ во недостиг од кирилски фонт, сме принудени да го печатиме „Македонска искра" со латинични букви.

13. НАПИС НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

14. ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ДРУГАРИТЕ ОД ГРУПАТА „ЕДИНСТВО"дека општо собрание ќе се одржи на 1 јуни во 1 часот во Клубот за да се дискутура за значајни проблеми „во врска со нашата група".

<u>Стр. 5</u> НА АНГЛИСКИ

<u>Стр. 6</u> НЕДОСТАСУВА

<u>Стр. 7</u>

15. МИХАЈЛОВИСТИЧКАТА ВМРО Продолжение од стр. 1, Напис 1 (веќе преведено).

16. ЈАВЕН СОБИР на кој се поканети да присуствуваат сите од македонската емиграција во Перт и околните области, организиран од страна на Главниот болнички комитет, на 15 јуни вечерта. СИТЕ СЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ!

17. ПРЕТПЛАТЕТЕ ГИ ВАШИТЕ БЛИСКИ ВО АМЕРИКА, КАНАДА И ВО ТАТКОВИНАТА НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА" Другарот Васил Жупанис од Северен Перт, З.А.[115] неодамна го претплати другарот Благој Гушлев од Америка на „Македонска искра". Сторете го истото! Годишна претплата чини 10 дими; испратете ги на „фондот" на весникот за да можеме да започнеме да објавуваме два броја месечно. Во моментов, весникот излегува еднаш месечно.

[115] Западна Австралија.

18. ФОТОГРАФИЈА со текст: Нашите сонародници од Сиднеј, Њукасл и Порт Кембла на пикник по повод собирање средства за Болничката кампања, на кој беа собрани 143 фунти.

Стр.8

19. БОЛНИЧКА КАМПАЊА ВО КРЕБС КРИК Текст во две и пол колони кој е извештај од К. Пазов, претседател на Комитетот во Кребс Крик, за настаните на вечеринката која била одржана во Кребс Крик на 6 април 1947 година со цел поддршка на болничката кампања.

а) Донатори по 1 фунта: В. Велев, Н. Паволиќ, Г. Талев, К. Шалвар, П. Јовчевски итн.

б) Платиле за чаша кафе: Г. Николов 1.15 фунти, С. Миланков 1 фунта, дописникот на групата Н. Караџов ја донираше сумата во фондот која му следуваше за неговите услуги 1.10 фунти.

в) Директни донатори за болничкиот фонд: По 5 фунти донираа Т. Дукети, Крсте Шимбето итн.

г) Донации во храна и пијалоци: 10 галони пиво од Н. Велевиќ итн.

д) Подароци за акција и лотарија од страна на г-ѓа Л. Д. Пазова, крпа и перниче итн.

ѓ) Ќе играш или нема да играш? К. Пазов плаќа 5 фунти за да игра, Т. Кристов плаќа 10 шилинзи за да не игра итн. Вечерта биле собрани 200 фунти за болничкиот фонд и 64 фунти за „Македонска искра“.

20. ДОПОЛНИТЕЛНИ 2000 ФУНТИ БЕА ИСПРАТЕНИ Известување од „Главниот болнички комитет, Перт“, дека нови 2 000 фунти за болницата во Битола биле испратени преку Југословенскиот комитет на заедницата од името на М. Б. К.[116], Перт.

21. РИЧМОНД, Н.Ј.В. Следуваат имињата на донаторите.

22. МЕНЏИМАП, имиња на донатори.

23. ЈОРНАП, исто

24. САНАТОРИУМ ВО ВУРОЛУ, исто.

25. СИДНЕЈ, исто.

26. БИГ БЕЛ.

27. СЕЈЛ, ВИК[ТОРИЈА], исто.

28. КОРЕКЦИИ ПОРТ КЕМБЛА.

29. МЕНЏИМАП Известување за одржување на „Голема вечеринка и танцувачка забава“ за Македонците од Менџимап и Бриџтаун, во салата Јорнап, на 7 јуни 1947 година.

30. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“Следуваат имиња на донатори.

---

[116] Македонскиот болнички комитет.

## РЕЗИМЕ НА СОДРЖИНАТА НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Издание од април 1947 година

Македонци! Организирајте се околу МАНС и поддржете ја Болничката кампања; не го заборавајте својот народ.

Стр. 1

1. ГЕНЕРАЛ МАРКОС ГИ ОБЈАСНУВА ПРИЧИНИТЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА НЕПРИЈАТЕЛСТВА ВО ГРЦИЈА. ПОВЕЌЕ ОД ПОЛОВИНА ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРЧКАТА ДРЖАВА Е ВО РАЦЕТЕ НА ПАРТИЗАНИТЕ. Датирано на 26 март 1947 година написот се однесува на известувањето на дописникот на „Борба“ од Солун кој пренесува разговор меѓу Анкетната комисија, од една страна, и „генерал Маркос“, водачот на грчките партизани, од друга страна. Детали од оваа средба претходно беа објавени и јавноста ги знае. Една или две работи, сепак, се значајни да бидат спомнати тука. Написот го капитализира во целост искажувањето на Маркос дека грчките Македонци живееле под грчката војничка чизма многу долго, притоа им биле забранети сите културни установи итн., како и дека за време на германската окупација и онаа на монархофашистите, тие се бореле заедно со нивните грчки другари за одбрана на идеалите за слободата и „демократијата“.

2. ФОТОГРАФИЈА - текст на англиски јазик.

3. ОНО ИСТРАЖНА КОМИСИЈА - напис на англиски јазик.

4. АТОМ - употребата на атомската енергија единствено за создавање атомска бомба е како користењето на струјата единствено за електричен стол... Наводно ова бил ставот на рускиот професор Капица кој му го кажал на американскиот драматург Норман Корвин, кој го цитирал ова како една од најфилозофските мисли кои ги слушнал во текот на неговите патувања.

5. КОЛКУ Е ГОЛЕМА ГЕРИЛСКА ГРЦИЈА? – напис на англиски јазик.

6. СЕ ЗГОЛЕМУВА ВО БРОЈНОСТ РОМАНСКАТА МЛАДИНА – напис на англиски јазик.

Стр. 2

7. ПРВА МАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО АВСТРАЛИЈА (Продолжение од претходниот број). ИЗВЕШТАЈ ОД ДЕЛЕГАТОТ ОД ШЕПРТОН, ВИКТОРИЈА Овој напис се осврнува на различните конфе-

ренции кои биле одржани во Западна Австралија од страна на локалните Македонци за потребите на болничката кампања во Југославија. Гласот од Шепртон е Р. Војновиќ, кој говори од името на 70 Македонци, кои, заедно со 30 членови на МАНС собрале 110 фунти за болницата. ДЕЛЕГАТОТ ОД МЕЛБУРН Д. Трипко известува дека од претходните 90 членови од пред три години, сега се останати само 16. Нивните собири се добро посетени, меѓутоа интересот рапидно опаднал. Без оглед на тоа, оваа група собрала вкупна сума од 300 фунти за болничката кампања и се трудат да ја зголемат продажбата на „Македонска искра“ која, во моментов, според дописникот, е 75 примероци. Делегатите Т. Рачков и С. Орданин го критикуваа раководството во Мелбурн, а истото го сторија и делегати од други групи. СЕЈЛ, ВИКТОРИЈА само 15 Македонци кои собрале 30 фунти за Болничкиот фонд. БОНИ РИГ, Н.Ј.В.[117] мала група, пишува Г. Грозданов, меѓутоа која успеала да собере 60 фунти за Болничкиот фонд и 5.6 фунти за фондот за „Македонска искра“. „Ние му испраќаме на нашиот другар Грозданов“, пишува во „Македонска искра“, „најдобри желби за продолжување на неговиот успех со групата“. КРЕБС КРИК, ДАНБИБЛ, БИЛИНГЕЛ, Н.Ј.В. Известувањето е испратено од гостинот – делегат Д. Пазов, кој известува дека групата се состои од 63 емигранти и 50 членови кои собрале сума од 300 фунти за Болничкиот фонд и 18.10 фунти за фондот на „Македонска искра“. Откако беше одлучено да се испрати делегатот Д. Велевиќ да ја посети нашата заедница во Ванчоп и да им го објасни значењето на Болничката кампања, делегатот Велевиќ се врати по успешното патување и ги донираше средствата за патните трошоци на Болничкиот фонд.

8. РЕШЕНИЈА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА 1. Сојузот да се именува Македонско-австралиски народен сојуз; 2. Централното раководство да биде во Перт; 3. Членовите на управното тело да бидат жители на Перт. 4. Треба да има по двајца претставници од секоја држава; 5. Секоја држава да избере по едно бебе за натпреварот за најубаво бебе за да се помогне Болничкиот фонд; 6. „Кампањата за најубаво бебе“ да започне на 10 април и да заврши на 3 август. 7. Имињата на оние што ќе донираат 50 фунти или повеќе ќе бидат запишани во алманах кој ќе биде чуван во канцеларија во болницата; 8. На оние чиишто донации ќе надминат 50 долари ќе им бидат објавени фотографии во алманахот; 9. Одлучено е вкупната сума да изнесува 10 000 фунти

[117] Нов Јужен Велс.

која откако ќе биде собрана ќе биде испратена во државата; 10. Треба да се отпочне нова кампања за собирање средства за опремување на болницата; 11. Поединци можат да опремат една соба во болницата и нивните имиња ќе бидат поставени откако ќе се добие потврда од болницата; 12. Централниот болнички комитет го задржува правото да го реши овој проблем; 13. Крајниот рок од 3 август 1947 година може да биде продолжен доколку не биде собрана целата сум до тогаш; 14. „Македонска искра" да биде печатен двапати месечно веднаш штом редакцијата ќе смета дека финансиската состојба е добра;[118] 16. Секој клон да избере комитет кој ќе биде составен од двајца луѓе и еден кореспондент кои ќе се грижат за распространување на весникот. 17. Да бидат именувани двајца чиновници кои ќе работат во канцеларијата на МАНС и во онаа на „Македонска искра". 18. Централниот комитет да отвори своја библиотека[119]. 19. Делегатите да бидат исплатени преку Централниот комитет од страна на нивните соодветни клонови.

9. НАПИС НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

10. ПОТСЕТУВАЊЕ до читателите на весникот дека се користи латински фонт поради недостиг од кирилски фонт.

11. ФОТОГРАФИЈА под која е напишано „РАБОТНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА", весникот им кажува на читателите за „прекрасниот летен хотел" кој е изграден за работниците во Македонија покрај Охридското Езеро.

<u>Стр. 3</u>

ГОВОР НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ПРЕД ЗИМСКИОТ[120] КОМИТЕТ во врска со економскиот развој на земјата кој, според него, покажа 20 проценти раст во текот на периодот за кој станува збор. Направена е алузија „до нашите прекуокеански браќа чијашто проширена помош со радост ја прифаќаме..."

13. СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ МОРА ДА ЧИТА И ДА ПИШУВА Спроведена е кампања против аналфабетизмот во Македонија во која не само

[118] Петнаесеттата точка не е во преведениот документ. Таа гласи: Во весникот „Македонска искра" картата на Македонија која се наоѓа десно да не е повеќе во темна боја. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_2.jpg

[119] Во оригиналниот текст во „Македонска искра" стои книжарница. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_2.jpg

[120] Во оригиналниот текст во „Македонска искра" стои Земскиот комитет. Очигледно се работи за грешка при преводот. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_2.jpg

Македонцте, туку и Циганите, Власите, Албанците и другите би имале придобивки.

14. ПИСМА ОД СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА. Првото е потпишано од извесен К. А. Стојков и е адресирано до „Драг другар Коце“, додека второто писмо е напишано од Нуме Марковски до Митре Делијанов. И двете писма алудираат на „борбата за слобода“ кои тие ја водат против „проклетите фашисти“ и колку се горди што се борат рамо до рамо со нивните другари од „Демократската армија на Грција“.

15. МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ. „Македонско црвено знаме“... колку ми е мило што гледам во црвеното знаме; и „Денес е време за слободата“... „Збогум мајко, јас морам да умрам за слободата!“.

Стр. 4

ПИСМО ОД МАКЕДОНСКИ СТУДЕНТ ОД СОФИЈА, БУГАРИЈА ДО ПОЧИТУВАНАТА РЕДАКЦИЈА НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ потпишано од извесен Георги Велов и се спомнува Иван Велов кој му испратил примерок од весникот „Македонска искра“, ги поддржува Македонците во Австралија и потоа ги опишува примитивните услови под кои луѓето кои живеат во Македонија добиваат медицинска помош, недостиг од хируршки инструменти и како некои бабици сè уште ги користат кујнските ножеви за пресекување на папочните врвци при пораѓањата.

17. РАДИОЕМИСИЈА од Мик Велиовски на Станицата 6КУ, Перт – МАНС ГОВОРИ ПРЕКУ РАДИО ПЕРТ!

18 до 24 вклучуваат НАПИСИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Стр. 5

25. НАПИС НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

26. ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА МАНС Следниве лица беа избрани за членови на Извршниот комитет на МАНС во текот на Македонската конференција која се одржа во Мелбурн, Викторија, на 7ми, 8ми и 9ти март: претседател К. Ангелков, Перт; потпретседател С. Сарбинов, Перт; секретар И. Малков, Перт; благајник М. Велиовски, Перт; членови: В. Апостолов, Аделаида, Д. Трпко, Мелбурн; Т. Рачков, Мелбурн; Ј. Бакрев, Сиднеј; К. Мурџев, Њукасл.

Машката и женската младинска група добија право да испратат по еден свој претставник кој ќе членува во Ценралниот комитет.

27. НАТПРЕВАР ЗА НАЈПОПУЛАРНО БЕБЕ Содржи детали за кампањата „за популарно бебе“ како помош за болничкиот фонд, целта е 10 000 фунти. Правото на глас се добива преку набавка на картички

– цена 3 шилинзи, можат да се набават на фах Р 1267, ГП. О. Перт.

28. ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРЕТСТАВНИК ЈОСИФ ГИРГА[121] бара од Балканската анкетна комисија да ги истражи на терен злосторствата кои се извршени врз егејските Македонци од страна на грчките монархофашисти.

28. ФОТОГРАФИЈА од група новодојдени Македонци во Австралија.

Стр. 6

ФОТОГРАФИЈА од Македонската „влада“ со Л. Колишевски како „премиер“.

30. СРЕДБАТА ВО МЕНЏИМАП ГИ НАДМИНА СИТЕ ОЧЕКУВАЊА – НОВА ГРУПА Е ОРГАНИЗИРАНА – 25 ЧЛЕНОВИ ВКЛУЧЕНИ – НОВО РАКОВОДСТВО ИЗБРАНО.

Датум на средбата 20 април. Локални Македонци и Бугари присуствувале. Специјални гости: другарот Кирил Ангелков, организаторот на Комитетот од Перт, другарот Филип Џамбазов, претседателот на болничкиот фонд и радиокоментаторот и секретар на групата „Единство“, М. Велиовски, како и претстедателот на Окружниот комитет за З.А.[122], С. Сарбинов, локалниот претседател Коле Пејков и секретарот на окружниот болнички фонд, другарот Танас Каламаров. Беа одржани многу говори и на крајот беше собрана сума во висина од 550 фунти за Болничкиот фонд. Ова се членовите на новото раководство: претседател С. Мечкаров, потпретседател М. Делијанов[123], секретар, М. Делијанов, благајник С. Марковски. Контролна комисија: Н. Грзовски, Р. Мечкаров, Т. Каламаров.

31. ДЕНОТ НА РАБОТНИКОТ „Големи подготовки се прават“ вели весникот за прославата по повод 1 мај во Перт. Ги повикува сите Македонци да земат учество во процесијата која ќе почне во 9 часот од улицата „Џејмс“, бр. 82.

32. ИСПРАВКА ВО ПЕТТИОТ БРОЈ „Информирани сме од Болничкиот комитет“ вели „Искра“, „дека сумата која е испратена во Битола била 2500 фунти, а не 3 000 фунти како што беше објавено. Исто така, сме информирани дека Комитетот ќе испрати дополнителна сума во висина од 2 000 фунти“.

[121] Се однесува на Јосиф Герѓа, југословенски дипломат во периодот по Втората светска војна. Амбасадор во Албанија и Индија.

[122] Западна Австралија.

[123] Погрешно име во преводот. За потпретседател бил избран П. Влахов. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_6.jpg

33. БУГАРИН ДАВА 20 ФУНТИ ЗА БОЛНИЦАТА Човекот за кој станува збор е В. П. Иванов од Карул, Твид Ривер, Н.Ј.В.[124]

34. ТАЖНА ВЕСТ На 3 април 1947 година почина од срцево заболување Сотир Стојков. Соопштуваат неговите браќа Стасе и Пандо Стојкови.

Стр. 7

35. ПИКНИК ВО ПОРТ КЕМБЛА организиран од сонародниците за собирање помош за Болничката кампања. 143 фунти се собрани. Главните донатори се подвлечени со црвено[125].

36. ТАЖНА ВЕСТ за извесен Васил Колев, на 28 годишна возраст, убиен во борба на 26 мај 1946[126] година од страна на грчките монархофашисти, додека ја бранел светата почва на Егејска Македонија. Соопштуваат неговите чичковци Танас Колев, Ристо Колев и Павле Ангелов кои, по овој повод, уплаќаат по 1, односно 2 фунти за фондот „Македонска искра".

37. ИЗВЕСТУВАЊЕ до сите сонародници и словенски браќа дека прославата по повод Св. Кирил и Методиј (двајца бугарски светци[127]) која „среќно" се паѓа на истиот датум со роденденот на маршал Тито – ќе бидат одбележани со голема вечеринка на 24 мај 1947 година во Речабл Хол, улица „Вилијам" бр. 224, Перт. Сите се поканети. Известувањето е испратено од Централниот комитет на МАНС.

38. ИЗВЕСТУВАЊЕ - танцувачка забава ќе биде организирана на 10 мај од страна на младинската женска секција во Југослав Хол, Озборн парк, во 20:00 часот.

Стр. 8

39[128] ФОНД ЗА БОЛНИЦАТА ВО БИТОЛА (Југословенски град во Македонија[129]) Мелбурн... вкупно 51.12 фунти – (имиња наведени);

[124] Нов Јужен Велс.

[125] Се работи за коментар на преведувачот на Австралиската служба кој веројатно ги подвлекол со црвено имињата во оригиналниот примерок на весникот кој му бил доставен.

[126] Погрешен датум во преводот. Во оригиналниот текст во „Македонска искра" е наведен датумот 14 мај 1946 година. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_7.jpg

[127] Овој коментар е даден од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст објавен во „Македонска искра" не постојат зборовите „бугарски светци". Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_7.jpg

[128] Редниот број не е наведен во оригиналниот документ.

[129] Ова е коментар на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1947_Vol_1_No_7_Page_8.jpg

продолжува од 9 март – 230 фунти (имиња наведени); Менџимап... вкупно 58.10 фунти (имиња наведени). Разно.

40. „НОВА МАКЕДОНИЈА“ оние што сакаат да се претплатат на „Нова Македонија“ да известат на адреса Редакција „Нова Македонија“, улица „Гоце Делчев“, бр. 20, Скопје, Југославија.

41. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ од Менџимап (следуваат имиња), Бојупбрук (следува име), Вериби, Викторија (следува име), Носеман, ЗА[130] (следува име), Кребс Крик (следуваат имиња).

42. СОБИРАЊЕ ПОМОШ ЗА ВДОВИЦАТА И СИРАЦИТЕ НА ТОДОР ТРПЧЕВ - сите живеат во селото Долно Котори, Леринско, Македонија. Покојниот беше убиен на 2 јуни 1946 година од монархофашистички куршум. Аделаида... (следуваат имиња), Перт и Бојупбрук (следуваат имиња).

43. СИНАТА СОБА ВО ПЕРТ (средба од 31 март 1947 година) Помош за Конференцијата (следуваат имиња. Вкупно 26 фунти).

44. ЗА БОЛНИЧКАТА КАМПАЊА – ТЕЛЕГРАМА ОД КРЕБС КРИК – Ние собравме 200 фунти за Болницата и 64 фунти за „Македонска искра“. „Голема пофалба... Кребс Крик... ајде сите македонски групи низ Австралија да го следат вашиот пример...“ од Главнот болнички комитет, Перт.

45. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ 1 фунта од г-ѓа Пејкова по повод раѓањето на нејзината ќерка, Марија, на 5 март. Г-ѓа Пејкова е ќерка на г. Танас Илов од Бичвуд, Н.Ј.В.[131]. Веста ја соопштува Танас Каламаров од името на групата од Менџимап.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 56 – 67.

---

[130] Западна Австралија.
[131] Нов Јужен Велс.

# 17

# Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој е прикачен сумарен превод на мартовскиот број од 1947 година на „Македонска искра“ , 5 јануари 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ФС. НМ Бр. 15300/35

Телефони Истражен оддел на Комонвелтот

Б 1715
БВ 2147
БВ 2148

6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

До Директорот,
КАНБЕРА

5 јануари 1948 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука Ви го препраќам како информација сумарниот превод на изданието на „Македонска искра“ од март 1947 година.

Р.ВИЛИЈАМС

заменик-директор

---

СУМАРНА СОДРЖИНА НА
„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
Издание од март 1947 година

1. ПРВАТА МАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО АВСТРАЛИЈА се одржа во Мелбурн, Викторија, на 7, 8 и 9 март. Написот зборува за извонредниот успех на конференцијата – прва од таков вид во Австралија. Откриен е фактот дека Македонскиот народен сојуз веќе оформил 15 клонови низ Австралија, од кои два се младинско-спортски клубови. К. Ангелков реализирал тура низ земјата за да ја организира кампањата за Болничкиот фонд. Првите делегати кои пристигнале во Австралија биле Л. Малко, секретар на Сојузот за Западна Австралија, од Перт и С. Чолаков, секретар на групата „Нова Македонија“, Џералдтон. Била

донесена резолуција која треба да биде испратена како телеграма во која се изразува ужаснувањето на Конференцијата поради теророт врз грчкиот народ[132] од страна на монархофашистите.

Делегати беа следниве: од Сиднеј: В. Велевиќ; Порт Кембла: А. Ристиќ; Њукасл: К. Мурџев; Форбс: М. Саров; Кребс Крик, Данбибл и Белингл: Д. Пазов, сите од Н.Ј.В.[133]

Викторија: 4 делегати: Шепртон и Татура: Р. Војновиќ; Мелбурн: Д. Трапко, Т. Рачков и С. Одранин.

Другите клонови како Ричмонд, Катумба, Квинбејан и Аделаида не пратија свои делегати – или поради болест или поради недоволен број на клонови за да бидат претставувани.

Вкупно беа 12 делегати кои претставуваа 11 клонови. Претседавач на Конференцијата беше К. Ангелков. Претседавач следниот ден беше В. Велевиќ, Сиднеј.

Младинската женска група во Перт брои 2 членки кои се многу активни. (Имиња не се наведени). Менџимап, З.А.[134] Во 1943 година членството броело 130 члена, сега, поради економските услови, само 30. Сумата која била собрана за Болничкиот фонд, сепак, е 350 фунти.

Бриџтаун-Бојуп Брук. Неколку македонски сонародници. Сепак, двајца од нив беа избрани и за Болничкиот фонд собраа 62 фунти.

Делегатот кој зборуваше од името на Ричмонд, Катумба и Квинбејан рече дека сумата која била собрана од страна на членовите кои живеат во овие области одвреме-навреме се објавува во „Искра“.

„Нова Македонија“ во Џералдтон. Делегатот од оваа област, С. Чолаков, рече дека за 8 месеци тие одржале 11 состаноци на кои присуствувале не помалку од 50 членови во секоја пригода. Овие активности придонесле да биде собрана импресивна сума во висина од 1 200 фунти, од кои 18 фунти биле распределени за „Искра“.

Делегатот од Н.Ј.В.[135], Велевиќ, рече дека донациите за фондот изнесувале 196 фунти, од кои 170 фунти веќе биле испратени до Болничкиот комитет во Перт.

[132] Погрешен превод од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Оригиналниот текст во „Македонска искра“ е следниов: „На крајот беше донесена едногласна одлука да се испрати една резолуција од страна на Конференцијата до Организацијата на обединетите народи против незапирливиот терор врз македонското мирно население во Грција од страна на монархофашистите“. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1947_Vol_1_No_6_Page_1.jpg

[133] Нов Јужен Велс.

[134] Западна Австралија.

[135] Нов Јужен Велс.

К. Мурџев, делегатот од Њукасл, информираше на средабата дека донациите од неговиот клон изнесувале 160 фунти за Болничкиот комитет и 2 фунти за „Искра“.

Делегатот од Порт Кембла, А. Ристиќ, рече дека од 45 Македонци од неговата област, 26 се редовни членови на организацијата, како и дека нивните донации изнесуваат 218 фунти за Болничкиот фонд и 19.10 фунти за „Искра“.

Делегатот М. Саров од Форбс рече дека има само 18 сонародници во неговата област, од кои 17 се редовни членови на организацијата, кои успеале да соберат сума од 200 фунти за болничкиот фонд. Сите од нив се претплатници на „Искра“ (Продолжува во следниот број).

2. ДЕЛЕГАТИ НА ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ВО АВСТРАЛИЈА: Прв ред: Спиро Чолаков (Џералдтон); Ило Малков (Перт); Кирил Ангелков (Перт); В. Велевиќ (Сиднеј); Ангел Ристиќ (Порт Кембла). Втор ред: Кирил Мурџев (Њукасл); Доне Пазов (Кребс Крик); Танас Рачков (Мелбурн); Дане Тарпку (Мелбурн); Раде Војновиќ (Шепртон); Спиро Орданин (Мелбурн); Мито Саров (Форбс).

3. ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРЕТСТАВНИК ВО БАЛКАНСКАТА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЈА ОБВИНИ ГРЧКАТА МОНАРХОФАШИСТИЧКА ВЛАСТ. Специјалниот кореспондент на југословенскиот „Танјуг“ тврди дека сите реакционерски и монархофашистички весници во Атина на големо ги коментираат острите обвинувања од страна на југослвоенскиот делегат изнесени пред Балканската анкетна комисија во врска со спроведувањето на монархофашистичкиот терор врз невиното грчко[136] население.

<u>Стр. 2 ДО МАКЕДОНСКИТЕ ЕМИГРАНТИ ВО АВСТРАЛИЈА.</u> Ова е отворено писмо од уредникот на „Искра“ кој бара финансиска помош и донации за одржување на актуелната осум-листна форма на весникот, како и можноста од месечник да стане неделник.

2[137]. ПЕМБЕРТОН, З.А.[138] Потпишана пофалба од страна на Д. Делијанов за новиот облик на „Искра“. Во прилог има донација од 10 шилинзи од него и од други тројца поддржувачи.

6. ИЗВЕСТУВАЊЕ до сите донатори во кое се бара од нив да напишат во писмена форма забелешки доколку при објавувањето на дона-

[136] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ никаде не е наведена придавката *грчко*. Во оригиналот стои „невиното население“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1947_Vol_1_No_6_Page_1.jpg

[137] Погрешен реден број во оригиналниот документ.

[138] Западна Австралија .

циите бидат направени грешки која донација е за Болничкиот фонд, а која за весникот.

7. ОДГОВОР ОД СКОПЈЕ. Написот се однесува на примената потврда – преку телеграма – за пристигнувањето на првата сума во висина од 1.195 фунти испратени од австралиските Македонци до Скопје, како дел од Болничкиот фонд. Телеграмата е адресирана до Тодориќ – чиишто детали во целост се наведени во текстот на англиски јазик кој следи. „Нека оние наши браќа Македонци кои не веруваа во искрените намери да истапат и да застанат меѓу нас, па следната сума која ќе ја испратиме да стигне до целта – 2 500 фунти.

8. ПИСМО ОД ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ - уште една потврда, овој пат од Генералниот секретар на Југословенскиот црвен крст, Јарослава Рибникар.

9. ДЕНЕС ВО МЕЛБУРН. Написот го потврдува пристигнувањето на чек во висина од 500 фунти и приклучувањето на нови 55 членови. Говори за нов фудбалски клуб на кој му бил доделена позајмица во висина од 80 фунти за набавка на опрема. Уште еднаш се апелира од името на Централниот комитет на Болничкиот фонд за натамошни донации.

10. НАШИОТ КОНЗУЛ НА ПАТ ЗА ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА Читателите се информирани за пристигнувањето на Косовиќ во З.А.[139] на 12 април каде што е предвидено тој да остане две недели. „Искра" известува за неговиот јавен говор кој тој ќе го одржи во Трејдс Хол, Перт, на 20 април во 14:00 часот.

11. КУРСЕВИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ ТУТУН СЕ ОРГАНИЗИРААТ ВО НАШАТА РЕПУБЛИКА 18 едномесечни курсеви за 800 одгледувачи на тутун ќе бидат организирани во Македонија.

12. АДЕЛАИДА, ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА На 15 март 1947 година групата „Александар Велики" избра ново раководство: претседател: В. Апостолов; потпретседател В. Бошков; секретар: Г. Попов; заменик секретар: Г. Бошков; благајник: И. Ќосев. Болнички комитет: Петар Јанков, Крсте Филипов, Павле Александров, Григор Бошков, Ване Стефанов. Контролна комисија: Георги Манов, Ристо Шкулов, Благој Никовски.

Стр. 3

13. ВЕСТИ ОД МАКЕДОНИЈА. Бројни „телеграми" од „бегалци" од Грција кои сега се наоѓаат во „Слободна Југославија" се подредени како цврсти докази против монархофашистите. Курсеви за изградбата на железничката линија Шамац – Сараево. 30 македонски младин-

[139] Западна Австралија.

ци се обучуваат пред да се вклуат во младинските бригади кои ќе ја градат оваа железничка пруга. Помош за македонскиот град Дебар. Без да биде наведена причината зошто градот Дебар има потреба да биде испратена помош, написот говори за помошта во храна и пари кои биле испратени од страна на македонската влада и Американскиот црвен крст!

14. ДВЕ ПЕСНИ ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА И МАКЕДОНСКАТА ХРАБРОСТ

15. МАКЕДОНИЈА, ПОВТОРНО НАЦИЈА - на англиски јазик.

16. ФОТОГРАФИЈА - група селани, како што е наведено во текстот под сликата, кои мораа да избегаат од монархофашистичкиот терор, сега живеат во Слободна Република Македонија. Жената со црн шал, вели весникот, е вдовица на другарот Крсте Кирапјичин кој загина во близина на Лерин во народноослободителната борба.

Стр. 4

17. ТЕРОРОТ СЕ ЗГОЛЕМУВА. - На англиски јазик. Остатокот од оваа страница е продолжение од првата страница, веќе е преведено.

Стр. 5

18. ПИСМО И ПОЗДРАВНИ ТЕЛЕГРАМИ ДО ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ОД ЦЕНТРАЛНИОТ БОЛНИЧКИ КОМИТЕТ.

1 писмо, датирано на 5 март. Од претседателот Сарбинов и привремениот секретар М. Велиовски од Македонскиот комитет од Западна Австралија. Текстот претставува резолуција која го уверува Конгресот за непоколебливата лојалност и посветеност за каузата.

Следува текст на англиски јазик.

2 писмо: Од Болничкиот комитет, потпишано од претседателот Ф. Џамбазов и привремеиот секретар М. Велиовски. Ги информира „делегатите“ дека е поставена цел на 10 000 фунти, изнесувајќи го фактот дека иако оваа сума сè уште не е собрана, постојат надежи дека набрзо ќе се оствари.

Следува текст на англиски јазик.

3 писмо: Од „Македонскиот централен комитет“ до Македонската влада во Скопје. Ова писмо е потпишано од претседателот Сарбинов и секретарот Л. Малко. Ги информира примателите за создавањето на Болничкиот комитет, нивната одлука да соберат 10 000 фунти за изградба на мал санаториум во нивната татковина, „за кој претпочитаат да биде лоциран некаде во близина на Егејска Македонија бидејќи 95 проценти од австралиските Македонци се оттаму“.

Стр. 6

19. ЗАЕМИ ОД КОМОНВЕЛТОТ - на англиски јазик.

20. ФОТОГРАФИЈА - на англиски јазик.

21. МАКЕДОНСКИ ЅВЕЗДИ ВО АВСТРАЛИЈА Текст под фотографијата: Нашите македонски ѕвезди откако беа наградени од другарот Филип Џамбазов, претседател на главниот Болнички комитет. Девојките се Д. Гацова, А. Сотирова, Ц. Попјовчева, Л. Рајкова, С. Ташева и П. Велиовска.

22. Текст на англиски јазик

23. Честитки за Велигден и сите да се надеваме дека слободата брзо ќе воскресне над Егејска Македонија.

24. МАКЕДОНСКИ ОРКЕСТАР ВО ПЕРТ. Мал оркестар составен од другарите: Јован Пејов, Георги Гочев, Коста Трпов, Коста Капинков, Стасе Миленциев и Тони Велиовски беше формиран во Перт под раководство на другарот Јован Пејов. Оваа атракција, се вели во текстот, многу ќе ја подобри нашата група во Перт, позната како „Единство“.

25. ЊУКАСЛ, Н.Ј.В.[140]. Групата „Балкан“ има 30 членови. Деталите следуваат: претседател: Петре Шабалев; потпретседател: Георги Кекев; секретар: Васил Марков; благајник: Веско Велиќ; Контролна комисија: Васил Пичалов, Наке Козаров. Болнички комитет: претседател: Станое Стоев; потпретседател: Нестор Трповски; секретар: Кирил Мурџев; благајник: Јованче Марков; Контролна комисија: Ристо Кулипатчев; Веско Велиќ.

Стр. 7

27. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“: Сосема е јасно.

28. ВО МЕНЏИМАП на 20 април во салата на Градското собрание ќе се одржи голем собир на Македонците, по кој ќе следуваат вечера и танци. Другарот К. Ангелков, организаторот на Сојузот, ќе го изнесе својот извештај, а претставниците н Централниот комитет и на Главниот болнички комитет, како и Велиовски, радиоговорникот, ќе бидат присутни. На 19 април, исто така, ќе има танцувачка забава на која ќе бидат присутни гостите од Перт. Тоа се: Ангелков, Џамбазов, Велиовски, Сарбинов и други. Ристо Мечкаров ќе го предводи оркестарот кој ќе свири македонски ора и песни.

29. ЖАЛНА ВЕСТ во која се соопштува смртта на г-ѓа Војновиќ, мајката на Раде Војновиќ, кој живее во Шепртон, Викторија. Војновиќ донираше 1 фунта во фондот „Искра“ и редакцијата на весникто изразува сочувство.

[140] Нов Јужен Велс.

30. ФОТОГРАФИЈА Под која има текст на англиски јазик.

31. РАЃАЊА - кај Петар и г-ѓа Влаови во Менџимап, на 14 јануари – момче – Георги.

Кај Никола и г-ѓа Пејков, во Менџимап, девојче – Марија. Донации од 1 фунта и од 10 шилинзи се дадени на фондот на „Искра“ од страна на таткото и чичкото на бебето.

32. СЕ БАРААТ бегалците од селата Драничево и Граче, Костурско, Македонија кои треба да се јават во кафулето Национал, Менџимап. Се бара Лазо Чакалов (или Чакалопулос). Овој повик се однесува на сите бегалци од двете села кои би требало да се јават на погоре спомнатата адреса, т.е. А. Николов, кафуле Национал, Менџимап, З.А.[141]

33. ТУКА И ТАМУ - на англиски јазик.

34. БОЛНИЧКА КАМПАЊА – на англиски јазик.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 68-72.

---

[141] Западна Австралија.

# 18

# Допис од заменик-директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во кој е прикачен сумарен превод на ноемврискиот број од 1946 година на „Македонска искра“, 5 јануари 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ФС. НМ Бр. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148

Истражен оддел на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

До Директорот,
КАНБЕРА

5 јануари 1948 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ:„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука Ви го препраќам како информација сумарниот превод на изданието на „Македонска искра“ од ноември 1946 година.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

---

СУМАРНА СОДРЖИНА НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“
Издание од ноември 1946 година

Стр. 1

1. ОДГОВОР ОД ООН. Напис на англиски јазик.

2. ЗОШТО ПОМОРСКА БАЗА? Написот се осврнува на гласините дека Британија има намера да потроши 8 милиони фунти за изградба на воена база во Средоземното Море. Базата би требало да биде изградена на островот Кипар.

3. МАРШАЛ ТИТО ЗА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА. Написот се осврнува на неодамнешниот говор на Тито кој рече дека Југославија не може да стои на страна додека населението во Егејска Македонија е тероризирано од грчките банди и дека неговата влада има намера да го изнесе ова прашање пред Обединетите нации.

4. ОРГАНИЗАЦИОНЕН ЖИВОТ. Браво за Џералдтон. Пофалба за сонародниците и другарите од Џералдтон кои се одлучни да ја постигнат целта од 7 000 фунти за Болничкиот фонд и кои, за оваа цел, создадоа ново друштво кое се вика „Нова Македонија“.[142] На 28 октомври беше одржан состанок во Блаф-поинт хол и за половина час беше собрана сума од 289 фунти, од кои 20 фунти беа за фондот на „Македонска искра“. Сличен состанок беше одржан на 30 октомври во домот на Јане Рајков каде што беше собрана сума од 65 фунти. Оркестарот собра 28 фунти, додека Симо Динев, кој се појави облечен како старец од Лерин собра 1.7.7. фунти. Симпатичната Атина С. Сотирова собра 4.15.6 фунти.

Стр. 2

5. ПРЕДИЗВИК ЗА РЕАКЦИОНЕРИТЕ - напис на англиски јазик.

6. РАДИОПРЕНОС- слушајте го Мик Велиовски – секоја втора среда во 19:10 часот.

7. НАРОДНИ ПРЕДАВНИЦИ. „Браќа Македонци“, стои во написот, „внимавајте на националните предавници. Јуда го продаде Исус за 30 сребреници, но Танас Крстев од селото Нерет, Леринско, ги продаде своите браќа Македонци за ништо. На 14 ноември во 13:15 часот, во една италијанска берберница во Перт, лоцирана на улицата „Џејмс“, бр. 139, оваа индивидуа даде список со имиња на наши сонародници на нашиот непријател. Што добиваш ти од ова, народен изроде? Не можеш ли да видиш дека со оваа постапка ти доби презир и омраза од твоите браќа Македонци?

8. ДО ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНСКА ИСКРА“. Писмо од А. Каламаров кој ја информира „Искра“ дека е формирано ново „Заедничко друштво за помош“ во Менџимап, со поддршка од другарот К. Ангелков. Претседател на ова друштво е Н. Пајков; потпретседател Иван Јовков; секретар А. Николов; благајник Н. Грозовски. Контролна комисија: П. Вишин и Х. Марковски. Исто така, бил формиран и Болнички комитет под раководство на Иван Јовков; секретар А. Каламаров; благајник Н. Грозовски. Контролна комисија: С. Марковски и В. Боршов.

9. БРИЏТАУН. Организаторот на Сојузот (името не е наведено, веројатно К. Ангелков) го посети Бриџтаун и ги овласти В. Манолов и Н.

[142] Погрешен превод од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е изразена надеж дека друштвото „Нова Македонија“ наскоро ќе има нови членови, но не и дека се работи за ново друштво. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1946_Vol_1_No_2_Page_1.jpg

Миленцов да се грижат за Болничката кампања.

10. ЏЕРАДТОН. „Кореспондентот“ од овој клон известува дека била одржана средба на „Нова Македонија“ на 5 ноември на која како почесен гостин бил К. Ангелков. Говорници биле Лазар Карапетков, претседател на локалниот огранок, потоа С. Чолаков, секретар. Другарот Ангелков зборувал 75 минути во кои го нагласил значењето на Македонскиот народен сојуз во Австралија работата која тие ја прават за кампањата за Болничкиот фонд.

11 и 12 ПИСМО ОД К. МУРЏЕВ И МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПРИКЛУЧУВААТ НА АВСТРАЛИСКИТЕ РАБОТНИЦИ ДА СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА - двата написи се на англиски јазик.

13. ХРИСТО А. ЛАЗАРОВ. Ова е жална вест од уредникот кој соопштува за смртта од туберкулоза – како резултат од борбата за слобода – на младиот Христо А. Лазаров, кој бил хоспитализиран во болницата во Битола, Југославија. Се изразува сочувство до семејството на Атанас Лазаров.

По објавената жална вест следува објава на писмо од извесен Никола Марковски до неговиот зет Лазаров, односно таткото на момчето Христо; писмото се однесува на монархофашистичкиот терор од другата страна на границата и како момчето, кое се борело за својата земја, се разболело од превлит[143] во Воден и потоа бил пренесено во Битола, каде што починало на 18 август.

14. ПИСМО ОД ТАТКОВИНАТА. Напишано од извесен Крсто Мангов, од Скопје, Македонија, во кое го опишува „теророт под кој живее невиното население[144] во Егејска Македонија“. Даден е пример кој се однесува на селото Д’мбени, Костурско. За малку биле спасени жената и детето на Анастас Кенков. Таму, како што се тврди, не помалку од 18 куќи и 70 плевни биле уништени. Тие им припаѓаат на нашите „борци“: Т. Терзиев, С. Нолков, А. Сидеров, К. Чочов, К. Мангов, К. Чекров, В. Јанчев, Д. Јанчев, В. Цалев, А. Тарповски, Х. Нолков, В. Ризов, Д. Пачков итн. Триесет херои беа затворени, меѓу кои: Т. К. Ангелков, П. Л. Ангелков, К. К. Журков, А. Кенков, К. К. Шекров. Ова, се заклучува во писмото, како дејствуват фашистичките банди под раководство на г. Цалдарис. (грчкиот премиер).

[143] Воспаление на мембраните на белите дробови.

[144] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е напишано „демократското македонско население“. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1946_Vol_1_No_2_Page_3.jpg

15. СИТУАЦИЈАТА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА РАСКАЖАНА ОД ОЧЕВИДЦИ.

Написот известува за пристигнувањето во Перт на бројни македонски емигранти од Егејска Македонија, па „Искра“ дава детален опис на теророт кој се спроведува врз несреќното население[145] од страна на фашистичките „ѕверови“ кои се предводени од страна на грчката монархофашистичка влада. Нема ништо во написот што би можело да сугерира на идентитетот на егејските емигранти: наивен текст, кој сепак информира дека платата на грчки монархофашистички милиционер е 225 000 драхми месечно.

Стр. 4

16 и 17. ДВЕ ФОТОГРАФИИ – Текст под фотографиите на англиски јазик.

18. ГЛАСОТ НА ГРЧКИТЕ ДЕМОКРАТИ - напис на англиски јазик.

19. АВСТРАЛИЈАНЦИТЕ ЈА ДОЗНАВААТ ВИСТИНАТА ЗА МОНАРХОФАШИЗМОТ ВО ГРЦИЈА - напис на англиски јазик.

20. ИЗБОРИ ВО БУГАРИЈА - напис на англиски јазик.

Стр. 5

21. СИТУАЦИЈАТА ВО ЕПОН[146] - напис на англиски јазик.

22. БУГАРИЈА (вчера и денес) - краток и разединет извештај за учеството на Бугарија во Првата светска војна против Сојузниците, како и во Втората светска војна. Поголемиот дел од написот е посветен на славната борба на бугарските герилци (?) познати како „Татковински фронт“ кои се бореа против Германците и бугарската жандармерија од 1941 година. Ослободувањето на Бугарија, завршува написот, започна на 9 септември 1944 година, без да биде испукан ниту еден куршум.

23. КОРЕСПОНДЕНЦИЈА - напис на англиски јазик.

24. СООПШТЕНИЕ - напис на англиски јазик.

Стр. 6

25. КРШТЕВКА во Џералдтон на извесен Александар Дамовски, син на Мита и Христо Дамовски. Кум бил Спиро Чолаков. Присуствувале 150 гости.

26. ПРАЗНА СОСТОЈБА - напис на англиски јазик.

---

[145] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е напишано следново: „Маките кои ги чувствува грчкото население, а особено Славјаномакедонците во Егејска Македонија не може никој да ги опише..“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1946_Vol_1_No_2_Page_3.jpg

[146] ЕПОН била младинската организација на Народноослободителниот фронт во текот на Втората светска војна во Грција.

27. СООПШТЕНИЕ - до сите Бугари, Македонци и Југословени да присуствуваат на вечеринката на 7 декември во Озборн Парк Хол.

28. ТУКА ГИ ОБЈАВУВАМЕ ИМИЊАТА НА ПРВИТЕ ДОНАТОРИ ЗА ФОНДОТ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА"– Следуваат имиња.

29. ГРАД ЏЕРАЛДТОН. Написот ги опишува предностите на градот Џералдтон, што се извезува оттаму (жито, волна и домати) и колку добро Македонците се имаат прилагодено на тамошниот живот и индустрија.

30. МЕНЏИМАП. Покана од Комитетот на Болничкиот фонд до секој емигрант да присуствува на првата танцувачка забава која ќе се одржи на 23 ноември. Втората забава е закажана за 21 декември.

31. ПРВИОТ СЕКРЕТАР НА СОВЕТСКАТА ЛЕГАЦИЈА, ГОСПОДИН ПАШЧЕНКО, ВО ПЕРТ - напис на наглиски јазик.

32. ИМИЊА НА ДОНАТОРИ ЗА ФОНДОТ ЗА АВСТРАЛИСКА БОЛНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА - од Џералдтон: Следуваат имиња; Од Фримантл: Следуваат имиња; Од Озборн Парк: Следуваат имиња; Од Перт: Следуваат имиња; Од Бриџтаун: Следуваат имиња; Од Донибрук: Следуваат имиња; Од Биг Бел: Следуваат имиња.

33. КОНЦЕРТ ВО КАЛГОРЛИ - болничкиот комитет известува за одржување концерт во Калгорли на 14 декември за собирање помош за болницата во Македонија.

34. ВАЖНО СООПШТЕНИЕ Организаторот на Сојузот, другарот К. Ангелков, ќе поминува низ Калгорли на 3 декември, на патот до Источните Држави. Сите Македонци, без разлика дали припаѓаат на нашата организација или не, би требало да го пречекаат нашиот организатор.

35. ДОНАЦИЈА ОД ОДРЖАНА ЗАБАВА - напис на англиски јазик.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 73-76.

# 19

# Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј за превод на две изданија на „Македонска искра“, 6 февруари 1948 година

6 февруари 1948 година

Ц/А. 881

До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКА ИСКРА

Прикачени се примероци од год. 1, бр. 14 и год. 2, бр.1 на погоре спомнатиот весник.

Би ценеле доколку може да бидат преведени на вообичаениот начин.[147]

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 77.

[147] Овие броеви на „Македонска искра“ не се во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 20

# Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј за превод на издание на „Македонска искра“, 5 март 1948 година

5 март 1948 година
A 881

ТАЈНО
До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО- АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Прикачен е примерок од изданието од февруари 1948 година на „Македонска искра“ за превод на делот на македонски јазик на вообичаениот начин.

Вниманието е насочено кон првиот напис на првата страница од К. Ангелков, претседател на Централниот комитет на Сојузот. Можно е овој напис да се однесува на конференцијата на Сојузот која ќе се одржи во Сиднеј од 1 до 3 април 1948 година.[148]

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 78.

---

[148] Овој број на „Македонска искра“ не се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 21

# Напис од „Мелбурн гардијан“ во врска со собирање средства од страна на Македонците во Мелбурн, 12 март 1948 година

МЕЛБУРН ГАРДИЈАН

ПЕТОК, 12 МАРТ, 1948 ГОДИНА

Македонците кои танцуваа на пикникот во Јужен Вериби минатата недела, во организација на Македонскиот клуб од Мелбурн, не ги заборавија штрајкувачите во Квинсленд.

Беа собрани 4/4/3 фунти за штрајкувачкиот фонд.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 79.

# 22

# Допис од директорот на АСИО во Канбера до заменик-директорот на АСИО во Сиднеј за превод на издание на „Македонска искра“, 1 април 1948 година

1 април 1948 година

Ц/А 881

ТАЈНО

До заменик-директорот,

СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО- АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Прикачен, за превод на вообичаениот начин, е примерок од изданието од март 1948 година на „Македонска искра“. Написот на првата страница можеби е од интерес.

Бидејќи ова е единствениот достапен примерок, би ценеле доколку го вратите заедно со преводот.[149]

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 82.

---

[149] Овој број на „Македонска искра“ не се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 23

# Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржувањето на Конференцијата на Македонско-австралискиот народен сојуз, 3 април 1948 година

Извадок од „НАПРЕДАК“

3 април 1948 година

Македонците ја одржуваат својата Конференција

Оваа Конференција започна со работа во Сидней, на 1 април, на која присуствуваат делегати на Македонскиот сојуз од Н.Ј.В.[150], З.А.[151], Ј.А.[152] и Викторија. Конференцијата има задача да донесе значајни промени во Уставот на Сојузот и да направи напори за привлекување на сите македонски емигранти, особено емигрантите од Егејска Македонија (што значи грчки државјани кои бегаат од грчка територија од солунскот регион). Од досегашната работа на Сојузот, поголемиот дел се однесуваше на културни активности...
А881[153]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 80.

[150] Нов Јужен Велс.
[151] Западна Австралија.
[152] Јужна Австралија.
[153] Допишано во ракопис.

## 24

# Напис од весникот „Напредак“ во врска со отворање заеднички простории на Југословенскиот имигрантски сојуз и на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 3 април 1948 година

Извадок од „НАПРЕДАК“

3 април 1948 година

Отворање заеднички простории на клоновите на Сојузот[154] и на Македонските емигранти во Сиднеј. 28 март.

... ова е значаен чекор кон здружување на нашиот народ во овие области... Бидејќи беше невозможно да се обезбедат соодветни простории, беше прифатено дека актуелните простории на клоновите на Сојузот да бидат користени како заеднички простории... беа направени најнеопходните поправки... по другарот И. Вискиќ од Централниот комитет на Сојузот и другарот Берковиќ од Македонските емигранти, зборуваше, исто така, другарот Скровонски, претседател на Сесловенскиот сојуз, како и генералниот конзул д-р Жарковиќ... Другарот Берковиќ рече... дека овие простории се особено неопходни бидејќи без нив нашиот народ би талкал по различни места во странската земја и би дошол во допир со нездрави контакти кои би му наштетиле материјално и духовно.

... Генералниот конзул д-р Жарковиќ рече... дека ова отворање е на линија и во духот на програмата на неговата влада... и според Југословенскиот устав... Неговиот говор беше постојано прекинуван од одобрувања... Ова отворање може да биде пример за другите делови на Австралија...

А 881[155]

Ф

Да се достави копија за активноста и во Ц/12184/193

(Македонска искра)[156]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 81.

---

[154] Се однесува на Југословенскиот имигрантски сојуз.

[155] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

[156] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

# 25

# Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 10 април 1948 година

ИЗВАДОК ОД „НАПРЕДАК“

10 април 1948 година

3 страна

Успешна конференција на Македонскиот сојуз беше одржана. Националната конференција на братскиот македонски народ која ја заврши својата работа овие денови во Сиднеј беше значаен чекор кон мобилизацијата и обединувањето на сите македонски емигранти во Австралија.

... Конференцијата со успех ги ликвидираше несогласувањата кои постоеја во стариот Централен комитет..., исто така, беше одлучено дека Централниот комитет и „Македонска искра“ треба да бидат префрлени во Сиднеј. Зборувајќи со претставниците на „Напредак“, новоизбраните членови на Централниот комитет, претседателот К. Ангелков, секретарот В. Бошков, уредникот на „Искра“ С. Сарбинов... искажаа верба во нов успех на Македонскиот сојуз.

Сарбинов рече: Во Сиднеј Централниот комитет ќе биде во можност да добие подобра поддршка од братскиот Југословенски иселенички сојуз.

Ангелков рече: Членовите на стариот Централен [комитет] се многу задоволни што старите недоразбирања се испеглани.

Бошков рече: Јас со сигурност се надевам дека по конференцијата работата набрзо ќе се подобри... Јас сум многу благодарен на Југословенскиот иселенички сојуз за нивните братски совети во текот на конференцијата.

Малко рече: ... Особено нашата резолуција која зборува за проширување на нашата културна и образовна дејност е значајна. Ова мора да биде добро прифатено од секој Македонец.

Донесената резолуција: ... Со жалење можеме да видиме дека сега, по победата на демократските народи, светот повторно е поделен на

два големи табори, т.е. од една страна на народите кои веруваат во народната демократија и кои сакаат да дејствуваат за соработка меѓу сите народи и траен мир, и од друга страна, таборот на реакционерите и империјалистите кои се подготвуваат и ги поттикнуваат народите кон нова војна. Конференцијата го поздравува народот во Народна Република Македонија кој првпат по многу векови ја создаде својата народна држава во границите на Федеративна Народна Република Југославија... го поздравуваме и народот во Пиринска Македонија каде што, исто така, се развива културата на македонскиот народ.

Ние со болка во нашите срца ја констатираме тешката положба во која се наоѓаат нашите браќа во Егејска Македонија (во Грција) кои се изложени на терор од страна на грчките монархофашисти и англо-американските империјалисти. Ние сме сигурни дека Егејска Македонија ќе извојува слобода и народни права под водство на генералот Маркос и Народно ослободителниот фронт на Словените[157]... Конференцијата одлучно ќе им даде секаква морална и материјална помош на... егејските Македонци и натаму ќе ги поддржуваат со нив најтесните врски. Конференција одлучи, исто така, да стори сè што е можно да се унапреди културниот развој на Македонците во Австралија, а исто така и да им се помогне на сите Македонци да станат свесни за сопственото национално движење... како и да пропагира ширење на нашата народна книжевност и сите да научиме да читаме и да пишуваме на нашиот народен јазик, како и да создаваме заеднички простории како што направија нашите браќа во Мелбурн и Сиднеј.

Што се однесува до репатријацијата... Сојузот ќе стори се за да им помогне на оние браќа кои сакаат да се вратат во нашата слободна Народна Република Македонија. Сојузот ќе биде поврзан со нашите браќа од другите републики од Југославија и со другите Словени во Австралија... ние ќе го помогнеме на најдобар можен начин весникот на Сојузот „Македонска искра"... Беше одлучено да се дозволи да биде печатен двапати месечно на најдобар македонски јазик.

По повод конференцијата, генералниот конзул на Југославија организираше забава во чест на делегатите... Другарот Вискиќ вети дека ќе даде најголема поддршка за Македонскиот сојуз...

<u>Плодовите на конференцијата</u>

Во поглед на реализацијата на одлуките од Конференцијата... на 6 април делегатите Малков, Д. Трпков и Џ. Панџари го посетија Ричмонд

[157] Името на организацијата било Славјаномакедонски народноослободителен фронт.

каде што живее поголема група Македонци и таму успешно оформија клон... на истото место каде што досегашниот клон беше распуштен... овој клон е сега во најголем дел составен од млади луѓе, нешто што е најзначајно како за Македонскиот сојуз, така и за другите имигрантски организации.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 89, 90.

# 26

# Напис од весникот „Напредак“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, 10 април 1948 година

„НАПРЕДАК“

10 април 1948 година

ОДРЖАНА Е УСПЕШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИГА

Националната конференција на братскиот Македонски сојуз, која овие денови успешно ја заврши својата работа во Сиднеј, означи значаен чекор во работата за мобилизација и единство на сите македонски иселеници во Австралија.

Воодушевувањето со кое делегатите ги поздравија новите одлуки за проширување на Сојузот и на весникот „Македонска искра“, за унапредување на просветната, културната и организациската работа, за подигнување на националната свест меѓу македонските иселеници и за создавање цврсто единство меѓу нив, се гаранција дека работата на конференцијата наскоро ќе ги покаже поволните резултати.

Конференцијата успеа совесно да ги ликвидира несогласувањата кои постоеја во стариот Централен комитет и тој комитет да го прошири. Исто така, важна одлука на конференцијата е Централниот одбор и редакцијата на „Македонска искра“ да се префрлат во Сиднеј.

Во разговор со претставникот на „Напредак“, членовите на новоизбраниот Централен комитет – претседател К. Ангелков, секретар В. Бошков, уредник на „Искра“ С. Сарбинов и помошник секретар Л. Малко изразија воодушевеност за успехот на конференцијата и верба во нови големи победи на Македонската лига.

САРБИНОВ: Сметам дека е особено добра и значајна одлуката за преместување на седиштето на Централниот комитет во Сиднеј. Комитетот ќе биде во подобра врска со ограноците во Н.Ј.В.[158] и во Викторија и од нив ќе има поголема поддршка, а исто така ќе може да добие подобра поддршка од братскиот СЈИА[159].

Уверен сум дека членството воодушевено ќе ги дочека одлуките од конференцијата. Одлуките се значајни и далекосежни и сега на Цен-

[158] Нов Јужен Велс.
[159] Сојуз на југословенските имигранти во Австралија.

тралниот комитет и на сите ограноци им преостанува нив да ги спроведат на дело.

АНГЕЛКОВ: Членовите на стариот комитет се многу задоволни што беа ликвидирани старите несогласувања. Уверен сум дека, исто така, ќе го воодушеват целото членство и ќе дадат нов полет во работата. Програмата која ја постави конференцијата е опсежна, но со посветена работа на членството, таа може да се оствари.

Нашето членство треба да му даде целосна доверба на новиот комитет и целосна поддршка во работата, а комитетот со својата работа треба да ја оправда таа доверба.

БОШКОВ: Уверен сум дека работата по одржувањето на конференцијата рапидно ќе тргне на подобро. Конференцијата успешно разјасни многу нејаснотии и јасно го постави новиот правец во работата.

Многу сме благодарни на Главниот комитет на СЈИА за братските совети и помошта кои ни ја дадоа за време на конференцијата. Тоа нам ни помогна конференцијата многу побрзо и поуспешно да ја заврши својата работа. Се надеваме дека соработката меѓу нашите два братски сојузи во иднина ќе биде поцврста и поблиска отколку во минатото.

МАЛКО: Нашето членство без сомнеж ќе биде воодушевено од одлуките на конференцијата. Одлуките се значајни, но преостанува доста тешка работа за нивно остварување. Особено е значајна нашата резолуција која зборува за просветната и за културната работа. Тоа треба да го поздрави секој Македонец, бидејќи многу ќе придонесе за културното унапредување на нашите иселеници.

Сметам дека е особено значајна одлуката за пренесување на Централниот комитет во Сиднеј бидејќи со тоа комитетот ќе има многу подобри и пошироки можности за успешна работа.

Значењето кое македонските иселеници во Сиднеј и околината ѝ го посветуваа на конференцијата јасно ги одразува нивните воодушевување и свест.

---

## РЕЗОЛУЦИЈА

Втората Конференција на Сојузот на македонските иселеници во Австралија која беше одржана од 1 до 3 април 1948 година во Сиднеј, заврши успешно на задоволство на сите делегати.

Конференцијата беше одржана во сериозно време, по завршувањето на големата војна која се водеше меѓу фашистичките сили, од една,

и демократските народи, од друга страна, и која заврши со победа на демократските сили.

Со жалење е констатирано дека сега, по победата на демократските народи, светот повторно е поделен на два големи табори, т.е. од една страна на народите кои веруваат во народната демократија и кои сакаат да дејствуваат за соработка меѓу сите народи и траен мир, и од друга страна, таборот на реакционерите и империјалистите кои се подготвуваат и ги поттикнуваат народите кон нова војна.

Конференцијата, исто така, најискрено и братски го поздравува народот во Народна Република Македонија кој во заедничка борба со другите народи на Југославија го избори своето право за слобода и по првпат по многу векови ја создаде својата народна држава во границите на Федеративна Народна Република Југославија.

Конференцијата со радост го поздравува економслиот процут и развој на нашата култура преку остварување на петгодишниот план за изградба на социјализмот во нашата татковина, а истовремено го поздравува и народот во Пиринска Македонија каде што, исто така, се развива културата на македонскиот народ, вклучувајќи и слободно учење на нашиот мајчин јазик. Поради тоа ние, исто така, ја поздравуваме владата на Народна Република Бугарија која е предводена од Татковинскиот фронт.

Ние делегатите од Втората конференција на Сојузот на Македонците во Австралија со болка во нашите срца ја констатираме тешката положба во која се наоѓаат нашите браќа во Егејска Македонија кои поднесуваат здружен терор од страна на грчките-монархофашисти и англо-американските империјалисти. Но, во исто време ние со гордост ги поздравуваме херојските подвизи на нашите браќа кои рамо до рамо со демократскиот народ на Грција водат лута борба против монархофашистичките трупи на Грција и против интервенцијата на англо-американските империјалисти.

Ние сме сигурни дека под водство на генералот Маркос и Народно ослободителниот фронт на Словените[160] во Егејска Македонија ќе извојуваат слобода и народни права за кои смело се борат.

Конференцијата одлучно ќе даде секаква морална и материјална помош од наша страна како за нашите браќа во Народна Република Македонија, така и за оние во Пиринска и Егејска Македонија и понатаму ќе ги поддржуваат со нив најтесните врски.

[160] Името на организацијата е Славјаномакедонски народноослободителен фронт.

Втората Конференција на Сојузот на Македонските иселеници во Австралија одлучи, исто така, да стори сѐ што е можно да се унапреди културниот развој на Македонците во Австралија, а исто така и да им се помогне на сите Македонци да станат свесни за сопственото национално движење.

Конференцијата си поставува должност да привлече што повеќе Македонци во редовите на Сојузот за да можеме да се сложиме и да покажеме дека сме добри демократи и вистински Македонци. Исто така, да се шири нашата народна книжевност и сите да научиме да читаме и да пишувам на нашиот народен јазик, како и да создаваме заеднички простории како што направија нашите браќа во Мелбурн и Сиднеј.

Што се однесува до враќањето на нашите иселеници во татковината, Сојузот ќе стори се за да им помогне на оние наши браќа кои сакаат да се вратат во нашата слободна татковина Народна Република Македонија. Сојузот ќе ги поддржува најтесните врски со нашите браќа од другите народни републики во ФНРЈ, како и со сите други Словени во Австралија.

За исполнување на сиве овие задачи, Конференцијата одлучи да му се даде најголема можна помош на весникот на Сојузот, „Македонска искра“ со кој најлесно ќе ги оствариме овие наши задачи. Конференцијата одлучи „Македонска искра“ во иднина да излегува двапати месечно и да се печати на што подобар македонски јазик. Поради тоа ги повикуваме сите Македонци во Австралија да го помагаат материјално и морално својот весник и да осигураат негово излегување секоја втора недела.

На крајот од Конференцијата избран е нов Централен комитет и е одлучено седиштето на Централниот комитет и уредништвото на весникот „Македонска искра“ да бидат префрлени во Сиднеј.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 82, 83.

# 27

# Напис од весникот „Словенски преглед“ во врска со одржаната конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Сиднеј, април 1948 година

„СЛОВЕНСКИ ПРЕГЛЕД“

9148[161] година

**Втора конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз**

На Втората конференција на МАНС која беше одржана на 1, 2, и 3 април 1948 година, учествуваа 21 делегат и 4 делегати-гости кои ги претставуваа клоновите и групите низ Австралија. Делегацијата беше составена од широко демократско движење, млади и стари, со секакви животни патишта.

Работата во изминатите дванаесет месеци беше критички дискутирана и беа донесени конкретни заклучоци за нашите идни активности, за доброто на нашиот народ и на Сојузот. Сепак, посебно беше посветено внимание на проширување на Сојузот и создавање поблиско единство и соработка со словенските и другите демократски организации во Австралискиот комонвелт. Ова беше ставено во нашиот Устав, член 3, каде што под параграф б) е наведено: Цел и задача на МАНС е да промовира пријателство, подобро разбирање и соработка меѓу македонскиот и австралискиот народ. Да ги едуцира нашите сонародници за да бидат демократски граѓани и да ги насочува кон трговски синдикати, земјоделски сојузи и други институции на австралискиот народ за да им помогне да ги исполнуваат своите обврски во тие тела. Како и параграф д); Цел и задача на Сојузот е да ги издигнува идеалите на меѓународното братство, народната демократија и вечен мир.

Конференцијата одлучи, за да се издигне културниот и образовниот стандард на Македонците во Австралија, веднаш да бидат овозможени курсеви и образовни групи од секој клон. Да бидат формирани читални секаде каде што е неопходно, како што беа создадени во Мелбурн и во Сиднеј. Конференцијата беше на мислење дека член-

[161] Погрешна година во оригиналниот документ. Би требало да стои 1948.

ството може да се зголеми двојно до крајот на оваа година и да се зголеми тројно до јуни, 1949 година, а ова би можело да се постигне со добро планирана кампања за регрутирање.

Во врска со репатријацијата на Македонците во Народна Република Македонија во ФНРЈ беше договорено секој од клоновите да им овозможи помош на нашите луѓе за да се вратат во нашата татковина.[162]

Со одлуката нашиот орган „Македонска искра" да биде печатен на секои две недели и Централниот комитет на Сојузот да биде префрлен во Сиднеј, прогресот на нашиот Сојуз ќе достигне такви височини во кои ќе биде во можност да игра значајна улога во работничкото движење.[163] Дополнително, дијалектот на кој се објавува „Македонска искра" ќе биде променет во одреден степен за да биде стандардизиран со централниот дијалект кој беше одбран да биде основа за развој на нашата литература. Делегатите ја уверија конференцијата дека членството ќе даде целосна финансиска поддршка на нашиот орган и дека специјална кампања ќе биде започната специјална кампања по враќањето на делегатите назад во нивните клонови.

Конференцијата во детали ја дискутираше актуелната состојба во светот, особено осврнувајќи се на нашиот роден крај, Македонија и ја донесе следната резолуција: Конференцијата ја осудува поделбата на светот на два големи табори, од кои едниот е обединет со демократските и мирољубивите народи и другиот кој е силен поради реакционерството и империјализмот чијашто цел е да подготви и да им донесе нова катастрофална војна на мирољубивите луѓе во светот.

Конференцијата ја поздравува Народна Република Македонија која ги доби своите целосни права за слобода и независност во текот на сојузничката борба против фашизмот заедно со народите на ФНРЈ. Македонскиот народ по долг период на ропство, за првпат во историјата на светот создаде сопствена држава.

Ние делегатите со голем ентузијазам го поздравуваме економскиот прогрес и културниот развој во текот на исполнувањето на Петгодишниот социјалистички план во нашата татковина.

Ние сме горди дека нашиот народ е обединет со другите словенски народи и другите демократски народи во светот да ја заштитат демократијата и вечниот мир.

---

[162] Овој пасус е обележан со црвена боја во оригиналниот документ.
[163] Овој пасус е обележан со црвена боја во оригиналниот документ.

Со ист ентузијазам ние ги поздравуваме нашите луѓе во Пиринска Македонија во Народна Република Бугарија, кои, исто така, ја развиваат нашата култура и прогресот на нашиот народ. Оттука, ние го поздравуваме Татковинскиот фронт на Бугарија кои ги признава и [нецелосен збор – заб. ред.] Македонците во Австралија со [нецелосен збор – заб. ред.] за слободата на нашиот народ.

Ние делегатите со тага во нашите срца слушаме за теророт кој се спроведува врз нашите невини браќа и сестри во Егејска Македонија од страна на монархофашистите. Од друга страна ние ги поздравуваме хероите во редовите на Демократските сили на Грција кои се борат против монархофашистите и странските интервенционисти.

Да се надеваме дека под демократското раководство на генерал Маркос и на Народноослободителниот фронт на Грците и Словените од Егејска Македонија во брза иднина ќе се справат со тиранијата на монархофашистите и со онаа на империјализмот.

Конференцијата ја дава својата морална и материјална поддршка и ќе остане во близок контакт со нашите браќа и сестри во НР Македонија, Пиринска и Егејска Македонија.

На крајот конференцијата беше обединета и едногласно, од сите делегати, беше изгласано нашиот Сојуз да преземе итни мерки за да му се помогне на нашиот страдален народ во Егејска Македонија.

Да живеат Демократските народи во светот,

Смрт на монархофашизмот, слобода на народот!

Од името на Конференцијата,
Л. МАЛКО
Зам. Секретар

А 881[164]
Ф[165]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 84.

[164] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.
[165] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

# 28

# Напис од весникот „Словенски преглед“ во врска со одржаниот пикник на Македонскиот народен сојуз „Балкан“ од Њукасл, огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, мај 1948 година

„СЛОВЕНСКИ ПРЕГЛЕД“
мај 1948 година

Македонскиот народен сојуз „Балкан – Њукасл“ одржа пикник на 14 март 1948 година. Д-р Жарковиќ, генералниот конзул на Федеративна Народна Република Југославија беше почесен гостин. Во неговото обраќање, д-р Жарковиќ ги истакна огромните напори кои ги направија словенските народи за да го победат фашизмот и да извојуваат слобода. Вистинските народни демократии се создадоеа единствено како резултат од единството меѓу словенските народи, единство и демократија за кои не постои сила на светот која би можела да ги уништи. Никогаш повторно Словените нема да бидат пиуни на европската шаховска табла бидејќи еднаш засекогаш словенските народи како љубители на мирот и слободата ќе ги продолжат и ќе ги развиваат сопствените тешко освоени народни демократии.

Иван Радаиќ говореше од името на Југословенскиот иселенички сојуз и г. Силиќ побара да се соберат донации за „Словенски преглед“. Како и обично, нашите луѓе веднаш реагираа и беа собрани 23 фунти за „Прегледот“, за кои им благодариме на донаторите и организаторите на пикникот.

По одржаните говори, храна, пијалоци, танци и, најважно од се, македонски ора беа дел од забавата на присутните на пикникот.

Фотографијата ги покажува: Д-р Жарковиќ (со стрелка) и членовите на Македонскиот народен сојуз „Балкан – Њукасл“ на пикникот.
А 881[166]
Ф[167]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 85.

---

[166] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.
[167] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

# 29

# Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со априлскиот број на „Македонска искра“ и префрлувањето на органот од Перт во Сиднеј, 5 мај 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ИСТРАЖНА СЛУЖБА

| | |
|---|---|
| Телефон Б4650 | З.А.[168] 21026 |
| Телеграф | 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот |
| Проследено до Перт | Перт |
| Поштенска адреса: | |
| фах Ц 138, ГПО | 5 мај 1948 година |
| Перт | А 881 |

МЕМОРАНДУМ:
До Извршниот директор
Истражна служба на Комонвелтот
КАНБЕРА

А 881

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Тука е прикачен априлскиот број на „Македонска искра“.

На неодамнешната конференција која беше одржана во Сиднеј беше одлучено „Македонска искра“ во иднина да биде издавана во Сиднеј. Информиран сум дека издавањето таму ќе биде двапати месечно, почнувајќи од јунскиот број.

Актуелниот уредник, С. В. САРБИНОВ и финансискиот секретар Л. МАЛКО, ќе се преселат во Сиднеј каде што ќе ги извршуваат своите обврски поврзани со весникот.

(Џ. АДАМС)

заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 88.

[168] Западна Австралија.

# 30

# Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера, заменик-директорот на АСИО во Сиднеј, секретарот за Одделот за емиграција и Кирил Ангелков во врска со префрлувањето на седиштето на органот „Македонска искра“ од Перт во Сиднеј, 11 мај 1948 година

(Копија за досие А.881)

ТАЈНО 11 мај 1948 година

Ц. 12187/193

До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКА ИСКРА

Неодамна од Канцеларијата во Перт беше добиено мислење дека, по донесена одлука на неодамнешната федерална Конференција на Македонскиот народен сојуз во Мелбурн, дека издавањето на погоре спомнатиот весник треба да биде префрлено во Мелбурн. Канцеларијата во Перт, исто така, соопшти дека издавањето на весникот во Мелбурн би требало да почне уште со бројот во мај. Канцеларијата во Мелбурн беше информирана соодветно.

Според „Напредак“ од 10 април 1948 година, сепак, како и според мајскиот број на „Австралискиот словенски глас“, изгледа дека Федералната конференција била одржана во Сиднеј, дека главниот штаб на Сојузот треба да биде префрлен од Перт во Сиднеј и дека „Македонска искра“ во иднина ќе биде печатена во Сиднеј на секои две недели, наместо еднаш месечно. Можно е овие одлуки да ја покажуваат желбата за централизирање на сите активности на Словените во Сиднеј, пред очите на генералниот конзул на Југославија, д-р Жарковиќ, кој, како што е забележано, веќе покажа интерес за активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз.

Под претпоставка дека одлуките кои се објавени во печатот се точни, прикачена е, за Ваша информација, копија од формуларот за согласност за печатење, кој беше издаден во декември 1947 година, заед-

но со копија од писмото, кое беше истовремено испратено, од Одделот за емиграција до претседателот на Сојузот.

Како што сте запознаен, „Македонска искра“ во целост ја поддржува југословенската политика на Балканот и во Грција и, во најголем обем, ја има истата линија како „Напредак“. Со цел да имаме редовни информации во врска со овие тенденции, би било многу полезно доколку примерок од секој број, заедно со преводи на написи кои ќе бидат од интерес, би биле проследувани редовно до оваа Канцеларија.

ДИРЕКТОР

---

(КОПИЈА)

46.1.1623.

4 декември 1947 година

Почитуван господине,

Ви одговарам, по дадена насока, на Вашето писмо од 29 јули [1947 година] до Министерот за емиграција, во кое се бара дозвола за издавање на секои две недели на весникот кој е познат како „Македонска искра“ на македонски јазик.

Сега е дадено одобрение на барањето, па јас во прилог Ви го испраќам формуларот за согласност кој е издаден според Прописите за издавање весници на странски јазик. Копија од Прописите е, исто така, прикачена.

Третиот услов од Прописите беше вметнат поради тоа што Владата е особено заинтересирана да го поттикне асимилирањето на групите кои не зборуваат англиски јазик во заедницата, и се надева дека тоа може да се олесни преку објавување дел или целосно на странските весници на англиски јазик.

Во писмото од г. Велиовски од 11 ноември [1947 година] до министерот е наведено дека весникот ќе биде недгледуван од страна на уредувачки одбор и дека Вашиот Сојуз предлага да се издава еднаш месечно сè до моментот кога ова одобрение ќе биде издадено за тој да се печати на секои две недели, како што беше наведено во Вашето писмо од 29 јули [1947 година].

Како што сега сте свесен, кога Вашиот Сојуз почна да го издава овој весник минатата година без да биде издадено Одобрение за издавање од страна на Министерот за емиграција, тоа беше спротивно на „Прописите за издавање весници на странски јазик“, прекршок за кој пред-

видената казна изнесува сто фунти или затворска казна во траење од шест месеци за оние што се одговорни, или, пак, двете казни. Сепак, откако беа внимателно разгледани појаснувањата дадени од страна на г. Малко, Министерот одлучи да не презема мерки против него или против Вашиот Сојуз заради случените прекршувања на прописите, туку да биде издадена опомена дека доколку се случи ново прекршување во иднина тоа ќе биде сфатено многу сериозно и ќе бидат преземени итни мерки од страна на Владата.

Би ценеле доколку повратно испратите копија од Одобрението до овој оддел откако Вие и г. Сарбинов ќе потпишете прием на тој документ.

Искрено Ваш,
(потпишан) А. В. Базли
За Т. Х. Е. Хејс,
Секретар.

До г. К. Ангелков,
Претседател,
Македонско-австралиски народен сојуз,
Фах Р1267,
ПЕРТ, Ј.А. [169]

---

(КОПИЈА)

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ПРОПИСИ ЗА ПУБЛИКУВАЊЕ ВЕСНИЦИ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

До г. К Ангелков, г. С. В. Сарбинов,
Македонско-австралиски народен сојуз,
Фах Р.1267, Перт, З.А.[170]

Согласно со Прописите за публикување  весници на странски јазици (Законски одредби 1934, бр. 13) Ве известувам дека барањето од Ваша страна за публикување на секои две недели на весникот на македонски јазик именуван „Македонска искра" е одбрено под следниве услови и ова одобрение стапува во сила веднаш штом Вие ќе го добиете ова известување.

Условите под кои е издадено ова одобрение се следниве:

[169] Грешка во оригиналниот документ. Би требало да стои З.А., односно Западна Австралија.
[170] Западна Австралија.

1) Ништо нема да биде објавено во весникот што –

(а) би можело да поттикне незадоволство или, пак, ширење нелојална или револуционерна пропаганда во Комонвелтот или на кој било начин би им наштетило на властите на Комонвелтот;

(б) би можело да предизвика нарушување на мирот; или

(в) е навредливо или непристојно.

(2) Примерок од секој број ќе биде препраќан веднаш по публикувањето до заменик-директорот на Истражната служба на Комонвелтот, фах Ц. 138, Перт и до Секретарот, Оддел за емиграција, Канбера.

(3) Најмалку една четвртина од весникот ќе биде на англиски јазик, како и воведната статија да биде на англиски јазик, придружена, доколку постои волја, со превод на македонски јазик.

(4) Издавачот на весникот ќе ги почитува правилата од Одредбите за издавање весници на странски јазик, како и кои било други услови кои ќе бидат наметнати од страна на премиерот или, пак, од страна на која било друга личност која ќе биде авторизирана од негова страна под наведените услови кои ќе му бидат доставени на издавачот преку писмо, потпишано од страна на премиерот или, пак, од страна на спомнатата личност.

Датирано на третиот ден од декември, 1947 година.

Секретар,

Оддел за емиграција

(Личност авторизирана од страна на
Премиерот под погоре наведените услови)

Со ова потврдувам дека примив оригинален примерок на погоре наведеното и дека ова е верна копија на ___________ ден од _____________, илјада деветстотини четириесет и седма година.

ДАТИРАНО на _________ ден од _______________, 1947 година.

Потпис _________________[171]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 91-93.

---

[171] Документот не е потпишан.

# 31

# Меморандум од Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до директорот на АСИО во Канбера во врска со изборот на ново раководство на Македонско-австралискиот народен сојуз и префрлувањето на седиштето на органот „Македонска искра" од Перт во Сиднеј, 12 мај 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телефон
Централа 2440
Телеграфска адреса
Проследено
Поштенска адреса
Фах 485 Г, Ц. П. О. Мелбурн

Главен истражен оддел
Истражна служба
1 спрат, Самит хаус
167 - 171 Флиндерс лејн, Мелбурн
12 мај 1948 година

АЕО/МП
До Директорот,
Истражна служба на Комонвелтот,
КАНБЕРА,

А.Г.Т.[172]

„МАКЕДОНСКА ИСКРА"

Во врска со Вашиот меморандум Ц 12187/193 од 6 мај 1948 година, поврзан со погоре наведеното, како резултат од истрага дојдовме до информации дека Македонско-австралискиот народен сојуз има намера набрзо да го префрли издавањето на нивниот весник во Сиднеј, а не во Мелбурн како што беше сугерирано.

На третата страница на „Македонска искра" во бројот од април, 1948 година, се објавени фотографии на Васил БОШКОВ, Илија МАЛКОВ и Стојан САРБИНОВ. Овие лица, како што е наведено, ќе бидат префрлени во Сиднеј поради издавањето на весникот за кој станува збор. БОШКОВ ќе ја завземе позицијата секретар, МАЛКОВ ќе биде уредник на секцијата на англиски јазик, додека САРБИНОВ ќе го уредува делот на странски јазик[173].

[172] Австралиска главна територија.
[173] Се однесува на текстовите кои ќе бидат објавувани на македонски јазик.

Во текот на оваа истрага, беше дадена информација дека 22 клонови на Сојузот постојат во Австралија, 2 се наоѓаат во Викторија, имено во Мелбурн и во Шепртон.

Раководството на клонот во Мелбурн, во 1948 година, е следниот:

| | |
|---|---|
| Претседател: | Јоанис Атанасиу ПАНЏАРИС, познат како Џон ПАНЏАРИС<br>улица „Јанг", бр. 46, Фицрој. |
| Потпретседател: | Давид ПАПАРУСИС,<br>Улица Напиер, бр. 137, Фицрој. |
| Секретар: | Џим ФИЛИПУ,<br>Улица Кер, бр. 79, Фицрој. |
| Заменик секретар: | Павлос ПЕТРУ,<br>Улица Џорџ, бр. 12, Фицрој. |
| Благајник: | Даниел Димитри ТИРПКОУ,<br>Пунт роуд, бр. 374, Јужна Јара. |
| Заменик благајник: | К. СТАВРЕВСКИ. |
| Социјален комитет: | Пандо МАРКОВ (Петар ДАЈКОС)<br>Улица Морај, бр. 279, Јужен Мелбурн.<br>Леонидис ГАНАС,<br>Улица Парк, бр. 33, Ст. Килда.<br>Спиридон Јоану ОРДАНИС,<br>Улица Хај, бр. 223, Нортקоут. |
| Контролен комитет: | Том Јану РАТСКОС,<br>Бриџ роуд, бр. 356, Ричмонд.<br>Методиос ГАЛАЗОЛАИНОС,<br>Улица Брунсвик, бр 63, Фицрој.<br>Стојче СТОЈЧЕВ<br>(Стојче Петрос СТОИЧЕС)<br>Улица Литл Џорџ, бр 27, Фицрој. |

Клонот во Мелбурн се состои од 104 членови.

Копија од овој меморандум беше препратена до заменик-директорот, Сиднеј.

Д. А. АЛЕКСАНДЕР
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 86, 87.

# 32

# Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со печатењето на „Македонска искра“ и доставување на априлскиот примерок на весникот, 14 мај 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телефон
Б 098 — Истражна служба на Комонвелтот
Телеграф — Канбера, А.Г.Т.[174] 14 мај 1948 година
Проследено, Канбера.

Во одговорот, Ве молиме повикајте се на бр. А881

ТАЈНО

До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со неодамнешната кореспонденција, беше добиена дополнителна информација од Перт која разјаснува дека „Македонска искра“ ќе се печати во Сиднеј. Дојдено е до информација дека издавањето во Сиднеј ќе биде двапати месечно, почнувајќи со бројот од јуни.

Во прилог е примерок од априлскиот број на „Македонска искра“, год. 2, бр. 4. Овој број изгледа дека ги содржи целосните информации за конференцијата која беше одржана во Сиднеј од 1 до 3 април, 1948 година, вклучувајќи и список на сите новоизбрани службеници на организацијата. Постојат, исто така, неколку резолуции кои биле усвоени на конференцијата, како и серија извештаи на официјалните лица на Сојузот.

Би било добредојдено доколку сите релевантни информации во однос на ова прашање бидат преведени во целост.

Бидејќи само еден примерок од весникот е добиен, Ве молиме да го вратите него заедно со Вашиот одговор.

[нечиток потпис]
ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 94.

---

[174] Австралиска главна територија.

# 33

# Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на мајското издание на весникот „Македонска искра“, 10 јуни 1948 година

10 јуни, 1948 година

А. 881

До заменик-директорот,
<u>СИДНЕЈ</u>

<u>МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ</u>

Прикачен, за превод на релевантните делови, е „Македонска искра“, год. 2, бр. 5 од мај, 1948 година.

Бидејќи ова е единствениот достапен примерок, би ценеле доколку би го вратиле заедно со преводот.

[нечиток потпис]

<u>ДИРЕКТОР</u>

---

Извадок од „Македонска искра“
мај 1948 година

ПОЗДРАВИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ОД ГРЧКИТЕ ДЕМОКРАТИ

Грчки центар „Атлас“

улица „Пит“, бр 252, Сиднеј,
1 април, 1948 година

До Секретарот на
Македонско-австралискиот народен сојуз,
СИДНЕЈ

Грчките демократи од Сиднеј испраќаат братски поздрави до Конференцијата на Македонскиот народен сојуз и ѝ посакуваат целосен успех.

Заедничката борба на нашите народи, искована во текот на антифашистичката борба, во периодот на окупацијата, како и во текот на сегашната борба против монархофашистичката влада која е поддржана од странство, за вистински слободна и демократска Грција со еднакви права и слобода за сите нејзини жители, треба да претставува

инспирација за нас тука за градење на исто такво заедништво, за мир, демократија и прогрес.

Ве молиме да ја проследите оваа порака до сите членови на вашата организација насекаде низ Комонвелтот.

Смрт на фашизмот, слобода на народот!

Со антифашистички поздрави,

(потпишан) Ј. Каломерис, секретар.

---

Извадок од „Македонска искра“

мај, 1948 година

## ВТОРА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ[175]

На Втората конференција на МАНС која беше одржана на 1, 2, и 3 април 1948 година, учествуваа 21 делегат и 4 делегати-гости кои ги претставуваа клоновите и групите низ Австралија. Делегацијата беше составена од широко демократско движење, млади и стари, со секакви животни патишта.

Работата во изминатите дванаесет месеци беше критички дискутирана и беа донесени конкретни заклучоци за нашите идни активности, за доброто на нашиот народ и на Сојузот. Сепак, посебно беше посветено внимание на проширување на Сојузот и создавање поблиско единство и соработка со словенските и другите демократски организации во Австралискиот комонвелт. Ова беше ставено во нашиот Устав, член 3, каде што под параграф б) е наведено: Цел и задача на МАНС е да промовира пријателство, подобро разбирање и соработка меѓу македонскиот и австралискиот народ. Да ги едуцира нашите сонародници за да бидат демократски граѓани и да ги насочува кон трговски синдикати, земјоделски сојузи и други институции на австралискиот народ за да им помогне да ги исполнуваат своите обврски во тие тела. Како и параграф д); Цел и задача на Сојузот е да ги издигнува идеалите на меѓународното братство, народната демократија и вечен мир.

Конференцијата одлучи, за да се издигне културниот и образовниот стандард на Македонците во Австралија, веднаш да бидат овозможени курсеви и образовни групи од секој клон. Да бидат формирани читални секаде каде што е неопходно, како што беа создадени во Мелбурн и во Сиднеј. Конференцијата беше на мислење дека членството може да

[175] Овој текст, со мали измени, веќе е објавен во „Словенски преглед“. Види: документ бр. 27.

се зголеми двојно до крајот на оваа година и да се зголеми тројно до јуни, 1949 година, а ова би можело да се постигне со добро планирана кампања за регрутирање.

Во врска со репатријацијата на Македонците во Народна Република Македонија во ФНРЈ беше договорено секој од клоновите да им овозможи помош на нашите луѓе за да се вратат во нашата татковина.[176]

Со одлуката нашиот орган „Македонска искра“ да биде печатен на секои две недели и Централниот комитет на Сојузот да биде префрлен во Сиднеј, прогресот на нашиот Сојуз ќе достигне такви височини во кои ќе биде во можност да игра значајна улога во работничкото движење. Доополнително, дијалектот на кој се објавува „Македонска искра“ ќе биде променет во одреден степен за да биде стандардизиран со централниот дијалект кој беше одбран да биде основа за развој на нашата литература. Делегатите ја уверија конференцијата дека членството ќе даде целосна финансиска поддршка на нашиот орган и дека специјална кампања ќе биде започната специјална кампања по враќањето на делегатите назад во нивните клонови.

Конференцијата во детали ја дискутираше актуелната состојба во светот, особено осврнувајќи се на нашиот роден крај, Македонија и ја донесе следната резолуција: Конференцијата ја осудува поделбата на светот на два големи табори, од кои едниот е обединет со демократските и мирољубивите народи и другиот кој е силен поради реакционерството и империјализмот чијашто цел е да подготви и да им донесе нова катастрофална војна на мирољубивите луѓе во светот.

Конференцијата ја поздравува Народна Република Македонија која ги доби своите целосни права за слобода и независност во текот на сојузничката борба против фашизмот заедно со народите на ФНРЈ. Македонскиот народ по долг период на ропство, за првпат во историјата на светот создаде сопствена држава.

Ние делегатите со голем ентузијазам го поздравуваме економскиот прогрес и културниот развој во текот на исполнувањето на Петгодишниот социјалистички план во нашата татковина.

Ние сме горди дека нашиот народ е обединет со другите словенски народи и другите демократски народи во светот да ја заштитат демократијата и вечниот мир.

Со ист ентузијазам ние ги поздравуваме нашите луѓе во Пиринска Македонија во Народна Република Бугарија, кои, исто така, ја развиваат

[176] Овој пасус е обележан со црвена боја во оригиналниот документ.

нашата култура и прогресот на нашиот народ. Оттука, ние го поздравуваме Татковинскиот фронт на Бугарија кои ја признава  и гарантира слободата на нашиот народ.

Ние делегатите, од името на нашите Македонци во Австралија, со тага во нашите срца слушаме за теророт кој се спроведува врз нашите невини браќа и сестри во Егејска Македонија од страна на монархофашистите. Од друга страна ние ги поздравуваме хероите во редовите на Демократските сили на Грција кои се борат против монархофашистите и странските интервенционисти.

Да се надеваме дека под демократското раководство на генерал Маркос и на Народноослободителниот фронт на Грците и Словените од Егејска Македонија во брза иднина ќе се справат со тиранијата на монархофашистите и со онаа на империјализмот.

Конференцијата ја дава својата морална и материјална поддршка и ќе остане во близок контакт со нашите браќа и сести во НР Македонија, Пиринска и Егејска Македонија.

На крајот конференцијата беше обединета и едногласно, од сите делегати, беше изгласано нашиот Сојуз да преземе итни мерки за да му се помогне на нашиот страдален народ во Егејска Македонија.

Да живеат Демократските народи во светот,

Смрт на монархофашизмот, слобода на народот!

Од името на Конференцијата,
Л. Малко
Зам. Секретар

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 95-98.

# 34

# Меморандум од Адамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со Евгенија Калинова и напис во весникот „Македонска искра“ кој се однесува на неа, 6 јули 1948 година

З.А.[177] 20630

ФГ:ХИС

6 јули, 1948 година

МЕМОРАНДУМ
До Директорот,
Истражна служба на Комонвелтот,
КАНБЕРА

А 881

Еугениа КАЛИНИС (Евгенија КАЛИНОВА)

Во врска со Вашиот меморандум Ц/90110 Д. од 24 јуни 1948 година во врска со погоре спомнатата, би сакал да Ве информирам дека дамата за која станува збор не била предмет на интерес на оваа канцеларија откако пристигнала во оваа држава.

Г-ца Еугениа КАЛИНИС во моментов живее со нејзиниот татко П. П. КАЛИНИС, во Ванеру. Таа пристигнала во Австралија со „Созвездие ВХ-ЕАЦ“[178] кој слетал во Дарвин на 15 април 1948 година. Копијата од нејзиниот формулар А (бр. 42) кој е пополнет тука покажува дека таа е родена во Македонија, Грција, во 1932 година.

Написот кој се појавува во „Македонска искра“ по наводно направено интервју со г-ца КАЛИНИС всушност е напишан од С. В. САРБИНОВ, уредник на тој весник и во моментов жител на Сиднеј.

Г-ца КАЛИНИС никогаш ниту се сретнала, ниту, пак, разговарала со САРБИНОВ по нејзиното пристигнување. Нејзиниот татко кој ја посети оваа Канцеларија покажа огромно незадоволство од објавувањето на написот: единствено било посакувано, вели тој, објавување нејзина фотографија со параграф со кои ќе се потврди нејзиното безбедно пристигнување во Австралија.

[177] Западна Австралија.
[178] Име на авион.

Господин КАЛИНИС вели дека неговата ќерка никогаш не го информирала за злосторствата кои се наведени во написот од весникот. Единственото нешто што му го кажала на нејзиниот татко било дека „работите беа многу лоши за сите во Грција“.

Прилогот кој го пративте со Вашиот меморандум го враќаме со овој допис.

(Џ. АДАМС)
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 99.

## 35

# Допис од Александер, заменик-директор на АСИО во Мелбурн до директорот на АСИО во Канбера во врска со прикажувањето на филмот „Вистината за Пула“, 27 јули 1948 година

В/45646

ТАЈНО

АЕО/ИА — 27 јули 1948 година

А 881

2492/247

До Директорот,
Истражна служба на Комонвелтот,
КАНБЕРА, А.Г.Т.[179]

ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПРОПАГАНДЕН ФИЛМ – „ВИСТИНАТА ЗА ПУЛА“[180]

Во врска со погоре напишаното, би сакал да Ве известам дека беше спроведена истрага во врска со овој филм кој неодамна беше прикажан во просториите на Македонско-австралискиот народен сојуз, во Фицрој.

Потврдено е дека филмот за кој станува збор бил добиен од југословенскиот конзул во Сиднеј, кој потоа му го дал на Јоанис Атанасиу ПАНЏАРИС, познат како Џон ПАНЏАРИС, претседател на огранокот во Мелбурн на Македонско-австралискиот народен сојуз во текот на една од неговите посети на Нов Јужен Велс.

Откако е прикажан, информациите говорат дека филмот е испратен во Западна Австралија преку извесен МЕЛЧЕТ.

Се прават напори да се утврди идентитетот на МЕЛЧЕТ.

Д. А. Александер
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 100.

[179] Австралиска главна територија.
[180] Југословенски партизански филм за настаните во Пула, Хрватска, по завршувањето на Втората светска војна во продукција на Јадран филм.

# 36

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со броевите од јуни и јули на весникот „Македонска искра“, 3 август 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ФС. НХ Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

До Директорот,
КАНБЕРА
А881

3 август 1948 година

СТРАНСКИ ПЕЧАТ
„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Би сакал да Ве информирам дека „Македонска искра“ која претходно беше издавана во Перт, З.А.[181], сега се издава во оваа држава од страна на М. Сарбинов и се печати во печатницата „Њуслетер“ (печатницата на Комунистичката партија), на улицата „Рос“, бр. 21, Форест Лоџ.

Двете изданија, од јуни и од јули, се добиени и се дадени на превод. Прикачен за Ваша употреба е примерок од изданието од јули кое штотуку го добивме.

Дојдовме до информација дека иако е добиена дозвола за издавање на весникот на секои две недели, во моментот раководството нема намера да го издава весникот почесто од еднаш месечно.

Изгледа дека изданието е во согласност со прописите за регулирање на странскиот печат во контекст на написите на англиски јазик и утврдено е дека во моментов тиражот е околу 1000 примероци месечно.

Р.ВИЛИЈАМС

заменик-директор.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 101.

---

[181] Западна Австралија.

# 37

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со октомврискиот број на „Македонска искра“ и преведени извадоци од него, 27 октомври 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

JPM/EB | Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ТАЈНО

До Директорот,
КАНБЕРА, А.Г.Т[182]

27 октомври 1948 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Во прилог е сумарен превод на одбрани написи од „Македонска искра“ од 9 октомври, 1948 година.

Различни броеви на ова издание се насобрани и чекаат превод. Причината за ова е тоа што претходно вработениот преведувач не е повеќе достапен и се соочивме со големи тешкотии во пронаоѓањето на негова замена.

Сега е направен договор со втор преведувач и се надеваме дека претстојните проблеми ќе бидат решени навремено и постепено ќе се расчистат наталожените изданија.

Од издавачот е побарано да испраќа примероци до оваа Служба во Сиднеј и тој го прави тоа, но се сугерира делумна содржина да биде препраќа за да се осигура редовен прием на примероци во Вашата Канцеларија.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

[182] Австралиска главна територија.

## ПРЕВЕДЕНИ ИЗВАДОЦИ ОД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“, ОБЈАВЕН НА 9 ОКТОМВРИ 1948 ГОДИНА

### 1 СТРАНИЦА: „ДА ЈА ПРОСЛАВИМЕ ВТОРАТА ГОДИШНИНА НА 'МАКЕДОНСКА ИСКРА' “

1. Овој месец, пред две години, се појави првиот број на „Македонска искра“ во Перт, ЗА[183] како носител на вестите од Македонија во Австралија[184].

2. Прво издание во 600 примероци. Беа испратени до адресите кои ѝ беа познати на редакцијата. По 2 недели многу луѓе дојдоа во канцелариите на весникот и дополнителни примероци беа дистрибуирани насекаде низ земјата.

3. Оттогаш „Македонска искра“ му ги пренесе вистинските идеи за Македонија на македонскиот народ во Австралија. Македонско-австралиски друштва беа формирани насекаде низ Австралија. Издавањето беше зголемено двојно и околу 200 примероци беа испраќани во странство.

4. Пред издавањето на „Македонска искра“ се појавија многу тешкотии со соодветната азбука. За да се надмине тоа, беше одлучено да се печати со англиска азбука. Секако тоа вклучуваше многу печатни грешки. Од гледна точка на уредникот тоа не беше најдобрата опција, но тоа било сѐ што тие можеа да сторат, најдоброто нешто што можеа да го направат.

5. Што се однесува до латинската азбука се појавија многу контрадикторности меѓу нашите читатели кои сакаа да го видат испечатен на кирилица (словенска азбука, како руската). Тие го викаа нашиот весник „Роман хералд“, „Кларватиан[185] хералд“ (стар антагонизам меѓу Словените, римокатолиците и Усташите) и многу други имиња.

7. Сиве овие луѓе стоеја на нашиот пат за зголемување на циркулацијата на нашиот весник, но не успеаја. Тие единствено покажаа дека не се во чекор со прогресот. Но тие сакаа да живеат одвоено од нашите браќа емигранти. Како што вели старата поговорка: „Ов-

[183] Западна Австралија.

[184] Погрешен превод во оригиналниот документ. Во „Македонска искра“ реченицата завршува: „...Македонската емиграција како нејзин орган и весник на Македонците во Австралија.“ Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_1.jpg

[185] Погрешен збор во преводот. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ стои зборот „Арватски [Хрватски] весник“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_1.jpg

цата што се дели од стадото станува лесен плен за волците“.

8. Не постоеше можност за набавка на машина со кирилица, а увезувањето на таква машина од странство ќе чинеше 2500 фунти. Истовремено тоа предвидуваше да се донесат и два словослагатели и да се направат посебни услови – посебен под и друго – за поставување на машината.

9. Уште еден инженер кој ќе управуваше со машината би ја чинел редакцијата дополнителни 1 000 фунти. Не беше можно да се подмират овие трошоци за да се печати на кирилица, па ние се договоривме да го печатиме на латиница, којашто се користи интернационално. Ние успеавме во ова, но како што можете да сфатите, никогаш немаше да успееме да го печатиме на кирилица.

10. Не смееме да заборавиме дека „Македонска искра“ организираше добротворни акции меѓу Македонците од еден до друг крај на Австралија, како и тоа дека им помогна да се обединат во еден Македонско-австралиски сојуз.

11. „Македонска искра“ игра многу важна улога во издигнувањето на името Македонија во Австралија. Ние не сме искусни новинари, но го креваме името Македонија многу високо во Австралија. И покрај сите наши грешки, ние донесовме високи идеали меѓу Македонците во Австралија кои ги прифатија и успеавме да ги зближиме Македонците. На почетокот велевме: „Наше дело, наш успех“, сега велиме дека овој успех е на сите македонски емигранти и тоа е нивно дело.

12. Другата улога на „Македонска искра“ е да го образува населението на националниот јазик на Македонија[186], да го научи новиот јазик и новата граматика кои се донесени од страна на Националната конференција како официјален јазик, за да може населението да ја проучува националната литература.[187] Тие немаат друга можност да го учат новиот мајчин јазик.

13. Ние нема никому да дозволиме да го запре нашиот прогрес. Ние ќе се бориме преку „Македонска искра“ за прогрес и за

[186] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ пишува: „на нашиот македонски говор“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_1.jpg

[187] Целосно погрешен превод на текстот кој е објавен во „Македонска искра“. Во оригиналниот текст е напишано следното: „За горното се реши  и на последната сојузна конференција, да се земе за официјален јазик истиот на којшто се пишуваат весниците во НР Македонија и со него да се служи нашиот весник. Но бидејќи ние тука немаме можност да го изучуваме нашиот мајчин јазик на литературна основа, па сигурно нема да има еднаков дијалект сето она што ќе биде напишано во весникот“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_1.jpg

единство во една фамилија на сите луѓе околу „Македонска искра“. Ова е нашиот одговор до нашите непријатели. Ние ќе го обединиме македонскиот народ за слобода. Нашата цел е да ги обединиме сите Македонци во една слободна Македонија со еднакви права за сите, за да можат сите Словени да живеат во словенско братство.[188]

14. „Македонска искра“ знае дека некои браќа, поради една или друга причина, не можат да излезат на отворен терен за да се борат за поддршка на нашата кауза, но „Македонска искра“ сепак ги повикува да ја помогнат каузата на кој било возможен начин.

15. За да се прослават двете години од постоењето на „Македонска искра“, групата на наши поддржувачи од Ричмонд набрзо ќе организира голем пикник, на кој се поканети сите емигранти од Сиднеј и околината. Денот ќе биде соопштен дополнително.

<u>СТРАНИЦА 4</u>: <u>„ЕТНОГРАФСКАТА ИДЕЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ СЛОВЕНИ“</u> (Македонска искра тука ја дава, на кратко, содржината на книгата „Етнографската идеја на македонските Словени“ од Ангел Динев, испечатена во Софија во 1944 година. Оваа книга е многу значајна за луѓето од Македонија[189]).

1-2. Оваа книга ги има следниве делови:

(1) Духовното будење на македонскиот народ.

(2) Етнографската идеја на македонските словени

(3) Повторното будење на Словените во Македонија[190]

(4) Етнографската македонска идеја кај видните марксисти

(5) Вистински факти за македонската борба

Радосен факт. Во контекст на отпорот на југ, каде што е лулката на фашизмот во Македонија, македонскиот народ се организираше и, и покрај фашистичката пропаганда, создаде прогресивна влада чијашто културно и национално дејствување влијаеше, исто така, врз нашите емигранти во Бугарија.

---

[188] Погрешен превод на делот од написот во „Македонска искра“. Во оригиналниот текст реченицата завршува на следниот начин: „... една слободна и рамноправна македонска држава во којашто сите ќе заживееме еден братски – човечки слободен живот“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_1.jpg

[189] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ пишува македонска нација. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg

[190] Погрешен превод во документите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Третото поглавје на книгата од Ангел Динев е именувано „Повоеното повторно будење на Македонија“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg

3 – 4 „ЗОШТО ЈА ПОСОЧУВАМЕ ЗА ВНИМАНИЕ ОВАА КНИГА КАЈ НАШИТЕ ЧИТАТЕЛИ?“

Оваа книга самата по себе го одговара ова прашање. Таа ја издигнува националната идеја на македонскиот народ. Му покажува на народот дека тој игра значајна улога во борбата против фашизмот и против пан-српскиот монархизам, како и против пан-бугарската монархистичка идеја. Оваа книга е основната идеја за една обединета Македонија. Секој Македонец треба да помогне во одбрната на оваа идеја за обединување.

5. „ДУХОВНОТО БУДЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД“

Во почетокот Македонците се бореа против Егзархијата, потоа против Грците и на крајот против Бугарите, кои сакаа да ја вовлечат Македонија под нивно културно влијание. Македонскиот народ мораше да се бори за да го зачува својот јазик и својата националност.

6. Оваа борба има идеолошко објаснување. Тоа беше борба на народот против црквата како голем земјопоседник. Во тоа време македонските емигранти во Бугарија организираа свое друштво, „Младата македонска група“[191] чијшто симбол беше „Лоза“ и печатеа македонски весник под тоа име. Уредници на ова списание беа Георги БАЛАСЧЕВ, Петар поп АРЗОК[192] и други прогресивни Македонци.

7. Се појави истакната фигура, скопскиот владика Дедо Тедосиј[193], многу просветен човек кој говорепе неколку јазици. Тој работеше на создавање Македонска црква. Тој беше поддржан од Патријархот и неговата намера беше да ја донесе Македонија под влијанието на султанот.[194]

8. Но националните идеи најдоа добра поддршка кај Ѓорче ПЕТРОВ[195] (еден од основачите на ВМРО)[196]. Тој собираше материјали за етнографската историја на Македонија, за македонската национална култура и географија. Тој напиша книга на убавиот македонски јазик,

[191] Се однесува на Младата македонска книжевна дружина.
[192] Погрешно име во оригиналот. Се однесува на Петар Поп Арсов.
[193] Се однесува на митрополит Теодосиј Гологанов.
[194] Целосно погрешен превод на оригиналниот текст. Реченицата во „Македонска искра“ е следнава: „Теодосиј работеше на создавање автокефална македонска црква и преку неа да ја спречи асимилацијата на македонските Словени, коишто пропагандите ги распнуваа на крст со благослов на султанот.“ Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg
[195] Ѓорче Петров (1864 - 1921), македонски револуционер, член на Македонската револуционерна организација. Бил еден од составувачите на Уставот и Правилникот на МРО. Во периодот меѓу 1897 и 1901 година бил задграничен претставник на ТМОРО во Софија. Учествувал во Илинденското востание, а во текот на Балканските и Првата светска војна извршувал чиновнички функции во Сер, Битола и Драма. По Првата светска војна бил еден од основачите на Привременото претставништво на поранешната Внатрешна организација. Бил убиен во атентат во Софија.
[196] Ѓорче Петров не бил еден од основачите на МРО.

но оваа книга никогаш не беше испечатена. Во оваа книга тој ги повика Македонците да се борат против бугарскиот егзарх кој се обидуваше да воспостави контрола врз македонската црква, како и да се борат против грчкиот патријарх.

9. Имаше уште еден патриот свештеник, Партениј ЗОГРАФСКИ[197] кој ја предводеше борбата за правото за користење на македонскиот народен јазик. Тој и неговите следбеници беа екскомуницирани од бугарскиот егзарх. Во 1936 година Дебарското добротворно братство одбележа годишнина на Партениј и побара од Синодот да го прогласи за светец.[198]

10. Идеите на овие патриоти имаа големо влијание врз Македонците, ги разбудија нивните национални идеи и им помогнаа да се обединат во нивната борба за независност. Постоеја и други книги од овој вид (Македонски Словени, поглавје XI).

11. Против словенските идеи беше пропагандата на султанот кој се обидуваше да докаже дека Македонците немаат словенско потекло[199]. Бугарија, исто така, се обиде да ги подели Македонците. Еден од македонските владици беше повикан во Софија, беше екскомунициран и не му беше дозволено да се врати. Имаше голем револт меѓу Македонците, особено меѓу „Младата македонска книжевна дружина“. Водачот на оваа група, Андреј Љапчев[200] и другите се обидуваа да создадат македонски народен јазик.[201] Негови соработици беа Тома КАРАЈОВОВ[202], Димитар

[197] Партениј Зографски (1818 – 1876), македонски филолог, учебникар и фолклорист, еден од најистакнатите македонски црковни и културни работници во XIX век.

[198] Погрешен превод од страна на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ сртои дека биле поканети претставици на Бугарската црква кои не присуствувале на настанот, меѓутоа ниакде не е наведено дека било побарано Партениј Зографски да биде прогласен за светец. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg

[199] Ваква реченица нема во оригиналниот текст во „Македонска искра“. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg

[200] Андреј Љапчев (1866 - 1933), македонски револуционер и истакнат општественик во бугарското општество, премиер на Бугарија во три наврати.

[201] Погрешно преведена реченица од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ стои дека колебливите членови на Младата македонска книжевна дружина, предводени од Андреј Љапчев, попуштиле под бугарскиот притисок и одлучиле „Лоза“ да се печати на бугарски јазик. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_4.jpg

[202] Тома Карајовов (1869 - 1950), македонски револуционер, член на Врховниот македонски комитет и еден од основачите на Македонскиот научен институт во Софија.

РИЗОВ[203], Наум ТУФЕКЧИЕВ[204], Димитар НАУМОВ[205] и други. Тие сакаа да го печатат Македонскиот весник во Софија „Лоза“ на македонски јазик, но владата се закани дека ќе ги прогони, па весникот се печатеше на бугарски јазик – тоа се случуваше в времето на реакционерската влада на Стамболов[206], потоа политиката на Бугарија се промени. На Македонците им беше дозволено да заземаат високи позиции во бугарската влада за да се создаде одделна македонска висока класа. Нивната политика се состоеше во тоа да го поделат македонското социјално движење, еден дел да се бори против друг дел и сите Македонци да се борат против браќата Словени – Србите. Бугарија организираше македонски четници против Србите, играјќи на картата на нивните национални сентименти и мовите македонски емигранти му помогнаа на Стамболов во спроведувањето на неговата политика. Целата политика на Стамболов беше антибугарска, антимакедонска, антисрпска, антисловенска и ја крена Бугарија против себе. Одоговорот на српската влада беше да стапи во контакт со движењето на младите Македонци, да овозможи стипендии на Белградскиот универзитет за македонските студенти. Следниве лица се запишаа на универзитетот во 1891 година: Георги Баласчев[207], Владимир Бојаџиев[208] од Охрид, Даме Груев[209] од Смилево, Димитар Мирчев[210].

14. Па така се создаде некаков натпревар меѓу Бугарија и Србија. Бугарија, исто така, овозможи стипендии за да ги привлече Македонците и да ги образува според бугарскто влијание. Истовремено султанот и Грците беа, исто така, многу ангажирани со нивните пропаганди. Сите правеа од Македонија еден лонец кој зовриваше, но Бугарите и Србите беа оние што беа главни конкуренти.

15. Од 1893 година Македонската револуционерна организација

[203] Димитар Ризов (1860 - 1918), македонски револуционер, член на Врховниот македонски комитет, публицист, бугарски политичар и дипломат.

[204] Наум Туфекчиев (1864 - 1916), македонски револуционер, близок соработник на Борис Сарафов, основач на бомболеарница во Софија во која се произведувале бомбите „македонки“ за потребите на четите на ВМРО. Бил еден од организаторите на атентатот врз бугарскиот премиер Стефан Стамболов.

[205] Веројатно е грешка во оригиналниот документ. Би требало да се однесува на Анастас Наумов (1861 - 1920), просветен деец, директор на солунската машка гимназија, противник на идејата за револуцонерна борба во Македонија.

[206] Стефан Стамболов (1854 - 1895), бугарски револуционер, поет, журналист, политичар и премиер на Бугарија.

[207] Георги Баласчев (1869 - 1936), македонски просветен деец, историчар, еден од основачите на Младата македонска книжевна дружина.

[208] Владимир Бојаџиев (1869 - 1956), македонски револуционер и просветен деец, член на ТМОРО, учесник во Илинденското востание.

[209] Дамјан (Даме) Груев (1871 - 1906), македонски револуционер, еден од основачите на Македонската револуционерна организација, нејзин прв секретар и член на Централниот комитет.

[210] Димитар Мирчев (1865 - 1938), македонски револуционер и просветен деец, член на ЦК на ТМОРО.

(ВМРО) започна борба за создавање  обединета народна независна Македонија. Во оваа унија беше вклучено и Одринско и автономијата на Одринско беше вклучена во програмата на оваа органзиација. Различни органзиација во Македонија и во Бугарија беа инкорпорирани во оваа организација. Весникот „Лозарита“[211] ги обедини Македонците во Македонија и во Бугарија. Од тој моемнт револузионерното движење стана многу силно и уредникот на „Лоза“ П.П.АРСОВ[212] се вклучи во Централниот комитет на револуционерното движење.[213]

16 – 17. Таква беше борбата кога Егзархијата направи конкордат со Бугарија, прифаќајќи ја бугарската азбука како пишан јазик во Македонија. Овој конкордат не беше прифатен од Македонците. Бугарската азбука предизвикуваше протести меѓу македонските национални дејци. Конкордатот на Егзархијата ги подели Македонците на два дела – за и против. Како вид на протест, многу македонски учители дадоа оставки. Се зборуваше дека овој конкордат ги ставил Македонците во ропство, економски и политички, и ги спречил Македонците да развијат своја национална култура.

18. Учителите сакаа да создадат една азбука за сите словенски држави, особено за Македонија, и тие ја поддржуваа борбата за македонски народен јазик, народна азбука и народна култура. Тие сакаа да ја видат Македонија обединета и независна и тие се бореа против конкордатот.

19. Ѓорче Петров беше за Конкордатот[214], но Македонците беа против. Тие сакаа национално признавање и се бореа за него. Оваа долга борба конечно ги расчисти националните идеи и покажа дека македонскиот народ мора да има своја политичка и културна независност. Фердинанд само ја забрза оваа идеја. Бугарската азбука не беше успешна идеја. Егзархиската идеја, исто така,  не успеа и таа единствено ги поттикна Македонците да се борат за сопствената национална идеја.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 102-106.

---

[211] Погрешен превод на оригиналниот текст. Се однесува на Лозарите.

[212] Петар Поп Арсов (1868 - 1941), македонски просветен деец, револуционер, еден од основачите на Македонската револуционерна организација, задграничен претставник на ТМОРО и автор на Првиот устав на Организацијата.

[213] Петар Поп Арсов не се вклучил подоцна во Централниот комитет, туку тој бил еден од основачите на Македонската револуционерна организација.

[214] Погрешен превод на оригиналниот текст. Во „Македонска искра“ е напишано дека Егзархијата ги плаќала учителите револуционери, но Ѓорче Петров инсистирал да се спроведува волјата на Организацијата. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Oct_1948_Vol_2_No_10_Page_5.jpg

# 38

# Допис од директорот на АСИО во Канбера до Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј со насоки за натамошните преводи на написите од „Македонска искра“, 4 ноември 1948 година

ТАЈНО

4 ноември 1948 година
А. 881

До заменик-директорот,
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молам повикајте се на Вашиот допис H15300/35 од 27 октомври 1948 година[215].

Преводот изгледа доста задоволително, но постои потреба да се обрне внимание на една помала работа.Повеќето преведувачи кои се ангажирани од страна на оваа Служба се многу заинтресирани за политика и во нивниот ентузијазам тие настојуваат да посветуваат големо внимание на политичките написи, како и на написите кои ги третират прекуморските настани. Ние секако сме заинтересирани за овие написи бидејќи тие понекогаш се од огромно значење. Сепак, забележано е дека концентрирањето на овие написи понекогаш доведува до запоставување на оние текстови кои се однесуваат на активностите на различните организации во Австралија. Овие наптиси вообичаено содржат имиња на индивидуалци, и тие се, на крајот на краиштата, она што претставува наш примарен интерес.

Во овој конкретен случај не е посветено никакво внимание на извештаите од различните ограноци на Македонско-австралискиот народен сојуз кои се појавуваат на втората страница. Веројатно овој недостаток треба да биде надминат во следните преводи.

Прашањето за препраќање согласно со одобрението за печатење беше препратено до Одделот за емиграција.

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 107.

---

[215] Документ бр. 37.

# 39

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сидnej до директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“ и превод на јунскиот број, 24 ноември 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДПО/ЕВ Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ТАЈНО

До Директорот, 24 ноември 1948 година

КАНБЕРА, А. Г. Т[216] А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука се прикачени, како информација, копии (3) од сумарниот превод на написи од „Македонсска искра“ од јуни, 1948 година.

На преведувачот му беа дадени инструкции, согласно со Вашиот меморандум[217] А.881 од 4 ноември, во однос на текстови од локален инстерес кои генерално се појавуваат на страна 2.

Овој весник сè уште излегува еднаш месечно, меѓутоа се појавија тешкотии кои спречија преводите да бидат достапни навремено и редовно. Во моментов, ситуацијата се разгледува.

Р. ВИЛИЈАМС

Заменик директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА

Год. 2, бр. 6
ЈУНИ, 1948
ПРВА СТРАНИЦА

[216] Австралиска главна територија.
[217] Документ бр. 38.

1. Комунике од ГШ на генерал Маркос во Грција.

2. Писмо до читателите од уредникот. Ги информира читателите дека весникот во иднина ќе биде издаван во Сиднеј, наместо во Перт. Тој бара финансиска и материјална помош.

3. Фотографија од Македонци кои учествуваат на Првомајските демонстрации во Перт оваа година.

4. Фотографија од Скопје (Македонија).

<u>ВТОРА СТРАНИЦА</u>

1. На англиски јазик.

2. Список на донатори за фондот „Македонска искра" (имињата ќе бидат препратени на англиски јазик дополнително)

3. На англиски јазик.

<u>ТРЕТА СТРАНИЦА</u>

1. Вести од Македонија и од Грција

2. Препечатен напис од „Сиднеј Дејли Телефграф" кој се однесува на успехот на генерал Маркос во Грција.

3. Извештај од состанокот за собирање прилози во Менџимап. Пристигнатото писмо од другарот С. Мечкаров од Менџимап, З. А:[218], известува дека таму бил одржан состанок, биле собрани 31/7/8 фунти за помош за Македонците кои се интернирани во Егејското и Средоземното Море. Следува листа на донатори.

4. Копија од меморандумот испратен од генерал Маркос до ООН.

5. Нова група во МАНС (Македонско-австралиски народен сојуз). Како резултат од Втората конференција на нашиот Сојуз приклучена е уште една група која е создадена на иницијатива на другарот Г. Рачнов. Другарот Рачнов ја посети Конференцијата како делегат – гостин уште во април. Покрај писмото испратено до Централниот комитет од Брејдвуд, другарот Рачнов пишува дека како резултат од резолуциите и настаните на Конгресот, и како резултат од советот кој му бил даден од страна на групата која секогаш е присутна, тој донел одлука да создаде група која ја приклучил кон МАНС.

Во ова писмо тие бараат од нас да ѝ дадеме име на оваа група и не исвестуваат дека донираат средства во фондот на „Македонска искра". Деталите за оваа група ќе бидат дадени во нашиот следен број, како и имињата на донаторите. Централниот комитет им честита на другарите од Брејдвуд и им испаќа срдечни желби за успехот на новата група.

[218] Западна Австралија.

<u>ЧЕТВРТА СТРАНИЦА</u>

1. Отворено писмо од Централниот комитет на МАНС до македонските емигранти

Драги другари,

Со голема радост им честитаме на нашите групи кои испратија свои преттсавници на конференцијата, како и на сите оние што го покажаа својот интерес за нашата национална кауза преку испраќањето на поздрави до нас.

Постојат некои народи кои прават се да не разединат. Сонародници, поради ова многу е важно нашиот Сојуз да работи на промовирање на разбирањето меѓу нашите две држави, Македонија и Австралија.

<u>ЧЕТВРТА СТРАНИИЦА (ПРОДОЛЖУВА)</u>

Сите ние знаеме колку нашата земја беше поробувана од различни балкански владетели и дека тие правеа сè што можеа за да го спречат нашиот народ да се обедини во една нација. Дури и сега некои Македонци не знаат на која земја ѝ припаѓаат, но тие знаат дека тие треба да се борат за својата слобода – која е заедничка за сите нас. Ние треба да ги пооддржиме Народниот фронт кој заедно со генерал Маркос во Грција се бори за слобода на сите луѓе, без разлика на нивната националност. Има само два пата по кои може да се оди: едниот води кон единство на сите демократски народи, другиот води кон реакција, империјализам и фашизам.

За последните крволочни елементи не прави никаква разлика која нација ќе им помогне, тие можат да живеат само од потта на другите. Тие даваат многу ветувања за кредити и помош, но нивната единствена намера е да ги искористат луѓето за нивен сопствен интерес, како што се случи во Грција. Но  помина времето кога луѓето веруваа во овие лаги, и сега луѓето сфаќаат кои им се нивни пријатели и кои му се нивни непријатели, и тие знаат дека можат до добијат слобода и независност еденствено преку своите сопствени напори. Фашистичките убијци знаат и сфаќаат дека завршија деновите кога луѓето веруваа во нивните лаги. Па сега се закануваат со американски атомски бомби. Кога Хитлер ја нападна Русија тој очекуваше да заврши војната за три месеци и да помине низ Русија како нож низ путер. Вие знаете као беше резултатот од овој напад и како неговите надежи беа згазени. Но Хитлер има многу пријатели и следбеници кои, сè уште,  ги негуваат истите надежи. Некои од нив се наши сона-

родници, како на пример оние што се приклучени кон „Македонска трибуна“ во Америка. За да се згазат овие непријатели, мои драги сонардоници, ајде сите да ги здружиме нашите напори и да го поддржиме Движењето за слободна Македонија, започнувајќи тука со поддршката на Сојузот во Австралија.

Не постои друг начин тоа да го сториме, освен со сите можни средства да ја поддржиме „Македонска искра“ и да ја зголемиме нејзината циркулација. Потрудете се сите ваши пријатели да се претплатат на М. И.[219] Знам дека има многу Македонци кои не го читаат весникот. Има некои кои дури не ни знаат дека постои. Нашата прва задача е да ги информираме да се претплатат на М. И.

Кажете им дека ние имаме претплатници во сите делови на светот: Америка, Канада, Аргентина, Македонија, Бугарија и во многу други земји. Има бизнисмени во Австралија кои имаат македонско потекло кои би можеле да го поддржат нашиот весник со плаќање реклами во него. Нашата канцеларија со задоволство ќе ги снабди со сите информации кои се поврзани со рекламирањето.

Пред да го завршам ова писмо, мои драги сонародници, дозволете ми да Ве потсетам сдека нашите браќа во Македонија ги дадоа своите животи за да ја ослободат нашата земја и сѐ што ние бараме од нашите браќа во Австралија е една многу мала жртва во споредба со нивната.

Да живеат демократските народи, смрт за фашистите, да живее слободата!

В. Бошков, секретар на Централниот комитет.

2. Нашата должност по Конференцијата

Како што знаете сите, на втората Конференција на МАНС беше одлучено Централниот комитет и весникот „Македонска искра“ да бидат префрлени во Сиднеј од Перт. Исто така, беше одлучено дека весникот би требало да се печати на секои две недели, наместо еднаш месечно, доколку е можно. Ова дополнитњлно издание, како и префрлувањето во Сиднеј, ќе ги сголеми двојно, ако не и тројно, нашите трошоци.

Истата конференција одлучи да вработи тројца извршни членови кои би биле платени за да ги извршуваат обврските на Центрралнот комитет, да се грижат за весникот и да дејствуваат како извршители кој ќе ги спроведуваат одлуките на конференцијата.

[219] „Македонска искра“.

Јас спомнав само неколку од бројните обврски на овие членови. Постојат уште многу задачи кои треба да бидат исполнети од нив и од другите групи и јас ги повикувам нашите членови да да си ги исполнуваат своите обврски редовно за да може организацијата да има доволно средства.

Ние знаеме дека одлуката на Конференцијата за префрлување на весникот во Сиднеј е критикувана од некои, но не можеме да Ве увериме дека префрлувањето беше договорено единствено за доброто на нашите национални интереси. Ние очекуваме од Сиднеј да се воспостават подобри контакти со македонските емигранти и да се соберат повеќе средтсва за нашата работа. Да заклучам, ние апелираме до сите групи во Н.Ј.В.[220], особено до оние во Сиднеј и Кребс Крик, како и до сите наши македонски браќа да ги испратат своите донации за да ни овозможат да ги спроведеме резолуциите од Конференцијата.

КОСТА ВЕЛЈАНОВ
Благајник на Централниот комитет

3. Известување од Загреб за драмска претстава на Народниот театар.

4. Вести од Перт, З.А. [221]

На 6 јуни оваа година групата „Единство“ од Перт ја одржа својата втора вечеринка во Трејд хол. Многу емигранти од околината беа присутни. Настанот беше организиран за помош на фондот „Македонска ѕвезда“[222] и како поддршка за исполнување на одлуките од Конференцијата. Повикот имаше значаен успех. Голем донатор беше Џим Папаруси, роден во селото Банито[223], Леринско, сега жител на Перт. Имињата на донаторите ќе бидат објавени во следниот број. Од собраните средства, 60 фунти беа дадени на фондот и заедно со претходно собраните 15 фунти, вкупната сума за „Македонска искра“ изнесува 75 фунти кои беа собрани за два месеци. Уредниците ја испраќаат својата благодарност до групата и до сите оние што донираа и се надеваат на соработка и во иднина.

ПЕТТА СТРАНИЦА

1. Реобјавување напис од „Њујорк Хералд Трибјун“, кој се однесува на активностите на Двајт П. Грисволд, началник на Американската мисија за помош на Грција.

2. Информација од Лондон за руските жени на Англичаните.

[220] Нов Јужен Велс.
[221] Западна Австралија.
[222] Погрешно име во оригиналниот документ. Се однесува на „Македонска искра“.
[223] Погрешен топоним во оригиналниот документ. Се однесува на селото Баница.

3. Допис од Скопје во врска со образованието.

4. Телеграми од ООН и од Тито до МАНС добиени како одговор на телеграмите на МАНС испратени на 8 април.

5. Напис за руските подморници.

ШЕСТА СТРАНИЦА

Се è на англиски освен дел од написот 2 кој се однесува на училиштата во Југославија.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 108-111.

# 40

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со „Македонска искра“ и превод на бројот од август, 8 декември 1948 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ
Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

До Директорот,
КАНБЕРА, А. Г. Т.[224]
А881

8 декември 1948 година

СТРАНСКИ ПЕЧАТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука е прикачена една (1) копија од год. 2, бр. 8 од август, 1948 година на погоре спомнатиот весник, заедно со преводот.

Обрнете внимание (1) на 2 страница на написот бр. 2 каде што е спомната помош за Југословенската емиграција; (2) на написот бр. 3 на истата страница кој се однесува на заминувањето на Жарковиќ и Бали; (3) на забелешките на 4 страница, напис 1(д) кој се однсеува на Нуме Бошњаков, чијашто фотографија, исто така, се појавува на истата страница. Оваа личност не се наоѓа во податоците на оваа Служба.

Р.ВИЛИЈАМС

заменик-директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА, ГОД. 2, БР. 8, АВГУСТ, 1948 ГОД.

Стр.1, напис 1

СИДНЕЈ – „Илинден прославен триумфално“

300 фунти за фондот „Македонска искра“.

Групата „Весела Македонија“ од МАНС, со голема свеченост оддаде почит на хероите од Илинденското востание, кои паднаа во

[224] Австралиска главна територија.

борбата за слобода на Македонија. По овој повод, оваа група организираше вечеринка во просториите на клубот ЗОРА.
а) Во седум часот просториите беа полни со луѓе кои дојдоа не само од Сиднеј и околината, туку и од Ричмонд, Порт Кембла, Њукасл и други подалечни места. Претседателот на групата, г. Васил Христов, свечено го отвори собирот, поздравувајќи ги гостите и посакувајќи им убав помин. Потоа музичарите свиреа на модерни и на традиционални инструменти и пееја модерни и традиционални песни. Еден говорник зборуваше за Илинденското востание против турската власт, како и за актуелната состојба во Македонија.[225]
б) Околу 9:30 часот, благајникот на Централниот комитет на МАНС, другарот К. Валами, дојде на сцената, и во неколку зборови, ја објасни финансиската цел за оваа средба и ги информираше присутните дека организацијата одлучила да испрати еден општ повик за поддршка на органот на Сојузот, „Македонска искра“.
в) На крајот на неговиот говор, другарот Валами, го претстави на публиката другарот С. Сарбинов. Овој другар беше главниот говорник на средбата. Во неговиот краток говор, тој се осврна на Илинденското востнание и неговото значење за македонскиот народ; потоа тој го нагласи значењето на весникот М. И.[226] - официјалниот орган на Македонско-австралискиот сојуз за Македонците во Австралија . Тој ги повика присутните да се обединат под знамето на МАНС и да сторат сѐ што можат за да спречат весникот да престане да постои поради недостиг од средства.
г) Другарот Сарбинов, потоа додаде дека нашиот Сојуз ги прави сите напори за весникот да продолжи да излегува без прекини, меѓутоа доколку поддршката од емиграцијата не е доволна, не би било чудо доколку еден ден прочитаме дека овој број на М.И. е последниот кој ќе биде објавен, поради тоа што самиот МАНС нема доволно средства за да ги покрие трошоците за печатење без надворешна помош. Во заклучокот тој испрати директен апел до присутните да донираат колку што можат за фондот на М.И. – единствениот народен весник во Австралија – без разлика колку би била мала донацијата, таа се-

[225] Погрешен превод од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ пишува дека додека младите играле модерни и стари ора, старците зборувале за Илинденското востание, за турското ропство, за актуеланта состојба итн. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Aug_1948_Vol_2_No_8_Page_1.jpg
[226] „Македонска искра“.

пак би ѝ помогнала на намерата. Потоа, за кратко време, сума од 310 фунти беше собрана. меѓу донаторите беа: другарите Богдан Петров – 50 фунти; М. Стефанов – 15 фунти; Спиро Кокуловиќ – 10 фунти, за имињата на другите донатори погледнете на друга страна од овој весник.

д) Вечеринката ќе имаше уште поголем успех доколку не се случуваше штрајкот на гасните работници кој резултираше со недостиг на превозни средства од многу места. Тоа е причината зошто многумина не можеа да дојдат, но ние добивме донации по пошта од некои кои не можеа да пристигнат. Овие дарежливи донации, како и донациите на многумината присутни на вечеринката, уште еднаш покажаа дека нашата емиграција може и ќе продолжи во иднина да ја поддржува нашата национална работа.

ѓ) Комитетот на групата и Централниот комитет изразија срдечно благодарам до сите оние што ја искажаа својата доверба во нивната работа преку давање  донации и тие се чуствуваат сигурни дека со таква поддршка тие усешно ќе ја спроведуваат нивната мисија во иднина. Да не заборавиме дека групата „Весела Македонија“ од минатиот април – времето на одржувањена Втората конференција на Сојузот – до денес, ги покажа резултатите на своите активности преку собирање  450 фунти за фондот на М.И. Овој резултат покажува дека има многу Македонци кои сакаат и имаат волја да го поддржат своето национално движење и сè што им е потребно е група околу која би можеле да се организираат. Да се надеваме дека примерот на оваа група ќе го следат и други групи, особено во Мелбурн, Џералдтон и Кребс Крик.

Напред другари! Да живее името Македонија, смрт на фашистите, слобода на народот!

<u>Стр.1, напис 2</u> Напис за соопштение од Белград во врска со убиството на ген. Јовановиќ на романската граница.

<u>Напис 3</u> Текст под фотографијата. Декорацијата на бината на клубот Зора вечерта на одржувањето на средбата по повод чествувањето на Илинден.

<u>Стр. 2, напис 1</u> Настани во Југославија, Петтиот конгрес на Комунистичката партија.

<u>Напис 2.</u> Ставот на МАНС.

Во врска со настаните во Југославија, неопходно е МАНС да го пронајде својот пат. Тој пат е целосна соработка со тукашната југо-

словенска емиграција. Во иднина МАНС ќе ја следи линијата на целосна соработка. Југословенскиот комитет, исто така, одлучи за целосна соработка.

Напис 3. Минатата недела конзулот д-р Жарковиќ и вице конулот Вангел Бали ја напуштија Австралија и со авион се вратија во Југославија. Не ги знаеме причините за нивното отповикување, но мислиме дека д-р Жарковиќ ќе се врати во Австралија како генерален конзул.

На д-р Жарковиќ му беше многу жал што не можеше лично да се збогува со сите негови македонски пријатели. Последните денови тој побара од нас, од негово име, како и од името на вицеконзулот, да ги пренесеме нивните добри желби до македонската колонија и нивната благодарност за гостопримството кое им беше покажано од страна на емиграцијата. Централниот комитет им посакува добар пат и искажува благодарност до нив за нивната поддршка којашто ѝ ја даваа на М.И. во текот на нивниот престој во Австралија.

Напис 4 Македонски деца заглавени во Југославија.

Написи 5 и 6 Исто, како погоре.

Напис 7 Говор на Михаил Керамитчиев на Конгрес во Егејска Македонија.

Стр. 3, напис 1 Вести од Македонија, второт конгрес на Народниот фронт на Македонија

Напис 2 Граѓанската војна во Грција

Стр. 4, напис 1 АКТИВНОСТИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Сиднеј – 45 годишнината од Илинденското востание беше свечено одбележана..

а) Групата „Весела Македонија“, како и други групи, го прослави триумфално и во големо единство сеќавањето на големиот национален настан, Илинден. Нашата емиграција ја покажа својата солидарност со Македонците во чест на споменот на паднатите херои во Илинденското востание. Имињата како Делчев, Сандански, Тошев, Петров, Груев, Чакаларов, Кљашев, Сугарев, Узунов, Митре Влахов и многу други кои се незнајни, но чиј спомен е бесмртен, ги дадоа своите животи за светата и единствена кауза, слободата на својот народ.

б) Ентузијазмот и добрата атмосфера во кои беше прославен Илинден покажаа колку е големо националното чувство меѓу нашата емиграција. Младите луѓе волонтерски ги извршуваа своите задачи за организирање на забавата. Другарот Крсте Василев понуди на акција

Кодак[227] кој беше продаден за 10 фунти. Тој, исто така, донираше 5 фунти. Групата им благодари на другарите Г. Загров, Д. Којавски, Ј. Физарков, Л. Фотев, Т. Лалевски, К. Валами и на многумина други кои, со нивниот труд, направија настанот да биде толку успешен.
в) Македонките помогнаа.

Голема помош во послужувањето на вечерата, во продажбата на тикетите за лотарија и во организирањето на забавата дадоа другарките Нели Бошњакова, Лена и Дина Чакрови и Вера Фарциќ од Далмација. Покрај нивната помош тие донираа во фондот „Македонска искра" по една фунта одделно. Групата, исто така, им се заблагодарува на Мери и Мирјана Гргуриновиќ (две сестри од Далмација) и на Стела Кордлјан (од Далмација) за нивните песни. Двете сестри, исто така, донираа, од името на нивните семејства, 5 фунти во фондот М.И.
г) Потоа, Илинденска торта на која беше напишано „Илинден 1903 година" беше ставена на аукција и беше купена од страна на Нуме Бошњаков кој се качи на бината и ја исече тортата на четири дела велејќи: Вака ќе бидат исечени главите на грчките монархофашисти. Илинден засекогаш ќе се празнува во Егејска Македонија. Смрт на фашизмот! Слобода на народот!

Напис 2, Кребс Крик

Групата „Слобода" од МАНС го прослави Илинден на 18 август. Беа собрани 220 фунти на оваа средба. Оваа сума треба да биде потрошена за изградба на сала во Кребс Крик. Салата, кога ќе биде завршена, ќе биде користена за средби, вечеринки, свадби, крштевки итн. Според информациите добиени од нашите сонародници кои неодамна го посетија Кребс Крик, салата се гради според плановите кои беа исцртани од другарот Крсте Пазов. Парцелата и салата ќе бидат во сопственост на македонската организација. оние што се заинтересирани можат да ги добијат сите детали од секретарот на групата во Кребс Крик.

Напис 3, Групата од Мелбурн

Секретарот од Кребс Крик му пишува на нашиот секретар дека во Мелбурн мислат дека салата што се гради, со помошта на нашите сонародници, ќе биде многу луксузна и дека нашите сонародици-работници не би можеле да одат во неа и дека таа ќе биде достапна единствено за македонските емигранти кои се богати.

[227] Веројатно се работи за фотографски апарат.

Напис 4, Квинбејан

Групата „Младина“[228] од МАНС го прослави Илинден на 8 август. Според добиените информации од секретарот на групата, биле присутни многу гости од Кејптанс Флет, како и двајца учесници во Илинденското востание.

ИЛИНДЕНСКИ ВОЈВОДИ

Двајцата востаници кои учествувале во Илинденското востание им се добро познати на сите оние што живеат во Квинбејан – Коста Пандов и Васил Анастасов, двајцата родум од селото Трсје, Леринско во Македонија. По слушењето на нивните раскажувања за Илинденското востание беше упатен апел и беше собрана сума од 31/1/6 фунти за фондот „Македонска искра“. Солидна сума беше, исто така, собрана за локалната болница и за помош на еден наш сонародик кој страда во Сиднеј. Деталите беа објавени во локалниот весник „Квинбејан Ејџ“, кој објави воведен текст како благодарност за донацијата.

Напис 5, Форбс.

Групата во Форбс е активна и членовите прават се за да го поддржат прогресивното движење. Секретарот на групата, другарот Христо Франгов, во писмо до Централниот комитет, не информираше дека многу брзо групата собрала сума од 20 фунти за фондот за М.И. и дека групата ќе ја продолжи својата работа зада ја обедини емиграцијата и да го помогне движењето за обединет и слободен македонски народ.

Напис 6.

С. Сидеровиќ бара информации за роднината Атанас Корловски.

Напис 7, Сејл, Викторија

Како што веќе ги информиравме нашите читатели во Сејл, Викторија, група на МАНС беше формирана под името „Љубена Македонија“. Штотуку добивме информација од оваа група за нивните активности.

Сумата која е собрана за фондот М.И. ги потврди нашите надежи дека дури и група составена од малубројно македонско население во нашето место би дало целосна морална и материјална поддршка за нашиот МАНС во неговата работа.

(Имињата на донаторите и благодарноста од Централниот комитет следат)

Вкупната собрана сума е 12/12 фунти.

[228] Погрешно име во преводот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Огранокот на МАНС во Квинбејан бил именуван „Млад Гоче“.

Напис 8, донација 50 фунти

Другарот Богдан Петар Ристев, родум од селото Облаково, Македонија, донираше во фондот М. И. сума од 50 фунти. Ова е првпат толку голема сума да биде донирана од една личност. Оваа донација беш дадена во текот на прославата на Илинден на 8 август. Присутните ја изразија својата срдачна благодарност на Б.П. Ристев и ги повикаа другите македонски бизнисмени да го следат неговиот значаен пример.

Напис 9

Известување од Македонија во врска со изградбата на Кооперативен дом во селото Цапари.

Напис 10

Имиња на донатори за фондот М.И. од Сиднеј, Мелбурн и Кребс Крик.

Напис 11

Имиња на донатори за фондот од Квенбејан и, исто така, имиња на луѓе кои успеале да продадат најмногу примероци на „Македонска искра“.

Стр. 5, напис 1

На англиски јазик.

Напис 2

На англиски јазик.

Напис 3, АДЕЛАИДА

Групата на МАНС „Александар Велики“ собрала алишта во вредност од 100 фунти за сиромашните во Македонија. Овие алишта ќе бидат испратени во Македонија преку југословенски пароброд кој се очекува да пристигне наскоро во Австралија.

Другите групи треба да го следат овој значаен пример бидејќи потребата за облека во нашата татковина е многу голема.

(Следуваат имиња на донатори)

Напис 5 Жална вест

Стр. 6

Сè е на англиски јазик.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 112-117.

# 41

# Допис од Мекгрегор, заменик-директор на АСИО во Перт до директорот на АСИО во Канбера во врска со досиејата на Стојан Сарбинов и Лори Малко, 11 јануари 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ГЛАВЕН ИСТРАЖЕН ОДДЕЛ
ИСТРАЖНА СЛУЖБА

Телефон Б4650 З.А.[229] 21026/С
Телеграф 3 спрат, Зграда на банката на Комонвелтот
Проследено до Перт Перт
Поштенска адреса:
фах Ц 138, ГПО 11 јануари 1949 година
Перт

ТАЈНО:
До Директорот

КАНБЕРА

А 881

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ви ги препраќам, за да имате информации, ажурираните досиеја[230] на С. В. СЕРБИНИС алијас САРБИНОВ, актуелниот уредник на „Македонска искра“ во Сиднеј и на Л. Е. МАЛКОЛМ алијас МАЛКО кои неодамна го напуштија Перт за да извршуваат функција во истиот весник. МАЛКОЛМ е познат комунист.

По заминувањето на овие двајца активни и ентузијастични раководители, Македонско-австралискиот народен сојуз во Перт е прилично неактивен.

Копија од овој меморандум и од овие досиеја се препратени и до заменик-директорот во Сиднеј.

В. МЕКГРЕГОР
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 118.

---

[229] Западна Австралија,
[230] Досиејата на Стојан Сарбинов и Лори Малко не се наоѓаат во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 42

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со актуелните случувања во Македонско-австралискиот народен сојуз и поделбите по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото, 10 март 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ВЦС/ЕВ
Н. 40771
Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269
ТАЈНО

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

До Директорот,
КАНБЕРА

10 март 1949 година
А881

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Морам да Ве информирам дека Стојанидис Василиу Сербинис, познат како В. Сарбинов или Сарбин, поднел оставка на позицијата уредник на „Македонка искра“ и ќе биде наследен од Лори Елис Малколм, познат како Малко.

Добиена е информација дека Сарбинов ја прекинал својата врска со „Македонска искра“ бидејќи има намера да се ожени во блиска иднина и да се пресели и да почне да работи во Њукасл, Н.Ј.В.[231]

Добиена е информација дека „Македонска искра“ во моментов е во многу лоша финансиска позиција поради фактот, како што е наведено, дека неодамна се случила поделба во редовите на македонската заедница – еден дел ја поддржуваат Југословенската комунистичка партија на Тито, а другите Советската коминтерна.[232]

[231] Нов Јужен Велс.

[232] Поделбата настанала поради Резолуцијата на Информбирото и прекинот на односите меѓу Југославија и Советскиот Сојуз.

Наведено е дека поддржувачите на Југословенската комунистичка партија биле одговорни за финансиската поддршка на „Македонска искра“. Сепак, по оставката на Иван Бакревиќ од Сесловенскиот сојуз, не се испраќа финансиска помош од оваа организација. Постојат гласини дека „Македонска искра“ ќе биде инкорпорирана во југословенскиот весник „Напредак“, но во дискретни разговори со раководителите на весникот „Напредак“ дојдено е до информација дека овие гласини се без никаква основа.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 119.

# 43

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со ноемврискиот број од 1948 година на „Македонска искра“ и негов превод, 11 март 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

До Директорот,
КАНБЕРА. А.Г.Т.[233]

11 март 1949 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Ве молам примете 1 (еден) примерок год. 2, бр. 11, од 10 ноември 1948 година од погоре спомнатиот весник, заедно со преводот.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА – 10 ноември 1948 година

СТР.1

1. Извештај од заседанието на ООН во Париз.

2. Писмо од Одборот за културни врски со емиграцијата од Скопје во кое се обраќа до сите македонски сојузи, организации, цркви, братства и емигранти во Америка, Канада, Аргентина и Австралија. Во ова писмо, претседателот на организацијата д-р Броздов,[234] декан на универзитетот во Скопје, бара од емиграцијата да испратат медицински инструменти и медицински апарати за основање Медицински факултет во Скопје.

[233] Австралиска главна територија.

[234] Прим. Д-р Стерјо (Иван) Боздов (1902 – 1987), прв декан на Медицинскиот факултет во Скопје.

3. Информација за одржана сесија на ООН на која се зборувало за набавка на оружје против Русија.

СТР. 2.

1. Информација од Париз за Русија на ООН.

2. Информација од Франција за штрајкот на француските рудари.

3. Информација од Англија за ставот на комунистите во случај на војна против Русија.

4-5. Информации од Израел и од Египет.

6-7. Информација од Англија за говорот на д-р Џонсон во Брајтон (6) и писмо на еден англиски капетан за Русинка која се омажила за Англичанец.

8-12. Информации од Кина.

13. Повик за претплатници на „Македонска искра“

Драги сонародници, некои од Вас веќе добија, а некои ќе добијат повик од Централниот комитет за ваша претплата на „Македонска искра“. Можно е кога ќе го добиете ова писмо веќе да сте ја платиле вашата претплата. Во тој случај Ве молиме да имате предвид дека нашата работа во канцеларијата се реализира од помошници кои волонтираат и ние имаме доста голем број на претплатници, па податоците не секогаш ни се ажурирани. Оттука, се извинуваме доколку добиете потсетник откако вашаа претплата е платена. Во момемтов има голем број на луѓе кои не ја платиле својата претплата за изминатиот период или, пак, не ја обновиле за следната година.

Другари, ве молиме немојте да заборавите дека Централниот комитет нс Сојузот (кој го контролира весникот) ја покачи претплатата од 6 на 12 шилинзи од 1 септември. Дополнителните шест шилинзи нема да бидат големо оптеретување, ние сме сигурни.

Ние ја користиме оваа прилика да ви ставиме на знаење дека некои од нашите претплатници заборават да известат за промената на нивната адреса. Ве молиме не заборавајте да го сторите тоа секој пат кога ќе се преселите.

14. На анлиски јазик.

СТРАНИЦА III

Вести од ограноците

1. Перт

На последниот состанок на Женската сецијa, меѓу другите прашања, беа донесени следниве одлуки:

а) Да се создаде еден комитет (кој треба да се именува Народен комитет) и во кој треба да има по тројца претставници од секоја од трите организации; тројца претставници од огранокот „Единство", три претставнички од Женската секција и тројца претставници од Младинската организација од Македонскиот фудбалски клуб.

б) да се организира кошаркарски клуб – тренинзите веќе почнаа минатиот октомври.

в) да се научи и одигра претставата „Македонска крвава свадба", пробите почнаа минатиот октомври.

г) да се организира еден општ пикник на имотот на Георги Генев во Озборн Парк. (одржан на 17 октомври. Сè уште не сме добиле никаква информација за него).

д) да се органиизра вечеринка за младите. (одржана на 3 октомври. Сè уште не е добиена информација).

2. Менџимап, З.А.[235]

Огранокот на МАНС „Слобода" на 18 септември организираше вечеринка на фармата на Нуме Грзовски. Многу луѓе дојдоа и многу донации беа собрани... Следуваат имињата на донаторите. Парите беа собрани од лотарија, аукциска продажба итн. Ограникот им благодари на сите донатори и гости. Огранокот испрати 50% - 12 фунти на Централниот комитет.

3. Аделаида, Ј.А.[236]

Донација за фондот за облека... Следуваат имиња на донаторите.

4. Фотографија од Македонка која сака да се омажи за Македонец кој живее во Австралија.

5. Внимание Македонци!

Сите ние знаеме за активностите на „Сесловенскиот сојуз" во кој ние Македонците имаме значајна улога. Целта на овој сојуз е да ги обедини сите Словени. Ние мораме да го поддржиме овој Сојуз со купување на неговиот месечен орган кој се печати на англиски јазик.

6. „Словенски преглед"

Во „Словенски преглед" можете да најдете многу интересни информации во врска со сите словенски држави, како и вести од сите други држави. Претплатете се на овој весник. Претплатата изнесува 6 шилинзи. (Следува адресата).

[235] Западна Австралија.
[236] Јужна Австралија.

7. Информација од Чикаго дека лидерот на Сесловенскиот конгрес, Г. ПИРИНСКИ[237] е уапсен.

8. Известување за пикник кој ќе биде одржан на 21 ноември во Ричмонд.

9. Планот на МАНС за агитација во наредниве шест месеци

Централниот комитет на МАНС изготви план за финансиска помош за шесте месеци, почнувајќи од 1 декември до 31 мај 1949 година. Тие бараат сите организации да до поддржат овој план и да помогнат во неговата реализација. Следува список на организациите и нивните квоти.

10. Листа на донатори за фондот М.И.[238]

11. Известување за пикник кој ќе биде одржан од страна на огранокот во Ричмонд на 21 ноември.

СТРАНИЦА IV

а) „Хрватски весник"

Еден типичен пример за игнорирање како информација стигна до нас од страна на нашиот сонародник Иван Михајлов кој се залага за „Слободна и независна Македонија".[239]

Драги читатели на „Македонска искра", срамно е што постојат такви игнорантни личности меѓу нашите сонародници. Патриотизмот на таквите личности станува смешен поради недостатокот на нивното образование. Неопходно е да се изложи тоа срамно нешто пред целата наша емиграција. Да покажеме дека и меѓу нас има такви необразовани личности. На фотографијата што ја гледате можете да видите за какво ремек дело на глупоста се работи. Испраќачот го изгребал своето име за никој да не знае кој е тој.

Текстот вели: Ова е насловната страница на нашиот весник кој ни се врати. На неа е напишано: Не сакам да го примам овој весник бидејќи се работи за хрватски весник, не е печатен со македонски

[237] Георги Николов Зајков (псевдоним Георги Пирински) (1901 - 1992, Софија). Учесник во комунистичкото движење. Во 1923 година емигрирал во САД и станал член на Комунистичката партија на САД. Во септември 1929 година учествувал во формирањето на македонска прогресивна група во Понтијак која подоцна прераснала во Македонски народен сојуз во САД и Канада. Бил секретар на МНС. Бил уредник на „Трудова Македонија" од 1931 до 1933 година, орган на МНС. Од 1942 до 1951 година бил секретар на Славјанскиот комитет во САД за помош на словенските народи на Балканот. Во 1951 година бил екстрадиран од САД во Бугарија согласно Законот за внатрешна сигурност.

[238] „Македонска искра".

[239] Погрешен превод од страна на преведувачот за потребите на Австралиската такна служба. Реченицата во „Македонска искра" е следната: „Пример за еден важен Македонец од тајфата на Иван Михајлов којшто проповеда „Слободна и независна Македонија". Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1948_Vol_2_No_11_Page_4.jpg

букви. Овој весник беше вратен од страна на некој Македонец во Њукасл. Тој самиот знае кој е.

Потпишан: В. Бошков, секретар на Централниот комитет на МАНС

б) Благодарност

Тројца Македонци го посетија Мелбурн. Танас Рачков од Мелбурн ги пречекал и бил нивен водич. Тројцата посетители му благодарат за оваа помош и гостопримството.

в) Етничките[240] идеи на Македонските Словени по Илинденското востание

Дали Илинденското востание беше востание на целиот македонски народ или не? Постојат контроверзи за точната локација на Главниот штаб на Централниот комитет на ВМРО (Македонска тајна револуционерна организација). Некои велат дека тој беше во Македонија, други, пак, дека бил надвор од Македонија. Постоеја многу разлики за ова прашање, но овие разлики не го засегаат етничкото прашање.

Главниот спор беше меѓу Христо Матов[241] и Авиценус[242]. Матов беше еден од оние што отворено ја променија својата националност. Матов беше Бугарин и орудие на круната. Авиценус беше секогаш таинствен. По етничките прашања секогаш маневрираше. Бидејќи ова прашање можеше да предизвика бура, тоа секогаш беше ставано на страна. Авиценус знаеше дека ова прашање беше едно од причините за неуспехот на востанието, па тој и неговите другари од тајната организација се позиционираа во Бугарска Македонија која секогаш ги поддржуваше македонските револуционери. Бидејќи Авиценус секогаш перфектно ја сфаќаше ситуацијата, тој изгради теорија за поддршка за Македонија како дел од Бугарската федерација. Тој, исто така, забележа морална слабост кај народот по неуспехот на Илинденското овостание. Па тој и неговите другари ги преземаа сите чекори да ја зголемат својата агитација. Авиценус работеше на следната програма:

1) да се поврзе со други организации за заедничка одбрана на нашите заеднички нтереси.

2) организацијата би требало да се претвори ов тврдина во борбата против демагошката пропаганда на другите нации, кои имаат цел да ги задоволат своите апетити.

---

[240] Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е Етнографските. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1948_Vol_2_No_11_Page_4.jpg

[241] Христо Матов (1872 - 1922), македонски револуционер, филолог и публицист, член на Централниот комитет на ТМОРО и нејзин задграничен претставник.

[242] Псевдоним на Димо Хаџи Димов.

3) да го принудат султанот да одобри автономија за Македонија.
4) да создадат една федерална организација којашто би го образувала народот за демократските идеи.
5) да органзиира една федерален и етнички сојуз кој би гарантирал независност и демократија.
6) да се создаде една федерална влада која би се претворила во спроводник на идејата за федерација со Бугарија[243].

4. Авиценус го сметаше решението како внатрешно прашање во Турската држава и беше против мешање однадвор. Но тој не покажа како беше можно да се оствари тоа без надворешно мешање. Централистите и федералистите, вклучувајќи го Авиценус, не можеа да сватат дека без етничка основа не постеја надежи за успех во борбата против интензивната бугарска пропаганда меѓу македонскиот народ. Стравот од Бугарија играше значајна улога во програмата на Авиценус. Практичната революциоенрна борба поддржана од Бугарија имаше доминантна улога и поради оваа причина тој не го покрена прашањето за етничките идеи пред федералистите или пред централистите.

5. Оваа очигледна грешка, која ние не ја спомнуваме како вредна за повторно пристапување, туку единствено за да покажеме дека успехот на нашата борба се наоѓа единствено на овој пат. Без учење на историјата на нашите предци ние не можеме правилно да ја водиме борбата. Свеста во однос на етничкото прашање на македонските Словени не може да се остави настрана нерешено, затоа што решението на проблемот, во линија со демократијата и самоопределувањето, е невозможно.

6. Да се игнорира етичкиот проблем е фатална грешка за конечното решение на македонската борба. Поради ова, како и поради смртта на Гоце Делчев[244], чиешто влијание по ова прашање беше огромно,

[243] Погрешен превод од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е напишано Балканска федерација, а не федерација со Бугарија. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1948_Vol_2_No_11_Page_4.jpg

[244] Гоце Делчев (1872–1903), македонски револуционер, учител, војвода и ревизор на четите на Организацијата. Во редовите на МРО бил приклучен од страна на Даме Груев во 1894 година. Заедно со Ѓорче Петров го напишал Уставот на ТМОРО во 1896 година. Бил еден од основачите на четничкиот институт на Организацијата и учествувал во создавањето канали за пренесувањеоружје. Од страна на ТМОРО бил избран за главен ревизор на четите и за член на Задграничното претставништво на ТМОРО во периодот пред избувнувањето на Илинденското востание. Станал еден од главните поборници на идејата да не се крева избрзано востание во Македонија и да се чека поволен момент. Загинал во судир со турската војска кај селото Баница, Серско, на 4 мај 1903 година.

неопходно е да им пристапиме на некои значајни факти. Суштината на проблемот може да се лоцира кај водечките луѓе на Егзархијата, некои од нив особено жестоки. Доколку македонските револуционери не ги прескокнеја етничките принципи и етничките идеи, доколку тие ја поставија етничката граница, како што им сугерираше проминентната личност и голем македонски патриот, Крсте П. Мисирков[245], македонското срце ќе беше затворено за нивната пропаганда и борбата не би била само економска, како што изгледа сега. Поради оваа причина, Македонците не можеа да ги почуствуваат придобивките од договорот со Турците кој беше направен во 1908 година.

7. Јане Сандански[246] се обиде да спроведе училишна реформа, но македонските учители беа неактивни и бугарската култура ја замени турската. Турскиот образовен систем не можеше да се спореди со оној на Егзархијата. Сандански не сфати дека образованието би требало да биде национално и Младотурците, исто така, не го сфатија тоа. Но, дури и Младотурците протестираа против организацијата која се викаше „Бугарски учителски сојуз“ и тие бараа македонски учители да го прочистат македонскиот јазик од бугарските зборови.

8. Бунтовите во Битола, Прилеп, Солун итн. против Егзархот јасно ја покажаа штетата од резултатите од оваа политика. Доколку постоеше една македонска азбука и еден македонски јазик, целиот проблем ќе беше решен во корист на македонскиот народ. Но, идеите на Сандански и на федералистите беа штетни и нанесоа голема штета на обединувањето на Македонија.

Каква бука се крена од страна на бугарските шовинисти и останатите агенти на Фердинанд и на Егзархот во нивните напори да се спречат Моарвиските реформи[247]. Но против нив се кренаа нашите борци кои го кренаа македонското народно знаме и буката на Џунметите[248] и на агентите се претвори во само обичен звук произведен од празно буре.

Македонската етничка идеја е сега во срцата на сите Македонци и нивното знаме е кренато и стои гордо во новата македонска држава.

[245] Крсте Петков Мисирков (1874 - 1926), македонски филолог, историчар, етнограф, славист и кодификатор на македонскиот литературен јазик и правопис. Автор на трудот„За македонцките работи“.

[246] Јане Сандански (1872 - 1915), македонски револуционер, војвода, член на Врховниот македонски комитет и на ТМОРО. Бил учесник во Илинденското востание и во Балканските војни.

[247] Се однесува на Маарифските реформи т. е. образовни реформи спроведени од страна на Османлиската Империја како дел од пошироките реформи на Танзиматот.

[248] Група од неколку домаќинства во едно село, кои заеднички плаќале определен данок и се воделе како административна единица во регистрите.

9. Македонската држава по првата војна[249]

Етничкото прашање е од огромно значење за нашиот народ и претставува камен темелник во нашата борба за слобода.

Прашањето за автономија на Македонија беше поставено на Меѓународната мировна конференција во 1919 година. Но, знамето на етничка Македонија не беше кренато на Конференцијата. Каранџуловската[250] формула, составена од официјални лица од Бугарија, беше прифатена на Конференцијата.

Бекстон[251] и други истакнати Англичани не го слушнаа македонскиот повик: Македонија на Македонците. Но и ние самите си предизвикавме голема штета на нашата кауза, како што покажуваат многубројни поствоени спомени, зборувајќи за бугарска Македонија.

10. Политиката за бугарска Македонија беше многу штетна. Дури и по Првата војна продолжуваа тврдењата дека Македонецот е Бугарин. Таканаречените Македонци даваа своја интерпретација на името „Бугарска Македонија“. Нашите барања за автономија беа одбиени на Мировната конференција и Бугарија, играјќи ја улогата на таканаречени патриоти, посакуваше цела Македонија да биде дел од Бугарија.

11. Ние не го кренавме нашето етничко знаме за одбрана на нашите идеи пред Словените. Многумина и денес го обвинуваат Масарик[252], кој имаше големо влијание на Мировната конференција, дека тој не им помогна на Словените кога беше потпишуван мировниот договор. Но овие обвинувања немаат никаква основа и се нелогични. Првата Европска војна беше еден „Анти – словенски фронт“.

Многумина Македонци и таканаречени Македонци правеа тајни задачи во корист на различни држави и дури и против Македонија и сојузот на јужните Словени за да спречат мирно решавање на балканскиот проблем.

12. Западните идеи за Македонија беа сите против обединета Македонија. Криминалната Валандовска афера[253] која ја предизвика Балканската војна не можеше да биде заборавена од страна на силите побед-

[249] Се однесува на Првата светска војна.

[250] Се однесува на Иван Каранџулов кој бил претседател на Националниот комитет на Сојузот на македонските братства.

[251] Ноел Едвард Бекстон (1869 - 1948), англиски политичар и дипломат, еден од основачите на Балканскиот комитет во Лондон.

[252] Томаш Масарик (1850 - 1937), чехословачки политичар, филозоф, новинар и прв претседател на Чехословачка.

[253] Се однесува на Валандовската афера или Валандовска акција од 20 март 1915 година кога четите на ВМОРО извршиле напади врз српски трупи во југоисточниот дел на Македонија.

нички. Оттогаш македонското прашање стана бугарско прашање. Фердинанд беше експерт во исполнувањето на желбите на луѓето. Тој изгради идеја дека Македонците потекнуваат од Бугарите и оваа идеја беше пропагирана од страна на неговите претставници во Македонија. Оваа пропаганда ја претвори работата на македонските патриоти невозможна.

13. Поимот „македонски Бугарин“ многу придонесе за фактот што, и покрај напорите на искрените македонски патриоти, Македонија беше одговорна за сите грешки кои беа направени од Германија, Австро-Унгарија и Бугарија.

Ние имавме многу истакнати, искрени патриоти, како на пример Сандански и Стојан Георгиев, но сите тие беа убиени или исчезнаа од раката на Фердинанд пред Првата светска војна.

14. Бугарските комити кои беа орудие на идејата за „Голема Бугарија“, како и италијанскиот фашизам, ги поткопуваа и уништуваа сите обиди за возобновување на независниот дух на Македонија. Тие не се воздржуваа да убиваат и нашето национално движење беше растргнато. Под власта на Бугарија и Југославија, ниту збор не смееше да биде кажан за одбрана на самостојна Македонија.

Во овие убиствени години, поточно во 1924 година, К. П. Мисирков напиша една статија во весникот „Мир“ (број 7155, 1924 година) под наслов „Македонска култура“, во која тој нагласи дека Македонија има сопствена култура и историја и се спротивстави на информациите кои доаѓаа од Софија.

Во 1925 година Мисирков напиша уште една статија, „Македонски национализам“. Тој беше нападнат за оваа статија од страна на весникот „Слободна реч“, официјалниот орган на владата на убиецот Александар Цанков[254]. Мисирков одговори на овој напад во „Мир“ (бр. 1948, 1925 година) со друга статија „Самоопределувањето на Македонија“.

15. Овие статии беа пробен балон да се види како ќе реагираат официјалните лица и нивната реакција беше многу одлучна. Во Софија преоблемот беше решен со декларирање дека Македонците во Бугарија се Бугари. Во Атина, дека Македонците во Грција се Грци и во Југославија дека се Срби.

Официјалните научници во тие земји, секој на свој начин, се спротивставија на етничката идеја за Македонија и го прилагодија македонското прашање на нивната империјалистичка заграбувачка политика.

[254] Александар Цанков (1878 - 1959), професор, политичар и премиер на Бугарија во два наврати.

16. Во времето на капитализмот и империјализмот секогаш постојат историски фалсификатори кои го решаваа македонското прашање во согласост со нивните сопствени желби.

По одреден мирен период, се појави нов бран на терор во бугарска Македонија. Идејата дека Македонците потекнуваат од Бугарите, базирана на фалсификувани историски факти, беше поддржана од убијците. Секој што можеше да го крене својот глас против таа идеја, беше убиван сред бел ден на улиците на Софија од страна на побугарчените слуги.

За да се поддржи лажната идеја за Македонија, беа создадени две институции. Македонскиот национален институт и Македонскиот научен институт.

17. Преку овие две организации беше создадена нова класа на интелектуалци кој ја прифатија идејата за „Голема Бугарија", која ја вклучуваше Македонија. Оваа идеја беше пропагирана на сите можни начини, тие печатеа брошури и книги во период кога политичкиот и културниот живот на национална Македонија беа мртви.

Користејќи го секој можен начин овие два института настојуваа да го компромитираат дури и името Македонија. Тие создадоа две групи: професионални револуционери и интелектуални фалсификатори, чијашто цел беше да ја шират бугарската идеја за Македонија – Македонија е дел од голема Бугарија. Нивната цел беше да ја внесат цела Македонија во рамките на Бугарија и за да го спроведат ова им беа дадени сите институции, како и поддршката на официјалните лица.

18. Идејата за голема Бугарија беше пропагирана меѓу Македонците од овие две групи. Но борбениот дух на македонските револуционери не беше убиен и покрај теророт кој беше инспириран од овие две групи. Професорот Л. Милетич[255], постојаниот претседател на Македонскиот научен институт беше познат под името „духовен медиокритет".

19. Г. Д. Баласчев[256] објави една брошура под наслов „Научната работа на проф. Милетич" во кој тој методолошки и научно ги уништи сите тези на Милетич. Оваа брошура е доволна илустрација за уло-

[255] Љубомир Милетич (1863 - 1937), филолог, етнограф, еден од основачите на Софискиот универзитет и на Македонскиот научен институт во Софија. Бил член и претседател на Бугарската академија на науките.

[256] Георги Димитров Баласчев (1869 - 1936), историчар, археолог, публицист. Се борел против пропагандите во Македонија, особено во крајот на XIX и почетокот на XX век. Еден од иницијаторите за основање на Младата македонска книжевна дружина. Во 1892 година учествувал во основањето на списанието „Лоза".

гата која ја играше проф. Милетич и неговите колеги во фалсификувањето на македонската историја. Милетич не одговори на оваа брошура бидејќи, се разбира, немаше што да каже. Брошурата ја покажа целата апсурдност на политичката, историската и етнографската интерпретација на Милетич во однос на македонското прашање. Милетич и сите негови колеги, без исклучок, ги искривија идеите на македонската борба, ги прикажуваа македонските народни историски борци како турски агенти и ја толкуваа националната борба преку идеологија која е целосно туѓа за македонскиот народ.

20. Овие лажни толкувања имаа големо влијание не само врз македонските емигранти и Бугарите, туку и врз целиот свет, давајќи им лажно објаснување на македонската борба, за карактеристичните особини на Македонците и за нивното етничко потекло.

Но Македонците се бореа протв баквите лажни теории, националната идеја беше, сè уште, жива. меѓу убиствата и теророт, најдобрите Македонци ги обединија своите напори. Активностите на Гевгелиското братство никогаш не можат да се заборават. Нивното храбро држење на конгресите, нивните храбри говори, нивните слогани, сето тоа имаше големо влијание меѓу македонската емиграција. Тие напишаа светла страница во историјата на македонската борба за обединување.

21. Ние никогаш не смееме да ја заборавиме одиграната улога на органот „Македонско знаме". Тој ги поддржуваше борбените идеи на македонската младина и го јакнеше нејзиниот дух. Околу 1935 година, ВМРО обединета го создаде „Македонски вести". Сè што знаеме за него зборува самото за себе. Не можат да се најдат никакви факти кои би го одбраниле поимот „македонски Бугари", да живее нашата етничка идеја. Како протест против лажните теории за нашето минато беше отпечатена книга под наслов „Македонски Словени". Младите македонски поети се појавија во таа книга. Венко Марковски[257], Коле Неделковски[258], Коста Рацин[259] и други кои со нивните трудови гласно покажаа дека етничката идеја за Македонија, сè уште, беше жива.

[257] Венко Марковски (1915 - 1988), македонски и бугарски поет, драмски писател, еден од основоположниците на македонската современа книжевност и член на Бугарската академија на науките.
[258] Коле Неделковски (1912 - 1941), македонски поет и член на Македонскиот литературен кружок.
[259] Коста Солев Рацин (1908 - 1943), македонски поет, книжевен критичар и основоположник на современата македонска книжевност.

22. Кога трудовите на Венко и на Тодор Павлов[260] беа објавени во книгата за Македонските словени, тие предизвикаа голема вознемиреност во штабот на непријателите. Во весникот „Слово“, на насловната страница беше напишано С.О.С.[261] Фашистичките организации сакаа да започнат погром против нив. Се кренаа гласови за задушување на „македонската нација“. Зошто толку голема бука? Што беше причината за активирање на овие организации? Причината лежеше во тоа што прашањето за потеклото на македонските Словени беше поставено на научна основа и тоа им стави крај на нивните теории.

Зошто тие го вклучија сигналот за вознемиреност? Зошто полицијата тргна против нас? (Против оние Македонци кои тврдеа дека се Македонци, а не Бугари?)

Затоа што ние докажавме дека постоела македонска нација и дека етничката идеја на македонските Словени не е мртва.

СТРАНА V

а) Портрет на македонскиот научник К. П. МИРИСКОВ
б) Државниот грб на Народна Федеративна Република Југославија,
в) Сиднеј

Централниот комитет на МАНС, заедно со Комитетот на Југословенскиот сојуз, ги известуваат сите Македонци и Словени дека ќе биде одржана средба на 21 ноември[262] за да се прослави пет годишнината од дозддавањето на Југословенската република. На тој датум во 1943 година, во градот Јаши[263], беше формирана Народна Федеративна Република Југославија. На истото место беа признаени и независноста и самоопределувањето на македонскиот народ. Ова е причината зошто овој датум е особено значаен не само за Југословените, туку и за Македонците, бидејќи нашата Народна Република Македонија е целосно еднаков дел на Југославија.

Сонародници, не го заборавајте 29 ноември. Ќе има забава во клубот Зора, на ул. Кембел, бр. 38, Сиднеј, на која ќе свири македонска музика и ќе бидат послужени македонски специјалитети. Поче-

[260] Тодор Павлов (1890 - 1977), филозоф, журналист, политичар и истакнат деец на Бугарската комунистичка партија. Бил претседател на Македонскиот научен институт по Втората светска војна.
[261] С.О.С. превод на англиската кратенка S.O.S. (Save our souls/Save our ship), меѓународно признат сигнал за неволја и повик за помош.
[262] Погрешен датум во преводот за потребите на Асвралиската тајна служба. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ стои 29 ноември. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1948_Vol_2_No_11_Page_5.jpg
[263] Погрешен превод. Во оригиналниот текст стои Јајце.

сен гостин ќе биде конзулот на ФНРЈ, другарот Косовиќ. Ќе има говорници од двата сојузи. Сите на забава!

<u>СТРАНА VI</u>

1. На англиски јазик,
2. Вести од Македонија,.

<u>СТРАНА VII</u>

1. На англиски јазик.
2. Фотографии од неодамна венчани[264] македонски парови.

<u>СТРАНА VIII</u>

Цела на англиски јазик.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 120-129.

---

[264] Во оригиналниот документ стои зборот пристигнати кој е прецртан и во ракопис е напишано „венчани?“.

# 44

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сидnej до директорот на АСИО во Канбера во врска со јануарскиот број на весникот „Македонска искра“ и негов превод, 29 март 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ
Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Н. 15300/35
Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

До Директорот,
КАНБЕРА, А. Г. Т[265]

29 март 1949 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ:„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Ви испраќам примерок од год. 2, број 13, од петок, 21 јануари, од погоре наведената публикација, заедно со преводот.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА, петок, 21 јануари, 1949 година

СТРАНИЦА I

1. Известување од Лондон; емитувано преку Слободна Грција[266].
2. Известување од Егејска Македонија.
3. На англиски јазик.
4. Полковникот А. В. Шепард пристигна на 12 јануари со „Партизанка“. Од 1941 година тој беше во активна служба против Германците во Грција и од 1945 година тој беше на чело на Британската економска мисија во Грција.

Тој не можеше да се согласи со британската антидемократска политика во Грција и поради тоа си поднесе оставка на функција-

[265] Австралиска главна територија.
[266] Се однесува на станицата Радио Слободна Грција.

та. Полковникот Шепард го познава лично генералот Маркос и имал пријателски однос со него. Последен пат кога го посетил било во септември и декември 1948 година во Костурско и во Леринско во Егејска Македонија. Тој ги посети Париз и други европски престолнини во кои секогаш ја бранеше идејата за решавање на грчкото прашање врз демократски принципи. Тој сакаше да ја брани каузата на генерал Маркос пред ООН минатата година во Париз, но САД и Британија не му дозволија да го стори тоа. Во следниот број ние ќе објавиме повеќе детали.

СТРАНИЦА II

1. Повик од Македонците во САД до нивните сонародници во Македонија да го помогнат генерал Маркос во Грција.

2. Писмо до сите македонски одгледувачи на зеленчук во Перт и во неговата околина.

На 19 ноември минатата година беше организирана средба на земјоделците за да се создаде ново градинарско здружение наспроти старото демократско здружение. Реакционерската идеја не заврши со голем успех.

Новото здружение беше именувано „Западно-австралиско земјоделско здружение“ и како привремен претседател беше избран г. Џ. Перкер, земјоделец од Кенингтон, чиешто основно занимање е да ја изнајмува својата фарма на луѓе за да ја обработуваат, додека тој не прави ништо и ја собира наемнината. Господин Дејвис беше избран за секретар, тој е секретар на огранокот во Линдервил на Либералната партија.

Причината за создавање на новата организација наспроти постојното здружение може да се лоцира во политичките разлики меѓу овие господа и секретарот на постојната организација, г. Хенри Мунтџој.

Сите Македонци во Ванеру, Озборн Парк, Балката и од другите места се добро информирани за активностите на постечаката организација, која за последните шест години се бореше за земјоделците и против монополистите кој не сакаа ништо помалку од можноста да ги диктираат своите цени за сите одгледувачи на зеленчук во Перт. Тие, исто така, знаат дека актуелната организација секогаш ги бранеше интересите на ситните земјоделци наспроти нивните богати конкуренти. И сега овие членови на Либералната партија, имитирајќи го г. Мензес, не сакаат ништо подобро отколку да ја уништат постојната организација и секретарот г. Мунтџој заедно со неа.

Господин Мунтџој е искрен борец за нашите интереси и е добро познат не само меѓу македонските земјоделци, туку и меѓу македонските работници во цела З.А.[267]

На состанокот на организацијата беа присутни само оние чијшто интерес е да се уништи постојниот сојуз. меѓу нив беа претставниците на двете големи компании за откуп. Со овој факт секому станува јасно кој стои зад новата организација. Таа е создадена како паралелна организација на постојниот сојуз кој е прогресивна организација, вистиснки сојуз на работливите земјоделци кои живеат во Перт, Ванеру, Балката, Озборн Парк итн.

Многумина земјоделци веруваат дека вистинските цели на новата организација се следниве: 1) да го дезорганизираат нашиот сојуз (С. П. З.[268]), 2) да спречат создавање земјоделски кооперативен сојуз, 3) да го уништат нашиот сојуз, кој е единствен што ги спречува да ги експлоатираат емигрантите земјоделци. Но фактот што е формиран нов сојуз нема да ѝ наштети на нашата организација. Поточно ќе се случи спротивното. Ние мораме да се обедниме за да им се спротивставиме. Ние мора да одиме на нинвите средби и да протестираме против нивната либерално контролирана политика. Да им покажеме дека нашата организација никогаш нема да се претвори во поле за политичка борба.

Еден од нашите сонародници кој бил присутен на нивниот состанок ни кажа дека вистинската цел на новата организација е да ги спречи активностите на нашиот сојуз. Неговиот совет е дека вие не треба да бидете пасивни туку да се борите против овој нов сојуз како реакционерски, чијашто основна цел е да го уништи нашиот сојуз. Ние ги повикуваме сите членови на Сојузот на пазарни земјоделци да се борат за интересите на нашиот вистински работнички сојуз. Запамтете дека само единствени ќе бидеме победници.

Хенри Мунтџој,
Секретар на Австралискиот сојуз
на пазарни земјоделци

3. Спорот меѓу Комунистичката партија на Југославија и Коминтерната

Резолуција на МАНС

„Централниот комитет на МАНС (Македонско-австралиски народен сојуз), едногласно ја осудува политиката на Тито и неговите приврза-

[267] Западна Австралија.
[268] Сојуз на пазарни земјоделци.

ници кои ги оддалечуваат Југословените од светиот социјалистички фронт, од демократските држави и кои се трудат да ги разединат словенските народи.

Оние што ја водат ФНРЈ (Југословенската федерација на народни републики) ја носат земјата во катастрофа и ја ослабнуваат борбата на работничкиот народ за мир.

Националистичката и шовинистичка политика на Комунистичката партија на Југославија носи во себе опасност за југословенскиот народ – опасност на која се гледа со радост од страна на сите империјалистички држави. Ние донесуваме резолуција за недоверба во лидерите на ФНРЈ и нејзините претставници во Австралија и во другите држави.

Ние остро ја осудуваме пропагандата на Комунистичката партија на Југославија која е насочена против Бугарија, Албанија и друтите демократски држави.

Ние тагуваме кога гледаме дека нашите најдобри браќа кои се бореа против фашизмот, кои ја водеа борбата за слобода и за единство на словенските народи, се затворани и убивани.

Пиринска Македонија веројатно е единствената држава во Југословенската народна република во која навистина постои светлото на социјализмот и на демократијата.[269] Дали народот во Пиринска Македонија би сакал да го види[270] Тито во таборот на империјалистичките непријатели?

Ние сме сигурни дека во најскоро време идејата за единство на јужните словенски народи ќе триумфира и југословенските народи ќе спречат таа држава да продолжи на напредува кон таборот на меѓународните реакционери.

4. Повик до македонскиот народ во Југославија од Македонците во Австралија

Ние членовите на Централниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз едногласно ве повикуваме да ја следите линијата на

[269] Погрешен превод од страна на преведувачот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ стои следната реченица: „Припојувањето на Пиринска Македонија со НР Македонија е единствено можно во една Југославија која ќе остане верна на светскиот социјализам и демократскиот фронт. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jan_1949_Vol_2_No_13_Page_2.jpg

[270] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст реченицата гласи: „Дали народот во Пиринска Македонија би сакал предводен од Тито да отиде во империјалистичкиот табор?“ Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jan_1949_Vol_2_No_13_Page_2.jpg

интернационализмот, а не да ја следите националистичката политика која ја спроведуваат Колишевски и Димитар Власов[271] на чело со Тито. Оваа политика е опасна и ве оддалечува од вашите браќа и сестри во Пиринска Македонија и од сите словенски народи, ве оддалечува од изворот на демократијата, ве оддалечува од социјалистичкиот демократски фронт предводен од Советскиот Сојуз.

Оваа политика е опасна бидејќи води кон таборот на меѓународните реакционери.

Вашата независност не е загрозена од страна на Советскиот Сојуз, туку од англо-американските империјалисти кои ја користат истата националистичка политика како вашите лидери за да предизвикаат империјалистичка војна против Советскиот Сојуз.

Погледнете го примерот во Грција каде што [сопствениците на] фунтите и доларите се борат против нашите браќа во Егејска Македонија.

Ние ве молиме да преземете силни мерки против пропагандата која ја шират лидерите против нашите браќа во Бугарија и во Албанија. Таквата антипрогресивна и антиработничка литература би можела да биде алатка за да се предизвика војна.

Нашата света задача е да го видиме социјализмот силно втемелен во Македонската република, но доколку нашите лидери не носат во империјалистичкиот табор, вашата задача, како и нашата, е да ги отстраниме таквите антидемократски лидери.

Ние сме сигурни дека во брзо време вие ќе го запрете ова опасно движење и ќе се приклучите во единството на сите словенски народи чијашто цел е да се изгради социјализам и братство меѓу сите луѓе.

За Централниот комитет,
В. Бошков, Секретар

5. VII конференција на Југословенскиот сојуз во Австралија

Седмата конференција која започна со работа во 1948 година и заврши во 1949 година е една од најзначајните за Сојузот и за нашите браќа Југословени во Австралија.

Присуствуваа претставници од цела Австралија, како и од нашиот Македонски сојуз, од Сесловенската лига и, за прв пат, од Нов Зеланд. Присутни беа вкупно четириесет делегати и беа донесени многу значајни одлуки. Најзначајната – за разликите меѓу Југословенската кому-

[271] Погрешно презиме во оригиналниот документ. Се однесува на Димитар Влахов. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jan_1949_Vol_2_No_13_Page_2.jpg

нистичка партија и Коминтерата. Конференцијата донесе резолуција во која ги осудува југословенските лидери предводени од Маршал Тито и неговите следбеници, ја осуди нивната националистичка политика и изрази недоверба на претставниците на Југославија во Австралија. Конференцијата донесе резолуција да ги исклучи од Сојузот оние членови којшто ги шират идеите на Тито меѓу Македонците или меѓу македонските организации. Беа прочитани писмата од претходната конференција. оние што искажаа идеи кои се опасни за нашата борба за меѓународен мир или, пак, штетни за работничката класа беа силно осудени. Конференцијата ја искажа желбата за развој на културното и политиичкото образование на новите емигранти.

6. Извештај за финансискиот план на МАНС. (Од 1 јануари до 30 јуни)
7. Објава на огранокот на МАНС „Весела Македонија“ за нивниот пикник.

СТРАНИЦА III

1. Се на англиски јазик.
2. Продолжение од страница 1.
3. Фотографија од свадба во Мелбурн,
4. Апел од Македонците од Западна Австралија за собирање каква било облека за егејските Македонци.

СТРАНИЦА IV

1. Етничката идеја на македонските Словени
(продолжение од претходниот број)

Конкретниот карактер на македонската борба

Во минатото, како и во сегашноста, основната цел на македонската борба е да се добие автономија. Во моментов автономијата стана фактичка бидејќи Македонија е држава во Југословенската федерација. (Следува објаснување што значи автономија).

Позицијата на Македонската република во Југословенската федерација е базирана врз принципот: еден за сите и сите за еден. Во старите времиња борбата беше за добивање автономија во рамките на Турската Империја, но основното прашање секогаш беше исто: Интегритетот на македонската територија. Границите на Македонија, како дел од федерацијата, се во координација со турската идеја. Делчев еднаш кажа: „Ние мораме да внимаваме на интегритетот на нашата територија“. Во зборот автономија се втемелени идеите за политички и културен интегритет кои претставуваат основа за ентичката идеја. Турците не беа способни да создадат единство во рамките на Балканската

федерација, оттука Македонија беше поделена на три дела. Сега Македонија има нова цел за која треба да се бори – да ги обедини овие три дела во еден.

Во борбата против фашизмот наши сојузници беа прогресивните маси. Ние мора повторно да ги повикаме за да ни помогнат да ја извојуваме нашата конечна победа бидејќи нашиот план остана незавршен.

Ние мораме да ги дефинираме нашите цели во таа борба и да ја добиеме поддршката на оние што, сè уште,  не се обединети со нас. Ние мораме да ја разбудиме не само политичката свест на овие народи, туку и етничката. Доколку актуелниот момент е таков што ние мораме да ја ставиме нашата слобода пред федерацијата на јужните Словени, тогаш ние мораме да го сториме тоа. Ние мораме да ја зајакнеме нашата македонска држава на сите можни начини. Но ние, исто така,  мораме да ја зајакнеме идејата за федерација на јужните Словени затоа што таа ќе ни помогне во нашата борба против фашизмот. Националната федерација е невозможна без целосна слобода на секоја држава.

За среќа актуелната политичка ситуација е таква што секоја јужнословенска држава има политичка слобода и своја демократска влада. Југославија беше првата која го направи овој пример и тоа би требало да биде основата за јужнословенско братство. Јужните Словени претставуваат компактна маса на Балканот. Тие покажаа невидена храброст во борбата против фашизмот; оваа борба јасно им го покажа патот кој треба да го следат. оние што се на чело на Југослвоенската федерација ги предводат луѓето на тој пат.

Доколку нашата борба се води интелигентно и конструктивно ние можеме да погледнеме во среќната иднина на јужнословенскиот сојуз, иднина која во целост ќе ја уживаат идните генерации. Јужнословенскиот сојуз ќе претставува моќна сила на Балканот и ќе го гарантира мирот нљ Балканот кој е всушнсот неопходна потреба за пораст на нашиот слободен културен развој.

Уште од почетокот ние го следиме вистинскиот пат во нашата борба за слобода и ние мораме да ја носиме оваа борба која се потпира врз прогресивната класа. Нашата актуелна борба се разликува од борбата во минатото и за да ги коригираме грешките од минатото на нашите претходници таа треба да биде базирана врз етничката идеја. Оваа идеја ќе ни помогне да ги надминеме нашите внатрешни

неволји. Оваа идеја е логична последица на идејата за ослободување на сите народи и класи. Ние мораме да се бориме тука во Софија и таму во Белград против идејата за Голема Бугарија, идеја која има скриена фашистичка позадина. Главните поддржувачи на оваа идеја беа фашистичките власти во побугарчените македонски реони, Македонскиот национален комитет и Македонскиот научен институт, кои ја ширеа пропагандата против Словените и нивните идеали. Дури и денес меѓу емигрантите постојат некои кои ги пропагираат големобугарските идеи за поделба на Македонија.

Тие гласно апелираат за помош на Македонија која е уништена од војната, но позади овој апел за помош е идејата за бугаризацијја на Македонија и ние би требало да ја одбиеме таквата помош. Ние треба меѓу емигрантите да ја разбудиме нивната национална свест за тие да станат вистински македонски борци за македонската кауза. Секој оној кој ќе ја отфрли македонската етничка идеја е наш непријател и ние треба да се бориме против него.

За оние што би кажале дека во моментов не е добро да се зборува за политиката за етнографската идеја за македонскиот народ, ние би им одговориле дека да се говори тоа е предавство или прикривање на големобугарската идеја. Етнографската македонска идеја е неопходна за да се обедини македонскиот народ и оние што ја отфрлаат оваа идеја работат за распарчување на Македонија. Всушност македонскиот проблем може да се нарече јужно-словенски проблем. Целосна демократизаццијa на балканските народи би можела, исто така, да го реши македонскиот проблем. Авиценус[272] повеќе нема да ја предводи борбата на бугарската линија, носејќи ја во рацете на Фердинанд и на неговата клика, како и на Борис. Нашите претходни патриоти го немаа искуството од примерот на Октомвридската револуција и не можеа да ја прочитаат теоријата на Ленин – Сталин за мационалната борба и токму тоа беше причината зошто основата на нивнаа борба беше бугарската идеја. Сега, по моќниот пример на СССР ние тука, а и тие во Македонија, можеме да го поставиме националниот проблем на добра основа и да го одведеме до правилно решение.

Но за да го решиме во целост и еднаш засекогаш проблемот за македонско национално обдинување, ние треба да ја дефинираме идеолошки етнографската македонска идеја и откако ќе ја дефини-

[272] Псевдоним на Димо Хаџи Димов.

раме да ја направиме водечки фактор во нашата борба. Оваа идеја треба да се прошири меѓу сите Бугари и Македонци тука во Бугарија.

Нашите тешкотии лежат во тоа што некои од нашите луѓе кои живеат надвор од Македонија во моментов, сè уште, не можат да го сфатат нашиот национален проблем. Мие мораме да ги разбудиме со фактот што нашата земја е уништена и ограбена од фашиститие. Ние треба да ја прошириме нашата македонска литература. Нашата литература би требало да му ја покаже на нашиот народ голготата на Македонците. Дури и во денешно време нашата литература се пишува на бугарски јазик и ние започнуваме да го заборавме нашиот сопствен јазик. Ние треба да ѝ јанобајсниме на тукашната емиграција, како и на бугарскиот народ, вистината за нашиот народ. Нашата интелигенција има обврска да му помогне на нашиот народ да стане една голема нација која е способна за големи дела. Ние треба да работиме за да ги зближиме нашата интелигенција и онаа на Бугарија. Наша обврска е да ги натераме Бугарите, Србите и сите јужни Словени да ја сфатат идејата за македонска нација и наша македонска држава. Оваа идеја не е правилно разбрана дури и кај некои пропагатори на македонската нација и на јужнословенскиот сојуз.

Нашите писатели треба да ја објаснат нашата национална идеја во нивните трудови за да можат официјалните лица во Бугарија и во Србија да ја сфатат. Набрзо по првата империјалистичка војна, владите на Србија и Бугарија се договорија да го решат македонското прашање со создавање македонско кралство кое би било во сојуз со српскиот и бугарскиот фашизам.[273] Македонската етнографска идеја за бугарскиот и српскиот фашист претставува црвено платно пред бик.

Најголемата заслуга на нашата етнографска идеја е тоа што таа ги буди националните чувства меѓу нашите помалку образовани маси и ја промовира идејата за сојуз на јужните словени. Тука е нашата задача и нашата цел и за да ја постигнеме мораме да работиме без престан. Ние мораме да создадеме наша сопствена литература, наша соптврна филозофија, за да ја зајакнеме нашата држава и да ја промовираме идејата за Јужнословенски сојуз, кој ќе стане сила која ќе биде признаена од светот.

---

[273] Ваква реченица, воопшто, не постои во оригиналниот текст во „Македонска искра". Целосно е измислена и вметната од страна на преведувачот на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jan_1949_Vol_2_No_13_Page_4.jpg

Сите јужни Словени би требало да ја знаат својата литература, тие треба да ја проучуваат и никогаш да не ја заборават етнографијата за да спречат лажни идеи да ги затрујат нивните умови.

КРАЈ

2. Жална вест
3. Покана за пикник

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 130-137.

# 45

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со мартовскиот број на весникот „Македонска искра“ и негов превод, 29 март 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ
Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Н. 15300/35
Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

До Директорот,
КАНБЕРА, А.Г.Т[274]

29 март 1949 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ:„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Ви испраќам еден (1) примерок од год. 2, број 15, од петок, 4 март 1949 година, од погоре наведената публикација, заедно со преводот.

Р. ВИЛИЈАМС
заменик-директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА, год. 2, бр. 15, петок , 4 март 1949 година

Извадоци од весникот на егејските Македонци „Непокорен“

а) Македонскиот народ ја помага „Слободната демократска армија“ во Грција со испраќање храна.

б) Соопштение од 4-от Комунистички конгрес во Грција кое се однесува на помошта која ја испраќаат демократските држави за борците во Грција.

в) Опис на поставеноста на Слободната демократска армија преку извадок од дневникот на еден од офицерите на таа армија, потполковникот Пандо Волјана.

г) Бугарските жени испратија петиција до ООН, потпишана од 2 200 000 жени за укинување на атомската бомба.

---

[274] Австралиска главна територија.

д) Потпишување трговски договор меѓу Бугарија и Албанија.
ѓ) Мојата посета на Канада и на САД

Драги сонародници,

Поминав одредено време во Торонто каде што ги посетив моите двајца браќа и неколкумина од моите пријатели од истото село во коешто се родив. Додека бев таму присуствував на средбата организирана од страна на Македонскиот сојуз „Победа". Почесен гостин и главен говорник беше уредникот на весникот „Македонска трибуна", Љубен Димитров[275].

Веќе отпорано имав слушнато за овој предавник и реакционер, но без љубопитен да слушнам што има да каже. Целиот негов говор беше клеветење против генерал Маркос, кого го нарекуваше „унгарски[276] бегалец од Мала Азија". Тој вети дека наскоро со помош на американското оружје Грција ќе биде целосно исчистена од овие овчари (партизаните). Тој рече дека сите оние што ги споделуваат идеите на Маркос во Македонија ќе бидат протерани од нивната земја од страна на САД кои ќе го постават Иван Михајлов на чело на македонската држава.

Драги сонародници, не можам да ги заборавам сите оние лажни ветувања кои беа отпечатени во „Македонска трибуна" кога се повикуваше народот да се бори против хитлеризмот. Но, кога хитлеровите ѕверови беа уништени, луѓето околу „Трибуна" започнаа да бараат американски услуги и почнаа да публикуваат она што американскиот империјализам го диктираше.

Уредникот погрешно го наведува читателот со полна свест. Тој не може да го игнорира фактот дека „овчарите" кои тие сакаат да ги уништат се луѓето од Демократската народна армија кои се борат за слобода и имаат целосна поддршка од македонскиот народ. Да го потсетиме г. Љубен Димитров дека оваа слободна демократска армија под водство на генерал Маркос веќе пет години победнички се бори против

[275] Љубен Димитров (1903 – 1962), активист меѓу македонската емиграција во САД, деец на МПО и трет редактор на весникот „Македонска трибуна". По Балканските војни заедно со семејството заминал во Бугарија. Дипломирал на Правниот факултет во Софија. Во 1930 година по покана на ЦК на МПО заминал во САД, каде што бил избран за главен редактор на официјалниот орган на МПО. Во текот на Втората светска војна преку бројни апели и во текот на средбите со американски општественици се залагал за создавање независна Македонија со Бугари. Бил верен следбеник на Иван Михајлов.

[276] Грешка во преводот. Во оригиналниот напис на „Македонска искра" стои зборот „маџирски" – термин кој се користел од страна на Македонците од егејскиот дел на Македонија за луѓе кои потекнувале од Мала Азија и кои дошле во егејска Македонија согласно договорот за размена на населението меѓу Турција и Грција. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1949_Vol_2_No_15_Page_1.jpg

грчкиот фашизам и покрај фактот што овие фашисти се поддржани од страна на Англија и на Америка кои трошат милиони фунти и долари за да ги помогнат грчките монархофашисти, но конечната победа на демократската армија ќе значи крај не само на империјалистичката политика на САД, туку таа ќе нанесе и смртоносен удар на фашизмот во Грција.

Во текот на говорот на г. Димитров, еден од присутните во публиката му постави прашање: „Дали Иван Михајлов сега се бори во Македонија?“ Димитров одговори потврдно, но тој не кажа каде и против кого тој се бори.

Драги сонародници, јас ви велам дека Михајлов се бори заедно со грчките платеници против своите сонародници. Ние мораме и треба да се присетиме на вистинските борци и лидери кои се бореа за слобода. Тоа не се Иван Михајлов и останатите бандити кои, зад плаштот на патриотизмот, се бореа за некои други интереси, туку луѓето како Гоце Делчев, Дамјан Груев, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров, Митре Влавот, Попов и други.

Драги сонародници, многумина од вас имаат браќа, сестри и синови кои се во партизанските единици кои се борат за народна слобода. Господин Димитров заработува од телата на нашите браќа и сестри. Драги браќа, ние мора да преземеме остри мерки за да ја уништиме предавничката активност на МПО. Јас сум сигурен дека ниту еден чесен Македонец или чесна Македонка во САД или во Канада ги споделува идеите на Централниот комитет на МПО. Како заклучок би сакал да кажам: Да живее Демократската армија и нека го уништи крвавиот фашистички режим во Грција и во Македонија. Смрт на предавниците од МПО!

Дане Трпков, потпретседател на
Централниот комитет на МАНС
во Мелбурн

МПО е МАКЕДОНСКА ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА во САД чијшто орган е „Македонска трибуна“, весник со десничарски тенденции. (забелешка на преведувачот)

е) Апел за фондот за облека за македонскиот народ.

<u>СТРАНИЦА II</u>

1-8 – на англиски јазик.

9. Соопштение од дневниот печат од Атина за промените во партизанската команда во Грција.

10. Опис на борбата меѓу партизаните и грчките трупи за освојување на градот Лерин.

СТРАНИЦА III

Активностите на жените.

1. Австралиско-македонската женска организација во Перт за многу кратко време организираше, со помош на огранокот „Единство“ и младинската организација, драмска изведба, детски бал со убави костими и пикник. Претставата која беше изведена беше „Крвава свадба“. Овие активности се светол пример што се можат да направат нашите луѓе. Предложено е да се формираат женски секции во Сиднеј и во Мелбурн.

2. Жени антифашистки

Весникот „Нова македонска жена“ кој излегува в ослободената македонска територија, раскажува за нашите жени кои активно учествуваат во борбата за слобода. Ние сме горди на нив и апелираме жените во Австралија да им помогнат со испраќање облека и други донации на оние што се борат против фашистите кои ги бомбардираат нашите села и домови.

3. Фотографија од венчавка во Перт.

4. Суми добиени од страна на „Македонска искра“ во согласност со финансискито план од 1 јануари до 30 јуни.

5. Збогување со другарот Сарбинов

Подолу го објавуваме писмото испратено до Централниот комитет од страна на нашиот другар Сарбинов кој сè до неодамна беше уредник на нашиот весник и кој побара тоа да биде објавено во „Македонска искра“.

„Другар претседател и другари членови на Централниот комитет и до сите другари од различните ограноци на МАНС и до сите знајни и незнајни мажи и жени патриоти од нашето национално движење во Австралија.

Во ова кратко писмо јас ви се обраќам за последен пат како член на Централниот комитет и уредник на „Македонска искра“. Кажувам збогум со сите вас бидејќи ја напуштам значајната и одговорна функција која ја извршував во раководното тело на Сојузот и како уредник на нашиот орган, „Македонска искра“.

Другари, ние поминавме низ тешки времиња кои побаруваа напорна работа за да се надминат сите грешки и разлики меѓу нас и во нашето раководно тело. На оние од вас кои донираа за нашата работа преку морална поддршка или преку донации, јас ви велам: Ние мораме да бидеме горди што тука, во Австралија, испишавме нова страница во историјата на македонската борба; дека тука, во далечната Австралија, ние, прогонетите и посвоените деца на нашата мајка Македонија, можевме

да се обединиме и да се организираме во нашиот Македонско-австралиски народен сојуз. Како дополнување на тоа, ние создадовме печатен орган, „Македонска искра", кој се дистрибуира низ целиот свет.

Јас немам намера да ги објаснувам или да ги оправдувам разликите кои се појавија меѓу нас, затоа што тие разлики беа резултат на добронамерните напори за се промовира активноста на нашиот Сојуз. Јас морам да кажам дека од почетокот на нашето национално движење и во наредните две години јас ја имав честа да бидам уредник на „Македонска искра". Јас признавам дека немав адекватно образование за оваа позиција затоа што јас успеав да завршам само основно училиште во коешто наставата се изведуваше на грчки јазик и на почетокот постоеја многу неизбежни грешки. Но иако постоеја многу грешки во правописот, нашата идеја беше правилна и тоа беше најзначајно.

Јас ве уверувам дека јас се чусвтувам поврзан со нашата организација и јас засекогаш ќе правам сè што можам за да ѝ помогнам. Но во исто вбреме јас апелирам до вас да не го уништувате единството на нашата организација, туку да ги вложите сите ваши напори за остварување на нашата најисока цел - реализација на нашиот вековен идеал.

Како што најверојатно прочитавте во претходниот број на нашиот весник, финансиската состојба на „Македонска искра" е таква што моравме да го намалиме бројот на редакцијата од тројца луѓе на двајца. Јас побарав да бидам ослободен од мојата функција. Мотивите за мојата оставка се од исклучиво приватна природа и произлегуваат од моите семејни планови. Јас се надевам дека моите другари коишто ќе останат во редакцијата ќе ги извршуваат своите обврски во интерес на Сојузот. Запамтете, тие имаат потреба од моралната и финансиската поддршка која вие им ја дававте досега. Насочете ја вашата помош на начин на кој секој би можел да види јасно дека „Македонска искра" е орган на Централниот комитет и таа ги рефлектира неговите идеи и дека името на „Македонска искра" претставува почит за сите нас.

Како заклучок, јас можам да ве уверам дека јас ќе бидам вистински со нашите идеи и дека секогаш ќе бидам со вас во нашата заедничка борба, но барам од сите вас да ги обедините сите свои сили за да ја донесеме нашата борба до победнички крај во името на нашиот идеал – слобода и обединување на Македонија.

Да живее МАНС.

Да живее „Македонска искра"

С. Сарбинов

6 и 7. Менџимап. Огранокот „Слобода“ организираше прием во чест на оние што пристигнаа тука со „Партизанка“. Тоа беше голем успех и присутните одлучија да организираат оркестар. Список на членовите на оркестарот и на донаторите следуваат.

<u>СТРАНИЦА IV</u>

1. Вистината за македонските деца во демократските држави.

Менџимап, З.А.[277]

Во декември минатата година во Австралија пристигна семејството на нашиот сонародник Нуме Грозовски. Истовремено многу македонски фамилии пристигнаа со истиот брод. Некои од нив се истоварија во Мелбурн, некои во Перт, а останатите во Менџимап и во други места. Фамилиите кои пристигнаа во Сиднеј беа пречекани од В. Бошков и С. Сарбинов. Набрзо потоа, оваа редакција доби писмо од Иван Грозовски, кој е секретар на нашиот огранок во Менџимап. Во неговото писмо тој ги пренесува сведоштвата на неговата мајка и на други фамилии за македонските деца од Егејска Македонија кои се евакуирани во различни демократски држави. Нашата редакција ѝ постави неколку прашања на неговата мајка и ова се одговорите кои ги добивме:

Прашање: Дали партизаните ги евакуираа децата со или без согласност на родителите?

Одговор: Во сите случаи беше дадена писмена согласност од родителите. Различни случаи се цитирани како потврда на ова.

Прашање: Каква е ситуацијата меѓу партизаните?

Одговор: Таа верува во конечната победа на партизаните и дава примери за нивната енергија, ведрина и убеденост во конечната победа.

Прашање: Какво е вашето мислење за нашата организација, тука, во Австралија?

Одговор: Целосна восхит за активностите на македонските организации во Австралија.

2. На англиски јазик.

3. Нов огранок на МАНС.

Во градот Калгорли во З.А. неодамна беше создаден нов огранок. На основачкиот состанок беа присутни Накев, Поповски, Шарин и шест други другари од Југословенскиот сојуз. Беше избран прввремен комитет. меѓу другите резолуции, на овој состанок беше одлучено да се исполни квотата од 20 фунти за фондот на М.И.[278], да се избере при-

[277] Западна Австралија.
[278] „Македонска искра“.

времен комитет, да се состави список од сите Македонци кои живеат во округот, да се организира поддршка за Егејска Македоија и да се набави одредена македонска литература.

4. Список на донатори за фондот за облека за Македонија.
5. На англиски јазик.
6. Реклама од македонски продавач на зеленчук во Квинбејан.
7. На англиски јазик.
8. На англиски јазик.
9. Жална вест

<u>КРАЈ</u>

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 138-146.

# 46

# Допис од Вилијамс, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со февруарскиот број на „Македонска искра“ и негов превод, 12 април 1949 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ
Н. 15300/35

Телефони
Б 1715
БВ 2147
БВ 2148
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

До Директорот,
КАНБЕРА, А. Г. Т[279]

12 април 1949 година
А881

СТРАНСКИ ПЕЧАТ:„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Ви испраќам еден (1) примерок од год. 2, број 14, од 11 февруари 1949 година, од погоре наведената публикација, заедно со преводот.

Р.ВИЛИЈАМС

заменик-директор

---

МАКЕДОНСКА ИСКРА бр. 14

1. „Непокорен“

Информација од Скопје за весникот „Непокорен“ кој се печати во Грција, во Егејска Македонија. Написот се однесува на активностите на генерал Маркос.

2. Да го разобличиме фашизмот во весникот „Македонска трибуна“.

Пристигна писмо од Чехословачка тука во Австралија, од чијашто содржина секој може да ја види вистината за спасувањето на децата од Егејска Македонија во народните демократии на Југославија, Бугарија, Чехословачка, Унгарија и Романија.

[279] Австралиска главна територија.

Писмото беше примено од страна на претседателот на огранокот во Кребс Крик. Другарот Ристо Димов е роден во селото Статица, Костурско во Македонија. Тој има три внучиња во Чехословачка и писмото е напишано од едно од нив, на детски јазик. Во ова писмо неговиот внук пишува дека тие избегале од Егејска Македонија, биле евакуирани во Чехословачка и како таму биле многу добро примени. Таму сите биле добро облечени, добро хранети и многу добро се грижеле за нив.

Драги читатели, прочитајте го внимателно ова писмо неколкупати бидејќи е напишано од дете кое не би можело да лаже. Децата наивно и едноставно ги опишуваат работите какви што се. Доколку ги погледнете лицата на децата на сликата подолу, ќе видите колку се среќни тие и вие нема да им поверувате на сите лаги на буржоаскиот печат тука во Австралија и во другите држави, особено вклучувајќи го „Македонска трибуна" од Индијанаполис, САД. „Македонска трибуна" отворено ја саботира демократската идеја за грижа за македонските деца.

„Македонска трибуна" ги реобјавува вестите од Грција и Македонија од фашистичкиот печат и од Радио Атина кои спорведуваат гебелсовска пропаганда. Тие велат дека децата биле земани од нивните домови со сила и одвојувани од нивните родители. „Македонска искра" секогаш тврдеше дека децата беа распоредени меѓу демократските народи со целосна согласност на нивните родители. Исклучок на ова се децата кои беа земени од нивните родители од страна на американските фашисти и испратени на островите во специјални училишта каде што ги образуваат со антимакедонски идеи, целосно одделени од нивните родители.

И како се образуваат децата во демократските држави? Доволно е да се каже дека сите писма кои се пристигнати тука, во САД и во другите држави се напишани на кирилица и на добар македонски јазик. Зошто? Затоа што тие добиваат соодветно словенско демократско образование во нашите братски словенски држави. Ниту еден вистински Македонец не би можел да поверува во тоа што го објавува „Македонска трибуна". Сите нивни идеи се исти со идеите на фашистите во Атина и во Индијанаполис.

(фотографија од група македонски деца во Чехословачка кои беа евакуирани таму за да се спасат од бомбите и теророт на грчките монархофашисти).

3. Информација од фронтот во Грција

СТРАНИЦА II

1. Декларација на Централниот комитет на МАНС дека „Македонска искра“ ќе продолжи да се издава еднаш месечно.

До сите ограноци и сојузи, до нашите читатели и до сите македонски емигранти во Австралија.

Централниот комитет на МАНС ги известува сите ограноци, а особено читателите на „Македонска искра“ дека финансиската состојба е таква што не би можел весникот да се издава двапати месечно како што беше решено на Втората конференција која се одржа минатата година во април.

1. Одлуката на Конференцијата во врска со финансирањето на весникот беше спроведена единствено од Сиднеј, Ричмонд и неколку помали ограноци.

2. Трошоците за печатењето на весникот во Сиднеј се двојно поголеми отколку што беа во Перт, па неуспехот на ограноците да ги исполнат своите финансиски обврски придонесоа печатењето на весникот на секои две недели, сè уште, да претставува тешка задача.

3. По пристигнувањето во Сиднеј на двајцата другари, Бошков и Сарбинов, тие почнаа да собираат претплатници. Тие испратија околу 7011 писма и циркулари. Само неколкумина испратија пари, мнозинството воопшто не ни одговорија и покрај фактот дека ние продолжуваме да им го испраќаме весникот дури и кога нивната претплата ќе заврши. Постојат и такви кои сакаат да го добиваат весникот двапати месечно, но, сè уште, не ја платиле нивната претплата.

4. Нашиот весник опстојува единствено поради донациите од ограноците и од неколкумина од емигрантите. Поради финансиските проблеми нашата редакција ја увиде потребата да се намали од тројца на само двајца луѓе.

Еден од нашите службеници и коуредник на весникот, Сарбинов, со одобрение на Централниот комитет, ќе биде ослободен од неговите обврски и ќе оди во Њукасл каде што најде нова работа, а неговите обврски ќе бидат исполнувани од страна на другарите В. Бошков и Л. Малков.

Од името на Централниот комитет  
В. Бошков

II[280]. Зошто партизаните во Грција не завземат некој голем град?

Полковникот Шепард во едно од неговите писма пишува: Многумина ме прашуваат зошто Маркос не заземе некој од големите градови во Грција? Кога јас бев во ГШ на Вичо пред минатиот септември, јас го поставив истото прашање. Неговиот одговор беше следниот: Јас не сакам да заземам кој било од голеите градови затоа што не сакам да го изложам цивилното население на опасност од бомбардирање од воздух. Јас немам против-авионски топови и не можам да го бранам градот од воздушен напад, додека монархофашистите веројатно имаат доволно авиони за такви напади.

Оваа грижа за цивилното население е значајна особина на карактерот на водачот и писмото на полковникот Шепард е добар доказ за тоа.

III На англиски јазик.

IV Грчките фашисти никогаш нема да победат во војната
(Напис од полковникот Шепард)

1. Читателите ќе се сетат дека минатиот август фашистичките власти во Атина прогласија голема победа врз партизаните, која, според изнесените информации би требало да значи целосно уништување на отпорот.

Во тоа време, и покрај фактот што јас бев тука во Австралија и ги добивав единствено вестите преку радио, јас отворено ги прогласив овие вести за лажни.

Кога изјавив дека повлекувањето на партизаните всушност беше нивна стратешка победа, некои од моите пријатели ме нарекоа оптимист. Минатата година кога атинските власти соопштија дека ги прогониле партизаните назад во планините, јас бев на теренот со некои офицери на Демократската армија.

2. Во тоа време, атинската влада соопшти дека Демократската армија, или, како што тие ги нарекуваат, „бандитите“, биле протерани од Нов Грамос освен од еден мал дел. Меѓутоа, вистината беше дека Демократската армија никогаш не го напушти Грамос Минатиот август генерал Маркос нареди стратешко повлекување од само еден дел на Грамос кон висорамнините на Вичо. Ова повлекување беше прогласено за „голема победа на Грамос“. Околу овој датум (18 август 1948 година), Демократската армија го завзема малиот град

[280] Нумерирањето е задржано како што е во оригиналнот документ.

Тирнавос, во кој беше стационирана монархистичка бригада. Градот беше држен два дена, сѐ додека не беше изнесен запленетиот воен материјал. Доволнио материјал за да се вооружи цел батаљон, а покрај тоа населението на овој град дадоа многу храна и опрема. Сите оние што беа фрлени во затвор поради симпатии кон партизаните беа ослободени.

3. Следниот ден, еден дел од Демократската армија зазема значаен стратешки центар и база за снабдување на монархофашистите, градот Трикала. Истовремено, еден одред влезе во градот Лариса, каде што се наоѓаше главниот штаб на монархистичката дивизија. Еден офицер од монархистичката армија кого го познавам од времето кога бев во Солун, и кој беше заробен, ми кажа дека оваа борба ќе трае многу долго. Тој рече дека партизаните се борат храбро и дека не бегаат од грчката армија преку границата, како што офицерите на грчката армија им кажуваат на нивните војници.

4. Денешните соопштенија од Грција информираат дека градот Негуш бил повторно освоен од Демократската армија. Во тој град јас за првпат ги сретнав партизаните. Градот имал околу 8000 жители, но 500 беа затворени поради симпатизирање на партизаните, 800 се приклучиле на партизаните одамна и 3000 беа евакуирани од градот за да не можат да им помагаат на партизаните.

Атинските власти, сепак, го прогласија заземањето на овој град како значајна победа, соопштувајќи дека овој град претставувал Главен штаб на партизанските единици. Економски, Негуш беше првото место кое го почуствува товарот на втората и третата окупација (Јас зборувам за англиските и американските трупи). Германија не можеше да го држи градот под контрола долг период затоа што немаше доволно аиони кои би биле употребени за оваа намена. Овој град беше центар на развиена индустрија и кога сопственикот на фабриката, Ланарас, кој соработуваше со Германците, избега со нив кога се повлекуваа, а работниците ја презедоа контролата врз фабриката. Кога УНРРА[281] ја снабди фабриката со памук и други материјали, производството почна да расте, па другите фабрики сакаа да го следат овој пример и работниците да раководат со работата.

5. Се разбира, на богатите капиталисти од Грција не им се допадна ова и набрзо властите ги уапсија или ги протераа членовите на

[281] Специјална програма на Обединетите нации за помош и ревитализација на државите и бегалците од страдањата во Втората светска војна.

работничкиот комитет и назначија извесен индустријалист на чело на фабриката.

Неговото раководење ја доведе фабриката во мирување и таа не функцонира сè до  денес. Очигледно Грција добива пари од Вујко Сем[282]. Пред неколку денови беше добиено писмо од поранешниот командант на грчката армија, генерал Стефанос Сарафис, земјата може да биде горда на овој генерал, кого фелдмаршалот (во тоа време генерал) Александер[283] го нарече „мојот голем и храбар соработник“, неодамна му беше одземен чинот и беше спуштен на ранг војник. Тој помина најмалку две години во затвор. И сево ова поради симпатиите кон партизаните. Официјално тој беше обвинет за соработка со Германците – смешно обвинение кое не може да биде поткрепено со ниту еден доказ. Денес овој храбар воин против секаков вид на тиранија, трогателно ми се заблагодари за топлото ќебе коешто му го испратив за да го заштитам од многу студената зима. Постои концентрационен камп кој се вика „Макрониси“[284] во кој минатата година повеќе од 100 случаи на самоубиство беа регистрирани. Дали овие 100 случаи навистина биле самоубиства? Овој храбар човек не лаже кога вели дека е сомнително тоа што толку многу луѓе доброволно си ги одземале своите животи.

Благодарение на енергичните напори на Австралискиот трговски сојуз, девет лидери на грчките трговски сојузи беа спасени. Тие беа осудени на смртна казна и беа пред егзекуција. Ниту еден суд во Австралија или во која било друга демократска држава би ги осудил овие луѓе. Судскиот процес беше фабрикација на грчките фашисти. Но без интервенцијата на Австралискиот трговски сојуз и на д-р Еват од ООН, овие луѓе ќе беа убиени. Ние мораме да му честитаме на д-р Еват за неговите активности во ООН, кои се постојано попречувани од Атина и од англискиот печат.

Меѓутоа спасувањето на девет животи не го решава грчкиот проблем. Тој ќе биде решен кога работниците од светот ќе го искористат сето свое влијание за да ги помогнат демократските елементи во Грција.
V[285] „Македонска трибуна“ ги заштитува убијците на нашиот народ

[282] Пејоративно именување на Соединетите Американски Држави.
[283] Џорџ Александер (1891 - 1969), британски генерал и фелдмаршал кој учествувал во Двете светски војни. Во текот на 1944 година бил назначен за врховен командант на сојузничките сили на Медитеранот.
[284] Грчки остров во Егејското Море каде што во 20-тите години на 20 век бил отворен затвор за политички затвореници кој постоел до 1970 година.
[285] Нумерирањето е идентично како во оригиналниот документ.

Препечатено од написот во македонскиот весник во Америка, „Народна волја“[286], во кој го обвинуваат другиот македонски весник „Македонска трибуна“ дека ги одобрува смртните казни изречени од грчкиот суд за Македонците Ано Клини и Като Клини.[287]

VI „Словенски преглед“

Во овој натпис Васил Христов ги повикува Словените во Австралија да го поддржат месечниот весник „Словенски преглед“ преку претплата и објавување реклами за пикници и други активности.

<u>СТРАНИЦА III</u>

Активности на ограноците

1. Менџимап, З.А.[288]

Новогодишната средба организирана од огранокот „Слобода“ беше одличен успех. Присуството беше големо. Најуспешни беа Јован Грозовски и Јован Милески кои изведоа комичен скеч. Беа пеени партизански песни, како „Партизан за бој се спрема“, „Збогум мајко, збогум татко“. Фондот на М. И.[289] доби 30 фунти.

(Следува список на донатори)

2. Огранокот „Единство“ на минатиот 3 јануари, организираше пикник кој имаше голем успех. Парите кои беа собрани изнесуваа 24/7/7 фунти.

(Следува список на донатори)

3. Голема благодарност до нашите од Кребс Крик.

Тома Чадевиќ ги помина божиќните празници во куќата на Наум Павлов. Тој, исто така, го посети локалниот огранок „Слобода“ и дозна дека таму постои пријателство и вистинско братство меѓу членовите. Тој им благодари на Павлов и неговото семејство и на огранокот за нивното гостопримство.

4. Џералдтон

На 21 ноември се одржа крштевка на Софија Дамовска, која е сестра на момчето Алкександар Дамовски. Бебето доби прва награда на натпреварот за бебиња кој се организираше за потребите

[286] „Народна волја“ бил орган на Македонскиот народен сојуз. Првиот број на весникот бил отпечатен во 1938 година.

[287] Погрешен превод од страна на преведувачот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Ано Клини и Като Клини не се лични имиња на Македонци, туку се топоними наметнати од страна на грчките власти за селата Горно и Долно Клештино, Егејска Македонија. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Feb_1949_Vol_2_No_14_Page_2.jpg

[288] Западна Австралија.

[289] „Македонска искра“.

на болничкиот фонд. Практично целата македонска колонија беше присутна.

5. Брејдвуд, Н.Ј.В..[290]

Исправка: Во еден од нашите претходни броеви сумата која беше донирана за фондот М.И.[291] од огранокот во Брејдвуд беше објавена дека е 15 фунти. Точната сума 24/10 фунти. Следува список на донатори. Нашиот другар С. Џорџ од Брејдвуд ја посети нашата канцеларија и донираше 1 фунта за фондот на М.И. Ајде и другите наши симпатизери да го следат овој пример.

6. Огранокот во Брејдвуд и раководството на М.И. му изразуваат сочувство на Георги Шабалев чиј син беше убиен во борба додека беше во партизанските единици.

7. Г. Н. Рашков, секретарот на огранокот во Брејдвуд ни испрати писмо кое го добил од едно од децата кои биле евакуирани од селото Руља, (Костурско, Македонија) во Романија. Тоа што може да се дознае од ова писмо е дека 246 деца биле евакуирани од истото село. Сите деца се среќни таму. Следува апел да се даде поддршка на М.И. и на Централниот комитет.

8. Извинување поради тоа што на списокот на донатори на пикникот во Ричмонд се изоставени неколку имиња. Фотографија од пикникот.

9. Аделаида

Минатиот месец беше организирана забава од страна на нашиот огранок „Александар Велики“. Настанот беше многу успешен. Во исто време беше избран посебен комитет за посета на нашите одгледувачи на домати за да се побара од нив да ги испраќаат доматите, спакувани во гајби, преку огранокот. На тој начин провизијата би влегувала во фондовите на огранокот. Следува список на донатори.

10. Имиња на донатори за помош на вдовецот П. А. Ташев.

11. Џералдтон

Огранокот „Нова Македонија“ организираше пикник на 29 ноември, кој беше многу успешен. Беше собрана вкупна сума од 27 фунти. Следува список на донатори.

12. Фотографија од венчавка во Џералдтон

14[292] Кејптанс Флет, Н.Ј.В.[293]

[290] Нов Јужен Велс.
[291] „Македонска искра“.
[292] Редниот број 13 недостасува во оригиналниот документ.
[293] Нов Јужен Велс.

Нашите сонародници во Кејптанс Флет, иако немаат создадено огранок на МАНС, ја исполнија својата квота која им беше доделена од страна на Централниот комитет и ние им благодариме за нивниот одличен успех. Следува список на донатори.

15. Список на донатори за фондот на М.И.[294]

16. Оглас. Човек сака да се ожени за Бугарка, Македонка или Југословенка.

СТРАНИЦА IV

1-2 На англиски јазик.

3. Фотографии од луѓе кои ги прославиле своите 21 и 23 роденден во Кребс Крик.

4, 5, 6. Огласи

7. Граѓанската војна во Грција. Продолжува од 1 страна.

8. Покана за собир во Падингтон таун хол на кој главен говорник ќе биде полковникот Шепард.

9. Секретарот Сарбинов им се заблагодарува на сонародниците за собраните средства за неговото болничко лекување.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 147-155.

---

[294] „Македонска искра“.

# 47

# Кореспонденција меѓу одговорниот службеник на АСИО во Аделаида, директорот на АСИО во Канбера и заменик-директорот на АСИО во Сиднеј во врска со македонското прашање и дејствувањето на огранокот на МАНС во Аделаида, 6 октомври 1949 година

А. 427/1
МЕМОРАНДУМ ДО: ДИРЕКТОРОТ ВО СИДНЕЈ
ДИРЕКТОРОТ ВО КАНБЕРА
ОД: КАНЦЕЛАРИЈАТА ВО АДЕЛАИДА
ДАТУМ: 6/10/49 година

БУГАРСКА КОЛОНИЈА ВО АДЕЛАИДА

Тука Ви препраќам копија од добиениот извештајот добиен за погоре спомнатиот предмет од страна на полицискиот оддел, Аделаида.

_______________[295]

ОДГОВОРЕН СЛУЖБЕНИК

Прилог
8x Дали има некаква добиена информација во неговиот извештај? – Ве молам поврзете го со Македонско-австралискиот народен сојуз.[296]
13/10 [нечиток потпис] 14/10
[нечиток потпис] 14/10
10 октомври 1949 година

---

ТАЈНО

РЕФ/КХ
До: Одговорниот офицер, Аделаида
Копија до: Директорот, Канбера.
Од: Директорот, Сиднеј

Македонско-австралиски народен сојуз (МАНС)

Ве молиме повикајте се на Вашиот меморандум А. 427/1 од 6 октомври 1949 година под наслов „Бугарска колонија во Аделаида“.

[295] Името на службеникот е прекриено во оригиналниот документ.
[296] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

2. Бидејќи мнозинството странски организации во Австралија се предмет на безбедносен интерес, се верува дека некое појаснување за позициите на сега постојните странски заедници би било од помош.

3. Политичките поделби во странските заедници во Австралија беа нагласени во текот на војната и сега постојат – особено меѓу Грците и различните словенски националности – силни групи кој активно ги поддржуваат новите „Народни демократии" во Централна Европа и сите од нив имаат цврсти врски со АКП[297]. Позициите се разликуваат меѓу различните националности.

4. Меѓу балканските заедници цо Австралија, најголемо мнозинство од Југословените се организирани во Југословенскиот имигрантски сојуз кој има свои ограноци во сите држави, освен веројатно во Тасманија. Оваа организација барем засега е под комунистичка контрола затоа што, на нивната поседна годишна конференција во Сиднеј во декември 1948 година, јасно ги потврдија врските со Коминтерната при неодамнешната расправија со Тито. меѓу Грците постојат бројни организации кои се под комунистичка контрола, од кои сите ги поддржуваат активностите на грчките бунтовници. Практично не е спроведена никаква истрага за целосно бугарските организации кои, во секој случај, се неколку на број.

5. Една од целите на овој меморандум е да посочи, за причини кои ќе бидат образложени подолу, дека се смета состаноците на кои им се пристапува во извештајот кој е прикачен на Вашиот меморандум се навистина состаноци на локалниот огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, познат и како МАНС.

6. Позицијата на македонската заедниица во Австралија е комплицирана поради фактот што не постои такво нешто како македонска националност и личностите кои себеси се сметаат за Македонци врз основа на нивното раѓање или потекло, веројатно припаѓаат на претходно спомнатите националности, т.е. југословенска, грчка и бугарска.

7. Федеративната Југословенска Народна Република која беше создадена по војната во своите граници вклучи една нова полу-автономна држава Македонија, со главен град Скопје. Постојат неколку причини да се верува дека со помагањето на грчките бунтовници од 1945 до 1948 година, Југославија се надеваше дека подоцна ќе ја инкорпорира грчка Македонија во новата држава. Позицијата која се

[297] Австралиска комунистичка партија.

појави откако Југославија престана да ги помага грчките бунтовници откако Тито се скара со Советите е, сè уште,  нејасна.

8. Европската ситуација се рефлектирапше во Австралија. Во 1946 година Македоците во Австралија го формираа Македонскиот народен сојуз на Австралија. Името подоцна беше променето во Македонско-австралиски народен сојуз, чиишто иницијали на македонски јазик се МАНС. Попатно, и југословенската и македонската заедница во Австралија се доминантно со левичарски карактер, најмногу поради тоа што многумина од нив ги напуштиле своите матични држави поради политички причини.

9. МАНС се етаблираше во сите држави во Австралија, освен во Тасманија. Се ферува дека е формирана федерална организација, со централен комитет, за која се знае дека е поврзана со Австралискиот словенски сојуз, на кој бројни левичарски организации кои ги претставуваат централно и источно европските националности му припаѓаат. Месечен весник именуван „Македонска искра", исто така, се печати.

10. Политички, МАНС е под силно комунистичко влијание, во тесни врски со АКП[298]. Сè до 1948 година тој силно ги поддржуваше Југославија и грчките бунтовници и добиваше голем дел од својата инспирација од Скопје, главниот град на југослвоенската федерална држава Македонија. Значајни суми на пари беа собрани за изградба на болница во Скопје и за други слични намени. Позицијата по кавгата на Тито со Советска Русија не е јасна. Се верува деа МАНС официјално го отфрли Тито, но не е познато до кој степен оваа одлука можеби ја подели организацијата.

11. Постојат некои индикации дека МАНС и други слични организации сега гледаат кон Бугарија за исполнување на нивните аспирации. Бугарија, се разбира, исто така, поседува дел од македонската територија што објаснува зошто некои личности кои се дефинираат себеси како Македонци се бугарски државјани.

12. Познато е дека огранокот на МАНС, познат како „Александар Велики", беше активен во Аделаида уште во февруари 1949 година. Иако единствено локална истрага би можела да ги детерминира вистинските факти, се сугерира дека средбите кои се наведени во извештајот кој ни го препративте се навистина средби на „Александар Велики", огранокот на МАНС. Ова мислење е базирано врз фактот

[298] Австралиска комунистичка партија.

што во списокот на претплатници и донатори на различни фондови организирани од страна на огранокот од Аделаида и објавени во „Македонска искра“ во август 1948 година и февруари 1949 година се појавуваат следниве имиња:

Пан ПОПОВ
Г. БОЈЧЕВ
Дон МАНЧЕВ
Стојан ДИНКОВ
Т. ГАНЕВ
С. М. СИМЕОНОВ
П. АЛЕКСАНДРОВ
С. МИХАЈЛОВ
М. МАНЧЕВ
Г. МАРИНОВ

Сиве овие имиња фигурираат во извештајот кој беше испратен од Ваша страна.

13. Дополнителмна причина е фактот што списоците објавени во „Македонска искра“ вклучуваат значителен број на грчки имиња. Се смета дека здружувањето на луѓе со грчко потекло[299] заедно со Бугарите чиишто имиња се наведени погоре најверојатно ќе се појават во македонска организација.

14. Дополнително, може да се забележи во извештајот на подофицерот Штраус[300] дека македонска филмска вечер била одржана во Локлејс хол на 13 мај 1948 година.

15. Без сомневање Вие ќе ѝ посветите поголемо внимание на оваа работа и ќе одредите која точно организација е одговорна за средбите на кои се осврнува подофицерот Штраус во неговиот извештај. Во секој случај еден извештај кој го покрива огранокот на МАНС во Аделаида би бил особено добредојден.

16. На средба одржана во Сидней на 1 октомври 1948 година на која присуствувале различни левичарски грчки организации, била формирана Конфедерација на грчките организации во Австралија. меѓу ор-

[299] Не се работи за луѓе со грчко потекло, туку за Македонци од егејскиот дел на Македонија чиишто имиња и презимиња се променети од страна на грчките власти по пристигувањето во Австралија, поголемиот број од Македонците ја вратиле македонската форма на нивните лични имиња и презимиња, додека помал дел ја задржале грчката варијанта, а некои од нив одлучиле да ги променат имињата и презимињата и да им дадат англиска форма.

[300] Имајќи ја предвид оваа реченица, многу е веројатно претходниот документ кој е отстранет од досието на МАНС да бил извештај на службеникот Штраус во однос на македонското прашање и дејствувањето на Сојузот.

ганизациите кои биле претставувани на состанокот била и една која е именувана како Македонско братство, Аделаида. Постои мислење дека оваа организација е идентична со „Александар Велики“.

ДС

21 октомври 1949 година

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 156-158, 165.

# 48

# Извештај од предметниот офицер на АСИО во Перт до директорите на АСИО во Сиднеј и во Канбера во врска со прикажување советски пропаганден филм и поврзаноста на Лори Малко, 25 октомври 1949 година

ТАЈНО
Дистрибуција: Директорот, Канбера (2)
Директорот, Сиднеј
Досието во Перт
Од: Предметниот офицер, Перт
ПРЕДМЕТ: СОВЕТСКИ ПРОПАГАНДЕН ФИЛМ

Македонско-австралиски народен сојуз[301]

Во 20:30 часот, недела, на 23 октомври во Словенската сала, Боулдер, советски пропаганден филм беше приватно прикажан за членовите и симпатизерите на Австралиската комунистичка партија од Источен Голдфилдс.

Околу 50 лица присуствувале, вклучувајќи ги и сите познати водечки комунисти од Годфилдс.

Филмот преставувал документарен филм за настаните во Чехословачка од 1935 година до денес и во него бил ставен акцент врз нескршливата добра волја на Советите кон таа држава.

Коментарите во филмот биле на англиски јазик – говорен со американски акцент.

Филмот бил неодамна донесен во Западна Австралија од Сиднеј од страна на Лори Елис МАЛКОЛМ или МАЛКО или МАЛКОС, активен член на Австралиската комунистичка партија, кој до декември минатата година раководеше со бизниз за недвижнини на улица „Вилијам“, Перт, место кое беше собиралиште на локалните комунисти.

Малколм го напуштил Перт за да се посвети целосно на организирањето на работата и на „Македонска искра“ меѓу Југословените, Македонците и другите балкански групи.

Тој посетувал марксистичко училиште во Сиднеј претходно оваа година и е виден во Сиднеј во текот на јули.

[301] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

Тој е поранешен припадник на Р. А. А. Ф.[302] и најчесто носи беџ на Здружението на воздухопловните сили на реверот на своето палто.

На крајот од прикажувањето на филмот, Малколм апелирал да се соберат средства за покривање на трошоците за филмот да биде донесен во Калгорли, наведувајќи дека донираните средства кои би ја надминале сумата на вкупните трошоци би биле донирани во Организацијата на обединетите нации, преку Црвениот крст.

Биле собрани 14 фунти кои не биле доволни да се покријат патните трошоци.

Малколм пристигна во Перт на 25 октомври 1949 година и сега ги разгледува можностите за прикажување на филмот во Перт и предградијата пред тој да се врати во Сиднеј.

Неговата партиска историја и личен опис се следниве:

Роден е во Македонија на 3 јуни 1923 година, пристигнал во Австралија на 14 јуни 1935 година. Го променил своето име со довола на 21 декември 1944 година од Елијас Константин МАЛКО-ЕЛИАС во Лори Килиа МАЛКОЛМ.

Неговиот татко Коста Димитри МАЛКО живее на 540 улица „Чарлс", Северен Перт.

Малколм е висок 5,6 стапки[303]; со слаба телесна градба:

со остри црти; со црна коса; кафени очи;

понекогаш носи мали црни мустаќи.

Оженет е за Валма Елејн МАЛКОЛМ, која е родена во Викторија на 3 јуни 1924 година.

Служел 2 години и 8 месеци во А. М. Ф.[304]; 1 година во А. И. Ф.[305] и 17 месеци како подофицер воздушен стрелец во Р. А. А. Ф.

Демобилизиран е на 7 август 1945 година.

Во 1946 година го привлекол вниманието како дистрибутор на комунистичка литература во областа Квинс Парк и на 9 јуни 1946 година објавил напис во „Работничка ѕвезда" за Македонскиот народен сојуз на Австралија.

Во септември 1946 година станал секретар на Народниот сојуз на Австралија и уредник и издавач на „Македонска искра".

Во јули 1947 година бил ослободен од неговите обврски во врска со весникот поради неговиот директорски однос кон другите Македонци.

[302] Кралски австралиски воздухопловни сили.
[303] 170 сантиметри.
[304] Австралиски воени сили.
[305] Австралиски империјален корпус.

Во мај 1948 година весникот бил префрлен во Сиднеј – и тогаш Малколм започнал бизнис како агент за продажба на земјиште и на недвижнини со канцеларија на улица „Вилијам", Перт, во партнерство со Павле БОСКОВИЌ и Стив БОНАКЕЈ, двајцата комунисти.

На 6 декември 1948 година Малколм се префрлил во Сиднеј и со себе ги земал својата сопруга и своето семејство со себе, со цел да ја обнови својата врска со „Македонска искра".

Според достапните податоци од Комунистичката партија кои се достапни за истражување покажуваат дека Малколм ѝ се приклучил на Комунистичката партија на Австралија во 1940 година.

Во 1948 година бил член на огранокот во Источен Перт со партиска книшка бр. 432. Неговата партиска книшка за 1949 година е со број 18027 и во неа е наведено дека е „префрлен во Сиднеј".

Во август 1949 година во „Македонска искра" тој е посочен како „Заменик секретар на Националниот комитет на Македонскиот народен сојуз".

______________[306]

Предметен офицер

Перт

25 октомври 1949 година

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 35, 36.

---

[306] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 49

# Превод на јануарскиот број на весникот „Македонска искра“, јануари 1950 година

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Издание – јануари 1950 година

СОДРЖИНА НА ЦИРКУЛАРОТ: ВАЖНА ПОРАКА „Ние апелираме до сите ограноци и до сите групи, како и до читателите на „Македонска искра“ – ова е многу важен и потребен апел до секој Македонец низ Австралија; нашиот националн орган „Македонска искра“ се наоѓа во критична финансиска ситуација! Дали сакате нашиот орган „Македонска искра“ да продолжи да излегува; Изгледа да! Ние сметаме на вашата поддршка за да продолжиме да го издаваме весникот; токму затоа ние апелираме до вас за целосна поддршка за да продолжи М.И.[307] да излегува.

„Сонародници, другари, планот за поддршка и успех на нашиот орган и истовремено светилник на нашите емигранти: доколку ние не го сториме ова и не успееме ќе претставува срам не само за Националниот комитет и за Редакцијата, туку и срам за секој огранок, група и Македонец; доколку сакате весникот да продолжи да излегува, тогаш поддржете го.“

За Националниот комитет:
Л. Пицарков, потпретседател
В. Бошков, секретар. Потпишан В. Бошков

Стр. 1

1. ДЕКА ТИТОВИСТИТЕ СЕ ПРЕДАВНИЦИ ЈАС ВИДОВ СО СОПСТВЕНИ ОЧИ од Смиле Војданов[308]

2. МОЈАТА БЛАГОДАРНОСТ ДО СОНАРОДНИЦИТЕ ОД ЊУКАСЛ И БРАТСТВОТО „БАЛКАН“ – За нивното сочувство по смртта на мојот син Бојанчо Трповиќ. Исто така, за нивното собирање пари кои беа искористени за да се подмират трошоците за докторите и болницата. Благодарноста ја дава неговиот татко Н. Трповиќ

[307] „Македонска искра“.

[308] Смиле Војданов (1872 - 1958), македонски револуционер, комита и војвода од редовите на Македонската револуционерна огранизација, учесник во Илинденското востание, еден од основачите и претседател на централниот комитет на Македонскиот народен сојуз.

3. ПРАШАЊЕТО ЗА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА И НАРОДНООСЛБОДИТЕЛНИТЕ БОРБИ ВО МАКЕДОНИЈА – продолжение од минатиот број – Од книгата „Македонското прашање и титовата клика“

Стр. 2/4 ТРАЈЧО КОСТОВ И ДРУГИ 10 ОБВИНЕТИ ЗА ПРЕДАВСТВО

5. ТИТО ГО ИСПРАЌА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗЛАТО ВО СОЕДИНЕТИТЕ ДРЖАВИ

5а. Е. ТЕМПЕСТ ЗА ЖИВОТОТ ВО РУСИЈА

Стр. 3. 6. ПИКНИКОТ ВО МОНА ВЕЈЛ МНОГУ УСПЕШЕН – Групата „Весела Македонија“ од Сиднеј и „другарите од Вериевуд и Мона Вејл “ организираа многу успешен пикник на 11 декември, вели Искра. Пикникот бил посетен од многумина македонски емигранти, како и од Југословени и Бугари. Весникот понатаму соопштува дека пикникот бил многу добро прифатен од сите оние што присуствувале и дека Нуме Бошњаков апелирал меѓу присутните да донираат средства за да се подмират трошоците и за фондот „Искра“.

7. ОВА СЕ ИМИЊАТА НА ДОНАТОРИТЕ КОИ СЕ ПРИКЛУЧИЈА НА АПЕЛОТ – Следуваат имиња и суми. Потоа следува параграф во кој се вели дека Пандо Буџо донирал дузина шишиња пиво. Следувала лотарија на која М. Велиовски освоил 2 шишиња кои ги дал на аукција. Тие биле веднаш купени од другарот В. Вангел за 16 фунти. Втората награда на лотаријата била штека цигари која ја освоил другарот Милан Филипов која ја дал, исто така, на аукција. На крајот штеката била продадена на другарот Георги Стефанов за 5 фунти.

8. ЈУБИЛЕЈ – Атанас Каршаков, кројач од Броукен Хил, ги испраќа своите честитки до неговиот вујко Христо Верушов и до неговата вујна кои живеат во Медисон, САД и кои неодамна ја прославија својата златна годишнина.

9. ИЗВЕСТУВАЊЕ – ПИКНИК – Национален македонски пикник ќе биде одржан на 15 јануари на Ванеру роуд. Автобусите ќе заминат од Македонскиот клуб во 10; 10:30 и 11 часот. Храна, музика и спорт за младите. Организиран од новото раководство. Известувањето го дава П. Г. Судиров, секретар.

10. КРШТЕВАЊЕ ВО КВИНБЕЈАН – Бебето ќерка на г. Доне и на г-ѓа Доневица Пазови беше покрстено на 1 јануари во домот на Крсте Пазов, таткото на Доне Пазов. На крштевката беа присутни многу гости, вклучувајќи ги и г. Н. Павловиќ со сопругата од Кребс Крик и семејството Чадевиќ од Ричмонд. Кум беше Г. Дуров кој го покрсти бебето Елизабета. Известувањето во „Искра“ е објавено од таткото и

дедото на Елизабета – Доне и Крсто Пазови.

11. НОВОРОДЕНО – на 30 ноември 1949 година женско бебе им се роди на другарите Васил и Василица Пејкови. Ова го соопштува групата „Слобода" од Менџимап, ЗА[309] „Искра" потврдува донација од 10 фунти од таткото на бебето.

12. ФОНД „ИСКРА" – По повод Божиќ и Нова Година, вели „Искра", другарите С. Василев и Л. Андонов од Сиднеј, ги посетија нашите сонародници во Форбс. Додека заедно прославуваа тие не заборавија на нашиот орган и светилник „Македонска искра". Тие собраа бројни доброволни донации, кои се следниве: по 2 фунти С. Василев и С. Ќосев; 1 фунта Г, Тодоров, Ц. Х. Франгов, Л. Фотев, Ч. Сидеров, Б. Сидеров, Д. Саров, Македонецот Д. Петревски, З. Петревски, К. Танев од Мелбурн, Л. Андеров од Сиднеј; по 10 пени К. Мојсов и В. Мојсов; по 5 пени М. Богиев. По повод неговиот роденден, другарот Васил Мојсов донираше 1 фунта за фондот „Искра".

13. ФОНД „ИСКРА" – Имиња на различни донатори и суми кои се собрани од нив следуваат.

14. ВЕНЧАВКА – Фотографија – Текст : На 4 септември 1949 година се одржа венчавката на г. Митре Ване Печинов и г-ца Морва Ване Волчинова. Г-ца Волчинова пристигна во Австралија од стариот крај на 11 јули. И невестата и младоженецот се од селото Баница, Леринско и сега живеат во Кребс Крик. Кум и старосватица беа г. Стојан Миленков и неговата сопруга. „Искра" и Сојузот им честитаат и им пожелуваат сѐ најдобро.

15. ДВА НАЧИНА ЗА РЕШАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

16. ТИТОВАТА КЛИКА

Стр. 4

17. Продолжува написот бр, 15.[310]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 166-168.

---

[309] Западна Австралија.

[310] Во фондот „Македонско-австралиски народен сојуз" постои уште еден превод на третата ина четвртата страница од изданието на „Македонска искра" од јануари 1950 година. Веројатно се работи за превод од друг преведувач за потребите на централата на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација во Канбера или, пак, за некоја од филијалите во Западна Австралија или во Нов Јужен Велс.

## 50

## Повик од редакцијата на весникот „Македонска искра“ за собрање финансиски средства за негово издавање, јануари 1950 година

ПОВИК ОД „М. ИСКРА“

Голема благодарност до организацијата во Мелбурн и нејзините членови, писмо со чек во вредност од 100 фунти. / До „Македонска искра“/

Од вашето писмо, драги сонародници, (писмо од Централниот комитет), ние сфативме дека вашиот орган е во очајна финансиска ситуација. Оттука, беше организирана акција за слободно донирање која резултираше со собирање на 100 фунти – наша донација за вашиот орган. Ние ги повикуваме сите Македонци во Австралија да ни помогнат во нашиот „повик од срцето“; ние кои денес повикуваме, без разлика од кој дел на Македонија доаѓаат, бидејќи тука сите сме еднакви и расфрлани по различни страни на светот, еден ден ќе бидеме среќни и обединети и ројалистот/монархофашистот Метаксас нема каде да избега[311].

Ваш искрен,

Џ. Панџари, секретар

Сонародници, следете го примерот од Мелбурн и обединете се.

За Националниот комитет на М.А.Н.С.

В. Бошков

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 169.

---

[311] Јоанис Метаксас починал во 1941 година.

# 51

# Превод на дел од февруарскиот број на весникот „Македонска искра“, февруари 1950 година

Македонска искра, февруари 1950 година[312]

ФОНД М. ИСКРА

Другарот Л. Огненов од организацијата во Мелбурн е еден од првите кои ја покажаа нивната лојалност не само кон матичната организација и неговиот пример беше следен од други другари кои учествуваа во продажбата, дистрибуцијата и во приклучувањето на нови имиња на претплатници на нашиот весник М. Искра. Тој ја заслужува нашата почит особено за 29те нови претплатници и за организирањето на финансиската помош.

14 ш[илинзи] ...... А. Раковитис, С. Кирков, Ц. Делијанов, Дон Филипов, С. Тунџев, Ј. Каралиев, П. Генчев.

6 ш[илинзи] ...... Џ. Филипс, Н. Каралевски, Г. Алабак, Т. Гелев, С. Стојчев, Б. Стелеманис, В. Чапкунов, С. Кирков.

9 ш[илинзи] ...... Џ. Панџари.

4 ш[илинзи] ...... М. Калапков, В. Рачков, К. Наумов, Н. Џонсон, Хр. Алтин, М. Делијанов.

1/6 ...................... Н. Кочов, М. Газелинов.

1 ш[илинг] ...... С. Филипс, Д. Папаруси, Т. Тренчо, Д. Опашинов, Б. Гламов.

Џорџ Лазар, Ричмонд, /Н.Ј.В.[313]/ ... 14/-

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 170.

---

[312] Напишано во ракопис на оригиналниот документ.

[313] Нов Јужен Велс.

# 52

# Превод на делови од мартовскиот број на весникот „Македонска искра“, март 1950 година

МАКЕДОНСКА ИСКРА........март, 1950 година.

Бр. 1 СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ

(Фотографија)

На оваа фотографија гледате двајца млади луѓе, г. Атанас И. Лејков и г-ца Јордана И. Петров; г-ца Јордана И. Петров од Бугарија, претходно од Кочковени, Леринско и г. Атанас И. Лејков од Вишени, Костурско.

Свадбата се одржа на 3 февруари 1950 година во Аделаида и присуствуваа сите наши емигранти. Другарот Лејков е еден од активните членови на друштвото „Александар Велики“ и дејствува како благајник. Уредниците и Н.К.[314] им пожелуваат сѐ најдобро.

Бр. 2 ЖАЛНА ВЕСТ

Би сакал да ги известам сите роднини и пријатели на мојата драга и сакана мајка Арсена Недов од Априлово Поповско, Бугарија, за нејзината смрт на 25 октомври 1949 година.

Таа зад себе ги остава во Австралија синот Стојан, снаата Златка, внуците Христо и Стефка, сопругата на нејзиниот внук и две правнуки Златка и Станка; во Бугарија две внуки Петкана и Арсена и нивниот дедо Стефанов.

Испратено од нејзиниот син Стојан Кинков со семејството.

---

Бр. 3 ЖАЛНА ВЕСТ

До сите роднини и пријатели на мојот драг брат Петро Ф. Дајков, на 42 годишна возраст, кој почина ненадејно.

Тој почина на пат кон Австралија, во близина на Коломбо, на паробродот „Сиринија“. Тој ги остава зад себе мајката Мара, жената Тоња[315], три ќерки и двајца синови, браќата Анастаси и Борис со нивните сопруги во Македонија и внуците во Канада и Австралија.

[314] Националниот комитет.

[315] Се работи за погрешно име во оригиналниот документ. Во „Македонска искра“ името е Томиа. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1950_Vol_4_No_3_Page_4.jpg

Братот Лазо и семејството во Австралија, сродниците по брак Методи и Тони Боглев, Коле Т. Боглев, Христо И. А. Неделко, зетот Блаже А. Кочов, Ласо Н. Котров и многу други пријатели.

Лазо Ф. Дајко со семејството.
Улица Мореј, бр. 279, Мелбурн,

---

ЖАЛНА ВЕСТ

До нашата публика во Аделаида.

На крајот на февруари 1950 година, нашиот Тодор Алимасковиќ од Прилеп, Вардарска Македонија, почина на 50 годишна возраст. Тој зад себе ги остави сопругата и родителите во Македонија. Погребот се одржа во црквата во Гарската. Многу пријатели и роднини беа присутни.

---

Бр. 4. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Донации. 1 фунта.....Л. Огненов, Г. Андричин.
10/-............ Т. Петров
14/-............ Н. Миленцев, Македонскиот клуб и ресторан, Ц. Димов.
6/-.............. П. Дајков, Б. Ставревски, Н. Младенов, М. Ристовичин.
4/-.............. Т. Рачков, В. Џејмс, Г. Газелинов
1/6............. Т. Ристовичин, К. Гуровски.
5/6............. В. Алтин
Сите од Мелбурн.
5/-.............. Т. Ристиќ, Кребс Крик, Н.Ј.В.[316]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 171.

---

[316] Нов Јужен Велс.

# 53

# Превод на делови од мајскиот број на весникот „Македонска искра“, мај 1950 година

МАКЕДОНСКА ИСКРА........................МАЈ, 1950 година.

Бр. 1 стр. 3.

ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЏЕРАЛДТОН, ЗА[317] И НИВНИОТ ПИКНИК НА 19 ФЕВРУАРИ 1950 ГОДИНА

Како што беше најавено претходно, групата во Џералдтон, ЗА одржа пикник и, се разбира, придонесе во фондот на „Македонска искра“, како и за широк публицитет на поттребите на изгладнетите деца и луѓето во Македонија. Ние успеавме бидејќи БРАЌАТА ЛАСО, СТАВРО и ТРПО донесоа два пакети и две кошници со храна. Едниот пакет со храна беше купен од П. ЗАЈКОВ за 1,5 фунта, а вториот од страна на Г. СЕКУЛОВ за 2,1 фунти. Една шунка беше купена од ТОДОР ВАЛЧЕВ за 1,1 фунта, а втората од ВАСИЛ ШОЛДАС, исто така,  за 1,1 фунта. АФРОДИТИ П. ФИЛИПС успеа да му продаде сито на В. КУКАРИС, 6 штеки со цигари беа продадени на Г. СЕКУЛОВ за 3,1 фунти. М. ПОПОВ купи 6 шишиња пиво кои подоцна му беа продадени на Т. БОГОВ за 1,5 фунти. Т. РАЈКОВ купи половина дузина лимонади за 10 центи. Ве молиме имајте го предвид ова што ги прочитавте, организирајте се во групи и не го заборавајте нашиот весник „Македонска искра“ кој е многу корисен за нашите емигранти во Австралија.

2 фотографии

(под нив)

Погледнете ги нашите донатори и организирајте се во национални групи како што тоа го прават во Џералдтон, З.А.[318]

На барањето за донирање одредена сума на „Македонска искра“, сите понудија по 1 фунта за фондот. Ова се нивните имиња: С. ЧОЛАКОВ, Ј. СОТИРОВ, Г. СЕКУЛОВ, Д. К. ПОПОВ, В. СОЛДАС, Ј. ГОЦИС, Ј. РАЈКОС, Л. РАЈКОС, ТОМ ЧАУС И СИНОТ, В. БОГОС, Г-ЃА Ј. СОТИРОВ, П. БОЖИНОВ, Н. ФИЛОВСКИ, Г-ЃА Д. К. ПОПОВ, Г-ЃА Н. ФИЛОВСКИ, Г-ЃА РАЈКОС, ПАНДО Ј. РАЈКОС, Н. ФИЛОВИЧИН, Г-ЃА ФИЛОВИЧИН, Г-ЦА Р. ШОЛДАС, ПАНДО КРСТЕВ КОНОМЛАТИ, С. ПОПОВ, Т. БОСИНОВ.

[317] Западна Австралија.
[318] Западна Австралија.

Организирајте национани групи, следете го погоре спомнатиот пример, помогнете да се најдат повеќе претплатници на нашиот вресник меѓу вашите пријатели и не заборавајте да испраќате донации за фондот на „Македонска искра“.

---

Бр. 2, стр. 3

ЊУКАСЛ, Н.Ј.В.[319]

По повод Велигденските празници групата Балкан организираше вечерна забава воочи Велигден. На овој настан ние ја одржавме Велигденската традиција, икони и Исус распнат на крст. Присуството беше големо бидејќи сите наши емигранти од градот и неговата околина дојдоа и собирот беше во духот на Воскреснувањето. меѓу гостите беа и другарите од Сиднеј В. БОШКОВ, К. ВАСИЛЕВ, ХРИСТО САРОВ, Т. ЛАЛЕВИЌ, АЛЕК ДИЈАМАНТИДИС со семејството и К. САРДАНОВ. Следејќи ја традицијата, беа подготвени црвени офарбани јајца (16 дузини) и секому од присутните му беше дадено по едно црвено јајце за да му се позлати (старо верување). ДРУГАРОТ САРХУОВ го отовори собирот, им се заблагодари на сите за присуството и им посака среќен Велигден. На крајот сите пееја црковни песни со цел да го прослават Неговото Воскреснување. Старите и младите се сретнаа покрај шанкот, многу Кока Кола и сите беа среќни. Забавата беше многу успешна за Њукасл бидејќи сите зедоа учество. Уредниците на „Искра“ би сакале да им се заблагодарат на сите гости и особено на новодојдените од Пиреја-Македонија. Ние ја изразуваме нашата благодарност до другарите МИХАИЛ МУРЏЕВ и Х. КУЛИПАЧОВ кои го организираа пикникот и забавата без никаков надомест, а, исто така, и до ДРУГАРИТЕ ВАСИЛ НАУМОВ, ТОМЕ ИЛКОВ, ВЕСКО ВЕЛИЌ И ВАСИЛ АНДОНОВ кои помогнаа како келнери.

Дописник на Организацијата.

Бр. 3, стр. 3

ГРУПАТА ВО КВИНБЕЈАН ЈА ИСПОЛНИ ЗАДАЧАТА.

По нашиот апел за придонес за нашиот ФОНД ЗА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“, националната група во Квинбејан успеа да собере 10 фунти во домот на ФИЛИП РУКОВ. За толку мало населено место, тоа се навистина многу пари и ние ги повикуваме сите Македонци да не заборават дека ние сме едно големо семејство, дека сите ние ја сакаме

[319] Нов Јужен Велс.

нашата татковина која долго е поробена, но порано или подоцна ќе биде повторно слободна. Донатори: ВАСИЛ АТАНАСОВ И КАПЕТАН ФЛЕТ 1,1, фунта, АТАНАС ГОГЕВ 1,1 фунта, ЈАНЕ ДИМИТРОВ 1 фунта, КОСТА ПАНДОВ 1 фунта, ФИЛИП РУКОВ 1 фунта, ТАНАС БОЧКАРОВ 1 фунта, ДИМИТАР ЈЕДРИОВ 1 фунта. Организирајте се во групи, следете го нивниот пример!

---

ГРУПАТА СЛОБОДА ВО МЕНЏИМАП, З.А.[320] И НЕЈЗИНАТА УСПЕШНА ВЕЧЕРНА ЗАБАВА

На Велигден групата Слобода организираше вечерна забава на 8 април 1950 година на која присуствуваа многу емигранти од Менџимап и неговата околина. Нашата нова група В. К. МИЛЕНЦЕВ, АХИЛЕЈА ЈАНКАЗОВ, М. ЏОН ГРОЗОВСКИ свиреа без паричен надоместок за нашата група и ние ја користиме оваа прилика да им се заблагодариме. Исто така,  би сакале да им се заблагодариме на ТАНАС ШАРИН и на КИТ КАТА, како и на сите останати кои ја понудија нивната поддршка и придонесоа забавата да помине во најдобар ред. 37,16 фунти беа собрани, минус 7,17 фунти за трошоците, па остана сума во нето износ од 19,18 фунти. Драги сонародници, организирајте национални собири, забави и слично. Не ги заборавајте нашите народни традиции и нашата татковина – Македонија.

Бр. 5, стр. 3

РАЃАЊА

Според вестите, г. и г-ѓа САРБИНОВИ добиле бебе, па организирале забава. На оваа забава присуствувале роднини и пријатели. Бебето, ќерката, е родено на 9 февруари и има име МАРА (МЕРИ). Кумови биле КРСТО ВАСИЛЕВ и КИРИЛ МУРЏЕВ. Повеќе од 50 гости од Њукасл и Сиднеј биле присутни. ДРУГАРИТЕ САРБИНОВИ ја користат оваа прилика да им се заблагодарат на сите оние што присуствувале на забавата. Во оваа прилика семејството САРБИНОВИ испрати 2 фунти за фондот на „Македонска искра“. Уредниците му посакуваат на новороденчето сè најдобро.

Дописник.

---

[320] Западна Австралија.

Бр. 5, стр. 3

ФОРБС, Н.Ј.В.[321]

СУШЕЊЕ НА ПОЛИЊАТА И РЕГУЛАЦИЈА НА РЕКИТЕ.

Повеќето од нашите македонски емигранти во Форбс, Н.Ј.В. и неговата околина имаат интерес за градинарство и земјоделство. За жал, неодамнешните поплави и поројни дождови ја прекрија почвата со неколку метри вода, голема површина околу реките беше поплавена. Нашите сонародници и Австралијанците беа жртви од тие поплави кои не се забележани во таков обем дури од 1916 година.

Бр. 6, стр. 3

ПРОЧИТАЈТЕ ГО ВНИМАТЕЛНО ОВОЈ НАПИС. ЗА СИТЕ ЧИТАТЕЛИ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“.

„Искра 7“. Уредниците на „Македонска искра“ ги повикуваат сите читатели на весникот, единствениот на нашата заедница во Австралија, како и сите претплатници, да привлечат нови претплатници доколку е можно. Ние жалиме што некои од нашите претплатници добија неколку примероци од „Македонска искра“ без да платат, па упатуваме апел до нашите читатели да помогнат во организирањето, да создадат национални групи за да му помогнат на весникот.

Ние имаме претплатници за 1950 и 1951 година, но некои веројатно ја заборавија својата обврска. Ве молиме размислете дали веќе сте платиле или не, не морате да платите сè одеднаш. Во случај да сте ја промениле вашата адреса, Ве молиме да ни ја испратите вашата нова адреса и ве молиме имајте предвид дека тоа не е задолжително.

---

Бр. 7, стр. 3.

ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА

На 20 мај во клубот Атлас, на улицата „Пит“ бр. 252, Сиднеј, ќе организираме успешна забава. Сите членови се поканети. Ве молиме да се обединиме за да можеме да го прославиме заедно празникот по повод Св. Кирил и Методиј. Ќе има снимени песни и танци. Сите се срдечно поканети.

Групата Весела Македонија од Сиднеј

ВЕЧЕРНА ЗАБАВА

Групата Весела Македонија од Сиднеј на 20 мај во Атлас клубот

[321] Нов Јужен Велс.

на улицата „Пит“, бр. 252 [одржа забава – заб ред.]. Забавата беше одлично посетена од страна на Македонците, како и од Грците демократи. На оваа забава се играа народни ора, се пуштаа народни песни и се практикуваа обичаи, како и стариот обичај со офарбани црвени јајца. Свиреше групата на ЛАЗО ЖАВЕЛОВ и БОРИС и ВАНГЕЛ, како и една австралиска група.

Забавата беше многу успешна, весела и пријателска. Ние сугерираме да се организраат повеќе вакви настани за да се здружат нашите луѓе. Ѝ честитаме на организацијата Весела Македонија на нејзиниот успех.

---

ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ И ПРЕТПЛАТНИЦИ

И. АШЛАКОВ, ТАТУРА, ВИК. 1 фунта; Т. ЈАНЧЕВ 13/6; КРИС ВАСО 12/6, Б. АШЛАКОВ 12/-; Л. МЕЧКАРОВ 12/-; КРИС ЛАЗЕНКА 3/-; Л. АПОСТОЛ 3/-; В. ПЕТРОВ Броукен Хил 10/-; В. СПЕРОС, Кардиф, Њукасл, 1 фунта; А. КАРСАКИС, Броукен Хил, 10/-; К. ВАСИЛЕВ, Сиднеј 5/-; И. СЛАВОВ, Мелбурн 15/-; Х. ПАНДОВ, Јорнуп, З.А.[322] 10/-; СОТИР СТАНИШЕВ, Брејдвуд, Н.Ј.В.[323] 1 фунта, Б. ТАЛЕВИЌ, П.О. Балалаба, Н. Ј. В 1 фунта.

ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Г. ПАНДИЛ, Ваучоп, Н.Ј.В. 2 фунти; К. Г. ДЕЛИЈАНОВ, Мелбурн, 10/-; П. Ник 18/-; Ј. В. ГОРЧИЛОВ 1 фунта; Ј. СПИРОВ 7/6; Ј. ДИМИРОВ 7/-; Г-ЦА Г. П. ФИЛИПОВА 10/-; Т. МАРКОВ, Мендови, Н.Ј.В. 1 фунта; Т. СТОЈЧЕВ, Н.Ј.В. 10/-.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 172 -174.

---

[322] Западна Австралија.
[323] Нов Јужен Велс.

# 54

# Реакција на Македонско-австралискиот народен сојуз во весникот „Сиднеј Трибјун“ по објавен напис во весникот „Сиднеј морнинг хералд“ во врска со егзодусот на децата бегалци, 13 мај 1950 година

Сиднеј Трибјун[324]

13 мај 1950 година

Грчките деца не се грабнати, туку спасени

Тврдењето на „Сиднеј морнинг хералд“ дека 28000 луѓе, најмногу деца, биле грабнати од комунистите во северна Грција е погрешно, рече оваа недела Л. Малко, заменикот секретар на Националниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз.

Во посебно известување до сите весници, г. Малко рече: „Овие луѓе, во најголем број деца, кои наводно биле грабнати, всушност беа поканети од страна на народно-демократските држави за да избегаат од регионите кои се под тешки воздушни напади од страна на грчките фашисти.

„Демократската влада на слободната територија во Грција, со целосно одобрување од страна на родителите на децата, им помогна да стигнат до границите за да ги спасат нивните животи.

Македонско-австралискиот народен сојуз им пристапи на демократските влади на државите кои ги прифатија децата и побара децата чиишто родители се наоѓаат во Астралија да бидат испратени во оваа земја.

Во ноември 1949 година, г. Порфирогенис, од Слободна Грција, направи договор со Меѓународниот црвен крст да им биде овозможено на децата да се спојат со нивните родители во Австралија,

Вистината е дека народните демократии им помогнаа на овие деца во секој поглед и дека тие се, сѐ уште, подготвени да им помагаат. Тие се жртви, но не на комунистите, туку на фашистичките непријатели на Грција, како што говори изјавата на ова грчко момче. Неговиот одговор на прашањето каде е поубаво, во Чехословчака или во Грција, би тре-

[324] Додадено во ракопис во оригиналниот документ.

бало да најде место во срцето на секој човек кој го посакува мирот. Тој одговори: **Во Грција – но без фашисти!** ".[325]
Македонско-австралиски народен сојуз[326]
[прекриено] (Л. Малко)

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 175

---

[325] Со задебелени букви во оригиналниот документ.
[326] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

# 55

# Напис во весникот „Мелбурн хералд“ во врска со парична донација од огранокот на Македонско-австралискиот народен сојуз од Мелбурн за болницата Св. Винсент, 18 мај 1950 година

„Мелбурн Хералд“[327]
18 мај 1950 година[328]
Македонците ги помагаат болниците

Македонската заедница во Мелбурн одржа серија танцувачки забави за да им помогне на различни болници. Денес претседателот на Македонскиот народен сојуз, г. Д. Д. Трпков се појави во болницата Св. Винсент и предаде сума во висина од 45 фунти, собрана на забавата која се одржа во Фицрој во вторникот навечер.

Македонски народен сојуз[329]
P/C
PP23/5

[нечиток потпис]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 176.

---

[327] Додадено во ракопис во оригиналниот документ.
[328] Додадено во ракопис во оригиналниот документ.
[329] Додадено во ракопис во оригиналниот документ.

# 56

# Реакција на грчката заедница во Австралија по објавувањето на написот со наслов „Македонците ги помагаат болниците“ во весникот „Мелбурн хералд“, 24 мај 1950 година

24 мај 1950 година

РАЗДВИЖИ СЕ, ГОСПОДИНЕ ГОРМАН[330]

Во угледниот попладневен весник „Хералд“, следната чудна вест го виде светлото на публицитетот.

„МАКЕДОНЦИТЕ ГИ ПОМАГААТ БОЛНИЦИТЕ“ Македонската заедница во Мелбурн одржа серија танцувачки забави за да им помогне на различни болници. Денес претседателот на Македонскиот народен сојуз, г. Трпкос[331] се појави во болницата Св. Винсент и предаде сума во висина од 40 фунти[332], собрана на забавата која се одржа во Фицрој во вторникот навечер“.

И оваа донација самата по себе е убав чекор. Но она што го сочинува приговорот на спомнатиот напис е неочекуваното именување на заедницата, „македонска заедница“ и „Македонски народен сојуз“.

Како што знаеме, држава Македонија не постои. Македонија е област која е поделена со различни примирја и договори меѓу три балкански држави. Најголемиот дел ѝ припаѓа на Грција, а другите делови на Југославија и на Бугарија.

Напорите за автономија на Македонија го видоа светлото на денот преку комунистичката пропаганда, преку договори кои беа потпишани меѓу бунтовници, убијци и криминалци од Грција и комунистичка бугарска организација, според кои, во случај на доминација преку пренесување на опасната, бунтовничка борба Македонија би прогласила автономија во замена за бугарска и советска поддршка на бунтовниците.

Имајќи го ова во предвид, постојната македонска заедница е отворено антинационална и нејзината пропаганда која е насочена против Грција мора да биде спречена.

[330] Овој документ претставува превод на англиски од грчки јазик на текст кој бил објавен во официјалнииот орган на Грците во Австралија.

[331] Во оригиналниот напис во весникот „Мелбурн Хералд“ е наведено презимето Трпков. Меѓутоа, во реакцијата на написот од страна на грчката заедница, презимето е променето во грчката варијанта Трпкос.

[332] Во написот во „Мелбурн Хералд“ стои сумата 45 фунти, меѓутоа во реакцијата за текстот е наведена сумата 40 фунти.

Конзулот, г. Јуџин Горман кој со сигурниост ја видел оваа вест, како претставник на Грција, мора да преземе адекватни мерки. Ние ќе појасниме:

Во Мелбурн постои и е активно грчко-македонското братство „Александар Велики" кое ги вклучува во себе грчките Македонци[333] чиишто активности се отворено против нацијата.

Оттука, г. Јуџин Горман имаше обврска, многу поголема од онаа на генералниот конзул г. Врисакис, да ги повика оние што ја сочинуваат таканаречената „македонска заедница" за да објаснат на кој дел од македонската територија тие ѝ припаѓаат. На Бугарија? На Југославија? Ние не прашуваме за територијата во Грција бидејќи сè додека тие не се дефинираат како „грчко-македонска заедница", со сигурност тоа не е прашање кое ги засега Грците.

За жал, индиферентноста на нашите дипломатски претставници дава можност за бројни не-Грци да дејствуваат како Грци и затскирени зад нивната лавоска кожа да ја напаѓаат нашата земја.

Раздвижи се, г. Горман, доколку сакаш да ѝ служиш на државата која ти ја додели својата чест; во спротивно, предај ја твојата позиција на некои поспособни луѓе.

Затоа што, доколку беше ГРК[334], ќе беше во позиција да го разбереш страдањето на Гркот секогаш кога ќе бидат направени вакви срамни дела на штета на нашата држава.

Македонско-авст[алиски] народен сојуз[335]

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 178.

---

[333] Се однесува на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

[334] Со оглеми букви во оригиналниот документ.

[335] Додадено во ракопис на оригиналниот документ како насока за службениците во Националниот архив на Австралија за зачувување копија во фондот Македонски народен сојуз на Австралија.

# 57

# Допис од директорот на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Канбера во врска со печатењето на весниците „Напредак“ и „Македонска искра“ и осврт кон македонското прашање и случувањата на Балканот, 30 мај 1950 година

Б. И.

30 мај 1950 година

До: Директорот, Канбера.

Од: Директорот, Сиднеј.

Во врска со: <u>ВЕСНИЦИТЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИК „НАПРЕДАК“ И „МАКЕДОНСКА ИСКРА“</u>

Ве молам повикајте се на Вашиот меморандум од 4 мај 1950 година.

„Напредак“ е орган на Југословенскиот имигрантски сојуз, организација која е активна во Австралија од 1934 година. Отсекогаш имала тесни врски со Австралиската комунистичка партија и многумина од неговите членови припаѓаат на АКП. Се верува дека мнозинството од Југословените во Австралија, барем до скоро, беа или членови или, пак, го поддржуваа Југословенскиот имигрантски сојуз. Ова се објаснува со фактот дека повеќето од Југословените во Австралија ја напуштиле својата земја заради политички причини во текот на 1920те и 1930те години.

Во текот на војната[336] Југословенскиот имигрантски сојуз беше една од првите организации во Австралија која го поддржуваше Тито наспроти Михајловиќ[337] и големи суми на пари беа собрани и потоа испратени во Југославија за различни цели. Во 1944 година Иван Косовиќ, комунистичкиот секретар на Сојузот, беше назначен за југословенски конзуларен претставник во Сиднеј.

Кога Тито се оддели од Коминтерната во април 1948 година, Централниот комитет на Југословенскиот имигрантски сојуз, по мало одложување, донесе резолуција за поддршка на Коминтерната, а подоцна овој чекор беше поддржан на генералната конференција на Сојузот во декември 1948 година. Се смета дека оваа одлука го прикажува обемот на комунистичката контрола врз Сојузот.

[336] Се однесува на Втората светска војна.
[337] Се однесува на Дража Михајловиќ.

Оттогаш стана очигледно дека се случи поделба во Сојузот во однос на прашањето за Тито и Коминтерната, но невозможно е да се каже во кој обем. Балансот на поддршката за Сојузот меѓу Југословените веројатно се промени поради неодамнешниот однос на Европа против антикомунистичката, вклучувајќи и ројалистичка, Југославија.

„Напредак", како орган на Југословенскиот имигрантски сојуз, постојано ја поддржува политиката на Сојузот. Примарно се смета за организација на Југословените во Австралија, но таа завзема простор и во активностите меѓу другите словенски организации во Австралија, особено кај Македонско-австралискиот народен сојуз, со кој Југословенскиот имигрантски сојуз има некакви врски.

Во неговите коментари за случувањата во Југославија, „Напредак" ја поддржува советската политика која се шири преку Коминтерната. Коментирајќи ги генерално меѓународните случувања, тој ја поддржува советската надворешна политика против западните земји. Кога се насочува кон локални случувања во Австралија, всникот ја следи линијата на Австралиската комунистичка партија. Тој претставува, ефективно, комунистички орган.

„Македонска искра" е орган на Македонско-австралискиот народен сојуз, кој беше создаден во Западна Австралија во 1946 година и кој оттогаш се прошири меѓу македонските жители во другите држави. Сојузот, кој уште од неговото создавање беше прокомунистички, силно ја поддржува идејата за создавање на обединета Македонија која би ги вклучила грчка[338] и бугарска[339] Македонија., во рамките на Федеративна Република Југославија. Кавгата меѓу Тито и Коминтерната ѝ стави крај на оваа агитација.

Македонско-австралискиот народен сојуз ја поддржува Коминтерната против Тито, иако постоеше некаква поделба во рамките на организацијата во однос на ова прашање. „Македонска искра", како орган на Сојузот, дава поддршка на оваа про-коминформовска политика.

Сѐ на сѐ, забелешките кои се однесуваат на „Напредак" би можеле да бидат применети во ист обем и во однос на „Македонска искра". Тоа е, во суштина, комунистички весник.

<u>РЕФ/ОАС</u> <u>Директор, Сиднеј.</u>

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 179, 180.

---

[338] Се однесува на егејскиот дел на Македонија.
[339] Се однесува на пиринскиот дел на Македонија.

# 58

# Превод на мајскиот број на весникот „Македонска искра“, мај 1950 година

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
мај - 1950 година

Стр. 1

ДЕЛОВИ ОД ГОВОРОТ НА РЕХТ[340] НА ВТОРИОТ КОНГРЕС НА ПРОГРЕСИВНАТА ПАРТИЈА ОДРЖАН НА 24 ФЕВРУАРИ ВО ЧИКАГО

1. ПРАШИНАТА ОД ХИДРОГЕНСКАТА БОМБА БИ ГО УНИШТИЛА ЦЕЛОТО ЧОВЕШТВО ВЕЛИ Д-Р ХИЛАРД
2. КРИМИНАЛНИТЕ ПЛАНОВИ НА ТИТО ВО БУГАРИЈА НЕ УСПЕАЈА
3. ТЕШКА СОСТОЈБА ЗА СИРОМАШНИТЕ СЕЛАНИ ВО ТИТОВИТЕ РАБОТНИ ЗАДРУГИ (КООПЕРАЦИИ)
4. МАЈ 1950 ГОДИНА - „Во демократските држави низ светот оваа година“, - забележува „Искра“, „1 Мај претставуваше израз на голема солидарност со цел одржување на мирот во целиот свет. Овој голем ден на работниците ќе биде прославен во Сиднеј на 7 мај и претставува наша обврска да се солидаризираме со Австралијанците и да маршираме со нив на тој ден. Главните пароли на транспарентите и на знамињата ќе повикуваат на забрана на атомската бомба, како и користење на биолошко оружје, забрана на хидрогенската бомба и создавање услови за ДОЛГОТРАЕН МИР.“

Стр. 2

5. РЕЗОЛУЦИЈА НА ИЗВРШНИОТ КОМИТЕТ НА ДЕМОКРАТСКАТА МЛАДИНСКА СВЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА
6. ПИСМО ОД СЕИНДИСКАТА СТУДЕНТСКА ФЕДЕРАЦИЈА ДО РЕВОЛУЦУИОНЕРНИТЕ ПОЛИТИМИГРАНТИ СТУДЕНТИ ОД ЈУГОСЛАВИЈА
7. СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – „Искра“ забележува дека 24 мај е празник на овие двајца словенски светци – создавачи на кирилицата (која денес се користи од страна на Србите и на Русите) и повикува сите Македонци во Австралија да организираат соодветни прослави на тој ден во чест на овие двајца светци.

[340] Погрешен превод од страна на преведувачот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Не се работи за говор на Рехт, туку за говор на Валас, лидерот на Прогресивната партија во САД. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/May_1950_Vol_4_No_5_Page_1.jpg

8. ИСКЛУЧЕН ОД ГРЧКАТА ДЕМОКРАТСКА ЛИГА
9. МАКЕДОНСКИОТ ПРОБЛЕМ И БУГАРИЈА
10. СОВЕТСКИОТ ПЕЧАТ ЈА РАЗОТКРИВА „МИРОЉУБИВАТА ПРОГРАМА НА ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАР, АХЕСОН
11. СОЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ НА ГРУПИТЕ НА СОЈУЗОТ – 1 точка: НАШАТА ГРУПА ВО ЏЕРАЛДТОН, З.А.[341] И ПИКНИКОТ КОЈ ТИЕ ГО ОРГАНИЗИРАА НА 19 ФЕВРУАРИ 1950 ГОДИНА Групата од Џералдтон одржа пикник на погоре спомнатиот датум и организираше собирање на средства кои беа испратени во фондот на „Искра“. Собирањето на средствата се одвиваше преку продажба на производи кои бројни членови ги понудија како подароци. На пример, Ставре и Трпо Лазови донираа 2 кутии со дињи и две вреќи со лубеници. Едната кутија беше купена од П. Зајков за сума од 1,5 фунти, додека втората кутија беше купена од страна на Г. Секулов за 2,1 фунти; едната вреќа со лубеници беше купена од дедо Тодор Валчев за 1,1 фунти, додека втората вреќа беше купена од Васил Шалда за 1.1 фунти. Афродити П. Филипс даде сито кое беше купено од В. Лукарија за 5 фунти, додека органокот донираше 6 штеки со цигари кои беа купени од Г. Секулов за 3,1 фунти; М. Панев даде половина дузина шишиња пиво, кои беа купени од Т. Богов за 1,5 фунти. Компанијата донираше половина дузина шишиња со лимонада – тие беа купени од Т. Рајков за 10 шилинзи. „Земете го ова како пример“, вели Искра, „и поддржете го вашиот весник „Македонска искра“ кој треба да претставува гордост на нашата емиграција во Австралија. ДВЕ ФОТОГРАФИИ - појаснување: Овие слики ги прикажуваат нашите сонародници од Џералдтон, З.А. Самиот напис наведува дека на барање на донаторите кои се наоѓаат на овие фотографии, „Искра“ ги објавила овие слики. Секој од донаторите дале по 1 фунта за фондот на весникот. Имињата се следниве: С. Чолаков, Ј. Сотиров, Г. Секулов, Д. К. Попов, В. Солдас, Ј. Гоцис, Ј. Рајкос, И. Рајкос, Том Чаус и синот, В. Богос, г-ѓа Ј. Сотиров, П. Божинов, Н. Филовски, г-ѓа Ј. Рајкос, Пандо Ј. Рајкос, Н. Филевичин, г-ѓа Н. Рилевичин[342], г-ца Р. Шолдас, Панда Крстов Кономлати, С. Попов, Т. Божинов. Сонародници, вели „Искра“, следете го примерот на овие динатори, уплатете претплата за вашите пријатели, плаќајте ја навремено претплатата и продолжете да испраќате донации за „Македонска искра“. 2 настан Велигден беше прославен од групата

[341] Западна Австралија.
[342] Очигледно е дека е направена грешка и се работи за исто презиме, односно за членови на исто семејство.

„Балкан" во Њукасл со вечера која се одржа вечерта. „Во текот на средбата на раководството беше одлучено, известува дописникот од организаторот, да бидат отпечатени покани на убава хартија, со слика на Севишниот – Исус Христос, распнат на крст". Велигден изгледа дека беше прославен на најдобар можен начин со присуство на вечерата на секој член на колонијата, вклучувајќи ги и другарите од Сиднеј В, Бошков, К. Василев, Христо Спиров, Т. Лалевиќ, Алек Диамантиа со семесјтвото и К. Сазданов. Организациониот одбор донесе одлука да зачува еден стар и омилен обичај – велигденските јајца. Шестнаесет дузини јајца беа обоени во црвено и на секој што влегуваше во салата му беше дадено по едно велигденско јајце. Вечерата беше поздравена од другарот Сарбинов кој им посака добредојде на сите присутни и среќен Велигден. На затварањето на вечерната забава другарот Сарбинов ги повика сите присутни да станат и да ја запеат „Исус воскресна". Иако салата беше исполнета од пеењето, откако псалмот беше испеан, тој беше повторен на општо барање. По ова следуваше играње народни ора на кои се приклучија сите. Имаше буре со пиво за мажите и кока кола за жените и децата. Забавата се претвори во една од најдобро организираните било кога во Њукасл. Организациониот одбор на групата Балкан потоа ја искажа својата искрена благодарност до сите оние што присуствуваа на забавата, а особено на новодојдените Македонци од Пиринска Македонија. Беше упатена благодарснот и до другарите музичари Михаил Мурџев и Х. Кулипачев кои во многу наврати претходно ги зборатиле настаните со нивната музика. Исто така, беше упатена благодарност и до Васил Наумов, Томе Илков, Веско Велиќ и Васил Андонов кои помогнаа со кетерингот и служењето. 3 настан НОВОРОДЕНО Дописник на организацијата известува за раѓањето на девојче по име Мара во семејството Сарбинови кои организирале забава на која поканиле педесетина пријатели од Сиднеј и Њукасл. Кумови на девојчето биле Крсто Василев и Кирил Мурџев. Сарбинови донирале 2 фунти за „Искра" – за да го одбележат настанот. 4 настан ФОРБС. Н.Ј.В.[343] – ДОЖДОВИТЕ И РЕКИТЕ НОСАТ ПОПЛАВИ - според „Искра" има многу македонски сонародници кои живеат во Форбс и работат како земјоделци или фармери. Овие луѓе заедно со Австралијанците, забележува весникот, изгубиле илјадници фунти поради овие поплави кои се најлоши забележани од 1916 година.

[343] Нов Јужен Велс.

12. ГРУПАТА ОД КВЕНБЕЈАН ЈА ИСПОЛНИЛА СВОЈАТА КВОТА - набргу откако малата група членови во Квенбејан го прочита апелот на „Искра“ за обезбедување средства, тие се собраа во куќата на другарот Филип Руков и одлучија да соберат она што беше побарано од нив, т.е. 10 фунти. „Значајно е“, вели „Искра“, „тоа што оваа мала група на сонародници ја разбраа потребата и значењето на овој мал весник кој би требало да биде гордост на секоја Македонец. Донаторите се: Васил Анастасов 1,10 фунти, Атанас Горев 1,10 фунти, Јоне Димитров, 1 фунта, Коста Пандов 1 фунта, Коле Пандов 1 фунта, Лазар Димитров 1 фунта, Филип Раков 1 фунта, Танас Бочкаров 1 фунта, Димитар Једриов 1 фунта. „Сонародници“, повикува весникот, „земете пример од оваа група“.
13. УСПЕШНА ЗАБАВА НА ГРУПАТА СВОБОДА ОД МЕНЏИМАП Забавата која беше организирана од оваа група се одржа на Велигден и на неа присуствуваше целата македонска емиграција од областа. Им беше искажана благодарност на музичарите – В. К. Миленцев, Ахилеј Јанказов, М. Џон Грозовски, како и на Танас Шарин и Кит Ката кои го дадоа својот максимум за оваа забава. Сумата која беше собрана изнесуваше 37 163 фунти, а по подмирувањето на трошоците кои изнесуваа 7 174 фунти, остана нето сума од 19 181,1 фунти.
14. ПРОЧИТАЈТЕ ГО СЛЕДНИОТ НАПИС ВНИМАТЕЛНО – ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – Весникот со жалење го констатира фактот дека само мал број на читатели се претплатуваат на три, две и една година. Незамисливо е, наведува весникот, дека може да постојат луѓе кои не се во можност да се претплататат за да го добиваат весникот и ги повикува оние што се воздржани да земат пример од луѓето кои веќе ја подмириле својата претплата за 1950 и 1951 година.
15. ГРУПАТА „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА“ Оваа група организира „света вечерна забава“ (да го користиме изразот на весникот) на 20 мај за да ја прослави годишнината на двајцата словенски светци Кирил и Методиј. Оваа прослава ќе биде одржана во клубот „Атлас“, ул. Пит, бр. 252, во 20:00 част и е истакнато користење на електричен грамофон.
16. ВЕЧЕРНА ЗАБАВА Оваа забава беше одржана од страна на групата „Весела Македонија“ на Велик Понеделник во клубот Атлас, ул. Пит, бр. 252. Настанот беше посетен од страна на многу македонски фамилии и на грчки демократи. Музиката ја изведуваа Лазе Жавелов, браќата Борис и Вангел и, исто така, од страна на австралиски бенд.

17. КЛЕВЕТНИЦИТЕ НЕ МОЖЕА ДА ДОЧЕКААТ ДА ИМ ПИШАТ НА УРЕДНИЧКИОТ ОДБОР И НА НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ, НО НЕ СЕ ПОТПИШАА „Три писма", наведува „Искра", „беа добиени од самопрогласени искрени Македонци – од кои две напишани во ракопис, но ниту едно не е потпишано. Овие луѓе преферираат да му посакуваат на Сојузот добро, но истовремено сè што прават е да озборуваат и да клеветат во парковите и во кафулињата. И сега кога ги именувавме како клеветници (видете го написот во априлското издание), ним тоа не им се допаѓа.

18. ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „ИСКРА"(Следат имиња и суми)

19. АЛБАНИЈА ПОВТОРНО ЈА ОБВИНУВА ГРЦИЈА

Стр. 4

20. ОДДЕЛ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КОМОНВЕЛТОТ - ПОВИК ДО НОВОПРИСТИГНАТИТЕ ЕМИГРАНТИ ЗА РАДИОПРОГРАМА СО ОРГАНИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК Овие часови, наведува „Искра", ќе се одржуваат од 7 мај во 7 часот и 45 минути во Н.Ј.В.[344] и во Викторија, во 7 часот и 15 минути во Јужна и Западна Асвтралија една недела подоцна. „Слушајте", вели „Искра", „и подобрете го својот јазик".

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 181-183.

---

[344] Нов Јужен Велс.

# 59

# Превод на јунскиот број од 1949 година на весникот „Македонска искра", мај 1950 година

„МАКЕДОНСКА ИСКРА"

Издание од јуни, 1949 година

Стр. 1

1. МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ
2. ПРВИ МАЈ – ДЕН НА ТРУДОТ - текстот се однесува на масовните демонстрации во капиталистичките градови Рим, Париз и Берлин и на „илјадниците луѓе" кои парадирале во Москва, Прага, Варшава, Букурешт и Софија. „Австралискиот работник", забележува „Искра", „ја покажа својата солидарност и го високо го подигна својот глас во Сидней, Мелбурн, Бризбејн, Перт и во други центри и градови." Под фотографијата што следува е наведен следниот текст: „Нашата национална група во Мелбурн парадираше со австралиските работници, носејќи го транспарентот „Славо Македонците заедно со грчките демократи се борат за слобода и мир".
3. МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ ОРГАНИЗИРА ОПШТА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО Н.Ј.В.[345] – На 6 и 7 август 1949 година – Во написот е наведено дека Македонскиот национален комитет на ова тело организира општа конференција која би требало да се одржи во Сидней на 6 и 7 август (адресата не е наведена). Редоследот на точките на дискусија ќе биде одреден на денот на одржување: 1. Да се анализираат одлуките кои биле донесени на Втората конференција на Сојузот; 2. Да се анализира шестмесечната кампања на Сојузот; 3. Кампањата за болниците и кампањата за испраќање помош на егејските Македонци; 4. Прогресот на „Македонска искра". Се предвидува слична конференција на огранокот во Западна Австралија на сугестија на Националниот комитет.
4. ПРЕДЛОГОТ НА СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ ЗА ПРЕКИН НА ВОЈНАТА ВО ГРЦИЈА
5. ИЗБОРИТЕ НА КИПАР
6. КОЈ ВЛАДЕЕ СО АНГЛИЈА
7. МАЛИ СУМИ. Написот се однесува на сугестиите од страна на благајникот на Централниот комитет за ефектот кој би се постигнал доколку

[345] Нов Јужен Велс.

3000 Македонци би можеле, со донирање на банкнота од 10 фунти, да се зголеми фондот на Шестмесечната кампања за 1500 фунти. „Секако“, - наведува „ ‚Искра‘, 5 шилинзи секоја недела не би претставувала голема сума да се побара од секој од нашите 3 000 Македонци“.
Стр. 2
8. НИЕ НЕ ГО САКАМЕ ОТРОВОТ ОД СКОПЈЕ - овој напис е во форма на протест од страна на Македонската организација во Аделаида,именувана „Александар Велики“. Протестниот напис се однесува на отровната пропаганда која им е испратена од Скопје и Белград и која тие повеќе не сакаат да ја добиваат.
9. ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ ВО СИДНЕЈ ПРОТЕСТИРААТ ПРОТИВ ЈУГОСЛАВИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО АВСТРАЛИЈА - написот се однесува на заедничкото протестно писмо кое беше објавено на 1 мај, остро спротивставувајќи се на „Титовата клика и нивните платени и неплатени слуги во Австралија кои шират шовинистичка пропаганда против прогресивните имигрантски организации и нивните весници“. (Не се наведени адреси, ниту имиња).
10. ТИТОИСТИТЕ ГИ УБИВААТ НАРОДНИТЕ ХЕРОИ
11. РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДОСЕЛЕНИЦИ - написот ги запознава читателите со неодамнешната изјава на г. Калвел во врска со регистрацијата на доселениците во оваа земја.
12. РЕЗОЛУЦИЈА ВО ВРСКА СО ПОСТАПКИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО РАКОВОДСТВО И УНИШТУВАЊЕТО НА СЛОВЕНСКОТО ЕДИНСТВО
13. ПИСМО ОД МАЛИТЕ ДЕЧИЊА КОИ СЕ НАОЃААТ ВО ДЕМОКРАТСКА УНГАРИЈА
14. СЕНАТОРОТ В. МОРОУ ВО ВРСКА СО БОРБАТА ЗА МИР - „Искра“ се осврнува на неодамнешната серија изјави на сенаторот Мороу во Парламентот. Првата се однесува на Американско-советските односи (Остриот напад на Мороу против американските империјалисти); втората дека „капиталистичката клика во оваа земја е подготвена да го насочи прстот со обвинение кон работничкото движење и да ги нарече комунисти“; третата која се однесува на Арбитражниот суд и платите на неговите службеници во висина од 3000 фунти годишно и четвртата за инсистирањето на Британија да купува американски тутун наместо австралиски. „Искра“ завршува со парламентарните екскурзии на Мороу истакнувајќи дека македонските одгледувачи на тутун во Менџимап имаат причина да се сеќаваат како претставникот на Е.Т.А. ги измами минатата година понудувајќи им ниска цена за нивниот тутун.

15. ЖЕНСКА СЕКЦИЈА - успешен карневал за децата во Сиднеј – Детски карневал беше организиран на 4 мај од страна на жените членки на „Весела Македонија" и од страна на југословенските жени. Најоригиналната маска беше на Петар Валами,претставувајќи ја Нова Кина; додека меѓу малите девојчиња најдобра беше Лорејн Надило. Уште еден победник беше Алекс Џавелов кој ја доби наградата „Македонска ѕвезда". (Местото на одржување на карневалот не е наведено). ЖЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРТ ја одржа својата прва годишна собиранка на 22 мај во Сината соба. СВАДБА На 1 мај нашата другарка Кони Малко, една од нашите активни членки во Перт и Петар Сидеров [направија свадба – заб. ред.]. Оваа вест е пренесена од К. Папас.

16. ПРИСТИГНА ОД ЛЕРИН Ќерката на нашиот другар Георги Чаков пристигна во Сиднеј пред неколку денови и сега живее со нејзиниот татко во Катумба. Таа ги пренесе нејзините впечатоци од борбите во близина на Лерин и Костур меѓу партизаните и монархофашистите, како и податокот дека воздушното бомбардирање од страна на монархофашистите врз Лерин и Костур предизвикало голем бран на бегалци.

17. ФОРБС УСПЕШНО ЈА ПОПОЛНИ СВОЈАТА КВОТА ВО КАМПАЊАТА - написот се однесува на посетата на Л. Малко во Форбс каде престојувал меѓу 14 и 16 мај. Опишан е успехот од неколку аспекти кои се поврзани со собирање средства за кампањата за болницата, како и пополнувањето на квотата од страна на членовите во Форбс. Парите сега ќе бидат испратенни во форма на медицинска опрема за „жртвите на монархофашистите".

18. ФОРБС УСПЕШНО ЈА ПОПОЛНИ СВОЈАТА КВОТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА - тука „Искра" наведува дека секој член од Форбс дал 2/6/2 фунти и потоа следуваат нивните имиња.

19. СИДНЕЈ ПОПОЛНИЛ 75 ФУНТИ ОД НЕГОВАТА ФИНАНСИСКА КВОТА ЗА ЕДНА ВЕЧЕР - се наведува дека вечеринката била одржана во „Зора" на 25 мај во чест на двата словенски светци „Св. Кирил и Методиј" кога биле собрана сумата од 75 фунти за потребите на шестмесечната кампања. Наведено е дека Коле Таршијански ги овозможил оброците.

20. ДОБРОВОЛНИ ПРИЛОЗИ ЗА ПОГОРЕ НАВЕДЕНОТО - следуваат имиња.

21. СИДНЕЈ – „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА"– Написот се однесува на одржано предавање од страна на А. В. Шепард на 6 април во Сиднеј во врска со неговата посета на Европа и на „Слободните територии во Грција и

Егејска Македонија“. Беше собрана сума од 12 фунти. На 20 април членовите на погоре спомнатиот клуб присуствуваа на проекција на филмови во организација на “Лигата за демократија во Грција“ во Домот на металските работници. Филмовите се однесувале на Чехословачка (насловот не е наведен) и на „Децата од Грција и Македонија во источните држави“.

22. ПОДАРЕН МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛ НА БЕГАЛЦИТЕ – Тука е наведено дека следниве лица дале по 1 фунта поединечно за набавка на медицински материјали преку „Партизанка“. Следуваат имиња на донаторите.

23. ФОНД НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ - следуваат имиња на донатори и суми.

24. НОЌ ВО МЕНЏИМАП - ова беше организирано на 11 јуни со салата Јанмах од страна на организацискиот огранок „Слобода“. Вечерта, наведено е во текстот, е во полза на шестмесечната кампања.

25. СРЕЌНА ВЕЧЕРА – беше одржана на 16 април во Менџимап. Три минутно молчење било одржано за „браќата и сестрите кои паднале во борбата за слобода на нашата татковина“. На пладне било дадено по едно црвено јајце на секое од присутните деца. Сума од 10.14.10 фунти била собрана. Упатена е благодарност до Трифун Колев за отстапувањето на просториите, како и до Колевица Пејкова за служењето чај во огранокот. Чашите за огранокот биле донирани од страна на: Стево Мечкаров, г. В. Пејков со сопругата, Т. Каламаров, Р. Марковски, А. Јанказов, Т. Шарин и Ј. Грозовски.

26. НОВ КОМИТЕТ – Огранокот „Слобода“ во Менџимап избрала ново раководство: претседател С. Марковски, потпретседател Р. Демиров, секрертар И. Грзовски, благајник Р. Димов, а во надзорниот одбор М. Делијанов, Т. Богоев, В. Марковски и Т. Шарин.

27. БОЛНИЧКА КАМПАЊА - на одржаниот состанок на Комитетот на 2 мај 1949 година била донесена одлука во врска со прашањето за болничката кампања: Членовите на Националниот комитет на МАНС, како и членовите на Централната надзорна комисија, спроведоа истрага и поднесоа извештај во врска со болничката кампања, „толку нестрпливо очекувана од страна на нашиот народ во изминатите 15 месеци“. „Резултатите од нивната истрага“, продолжува „Искра“, „изгледа вака: 1. Југослвеонскиот национален комитет, Перт, добил од страна на Македонскиот комитет сума од 10 000 фунти; Југословенскиот комитет за помош во Сиднеј, добил од страна на Југословенскиот национален комитет од Перт, по основ донации од македонскиот народ, 9 000 фунти

за изградба на болница во Битола (присутен е доказ дека парите биле проследени); Југословенскиот национален комитет од Перт има задржано сума од 1 000 фунти, привремено стопирани од властите; 4. Истрагата на сметководствените документи на МАНС ја прикажува следната состојба: (следува детален приказ на сметките).
Во фуснота е наведено дека состојбата на сметката „е исправна во целост“ и дека „се очекува детален приказ за трошењето на 522 фунти“.
28. БРЕЈДВУД - огранокот во Брејдвуд собра сума од 15 фунти во полза на шестмесечната кампања. Ова е наведено во писмо до Централниот комитет, потпишано од Г. Н. Рачков, претставникот на Сојузот во Брејдвуд. Во писмото ги поздравува сите во Сиднеј и зборува за „бестрашноста на другарите во Брејдвуд за продолжување на борбата за работниците во целиот свет за слобода против монархофашистичките тирани и нивните сопственици“.
29. ЏЕРАЛДТОН Огранокот „Нова Македонија“ одржал вечера на 17 април на фармата на Јане Рајков со цел собирање средства за изградба на простории за потребите на огранокот. Оркестарот (името не е наведено) донирал 2 фунти за оваа цел. Текстот е потпишан од П. Ј. Рајкос.
30. ПОКАНА ЗА СВАДБА ВО ЊУКАСЛ На 3 јуни, во недела, сите наши луѓе се поканети да присуствуваат на свадбата на нашиот другар Коле Сазданов со Коца Ристиќ.
31. СЕКРЕТАРОТ НА ГРЧКАТА МОРНАРИЧКА УНИЈА ВО АВСТРАЛИЈА БИ МОЖЕЛ ДА БИДЕ ДЕПОРТИРАН - „Искра“ наведува дека „Конфедерацијата на грчки организации во Австралија ги повикува сите демократски жители на Австралија, како и сите трговски унии, политички и религиски друштва, женски, младински, спортски и културни организации да интервенираат кај австралиските власти против одлуката за екстрадирање на Димитриос Г. Гелис, секретарот на Грчката морнаричка унија во Австралија“.
„Атинските монархофашистички власти“, продолжува „Искра“, „бараат преку нивните конзуларни претставници во оваа земја, да ги убиваат и елиминираат нашите народни борци на ист начин како што тое го прават во Грција. Пред една делегација, составена од претставници на Австралија, Грција и Македонија, грчкиот конзулат во Сиднеј соопшти дека тие немаат ништо со Гелис, како и дека токму овој конзулат ги информирал австралиските власти за него.“
„Искра“ понатаму дава кратка биографија на Гелис, додавајќи дека најмногу по негова заслуга „исчезнале одвратните услови кои постоеле

на бродовите кои се во сопственост на грчката буржоазија за грчките морнари кои биле платени само 25 фунти месечно.
32. ВЕРИДБА - „Нашиот добар другар во Западна Австралија Борис Манов, кој замина во Албанија како претставник на „Партизанка“ во јануари 1948 година, како што слушнавме, се верил за Мита С. Мужова. Нашиот другар сега работи во Народната канцеларија во Тирана.
33. ИЗГРАДЕН ПАТОТ БИСТРИЦА – ГОРНА ЏУМАЈА
34. ОДГОВОР НА ПРЕТХОДНО ПОСТАВЕНИ ПРАШАЊА - дијалектика во многу бои е она што сочинува еден народ. Тука се осврнува и на Израел, на Власите (кои не се сметаат за народ), на Италија и на САД (кои се народи). „Сме слушнале, е напишано во „Искра“, за грчките зборови теза, антитеза и синтеза. Оттука, ние имаме – теза – феудален монопол и почеток на пазарно општество; антитеза – пазарно општество; и синтеза која е всушност современ монопол, буржоаски монопол – синтетички монопол, крајот на краиштата“.

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 184-186.

# 60

# Допис од службеник на АСИО во врска со печатењето на весникот „Македонска искра" и одговорните лица според евиденцијата на Генералната дирекција на регистри, 27 мај 1950 година

ТАЈНО

Предмет „Македонска искра".
Македонски весник.

1. Би сакал да известам дека беа добиени податоци за регистрирање на македонскиот весник „Македонска искра" од Генералната дирекција на регистри и тие се наведени подолу.

Барател: Членови на Македонско-австралискиот народен сојуз.
Печатар: Херберт Бојл ЧЕНДЛЕР како претставник на печатницата „Весник" на адреса Рос стрит 21, Сиднеј.
Издавач: Лори МАЛКО.
Лица кои гарантираат: Кон ВАЛАМИС и Бил БОШКОВ.
Датум на регистрација: 1.3.1949

2. МАЛКО е предмет на интерес на оваа институција и следува краток осврт од неговото досие;

Вистинското име му е Елиас Константин ЕЛИАС (изменето во Перт со акт за промена на име во Лори Елис МАЛКОМ на 21.12.1944 година). Тој е, исто така, познат и како Лори Елис МАЛКО. Роден е на 5.6.1923 година во Шевтаво[346], Костур, Македонија. Пристигнал во Австралија на 14.6.1935 година во Фримантл[347], Западна Австралија. Служел три години во Австралиските воени сили во текот на последната војна[348], а исто така и една година како наредник на воздушен топ во редовите на К.А.В.С.[349] Неговото дејствување стана предмет на интерес на канцеларијата во Перт во септември 1946 година кога почна да дејствува како секретар на Македонско-австралискиот народен сојуз

[346] Најверојатно се однесува на селото Шештево.
[347] Пристаништен град во Западна Австралија, во близината на Перт. Во периодот меѓу двете светски војни и по Втората светска војна претставувал главно пристаниште за пристигнување на доселениците од Европа.
[348] Се однесува на Втората светска војна.
[349] Кралски австралиски воздушни сили.

и уредник и издавач на „Македонска искра". Бил разрешен од страна на Комитетот на Македонскиот народен сојуз во јули 1947 година поради проблемите околу нерегистрирањето на весникот според правилата за регистрација на печат на странски јазици. Придружуван од САРБИНОВ требало да замине во Сиднеј поради префрлувањето на „Македонска искра" во тој град, но наместо тоа започнал да работи како агент за недвижнини во Перт. На 6. 12. 1948 година, заедно со неговата сопруга и со неговото семејство, го напуштил Перт и заминал во Сиднеј за да се ангажира околу весникот. Познато е дека бил член на Комунистичката партија во Западна Австралија, Бил близок соработник на комунистот Хенри Дејвид МУНТЏОЈ и истакнат пропагатор на целите и амбициите на генерал Маркос, грчкиот востанички лидер. Тој е натурализиран британски државјанин по основ на спојување со неговиот татко кој има сертификат за државјанство од 5.1.1932 година. Во 1948 година Малко беше член на источната филијала во Перт на Австралиската комунистичка партија (партиска книшка број 432). Бројот на неговата партиска книшка во 1949 година беше 18027 и таму е наведено дека е „преселен во Сиднеј". Тој ја посетил Западна Австралија во октомври 1949 година и учествувал во прикажувањето на документарен филм кој се однесувал на настаните во Чехословачка од 1935 година до денес. Весникот „Трибуна" од 13.5.1950 година во текст посветен на грчките деца[350] го опишува како потсекретар на Националниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз.

ВАЛАМИС не е во регистарот на оваа канцеларија, меѓутоа Избирачкиот список на Комонвелтот содржи податок дека Константин ВАЛАМИС живее на Монс авенија, бр. 2, Марубра. Роден е на 20.12.1913 година (не е наведено каде) и тој учествувал како гласач на 11.2.1944 година; правото на глас е потпишано од М. Е. Арчибалд, службеник во Менли. Старите податоци за доселениците веројатно би содржеле повеќе податоци, меѓутоа тие не се достапни за проучување сè до понеделник 29.5.1950 година.

БОШКОВ, Бил – не постојат податоци за него ниту во оваа канцеларија, ниту во Избирачкиот список на Комонвелтот, ниту, пак, во актуелните податоци на филијалата за регистрација на доселеници. Подетално проучување на старите податоци за доселениците би можеле да овозможат податоци за овој човек.

[350] Се однесува на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија.

3. Главната управа на поштата, Сиднеј, има примероци на „Македонска искра“ за негова дистрибуција како весник, а како издавач и уредник е наведен Стојан Васил САРБИНОВ. Овој податок беше обезбеден во 1942 година и никакви измени не се направени по тој датум, но по извршената промена во Главниот регистар на 1.3.1949 година изгледа дека МАЛКО го наследил САРБИНОВ кога се преселил од Западна Австралија на 6.12.1948 година. Во досието на САРБИНОВ е наведен податокот дека тој ги прекинал сите врски со весникот „МАКЕДОНСКА ИСКРА“, но доколку се потребни дополнителни информации тие би можеле да бидат добиени од број 50158[351].

[потпис[352]]

7.5.1950 година

NAA: A6122, 172, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 1, 187-188.

---

[351] Веројатно се работи за шифра која се однесува на име на соработник на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација.

[352] Прекриен во оригиналниот документ.

# 61

# Дел од извештај на предметниот офицер од Перт до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со активностите на Македонците во Џералдтон, 2 јуни 1950 година

Македонски народен сојуз[353]
Извадок од Извештајот на г. ______[354]
П.О.[355] во ПЕРТ до Директорот, СИДНЕЈ,
од 2.6.1950 година
БЕЗБЕДНОСНА ПРОЦЕНКА ЏЕРАЛДТОН – З.А.[356]

Во врска со македонската група комунисти, достапни се многу малку информации во Џералдтон во врска со овие лица. Тие во главно живеат во Вагракин, на неколку милји од Џералдтон.

Добиените информации индицираат дека се работи за силна група на македонски комунисти. Тие се здружуваат единствено со нивни сонародници и кога доаѓаат во Џералдтон се собираат во клубот Либерти кој е раководен од човек по име Џек СОТОРОВ. Повремено тие организираат правење скара на плажата и присуствуваат само Македонци. Известено е дека се држат говори и дека се распространува комунистичка пропаганда меѓу присутните.

Се верува дека Македонците се најсилната група на комунисти во оваа област и дека навечер одат во нивните куќи за да се собираат. Договорив да бидам снабден со дополнителни информации во врска со македонските активности.

Оригинал во А. 1258[357]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 1.

[353] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.
[354] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[355] Предметен офицер.
[356] Западна Австралија.
[357] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

# 62

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на мартовскиот и априлскиот број на „Македонска искра“, 16 јуни 1950 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ
Н. 15300/35
Телефони
БВ 2147
БВ 2148
БВ 2149
БЛ 1556
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

16 јуни 1950 година

До Директорот,
Австралиска безбедносна разузнавачка организација
Фах 4880, Г. П. О.
СИДНЕЈ. Н. Ј. В.[358]

Ви препраќам копии од преводите на „Македонска искра“ од март и април, 1950 година.

Ф. Г. ГАЛЕГАН
заменик-директор

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
март 1950 година

Стр. 1
1. И СЕГА ХИДРОГЕНСКАТА БОМБА
2. Ф. Д. РУЗВЕЛТ И Ј. СТАЛИН
3. РАБОТНИ УСПЕСИ НА БУГАРСКИОТ НАРОД
4. РЕЗОЛУЦИЈА ЗА МИР И ДОБРОСОСТОЈБА

[358] Нов Јужен Велс.

5. ХИДРОГЕНСКАТА БОМБА ЌЕ УНИШТИ, ВЕЛИ АЈНШТАЈН
6. ЗЛОСТОРСТВАТА НА ТИТО ВО ЦРНА ГОРА
Стр. 2 (текст на англиски јазик)
Стр. 3
7. БУЏЕТ ЗА МИР ИЛИ ЗА ВОЈНА?
8. СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ ЈА ПРИЗНАВА ДЕМОКРАТСКАТА ВЛАДА НА ВИЕТНАМ
(Онаа на бунтовничкиот лидер Хо Ши Мин)
9. ДВА НАЧИНИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПРОБЛЕМ (Продолжува од претходниот број)
10. ВЕНЧАНИ – фотографија и текст. На оваа фотографија гледате двајца млади луѓе, г. Атанас И. Лејков и г-ца Јордана И. Петров. Последната неодамна пристигна од стариот крај; таа е по потекло од Кочковени, Леринско, додека г. Атанас И. Лејков е по потекло од Вишени, Костурско. Свадбата се одржа на 3 февруари 1950 година во Аделаида, Ј. А.[359] и на неа присуствуваа сите наши емигранти. Другарот Лејков е познат меѓу нашата емиграција во Аделаида, како и во другите градови, и тој е еден од активните членови на огранокот „Александар Велики“ и дејствува како благајник на овој огранок веќе две години. Уредниците на „М. И.“[360] и Националниот комитет им пожелуваат добро здравје и среќа.
Стр. 4
11. МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ТИТОВАТА КЛИКА од Дино Г. Ќосев (Продолжува од стр. 3)
12. ЖАЛНА ВЕСТ – фотографија – Стојан Кинков и неговото семејство (коишто живеат во Австралија, адресата не е наведена) соопштува за смртта на неговата мајка Арсена Недова која починала на 25 октомври 1949 година во селото Априлово, Бугарија.
13. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – донирале: по 1 фунта: Л. Огненов, Г. Андричин; по 10/-: Т. Петров; по 14/-: Н. Миленцев, Македонскиот клуб и ресторан, Ц. Димов; по 6/-: П. Дајков, Б. Ставревски, М. Младенов, М. Ристовичин. По 4/-: Т. Рачков, В. Џејмс, Г. Газелинов; по1/6: Т. Ристовичин, А. Гуровски; по 5/6: В. Алтин. Сите од Мелбурн, Викторија. И 8/- од Т. Ристиќ, Кребс Крик.
14. ЖАЛНА ВЕСТ Лазо Ф. Дајков од 279 улица „Môреј“, Јужен Мелбурн, соопштува за смртта на неговиот брат Петар Ф. Дајков, на 42-годишна

[359] Јужна Австралија.
[360] „Македонска искра“.

возраст, на бродот „Сиринија“ кој пловел за Австралија. Петар Дајков починал пред бродот да пристигне во Коломбо.
15. ЖАЛНА ВЕСТ – од Аделаида се соопштува за смртта на Тодор Алимасковиќ, на 50- годишна возраст. Како датум е даден 31 февруари 1950 година (?). Починатиот, се вели во написот, бил роден во Прилеп, Македонија, починал на 50-годишна возраст и зад себе оставил сопругата и две деца во стариот крај.
16. НАЈПОСАКУВАНОТО

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
април 1950 година

Стр. 1
1. КОНФЕРЕНЦИЈА НА СЕСЛОВЕНСКИОТ СОЈУЗ ВО СИДНЕЈ. Оваа конференција, наведува „Искра“, се одржа во Сиднеј на 4 и 5 март и претставува најзначаен настан од одржувањето на Сесловенскиот конгрес во Мелбурн во март 1947 година. На оваа конференција биле донесени следниве значајни резолуции: публикувањето на „Словенски преглед“ мора да биде спроведено; да се отвори Словенска куќа во Сиднеј која би служела како културен и социјален ценатар за сите словенски народи, прво за оваа област, а потоа и за цела Австралија; да биде донесен општ план за поголеми културни собири и вечеринки кои би требало да се одржуваат во Рускиот социјален клуб и во други места во Сиднеј.

Како дополнување на овие одлуки, било договорено „Зора“, заедно со „Весела Македонија“ да организираат танцувачки забави во Сиднеј, доколку е можно секој петок и секоја сабота. Ова, како што е наведено, би придонесло за зближување на сите луѓе сè до создавањето на Словенската куќа или на нешто слично коешто би ги обединило во добро сите народи. Во врска со „Словенски преглед“, во голем обем било дискутирано прашањето за неговото публикување и како резултат од тоа било одлучено, во овој период, тој да се печати квартално. Доколку состојбата се подобри, неговото издавање би се вратило во нормала. „Преглед“, вели „Искра“ би требал да претставува нешто што би ги запознало широките маси меѓу австралискиот народ за културниот, социјалниот живот на словенските држави и, исто така, за желбите на Советскиот Сојуз и националната демократија во врска со воспоставување на услови за мир и постигнување општ мир.
2. ГРЧКИТЕ ФАШИСТИ ЗБЕСНАА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ ДРЖАВИ ОД „ЕТНИКО ВИМА“ СИДНЕЈ. Написот е напишан

од страна на Ј. Пизарков кој напоменува дека прочитал еден параграф во грчкиот весник од Сиднеј, „Етнико Вима" во кој се тврди дека архиепископот Михаил во Америка апелирал до претседателот Труман за тој да интервенира пред ООН за враќање на децата од демократските држави во Грција. Ј. Пизарков коментира: „Додека децата и жените во Грција беа безмилосно бомбардирани од страна на неговите колеги и англо-американските империјалисти, архепиепископот не помислуваше да упати протест до г. Труман или до г. Бевин, но сега тој лее солзи за бројните невини луѓе и малите деца. Ниту тој, а ниту кралицата Фредерика, немаат право да се грижат за нашите деца. Демократските држави се оние на кои ние би требало да им се заблагодариме за оваа извонредна работа која ја прават. Ние гордо бараме овие крвопијци да ги тргнат нивните крвави раце од нашите деца кои ќе се вратат во нивната татковина единствено тогаш кога ќе има светски мир и целосна слобода во Грција и во Македонија, ние не сакаме да ги видиме нашите деца претворени во јаничари како во времето на турските султани.

3. АВСТРАЛИСКИОТ НАРОД НЕМА ДА СЕ ПРОДАДЕ НА АМЕРИКА. Потпишан „Работник". Овој напис вели дека се донесени планови да им се даде на американските империјалисти и потпалувачи на војната еден дел од Австралија како база, но ова нема да го дозволи австралискиот народ – демократскиот народ ќе ја пролее својата крв за независност. Извесен г. Кент Хјуз (либерал) од Викторија го кажа следното: „Во секој случај ние мораме да станеме 49та американска држава[361]" – ова беше буквално кажано од страна на овој предавник во Претставничкиот дом чијшто член е и самиот тој. „Овој човек (цитира „Искра"), говори за азиски Минхен, но тој не сфаќа дека самиот тој ја продава својата држава на ист начин како што Леополд се продаде себеси на Хитлер. Соберете ги и мобилизирајте ги вашите сили заедно со оние на австралискиот народ за да можеме заедно да се бориме за независноста. Мензес прокламира преку неговиот Кривичен законик дека тој ќе депортира луѓе кои се борат за Австралија, но луѓето како Кент Хјуз кои сакаат да ја продадат Австралија на американскиот империјализам се негови пријатели."

4.ГОЛЕМА ИЗГРАДБА ВО ТЕКОТ НА СТАЛИНОВАТА ЕПОХА

5. ИДЕАЛИТЕ НА ЛУЃЕТО КОИ РАЗМИСЛУВААТ

6. СССР И КИНА ПОТПИШАА ДОГОВОР

7. Д-Р ХЈУЛИТ ЏОНСОН ВО АВСТРАЛИЈА. Се известува дека Хјулит Џон-

[361] Во 1950 година со составот на САД имало 48 држави.

сон ја прифатил поканата од страна на Австралискиот мировен конгрес да дојде во Австралија и дека тој ќе пристигне со авион од Лондон на 10 април. „Искра" ги повикува Македонците во Австралија да земат силно учество во борбата за мир и искажува надеж дека претставници на македонскиот народ со сигурност ќе присуствуваат на овој конгрес затоа што „да не се направи тоа би значело војна и ропство".
8. 90% ОД СТУДЕНТИТЕ СЕ ПРОТИВ РАСНА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА АМЕРИКАНСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ
9. ШИПКОВ ГИ ОБВИНУВА САД. ТОЈ НЕ БИЛ ИЗМАЧУВАН. ЈА ПРИЗНА СВОЈАТА ВИНА.

Стр. 2

10. ЗОШТО СЛОВЕНИТЕ ВО АМЕРИКА СЕ БОРАТ ПРОТИВ КОНСПИРАЦИИТЕ НА ТИТО ОД ГЕОРГИ ПИРИНСКИ
11. СССР ГИ НАМАЛУВА ЦЕНИТЕ ОД 14 ДО 30 ПРОЦЕНТИ
12. ИЗБОРИ ВО ГРЦИЈА – МОЌЕН УДАР ЗА МОНАРХОФАШИСТИТЕ
13. СТАЛИНОВИОТ ГОВОР ЗА МИРОТ
14. РАНКИН БАРА ДЕПОРТАЦИЈА НА АЈНШТАЈН – ГО НАРЕКУВА „ГЛАСОТ НА ЦРВЕНИТЕ" И „СТАР ИЗМАМНИК"
15. КАПИТАЛИСТИТЕ СЕ ПРОТИВ УПОТРЕБАТА НА АТОМСКАТА ЕНЕРГИЈА ЗА ИНДИВИДУАЛНИ ПОТРЕБИ ВЕЛИ СОВЕТСКИОТ ВЕСНИК „ИЗВЕСТИЈА"
16. АВСТРАЛСИКИОТ СЛОВЕНСКИ СОЈУЗ ЌЕ ОДРЖИ ЗАБАВА НА 9 АПРИЛ ВО САЛАТА ГАЈТИ, НА УЛИЦА ОКСФОРД БР. 15, ДАРЛИНГХРСТ И СЕКОЈ ИДЕН ПЕТОК И СЕКОЈА ИДНА САБОТА.
17. НИЕ СМЕ МАКЕДОНЦИ
18. ЖАЛНА ВЕСТ за извесен Филип Лазо Дајков, на 77 годишна возраст, кој починал во Македонија на 6 април 1947 година. Известувањето го дава неговиот син Лазо Ф. Дајков и неговото семејство, кои живеат на 279 улица „Мореј", Јужен Мелбурн.

Стр. 3

19. ЖЕНСКА СЕКЦИЈА – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖЕНАТА. Овој настан беше одржан на 8 март, известува „Искра", и во Сидnej илјадници жени се собраа и донесоа резолуција со која ги повикуваат сите жени да се борат за јакнење на ООН; за пријателство со сите народи и елиминирање на границите меѓу Западот и Истокот; голема поддршка за колонијалните народи затоа што делегатите веруваат дека употребата на сила против нив значи уништување на светскиот мир; ограничување на

вооружувањето; забрана за употреба на атомската бомба затоа што тоа би значело масовно уништување. Втор дел Женската секција во Перт. Средбата на македонските жени беше одржана на 8 март. Бидејќи претходно беше одлучено, на Третата западна конференција, да им се дадат еднакви права на жените во Сојузот, на средбата на македонските жени беше одлучено тие да дејствуваат во најтесна врска со локалниот огранок „Македонско единство". Во многу краток период беше создаден кошаркарски тим.

20. ТЕРОРОТ ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО МАКРОНИОС ГИ ПОЛУДЕ

21. КЛЕВЕТНИЦИТЕ ПРОТИВ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД. Одговрајќи на некои анонимни критики врз „Искра" заради некои застои во публикувањето на весникот, „Искра" ги насочува своите нишани против клеветниците и противниците и им соопштува на своите читатели дека весникот се печати во печатницата „Њуслетер" на 21 улица „Рос", Форест Лоџ, за потребите на сопствениците – „Македонска искра" или „Македонско-австралиски народен сојуз" – тоа не прави никаква разлика кој од нив всушност е вистинскиот сопственик, вели „Искра". Значајно е тоа што, продолжува Искра, е тоа што весникот има сопственик и дека сопственик е Националниот комитет на МАНС, кој, пак, е избран од страна на неговите членови да го уредува весникот, за весникот да биде на сите наши членови. Нека им биде јасно на клеветниците дека нашите членови се цветот на нашиот народ, тие се енергични елементи, лојални активисти, борци за национална слобода и за светски мир.

22. МИСЛИ ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

23. ТРЕТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЈУЗОТ. Овој настан, објаснува написот, ќе се одржи во Мелбурн на 26, 27 и 28 мај наместо првичниот датум во април кој не овозможуваше доволно време на ограноците за да се подготват. Претходната конференција се одржа во април 1948 година. Според Уставот на Сојузот, на оваа конференција се предвидува на ваквите конференции да присуствуваат по тројца претставници од секој од ограноците, но кога ова не е изводливо, особено е значајно да биде испратен најмалку по еден претставник. „Нашиот народ", се вели во написот, „знае што значи војна и ропство, и поради тоа нашите сили мора да бидат мобилизирани уште повеќе кога се работи за слободата и за мирот, за да ги отстранат оние што повикуваат на војна и кои веруваат дека доколку започнат нова војна тие би го зголемиле своето робовладетелство. Ајде нашиот народ да им пристапи на другите луѓе отворено и да им помогне да ги уништат вампирите еднаш засекогаш". ПЕРТ –

„Македонско единство“ – Беше одржана голема средба на 12 февруари во „Македонскиот клуб“, која, вечерта, беше проследена со свечена вечера во салата Јунити. Целта на оваа средба беше да се разговара за прашањето за салата. Секретарот на комитетот на изградба на салата С. Бонакеј даде долг извештај во врска со финансиската состојба, кој беше прифатен. Во текот на средбата беше собрана сума во висина од 40 фунти, додека за време на вечерата беа собрани дополнителни 32 фунти. Наведено е дека имало голем број на млади луѓе на оваа средба. Комитетот за изградба на салата е следниот: Л. Синчо. Г-ѓа М. Миас и С. Бонакеј. Бил одржан и пикник на 19 март во Балката, Перт, како и фудбалски натпревар на 5 истиот месец. МЕНЏИМАП, З.А.[362] Огранокот „Слобода“ одржал средба на 7 март на која било одлучено следната вечерна забава да се одржи на 8 април во салата Јанмах.
СЛЕДНИОТ ПАРАГРАФ вели дека доколку некој сака да знае кој е вистинскиот сопственик на „Македонска искра“, може да го прочита претходниот напис во овој број под наслов „Клеветниците против македонскиот народ“.
24. ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „ИСКРА“. Н. Цигулев, З.А. 1.12.0 фунти; Е. Елиев, З. А. 1.0.0 фунти; С. Крапешли, З. А., претплата за Америка,1.0.0 фунти; Ј. Папајовчев, З. А. 3.0.0 фунти; П. Божинов, З. А. 1.0.0 фунти; С. Карапетков, З. А. 1.0.0 фунти; Ч. Пировски, З. А. 1.0.0 фунти; Н. Марко, З. А. 1.0.0 фунти; Н. К. Пеевитис, З. А. 1.0.0 фунти; Г. Беделис, Н. Ј. В.[363] 10/-; С. Велиос, З. А. 1.0.0 фунти; К. Малков, Н. Ј. В. 1.0.0 фунти; И. Ашлаков, Викторија 1.0.0. фунти; Ерата Л. Поповски, З. А. 2.0.0 фунти. Известување: Во иднина „Искра“ ќе содржи колумна во која ќе бидат наведени донациите за фондот и претплатите за „Искра“.
25. КРЕБС КРИК. Овој напис е пофалба од Националниот комитет на Македонскиот сојуз до огранокот во Кребс Крик затоа што усшеале да ја изградат нивната сала. Ги повикува сите да го следат примерот на Кребс Крик.
25А МЕЛБУРН. Во Мелбурн, вели написот, сонародниците редовно одржувале вечери, пикници, проекции на филмови во нивните простории на 52 улица „Јанг“, Фицрој. Се одржал успешен пикник на 26 февруари кога три автобуси кои биле преполни со луѓе пристигнале во Каура. ШЕПРТОН. Секретарот Л. Апостол известува дека членовите на тамошниот огранок се согласиле конференцијата на Сојузот да се одржи во

[362] Западна Австралија.
[363] Нов Јужен Велс.

Мелбурн. Како прилог на писмото, вели написот, е доставена и листа на претплатници на Искра, како и донации за фондот.

26. ДВА НАЧИНА ЗА РЕШАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ПРОБЛЕМ

27. ПРИМЕР ЗА СЕКОЈ МАКЕДОНЕЦ. Писмо и чек во висина од 2 200 фунти[364] беа примени, вели написот, од Л. С. Тегоу, од Леонора, З. А.[365] кој сака „Македонска искра“ да продолжи да излегува во Австралија. Сонародници и другари, завршува написот, размислете и почитувајте го значењето на нашиот единствен весник во Австралија – тоа е голема должност на секој од нас.

Стр. 4 (текст на англиски јазик)

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 2-6.

---

[364] Погрешна информација во преводот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Донацијата била во висина од 2,2 фунти. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Apr_1950_Vol_4_No_4_Page_3.jpg

[365] Западна Австралија.

# 63

# Список на организации кои испратиле свои делегати на Мировната конференција во Нов Јужен Велс, 28 јуни 1950 година

Оригинал во - Австралиски мировен совет
ЈМН: АБ
Геа/а
До: Директорот, Сиднеј

АВСТРАЛИСКИ МИРОВЕН СОВЕТ

Во продолжение е списокот на организации кои испратиле свои делегати на неодамнешната Мировна конференција во Н.Ј.В.[366]:

Австралиска женска повелба
Синдикат на лимарите
Федерација на работниците во железната индустрија
Бредфорд Кендел
Индустриска гранка на А. Е. У. во Сиднеј
Совет на занаетчии и трговци Хартли
Група за дискусии на студентите-наставници
Молери и декоратери од Њукасл
Федерација на металната индустрија
Национален совет на мировните групи
Обединета асоцијација на жени
Комитет за мир на научници, писатели и уметници
Совет Х. Ц. Р.
Ложа на главни рудари од Ричмонд
Државен совет на Е. У. Л.
Ц. Т. Инженери
Њукасл Е. У. Л.
Мировна група на наставници
Индустриски синдикат на градежни работници
Обединети поштенски работници
Ковачки работници
А. Е. У. – Огранок постојана смена
Државен совет на здружението на домаќинки
Рудник „Стилворкс“
Мировен комитет „Броукен Хил“
Лига за демократија во Грција
Мировен совет на Њукасл

[366] Нов Јужен Велс.

Совет Кури-Сеснок
Ф.Е.Д. и П.А. огранок Илавара
Ложа на рударите од Бирвуд
Работници на јужниот брег – воден транспорт
Кортни и Гибсон (метални работници)
Асоцијација на болнички работници
Управен одред на рударите во Литгоу
Федерација на водни работници на Австралија
Сиднејски комитет на Комунистичката партија на Австралија
Синдикат на административните работници
Мировен совет на Литгоу
Мировен комитет на Евели
Кинеска младинска лига
Австралиско-руско друштво
Совет против регрутација
Совет на занаетчии и труд „Хартли“ – Стилворкс
Асоцијација за рационализација
Работнички комитет Т. А. А.
Ливница „Хартфилд“ (железарски работници)
Женско училиште во Северен Сиднеј – Совет на родители и граѓани (набљудувачи)
Универзитетски трудов клуб
Териториjална противпожарна служба
Австралиска трудова студентска федерација
Мировен совет на Квинсленд
Легија на поранешни воени мажи и жени
Здружение Б. Х. Л. У. Графтон
Синдикат на кинески морнари – огранок Австралија
Федерација на железни работници - Порт Кембла
Југословенски имигрантски сојуз
Македонско-австралиски народен сојуз
Портокалов мировен комитет
Демократски либертински совет
Нова театарска лига
Лига на вратени војници од Анандејл (набљудувачи)

(потпис) ___________[367]

„Ц“ оддел

28 јуни 1950 година

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 7, 8.

---

[367] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 64

# Превод на јунскиот број на „Македонска искра“, јуни 1950 година

Бр.1, стр.1

СОЈУЗ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРАВА

Сиднеј. На 28 мај конференција на погоре спомнатиот сојуз била одржана во Сиднеј и 108 организации кои претставувале вкупна бројка на 150 000 членови биле присутни преку нивните 164 делегации.

На конференцијата била одобрена обединета резолуција која повикува на следниве слободи:

1. Слобода на говор.
2. Слобода за публикации.
3. Слобода за организирање.
4. Слобода за наука и култура.
5. Слобода за човекот.
6. Слобода од расни или религиозни дискриминации.

Бр. 2, стр.1

ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА НА АВСТРАЛИСКАТА КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА ВО ПАРЛАМЕНТОТ

Канбера. Минатиот месец г. Мензес, премиерот, пред парламентот предложи закон за забрана на работата на Комунистичката партија на Австралија.

Работничките синдикати против законот. Работниците низ цела Австралија одлучија: Ние не само што се спротивставуваме на овој закон кој е против интересите на работниците, туку тој ги загрозува и нашите претставници кои ни помогнаа во нашата долга борба за подобри услови кои ги уживаме денес.

Ние ги повикуваме сите членови во сите индустриски гранки да преземат акција против овој закон пред да биде предоцна. Воопшто не е важно што ќе одлучи конгресот на А.С.С.[368] или која било друга синдикална група. Ние не веруваме дека ова е во интерес на работничката класа. Сега е време за акција, а не за држење говори. Ние не сакаме ниту една од водечките прогресивни организации на работничката класа на Австралија кои се бореа против непријателите на работничката класа да бидат вклучени. Ние не сакаме ниту еден воден работник,

[368] Австралиски сојуз на синдикати.

ниту, пак, морнар, или, пак, кој било друг член на организација да биде прогонуван врз основа на тој закон.

Во парламентот г. Е. Џ. ВАРД го нарече законот фашистички и рече дека тој е против интересите на луѓето.

Во текот на преносот д-р Х. В. ЕВАТ рече дека „антикомунистичкиот закон е закана за нашите основни слободи, тој им ги укинува сите права на одредени организации“.

Бр. 3, стр.1

ТРЕТАТА СЕМАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ОДЛОЖЕНА

Третата Конференција мораше да биде одложена и ние ја користиме оваа прилика да им го соопштиме тоа на сите организации. Поради тоа што немаше доволно време да се изберат делегати, ние се надеваме дека сите вие ќе се согласите со ова одложување и дека Националниот комитет ги повикува сите групи и организации да одлучат кога би требало да се одржи Конференцијата и се очекува од сите групи да бидат претставувани на Третата семакедонска конференција.

Од името на Националниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз.

В. БОШКОВ

Бр. 4, стр. 2.

ГОЛЕМ УСПЕХ НА ПРВОМАЈСКАТА ПРОСЛАВА ВО СИДНЕЈ

Беше бојкотирана од страна на некои лидери на синдикатите од Сиднеј и од Лабуристичката партија на Н. Ј. В.[369] Работниците масовно зедоа учество на прославата и ја покажаа нивната солидарност што се однесува до Денот на работникот. Околу 10 000 луѓе зедоа учество на маршот по улиците на градот, носејќи транспаренти со различни слогани барајќи солидарност на светскиот пролетеријат, за обединета акција во борбата за демократски права и слободи, за светски мир и за запирање на експлоатацијата. Околу 50000 мажи, жени и деца ги поддржаа луѓето кои маршираа кон Сиднеј Домејн каде што се одржа собирот. Прославата беше најголема од тој вид. Поради проблемот со звучницците во Сиднеј Домејн, големата маса народ се собра околу пет звучници.[370]

[369] Нов Јужен Велс.

[370] Погрешен превод на оригиналниот текст. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ е наведено дека локалната власт забранила користење микрофон, па поради тоа организацискиот одбор одлучил во исто време, на пет различни локации, да има по еден говорник. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jun_1950_Vol_4_No_6_Page_2.jpg

Говорниците ги истакнаа нивните главни цели, прашањето за мир, антиработничкиот закон кој ги загрижува сите демократски луѓе и луѓе кои ја сакаат слободата. Овој антидемократски закон кој е предложен од Мензес е против интересите на нашата земја, рече претседателот на Комунистичката партија, г. ДИКСОН. Тој и сите други говорници побараа Лабуристичката партија да им се приклучи и да се бори за демократски права и организации. Таквата легислатива е против работникот и неговите права и ние мора да се организираме многу брзо, рече Диксон. Тој ги посочи целите на империјалистите како таа за нова светска војна која би се водела против социјалистичките држави и против слободата на колонијалните народи. На крајот тој ја осуди актуелната ситуација во Австралија која многу веројатно би можела да биде вовлечена во војна против малајскиот народ кој се бори за својата слобода. „Ниту еден војник, ниту едно оружје, ниту една фунта не би требало да бидат употребени против малајскиот народ...“, - беа слоганите на денот.

Говорниците ги осудија лидерите на Лабуристичката партија и антиработничките активности на реакционерите, како и на реакционерскиот закон. Вие мора да сфатите дека широките маси во Австралија мора да го покажат своето обединето спротивставување кон тој закон кој ја вклучува не само Комунистичката партија, туку и основните принципи и слободи на работничката класа и на австралискиот народ.

Масата народ ги поздрави кинескиот говорник АЛБЕРТ ЛЕОН и американскиот црн морнар РЕЈ БРАУН кој беше многу задоволен затоа што ја посетил државата која ѝ го дала на Америка водачот на работничката класа – ХЕРИ БРИЏИС.

Беше упатен поздрав до секретарот на Австралиската комунистичка партија, Л. Л. ШАРКИ и прославата заврши. Беа претставени различно национални групи, од кои Кинезите беа најинтересни.

Бр.5, стр. 3

ЖИВОТОТ ВО НАШИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Македонскиот сојуз во З. А.[371] Активности и подготовки за Семакедонската конференција. (2) Исто така, организирани неколку пикници од страна на групата „М. Е.“[372] (3) Организирани танцувачки забави од страна на комитетот. Извештаи за активностите на младинската и женската секција кои се добри, според вестите објавени на во мај, активностите на младинската секција во фудбал – 4 натпревари без пораз

[371] Западна Австралија.
[372] Македонско единство.

во третата лига. Што се однесува во женската кошарка, нашите млади девојки го дадоа најдоброто од себе.

Македонци, обединете се и не заборавајте дека ние го имаме нашиот Сојуз и „Македонска искра" кои постојано имаат потреба, неопходно е да го направиме нашиот весник популарен во Австралија, да добиеме повеќе читатели и претплатници, да се развиваме поактивно, испратете ни чекови бидејќи нашиот сојуз е зависен од сите групи и организации.

Дописник на организацијата.

Кампања за изградба на сала во Перт, З. А. 109.0.0. фунти собрани за салата. ВАНЕРУ собра до 10.7.1949 година вкупно 82.5.10 фунти. ФРИМАНТЛ до 16.10.1949 година вкупно 22.0.0. фунти. По повикот од 12 февруари 1950 година беа собрани 64 фунти.

Бр. 6, стр. 3

СЛОБОДА, МЕНЏИМАП, З. А.

Оваа група во Менџимап е една од водечките и најголеми организации во Австралија  и значаен претплатник и дописник во нашиот сојуз.

Имаат средби секој месец, последната се одржа на 14 мај 1950 година и во моментов избира нов комитет бидејќи е неопходно секој член на „Слобода" да докаже дека е добар Македонец кој ја сака својата татковина и да биде посветен. Сите добри Македонци обединете се, работете за вашата татковина, не заборавајте дека повеќе од 600 години бевме под туѓо „ропство" и тиранијата не може да се отфрли доколку секој од нас не помогне.

Дописник.

Бр.7, стр. 3

Од АПЕР БУРИНЏБАР

Огранокот од Кребс Крик извести за сериозната болест на ЏОН ДИСЛАКИС и неговите финансиски проблеми, па беше одлучено да се организира собирање донација за него и беше собрана сума од 10/17/- фунти од страна на неговите пријатели во Сиднеј. Џ. ДИСЛАКИС ја изразува својата благодараност до сите оние што му помогнале.

Бр.8,    стр. 3

ГРУПА ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА – СИДНЕЈ

На 20 мај во клубот Атлас, на 252 улица „Пит", Сиднеј, групата Весела Македонија одржа вечеринка по повод празникот на Св. Методиј и Св. Кирил кои ја создадоа македонската азбука (кирилица)[373] не само за

[373] Св. Кирил го создал глаголското писмо, додека кирилицата била создадена од страна на неговите ученици.

Македонците, туку и за другите словенски народи. Забавата започна во 20:00 часот и вклучуваше многу македонски ора и народни песни. Групата Весела Македонија им благодари на сите кои помогнаа за успешната забава и посакува да постои соработка и единство на нашиот народ во Австралија, не само во поглед на забавите, туку, исто така, во промовирањето на нашите традиции во нашата добра и стара Македонија.

Бр.9, стр. 3

СЕСЛОВЕНСКА ЗАБАВА. Рускиот социјален клуб, на 727 улица „Џорџ", Сиднеј, на 17 јули 1950 година. Руски бенд. Лесна вечера. Донесете си свои пијалоци.

Фонд „Македонска искра" и претплатници

| | |
|---|---|
| Џ. БОСИЛКОВИЌ, Н. Ј. В.[374] | 10/- шилинзи |
| ЛАЗО Ф. ДАЈКОВ, Мелбурн | 1/10/- фунти |
| Џ. РАЧКОВ, Брејдвуд, Н. Ј. В. | 1/-/- фунти |

Бр.10, стр. 3

ВЕНЧАНИ. Г. ЛАЗО МАНОВ со сопругата. На фотографијата можете да го видите нашиот другар ЛАЗО МАНОВ, родум од Верник, Албанија и неговата сопруга ЛЕФКА ФИЛОВСКА, родум од Карчишта, Костурско, Егејска Македоннија. Венчавката се одржа на 29 јануари 1950 година. ДРУГАРОТ ЛАЗО и неговата сопруга живеат во Џералдтон, З. А.[375] Л. МАНОВ е еден од активистите, кој не е само познат во Перт, Аделаида, Мелбурн и Сиднеј, туку и во други помали градови со македонски имигранти. Од името на нашиот сојуз и на „Искра" ние им посакуваме сè најдобро.

Бр. 11, стр. 3

КАМПАЊА НА СОЈУЗОТ ДО 30 ЈУНИ 1950 ГОДИНА

ДОЛЖНОСТИ НА СИТЕ ГРУПИ И ОРГАНИЗАЦИИ КОН СОЈУЗОТ

Другари, очигледно е дека не може да се одржи конференција без делегати или само со по еден или со двајца делегати и оттука таа мораше да се одложи според желбите и потребите на групите. Ние мораме да ве потсетиме за финансиската сотојба на Сојузот и на „Искра" и да ви доставиме список на претплати.

| | ПРЕДВИДЕНО | ПЛАТЕНО |
|---|---|---|
| АДЕЛАИДА | 15. 0. 0 ФУНТИ | |
| СИДНЕЈ | 30. 0. 0 ФУНТИ | |

[374] Нов Јужен Велс.
[375] Западна Австралија.

| | | |
|---|---|---|
| МЕНЏИМАП, З. А. | 25. 0. 0. ФУНТИ | |
| ЏЕРАЛДТОН, З. А.[376] | 15. 0. 0 ФУНТИ | |
| ФОРБС, Н. Ј. В.[377] | 10. 0. 0. ФУНТИ | |
| ПЕРТ | 30. 0. 0. ФУНТИ | |
| КРЕБС КРИК, Н. Ј. В. | 15. 0. 0. ФУНТИ | |
| КВИНБЕЈАН | 10. 0. 0. ФУНТИ | 10. 0. 0. ФУНТИ |
| ШЕПРТОН, ВИКТОРИЈА | 10. 0. 0. ФУНТИ | |
| ЊУКАСЛ | 10. 0. 0. ФУНТИ | |
| БРЕЈДВУД | 10. 0. 0. ФУНТИ | |
| РИЧМОНД, Н. Ј. В. | 5. 0. 0. ФУНТИ | 5. 0. 0. ФУНТИ |
| БОЈУП БРУК, З. А. | 5. 0. 0. ФУНТИ | |

ВЕНЧАВКА

(ФОТОГРАФИЈА) Г-ЦА ДРАГА БОРИС НАУМОВА и Г. КИРИЛ ИЛИЕВ САЗДАНОВ. На 5 март, 1950 година, КИРИЛ ИЛЕВ САЗДАНОВ, родум од Цапари, Битолско, Македонија, кој во моментов живее во Коримал, Н. Ј. В., стапи во брак со Г-ЦА ДРАГА БОРИС НАУМОВА, родум од Дрмани, Охридско, Македонија. Венчавката се одржа во Бризбејн, Квинсленд, во домот на родителите на Драга.

ПОКАНА

Родителите на КИРИЛ ИЛИЕВ САЗДАНОВ ги поканувaат сите пријатели да присуствуваат на венчавката на 25 јуни 1950 година, во Градската сала во Падингтон, Сиднеј, во 16:00 часот. КРИС „ИКРА“ ИЛЕ САЗДАНОВ испраќа поздрави до неговите пријатели во Америка и во Македонија. Сојузот и „Искра“ на младите им пожелуваат сѐ најдобро.

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 9-12.

---

[376] Западна Австралија.
[377] Нов Јужен Велс.

# 65

# Кореспонденција меѓу директорот на АСИО во Сидней, директорот на АСИО во Мелбурн, предметните офицери во Бризбејн, Аделаида и во Перт, како и одделот Б. 1. во Нов Јужен Велс во врска со Третата семакедонска конференција, јули/август 1950 година

Б.1. (Австралија).
10 јули, 1950 година

До: Директорот, Мелбурн
Предметниот офицер, Бризбејн
Предметниот офицер, Аделаида
Предметниот офицер, Перт
Б. 1. (Н. Ј. В.)

Од: Директорот, Сидней.

Во врска со: МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Следниот цитат е извадок од преведениот јунски број од 1950 година на „Македонска искра“:

„ТРЕТАТА СЕМАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ОДЛОЖЕНА“.

Третата Конференција мораше да биде одложена и ние ја користиме оваа прилика да им го соопштиме тоа на сите организации. Поради тоа што немаше доволно време да се изберат делегати, ние се надеваме дека сите вие ќе се согласите со ова одложување и дека Националниот комитет ги повикува сите групи и организации да одлучат кога би требало да се одржи Конференцијата и се очекува од сите групи да бидат претставувани на Третата семакедонска конференција.

Од името на Националниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз.

В. БОШКОВ“

Секоја информација која би можеле да ја добиете во врска со датумот и местото на одржување на одложената Конференција би била особено добредојдена.

РЕП/ОАС

_____________[378]

Директор, Сидней

[378] Нечиток потпис.

---

ИмеЦ/ЕХ
До: Директорот, Сиднеј.
Од: Предметниот офицер, Бризбејн.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со Вашиот меморандум (Б.1. Австралија) од 10 јули, 1950 година, во врска со погоре спомнатата организација, прикачен е извештај од офицерот за истраги.

_______________[379]

Предметен офицер од Канцеларијата на државниот обвинител
Оддел Д., Квинсленд

24 јули 1950 година

---

БС. 11Е. 1.

Бризбејн
20 јули 1950 година

Офицер за истраги
Оддел Д., Квинсленд

<u>МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ</u>

Во врска со Меморандумот на директорот од 10 јули 1950 година, во врска со предложената Македонска конференција која би требало да се одржи во блиска иднина, спроведов истрага преку доверлив македонски контакт и тој ме информираше дека не знае за каква било организација во Бризбејн. Ми рече дека знае за таква организација во Мелбурн.

2. Мојот информатор не слушнал ништо за „Конференцијата“ и смета дека таа не би се одржала во Бризбејн поради тоа што многу малку Македонци живеат тука.

3. Има околу триесет (30) Бугари[380] кои живеат во Квинсленд и тие се широко распространети. Се состојат од 26 мажи и 4 жени. Тие се тип на Македонци кои најверојатно би биле заинтересирани за ваква организација, но поради тоа што живеат на различни места не би биле доволно на број во едно конкретно место за да создадат организација.

[379] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.
[380] Во извештајот на офицерот за истраги стои терминот Бугари. Поради недостиг од дополнителни документи, не е можно да се утврди дали се работи за грешка во оригиналниот документ или, пак, офицерот за истраги на тој начин ги именувал Македонците од Бризбејн.

4. Секоја информација која ќе ја добијам од страна на мојот информатор во врска со Конференцијата ќе биде пренесена.

______________[381]

---

ДОВЕРЛИВО

Б.1.

Б. 1.

ДО: Директорот, Сиднеј 30 август 1950 година

ОД: Директорот, Мелбурн

ПРЕДМЕТ: МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

ВО ВРСКА СО: Меморандумот Б.1. Австралија од 10 јули 1950 година, сè уште, е невозможно да се дознае предложениот датум за погоре спомнатата Конференција. Многу е тешко да се добие каква било информација во врска со оваа организација.

2. Привремени напори, сепак, беа направени за да се обезбедат примероци од весникот „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ доколку тие не се достапни за Канцеларијата во Сиднеј.

______________[382]

ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 13, 16, 17, 23.

---

[381] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.
[382] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 66

# Извадок од јулскиот број од 1950 година на „Македонска искра“ во врска со предвидените финансиски квоти на ограноците на Македонско-австралискиот народен сојуз, јули 1950 година

КОПИЈА
ИЗВАДОК ОД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – ЈУЛИ, 1950 ГОДИНА – СТР. 4

СОЈУЗНА КАМПАЊА

| | Квоти | Исплатено |
|---|---|---|
| Аделаида | 15. 0. 0. фунти | |
| Мелбурн, Викторија | 30. 0. 0. фунти | 45. 0. 0. фунти |
| Сиднеј, Н. Ј. В.[383] | 25. 0. 0. фунти | |
| Менџимап, З. А.[384] | 10. 0. 0. фунти | 10. 0. 0. фунти |
| Џералдтон, З. А. | 15. 0. 0. фунти | |
| Форбс, Н. Ј. В. | 10. 0. 0. фунти | |
| Перт, З. А. | 30. 0. 0. фунти | |
| Кребс Крик, Н. Ј. В. | 15. 0. 0. фунти | |
| Квинбејан, Н. Ј. В. | 10. 0. 0. фунти | 10. 0. 0. фунти |
| Шепртон, Викторија | 10. 0. 0. фунти | |
| Њукасл, Н. Ј. В. | 10. 0. 0. фунти | |
| Брејдвуд, Н. Ј. В. | 10. 0. 0. фунти | |
| Ричмонд, Н. Ј. В. | 5. 0. 0. фунти | 5. 0. 0. фунти |
| Бојуп Брук, З. А.[385] | 5. 0. 0. Фунти | |

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 14.

[383] Нов Јужен Велс.
[384] Западна Австралија.
[385] Западна Австралија.

# 67

# Извадок од јулскиот број од 1950 година на „Македонска искра“ во врска со фондот и претплатници на весникот, јули 1950 година

ИЗВАДОК ОД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – СТР. 3 – ЈУЛИ, 1950 ГОДИНА
ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

| | ф. ш. д. |
|---|---|
| Џ. Николас, Бери, Ј. А.[386] | 1. 0. 0. |
| Лазо Котрони, Кребс Крик | 1. 0. 0. |
| Д. Вангел, Коримал, Н. Ј. В.[387] | 1. 0. 0. |
| Н. Е. Милентис, Менџимап, З. А. | 1. 4. 0. |
| В. Пејков, Менџимап, З. А. | 0. 6. 0. |
| П. Зајкос, Ваучоп, Н. Ј. В. | 1. 4. 0. |
| В. Стрезос | 1. 4. 0. |

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 15.

[386] Јужна Австралија.
[387] Нов Јужен Велс.

## 68

# Извадок од весникот „Напредак“ во врска со одржаната Трета национална конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 9 септември 1950 година

На 25-27 август Македонско-австралискиот народен сојуз ја одржа својата Трета национална конференција. На Конференцијата на која многу делегати и гости од различни држави во Австралија беа присутни, се дискутираше темелно во врска со организициските активности на Сојузот, за успесите и неуспесите на претходниот комитет, беа донесени неколку заклучоци и сугестии во врска со идното функционирање на Сојузот. Во врска со прашањата за организациската поставеност, конференцијата дискутираше за политичката состојба, како и генерално за состојбата во светот, која, исто така, се рефлектира и врз Македонскиот народен сојуз во Австралија. По дискутирањето на сите прашања, Конференцијата ја прифати резолуцијата која апелира за светски мир и ги повика сите Македонци во Австралија за да ги поддржи сите прогресивни мировни активности во Австралија и на тој начин да станат активни борци во борбата за мир. Дискутирајќи за предавството на титовата клика во Југославија, Конференцијата смета дека предавството на Тито немало голем ефект врз доселениците во Австралија и дека заговорот на КОЛИШЕВСКИ, ВЛАХОВ и другите кои беа предводени од Тито резултираа со неуспех и беа дочекани со спротивставување од сите словенски и други демократии во светот. Конференцијата смета дека предавството на титовистите било дочекано со осуда од страна на мирољубивите луѓе и од страна на борците за слобода насекаде низ светот. Во Резолуцијата беше наведено дека поразот на демократијата во Грција бил помогнат преку предавството на Тито. Резолуцијата продолжува: „Преку конзулатот и неговите агенти се обидуваат да го уништат единството на нашите доселеници преку ширење клеветничка пропаганда. Нашите луѓе, продолжува резолуцијата, го следат вистинскиот пат и тие не сакаат да бидат заблудени од страна на предавници и шпекуланти кои сакаат да влијаат врз мирољубивите луѓе. Ние сме сигурни дека вистината ќе преовлада. Конференцијата, покрај останатото, испрати поздрав до Привремената влада на демократска Грција,

која ги претставува децата, жените и другите бегалци кои избегаа во народните демократии. Конференцијата на македонските имигранти во Австралија им се заблагодари на сите народни демократии за нивната помош во врска со бегалците од Егејска и Вардарска Македонија. „Поздрав до војниците од Слободна Грција, до децата и другите бегалци“, беше кажано на Конференцијата, „нема да биде уште долго моментот кога ќе им биде дозволено да се вратат во нивната татковина“. ОРИГИНАЛНА КОПИЈА ВО ДОСИЕ БР.____[388]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 24.

---

[388] Бројот на досието е прекриен во оригиналниот документ.

# 69

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на јунскиот и јулскиот број на „Македонска искра", 28 септември 1950 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ДТО/ЕВ Н. 15300/35

Телефони
БВ 2147
БВ 2148
БВ 2149
БЛ 1556
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит"
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

28 септември 1950 година

До Директорот,
Австралиска безбедносна разузнавачка организација
Фах 4880, Г. П. О.
СИДНЕЈ. Н. Ј. В.[389]

Ви препраќам копии од преводите на „Македонска искра" од јуни и јули 1950 година.

Ф. Г. ГАЛЕГАН
заменик-директор

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА"
Издание – јуни 1950 година

Стр. 1

1. ВЕНКО МАРКОВСКИ ВО СМРТНА ОПАСНОСТ
2. БОТЕВ – ГЕНИЈАЛЕН РЕВОЛУЦИОНЕР, ПОЕТ ИТН.
3. ОСТРОВОТ ХАИНАН ОСЛОБОДЕН
4. НОВ МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА БУГАРИЈА
5. СОЈУЗ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРАВА „Искра" пренесува дека конференција, организирана од погоре спомнатото тело, била одржана во Сиднеј на 28 мај. Весникот истакнува дека 108 организации

[389] Нов Јужен Велс.

со вкупна бројка на 150 000 членови биле претставувани преку нивните 164 делегации. Се наведува и тоа дека конференцијата едногласно одлучила во целост да се бори со сите средства за зачувување на донесената резолуција која бара: 1. Слобода на говор; 2. Слобода за печатот; 3. Слобода за организирање; 4. Слобода за наука и култура; 5. Слобода за човекот; 6. Слобода од расни или религиозни дискриминации.
6. ВИСТИНАТА ЗА ДЕЦАТА ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА. „Искра" е огорчена од обвинувањата во „буржоаскот" печат дека македонските деца биле киднапирани, додека, според „Искра", овие деца биле однесени на сигурно поради бруталните воздушни напади од страна на „фашистите" и дека тоа, вели „Искра" сигурно, со целосна согласност од страна на родителите или од мајките. Весникот потоа продолжува да дава „бројки" на родители од различни егејски села кои, наводно, напишале писма до различни авторитети во „земјите на народните демократии", каде што нивните деца се згрижени, во кои ја изразуваат својата благодарност. Потоа „Искра" го потенцира тврдењето дека Македонскиот сојуз во Австралија е заштитник на интересот на децата и продолжува со давање примери. Случајот, очигледно, бил прво објавен во „Сиднеј Морнинг Хералд" – весникот на лордовите како што го именува „Искра". Дописникот од Канбера на „Сиднеј Морнинг Хералд" цитира едно интервју со извесен Том Манос кој изјавил дека неговите три деца биле киднапирани од страна на комунистичките герилци откако селото Тривуна било завземено. „Искра", изгледа му пристапила на овој случај преку една од народните демократии – во овој случај Унгарија – и добила одговор, адресиран до г. Трифун Нанов, Австралија (?) и потпишан од Г. Румелиотис, Канцеларија, Грчки комитет, Помош за децата, Будимпешта во кој се наведува дека тие прават сè што е во нивна моќ, но дека им се потребни документи и фотографии. На крајот, во ноември 1949 година, вели „Искра", другарот Порфирогенис се обрати од името на Комитетот дека децата можат да одат во Австралија и дека се остава на Меѓународниот црвен крст да ги заврши деталите. „Искра" потоа ги продлабочува обвинувањата против режимот на Тито кој ја користи оваа ситуација за пропагандни цели и завршува со запрепастувачко тврдење дека денес во националистичка Грција има околу 400 000 родители без деца кои, како што тврди „Искра", „умираат од глад во фашистичките логори". Цитиран е пример од грчкиот комунистички весник „Катимерини" кој говори за извесен детски дом во Пиреја каде што во текот на 1949 година 37 од 69 деца починале.

7. ЗАКОН ПРЕД ПАРЛАМЕНТОТ ЗА ЗАБРАНА НА АВСТРАЛИСКАТА КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА. „Искра“ тврди дека г. Мензес поднел антикомунистички закон пред парламентот и потоа продолжува без никаков коментар со цитати од резолуцијата донесена од страна на австралиските водни работници кои ги повикуваат другите синдикати „да се подготват за индустриска акција против законот, пред тоа да биде предоцна“.
8. ТРЕТАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЈУЗОТ ОДЛОЖЕНА. Формално соопштение за одложување на оваа конференција поради неможноста поголемиот дел од членовите да присуствуваат поради нивните земјоделски обврски. Датумот на новата конференција, сè уште, не е одреден. Соопштението е дадено од страна на <u>В. Бошков.</u>

Стр. 2
9. ДО ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРЕТСТАВНИК ВО СИДНЕЈ, Н. Ј. В.[390]. Ова е во форма на отворено писмо, потпишано од <u>Иван Пизарков и Васил Бошков</u>, од името на Националниот комитет на МАНС. Се бара од југословенскиот претстаник да ѝ ја пренесе на својата влада во Белград најдлабоката загриженост на Комитетот поради затворањето и грубиот третман кон извесен <u>Венко Марковски</u>, опишан како македонски поет. По тврдењето дека на Марковски, кој е многу болен, не му е дозволена никаква медицинска помош и дека неговото семејство гладува, писмото бара на Марковски и на неговото семејство да му биде дозволено да ја преминат југословенската граница. Исто така, се бара литературното творештво на овој човек да остане нечепнато затоа што тоа има исклучителен придонес за македонската култура.
10. ГРАЃАНКА И СЕЛАНКА
11. ТЕРОРОТ ВО ТИМОЧКИОТ РЕГИОН
12. ДЕЛАТА НА СТАЛИН ОБЈАВЕНИ НА 101 ЈАЗИК И ВО 639 МИЛИОНИ КОПИИ
13. МЛАДИТЕ МАРШИРАА НИЗ БЕРЛИН
14. ВЕНКО МАРКОВСКИ (продолжува од страница 3)
15. МНОГУ УСПЕШНА ПРВОМАЈСКА ПРОСЛАВА ВО СИДНЕЈ. И покрај саботирањето од страна на бројни лидери на синдикатите во Сиднеј, како и од страна на лабуристичката влада во Нов Јужен Велс, работниците, коментира „Искра“, излегоа во илјадници за да го прослават Први мај и да ја искажат својата солидарност. Весникот понатаму пренесува дека имало околу 10 000 работници во овој марш низ градот и дека во процесијата имало многу транспаренти и плакати со кои се повикува-

[390] Нов Јужен Велс.

ло на создавање обединет фронт во борбата за „демократски права и слобода". „Искра" смета дека имало околу 50 000 набљудувачи, жени и деца, кои ги поздравувале демонстрантите во текот на целата маршута, за конечно да им се приклучат пред Домејн каде што се одржа големата Првомајска прослава. Весникот забележува дека поради тоа што постоела забрана за користење звучници, настанот се одвивал на начин на кој истовремено имало по пет говорници кои говореле на пет различни места. Според „Искра" две значајни прашања ги окупирале умовите и срцата на демонстрантите. Првото беше „прашањето за мирот", а второто дека „предложениот закон на г. Мензес против работниците, организациите и демократската слобода". „Искра" цитира делови од некои од говорите – оној на Р. Диксон, претседател на Комунистичката партија кој рекол дека „работниците имаат вреден одговор до антидемократскиот закон на г. Мензес (каков бил одговорот не е наведено) и дека „овој закон е против работниците и работничките права и дека тој мора да биде повлечен". „Говорниците рекоа", продолжува „Искра", „претставува факт дека ова не е ништо помалку од подготовка на империјалистите за светска војна, насочена против социјалистичките земји и слободите и независноста на колонијалните народи. Боречкиот слоган на овогодинешната прослава, вели „Искра" беше: „Ниту еден војник, ниту едно оружје, ниту една фунта за војна против малајскиот народ". Според „Искра" присутните на првомајската прослава им аплаудирале на кинескиот говорник Алберт Леон и на американскиот црнец Реј Браун кој рекол дека тој бил среќен да биде меѓу луѓе кои ѝ го дале на Америка еден од нејзините најзначајни работнички лидери – Хери Брицис.

Стр. 3

16. АКТИВНОСТИ НА ГРУПИТЕ НА СОЈУЗОТ. Прв дел: Огранокот „Македонско единство" од Западна Австралија. Ова е во форма на писмо напишано од страна на „дописник на организацијата" кој вели дека по одржувањето на Националната конференција, огранокот „Македонско единство" организирал и одржал 2 пикника и 3 танцувачки забави. (Датумите не се објавени). Авторот упатува пофалба за работата на Сојузот и на „Искра" и ги повикува сите да се обединат и да ги зголемат своите напори од името на своите соодветни организации. 2 напис: КАМПАЊА ЗА САЛА ВО ПЕРТ. Собрани 109.0.0. фунти. Од Ванеру до 10.7.1949 година вкупно 82.5.10 фунти. Од Фримантл до 16.10.1949 година вкупно 22.0.0. фунти. Од танцувачки забави и повици до 12 февруари 1950 година собрани 64 фунти. 3 напис: СЛОБОДА, МЕНЏИМАП. Овој напис,

исто така, е потпишан од „дописник на организацијата" кој, најпрво, искажува пофалби за огранокот за кој смета дека е еден од првите и најактивните групи на Сојузот и потоа наведува дека бил избран нов комитет на средбата која се одржала на 14 мај. Имињата на членовите на комитетот не се објавени, но се наведува дека двајца од претходните членови на комитетот се заменети.

17. КАМПАЊА НА СОЈУЗОТ. Од 30 јуни 1950 година под името „Должности на секој огранок и секоја група во Сојузот", „Искра" вели дека е „јасно дека не би можела наскоро да се организира конференција со еден или со двајца делегати„ и дека поради тоа националната конференција е одложена. „Меѓутоа", вели „Искра", „ние не смееме да заборавиме ниту една минута дека мораме да ја исполниме нашата квота за да им помогнеме на нашиот Сојуз и на „Искра". Квотите – исполнети и неисполнети – се дадени во продолжение: Аделаида 15 фунти; Мелбурн 30 фунти; Сиднеј 25 фунти; Менџимап 10 фунти; Џералдтон 15 фунти; Форбс 10 фунти; Перт 30 фунти; Кребс Крик 15 фунти; Квинбејан 10 фунти; Шепртон 10 фунти; Њукасл 10 фунти; Бејдвуд 10 фунти; Ричмонд 5 фунти; Бојуп Брук 5 фунти. Од погоре наведените квоти единствено Квинбејан и Ричмонд очигледно ги подмириле своите обврски.

18. ВЕНЧАНИ – Фотографија, а потоа текст: Г-ца Драга Борис Наумова и г. Кирил Илиев Сазданов, кој живее во Коримал, Н. Ј. В.[391], ја објавија својата венчавка од 5 март 1950 година. ПОКАНА од страна на таткото на идниот младоженец – Иле Сазданов – на свадбата на својот син Кирил, која ќе се одржи на 25 јуни, во 16 часот во Градската сала во Падингтон, Сиднеј. Преку „Искра" Иле Сазданов ги поздравува своите роднини во Америка и во стариот крај. „Искра", од друга страна, му посакува на младиот пар многу среќна иднина.

19. ОД АПЕР БУРИНЏБАР. Благодарност од Џон Дислакис до неговиот пријател Коле Албанија кој собрал сума во висина од 10.17.0 фунти од различни пријатели во Сиднеј, за да му помогне на првиот во текот на неговата болест и недостиг од финансии.

20. ГРУПАТА „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА" ВО СИДНЕЈ одржа вечеринка на 20 мај во клубот „Атлас" на 252 улица „Пит", во чест на денот на Св. Кирил и Методиј – двајца македонски светци, од кои првиот им го даде на Словените кирилското писмо[392]. Се пеело, се играле ора итн., но не се спомнува собирање на средства во овој напис.

[391] Нов Јужен Велс.

[392] Св. Кирил го создал глаголското писмо, додека кирилицата била создадена од страна на неговите ученици.

21. СЕСЛОВЕНСКА ЗАБАВА ВО РУСКИОТ СОЦИЈАЛЕН КЛУБ на 727 улица „Џорџ". На 7 јули 1950 година, петок навечер. Ќе свири: Рускиот бенд.
22. ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „ИСКРА". Т. Босилковиќ, Н. Ј. В.[393] 10/1; Лазо Ф. Дајков, Мелбурн 1.10.0 фунти; Г. Рачков, Брејдвуд, 1 фунта.
23. ВЕНКО МАРКОВСКИ Е СМРТНО БОЛЕН (продолжува од страница 1)
24. ТИЕ СЕ ВЕНЧАА. Текст под фотографија: г. Лабо[394] Манов и сопругата кои стапија во брак на 29 јануари 1950 година. Г-ѓа Манов претходно беше г-ца Лефка Филовска. Манови сега живеат во Џералдтон, З. А.[395]. Лазо Манов, наведува „Искра", „е еден од најпознатите активисти, не само во неговиот град, туку, исто така, и во Перт, Аделаида, Мелбурн, Сиднеј".

Стр. 4
25. ИМПЕРИЈАЛИСТИТЕ ГИ ИЗВАДИЈА МАСКИТЕ НА ТИТОВИСТИТЕ

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА"
Издание – јули 1950 година

Стр. 1
1. ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ
2. КОНФЕРЕНЦИЈАТА Е НЕОПХОДНА И НЕИЗБЕЖНА И МОРА ДА СЕ ОДРЖИ. „Огранокот во Мелбурн", вели „Искра", „испрати препорака во која препорачува конференцијата да се одржи не подоцна од 25-26-27 август оваа година. Како што им е познато на ограноците и на групите, конференцијата беше одложена и Главниот комитет им остави на ограноците и на групите да дадат датум. Оваа препорака дојде од нашата најсилна имиграција и огранок во Мелбурн и јасно е дека конференцијата е од огромно значење и дека таа мора да се одржи без оглед на се. Националниот комитет во целост го поддржува овој став конференцијата да се одржи на 25-26-27 август во Мелбурн. Другари, испратете ги вашите делегати, вашите извештаи, идеи и активности за напредок на нашиот Сојуз, на „Македонска искра" и на нашиот страдален македонски народ.
3. АЈНШТАЈН ЈА ДЕМАСКИРА ХИПОКРИЗИЈАТА НА ВЛАДАТА ВО ОДНОС НА ПРАШАЊЕТО ЗА МИР
4. ИН МЕМОРИАМ за бугарскиот комунистички водач Георги Димитров

[393] Нов Јужен Велс.
[394] Погрешно име во оригиналниот документ. Би требало да стои Лазо.
[395] Западна Австралија.

5. АМЕРИКАНСКИТЕ МОНОПОЛИСТИ ЈА ФИНАНСИРААТ ШПАНИЈА НА ФРАНКО
6. БЕЗ НАСЛОВ – „Спарк" пренесува извадок од „Петициите за кои се собираат потписи и кои го содржат текстот на Стокхолмската декларација која беше донесена од страна на Светскиот комитет на партизаните за мир". Потоа се повикуваат сите Македонци и други Словени во Австралија, без разлика на тоа дали се организирани или не, да ги потпишат овие петиции кога ќе им бидат доставени, без оглед на нивните политички или религиски верувања.

Стр. 2
7. ИЗВОНРЕДЕН УСПЕХ НА МИРОВНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО Н. Ј. В.[396]
„Со слогани како на пример „Ниту еден Австралијанец не смее да дозволи мирот да пропадне" и „Наша патриотска должност е да ги победиме хушкачите на војната" започна со работа Конференцијата на мировните партизани, коментира „Искра", и беше отворена во Сиднеј на 10 јуни. Конференцијата беше насочена против реакционерските весници, против мирот (ова наликува на грешка во печатењето – би требало да се чита „за мирот"), против Лабуристичката партија која излезе од своите патеки и за оние што се согласија со Комитетот дека имаат волја да се борат за мир. Според „Искра" на оваа конференција учествувале 418 делегати од 208 организации, претставувајќи пола милион членови. Претставници на Македонскиот сојуз биле В. Бошков, Л. Малков и М. Велиовски. Весникот го спомнува говорот на отворањето на свештеникот Дики, кого и го цитира „дека светот мора да избере меѓу подобар живот преку ограничување на атомската енергија и смртта меѓу употребата и складирањето на атомските бомби. Труман, рекол Дики, рече дека светот има пет години за да се подготви за војна. Дики, коментира „Искра", исто така, ги осуди лагите кои секојдневно се објавуваат во империјалистичкиот печат каде што се укажува на наводната опасност од руска агресија. Дики рекол дека не само што Деканот[397] на Кентербери негирал дека Русија посакува војна, туку и британскиот маршал Лорд Вавел го сторил истото.

„По неговата посета", продолжува „Искра", „Тригве Ли доби основа за дискусии за постигнување долготраен мир и тој беше поздравен од милиони луѓе од секоја земја. Потенцирајќи ја нашата најфундаментална обврска тука во Австралија, свештеникот Дики рече дека борбата

[396] Нов Јужен Велс.
[397] Главен свештеник во катедралата.

во Малаја е за правата на малајскиот народ кој мора да избере свои претставници на слободни избори кои би биле набљудувани од ООН“.

„Искра“ потоа се осврнува на говорот на претседателката на Комитетот. Г-ѓа Џеси Стрит и цитира пасус од нејзинот говор кој се однесува на и во кој таа ја обвинува Лабуристичката партија. „Таа рече дека реакционерските десничарски лидери на Лабуристичката партија ја донеле партијата во групата на најцрната реакција, во групата на хушкачите на војната, на чиишто членови им е забрането да земат учество во борбата за светски мир и таа осуди уште едно крвопролевање кое ќе ги чини светот и Австралија уште многу жртви.

„Таа рече“, вели „Искра“, „дека секоја искрена личност која посакува да го зачува мирот против уште една катастрофална војна би требало да се заблагодари на „Трибуна“ за нејзините напори коишто ги направи во полза на мирот“. Весникот потоа цитира извесен Мировен партизан – Џ. П. Мортиер кој го истакнал значењето на добивањето на толку многу потписи за нивниот апел за мир. Според „Искра“ Мортиер ги открил лагите на хушкачите на војната против мирољубивиот Советски Сојуз, преку докажувањето дека САД се тие кои посакуваат ново крвопролевање, а не Советскиот Сојуз. „Доказите“ на Мортиер се состоеле во наводи дека САД имаат 490 воени бази на странска територија, додека Советскиот Сојуз нема ниту еден единствен војник никаде во светот, освен во Германија и во Австрија, нешто што беше договорено со Западните сојузници. Уште еден навод е тоа што САД во моментот окупираат 200 000 квадратни колометри странска територија, додека Советите ги повлекле своите трупи од истурените пунктови во Романија, Кореја итн.

8. БОРБАТА ВО КОРЕЈА Е ПРОБЛЕМ НА КОРЕЈСКИОТ НАРОД. „Искра“ му пристапува на конфликтот во Кореја на начин како текстот да е објавен од Москва, т. е. дека Јужна Кореја била агресорот и дека Северна Кореја, по запирањето на нападот, преземале своја иницијатива и тргнале во прогон на непријателот. „Овој случај“, коментира „Искра“ бил експлоатиран од страна реакционерите кои повикуваа Советскиот Сојуз да ја запре Северна Кореја и дека извештаите од Северна Кореја јасно покажуваат кој е агресорот; исто така, се посочува дека САД земале учество во борбите кое не може да се толкува поинаку од интервенција. Тешко ѝ е на Америка да го убеди светот дека Русија е таа која е агресорот. И самите империјалисти го признаа ова, во една од депешите за Американ Асошиејтед Прес во Њујорк во која се вели дека

„нема докази дека Русија учествува во овој напад против Јужна Кореја и дека армијата на Северна Кореја е вооружена со јапанско оружје кое е запленето на крајот од последната војна[398].

9. ДЕЦАТА ПРИСТИГНАА ВО АВСТРАЛИЈА. Фотографија, а потоа следува текст: Децата кои пристигнаа во Австралија на 13 јуни 1950 година и кои ја напуштија Југославија во текот на истиот месец. Тоа се македонски деца од Егејска Македонија, Грција. Истовремено со нив во Австралија пристигна и ќерката на К. Кулеас – Дана Т. Јанчова, на 34 годишна возраст со нејизните четири деца сираци, нејзиниот сопруг падна во борбата за ослободување на својата татковина Македонија. Известувањето го дава татко ѝ.

10. ПРИСТИГНУВАЊЕ НА ПРВАТА ГРУПА ДЕЦА ОД ЈУГОСЛАВИЈА. Написот говори за пристигнувањето во оваа земја на 16 деца од Југославија. Ова се случило на 14 јуни. меѓу нив, се наведува, беше и вдовицата Јордана Јанчова со нејзините четири деца, чијшто сопруг падна во борбата за својата земја. „Особено е интересно", вели „Искра", тоа што децата беа прашани од страна на грчкиот конзулво Сиднеј дали тие биле земени со сила од страна на партизаните, на што тие одговорија дека тоа било нивна желба затоа што не можеле повеќе да ги изржат бомбардирањата и бомбите кои монархофашистите ги фрлале врз невините села и население.

11. РЕД ЗА МИР

Стр. 3

12. НАШИОТ ОГРАНОК ВО МЕЛБУРН. Тука се наведува дека огранокот бил посетен од страна на Другарот В. Бошков кој останал таму неколку денови. Била организирана јавна средба во текот на неговиот престој. Ова се случило на 25 јуни на 52 улица „Јанг", Фицрој. Претседателот на огранокот го претставил говорникот, Бошков, кој рекол дека се собрале сите заедно за да дискутираат за критичната состојба на Сојузот и на нивниот единствен весник во Австралија, „Македонска искра", којашто претставува учител и светло за Македонците кои живеат во далечната Австралија. Говорникот го истакна значењето на весникот кој, според него, го запознава австралискиот народ со Македонците кои живеат тука, како и запознавање на другите држави каде што „Искра" се дистрибуира. Говорникот потенцирал дека пред создавањето на „Искра", Македонците ниту биле организирани, ниту биле здружени и сите нивни активности биле со мал ефект. Благодарение на весникот ова се променило Оттука,

[398] Се однесува на Втората светска војна.

кажал говорникот, доколку единството меѓу нив треба да биде зачувано, секој член мора да работи активно до самиот крај. Треба да се има на ум дека времињата се тешки, не само тука во Австралија, тука и во Австралија и во Канада. Бошков спомнува дека некои од неговите сонародници верувале дека е грешка да се испратат парите за изградба на болницата во Југославија, но говорникот смета дека парите била сипратени за македонскиот народ, а не за титовистичките предавници и дека македонскиот народ еден ден ќе биде слободен. Значајно е дека тие си го исполнија својот долг. „Браќа“, кажал Бошков, „наша прва задача е да се бориме за светски мир, против атомските и хидрогенските бомби, доволни се овие крвопролевања, солзи и мизерија. Погледнете ја состојбата во Америка каде што економската состојба станува се полоша и невработеноста расте, додека позицијата на новите демократски држави се подобрува економски бидејќи сите прогресивни народи се борат за светскиот мир“.

„Искра“ наведува дека по овој говор биле поставени многу прашања на кои било одговорено, но дека најзначајното прашање се однесувало на финансиската состојба на Сојузот и на „Искра“ и дека секој член и искрен Македонец треба да придонесе за подобрување; второто прашање се однесувало на резолуција која била донесена од страна на огранокот во Мелбурн со која секој месец огранокот ќе испраќа по 20 фунти како поддршка на „Искра“. Во врска со ова биле именувани тројца луѓе да се грижат за ова прашање. Од името на „Искра“ било кажано дека весникот со задоволство би ги примил сите известувања за венчавки, крештевки, среќни повторни средби итн., кои весникот се обврзал да ги објавува бесплатно и единствено се наплаќа за фотографиите.

Потоа следувал апел за собирање средства и за фондот на Сојузот и фондот на „Искра“ биле дадени следниве донации: Д. Папаруси 5 фунти, Д. Трпку 5 фунти, Д. В. Филипов 2 фунти, Р. Богаташо 2/10 фунти, Коле Миланков 2 фунти, Г. Андричин 2 фунти, Р. Алтин 1 фунта, В. Андониов 1 фунта, С. Алабакис 1 фунта, Т. Гелев 1 фунта, Џон Панџари 1 фунта, Т. Рачков 1 фунта, Л. Б. Ставревски 1 фунта, Р. Делијанов 1 фунта, В. Заманчев 1 фунта, Л. Огненов 1 фунта, Т. Петров 1 фунта, Т. Георгов 1 фунта, Д. Филипов 1 фунта, Г. Чапкано 1 фунта, П. Дајков 1 фунта, К. Гергов 1 фунта, Б. Валканов 1 фунта, Л. А. Алабаков 1 фунта, М. Карлевски 1 фунта. По 10 шилинзи: Г. Босниќ, Т. Чилианов, Б. Ѓамов, Т. Бутаков, М. Каралиов, К. Наумов, В. Гелев, А. Раковити, С. Стојчев, П. Јованов, К. Танев. Е. Трајанон 2 фунти, Пеце Нана 10 шилинзи, Ване Ѓорчилов 10 шилинзи.

13. ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „ИСКРА“. Џ. Николас, Бери, Ј. А.[399] 1 фунта, Лазо Котрони, Кребс Крик, 1 фунта, Д. Вангел, Коримал, Н. Ј. В.[400], Н. Е. Милентис, Менџимап, З. А.[401] 1 фунта и 4 шилинзи, В. Пејков, Менџимап, З. А. 6 шилинзи, П. Зајкос, Ваучоп, Н. Ј. В. 1 фунта и 4 шилинзи, В. Стрезос 1 фунта и 4 шилинзи.
14. РОДЕНО е момче, внуче на Коце Кулеов, кој сега живее во Квинбејан. Известување и 2 фунти за фондот „Искра“ од страна на Коце Кулеов, татко[402] на новороденото. Момчето е именувано Георги, по неговиот прадедо кој сега живее во Скопје, Југославија.
15. СВАДБИ ВО СИДНЕЈ. Известување од групата на Сојузот во Сиднеј „Весела Македонија“. На 18 јуни, беше направена свадба на Илија и Еленка Статови. На 25 јуни се случи свадба во семејството Сазданови. Младоженецот Кирил И. Сазданов е добро познат член на нашиот Сојуз.
16. ВЕНЧАВКИ ВО ФОРБС. Известување од групата „Весела Македонија“ во кое се известува за одржани венчавки на 2 јуни „на нашите добро познати членови Младен Кипрев и Леца Петрова и на Кирил Мурџев и Антигона Фотева, исто така, добро познати членови на Сојузот.
17. ВЕНЧАНИ – фотографија – текст Пандил Е. Стати и Фанија Б. Велиова, од кои втората е „наша добро позната другарка и активна членка“, се венчаа на 25 април. Се испраќаат честитки од името на Сојузот и на „Искра“.
18. ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД СТРАНА 1 (Напис 1)
19. СЕ БАРА. Х. Н. Цигерис, п. Фах 108, од Џералдтон го бара Пандо Трајко, по потекло од селото Руља.
20. ИЗВЕСТУВАЊЕ. Групата „Слобода“ од Кребс Крик ги поканува сите свои членови на прослава на македонскиот празник „Илинден“, во салата на групата во Кребс Крик, на 30 јули. Известувањето го дава Никола Каражев, секретарот на групата.
Стр. 4
21. ВО БУГАРИЈА УСПЕХ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ КООПЕРАЦИИ
22. КАМПАЊА ЗА ФОНДОТ НА СОЈУЗОТ – Квотите се исполнети од Мелбурн, Менџимап, Квинбејан и Ричмонд.

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 25-31.

---

[399] Јужна Австралија.
[400] Нов Јужен Велс.
[401] Западна Австралија.
[402] Грешка во преводот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Коце Кулеов бил дедо на новороденото момче. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Jul_1950_Vol_4_No_7_Page_3.jpg

# 70

# Извештај на предметниот офицер на АСИО во врска со новоизбраниот Национален комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз, 10 октомври 1950 година

ТАЈНО

цу/нс 10 октомври 1950 година

Предметен офицер

СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. ____________[403]ја пренесува следната информација:

„Би сакал да известам дека е избран нов Национален комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз. Националниот комитет е врховно тело на Сојузот во периодот меѓу две конференции и тој ја спроведува програмата која е донесена на конференцијата.

2. Комитетот е во следниот состав:

Претседател: ВАСИЛ БОШКОВ; Потпретседатели: МИК ВЕЛИОВСКИ и К. АНГЕЛКОВ; Секретар: Џ. ПИЗАРКОВ; Заменик секретар: Џ. БОШЊАКОВ; Благајник: КОСТА ВАЛАНИР[404].

Комитет: АЛЕК ДАМИАНТИ, ЕЛО СТАТЛИН[405] и Д. КОЈКОВСКИ[406].

Претставници по држави: Н. Ј. В.[407] Х. ДИГАЛА, К. МУРЏЕВ и К. КУЛЕА. ВИКТОРИЈА: С. СТОЈЧЕВ, Г. МЕЧКАРОВ И Т. ПЕТРОВ. ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА: В. АПОСТОЛОВ И Т. ЛЕЈКОВ; ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА: И. ЈОВАНОВ, Џ. ГРОЗОВСКИ И С. ЧОЛАКОВ.

Младински претставници: Мелбурн: П. ДАЈКОВ

Перт: Т. ВЕЛИОВСКИ

Претставничка на жените: Перт: МИТА МИОВСКА

____________[408]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 39.

[403] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[404] Погрешно презиме во преводот. Би требало да биде Валами.
[405] Погрешно презиме во преводот. Би требало да биде Стати.
[406] Погрешно презиме во преводот. Би требало да биде Коловски.
[407] Нов Јужен Велс.
[408] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 71

# Извештај на предметниот офицер на АСИО во врска со донесените одлуки и резолуции на Третата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 11 октомври 1950 година

ТАЈНО

цу/нс 11 октомври 1950 година

Предметен офицер

СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

ОДЛУКИ И РЕЗОЛУЦИИ ОД ТРЕТАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

1. ____________[409]ја пренесува следната информација:

„Би сакал да информирам дека во продолжение е список на одлуките и резолуциите кои биле донесени на Третата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз која се одржа на 25, 26 и 27 август 1950 година во Мелбурн.

(1) Националниот комитет ќе биде лоциран во Сиднеј согласно со член 4 од Уставот.

(2) Националниот комитет ќе преземе кампања за да ги спроведе сите одлуки донесени на Конференцијата.

(3) Националнот комитет ќе дејствува за консолидација на Сојузот и за интензицирање на активностите на индивидуалните ограноци.

(4) Еден постојан службеник треба да биде на платна листа од страна на Националниот комитет.

(5) Конференцијата го прифаќа извештајот на Централниот комитет.

(6) Треба да биде отпочната кампања за помош на гладните луѓе во Егејска Македонија.

(7) Националниот комитет да го соопшти датумот за Сојузната конференција.

(8) Актуелниот Национален комитет треба да ги отстрани сите разлики кои се појавиле во огранокот во Њукасл и да го реорганизира народот. Исто така, треба да се реши и проблемот во Квинбејан.

[409] Името е прекриено во оригиналниот документ.

(9) Националниот комитет и ограноците треба да се грижат за организирањето на младинските и женските секции, како и за драмските и музичките секции.
(10) Националниот комитет треба да овозможи „Македонска искра“ да се печати на кирилско писмо. Сите ограноци да му помогнат на Комитетот по ова прашање.
(11) Да се приклучи на кампањата за светски мир во согласност со Резолуцијата од Стокхолм и да агитира и да земе активно учество во апелот.
(12) Правните акти кои се одобрени од страна на Конференцијата да бидат следени од страна на Националниот комитет.
(13) Организациите во руралните области да бидат организирани и приклучени кон Сојузот.
(14) Националниот комитет веднаш да подготви соодветна литература за дистрибуција до различните ограноци за продажба на членовите.
(15) Се препорачува Комитетот да отпечати една брошура за активностите и животот на нашите мигранти во Австралија.
(16) Се сугерира на делегатите да им се исплатат по 6 фунти неделно од страна на нивните организации.
(17) Се очекува С. САРБИНОВ и Л. МАЛКО да внимаваат на работата и да ги следат средбите на Националниот комитет сè до одржување на следната конференција.
(18) Националниот комитет сугерира да се испрати еден апел до Организацијата на обединетите нации за запирање на теророт и нападите врз нашите луѓе во Егејска и Вардарска Македонија.

____________[410]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 33, 34.

[410] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 72

# Извештај од предметниот офицер на АСИО во Сиднеј во врска со несогласувањето меѓу огранокот од Њукасл, „Балкан" и Националниот комитет на МАНС, 11 октомври 1950 година

ТАЈНО

цу/нс 11 октомври 1950 година

Предметен офицер

<u>СИДНЕЈ</u>

<u>МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ</u>

<u>ОГРАНОК ЊУКАСЛ</u>

1. ____________[411]ја пренесува следната информација:

„Би сакал да информирам дека порано оваа година, се појавиле разлики во мислењето во однос на административните методи кои биле применети од страна на Националниот комитет на Сојузот и тие биле изнесени од страна на секретарот на огранокот на Македонско-австралискиот народен сојуз во Њукасл. Било напишано писмо до Централниот национален комитет во кое биле наведени одредени прашања од страна на секретарот на огранокот во Њукасл под името „БАЛКАН".

2. Основата на текстот во писмото се состоела во тоа што, иако секретарот на огранокот во Њукасл се согласил дека е особено важно да се отфрли деструктивниот и отровен критицизам од страна на империјалистите и анархистите, и да се прифатат единствено работи кои би биле корисни за прогрес и добробит на неговиот народ, истовремено тој сметал дека е многу поважно да се бори за и да им помогне на луѓето од неговиот огранок во Њукасл, коишто во поголем дел живееле во скромни услови и наместо кон „Татковината", концентрацијата била насочена кон борбата за светски мир. Тој продолжил дека поради тоа што политиката на Централниот национален комитет има таков облик, луѓето од неговиот огранок не би сакале повеќе да се здружуваат со Националниот комитет. Секретарот, исто така, посочил, да се продолжи по истите линии и да се игнорираат потребите и правата на неговите луѓе би било „многу опасно" за „Македонска искра" и за Нациналниот комитет.

[411] Името е прекриено во оригиналниот документ.

3. Ова писмо било прочитано на Третата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз во Мелбурн и потоа се развила дискусија со многу аргументи. Сепак, била донесена посебна одлука на Конференцијата. Било договорено Националниот комитет да го посети Њукасл и неговата околина и да се обиде да ги „реорганизира и консолидира“ луѓето на цврсто тло. ДРУГАРОТ КИРИЛ МУРЏЕВ од Њукасл бил назначен за државен претставник који би требало да „соработува“ со Националниот комитет, за да се елиминира несогласувањето во Њукасл.

______________[412]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 37.

[412] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 73

# Извештај од предметниот офицер на АСИО во Сиднеј во врска со одржаната Трета конференција на МАНС, 11 октомври 1950 година

ТАЈНО

цу/нс　　　　　　　　　　　　　　　　　　11 октомври 1950 година

Предметен офицер
СИДНЕЈ

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. ____________[413]ја пренесува следната информација:

„Би сакал да информирам дека Македонско-австралискиот народен сојуз ја одржа својата Трета конференција во Македонската организациска сала, на 25, 26 и 27 август 1950 година во Мелбурн. Делегати на Конференцијата беа: од Мелбурн, Д. ТРИПКОВ, Џ. ПАНЏАРИ, Х. АЛТОВ, С. СТОЈЧЕВ. Од Шепртон: Л. АПОСТОЛ. Од Сиднеј: В. ХРИСТОВ. Од Кребс Крик: Х. ДИГАЛА. Од Аделаида: Т. ЛЕЈКОВ и од Брејдвуд: Г. РАЧКОВ. Делегати од Националниот комитет беа: Џ. ПИЗАРОВ, В. БОШКОВ и Л. МАЛКО.

2. Третата конференција беше отворена од Д. ТРИПКОВ, потпретседател на Националниот комитет кој истакна дека Конференцијата се одржувала во исклучително критично време, време во кое светот се поделил во два блока. Едниот блок кој започна трка за вооружување за уште една светска војна, додека вториот блок се состои од нациите кои го посакуваат светскиот мир и кои се борат за слобода, за колонијалните народи и против хушкачите на војната. Потоа беше избран претседател и на делегатите на Конференцијата им беше приреден топол пречек.

3. „ДРУГАРОТ“ ИВАН ПИЗАРКОВ потоа изнесе извештај за одлуките кои биле донесени на Втората конференција; активностите на Националниот комитет, како и извештаите на благајникот и на секретарот. Тој, исто така, изнесе извештај и за посебната кампања која траеше од јануари до јуни 1949 година, временски период во кој беше исполнета

[413] Името е прекриено во оригиналниот документ.

предвидената програма, народните сили беа мобилизирани и консолидирани, како и регрутирање нови членови за Народниот сојуз. Тој продолжи дека кампањата била добро поддржана и ја исполнила својата задача. Тој, исто така, презентираше извештај за Државните конференци во Н. Ј. В.[414] и во Западна Австралија, а се осврна и за растечката поддршка на различните организации во секоја од државите.

4. „ДРУГАРОТ“ ВАСИЛ БОШКОВ, секретарот на Сојузот потоа презентираше целосен извештај, а потоа „ДРУГАРОТ“ КОСТА ВАЛАМИ, благајникот на Сојузот, исто така го презентираше својот целосен извештај. „ДРУГАРИТЕ“ ВАСИЛ ХРИСТОВ и МАЛКО, кои се ревизори, ги презентираа своите извештаи укажувајќи дека податоците и сметководствените книги се целосно во ред.

5. Последниот ден на Конференцијата беше посветен на извештаите на членовите на Комитетот во однос на различни прашања во врска со Сојузот; критики и сугестии за подобрување на Сојузот во целост.“

_____________[415]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 38.

[414] Нов Јужен Велс.
[415] Потписот е прекриен во оригиналниот документ.

# 74

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со преводи на августовскиот и септемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 12 февруари 1951 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Н. 15300/35

Телефони
БВ 2147
БВ 2148
БВ 2149
БЛ 1556
Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

12 февруари 1951 година

До Директорот,
А. С. И. О.
Фах 4425, Г. П. О.
СИДНЕЈ.

Ви препраќам копии од преводите на „Македонска искра“ со датум од август и од септември 1950 година.

Ф. Г. ГАЛЕГАН
заменик-директор

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
издание – август, 1950 година

Стр. 1
1. ВО БОРБА ЗА СВЕТСКИ МИР – ВО ГРЦИЈА Е ФОРМИРАН ИЛЕГАЛЕН МИРОВЕН КОМИТЕТ
2. СОВЕТСКИОТ ВРХОВЕН СОВЕТ ГО ПРИФАТИ АПЕЛОТ ЗА МИР ОД СТОКХОЛМ

3. ВО БУГАРИЈА меѓу 6 000 000 И 7 000 000 ЛУЃЕ[416] ГО ПОТПИШАА АПЕЛОТ ЗА МИР
4. СИЛНО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ ЗА СЛЕДНА ВОЈНА
5. МЕТОДИСТИТЕ ЗА ЗАБРАНА НА АТОМСКАТА БОМБА
6. ИТАЛИЈАНСКИТЕ БИСКУПИ ПОТПИШАА СВЕТСКИ АПЕЛ ЗА ДОЛГОТРАЕН МИР
7. ПОДАЈ РАКА ЗА МИР – Ова е анонимна поема: „Ние не сакаме ниту мизерија, ниту војна, оган или солзи. Сталин, ти води нѐ во борбата за мир. Подај рака кон другарот од Москва, за да можеме да ги одбраниме децата во светот, и да изградиме нов живот за сите нас. Подај рака кон другарите во Берлин, Пекинг, Њујорк, Лондон и Париз за да можеме да ги одбраниме мирот и правдината и да ја спасиме културата на сите".
8. КАТОЛИЧКАТА ЦРКВА ВО ФРАНЦИЈА ЗА ЗАБРАНА НА АТОМСКАТА БОМБА
9. ЈУГОСЛАВИЈА – КОЛОНИЈА НА АНГЛО-АМЕРИКАНСКИТЕ ИМПЕРИЈАЛИСТИ
Стр. 2.
10. ОД РАЗНИ СТРАНИ
11. НЕХРУ – АЛИ КАН
12. КУЛТУРА ЗА ИНДОКИНА
13. 40 000 РАБОТНИЦИ ВО НОВ ЗЕЛАНД НА ШТРАЈК
14. ГРЧКИОТ НАРОД СЕ БОРИ И ЌЕ СЕ БОРИ
15. ОПУРТУНИЗМОТ НА ТРИГВЕ ЛИ
16. СРЕДБА СВИКАНА ОД КОНЗУЛАТОТ СЕ СВРТЕ ПРОТИВ ТИТОВИСТИТЕ – „И покрај фактот што Македонско-австралискиот народен сојуз ја осуди Титовата клика и нејзините претставници во Австралија", вели „Македонска искра", „ние бевме во можност јавно и отворено да го искажеме ставот на нашиот народ на средба организирана од страна на „Пријателите на Нова Југославија" (Генералниот конзулат на Тито) на 25 јуни во Сиднеј". Со ова започнува долг напис во кој се наведува дека конзулот Цврље зборувал на состанокот „напаѓајќи ги и лажејќи против Советскиот Сојуз и државите со народна демократија, чиишто народи јасно ја искажаа својата подготвеност да се борат против титовистичките предавнци". Се објаснува дека присуствувале околу 200

[416] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст стои дека 6 од 7 милиони жители на Бугарија го потпишале апелот за мир. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Aug_1950_Vol_4_No_8_Page_1.jpg

луѓе на оваа средба, од кои конзулатот имал 25 (од кои 10 работат во конзулатот), 25 кои се декларирале како неутрални и 150 кои ја осудиле антисоветската и реакционерска политика на Тито.

„Потоа Јован Пизарков", вели весникот, „го праша Цврље зошто Југославија ги затвори своите граници за нашите браќа од Егејска Македонија и од Демократската армија, на што Цврље започна да ја напаѓа Привремената демократска влада во која нашиот народ има свои претставници". Тој, исто така, беше прашан зошто раселените деца кои се во Југославија не им беа вратени на нивните родители, на што Цврље одговори дека децата не се враќаат во нивните домови поради тоа што пристугнуваат многу барања од страна на родителите, на што, соговорниците на Цврље одговорија дека родителите на поголемиот дел од овие деца сега живеат во земјите со народна демократија и дека таквите барања би требало да се разгледаат соодветно и точно. М. Велиовски потоа праша дали Комунистичката партија на Југославија дејствувала илегално или полуилегално во Југославија пред резолуцијата на Информбирото, на што Цврље одговори со кратко „Не", па тоа го поттикна Велиовски да каже дека тој бил во Скопје, Белград, Загреб, Нови Сад и Сараево и дека никаде не ги видел нејзините штабови. Цврље, наведува весникот, не одговорил на ова. Еден неименуван трговец потоа земал збор и кажал дека ова не е точно. Одеднаш, весникот се префрлува на прашањето за „бугаризацијата на македонскиот народ", за која, се вели, титовистите ја обвинуваат Бугарија дека го прави тоа. За да го побие ова, „Македонска искра" го цитира поранешниот комунист од највисок ранг Димитров, кој наводно на 19 декември 1948 година рекол дека Македонија припаѓа на Македонците.

Оваа средба потоа се насочи кон прифаќање на неизбежната „резолуција", но пред ова, забележува весникот, Л. Марковиќ, „кој работи во конзулатот предизвика немир и почна да се тепа. Но ова, очигледно, не ги спречи другарите да ја донесат резолуцијата која се состои во следниве мисли: „Ставот на СССР и на целото работничко движење, кои се целосно поддржани од страна на Сојузот на југословенски имигранти во Австралија и „Напредак", против титовата клика и југословенската влада е вистински бидејќи тоа е во интерес на југословенскиот народ и на народниот демократски фронт низ целиот свет... Откако го ислушаа Цврље, другарите донесоа одлука дека југословенската влада на чело со Тито, како и неговите претставници во странство, се заколнати непријатели на антиимперијалистичкиот фронт кој е предводен од Советскиот Сојуз итн." Втора резолуција

беше донесена во која се бара „ослободување на вистинските народни борци“ кои очигледно сега се затворени во југословенските затвори.

Стр. 3

17. ИЛИНДЕНСКИ ПРОСЛАВИ – „Дописникот“ јавува дека била организирана забава (веројатно на 31 јули) во Рускиот клуб, Сиднеј, од страна на Македонскиот огранок „Весела Македонија“ за да се прослави революционерното востание „Илинден“. Се наведува дека биле присутни сонародници од Ричмонд, Вериевуд, Мона Вејл и околината. М. Велиовски ги пречекал гостите и потоа му дал збор на Џ. Пизарков кој го опишал значењето на ова востание за сите македонски патриоти. Апелот за собирање финансиски средства бил упатен од страна на Л. Малко, а потоа, околу 10 часот, биле послужени чај, колачи и сендвичи. Оркестарот кој свирел народни песни и кој, очигледно, ги дал своите услуги бесплатно, бил во следниот состав: Лазо Жавела, Вангел и Борис Петрови, Алекс Чадевиќ и Џим Делиов. Ова се имињата на оние што донирале средства за фондот „Македонска искра“: Л. Малко 3 фунти, С. Василев 2 фунти, Џ. Делиов 2 фунти, К. Пазов и Т. Зака 1 фунта и 10 шилинзи. Донации по 1 фунта: М. Велиовски, К. Андонов, Ј. Бонаки, Џ. Пизарков, Т. Чадевиќ, Т. Лалевиќ, Б. Тунтев, А. Диамантис, Л. Андонов, Таљо Таљов, Л. Џавелов, Е. Стати, В. Димитров, Е. Кузманов, С. Георгиев, Г. Стефанов, Сандра Стефан, Алек Чадевиќ, В. Бошков, Г. Беделис, Евгенија Беделис, Ф. Петров. По 10 шилинзи: Г. Загров, Д. Којовски, В. Христов, А. Стати, Милан Георгиев. Сума од 1 фунта и 2 шилинга била собрана преку мали донации.

18. „ИЛИНДЕН“ ВО КРЕБС КРИК – Според „дописникот“ илинденската прослава во Кребс Крик започнала рано наутро, кога младите пристигнале во клубот за да ги подготват храната и пијалоците за тој ден. Во 12 часот, претседателот на огранокот, Ристо Димов, ја отворил манифестацијата и во својот говор ги поздравил В. Бошков, К. Валами и В. Велевиќ кои пристигнале од Сиднеј и, исто така, го објаснил значењето на „Илинден“. Други говорници биле В. Бошков, секретарот на Сојузот и К. Валами, благајникот. Валами објаснил за значењето на Сојузот и за улогата која ја има „Македонска искра“. Тој повикал да се собираат донации кои се објавени подолу. Многу подароци биле дадени за потребите на салата, имено 78 чаши од Ст. Милианков, дузина тањири од Кр. Пазов, Г. Рали и Тр. Ристиќ, дузина тањири и вилушки од Лазо Котрони и Г. Римпа, 2 дузини вилушки од Наум Павловиќ, дузина тањири од Сот. Коста, дузина вилушки од Митре Пачинов и Видан Павлевиќ, дузи-

на чаши и декантер од браќата Петров;Т. Ристиќ 5 галони пиво, Ст. Милианков и Мит. Пачинов, исто така, 5 галони пиво. За лотаријата Ристо Димов дал шише рум и 50 цигари, додека управата дала 4 кутии тутун. Прославата траела до 22:00 часот.

19. КРЕБС КРИК. Новиот напис известува дека огранокот ја исполнил својата квота и дека сите членови ја обновиле својата членарина за весникот. Нуме Апостолов 3/5/6 фунти, Никола Велевиќ 2/19/6 фунти, Лазо Котрони 2/10 фунти, Ристо Димов 2 фунти, Наум Павловиќ 2 фунти, Стојан Милианков 1/12 фунти, Доне Богов 1/4 фунти. По една фунта: Сотир Коста, Коста Чико, Блаже Кочев, Доне Пазов, Митре Печинов, Сотир Пазов, Мајк Џангалов, Крсто Петров, Георги Николов, Никола Христов. По 10 шилинзи: Трајко Ристиќ и Марко Воларовиќ. З. Цалев 2,5 фунти, С. Талевци 2 фунти, Х. Дигала 1/12 фунти, Х. Ванев 1 фунта. Написот завршува со упатената благодарност од В. Бошков и К. Валами до другарите од овој огранок кои очигледно сториле сè, на задоволство на официјалните гости од Сиднеј.

20. ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – Прилично неписмено објаснување од страна на уредниците на весникот, во кое се објаснуваат јазичните тешкотии и фактот дека печатарите се склони кон правење типографски грешки бидејќи тие не знаат македонски јазик. Грешката во минатиот број во врска со името на другарот Трајче Статев, сега е коригирана.

21. СВАДБА ВО СИДНЕЈ. Се известува дека свадбата, во Сиднеј, на Трајко Статев, член на „Весела Македонија“ со младата другарка Еленка (презимето не е наведено) се случила на 18 јуни. Се вели дека и двајцата потекнуваат од истото село Трново, Македонија.

22. ПРИСТИГНАА ОД СТАРИОТ КРАЈ. На 17 јуни, со авион: Синот на другарот Г. Талис (име и возраст не се наведени) и сопругата на другарот Вељо Султин (деталите, исто така, не се датени). Во првиот случај, двајцата се немале видено 22 години. „Толку долго отсуство“, заклучува весникот, „сигурно огорчува многу татковци, синови, мајки и сестри кои се наоѓаат во слична ситуација и мораат помалку или повеќе да страдаат“.

23. ШЕПРТОН. Ова е во форма на писмо од Л. Апостол, секретар на огранокот, кој ја информира „Искра“ дека огранокот ги одобрил датумите 25, 26 и 27 август за одржување на конференцијата на Соузот и испраќа ветување дека набрзо ќе ја испрати предвидената квота. Исто така, ги повикува другарите од другите ограноци да ги исполнат своите обврски.

24. ПОЕТСКО ДЕЛО ЗА МЛАДО ЛАЖЛИВО МОМЧЕ КОЕ ИЗВИКУВАЛО „ВОЛК“
25. ВЕНЧАНИ – Фотографија, а потоа текст: г. Стив К. Димирис и г-ца Афродити С. Филовска ја објавија својата венчавка на 16 април 1950 година. Господин Димирис во моментов живее во Перт, додека г-ца Филовска живее во Џералдтон.

Весникот му испраќа честитки на парот и на двете семејства.

26. МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕТЕТО. Од весникот „ПИРИНСКО ДЕЛО“.
27. КОЛКУ ДОСЕГА ЧИНИ МАРШАЛОВИОТ ПЛАН
28. ИМПЕРИЈАЛИСТИТЕ ГО ПРЕТВАРААТ ЕГИПЕТ ВО ВОЕНА БАЗА
29. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“. Танас Танасов, Мелбурн 1 фунта; Добар Македонец, Мелбурн 10 шилинзи; Б. Велиов, Ричмонд 1 фунта; Л. Јовелов, Сиднеј 1 фунта, М. Филипс, Вериевуд 6 шилинзи.

Стр. 4 (текст на англиски јазик)

30. СОЈУЗНА КАМПАЊА

| | Квоти | Исплатено |
|---|---|---|
| Аделаида | 15. 0. 0. фунти | |
| Мелбурн | 30. 0. 0. фунти | 45. 0. 0. фунти |
| Сиднеј | 25. 0. 0. фунти | 35. 2. 0. фунти |
| Менџимап | 10. 0. 0. фунти | 10. 0. 0. фунти |
| Џералдтон | 15. 0. 0. фунти | |
| Форбс | 10. 0. 0. фунти | |
| Перт | 30. 0. 0. фунти | 6. 7. 0. фунти |
| Кребс Крик | 15. 0. 0. фунти | 21. 7. 0. фунти |
| Квинбејан | 10. 0. 0. фунти | 10. 0. 0. фунти |
| Шепртон | 10. 0. 0. фунти | 10. 0. 0. фунти |
| Њукасл | 10. 0. 0. фунти | |
| Брејдвуд | 10. 0. 0. фунти | |
| Ричмонд | 5. 0. 0. фунти | 5. 0. 0. фунти |
| Бојуп Брук | 5. 0. 0. фунти | |

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

издание – септември, 1950 година

Стр. 1

1. РЕЗОЛУЦИЈА – Македонско-австралискиот народен сојуз ја одржа својата Трета конференција на 25, 26 и 27 август во Мелбурн, Викторија. „Претставниците на македонскиот народ од цела Австралија се

сретнаа“, се вели во резолуцијата, „во едно критично време кога воениот блок се обидува да започне трета светска војна против мирољубивите народи“.

Резолуцијата им пристапува на настаните кои се случиле во периодот од одржувањето на Втората конференција и утврдува дека иако постојат еден или два моќни настани за кои треба да се извести, исто така, постојат неколку недостатоци. 1. Неочекуваното предавство на Колишевски, Влахов, на чело со Тито кои го разделија словенското единство. 2. За привремениот пораз на Демократската армија (Грчките комунистички трупи) придонесе Титовото предавство, чиишто конзуларни агенти тука во Австралија се обидуваат да го нарушат единството на македонските имигранти. 3. Не беше посветено доволно внимание од страна на локалните ограноци меѓу нивните луѓе во однос на прашањето за исполнување на предвидените квоти, утврдени на Втората македонска конференција. Исто така, беше преземена недоволно силна акција во однос на организирањето на жените и на младите луѓе. Во иднина, се вели во резолуцијата, недостатоците би требало да се елиминираат веднаш штом ќе бидат воочени. Младите луѓе мора да бидат организирани преку спортот. Нашиот орган, „Македонска искра“, кој го исполнува уникатниот дух на нашиот народ ќе продолжи да биде учител и организатор. Националниот комитет презема обврска да изнајде начини и средства за печатење на весникот со кирилско писмо. „Македонска искра“ мора да се распространува пошироко преку ограноците, а ограноците мора да организираат кампањи весникот да биде доставен до секој Македонец. Конференцијата им честита на нивните другари од Кребс Крик кои се залагаат да изградат нивни сопствени простории. Тие, исто така, ѝ се заблагодаруваат на Привремената грчка влада за грижата за нивните мајки и бегалци од монархофашистичкиот терор во Егејска Македонија и во Грција. Учесниците на конференцијата упатија апел до македонскиот народ во оваа земја да дадат материјална помош за егејските Македонци, кои се по затворите или се бегалци. Тие, исто така, им честитаат на пиринските Македонци (на бугарска комунистичка територија) за нивната „социјалистичка повторна изградба“. Резолуцијата завршува со поздрави за „Интернационално братство“ меѓу МАНС, Сесловенскиот сојуз и за Југословенско-грчката соработка. Резолуцијата е потпишана од „Президиумот“: Џ. Панџари, Д. Трпко, Х. Дигала, Х. Алтин и В. Христов. Секретаријат: Л. Малко и Т. Лејков.

2. ТРЕТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЈУЗОТ – ГОЛЕМА КРИТИКА И САМОКРИТИКА ЗА ПРОГРЕСОТ НА СОЈУЗОТ – Во овој напис е направен обид повторно да се напише процедурата од погоре спомнатата конференција, но од позиција на известување. Читателите се информирани дека следниве делегати ги претставувале различните ограноци: од Мелбурн, Д. Трпков, Џ. Панџари, Х. Алтов, С. Стојчев. Од Шепртон: Л. Апостол. Од Сиднеј: В. Христов. Од Кребс Крик: Х. Дигала. Од Аделаида: Т. Лејков и од Брејдвуд: Г. Рачков. Делегати од Националниот комитет беа: Џ. Пизаров, В. Бошков и Л. Малко. Конференцијата, се вели во извештајот, беше прогласена за отворена од страна на Д. Трпков, потпретседател на Националниот комитет кој рекол дека оваа конференција се одржува во кризно време, кога светот е поделен на два блока, првиот кој се вооружува со цел да објави нова војна и да ги пороби другите народи и вториот блок – мирољубивиот – кој се бори против хушкачите на војната и се обидува да ги ослободи поробените народи.

Потоа „Президиумот“ беше избран во состав Пандил Митровски, член на Националниот комитет на Егејска Македонија[417], Д. Трпков, Џ. Панџари, Х. Алтов, Х. Дигала и В. Христов како членови. Следуваше извештајот на другарот Иван Пизаров. Во него тој посочи дека првите шест месеци од финансиската кампања во 1949 година покажале 75% успех. Потоа секретарот на Сојузот, Васил Бошков, го изнесе својот извештај (објавен на друго место), а по него истото го стори и Коста Валами, благајникот. Васил Христов од Контролната комисија појасни дека сметките на Сојузот биле проверувани на секои три месеци и дека извештајот на благајникот е сосема во ред. Оваа вест, продолжува написот, потоа беше дадена на „Македонска искра“ за публикување.

Потоа конференцијата дискутираше во однос на извештајот на Националниот комитет, за силните страни и за слабостите на Сојузот. Тука извештајот наведува дека „имаше силна критика и самокритика“, но дека „негативните критики кои беа изнесени од некои беа соодветно игнорирани од учесниците на конференцијата“. Написот не ја открива природата на овие „негативни критики“.

3. СЕСЛОВЕНСКИ СОЈУЗ – од името на Сесловенскиот сојуз, се вели во написот, Васил Христов, претседателот, ги пренесе поздравите на дру-

[417] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Пандил Митровски бил избран за претседател на Президиумот, а претходно бил член на Народноослободителниот фронт на Егејска Македонија. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Sep_1950_Vol_4_No_10_Page_1.jpg

гарите, „со апел сите организации да го чуваат словенското единство и да се приклучат во редовите на Сесловенскиот сојуз“.
4. ИЗБРАНИ ВО НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ: Претседател: Васил Бошков; Потпретседатели: Мик Велиовски и К. Ангелков; Секретар: Џ. Пизарков; Заменик секретар: Џ. Бошњаков; Благајник: Коста Валами. Членови на Националнииот комитет: Алек Диаманти, Ело Стати и Д. Коловски; Контролна комисија: Љубе Андон, В. Христов и К. Тарсијански; Претставници по држави: Н. Ј. В.[418] Х. Дигала, К. Мурџев и К. Кулеа. Викторија: С. Стојчев, Г. Мечкаров И Т. Петров. Јужна Австралија: В. Апостолов и Т. Лејков; Западна Австралија: И. Јованов, Џ. Грозовски и С. Чолаков; Младински претставници: Мелбурн: П. Дајков, Перт: Т. Велиовски; Претставничка на жените: Перт: Мита Миовска. Согласно со член 4, седиштето на Националниот комитет ќе биде во Сиднеј и оттука, согласно со член 6, членовите на раководството на Националниот комитет мора да живеат во истиот град. Членот 7 вели дека Националниот комитет е врховно телот на Сојузот.

Стр. 2
5. ИЗВЕШТАЈ НА БЛАГАЈНИКОТ К. ВАЛАМИ НА ТРЕТАТА КОНФЕРЕНЦИЈА – Валами не беше во можност да присуствува лично на оваа конференција, но го испрати својот напишан извештај, кој скратен од додатоците и мотивацискиот дел, ги содржи следниве основни поенти: кога тој, Валами, бил назначен за благајник на Втората конференција тој не бил свесен дека таа задача е толку тешка како што подоцна се покажала. На Втората конференција била донесена одлука „Македонска искра“ да биде печатена еднаш на две недели. Ова, тој навел, го побарува следниот буџет: тројца вработени со вкупни трошоци во висина од 25 фунти неделно или 100 фунти месечно; Цена на два броја – 80 фунти месечно; кирија итн. – 20 фунти месечно, што вкупно изнесува 200 фунти месечно. Дополнително, овој нов комитет наследи, од старото раководство, долг во висина од околу 500 фунти. За да се постигне оваа цел секој член, секој огранок мораше да работи вредно. Ова, за жал, не се случи. Огранокот во Перт, на пример, кој беше еден од најсилините, покажа забележлива слабост кога се организираше оваа кампања. Собраните средства од различните држави, од 1 април 1948 година, се следниве: Н. Ј. В. 1400 фунти; З. А.[419] 2679 фунти; Викторија

[418] Нов Јужен Велс.
[419] Западна Австралија.

611 фунти; Ј. А.[420] 338 фунти. 500 членови би можеле да донесат нови 1000 членови. 3000 Македонци од кои секој би донирал по 10 шилинзи би собрале сума од 1500 фунти која би можела да ја осигура позицијата на Сојузот. Валами предлага да бидат пронајдени 1000 Македонци по ограноците кои би донирале по 5 фунти, исплатени во рок од три месеци, со рата 8/4. Сугерирано е и намалување на трошоците за пиење пиво и пушење тутун.

6. УЧЕЊЕ АНГЛИСКИ ВО ПЕРТ – На Македонците кои сакаат да учат англиски јазик им е кажано да стапат во контакт со С. Бонакеј. Часовите ќе се одржуваат во клубот „Македонско единство", секој четврток навечер, меѓу 19:30 и 21:30 часот.

7. ГРИЖА ЗА ПРОГРЕСОТ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА" – Тука е наведено дека другарот Лазо Огненов кој бил во Мелбурн за да ја промовира продажбата на „Искра" искажал препораки да се направи следното: 1. Промена во кирилско писмо (руско)[421]; 2. Весникот да биде пишуван како што се зборува. Написот завршува со проповед за значењето на зборовите и што тие навистина значат и како секој мора да си го збогати својот вокабулар.

8. ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА – 1. Раководството на Националниот комитет да остане во Сиднеј, согласно со член 4; 2. Националниот комитет да организира кампањи во согласност со резолуциите кои се донесени на конференцијата; 3. Националниот комитет да ги посети сите ограноци; 4. Да има еден човек постојано вработен; 5. Конференцијата добила извештај од Болничкиот комитет; 6. Кампањата за помош за бегалците од Егејска Македонија да продолжи; 7. Националниот комитет да организира државни конференции кога тоа ќе биде неопходно; 8. Посебна акција да биде преземена од страна на Националниот комитет за да се елиминираат слабостите во Њукасл (природата на слабостите не е наведена тука) и да го реорганизира народот таму на цврста основа. Исто така, да се испеглаат разликите во Квинбејан; 9. Основната задача на ограноците и на Националниот комитет е да организираат младински и женски секции и доколку е можно музички и драмски секции; 10. За „Македонска искра" – да се стори сè што е во можност весникот да се печати со кирилско писмо; весникот мора

[420] Јужна Австралија.

[421] Ова е коментар на преведувачот за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст никаде не е наведено дека азбуката треба да биде руска. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Sep_1950_Vol_4_No_10_Page_2.jpg

да се користи поинтензивно од страна на ограноците; организаторите мора да пронајдат кој ќе го зголеми пласманот; 11. Кампањата за помош на Апелот од Стокхолм да се спроведе; 12. Новиот Устав на Сојузот да се испрати до сите ограноци; 13. Да се обрне внимание за местото на потекло на секој од членовите; 14. Ограноците да ја дистрибуираат литературата која ја поседуваат меѓу народот; 15. Доколку е можно, Националниот комитет да отпечати еден алманах за активностите и животот на нашите имигранти во Австралија, ова ќе биде сторено; 16. Се препорачува делегатите да бидат платени од страна на нивните ограноци и би требало да им се исплати не помалку од 6 фунти неделна плата (веројатно кога имаат задолженија); 17. Л. Малко и С. Сарбинов да бидат ослободени од нивните обврски до следната конференција; 18. Националниот комитет да испрати писмо до ООН во кое ќе побара да запре теророт во Егејска Македонија.

9. ТЕЛЕГРАФСКИ ПОЗДРАВИ ДО КОНФЕРЕНЦИЈАТА ОД „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА". Била испратена телеграма од огранокот во Сиднеј, „Весела Македонија" до учесниците на Конференцијата во која е наведено дека тие се сигурни дека ќе бидат донесени фундаментални одлуки за прогрес на Сојузот и за светски мир.

10. ОБРНЕТЕ ВНИМАНИЕ НА ОВАА „ИСКРА" – Читателите се повикани да му пристапат многу внимателно на овој број бидејќи тој содржи витални информации за тоа што се случувало на Третата конференција.

11. ФОНД И ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „ИСКРА"; Танас Танасов, Мелбурн, 1 фунта, С. Ќосев, Форбс, 3 фунти.

12. ПОКАНА ЗА ПИКНИК кој ќе биде организиран од страна на југословенскиот огранок „Зора". Датум 1 октомври. Локација Палм бич.

Стр. 3

13. ДЕБАТА ЗА ПИСМОТО ОД И ИЗВЕШТАЈ ЗА „БАЛКАН" ОД ЊУКАСЛ

Многу неповрзан и некоординиран напис кој се однесува на дисфункционалноста на огранокот во Њукасл „Балкан", од каде што на 12 март 1950 година било испратено писмо до централата во Сиднеј. Тука и таму се испечатени фрагменти од ова писмо со цел „Искра" да биде во можност да ги распарчи во целост аргументите. Ова се неколку делови од ова писмо кое содржи оставка и кое е напишано од секретарот на огранокот: „Одлучив да ве информирам дека јас на прво место го ставам интересот на моето семејство и на членовите на „Балкан", а потоа нашите задолженија кон вас." Оваа реченица предизвикува прекор кон авторот и неговите другари кои сакаат да го ставаат приватниот

интерес пред интересот за оние што се борат и умираат во Македонија. Вториот цитат од писмото е следниот: „Опасно е за Сојузот да се насочува кон политика и да дејствува политички денес“. Тука „Искра“ употребува мека шепа со одговорот дека „некои луѓе кога ќе слушнат за светската политика веднаш се плашат без да ги анализираат позитивните и негативните аспекти“. Потоа следува следниот цитат од писмото: „Ние го поддржуваме овој весник („Искра“) и веруваме во принципите на Сојузот и неговиот Устав“. „Претходно“, забележува „Искра“, во писмото се индицира дека „е опасно за Сојузот“, а сега ни кажува дека тие го поддржуваат весникот бидејќи тие веруваат во принципите и во Уставот на Сојузот. Понатаму пишуваат: „Ние не смееме да одиме против политиката на локалниот народ“, „што значи“, заклучува „Искра“, „дека ние би требало да немаме никакви политички права, дека ние би мораle да апстинираме од критикување на политиката против народот, дека ние не смееме да протестираме доколку таквата политика е дискриминаторска кон народот, што би значело дека ние не би имале никаква политичка слобода. Дали ова значи дека ние мораме да се потчиниме пред плановите кои предвидуваат нова катастрофална војна, како и пред лордовите кои сакаат да поробат други народи. Ние се бориме“, завршува „Искра“, „заедно со австралискиот народ за правата на нацијата против капиталистите кој сакаат да ги укинат“.

14. ДЕБАТА ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ТРЕТАТА КОНФЕРЕНЦИЈА – Под овој лажен наслов, овој напис продолжува да се осврнува на писмото и извештајот од Њукасл, во врска со одвојувањето од Сојузот, но овој пат од позиција на учесниците во текот на Третата конфереција. Тука, исто така, се цитиарни само делови, како на пример: „Балкан би сакал да го изкаже своето незадоволство со работата на Централниот комитет на Сојузот“. Доколку е ваков случајот, вели „Искра“, зошто оваа критика не беше препратена. Постои мислење дека некои имаат лична нетрпеливост против Л. Малко. Но доколку ова е точно, продолжува весникот, зошто тоа да не се каже отворено, наместо да се затскрива зад други луѓе. Ние сме убедени дека Л. Малко сака критика и самокритика. Продолжува весникот:„Вака се покажува опортунизмот во извештајот од Њукасл: „Сите ние одлучивме да ја изградиме нашата иднина и иднината на нашите семејства без да бидеме сомнителни за властите“. „Дали за овие луѓе постои сомнеж дека имаат извршено убиство или злосторство“, прашува „Искра“. „Значи“, продолжува „Искра“, „овие луѓе сакаат да ги изградат нивните животи и животите на нивните семејства, но тие

не се грижат за другите народи кои умираат од глад или се поробени". Уште еден дел е цитиран: „Постојат многу Македонци кои требаат и мораат да останат во контакт со југословенскиот конзулат затоа што нивните семејства се, сè уште, во Југославија". Тука „Искра" реплицира со негодување дека нивните „браќа и сестри од Егејска Македонија, исто така, имаат семејства кои се подложени на грчкиот монархофашистички терор и на американскиот империјализам".

Во написот се наведува дека писмото од Њукасл било испратено до некои од другите ограноци, но дека благодарение на будноста на некои од другарите тоа било запрено уште на самиот почеток.

15. ОДЛУКА ЗА ЊУКАСЛ – Делегатите на Третата конференција одлучија да го испратат другарот Кирил Мурџев во Њукасл со цел да ги собере лојалните сили по неодамнешното несогласување со претходните другари.

16. ЖАЛНА ВЕСТ за извесен Тасе Тасев (фотографија со напис) чијашто смрт се случила во Џералдтон на 6 јули. Тој оставил многу роднини во Западна Австралија и во Југославија.

Стр. 4 (текст на англиски јазик)

17. ВЕНЧАВКА (Фотографија и потоа текст во кој се вели дека г-ца Фанија Д. Динева и г. Иван Грозовски соопштиле за нивната венчавка на 18 јуни во Менџимап. Се вели дека „другарот Иван е еден од најактивните членови на огранокот „Слобода" во кој тој е и секретар. По повод нивната венчавка, тој донирал во фондот „Искра" сума во висина од 1 фунта и 12 шилинзи. Текстот завршува со честитки од страна на весникот и на локалниот огранок.

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 40-46, 72.

# 75

# Превод на декемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, февруари 1951 година

МАКЕДОНСКА ИСКРА, декември 1950 година

Бр. 1, стр. 3

ВО ИМЕТО НА НАРОДОТ НАПРЕД СО СОЈУЗНАТА КАМПАЊА

Се очекува ограноците да ги коригираат своите грешки што се однесуваат на нивната работа, додека Националниот комитет во својот домен ќе ги дискутира своите грешки и сугерира да бидат искажани одредени критики и самокритики со цел членовите и активистите да бидат свесни за грешките и да ги коригираат слабостите.

Националниот комитет и ограноците не се плашат од критики и од самокритики бидејќи тие се значајни за прогресот на нашиот народ. Не постои простор за хегемонија во нашата организација и тоа никогаш нема да се случи. Секој член треба да биде свесен дека интересите на организацијата се идентични со оние на нашиот народ.

Секој член мора да го чуе гласот на народот, мора да има разбирање за потребите и мора да помогне да се организира борбата за исполнување на тие задачи.

Заедно со националните интереси и интересите на Сојузот ние мораме да побараме солидарност и единство меѓу нашиот народ. Не постои простор за луѓе со две лица (хипокрити), луѓе кои повикуваат на шизма или луѓе кој не се согласуваат со програмата на Сојузот и неговиот статут, кои ја протресуваат вербата во народната дисциплина и имаат самостојни тенденции. Членови на Сојузот, вие морате да се борите за народни права, вие морате да ги исполните вашите обврски кои се однесуваат на националната кампања и вие морате да успеете во задачата за дистрибуција на весникот на нашиот Сојуз, „Македонска искра“.

Некои членови веројатно нема да сфатат дека демократијата во ограноците значи демократија под одредено директорување. Оттука, некои чекори мора да бидат преземени за да се отстранат таквите луѓе од нивните позиции во сојузните канцеларии и од активностите на Сојузот. Тие членови немаат разбирање за состојбата и за интересите на Сојузот. Таквите чекори треба да бидат преземени без двоумење би-

дејќи тие се за доброто на нашиот Сојуз. оние што немаат сфаќање за дисциплината на Сојузот не се во можност да ги исполнат задачите кои им се доделени од страна на Конгресот или од Централниот комитет. Оние што се спомнати погоре немаат чувство за организацијата и зборуваат и дејствуваат безобѕирно.

Тие, исто така, предизвикуваат недоразбирања и проблеми во ограноците, започнуваат неразумни говори и дискусии со целосно непочитување на критичната ситуација и неважноста на тие прашања.

Тие, исто така, одземаат многу од времето на другите членови, кои не се целосно подготвени, со изнесувањето на овие работи во кои нема идеологија. Членовите во таквите случаи мора да се осврнат на тие работи и да гласаат за нивните предлози и се очекува „мнозинството" да го изнесе своето мислење.

Таквите ултра-демократски идеи му прават многу штета на Сојузот, ги уништуваат организациите по државите, ги намалуваат издржливоста и боречкиот дух на Сојузот.

Продолжете со кампањата на националниот Сојуз, солидарноста значи единство.

Да живее светскиот мир.

<u>Бр. 2, стр. 3</u>

АПЕЛ ДО НАШИТЕ ИМИГРАНТИ

Националниот комитет апелира до своите ограноци, групи и читатели на „Македонска искра" во врска со очајната финансиска состојба.

Националниот комитет пред некое време започна кампања за зголемување на фондот на Сојузот, фиксни квоти за ограноците и групите согласно со бројот на нивните членови.

Овие квоти ги вклучуваат, исто така, големите поддржувачи на Сојузот, претплатниците, новите членови, рекламите, спортските активности итн.

Во однос на тие планови, акцијата требаше да биде исполнета од сите членови, но досега не слушнавме за ниту една акција која беше реализирана енергично за да се исполнат задачите на кампањата.

Важно е раководителите да ги организираат и мобилизираат силите за различните квоти, да им ги објаснат на нашите имигранти нивните обврски кон Сојузот и истовремено да бараат единство кое е најзначајно за нашиот народ и да се зголеми дистрибуцијата на нашиот воинствен весник „М. Искра" кој им служи на интересите на нашиот народ и се бори за слобода и траен мир.

Националниот комитет оттука апелира, и индивидуално и здружено, до сите членови на нашиот весник да земат учество во кампањата за директна помош на „М. Искра“ на која очајно ѝ е потребна вашата помош.

Ние сме сигурни дека сите Македонци, доколку се свесни за финансиската состојба, би сакале нашата светла искра да продолжи да свети во нашата народна борба и дека тие би биле горди на нивниот весник бидејќи тој е единствениот воинствен весник на нашите имигранти.

До активистите:

Активисти, многу е важно да се приклучите солидарно во активностите за да се исполни кампањата, како и да испраќате извештаи и резолуции до Националниот комитет бидејќи нашиот народ е заинтересиран да ги чита тие извештаи, особено по околиите.

Големи поддржувачи

Сиднеј – 9 донации објавени во минатиот број

Нови:

Л. АНДОНОВ

А. ДАМИАНТИ

Македонец (анонимен)......................................... Вкупен број на донатори: 12

Бр. 3, стр. 3

НАШИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ЏЕРАЛДТОН

По извештајот на Националниот комитет за финансиската состојба, нашите имигранти во Џералдтон започнаа енергична акција да ја поддржат кампањата и нашиот весник „М. Искра“. Македонците од Џералдтон дадоа пример за патриотизам на сите наши имигранти. Патриотите, исто така, ги испратија своите извештаи до Националниот комитет и до „М. Искра“:

„Како одговор на вашето писмо, ве известуваме дека ние веднаш испративме циркуларно писмо во кое информираме за финансиската состојба на Националниот комитет, циркуларно писмо испратено на 21 ноември 1950 година. Нашиот огранок веднаш свика состанок за сите членови и на состанокот беше прочитано писмото од Националниот комитет, како и писмото дека нашиот воинствен весник има финансиски проблеми; едногласно беше одлучено да се преземат неопходни чекори и да се помага сѐ додека нашиот весник „Македонска искра“ не биде во подобра финансиска состојба.

На состанокот, исто така, избравме ново раководство. Ова се нивните имиња: Д. К. ПОПОВ, претседател, Л. ПОПОВ, потпретседател, Л.

МАНОВ, секретар, Н. ФИЛИПС, благајник, П. МИЛИЧИН и Ј. РАЈКОВ, ревизори.

Весел пикник

На 26 ноември 1950 година ние организиравме пикник во Џералдтон кој беше добро посетен од страна на нашите имигранти и се покажа како многу забавен.

Некои интересни детали од пикникот

Овошје, слатки, цигари, вино итн. беа продавани. Благодарение на енергичната помош на следниве другари: С. ЧОЛАКОВ, Ј. СОТИРОВ, Г. ТАНАС од Фримантл, Ј. РАЈКОВ, Г. СЕКУЛОВ, К. ТАСЕВ, Т. ВАЛЧЕВ, П. ХЈУВИСОН, Т. РОНДОВ, С. ФИЛИОВСКИ, Б. ДАМОВСКИ и К. ПЕТРОВ. Неверојатно е како дејствуваат некои ентузијасти – Ј. Рајков продаваше пакет со неговото овошје, С. Чолаков го купи пакетот и потоа им го даде на нашите имигранти и дополнително донираше 20 шилинзи.

Н. ФИЛИПС, П. МИЛИЧИН и В. ШОЛДА се натпреваруваа за 6 шишиња пиво кои ги купи Н. Филипс, кој потоа донираше 3 дузини ножеви кои беа купени од страна на Т. Рондов за 25 шилинзи. Така го поминаа времето нашиот имигранти за време на веселиот пикник. Тоа не е сè, на овој начин се докажува дека ние можеме да се органзираме, да собереме средства – и да го подобриме нашиот начин на живот на овој континент. Трипати „ура“ за нашите луѓе во Џералдтон, вие ги носите македонските знамиња гордо и високо и ние искрено ви посакуваме да бидете пример за другите Македонци во Австралија.

<u>Бр. 4, стр. 3</u>

100 фунти од Мелбурн

1. Откако го прочитаа циркуларното писмо за финансиската состојба на нашиот весник „Македонска искра“, нашите раководители одлучија да донираат 100 фунти од средствата на огранокот за фондот „М. Искра“.

2. Нашиот огранок испраќа сугестија до другите ограноци да ја разгледаат оваа можност за да донираат за фондот на весникот.

3. Раководството на Македонскиот сојуз во Мелбурн испраќа честитки, посакува среќен Божиќ и Среќна нова година до сите ограноци на Сојузот во другите држави, како и до сите Македонци во Австралија.

4. Огранокот во Мелбурн ја одобрува акцијата на Националниот комитет во која се сугерира да се избере комисија која би била задолжена за печатење на весникот без официјални претставници, а самата да се базира врз доброволна работа.

Бр. 5, стр. 3

КАЛЕНДАР

Групата „Македонски сојуз“ од Мелбурн ги известува сите ограноци и групи на Македонскиот сојуз и сите имигранти следното: Календар – за Македонците[422] нема да биде готов пред Божиќ.

Ние многу внимателно ги разгледуваме сите нарачки и оние што сакаат да направат нови нарачки нека го сторат тоа до две недели по Божиќ.

С. САРБИНОВ, секретар на огранокот во Мелбурн

Бр. 6, стр. 3

НАЦИОНАЛНИ ГРУПИ ВО СОБИРАЊЕТО НА ПОТПИСИ НА АКТИВИСТИТЕ (За петицијата за мир)

Националните групи во Сиднеј покажаа зголемување на бројот на потписи за Мировниот апел од Стокхолм.

Ова се бројките од различните национални групи:

Грци......................190
Југословени.........158
Италијанци...........102
Кинези.....................71
Македонци.............34

Бр. 7, стр. 3

ОДРЖАН ПИКНИК ВО МОНА ВЕЈЛ

На 26 декември, групата „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА“ заедно со нашите имигранти од Мона Вејл одржаа успешен пикник. Уште во 11:00 часот нашите луѓе започнаа да се движат кон Мона Вејл, нивната цел каде што беше предвидено да се одржи пикникот и конечно, околу 100 луѓе од Сиднеј и од Мона Вејл се собраа. На пладне се концентрираа кон јадењето кое си го донесоа од своите домови и 18 галони пиво беа послужени. По ручекот сите уживаа во македонски ора и песни. Група млади Македонки од Мона Вејл, според старата традиција, пееја македонски песни, партизански песни и македонски боречки песни кои би го допреле секој македонски патриот. Потоа следуваа игри за старите и за младите, скокање, гимнастика и куглање. Во трискок победи Сиднеј, прво и второ место, а третото место го освои Мона Вејл. Во трката на 100 метри првото и второто место го освои Мона Вејл, трето место за

[422] Погрешен превод за потребите за Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст стои „Календарот Македонија“: Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Dec_1950_Vol_4_No_12_Page_3.jpg

Сиднеј. Во фудбалскиот натпревар победи тимот од Мона Вејл со резултат 2:0. Така помина во целост веселиот ден и сите наши имигранти и пријатели се вратија во своите домови со добро расположение.

Од името на нашите луѓе би сакал да нагласам дека ние сметаме дека не треба да се организираме само за забава, туку и да имаме разбирање за нашиот народ.[423]

За организаторите на пикникот:
АЛЕКС ГЛАМОВ
ЏОРЏ БЕДЕЛИС
ТРАЈЧЕ СТАТОВ

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 60-62.

[423] Погрешен превод за потребите за Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст стои следново: „Многу од нашите сонародници велат дека ние треба да имаме почесто такви веселби и само тогаш ќе имаме разбирање и милост со нашиот народ“. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Dec_1950_Vol_4_No_12_Page_3.jpg

# 76

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директоротот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на октомврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 20 февруари 1951 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

/ПХ

Н. 15300/35

Телефони

БВ 2147

БВ 2148

БВ 2149

БЛ 1556

Фах 4269

Истражна служба на Комонвелтот

6 спрат, деловна зграда Меркантил

117 улица „Пит“

Сиднеј

ТАЈНО

20 февруари 1951 година

До Директорот,

А. С. И. О.

Фах 4425, Г. П. О.

СИДНЕЈ.

Ви препраќам копија од преводот на „Македонска искра“ со датум од октомври 1950 година.

Ф. Г. ГАЛЕГАН

заменик-директор

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“

октомври, 1950 година

Стр. 1

Бр. 1. БОРБАТА ЗА МИР ГЛАВНА ЗАДАЧА НА СЕКОЈ ДЕМОКРАТ ВО СВЕТОТ – Овој напис е напишан во стил на декларација под која е потписот на Националниот комитет на Македонскиот Сојуз и се обраќа до „Нашите македонски сонародници во Австралија“. Започнува на следниот начин: „И додека раните од Втората светска војна, сè уште, не се

целосно зараснати и солзите на мајките и на вдовиците, сè уште, не се исушени, опасноста од нова, многу пострашна војна ги затемнува животите и иднината на австралискиот народ, на словенските народи и на сите други мирољубиви нации и раси“.

„Не поминува ниту еден ден“, продолжува манифестот, „без радијата и весниците да трубат или да зборуваат за нова војна. Ниту една недела не поминува без некој милитарист, дипломат или политичар да пропагира дека уште една војна е неизбежна. Но овие луѓе не сакаат војна. Тие не сакаат да бидат втурнати во самоуништувачка – поужасна и поразорна војна од последната.“

Написот продолжува со тврдењето дека ова е особено точно за словенските и за другите мирољубиви народи, предводени од Советскиот Сојуз кој даде најголеми жртви во последната војна и дека ниту австралиската нација не посакува уште една војна. Како поддршка на овој аргумент, написот се осврнува на пристигнувањето во оваа земја на таканаречениот Мировен конгрес на Хјулит Џонсон, кој е опишан како „архиепископ“. Потоа аргументите се насочуваат кон линиите дека целиот свет знае дека Советскиот Сојуз поседува атомска бомба и дека секој свесен човек сфаќа дека атомска војна би значела самоубиство на човештвото. Но и покрај ова, се вели во декларацијата, воената хистерија не се намалува, како и дека подготовките и провокациите за нова војна добиваат на интензитет. Уште еден аргумент е дека Конгресот во Вашингтон гласа за нови воени кредити секоја недела и дека хушкачите на војната и воените профитери прават сè што можат за да ја забрзаат, на тој начин да направат профит доколку дојде до нова војна, а уништувањето на милиони луѓе за нив не би значело ништо. Така, аргументира Националниот македонски комитет, позицијата е таква што единствено моќно мировно движење би можело да ги спречи хушкачите на војната и одговорноста на австралискиот народ, на македонските имигранти и на другите мирољубиви народи е јасна. Тоа е да започне борба за мир и да гласа против подготовките за нова војна кои се случуваат.

2. 3.678 000 ЈАПОНСКИ МЛАДИНЦИ ОРГАНИЗИРАНИ ЗА МИР

3. ОМРАЗАТА НА ГРЧКИОТ НАРОД КОН АМЕРИКАНЦИТЕ РАСТЕ

4. РЕВОЛУЦИОНЕРНИ СЛОГАНИ НА БЕЛГРАДСКИТЕ СКАЛИ

5. ВО ИМЕТО НА ЦРКВАТА – Во воведниот дел на овој напис „Македонска искра“ објаснува дека од Америка пристигнал извесен „владика“ под името Андреј Велички којсе самопрогласил за поглавар на Бугарската источна црква за Северна и Јужна Америка. Весникот смета дека

има обврска да го разоткрие, затоа што „непризнаен владика нема право да дојде тука со цел да именува свештеници". Наведувајќи дека се случила средба на другарите по ова прашање, „Искра" ја објавува неизбежната резолуција која била донесена на комунистичкото братство и на која се наоѓаат потписите на Џ. Филипов, С. Сарбинов и А. Раковитис. Според резолуцијата, тоа се случило единствено поради тројца-четворица луѓе од Мелбурн кои го „оркестрирале" пристигнувањето на владиката во оваа земја, без притоа македонската колонија во Мелбурн воопшто да знае нешто во врска со тоа. На читателите им се укажува дека другарите немаат ништо против црквата како таква, но дека тие нема да признаат самопрогласен владика кој не бил хиротонисан од соодветните органи кои, во овој случај, се во Бугарската православна црква, во Софија. Резолуцијата потоа повторно се осврнува на фактот дека имигрантите ниту биле консултирани, ниту повикани на таа конференција за да може „оваа работа да биде соодветно и искрено расчистена". Потоа резолуцијата фрла кал преку тврдењето дека весникот од Детроит „Народна волја"[424] во неговиот број од јули 1949 година објави некои факти за владиката Андреј Велички. Таму е наведено дека владиката, со парите кои ги собрал во Америка, купил зграда за црквата. Ова, продолжуваат обвинувањата, беше направено на негово име, со објаснување дека зградата би му припаднала на народот по неговата смрт, како и дека ниту еден член на комунистичката партија не бил согласен со тоа. Уште едно несогласување е следното: „Како што македонските имигранти во Мелбурн се свесни дека сево ова што е наведено во овој напис од македонскиот весник во Детроит е точно, т. е. дека владиката отворено ги благословуваше бугарскиот цар Борис, Хитлер и Мусолини".

Стр. 2

6. ИЗВЕШТАЈ ДО КОНФЕРЕНЦИЈАТА ОД В. БОШКОВ – Ова во суштина е обраќање до делегатите на Третата македонска конференција од страна на В. Бошков, кој ги поздравува сите во името на Националниот комитет и вели дека оваа конференција е најзначајната од сите одржани по двете војни, бидејќи мора да донесе не само нов Устав за Сојузот, туку и да одлучи за иднината на „Македонска искра", која е во критична состојба. Авторот апелира до делегатите да сторат сè што е во нивна моќ, наведувајќи примери од Канада и од Америка каде што на маке-

[424] Весникот „Народна волја" бил официјален орган на Македонскиот народен сојуз во САД.

донските весници (на два од нив) им оди одлично. Тука нема изнесено конкретни предлози и обраќањето се состои од преувеличени генерализации. Тој ги повикува делегатите да ги стават нивните потписи на Мировната декларација, за забрана на атомската бомба, итн.
7. РЕЛИГИОЗНА СЛОБОДА ВО БУГАРИЈА
8. БАРАЊЕТО НА ДРУГАРОТ В. БОШКОВ = Се однесува на неговото барање да ја напушти неговата позиција во Сојузот, затоа што страда од чиреви во желудникот. Тој се обврзува да работи со сите расположливи сили за Сојузот.
9. ШУМАНОВИОТ ПЛАН – НОВА ШЕМА ВО ЦЕЛОСНАТА ДИПЛОМАТИЈА
10. 20от КОНГРЕС НА АМЕРИКАНСКИТЕ МАКЕДОНЦИ СО ОГРОМЕН УСПЕХ

Стр. 3
11. ОБРАЌАЊЕ НА ТРЕТАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЈУЗОТ И НЕЈЗИНИТЕ УСПЕШНИ ЗАКЛУЧОЦИ – 1. Обраќање од Кребс Крик. Другарите од Кребс Крик испраќаат пофалби со следното: „Нашите имигранти од почетокот покажаа колку се длабоки нашите чуства на патриотизам за нашата земја. Ние покажавме дека вистински сме ги сфатиле директивите кои беа донесени на Втората конференција“. Фактот што овој огранок, „Слобода“, успеа да изгради сопствена сала е соодветно акцентиран тука. Огранокот, исто така, предлага, како сугестија, во секој од ограноците да биде назначен по еден човек кој би се грижел за „Македонска искра“ и да дејствува како локален дописник. Фотографија на салата од Кребс Крик се наоѓа под написот.
12. „ВЕСЕЛА МАКЕДОНИЈА“ ОД СИДНЕЈ – Делегатот на огранокот, Васил Христов, известува дека огранокот се наоѓа во лоша позиција како резултат од тоа што ги изгубил просториите поради тоа што тие морале да се делат со југословенското братство. И покрај ова, вели делегатот, огранокот организирал две забави од февруари наваму – првата во грчкиот клуб „Атлас“ (за прославата на 1 мај) и втората на 4 август во Руският клуб, кога била исполнета квотата на огранокот. Секретарот на огранокот, Ј. Пизарков, потоа зборувал дека биле добиени анонимни писма во кои се критикува Сојузот. Овие писма, тој констатира со жалење, мора веднаш да бидат испратени до Националниот комитет кој би се погрижил да бидат испратени до нашите луѓе низ цела Австралија. „Единството на народот“, тој заклучува, „мора да биде чувано како зеница во окото“.

13. ПРИСТИГНАА ОД СТАРИОТ КРАЈ – На 18 август, вели „Искра“, пристигна семејството на другарот и добро познатиот член во Креб Крик, Насе Закас. Тој очигледно е многу активен член на огранокот и сега живее во Мулубимбу, со неговата сопруга Катерина, неговата ќерка Вана и неговата внука Ленка Закас. Фотографијата без текст на страна од овој напис сугерира дека тоа се портрети на семејството за кое станува збор.
14. „МАКЕДОНСКИ СОЈУЗ“ МЕЛБУРН – Делегатите од овој огранок беа Џ. Панџари, Х. Алтов, Стојче Стојчев и Д. Трпков. Овие луѓе ги уверија присутните на конференцијата дека од одржувањето на претходната конференција нивниот огранок направил напори да ги исполни своите обврски, во прв ред да го зголеми членството, да му помогне на фондот „Македонска искра“ и да организира бројни забави. Огранокот донирал за болничкиот фонд и, исто така, за „Македонска искра“. Оттаму се испратени и облеки до бегалците од Егејска Македонија во вредност од 45 фунти и го помогнале финансиски Болничкиот фонд. Неколку лица биле назначени да се грижат за интересите на „Искра“, како на пример обезбедување нови претплатници и обновување на претплатите.
15. БРЕЈДВУД - Делегатот од Брејдвуд, Џорџ Рачков, извести дека рекол „во неговиот краток, но жесток говор“ го кажал следното: „Ние, во Брејдвуд, сме подготвени да се бориме и да помогнеме за целосна демократија и долготраен мир. Ние имаме целосна доверба во принципите кои се поставени од нашиот Сојуз“.
16. ШЕПРТОН – Од оваа област, “Другарот Лазо Апостолов“, известува дека поради недостатиг од разбирање на општата национална политика, огранокот значително ослабнал во текот на последните 12 месеци и не биле организирани социјални средби, ниту, пак, биле направени обиди за организирање на луѓето. Постоеле очигледно и некои „реакционерски елементи“ кои сториле се за да ги збунат луѓето. Но дописникот е сигурен дека луѓето ја согледсле ситуацијата од соодветна перспектива и дека не постои причина да не се верува дека луѓето цврсто ќе се организираат.
17. ДРУГИ ОГРАНОЦИ И ГРУПИ – Дополнителни извештаи од други ограноци (имињата не се наведени) беа изнесени на конференцијата. Беа искажани одредени критики за ограноците во Западна Австралија, Перт, Џералдтон и Менџимап, кои, очигледно, не испратиле свои делегати.
18. ИЗВЕШТАЈ ОД АДЕЛАИДА – Делегатот Т. Лејков од огранокот „Александар Велики“ известува дека членовите на овој огранок посветиле внимание на одлуките кои биле донесени на Втората конфереција и

собрале 95 фунти како помош за бегалците од Егејска Македонија и 100 фунти за „Искра“.

19. ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИТЕ НА СОЈУЗОТ ВО ИДНИНА – Тука е наведено дека по слушањето и читањето на сите извештаи и писма, била направена детална анализа за слабостите и успесите во периодот меѓу Втората и Третата конференција. Резултатите, како и обврските, кои треба да бидат преземени во иднина се објавени во овој број.

20. ПРЕГЛЕД НА УСТАВОТ И ЗА ИЗБОРОТ – „Искра“ ги информира своите читатели дека комисијата која имала задача да го проучи Уставот го сторила тоа. Таа донела неколку сугестии за дополнувања кои биле одобрени. Исто така, дека бил избран Национален комитет.

21. РЕЗОЛУЦИЈАТА – Комисијата ја презентираше својата резолуција (чијашто природа не е објавена) пред делегатите кои едногласно ја поддржаа. Според весникот конференцијата завршила со голем ентузијазам.

22. ФОНД И ПРЕТПЛАТИ ЗА „ИСКРА“ – Спиро Ќосев, Форбс, 3 фунти; Крист Стефанија, Н. Ј. В.[425], 1 фунта; Павле Патка, Н. Ј. В. 1 фунта; Петер Христу, Викторија, 10 шилинзи; Ангел Кочев, З. А.[426], 1 фунта; К. Пандов, Н. Ј. В., 1 фунта; Т. Бочкаров, Н. Ј. В. 1 фунта; Д. Андро; Н. Ј. В., 1,2 фунти; Ф. Рукас, Н. Ј. В. 1 фунта, Г. Спиров, Викторија, 0,12 фунти.

23. ПРОДАВНИЦА „ЛИБЕРТИ“, МАРИН ТЕРАС, ЏЕРАЛДТОН, З. А. – Читателите се информирани да ја користат оваа продавница за сите нивни потреби, која, како што се наведува, е лоцирана на главната улица во Џералдтон, Марин терас, центарот на македонската колонија. Името на сопственикот не е наведено. Фотографија на продавницата по текстот.

24. ЖАЛНА ВЕСТ – дадена од Џон Николас, од Бери, Ј. А.[427], во која известува за смртта на Анастасија Кристо Нику на 13 август во болницата во Мармера, која дошла во Австралија пред 11 години и живеела со нејзиниот син Д. Х. Нику.

25. ЖАЛНА ВЕСТ – дадена од Атанас Филев, во која известува за смртта на неговиот зет Георги Христов Лазаров, кој починал на 18 јули, на 52 годишна возраст, во болницата Сан-Винсан во Мелбурн.

Стр. 4 (текст на англиски јазик)

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 78-81.

---

[425] Нов Јужен Велс.
[426] Западна Австралија.
[427] Јужна Австралија.

# 77

# Допис од Галеган, заменик-директор на АСИО во Сиднеј до директорот на АСИО во Сиднеј во врска со превод на ноемврискиот број од 1950 година на „Македонска искра“, 19 март 1951 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Н. 15300/35

Телефони
БВ 2147
БВ 2148
БВ 2149
БЛ 1556
Фах 4269 /СБК

Истражна служба на Комонвелтот
6 спрат, деловна зграда Меркантил
117 улица „Пит“
Сиднеј

ДОВЕРЛИВО

19 март 1951 година

До Директорот,
А. С. И. О.
Фах 4425, Г. П. О.
СИДНЕЈ.

СТРАНСКИ ПЕЧАТ – „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука Ви препраќам копија од преводот на бројот 11 од ноември, 1950 година на погоре спомнатиот весник.

Ф. Г. ГАЛЕГАН
заменик-директор

---

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“
ноември, 1950 година

Стр. 1

1. СВЕТСКИ МИРОВЕН КОНГРЕС ВО ВАРШАВА – Поголемиот дел од овој напис е посветен на клеветите кон владата на Атли за нејзиното, според „Искра“, одбивање во последен миг да им дозволи на значајни

приврзаници на мирот, како на пример Еренбург[428], Шостакович[429] и Пикасо[430] да слетаат во Британија со цел да присутвуваат на прекинатата Мировна конференција во Шефилд. „Како резултат од ова срамно однесување", коментира „Искра", „конгресот беше одржан во Варшава со голем успех."

Последниот параграф на овој напис го насочува своето внимание кон австралиската делегација и напоменува дека визите за австралиските делегати во Варшава биле стопирани, но дека делегатите сепак најнормално заминале во Варшава. Се цитира еден од делегатите кој рекол дека тие патувале 12 000 милји за да присуствуваат на Конгресот и тоа и ќе го сторат, затоа што ја претставувале Австралија. Друг делегат г-ѓа Џеси Стрит, исто така, е цитирана дека изјавила: „Очигледно е дека британската влада е таа која го разделува мировното движење во светот и дека секој искрен човек сега може да види кој е за мир, а кој е за војна".
2. ДА ЖИВЕЕ ГОЛЕМАТА 33 ГОДИШНА ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА. „Искра" смета дека сите демократски и мирољубиви нации во целиот свет ќе му се приклучат на Советскиот Сојуз во прославата на „неговата голема 33та Октомвриска револуција". По краткиот и возвишен пристап за тоа што марксистичко-ленинистичката „наука" му го дала на светот, „на почетокот претставувана од самиот Ленин, а сега од „Големиот Сталин", „Искра" смета дека југословенските народи многу брзо ќе се ослободат од Тито и од Колишевски и ќе им се приклучат на своите словенски браќа, како на пример бугарскиот народ и слично.
3. МРАЗ И СТУД ВО КОРЕЈА – Само една единствена реченица во овој напис е посветена на погоре спомнатата информација дека „има мраз и студ во Кореја". Остатокот от текстот зборува за 40 000 добро организирани герилци зад американските линии и дека кинескиот народ „гледа на интервенцијата на американскиот империјализам на ист начин како што гледаше на јапонската интервенција". Потоа следува цитат којшто е изваден од заедничка декларација на сите „демократски партии во Кина" во кој се обвинуваат американските трупи за бомбардирање на кинески граѓани и уништување на кинеското земјоделство. Понатаму е цитиран Чу Ен Ла, „премиерот на 475 милиони Кинези", кој рекол: „Кинескиот народ не може да ја толерира странската агресија, ниту, пак, може да толерира неговите соседи да бидат брутално окупирани од империјалистите".

[428] Илија Еренбург, руски револуционер, писател и историчар.
[429] Дмитри Шостакович, руски композитор и пијанист.
[430] Пабло Пикасо, шпански сликар и скулптор.

4. КАКВА Е СОСТОЈБАТА ВО ИРАН
5. ГЕОРГИ ПИРИНСКИ ПОВТОРНО УАПСЕН
6. НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВА СЕ ВО ОПАСНОСТ ВЕЛИ ДР. Х. В. ЕВАТ, К. Ц. ПРЕД ВРХОВНИОТ СУД – „Искра“ дознава дека апелот против забраната на Австралиската комунистичка партија сега е силно поддржан од страна на моќните синдикати, како синдикатот на металските работници и синдикатот на водените работници итн. Др. Х. В. Еват е спомнат како претставник на овие два синдиката и како што рекол, меѓу другото, доколку овој предлог се претвори во закон, тој би станал закана за: „сите права и слободата на нацијата“. Исто така, е цитиран судијата Берн кој, во врска со случајот на Ф. В. Брнс рекол дека судењето било „проклето и сурово и дека тој не бил целосно задоволен од фактот што доказите доставени од полицијата биле недоволни“.

Стр. 2
СЕНАРОДНА КАМПАЊА НА СОЈУЗОТ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ НА НАРОДОТ (Од 1 октомври 1950 година до 30 јуни 1951 година, веднаш под текстот, се објавени бројките на појаснувачките белешки кои се наведени прво тука. Тоа се: 1. „Постојаните донации за Сојузот“, вели „Искра“, „се добро познати за нашиот народ, иако нивните имиња ќе бидат објавени во „Искра“. Оваа кампања (за собирање средства) му е доверена на благајникот на Националниот комитет, „другарот К. Валами“. Нови претплатници и реклами, „Искра“ ги известува своите читатели дека дистрибуцијата на весникот мора да биде двојно зголемена, дури и тројно. Лицата кои се назначени да се грижат за ова мора да го преземат секој чекор за да ја осигураат успешноста на кампањата. Документите за квотите за секој од клоновите кои ги испрати Националниот комитет не смеат да се чуваат во сефови, туку тие треба да се носат во џебовите на оние што се именувани. 3. НОВИ ЧЛЕНОВИ. „Секој член“, вели „Искра“ „мора да се обиде да приклучи најмалку уште едно лице. Членовите на Сојузот на овој начин мора да станат организатори.“ 4. ОБРАЗОВНО-ДРАМСКИ И КУЛТУРНИ ОБВРСКИ. Весникот смета дека македонскиот народ има своја сопствена култура и свои претстави. Тие претстави треба да бидат организирани за доброто на што е можно повеќе имигранти. Дебати и разговори за интересни прашања, исто така, треба да бидат организирани. 5. ВЕСЕЛИ НАСТАНИ. – Културните настани спомнати погоре би требало да бидат интензивирани, вели „Искра“, преку предавања и прикажување филмови. На овој начин, се наведува, предвидените квоти ќе бидат обезбедени преку

пикници итн. 6. СПОРТСКИ НАСТАНИ – Младите девојки и момчиња да бидат организирани во спортски групи, кои, на овој начин, ќе направат македонскиот народ да стане познат за австралискиот народ. 7. ФОНД „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – Кампањата да расте паралелно со прогресот кој ќе се случува во однос на добивање нови претплатници и реклами. 8. Кампањата за помош на бегалците од Егејска Македонија мора да биде интензивирана. Табелата која е објавена со овој напис е следната:

| ОГРАНОЦИ | Постојани донации | Нови претплатници | Реклами | Нови членства | Образовани и културни настани | Социјални настани | Спортски игри |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Аделаида | 50 | 30 | 5 | 15 | 3 | 5 | 2 |
| Брејдвуд | 20 | 5 | 2 | 5 | 1 | 2 | / |
| Кребс Крик | 50 | 30 | 5 | 20 | 5 | 5 | 2 |
| Форбс | 10 | 5 | 3 | 3 | 1 | 2 | / |
| Џералдтон | 40 | 20 | 10 | 15 | 2 | 5 | 2 |
| Менџимап | 40 | 20 | 10 | 15 | 2 | 5 | 2 |
| Мелбурн | 100 | 175 | 30 | 100 | 10 | 15 | 5 |
| Њукасл | 20 | 10 | 15 | 10 | 2 | 3 | 1 |
| Перт | 100 | 125 | 30 | 75 | 5 | 10 | 10 |
| Квинбејан | 10 | 10 | 5 | 10 | 1 | 2 | 1 |
| Ричмонд | 5 | 10 | 3 | 5 | 1 | 1 | / |
| Шепртон | 5 | 10 | 2 | 10 | 1 | 2 | / |
| Сиднеј | 50 | 50 | 30 | 25 | 5 | 5 | 2 |
| ГРУПИ | | | | | | | |
| Бичвуд | 2 | 5 | 2 | | | | |
| Бери | 2 | 3 | 2 | | | | |
| Бојупбрук | 1 | 8 | 1 | | | | |
| Бриџтаун | 1 | 4 | 2 | | | | |
| Броукен Хил | 1 | 3 | 1 | | | | |
| Калгорли | 3 | 5 | 3 | | | | |
| Порт Кембла | 2 | 5 | 2 | | | | |
| Вериби | 1 | 3 | 1 | | | | |
| Сејл | 2 | 5 | 1 | | | | |

Постојат уште три колони, имено: 1. Фонд „Македонска искра“, 2. Помош за бегалците од Егејска Македонија; 3. Вкупно. Во овие колони не се наведени бројки.

8. ВЕЧЕРИНКА И СОСТАНОК НА ОГРАНОКОТ ВО КРЕБС КРИК – Секретарот на овој огранок, Н. Караџев, пишува дека огранокот организирал вечеринка и состанок на 1 октомври, „не само за повторно да се

сретнеме и да пиеме[431], туку, исто така, и да го слушнеме извештајот на другарот К. Дигала, благајникот, кој учествуваше на Третата конференција на Сојузот, во Мелбурн, како претставник на Кребс Крик. Беа присутни 80 луѓе, додека говорници беа поранешниот претстедател на огранокот П. Димов (не се наведени говорите), секретарот Н. Караџев и, се разбира, Дигала. За што зборувале не е наведено. Другарот Велио Султин, чијашто сопруга пристигнала од стариот крај пред две недели кажа дека тој ќе ги покрие трошоците од вечерта. Тоа вкупно изнесуваше 44.7 фунти. Исто така, беше организирано собирање средства за некои други трошоци, па на овој начин се собраа 21.3 фунти. Беше органзиирана лотарија. Ристо Јанев и Насе Закас донираа чаши и тутун. За фондот „Искра" М. Печинов даде 1 фунта, а членовите на бендот по 2 фунти. К. Пазов подари еден плакар за клубот, додека Насе Закас даде 8 и 12 шилинзи како претплата за весникот.

9. СОЦИЈАЛНА СРЕДБА – Секретарот на огранокот во Кребс Крик, Н. Караџев, пишува повторно за уште една социјална средба кој се случила во Кребс Крик на 22 октомври. Ова било организирано од страна на Б. Кочов, Ц. Коста и Насе Закас со цел да се прослави пристигнувањето на нивните семејства во Австралија. Потоа следува опис на пивото кое било испиено (45 галони) и храната која била изедена. Имињата на девојките кои пристигнале од Македонија се следниве: Стојна Костова, Анастасија Кочова, Вана Закас и Зоја Котронова. Секретарот иницирал собирање средства за фондот „Искра" и биле собрани 11 фунти. Ова се имињата на донаторите: Никола Велевиќ 1,5 фунти; Лазо Котрони 1 фунта; Сотир Коста 14 шилинзи; Н. Закас 10 шилинзи; Б. Кочов 10 шилинзи; Џангалов 10 шилинзи; Н. Велевиќ 10 шилинзи; Ф. Стамко 5 шилинзи; Н. Павловиќ 5 шилинзи; К. Пазов 5 шилинзи; П. Прајс 5 шилинзи; г-ѓа Пазова 5 шилинзи; Кр. Петров 5 шилинзи; А. Гешев 4 шилинзи; Д. Пазов 4 шилинзи; К. Чико 4 шилинзи; П. Адја 3 шилинзи; С. Пазов 2 шилинзи; Ст. Милианков 2 шилинзи; г-ѓа Миленкова 2 шилинзи; А. Зајкос 2 шилинзи; Х. Павловиќ 2 шилинзи; Г. Римпас 2 шилинзи; Ј. Танас 2 шилинзи; А. Талев 2/2 шилинзи; Г. Рали 2 шилинзи; Ј. Печинов 2 шилинзи; Б. Апостолов 2 шилинзи; Ј. Тасевиќ 2 шилинзи; г-ѓа Т. Павловиќ 2 шилинзи; г-ѓа Б. Гелес 2 шилинзи; г-ѓа Ј. Танас 2 шилинзи; г-ѓа П Аџиева 1 шилинг; П. Цапарецо од Бризбејн 1 фунта; бендот 1 фунта; Венгел Илков од Бризбејн даде 1 фунта за салата.

[431] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст стои: „да се видиме и да се развеселиме". Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Nov_1950_Vol_4_No_11_Page_2.jpg

10. ПОСТОЈАНИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ НА СОЈУЗОТ ПО 5 ФУНТИ СЕКОЈ – Согласно со донесената одлука на Третата конференција на Сојузот, „Искра“ ги објавува имињата на постојаните поддржувачи (или донатори) кои дале по 5 фунти. Очигледно сите се од обласа Сиднеј: Коста Валами, Васил Бошков, Џим Бонакеј, Доне Којовски, Џон Пизарков, Мајкл Велиовски, Васил Христов, В. Маноловски, Л. Малков. Сите активни членови и сонародници се повикуваат „да преземат енергична акција и да ги мобилизираат масите за да може да се исполнат предвидените квоти за доброто на нашиот воинствен весник „Македонска искра“ кој се бори за мир.
11. НАШИТЕ АКТИВНИ ЧЛЕНОВИ – „Искра“ констатира дека групата во Брејдвуд е една од првите кои презеле итна акција во финансиската кампања на Сојузот. Се цитира „другарот Г. Рачков“, секретар на групата, кој, испраќајќи 7,12 фунти на Националниот комитет, дава пофалба на групата за покажаниот интерес во кампањата. Тој известува за приклучување нов член; имено, се работи за новопристигнатиот Х. Филипов, кој донирал 3 фунти за кампањата и 12 шилинзи за претплата на „Искра“.
12. ПРИСТИГНАА ОД СТАРИОТ КРАЈ - Н. Караџев, секретарот на огранокот „слобода“ од Кребс Крик, го забележува пристигнувањето на следниве: сопругата Ивана и ќерката Зоја на другарот В. Котрони. Сопругата Елена и ќерката Стојна на другарот Сотир Коста. Сопругата (името не е наведено) на другарот Вељо Султин; синот на другарот Ване Ушлинов (името не е наведено). Тие сите живеат во Мулумбимбу и според „Искра“ се членови на „Слобода“.
13. ТУТУН ВО МЕНЏИМАП – Се наведува дека овогодинешните тутунски посеви се многу добри, но дека цената на откуп била 4/11. Имајќи го предвид одличниот квалитет, „Искра“ смета дека цената требало да се качи на 5/9. Има многу Македонци во Менџимап, објаснува весникот, кои се занимаваат со одгледување тутун и, исто така, се членови на Македонскиот сојуз.
14. ПОКАНА ЗА СВАДБА – Ова е наменето за целата „македонска имиграција“ од страна на Илија Стати, татко на Пандил Стати, чијашто свадба со Фанија Велиова ќе се случи на 3 декември.
15. РАЗНИ МАКЕДОНСКИ ГРАМОФОНСКИ ПЛОЧИ – оние што се заинтересирани да му пишат на водачот на бендот Илија Калков на 2202 С. Хана Ст., Форт Вејн, Индијана, САД. За повеќе детали, оние штошто се заинтересирани, би можеле да му пишат на С. Калков на 12 улица „Ранелаг“, Аделаида, Ј. А.[432]

[432] Јужна Австралија.

16. ЖАЛНА ВЕСТ – Ова е објавено од Спиро Качандолов, од Аделаида, кој соопштува за смртта на неговата сопруга во Полска. Интересниот дел од оваа жална вест е дека починатата морала „да избега од нејзиното родно село во Македонија поради грчкиот монархофашистички терор и дека како резултат од тиранијата под која живеела таму, таа се разболела и починала три месеци подоцна во Полска".

Стр. 3
17. ВАЖНО – Извршниот комитет на огранокот во Мелбурн, „Македонски сојуз", соопштува дека изготвиле и испечатиле македонски календар кој може да се нарача од нив. Во него има карта на Македонија и фотографии од четворица македонски револуционери, имено Гоце Делчев, Дамјан Груев, Јане Сандански и Ѓорче Петров. Цената на овој календар е 6/6, плус 3 пени поштенски трошоци. Заинтересираните се повикуваат да му напишат на секретарот С. Сарбинов на 90 улица „Форд", Ивану, Мелбурн.
18. РОЛЈАТА НА САМОПРОГЛАСЕНИОТ ВЛАДИКА – Овој напис е потпишан од страна на „Вистинскиот македонски национален православен комитет" и започнува со тврдењето „кога еден од нашите сонародници дозна дека некаков си „владика" од Канада, од Бугарската православна црква, пристигнал во Австралија, тој веднаш ѝ се обратил на бугарската легација во Лондон од каде што добил одговор дека „тие не слушнале дека постои владика на Бугарската православна црква кој живее во Канада или во САД".[433] Потоа во одговорот е наведено дека доколку е потребно, може да се стапи во контакт со Бугарскиот синод во Софија по ова прашање, чијашто адреса е „Свет Синод, Софија, Бугарија". Написот потоа продолжува со тврдењето дека секоја Македонец слушнал за пристигнувањето во оваа земја на „владиката" Андреј Велички и дека тој речиси ја обиколил цела Австралија, а сега се наоѓа во Сиднеј. Написот продолжува со потсмев дека овој владика именувал свештеник во Мелбурн и дека сега се обидува да именува свештеници и на другите места. Во Квинбејан тој бил прашан од страна на еден имигрант „како пристигнал во Австралија", на што владиката одговорил „дека го испратил еден богат човек". Како е можно, прашува написот, „овие богати луѓе да не ги прашале македонските имигранти претходно дали тие имаат потреба од свештеници или владици, и наместо тоа да го спакуваат владиката во авион... и да го испратат да именува свештени-

[433] Андреј Велички бил испратен од страна на Бугарската православна црква во 1938 година да раководи со Американската епархија.

ци“. „Кој е овој богат човек?“, прашува понатаму написот. „Некој од Вол Стрит или некој можеби од „Македонска трибуна“? „Ние од претходно знаевме дека ова се прави зад грбот на нашиот народ“, стои во написот, „и токму заради тоа ние не ги признаваме овие самопрогласени владици и свештеници“. Написот потоа продолжува дека имигрантите биле вознемирени од изјавите дека согласно со австралиските закони би можеле да бидат депортирани во синџири, но текстот продолжува „нашите луѓе не направија ништо лошо – тие си работат на своите фарми, си го одгледуваат својот тутун, својот зеленчук и не му наштетуваат на австралискиот народ. Нашите луѓе нема од што да се плашат тука. Владиката, продолжува написот, „вели дека тој нема никаква врска со политиката“, па ако тоа е точно, зошто ги плаши нашите луѓе со депортација? Поради ова ние ги повикуваме нашите луѓе во Австралија да не им веруваат на овие лажговци кои сакаат да ве експлоатираат. Обединете се и останете лојални на вистинскиот пат за слободна Македонија и за светски МИР. Потпиштете ја Декларацијата за мир од Стокхолм за забрана на атомската бомба и другите уништувачки оружја.

19. ПОЧИНА ЏОРЏ БЕРНАРД ШО

20. БРИТАНСКА ПОМОШ ЗА ЈУГОСЛАВИЈА

21. ЧАСОВИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА НОВОПРИСТИГНАТИТЕ ВО ПЕРТ – Огранокот во Перт, „Македонско единство“ организира низа часови по англиски јазик кои се одржуваат секој четврток навечер меѓу 19:00 и 21:00 часот во самиот клуб. оние што се заинтересирани се повикуваат да стапат во контакт со С. Бонакеј.

22. МАКЕДОНЦИ ПРИСТИГНАА СО АВИОН ОД ЈУГОСЛАВИЈА – „Искра“ известува дека на 31 октомври, 58 егејски Македонци, пристигнале од Југославија. „Нашите сонародници“, вели „Искра“, „беа пречекани од страна на претседателот и секретарот на нашиот Сојуз, В. Бошков и Иван Пизарков, како и од други бројни Македонци. Пристигнаа репортери од Сиднеј кои беа подготвени да ги фотографираат нашите луѓе и да ги стават во нивните извештаи како што им одговара, но во ова беа спречени од страна на нашиот претседател и нашиот секретар. И покрај ова, некои фотографии беа направени, иако на репортерите им беше кажано дека ова не се Грци, туку нашите браќа и сестри кои беа приморани од страна на грчките монархофашисти да ја напуштат својата родна земја и да заминат во Југославија. „Следниот ден“, продолжува „Искра“, „ние видовме во печатот дека тие се именувани како Грци“. Весникот потоа продолжува дека некои од жените кои пристиг-

нале биле прашани за условите во Југославија, на што одговориле дека таму постои голем глад и дека и оваа година храната била редуцирана за 20%. Кога некои бегалци дознале дека Тито има намера да врати 2 000 деца бегалци во Грција, тие веднаш започнале штрајк со глад кој траел седум дена и наместо тоа Тито ги испратил децата во Чехословачка. Весникот, исто така, спомнува дека меѓу оние што пристигнале со овој авион, бил и еден старец Георги Кулеов, „стар борец“, вели „Искра“, „за правата на Македонците уште од Илинденското востание“. Тој рекол дека „страдањата на македонскиот народ под монархофашистичкиот терор не може да се опишат“. „Искра“ го цитира овој човек како заклучок: „Јас сум многу стари можеби немам уште многу години живот, но вие младите мора да ја продолжите борбата за мир и за правата на нашиот долго напатен народ“.
23. КИРИЛСКО ПИСМО – Азбуката, во кирилски букви (која се користи од Србите, Русите и Бугарите) е испечатена тука.
24. МИРОТ ЗНАЧИ МНОГУ – „Дали ја потпишавте петицијата за Мир?“ прашува „Искра“. Доколку не, сторете го тоа веднаш за да можеме да го спасиме светот од уништување. Кажете им на вашите пријатели да го сторат истото за нашите деца да не бидат изложени на атомски бомби и на други уништувачки оружја.

Стр. 4
25. ВЕНЧАНИ ВО АДЕЛАИДА – Фотографија. Во текстот е наведено дека „г. Коста А. Попов и г-ца Конта З. Цуцули“ соопштуваат за нивната венчавка од 25 јуни.
26. ВЕНЧАНИ ВО МЕНЏИМАП - Фотографија, а потоа текст во кој е наведено дека „другарот Луис Руменов и дугарката Ката Кирина“ се венчале на 4 јуни.
27. СВАДБА ВО СОФИЈА, БУГАРИЈА - Фотографија, а потоа текст: Венчани на 20 август, Н. Орлов и Емилија (презимето не е наведено) во Софија. Соопштението е испратено од страна на братот на Орлов, Д. Орлов, од Ванеру, Западна Австралија.

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 82-87.

# 78

# Превод на мартовскиот број на „Македонска искра“, април 1951 година

МАКЕДОНСКА ИСКРА, март 1951 година

1. СТАЛИН ПОВИКУВА НА МИР И ИЗЈАВУВА ДЕКА ВОЈНАТА НЕ Е НЕИЗБЕЖНА

Пред неколку денови големиот водач на работничката класа Јозеф Сталин изјави дека војната не е неизбежна. Во неговото интервју Сталин рече дека СССР ќе продолжи со борбата за мир и против војна.

Весникот го цитира нападот на Сталин врз г. Атли и го истакнува фактот за руската обнова и дека е надвор од секаква дилема дали Русија се залага за мир бидејќи ниту една држава не е во можност да има бројни воени сили и истовремено да спроведува обнова.

Американскиот блок вели „НЕ“ на сугестијата за мир на Сталин. „Сандеј сан“ ги објави мислењата на двете страни, и оној на Советска Русија и оној на капиталистичкиот свет, како наслови – Сталин вели – војната не е неизбежна, а Ахесон вели: „Бројни трупи во Европа“. На овој начин му станува јасно на кој било австралиски патриот или на кој било друг да направи анализа кој е за војна, а кој за мир. „ОДБРАНЕТЕ ГО МИРОТ“ апелира весникот. ООН мора да бидат спасени од американската доминација. Војната во Кореја мора да запре, Народна Република Кина да биде вклучена во ООН, да запре повторното вооружување на германските и на јапонските фашисти, прифаќање на советските сугестии за демилитаризација, забрана за атомската бомба и прифаќање коегзистенција во мир, - тврди „М. Искра“.

2. Поема – „ЗА ШТО ЗБОРУВАШ“, апел за мир од БЛЕНИКА.

3. РЕКОЛТИТЕ ВО КИНА ГО ПОБЕДИЈА ГЛАДОТ

Црвена Кина соопшти дека проблемот со гладот е решен.

4. БУГАРИЈА И КИНА ЌЕ РАЗМЕНАТ СТУДЕНТИ

Пет бугарски студенти, според извештајот од Софија, се очекува да студираат на универзитетите во Црвена Кина.

5. КОНЦЕНТРАЦИОНИТЕ ЛОГОРИ ЗАТВОРЕНИ ВО ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА – ЌЕ СЕ ГРАДИ ИРИГАЦИСКИ КАНАЛ „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“[434]

[434] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Во оригиналниот текст во „Македонска искра“ насловот е следниов: „Во Вардарска Македонија затвори, бесилки и концлогори, во Пиринскиот крај ќе се гради иригациски канал „Георги Димитров“. Види:
https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1951_Vol_5_No_2_Page_1.jpg

Додека титовите слуги на англо-американските империјалисти во Југославија отвораат нови концентрациони логори за југословенските патриоти, народната влада на Република Бугарија прави сè што е можно за развој на пиринскиот крај. Електро централи, канали, градинки итн. се градат постојано; еден од најголемите проекти е оној за изградба на иригациски канал на пиринска Бистрица. Потоа весникот изнесува технички детали за проектот, како и за други планирани изградби, како на пример големата електрична централа „Петрово". Весникот заклучува дека секој може да види што се случува во Титова Југославија, а што се случува во Пиринска Македонија, земја со социјалистичка власт.

Потпишано од Е. Р.

6. СССР ПРОТИВ ПОВТОРНОТО ВООРУЖУВАЊЕ НА ГЕРМАНИЈА

Москва (АП) – „М. ИСКРА" ивестува за руска протестна нота во врска со повторното вооружување на Германија кое ѝ е испратено од Британија и Франција. Нотата се однесува на наводното прекршување на договорите потпишани меѓу западните сили и ги обвинува за подготовка на напад врз земјите на народната демократија и врз СССР.

Нотата ги споредува Атлантскиот пакт со Хитлеровиот Антикоминтерна пакт потпишан од страна на германските, италијанските и јапонските фашисти. Нотата ги отфрла сите „клевети" и го потенцира фактот дека поради демобилизацијата во периодот меѓу 1945 и 1948 година СССР нема големи воени сили.

7. 95% ОД 7 000 ЛУЃЕ БАРААТ ДА СЕ ТРГНАТ РАЦЕТЕ ОД КОРЕЈА

Весникот цитира извесен БОБ КОНСИДИН, од уредувачкиот одбор на „Њујорк Џурнал Американ" кој иницирал радиоквиз на темата за повлекување на американските трупи од Кореа во контекст дека војна не е објавена. Консидин известува дека тој добил околу 7 000 телеграми, писма, разгледници итн., од кои 95% гласале против војната и посакувале прекин на огнот. Весникот потоа известува дека Консидин ги информирал официјалните лица во Вашингтон, како и секретарот за одбрана Маршал. Да – американскиот народ не сака војна, тој сака мир, пријателство и размена на стоки со другите земји, исто така, и со земјите на народната демократија, СССР и Народна Кина.

7. САМОПРОГЛАСЕНИОТ „ВЛАДИКА" ВЕЛИЧКИ СО МОНАРХОФАШИСТИТЕ

Весникот го обвинува владиката ВЕЛИЧКИ дека е во близок контакт со непријателите на македонскиот и на бугарскиот народ – монархофашистите. Потоа „Искра" известува дека владиката пристигнал неодам-

на во Сиднеј од Мелбурн и бил добро „препознаен“ од страна на нашиот народ. На една јавна средба овој „отец“ Петре собрал 30 фунти и потоа го напуштил Сиднеј без да ги праша луѓето за тоа. Весникот сугерира самопрогласениот владика и агент на оние што посакуваат војна подобро да се запознае со прогонот на луѓето во нашата татковина.[435]

Стр. 2

8. ТИТОВА ЈУГОСЛАВИЈА И ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Софија – Весникот ги споредува условите во Социјалистичка Бугарија (голем развој под социјализмот) и титова Југославија (терор, бирократизам- кратко речено – фашизам).

9. Разлики меѓу стражарите во Скопје (некои за Сталин, некои за Тито)

10. ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Весникот известува дека во градот Сплит осамнале натписи на ѕидовите со следниот текст: „Тито, Тито – ќе завршиш како Бенито[436]“.

11. ТУРСКАТА ПОЛИЦИЈА УАПСИ 37 НАВОДНИ „КОМУНИСТИ“

Весникот известува дека меѓу уапсените има двајца офицери, асистент-професор на универзитет и новинар. Потоа се нагласува дека една турска воена дивизија се бори во Кореја и оттука се појавиле неколку гласови за одбрана на мирот кои ги вознемириле наследниците на султаните.

12. НАЈВАЖНОТО ПРАШАЊЕ ЗА МИРОЉУБИВИТЕ ЛУЃЕ

Народе, денешното прашање е мирот.

Секој посакува мир.

Но не сите знаат како да се борат за него.

Дали вие знаете како да се борите?

Претплатете се на „Македонска искра“

13. ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКАТА ГРАНИЦА

Весникот ги опишува убавините на земјата и херојската борба на нејзиниот народ за слобода и леб. Потоа се насочува кон придобивките од уставите на Сталин и на Димитров и ги негира сите обвинувања од американско-англиските империјалисти против Народна Република Бугарија. „М. Искра“ потоа известува за неколку успеси во социјалистичката обнова на неколку погранични градови. Со жалење се констатира дека „нашиот народ мисли на работа додека другите (грчките и југословенските фашисти) мислат на воени клеветења.

[435] Погрешен превод за потребите на Австралиската безбедносно-разузнавачка организација. Владиката Андреј Велички е обвинет од страна на „Македонска искра“ поради неговата средба со грчкиот владика и со грчкиот конзул во Сиднеј. Исто така, „отец“ Петре е сосема друг човек, различен од владиката Велички. Види: https://www.pollitecon.com/html/macedonian_spark/ms_images/Mar_1951_Vol_5_No_2_Page_1.jpg

[436] Се однесува на италијанскиот фашистички водач Бенито Мусолини.

Од Петар СТОЈАНОВ
декември, 1950 година – Петрич, Софија

14. ВЕНКО МАРКОВСКИ (од АНГЕЛ КАРАНЧЕВ)

Поема за комунистичкиот поет, мачeник и херој.

Стр. 3

15. ДЕНОТ НА ЖЕНАТА ЗА МИР

Ние мајките – не само што носиме живот, ние и сме обединети за мир.

Апел до сите жени:

„Ние мораме да ја водиме нашата борба за МИР, против војната, против гладот и мобилизирањето на нашите мажи, браќа и деца.“.

Ќе се празнува насекаде низ Австралија на тој ден.

Во Сиднеј жените повикуваат во Конзерваториумот на тој ден – Конзерваториум Сиднеј, улица „Меквери“, 7 март, 1951 година, 20:00 часот.

16. ФОРМИРАНА ЖЕНСКА СЕКЦИЈА ВО АДЕЛАИДА

Според известувањето од секретарот на огранокот во Аделаида, формирана е женска секција која ќе биде поврзана со огранокот. Тоа докажува дека жените во Аделаида презеле енергична акција со помош на мажите и членовите на групата „АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ“. Жените во Аделаида, исто така,  организирале социјална забава во декември која претставувала голем успех. Тоа треба да биде пример за жените во Мелбурн и во Сиднеј.

Браво за вас, жени од Аделаида, Националниот комитет ви посакува добра среќа и многу успеси.

Од Националниот комитет и Македонско-австралискиот народен сојуз

16. ГОЛЕМА ПОСЕТА НА МИРОВНИОТ БАЛ

На 17 февруари 1951 година беше организиран бал со цел да се прослави враќањето од Варшавскиот мировен конгрес на делегатот ВАЛ КАНИНГЕМ. Другарот ВАЛ КАНИНГЕМ беше еден од младинските претставници од Австралија.

Салата беше исполнета до 20:00 часот; националните групи зедоа учество со голем ентузијазам со цел тој да биде врз целосно меѓународна основа. Следниве национални групи: Кинези, Грци, Италијанци, Југословени, Македонци, Чеси, Евреи и Американци, донесоа неколку постери на тема меѓународно единство на младите и борба за мир. Претстави и музички групи кои изведуваа танци и народни песни ја исполнија ноќната програма.

Група грчки младинци облечени во народни носии го освоија првото место. Во 22:00 часот другарот КАНИНГЕМ беше претставен, пречекан

со аплауз и му беше посакано спонтано добредојде со зборот „Мир“. Другарот Канингем беше воодушевен да ги види претставниците на другите националности и рече дека мирот е најважната задача за сите нации во светот.

По неговиот говор, публиката ја пееше песната за мир. Забавата траеше до 1:00 часот.

17. АГЕНЦИЈА МАЛКО

Канцеларии: Сиднеј: 641 улица „Џорџ“, Телефон МА 4959

Перт: 204 улица „Вилијам“, Телефон БА 2732

Телеграми: Малкоагенција

Организира редовен бродски и авионски транспорт од Европа до Австралија.

Ветува редовна бродска линија од Пиреја до Австралија во април доколку има доволно резервации.

Контактирајте ги нашите канцеларии за натамошни информации – брза услуга.

18. МАЈКИТЕ ХЕРОИНИ ВО СССР ДОБИЈА 3 700 000 РУБЉИ

Весникот цитира вест од Лондон од 14 јануари и известува дека најголемата награда била доделена на московска мајка на дванаесет деца која добила 65 000 рубљи.

19. ВЕЛИГДЕНСКИ ПРАЗНИЦИ

Во текот на Велигденските празници (23-25 март 1951 година), МЛАДИНСКИОТ КАМП ВО СПРИНГВУД ќе биде посетен од голем број на млади момчиња и девојчиња. Се вели дека сѐ е подготвено за добри празници, игри, танци, песни, културни настани итн. Момчињата и девојчињата се поканети да се организраат и да дојдат на овој празничен камп.

20. ЧЕХОСЛОВАЧКИТЕ ЦИГАНИ

Многу подобри услови, од оние пред војната, им се понудени на Циганите во Чехословачка, тие станаа редовни работници и живеат во станови како и другите работници.

21. 1 000 ДЕЛЕГАТИ НА ПРОТЕСТНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ ПРОТИВ РЕГРУТИРАЊЕТО НА ОСУМНАЕСЕТ ГОДИШНИ

Весникот цитира извештај од Њујорк од Конференцијата на синдикатот на фармерите која се одржала во Оклахома на која присуствувале околу 1 000 делегати кои ја прифатиле резолуцијата со која се протестира против регрутацијата. Исто така, се цитира еден од делегатите, извесен Херберт Халф: „Ако немаме демократија во пракса дома, додека се оби-

дуваме да ја спроведеме на другите места и им говориме на другите нации за истата, не е воопшто чудно зошто денес сме замешани во Кореја".
22. МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА И НАШИТЕ ЗАДАЧИ (препечатено од „Пиринско дело")
Написот е посветен на славната македонска историја и фактите од македонскиот културен живот. Напишан е во националистички дух и инсистира на пријателство со Бугарија, додека истовремено го обвинува Тито за фашистичка политика. Апелира до Македонците да помогнат во развојот на нивната национална култура – прогресивна култура под социјализмот.
23. ПРИСТИГНАА ОД СТАРИОТ КРАЈ
На 25 јануари 1951 година другарот СОТИР АНДРИОВ, од Трсје, Леринско, Македонија и г-ѓа ОЛГА ГАВРО ГОЛАБШЕС, од Лерин, Македонија, пристигнаа во Австралија.
СОТИР АНДРИОВ е син на нашиот добропознат сонародник МИТРЕ АНДРИОВ, фармер во Квинбејан, Н. Ј. В.[437]
Другарот МИТРЕ АНДРИОВ дојде во Австралија пред 20 години и оттогаш го немаше видено својот син; оттука, од името на овој настан, другарот Андриов испраќа 5 фунти за фондот „Македонска искра". Уредниците ја користат оваа можност да му посакаат на нашиот сонародник и на неговиот син многу среќа и му се заблагодаруваат.
24. ПАРТИЗАН – поема која ги повикува партизаните да се борат за Македонија

Од Џ. НИКОЛАС, Бери, Ј. А.[438]

25. ДА НЕ ГИ ЗАБОРАВИМЕ ХЕРОИТЕ
Драг стрико Васил:
Поздрав до тебе, до твоите двајца внуци (КРСТЕ и МИТРЕТО) и до твоите снаи КРСТИНА и МИТРЕВИЦА. Ние сите сме добро и се молиме за твоето добро здравје. Пред некое време нашиот син Стојан стана капетан на еден баталјон и се бореше и сè уште се бори против тираните на нашата измачена земја. Драг стрико Васил, нашиот Стојан е голем херој, тој не ги сака американско-грчките фашисти и дури и ако загине, има илјадници други хероi како него кои се подготвени да паднат за нашата поробена Македонија.
Ние нема да ги заборавиме нашите роднини и нашите убиени татковци, ние нема да ги заборавиме сите оние што беа убиени во борбата за

[437] Нов Јужен Велс.
[438] Јужна Австралија.

ослободување на Македонија и ние нема да се согласиме со прекин на војната сè додека не ги прогониме тираните од оваа земја. Без борба и без крв нема слобода – и не е далеку денот кога нашата сакана земја ќе биде ослободена, а балканските Словени обединети. На крајот, драг стрико, ти испраќам поздрави до тебе и до двајцата внуци М. и К. и до снаите Крстина и Митревица.“

(Ова писмо беше испратено од Југославија до стрико во Бери, Ј. А.)

Додадено од Џ. Н.

(Веројатно Џ. НИКОЛАС)

Стр. 4 (текст на англиски јазик)[439]

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 65-70.

[439] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

# 79
# Допис од директорот на АСИО во Нов Јужен Велс до Централата на АСИО во Канбера, директорот на АСИО во Викторија, предметниот офицер во Западна Австралија и до Централата во Сиднеј во врска со агенцијата Малко, 12 јуни 1951 година

Б1

Дистрибуција: Централата на АСИО (Б1)
Директорот, Викторија
Предметен офицер, Западна Австралија
Централата, Сиднеј (Ц. Б.)
Досие Н. Ј. В.[440]

Од: Директорот, Н. Ј. В.

Предмет: <u>В. Н. Д. У. МЛАДИНСКИ ФЕСТИВАЛ ВО БЕРЛИН</u>

Пишувам во врска со меморандумот на Директорот од Викторија, од 25 мај, 1951 година, во кој е наведено дека МАЛКОЛМ, алијас МАЛКО, раководи со Агенцијата Малко во Сиднеј. Тој рекламира канцеларија во Перт на 204 улица „Вилијам“, веројатно се работи за агенцијата за која беше известено од ___________[441]од Канцеларијата во Мелбурн. Спомнатиот Лери УРСИЌ би можел да биде идентичен со Л. Т. УРСИЌ кој треба да патува од Перт со „Австралија“ како претставник на Студентскиот комитет за образовен туризам и чијашто резервација е направена преку агенцијата Малко, Сиднеј.

Агенцијата Малко, Сиднеј, прво беше забележана во Перт во 1951 година кога се рекламираше во „Македонска искра“, орган на прокомунистичкиот „Македонско-австралиски народен сојуз“. Истрагата покажа дека поврзаноста меѓу МАЛКОЛМ и агенцијата веќе е забележана и потврдена. МАЛКОЛМ веќе подолго време е нотиран и во „Д“ списокот на Н. Ј. В. Активностите на агенцијата Малко, Сиднеј, не го привлекоа нашето внимание, освен поврзаноста со резервацијата за Студентскиот комитет за образовен туризам.

<u>Директор, Н. Ј. В.</u>

ЈРМ/бх
12 јуни 1951 година

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 71.

---

[440] Нов Јужен Велс.
[441] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 80

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до регионалниот директор на АСИО во Викторија во врска со Македонско-австралискиот народен сојуз и активностите на Дане Трпков и Ристо Алтин, 30 октомври 1952 година

Копија бр. 2 — 30 октомври 1952 година

МЕМОРАНДУМ ЗА:

Регионалниот директор, Викторија

Копија до: Централата, АСИО (2)

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Данил Димитру ТИРПКУ

Христос Панделис АЛТИС

Прикачените извештаи кои беа поднесени од посебните оддели од Јужна Австралија и од Викторија, Ви ги испраќам за Ваша информација.

2. Средбата за која станува збор во извештајот на ___________[442] се одржала на 17 улица „Вејмут“, Аделаида, адресата на Здружението на градежни работници и изведувачи.

3. Добиена е дополнителна информација дека двете лица за кои станува збор се водечки фигури во печатењето на весник во Мелбурн кој е познат како „Македонска икра“, веројатно „Македонска искра“. Овој весник претходно се печатеше во Сиднеј.

4. Постои грчки огранок на Комунистичката партија на Австралија во Јужна Австралија, некои од членовите се многу активни партиски работници. Иако е известено дека посетителите имале намера да се обратат пред членовите на грчката заедница, се смета дека на средбата присуствувале членови на Македонскиот народен сојуз.

___________[443]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј. А.[444]

[442] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[443] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[444] Јужна Австралија.

Дистрибуција
Копија бр. 1 – Р. Д./Вик
Копија бр. 2 – Централа, АСИО
Копија бр. 3 – Централа, АСИО
Копија бр. 4 - ___________[445]
Копија бр. 5 – Кутијата на датотеката.

ТАЈНО

Посебен оддел,
МЕЛБУРН

КОПИЈА

10 октомври 1952 година

До Комесарот на полицијата,
АДЕЛАИДА, Ј.А.

Во прилог Ви ја испраќам содржината на извештајот од ___________[446]од Вашиот Посебен оддел во врска со Даниел ТИРПКОВ и Крис АЛТИС. Копија од извештајот е прикачена за пополнување на податоците во оваа Канцеларија.

2. Даниел ТИРПКОВ е идентичен со Данил (Даниел) Димитру ТИРПКУ, кој е роден во Скопје[447], Лерин, Грција, на 11 август 1911 година и пристигнал во Австралија со „Ремо“[448] во Мелбурн. Тогаш работел како помошник во кујна. Бил натурализиран на 16 декември 1946 година, со сертификат бр. А(и)19390. Во моментов живее на 318 улица „Валш“, Јужна Јара и е регистриран сопственик на Шкода седан, сива боја, регистраска табличка од Викторија бр. РК-956.

3. Тој е закупец на кафулето „Олимпија“ кое се наоѓа на 226 улица „Флиндерс“, Мелбурн (веднаш до хотелот „Јанг и Џексон“) и по одржувањето на последната конференција за Викторија на Комунистичката партија на Австралија, делегатите навратиле во неговото кафуле на освежителни пијалоци. Тој, исто така, е еден од водечките членови на Македонскиот народен сојуз на Австралија кој се наоѓа на 52 улица „Јанг“, Фицрој, за кој се верува дека претставува комунистичка централа во оваа држава за Македонците и за Грците.

4. Добиени се информации, од различни извори, дека тој е еден од најактивните комунистички пропагатори во тукашната грчко-маке-

[445] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[446] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[447] Погрешен топоним во оригиналниот документ.
[448] Име на брод.

донска заедница. Во 1949 година посетил еден Грк по националност, штотуку пристигнат во оваа земја, прекорувајќи го дека дошол тука затоа што герилците набрзо ќе ја собореле грчката влада и дека комунистите ќе дошле на власт, ќе ја ослободеле земјата од нејзините фашистички окупатори и ќе им дозволеле на жителите да живеат мирно во комунистичкиот систем. На ист начин преземал активна улога во спречувањето на промовирањето на грчко-македонската православна црква во неделното училиште за грчките деца, кажувајќи дека Народниот сојуз може добро да се грижи за интересите на децата. Тој, исто така, се обидел да разубеди возрасни лица да се приклучат на оваа црква.

5. Сопатникот на ТИРПКУ при посетата на Аделаида бил Христос Панделис АЛТИС, роден во Лерин, Грција, на 4 декември 1918 година. Тој пристигнал во Австралија, во Мелбурн, со „Орама“[449] на 7 март 1037 година. Бил натурализиран на 4 март 1947 година. Тој е закупец на кафуле, работи и живее на 427 улица „Хај“, Престон.

6. Беше доставена информација до овој Оддел на 7ми овој месец дека ТИРПКУ и АЛТИС неодамна пристигнале Аделаида со цел ширење комунистичка пропаганда и, исто така, да присуствуваат во комунистичко училиште, меѓутоа не се знае дали како предавачи или како ученици. АЛТИС е, исто така, член на Македонскиот народен сојуз на Австралија и е активен партнер на ТИРПКУ во убедувањето на лица да не ја посетуваат црквата. Тој за првпат беше забележан од овој Оддел во 1946 година кога беше добиена информација од страна на Военото разузнавање дека бил член на Младинскиот сојуз Еурека.

7. Фотографии од двете лица се прикачени на овој документ.[450]

8. Ви го испраќам овој документ за Ваша информација и Ве молам тој да биде препратен до Вашиот Посебен оддел.

__________[451]

<u>Предметен офицер</u>

----------------------------------

<u>Прилог бр. 2</u>

<u>14 октомври 1952 година</u>

<u>Име на организацијата</u> МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА (Огранок во З. А.[452]

[449] Име на брод.
[450] Фотографиите не се наоѓаат во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.
[451] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[452] Западна Австралија,

| | |
|---|---|
| Локација | 82 улица „Џејмс", Перт<br>(Г. П. О. Фах Р. 1267, Перт) |
| Цели | „Непартиска, несецеонистичка организација која има задача да ги организира Македонците во Австралија, да се грижи за нивните потреби и проблеми...да го помага движењето за демократска слобода на македонскиот народ и да ги поддржува идеалите за меѓународно братство и народна демократија. |
| Интереси и врски | Национален комитет на Македонскиот народен сојуз на Австралија. Се верува дека генерален секретар е г. Бошков, П. О. Фах 151, Хајмаркет, Сиднеј, Н. Ј. В.[453] |
| Политичка определба | Организацијата е силен поддржувач на политиката на Комунистичката партија преку нејзиниот официјален орган „Македонска искра". |
| Истакнати личности | (а) Петрос Георгио СИДЕРИС, член на КПА[454]<br>(б) Стивен Бонакеј, се смета дека е член на КПА.<br>(в) Атрина Констанца СИДЕРИС, членка на КПА.<br>(г) Спиро ЧОЛАКОВ, потврден член на КПА во 1948 г.<br>(д) Наум Петру ШАРИНИС, потврден член на КПА во 1949 г.<br>(ѓ) Трајан Џорџ СЕКУЛОВ, потврден член на КПА во 1949 г.<br>(е) Пол БОЖИНОВ, потврден член на КПА во 1949 г.<br>(ж) Јоанис Наум ГРОЗОТИС, потврден член на КПА. |

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 92, 93, 95.

[453] Нов Јужен Велс.
[454] Комунистичка партија на Австралија.

# 81

# Кореспонденција меѓу регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија, регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс во врска со проекција на филмови во организација на Македонско-австралискиот народен сојуз, 13 јануари 1953 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ТАЈНО

„Остерити“, Аделаида Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 4525, ГПО

Сиднеј

15 јануари 1953 година

Копија бр. 2

МЕМОРАНДУМ до:

Регионалниот директор, Јужна Австралија

Копија за: Централата, АСИО

Регионалниот директор, Западна Асвтралија

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Ве молам погледнете го Параграф 7 од овој извештај кој е прикачен на Вашиот меморандум бр. 512, именуван како погоре, од 8 јануари 1953 година.

2. 36 улица „Пит“ е адресата на „Квалити филмс“ која е филмска библиотека која дистрибуира филмови од Советска Русија, Кина итн.

______________[455]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н. Ј. В.[456]

Дистрибуција

Копија бр. 1 – Регионален директор, Ј. А.[457]

Копија бр. 2 – Централа, АСИО

Копија бр. 3 – Регионален директор, З. А.[458]

---

455 Името е прекриено во оригиналниот документ.

456 Нов Јужен Велс.

457 Јужна Австралија.

458 Западна Австралија.

Копија бр. 4 - _________[459]
Копија бр. 5 – Кутија на датотеката

---

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ТАЈНО
„Остерити“, Аделаида Главен истражен оддел
Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО
Аделаида
8 јануари 1953 година

Копија бр. 1
МЕМОРАНДУМ до: ЦЕНТРАЛАТА, АСИО
КОПИЈА ЗА: РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, Н. Ј. В.[460]
РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, З. А.[461]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Прикачениот извештај за филмска вечер која била огранизирана од страна на погоре спомнатиот Сојуз Ви го препраќам како информација. Адресите во Н. Ј. В. и во З. А. можеби би биле предмет на интерес на регионалните директори во тие држави.

2. Проектираните филмови очигледно предизвикале голема количина на коментари во рамките на македонско-бугарската колонија во Јужна Австралија и очигледно го ставиле некомунистичкиот елемент како нешто неповолно.

3. Можноста овие филмови да биле донесени во земјата преку Советската амбасада во Канбера преку амбасадата во Лондон го поставува прашањето дали тие биле увезени по регуларен пат, преку Царинскиот оддел или, пак, тие биле внесени во Австралија преку дипломатски канали и на тој начин се избегнати вообичаените проверки и цензура. Вашето мислење по ова прашање би било особено добредојдено.

___________[462]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј. А.[463]

ДИСТРИБУЦИЈА
Копија бр. 1 – Централа, АСИО

[459] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[460] Нов Јужен Велс.
[461] Западна Австралија.
[462] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[463] Јужна Австралија.

Копија бр. 2 – Р. Д.[464], Н. Ј. В.
Копија бр. 3 – Р. Д., З. А.
Копија бр. 4 - _________[465]
Копија бр. 5 – Кутија на датотеката

---

МЕМОРАНДУМ ЗА:
РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, Ј. А.
МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Петокот навечер, на 28 ноември 1952 година, беше одржана филмска вечер во театарот Виндзор, Локлејс. Насловите на двата прикажани филма беа „Зора над татковината“, дело на бугарската кинематографија, и „Млад талент“, руски филм.

2. Иако ниту еден од филмовите не содржеше какви било несоодветни референци за Западните сили, првиот очигледно е создаден за да го зголеми ентузијазмот на младите луѓе во Бугарија за комунзимот во таа земја и е снимен во 1944 година. Сите дијалози беа на бугарски јазик, но преводот беше на англиски јазик. „Млад талент“ е направен од страна на Централното документарно филмско студио на Москва во 1948 година. Филмот му пристапува на еден хор составен од неколку стотици ученици од Московското трговско училиште кои пеат и играат во Московската опера во чест на народните водачи. Првиот дел беше посветен на маршалот Сталин. Тоа не е долгометражен филм и беше проследен со краток коментар на англиски јазик. Продуцент на филмот е С. Семенова.

3. Овие два филма беа дел од пратка од пет филмски кутии која беше примена од Т. А. А. Дистрибутивна канцеларија, Аделаида, на 12 и на 15 ноември 1952 година од З. А.[466]. Пратката беше адресирана до „Г. НИКОЛАС Ц/- Пошта во Фулам, Ј. А.“. НИКОЛАС ја подигнал пратката неколку денови по нејзиното пристигнување. Оваа личност е идентична со „ЏОРЏ НИКОЛОВ“, одгледувач на земјоделски производи, кој живее на Тејплејс хил роуд, Фулам. Во 1949 година беше добиена информација од Посебниот оддел, Аделаида, преку бугарски извори, дека овој човек е комунист.

4. Филмската вечер била пријавена во Одделението за данок од забави во составот на Даночниот оддел на Комонвелтот од страна на „Господин Артур Ј. ЛЕЈКАС од Киркадли роуд, Фулам“. Пред даночните служ-

[464] Регионален директор.
[465] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[466] Западна Австралија.

беници, ЛЕЈКАС се претставил како „Александар Велики“. Овие луѓе биле доста збунети од неговото претставување, но постои веројатност дека ЛЕЈКАС се трудел да објасни дека тој дејствувал од името на движењето кое се вика АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ кое е, всушност, огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз (МАНС). За оваа организација постои мислење дека е идентична со левичарската организација именувана Македонско братство која постои во Аделаида од 1948 година.

5. ЛЕЈКАС ги ангажирал закупците на театарот Виндзор, Локлејс, Б. Е. КАНУ И СИНОВИТЕ, со канцеларија на 28 улица „Бенк“, Аделаида, да ги прикажат филмовите...[467]ЛЕЈКАС изгледа дека бил задолжен за резервациите, како и за наоѓање соодветен простор. Овој човек претходно не бил предмет на интерес на Службата во оваа држава. Се зборува дека тој е брат на Џорџ КУФАЛАКИС, натурализиран британски граѓанин со грчко потекло, кој последните три години има рибарница на 41 улица „Хансон“, Аделаида. Овој човек е роден на островот Родос, Грција, на 30 јануари 1908 година. Тој пристигнал во Австралија на 3 ноември 1937 година и бил натурализиран околу 1945 година. Пред да дојде во Јужна Австралија, КУФАЛАКИС живеел на 321 Логан роуд, Стоунс Корнер, Јужен Бризбејн. Џорџ КУФАЛАКИС е непоправлив коцкар, но нема активна улога во политиката. Артур ЛЕЈКАС, или КУФАЛАКИС, има околу 30-35 години и се зборува дека работи во фабрика. Овој човек не е забележан од страна на Одделот за имиграција, Аделаида. Тој се претставил себеси пред Кану и синовите како „ЛАКИС“ и се зборува дека семејството е познато и како „КУФЛАКИС“.

6. Во организацијата на ЛЕЈКАС му помагале Григориос Петрос БОСКОС и Ставрос Козма SOSOC, познат и како БОСКОС; овие луѓе ги проверувале картите. И БОСКОС и SOSOC се соодветно регистрирани од страна на оваа Канцеларија. Џорџ БОСКОС е член на огранокот во Аделаида на КПА[468] и многу активен меѓу групите на дојденците, додека SOSOC е агент за левичарската публикација „МАКЕДОНСКА ИСКА[469], за која е добиена информација дека слободно циркулира меѓу бугарско-македонската заедница во Јужна Австралија од 1949 година. Ноќта на прикажувањето на филмот биле продадени 414 карти. Ова е повеќе од нормалниот капацитет на овој театар, па дополнителни привремени столици морале да бидат поставени за да можат да седнат сите присутни.

[467] Прекриен пасус во оригиналниот документ.
[468] Комунистичка партија на Австралија.
[469] Погрешно име во оригиналниот документ. Би требало да стои искра.

7. Насловите на другите филмови кои се во посед на НИКОЛАС се: „Советски Туркменистан, Советски вести“, „Во денови на мир“ (филм во боја) и „Далечен мост“. Иако етикетата била напишана на руски јазик, последниот изгледа дека бил испратен до „Мисијата на СССР во Австралија – Комерцијален аташе Крутицов“. Изгледа дека филмовите се внесени во земјата преку руската амбасада во Лондон од страна на Советскиот комерцијален аташе, Канбера. Делумно избришаната етикета индицира дека еден, а можеби и повеќето од овие филмови, е испратен до 36 улица „Пит“, Сиднеј, и до г. Кирил АНГЕЛКОВ, 238 Гвилдфорд роуд, Мејландс, З. А.[470].

8. Настанот беше објавен преку известување во бугарско-македонскиот клуб, улица „Хандли“, Аделаида, и од информацијата достапна од овој извор изгледа сигурно дека филмовите биле спонзорирани од страна на Македонскиот народен сојуз на Австралија.

9. Бидејќи прикажувањето на филмовите предизвика голема контроверза меѓу присутните, како и во македонско-бугарската колонија, ова беше главна тема на разговор. Комунистичките елементи се многу задоволни од овој облик на пропаганда и неа добро ја искористија против нивните политички противници. Некомунистите, оние што не ј прифатија вистината од филмовите, од друга страна се критични за тоа што владата дозволила ваков вид на материјал да биде слободно прикажуван во Австралија. Новите Австралијанци, кои биле малцинство на проекцијата, се потсмеваат со кредибилитетот на филмовите.

10. Партнерите Кану и синовите, и покрај тоа што признаваат дека овие настани се добар бизнис-предлог, се антикомунисти по убедување и не сакаат да продолжат да прикажуваат вакви филмови доколку тие на кој било начин се во спротивност од легислативата на Комонвелтот. Не се знае, и под кои услови, дали овие филмови се предмет на цензура од страна на Комонвелтот.

______________[471]

ТАЈНО

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 96-99.

---

[470] Западна Австралија.
[471] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 82

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со ново раководство на МАНС во Перт, 24 јануари 1953 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ТАЈНО

„Остерити“, ПЕРТ Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 881, ГПО

Перт, З. А.[472]

24 јануари 1953 година

МЕМОРАНДУМ до:

Централата, АСИО (2)

Странски заедници во Австралија

Како дополнување на нашиот меморандум од 15 октомври 1952 година, прикачениот извештај на __________[473]дава дополнителни информации за Македонско-австралискиот народен сојуз во оваа држава.

__________[474]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, З. А.

---

ДО РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЕКТОР „Б“

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА

Странски заедници во Австралија

Во врска со меморандумот на Централата бр. 4494 од 1 август 1952 година и меморандумот на Регионалниот директор, З. А.[475] од 15 октомври 1952 година.

2. Добиена е информација во врска со следниве раководни лица на Македонско-австралискиот народен сојуз (Огранок З. А.), предмет во прилог 2 од 14 октомври 1952 година.

Претседател – Леонидо СИНЧО

Секретар – Стивен БОНАКЕЈ

[472] Западна Австралија.

[473] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[474] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[475] Западна Австралија.

3. Леонидо СИНЧО досега не е забележан во нашата евиденција.

______________[476]

Теренски офицер

20 јануари 1953 година

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 100, 101.

[476] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 83

# Кореспонденција меѓу регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс и регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со претплатници на весникот „Македонска искра“, 5 февруари 1953 година

ТАЈНО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми

„Остерити“, Сиднеј

Главен истражен оддел
Оддел Д

Фах 4425, ГПО
СИДНЕЈ

5 февруари 1953 година

МЕМОРАНДУМ до:
Регионалниот директор, Квинсленд.
КОПИЈА ДО: Централата, АСИО

ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Тука е прикачен список на лица кои дале донации за „Македонска искра“, прокомунистичка публикација. Сите живеат во областа Кребс Крик, што е многу блиску до границата со Квинсленд.

2. Истрагите во Одделот за имиграција и во Изборната канцеларија не дадоа плод да се најдат некакви траги во врска со овие лица. Можно е овие лица да имаат идентитет во Квинсленд; оттука секоја истрага која би можеле да ја спроведете по ова прашање би била многу добредојдена.

____________[477]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н. Ј. В.[478]

ДИСТРИБУЦИЈА
Копија бр. 1 – Р. Д.[479], Квинсленд
Копија бр. 2 – Централа, АСИО
Копија бр. 3 – Досие Н. Ј. В.
Копија бр. 4 - Кутија на датотеката

[477] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[478] Нов Јужен Велс.
[479] Регионален директор.

## ПРЕТПЛАТНИЦИ НА ПРОКОМУНИСТИЧКАТА ПУБЛИКАЦИЈА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

ПАВЛОВИЌ, Наум
ДИГАЛА, Христо
БОНАКИ, Н.
ПАЗОВ, Косто.
АЛТИН, Р.
МАРИЌ, С.
МАЛКО, Атанас.
КОВАЧЕВ, П.
КАТИЌ
ДИМИТРОВ, Б.
ДИМИРОВ, П.
ДАЈКОВ, Л.
БОГАТАШО, П.
БИВОЛЧЕВ, С.
БОРИЌ, Џорџ
БАЛКАНОВ, Б.
ТАНЕВ, К.
ТАНАСОВ, Т.
РАДОВНИКОВИЌ, Анѓелка
СТОЈЧЕВ, Т.
СТАНИЌ
СПИРОВ, М.
СПИРОВ, К.
СПИРОВ, Г.
ШИЛЕВ, Г.
СЕКУЛОВ, Р.
РАНКОВИТ, Л.
ПОРКОВ, Г.
ПОПОВ, Д.
ФИЛИПОВ, Д.
ФИЛИПОВ, Ј.
ПЕТРОВИЌ, К.
ПЕТРОВ, Т.
ПАЗОВ, Д.
ПАПАРУСИ, Д.
НАНОВ, П.
МИНЧЕВ, Т.
МИНЧЕВ, К.

МИЛЕНЧЕВ, К.
МИЈАЛИЧИН, Р.
МАРКОВ А.
ЗОРИЌ, М.
ТОЛЕВ, М.
Сите погоре наведени лица живеат во областа Кребс Крик.

---

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми

„Остерити“, Бризбејн

Главен истражен оддел
Оддел Д

Фах 3А, ГПО
БРИЗБЕЈН

20 февруари 1953 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Нов Јужен Велс
Копија до: Централата, АСИО (2)

ПРЕТПЛАТНИЦИ НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

Во врска со тајниот меморандум 600 на Регионалниот директор, Нов Јужен Велс, од 5 февруари 1953 година, со погоре наведениот наслов, известувам дека направената проверка во Одделот за имиграција во Бризбејн не успеа да открие никакви траги во врска со лицата кои се спомнуваат во прилог на меморандумот на Регионалниот директор, Нов Јужен Велс.

2. Одделот за имиграција, Бризбејн, сугерира дека сите странци кои живеат во областа Кребс Крик би требало да бидат регистрирани во Нов Јужен Велс.

3. Областа Кребс Крик не е вклучена во границите на Државната изборна канцеларија на Квинсленд.

______________[480]

Регионален директор, Квинсленд

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 103, 104, 106.

---

[480] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 84

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на хрватската заедница во Викторија, 24 март 1953 година

ПХМГ/ЈМС ТАЈНО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми

„Остерити“, Мелбурн

Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 5219, ГПО

Мелбурн

24 март 1953 година

МЕМОРАНДУМ до:

Централата, АСИО

ХРВАТСКИ АКТИВНОСТИ – ВИКТОРИЈА

Во врска со: (1) Меморандумот на Централата од 10 декември 1952 година

(2) Меморандумот на оваа Канцеларија Б.1. од 18 март 1953 година (параграф 6)

(3) Извештајот на Р. Д.[481] од 30 октомври 1952 година[482]

1. Копија од публикацијата „Македонска искра“ беше погледната и е потврдено дека таа се печати во Коронејшн прес, 16 Кор Лејн, Мелбурн и е издадена од Д. ТРПКОВ од 318 улица „Валш“, Јужна Јара, за Македонско-австралискиот народен сојуз, кој се наоѓа на 52 улица „Јанг“, Фицрој, адресата на која се наоѓаат (а) Македонскиот клуб и (б) Југословенскиот имигрантски сојуз.

2. Не беше можно да се обезбедат примероци од „Македонска искра“, но има информации дека содржината ги следи линиите на грчката публикација „Грчко-австралиски преглед“ и дека најмалку во еден случај

[481] Регионален директор.

[482] Допишано во ракопис.

биле објавени идентични написи. На површината излезе дека дури и многу повеќе е на лево, политички, отколку „Преглед“.

3. Интересно е тоа што оваа македонска публикација има слично име со името кое се спомнува во меморандумот од Централата кој е погоре наведен, параграф 18 (Искра – билтен кој се издава од ЗБОР на 151 улица „Руперт“, Западен Футскреј, Викторија), иако изгледа дека двете публикации, политички, се наоѓаат на спротивните страни од оградата.[483]

____________[484]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 102.

[483] Хрватскиот весник „Искра“ започнал да излегува во 1948 година во Мелбурн како орган на хрватската дијаспора. Весникот ја пропагирал хрватската независност и текстовите во него имале антијугословенски и антикомунистички карактер.

[484] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 85

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со Дане Трпков и Ристо Алтин, 30 март 1953 година

ПХМГ/ЈМС ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми

„Остерити“, Мелбурн Главен истражен оддел
Оддел Д

Фах 5219, ГПО
Мелбурн

30 март 1953 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

„МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА“

или

„МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ“

Како дополнување на меморандумот Б.1. од 24 март 1953 година (со наслов Хрватски активности, Викторија) во кој се спомнува Д. ТРПКОВ од 318 улица „Валш“, Јужна Јара, кој го издава „Македонска искра“ од името на „Македонско-австралискиот народен сојуз“ и кој се повикува на меморандумот Б.1. на Регионалниот директор, Ј. А.[485] од 30 октомври 1952 година. Од интерес за нашата истрага би бил извештајот на Посебниот оддел од полицијата во Викторија од 10 октомври 1952 година кој е добиен заедно со меморандумот на Регионалниот директор, Ј.А., наведено е дека Д. ТРПКОВ е Даниел ТИРПКОВ, идентичен со Данил (Даниел) Димитриу ТИРПКУ, роден во Скобија[486], Лерин, Грција, на 11 август 1911 година и „со сигурност потврден како еден од најактивните комунистички пропагандисти во тукашната грчко-македонска заедница“.

[485] Јужна Австралија.
[486] Погрешен топоним во оригиналниот документ.

2. Единствената дополнителна информација која ја поседуваме за ТРПКОВ е дека тој бил благајник во Мелбурн на Комитетот на Македонско-австралискиот народен сојуз во 1946 година. Ц. И. С. Досието В/40535 се однесува на ТРПКОВ и ќе биде разгледано правовремено.

2.[487] Христос Панделис АЛТИС, кој го придружувал ТРПКОВ во текот на неговата посета на Јужна Австралија, се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија како `_________[488] и бил проценет како безбедносен ризик кога се појавил како гарант за дозвола за престој. На тоа се однесува меморандумот на оваа Канцеларија бр. ________[489] Ц од 3 декември 1951 година.

____________[490]

<u>РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА</u>

<u>ТАЈНО</u>

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 107.

---

[487] Нумерирањето е погрешно во оригиналниот документ.
[488] Зборот е прекриен во оригиналниот документ.
[489] Бројот е прекриен во оригиналниот документ.
[490] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 86

# Извадок од весникот „Хералд“ од Мелбурн во врска со нетрпеливости во редовите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Кребс Крик, 9 јули 1953 година

**„Политичка позадина за нетрпеливост?“**

Мурвилумба, Тур. – Можеби постои политичка позадина за некои од неволјите во Кребс Крик му кажал денес детективот Д. Далас на судскиот истражител. Истражителот, г. Џ. Ј. Хабард го истражува пожарот кој на 23 април ја уништи куќата на одгледувачот на банани, Македонецот Артур Закас.

Закас и неговото семејство избегале од запалената куќа во ноќни алишта. На денешниот распит Мик Мајкл негираше дека тој бил вклучен во каква било шема за киднапирање на 17-годишната ќерка на Закас, Јоана.

Тој рекол дека слушнал дека соседот, Питер Стив, сакал да ја киднапира девојката. (Закас претходно на распитот кажал дека Мик и Џони Мајкл и неговиот зет Пол Арменакис имале планови да ја киднапираат девојката.)

„ИСКРА“

Мајкл признал дека не бил во добри односи со Питер Стив веќе неколку години и дека двете фракции го поделиле Кребс Крик, кој се наоѓа до границата со Квинсленд. Еден период, тој рекол, дека бил претплатен на весник кој се викал „Македонска искра“, но сега не е претплатен бидејќи весникот „не е од истата партија“.

Прашан дали можеби знае дали весникот бил комунистички, Мајкл рекол дека слушнал дека бил, но тој не знае. Тој знае за некакви обвинувања дека пред неколку години бил ставен отров во резервоарот со вода на некој од соседите.

Службеник од Одделот за имиграција на Комонвелтот пристигна од Сиднеј, присуствуваше на распитот и водеше интензивни забелешки. Се верува дека овој оддел е особено заинтересиран за доказите во врска со комунизмот.

Јоана Закас, ќерката на Артур Закас, рече дека таа не дала збор никому и дека нема љубовник.

Сослушувањето, сè уште, не е завршено.

NAA: A6122, 173, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 108.

# 87

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија во врска со активностите на Бил Боскос во Македонско-австралискиот народен сојуз, 28 февруари 1955 година

АСИО 110
Б/20/100

3/2/204
987

28 февруари 1955 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Јужна Австралија
КОПИЈА до: Централата, АСИО

БОСКОС, Василиос
или БОСКОС, Бил.

Гореспомнатиот е многу активен во активностите на Македонскиот народен сојуз на Австралија[491]. Сојузот е организација која припаѓа на комунистичкиот фронт. БОСКОС според [[492]] е многу активен комунист.

2. БОСКОС е идентичен со:

ИМЕ: БОСКОС, Василиос (Бил)
АДРЕСА: 159А, улица „Палмер“, Сиднеј.
ПРОФЕСИЈА: Секретар.
ДЕТАЛИ ЗА РАЃАЊЕТО: 15/9/1898 година, Костур, Македонија.
НАЦИОНАЛНОСТ: Британски државјанин со македонско потекло.

3. БОСКОС дојде во оваа држава од Јужна Австралија во 1949 година.

4. Секоја информација поврзана со активностите на лицето во Јужна Австралија би била многу ценета.

Потпишано од името на[493]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.[494]

[491] Името на организацијата од 1947 година е променето во Македонско-австралиски народен сојуз.
[492] Името е покриено во оригиналниот документ.
[493] Името е покриено во оригиналниот документ.
[494] Нов Јужен Велс.

Дистрибуција:
Копија бр. 1 – Р/Д.[495], ЈА[496]
2 – Централа, АСИО
3. Б/20/100.
4. Кутијата на датотеката.
Копија во досието на „Македонски народен сојуз на Австралија“.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 110.

[495] Регионален директор.
[496] Јужна Австралија.

# 88

# Напис во весникот „Прогрес“ во врска со Осмата конференција на Сојузот на југословенски емигранти во Австралија“, мај 1955 година

Превод од југословенски јазик на англиски јазик

Југословенски весник „ПРОГРЕС“ од 23 април 1955 година.

Осма конференција на Сојузот на југословенски мигранти во Австралија од 8 до 11 април, 1955 година во Сиднеј.

Мир и заштита на мирот беа целите на погоре спомнатата конференција.

Меѓу членовите на Генералниот надзорен комитете беше г. Р. ХОРВАТ (улица „Џорџ“, бр. 140, Фицрој, Викторија) како претставник на мигрантите од Мелбурн.

Конференцијата доби поздрави од странски организации во Австралија кои го поддржуваат нашето движење и од други пријателски организации како на пример:

Генерален словенски комитет на Советскиот Сојуз.

Генерален словенски комитет на Народна Република Чехословачка.

Генерален словенски комитет на Народна Република Бугарија.

Генерален словенски комитет на Народна Република Полска (Тома Бабин и другарите).

Југословенски сојуз во Нов Зеланд.

Македонски сојуз во Австралија.

„Челинџ“ – прогресивен весник на младите во Австралија.

„Новости“ – прогресивен весник на Србите во САД.

„Народни гласник“ – прогресивен весник на Хрватите.

Југословенски сојуз во Канада.

„Јединство“ – југословенски весник во Канада.

Републикански југословенски сојуз во Уругвај.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 134.

# 89

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 7 јуни 1955 година

ИЗВЕШТАЈ

3/2/207

Евалуација:[497] Датум на информирање: 20/4/1955

Симбол на изворот:[498] Датум на настанот: Актуелен

Држава: Викторија Датум на известување: 7/6/1955

1. [499]

2.[500]

ИНФОРМАЦИЈА:

1. Македонскиот клуб (П. О. Д.[501] 794/30) на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, ги одржува своите состаноци секоја недела. Се именуваат себеси МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ (П. О. Д. 12) и во актуелниот комитет сите се поранешни Македонци, повеќето од нив не се натурализирани британски државјани.

2. Македонскиот клуб одржува повремено танцувачки забави во недела навечер во салата Св. Лука, Северен Фицрој со цел собирање средства. Исто така, организаторите имаат намера да ги охрабрат младите луѓе да присуствуваат на овие забави и да ја напуштат македонската христијанска црква. Забавите се тврди дека се добро посетени (околу 600 луѓе се присутни секоја недела) и траат од 19:30 до 23:00 или до 23:30 часот. Влезницата е 3 пени по лице и се зборува дека профитот се дели со ДЕМОКРАТСКИОТ КЛУБ (ПОД 331).

3. Се знае дека повремено во текот на забавите се држат говори кои содржат комунистичка пропаганда. Македонските комунисти во Фицрој се под значајно влијание на грчките комунисти во Демократскиот клуб и грчките комунисти наводно се движечката сила на комунизмот

[497] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[498] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[499] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[500] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[501] Потврдено организациско досие.

меѓу новопристигнатите заедници во Австралија во округот Фицрој/Брунсвик.

4. Кога беше формирана Македонската христијанска црква, комунистите се обидоа да ја стават под своја контрола, но беа надмудрени од страна на оние што се одговорни.

5. Февруарското/мартовското издание на „МАКЕДОНСКА ИСКРА" (ПОД 393/15) беше издадено од Д. ТРПКОВ (ПЛД[502] 5652) на улица „Јанг", бр. 52, Фицрој и беше испечатено од „Коронејшн прес", Кор лејн бр. 16, Мелбурн. Третата страница на ова издание ни ги дава имињата на неодамна избраниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз, како и на редакцијата на самата „Македонска искра". Тоа се следниве:

Претседател: Џ. ФИЛИПОВ (непознат)
Секретар: Н. КАРАЏОВ (непознат)
Благајник: Р. АЛТИН (Види: подолу)

Заменик благајник: В. НЕДЕЛКОВСКИ (непознат)

Надзорен комитет: Т. ГЕРОВ (можеби идентичен со Томас ГЕРОВ, ПЛД 2795)
Џ. ПАНОВ (можеби идентичен со Џејмс или Џим ПАНОВ, ПЛД. 4865)

Редакциски одбор:

Уредник: С. САРБИНОВ (Види: подолу)

Заменик уредник: В. НЕДЕЛКОВСКИ (непознат, да се провери евентуално во другите држави)

Членови: Џ. ПАНОВ (Види: погоре)
Д. ТРПКОВ (ПЛД 5652)
Џ. ПИЦАРКОВ (непознат, да се провери евентуално во другите држави)

6. Други познати комунисти кои се во тесна врска со Македонско-австралискиот народен сојуз и со Македонскиот клуб и, исто така, активни во пропагирањето на комунистичката идеологија во областите Фицрој/Брунсвик се следниве:

| | |
|---|---|
| Крис АЛТИС: | Види: извештај од соработникот |
| (Христос Панделис АЛТИС) | _________[503] од 6/5/1955 година. |
| ПЛД. 467) | Веројатно идентичен со погоре |
| | спомнатиот Р. АЛТИН како благајник). |

[502] Во оригиналните документи на Австралиска организација за безбедносно разузнавање АСИО во најголем број од случаите зад секое лице кое било предмет на интерес е наведена кратенката ВПФ (VPF) која се однесува на Потврдено лично досие (англ. Validated Personal File). Оттука, во натамошниот дел од зборникот редакцијата ја користи кратенката ПЛД.

[503] Името е прекриено во оригиналниот документ.

Дане ТРПКОС: Веројатно идентичен со Д. ТРПКОВ, ПЛД 5652, спомнат погоре како издавач на „Македонска искра". Се тврди дека е сопственик на продавница за хамбургери во близина на киното во Нортќоут.

Евтимиос ТРАЈАНУ: Веројатно идентичен со лицето со ПЛД 6335. Се тврди дека живее на фарма во близина на Вериби.

Стојанис САРБИНИС: Веројатно идентичен со Стојан САРБИНОВ, ПЛД 8487, спомнат погоре како уредник на „Македонска искра". Сопственик на продавница за говедско месо и шунка на улица „Викторија", Ричмонд и живее во Бејвин. Постои информација дека набрзо ќе оди во Бугарија за наводен медицински третман на неговиот син кој има Полио[504]. Овој мотив е сомнителен.

Стојче СТОИТИС: (непознат)

Џим ФИЛИПУ: (непознат)

Петрос БОЗИНИС: (непознат)

Танас ТАНАСОВ: (непознат)

Џорџ РАЧКАС: (непознат)

Андониос ФИЛИПУ: (непознат)

Панделис ДАЈКОС: (веројатно идентичен со Питер ДАЈКОС, ПЛД 4135)

Борис ВАЛКАНОВ: (непознат)

Давид ПАПАРУСИС: (непознат)

Алексо ПЕТРУ: (непознат)

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ ОФИЦЕР:

7. Тука е прикачен примерок од „Македонска искра" кој беше спомнат погоре. Беа направени обиди да се итврдат идентитетите на оние што се означени како непознати. Наидовме на особени тешкотии поради специфичното спелување кое се користи од страна на Грците, Македонците и Бугарите на крајот од нивните презимиња. Сепак, беше спроведена истрага во евиденцијата на Ц. Р. С.[505] и тука се прикачени подолу наведените досиеја од Ц. Р. С. за кои се верува дека се однесуваат на одредени инстанци на претходно спомнатите лица:

Ц. Р. С. Досие В. 45881: Стојче СТОИЦЕС или СТОЈЧЕС (СТОЈЧЕВ) Стојче Петрос. Се тврди дека има рибарница во Источен Брунсвик каде што и живее.

---

[504] Полиомиелитис или детска парализа.

[505] Централна разузнавачка служба.

Ц. Р. С. Досие В. 45881[506]: Џим ФИЛИПУ (непознат). Постои информација дека има продавница за деликатеси на улица „Лајгон“, Карлтон, каде што и живее.
Ц. Р. С. Досие В. 21749: Петрос БОЗИНИС (непознат). Работник. Се верува дека живее на улица „Кондел“, Клифтон хил.
: Танас ТАНАСОФ (непознат). Нема податоци во Ц. Р. С. Се тврди дека работи како обичен работник и дека е самец. Продава комунистичка литература во Македонскиот клуб и е опишан како многу лош тип на човек.
Ц. Р. С. Досие В. 40415: Џорџ РАЧНИАС. Веројатно идентичен со Џорџ РАЧКАС. Се тврди дека е самец кој работи како работник. Живее на улица „Бел“ во Фицрој.
: Андониос ФИЛИПУ (непознат) Нема податоци во Ц. Р. С. Се тврди дека е столар. Живее заедно со претходно спомнатиот РАЧКАС на улица „Бел“, Фицрој.
Ц. Р. С. Досие В. 45551: Панделис ДАЈКОС – П. ДАЈКОН – Се тврди дека е оженет човек и дека има рибарница на улица „Хаплер“, Јужен Мелбурн. Живее над продавницата. (Види: погоре Питер ДАЈКОС, ПЛД 4135
: Борис ВАЛКАНОВ (непознат). Нема податоци во Ц. Р. С. Се тврди дека ја напуштил Австралија и заминал за Бугарија пред некое време (12 месеци).
ЦРС. Досие В. 45882: Давид Николау ПАПАРУСИС (непознат) Се тврди дека има пиљара за западните предградија околу 10 милји од градот. Има информација дека дошол во Викторија од Западна Австралија и е натурализиран британски државјани. Служел во Австралиската армија.
: Алексо ПЕТРУ (непознат) Можеби идентичен со Павлос ПЕТРУ, кому е однесува досието Ц. Р. С. 45880. За Алексо ПЕТРУ се тврди дека е самец кој работи како бербер на улица „Лонсдејл“ и живее во Ричмонд. Виден е како дистрибуира литература на Комунистичката партија на Австралија во време на избори.
<u>ДИСТРИБУЦИЈА:</u>
Централа. Конзументски оддел
(како што е потребно)
Б.1.[507] Викторија
(како што е потребно)

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 112-115.

---

[506] Погрешен број во оригиналниот документ. Би требало да стои 10 408.
[507] Оддел 1.

# 90

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Стојан Сарбинов и Борис Валканов, 11 јули 1955 година

ИЗВЕШТАЈ

ТАЈНО
3/2/207

Евалуација:[508] Датум на информирање: 5/7/1955
Симбол на изворот:[509] Датум на настанот: Актуелен
Држава: Викторија Датум на известување: 11/7/1955

1. [510]
2.[511]

ИНФОРМАЦИЈА:

3. Добро е познат фактот меѓу македонската заедница во Фицрој/Брунсвик дека Стојан САРБИНОВ (ПЛД[512] 8487) имаше многу малку пари, можеби и немаше воопшто, кога неодамна ја напушти Австралија и замина во Бугарија. Се тврди дека неговата повратна карта е платена на некој начин од страна на бугарската влада. Писмата кои се испратени од САРБИНОВ до пријателите во Фицрој покажуваат дека тој има намера набрзо да се врати во Австралија преку Канада. Тој понатаму продолжува дека се сретнал на турско-бугарската граница со Борис ВАЛКАНОВ (непознат) и му бил приреден прием од страна на официјални лица на Бугарската комунистичка партија. Тој, исто така, вели дека бугарската влада има намера н некој начин на некој начин да обезбеди, бесплатно, печатарска машина за потребите на македонските комунисти во Мелбурн.

4. Борис ВАЛКАНОВ беше спомнат во извештајот на[513] од 7/6/1955 година. За овој човек се знае дека живеел во реонот на Фицрој 10 – 12

[508] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[509] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[510] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[511] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[512] Потврдено лично досие.
[513] Името е прекриено во оригиналниот документ.

години и работел како работник во фабрика. Тој заминал во Бугарија шред 12-13 месеци и наводно нема намера да се врати тука. Додека бил во Мелбурн тој бил самодеклариран комунист и дистрибуирал грчка и македонска комунистичка литература.
ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел (како што е потребно)
Б. 1.[514] Викторија (како што е потребно)

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 116.

---

[514] Оддел 1.

# 91

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со печатењето на весникот „Македонска искра“, 9 септември 1955 година

ИЗВЕШТАЈ
ТАЈНО
3/2/207

Евалуација: В.2. Датум на информирање: 23/8/1955
Симбол на изворот:[515] Датум на настанот: /
Држава: Викторија Датум на известување: 9/9/1955
1. [516]
2.[517]
ИНФОРМАЦИЈА:
3. Тука е прикачен примерок од изданието од јули/август на „Македонска искра“
(П. О. Д.[518] 393/15), орган на Македонско-австралискиот народен сојуз (ПОД12).
4. На страница 4 може да се види дека е издаден од страна на Д. ТРПКОВ (ПЛД[519] 5652) од улица „Јанг“ бр. 52, Фицрој и отпечатен од „Коронејшн прес Пту. Лтд.“ од Корс лејн бр. 16, Мелбурн. Колона 5 и 6 од страница 1, колони 1, 2 и 3 од страница 3 и колони1 и 2 од страница 5 содржат долг напис од Стојан САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487) во кои се даваат детали за неговото неодамнешно патување во Бугарија. Исто така, таму се спомнува и се потврдува дека тој бил пречекан од Борис ВАЛКАНОВ (П. Л. Д. 9490) на турско-бугарската граница. (Види ги извештаите на[520] од 11/7/1955 и 17/8/1955)
ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел(како што е потребно)
Б.1.[521] Викторија (како што е потребно)
Копија во: „Македонска искра“
Копија во: Македонско-австралиски народен сојуз
ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 117.

[515] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[516] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[517] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[518] Потврдено организациско досие.
[519] Потврдено лично досие.
[520] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[521] Оддел 1.

# 92

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со раководни лица на Македонско-австралискиот народен сојуз, 9 ноември 1955 година

ТАЈНО[522]

2.

Извештај: 9. 11. 1955 година

Заменици секретари: Џ. КАРАФИЛОВ
В. ВЛАШЕВ
Благајник: Т. ЈАНЕВ
Заменици благајници: Д. ПЕТРОВ
Ф. ПЕТКОВ
Надзорен комитет Н. КИРПЕВ
членови: А. БЕДЕЛИ
Л. МАЛКО
Социјален комитет: Т. ВЛАШЕВ
Б. ТАНОВ
Л. МАНОВ
Л. АНДОН

---

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел(како што е потребно)
Б. 1.[523] Викторија (како што е потребно)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 120.

---

[522] Првата страница од документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.
[523] Оддел 1.

# 93

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Стојан Сарбинов, 9 ноември 1955 година

ИЗВЕШТАЈ

ТАЈНО
3/2/207

Евалуација: Б. 1 — Датум на информирање: 25/10/1955
Симбол на изворот:[524] — Датум на настанот: /
Држава: Викторија — Датум на известување: 9/11/1955

1. [525]
2.[526]

<u>ИНФОРМАЦИЈА:</u>

3. Тука е прикачен примерок од септемврискиот број на „Македонска искра“ (ПОД[527] 393/15). Издавачот и печатарот се истите како и за бројот од јули/август. (Види: извештај на[528] од 9.9.1955 година)

4. Во различни написи на погоре спомнатиот број се опишуваат неодамнешните патувања низ Комонвелтот на Стојан САРБИНОВ (П. Л. Д.[529] 847), уредникот на весникот.

Причината за неговите патувања беше да собере неопходни финансиски средства кои се итно потребни за весикот да продолжи да излегува.

5. Додека бил во Западна Австралија, тој собрал 125 фунти во Џералдтон каде што познато е дека еден од неговите верни поддржувачи е Л. ПИРИДИО (непознат). Тој собрал 100 фунти во Перт и познато е дека претседател на Македонско-австралискиот народен сојуз (ПОД 12) е К. АНГЕЛКОВ (непознат).

6. Во Аделаида додека се прикажувал руски филм, била организирана донаторска акција за погоре спомнатиот весник и биле собрани 56 фунти. Лицето кое било одговорно за собирањето на овие средства

[524] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[525] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[526] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[527] Потврдено организациско досие.
[528] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[529] Потврдено лично досие.

бил Коста ЌОСЕВ (непознат) од Гиркалди роуд, Фулам Гарденс, Јужна Австралија.

7. САРБИНОВ обезбедил 100 фунти за весникот во Сиднеј и додека бил таму присуствувал на годишното собрание на огранокот од Нов Јужен Велс на Македонско-австралискиот народен сојуз кое било одржано во Сиднеј трејдс хол на 31 јули 1955 година. Генералниот конзул на Југославија, д-р НЕГОВАН (непознат), бил, исто така, присутен и привремениот управен комитет на годишното собрание се состоел од следниве лица:

Н. КИПРЕВ
Л. МАЛКО
Л. ЛАЗОВ
И. СТЕФАНОВ
Б. ПЕТРОВ
А. БЕДЕЛИ

8. Извршниот комитет за актуелната година бил соодветно избран и се состои од следниве лица:

Претседател: Боше ЧАДЕВИЌ
А. ДИАМАНТИ
Н. ВЕЛИОВСКИ

ТАЈНО

Копија 5/6/74
САРБИНОВ Стојан Васил[530]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 121.

[530] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

# 94

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Иван Неделковски, 21 ноември 1955 година

ИЗВЕШТАЈ

ТАЈНО

3/2/207

| | |
|---|---|
| Евалуација:[531] | Датум на информирање: 13/11/1955 |
| Симбол на изворот:[532] | Датум на настанот: Актуелен |
| Држава: Викторија | Датум на известување: 21/11/1955 |

1. [533]

2.[534]

Информацијата се смета дека е точна и сигурна.

ИНФОРМАЦИЈА:

3. Актуелниот менаџер (веројатно и сопственик) на Југословенскиот клуб (ПОД[535] 794/21/1) на улица „Јанг“ бр. 52, Фицрој, е Ване НЕДЕЛКОВСКИ (непознат). Клубот се користи како централа на Македонско-австралискиот народен сојуз (ПОД12). За НЕДЕЛКОВСКИ се знае дека е Македонец иако е познато дека живеел во Југославија.

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ ОФИЦЕР И ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВА

4. Спроведената истрага во податоците со кои располага Одделот за имиграција покажа дека погоре спомнатиот странски државјанин е идентичен со Иван НЕДЕЛКОВСКИ – чијашто копија од неговиот формулар Б.А.1[536] е прикачена тука. Поради недостиг од персонал, не е можно да се изработи копија на неговата фотографија. Податоците во Одделот за имиграција укажуваат дека домашната адреса на овој човек е на улица „Јанг“ бр. 121, Фицрој, и дека негово последно вработување е на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој.[537]

[531] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[532] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[533] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[534] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[535] Потврдено организациско досие.
[536] Се однесува на формулар за добивање дозвола за престој.
[537] Последниот пасус е прекриен во оригиналниот документ.

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел(како што е потребно)
Б. 1.[538] Викторија (како што е потребно)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 118.

[538] Оддел 1.

# 95

# Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Австралиската главна територија до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето на информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 22 февруари 1956 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ТАЈНО

3/2/43

3/2/207
Главен истражен оддел
Огранок „Д“
Фах 36, П. О.
Канбера, А.Г.Т.[539]

22 февруари 1956 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО
(Огранок Б1)

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Во врска со меморандумот на Централата 3/2/207 (1315) од 13 февруари 1956 година.
2. Не е достапна никаква информација во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во А.Г.Т.
3. Не е можно да се утврди дали постои огранок на овој Сојуз во А.Г.Т.

в.д. Регионален директор, А.Г.Т.[540]

Дистрбуција:
Копија бр. 1 – Централа
Копија бр. 2 – 3/2/43
Копија бр. 3 – Кутијата на датотеката.

ТАЈНО

П.А.
24/2/56[541]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 122.

---

[539] Австралиска главна територија.
[540] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[541] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

# 96

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Тасманија до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 6 март 1956 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ТАЈНО
3/2/72
3/2/207

Главен istражен оддел

Огранок „Д"
Фах 303Ф, ГПО

Хобарт
6 март 1955 година[542]

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме земете го предвид Вашиот меморандум 1315 (3/2/207) од 13 февруари 1956 година, во врска со погоре спомнатиот Сојуз.

2. Беше спроведена обемна истрага меѓу странските заедници, меѓутоа не се појавија никакви докази кои сугерираат дека постои огранок на овој Сојуз во Тасманија.

Регионален директор[543]
ТАСМАНИЈА

Дистрбуција:
Копија бр. 1 – Централа
Копија бр. 2 – 3/2/43
Копија бр. 3 – Кутија.
П.А.
8/2/56[544]

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 123.

---

[542] Погрешна година во оригиналниот документ. Би требало да биде 1956 година.
[543] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[544] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

# 97

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Папуа Нова Гвинеја до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 8 март 1956 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ТАЈНО

3/2/36
3/2/207
Главен истражен оддел

Огранок „Д“

П.О. Фах 34

Порт Морезби

Територија на Папуа Нова Гвинеја

8 март 1956 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Ве молиме земете го предвид мемoрнадумот на Централата 3/2/207 од 13 февруари 1956 година, во врска со погоре спомнатиот случај.

2. Ниту една од овие организации не постои на оваа Територија.

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР[545]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 124.

---

[545] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 98

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Квинсленд до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето на информација за постоењето огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 16 март 1956 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
3/2/207
3/2/115
Главен истражен оддел
Огранок „Д“
Фах 3А, ГПО,
Бризбејн
16 март 1956 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме земете го предвид мемornадумот на Генералниот директор (1315) 3/2/207 од 13 февруари 1956 година.

2. Прикачен е извештај во врска со овој случај од страна на _________[546] во кој се укажува дека погоре спомнатата Организација не постои во оваа држава.

Регионален директор[547]

Квинсленд

ТАЈНО

Р/С
48/3/56[548]

---

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОВЕЛТ
(АСИО)

---

[546] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[547] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[548] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

Бризбејн

15 март 1956 година

До Регионалниот директор,
Квинсленд.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Во врска со меморандумот од Централата 3/2/207 (1315) од 13 февруари 1956 година, согласно со спроведената истрага меѓу _______[549] укажува дека не постои огранок на погоре спомнатата организација во Квинсленд, ниту, пак, некогаш постоела.

2. _________[550] тврди дека меѓу Грците постои уверување дека единствено Викторија е државата во која дејствува овој Сојуз во моментот.

Теренски офицер[551]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 125, 126.

---

[549] Името или топонимот се прекриени во оригиналниот документ.
[550] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[551] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 99

# Меморандум до Централата на АСИО во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз и превод на неговиот Устав, 13 април 1956 година

3/2/73/Б1

ТАЈНО

508

13 април 1956 година

МЕМОРАНДУМ за:

Централата на АСИО (2)

Македонско-австралиски народен сојуз

(Западна Австралија)

Во врска со Вашиот меморандум 3/2/207 од 13 февруари 1956 година и дописот 19/42/3 од 9 фервуари 1956 година, беа добиени следите информации за погоре спомнатата организација –

2. Објавени цели: За други цели, освен оние што се наведени во Уставот, не се достапни податоци

3.Устав. Тука е прикачена печатена верзија на Уставот. Датумот на донесување не е познат, но отпечатен е пред 1949 година.

4. Носители на функции. Од Уставот може да се заклучи дека МАНС е организиран во огранoци кои се претставени директно во Националниот комитет (сега лоциран во Сиднеј). Постојат три огранока во ЗА[552], имено „Единство“ во Перт, „Слобода“ во Менџимап (центар за производство на млечни производи и за одгледување тутун на југозапад) и „Нова Македонија“ во Џералдтон (пристаниште на северозапад каде што поголемиот број од Македонците се ангажирани како одгледувачи на градинарски производи). Актуените носители на функции се познати за двата последни огранока, но не беше можно да се одреди актуелното раководство на огранокот „Единство“. Познатите водечки личности на овој огранок се следниве:

огранок „Единство“ – Перт

Водечки личности: АНГЕЛКОВ, Кирил Василев КПА[553], член, поранешен претседател на МАНС; 1948 година

[552] Западна Австралија.

[553] Комунистичка партија на Австралија.

| | |
|---|---|
| ДЕМИРОВ, С. | Секретар, „Единство“, 1948 година |
| ГОЧЕВ, Петре | Зам. Благајник „Единство“, 19[554] година |
| ИВАНОВ; Иван | Зам. Благајник „Единство“, 195[555] година |
| ЛАЗОВСКИ, Коста | Контролен комитет „Единство“, 1953 година |
| МИЛАНКОВ, Лазо | Контролен комитет „Единство“, 1953 година |
| ШАЛВАРИНА, Риста | Контролен комитет „Единство“, 1953 година |
| ШАРИНИС, Наум Петроу | КПА, член (1949 година) |
| СИДЕРИС, Петер Џорџ | КПА, член, секретар на „Единство“, 1953 година |
| СИДЕРИС, Атрина Констанс | КПА, член (1949 година) |
| СТЕФОВСКИ, Илија | Претседател „Единство“, 195[556] година |
| ВАСИЛУ, Христос Филипоу | КПА, член |
| ЕЛИОПУЛОС, Ентони познат како ВЕЛИОВСКИ, Тони | Заменик секретар на “Единство“, 1953 година |

<u>Огранок „Слобода“ – Менџимап</u>

| | | |
|---|---|---|
| Претседател: | КАЛМАРОВ, А. веројатно | |
| | КАЛАМАРАС, Атанасе | НДП[557] |
| Потпретседател: | АЛИАКИС, Р. | Н. Д. П. |
| Секретар: | ГРЗОВСКИ, Џон веројатно | |
| | ГРОЗОТИС, Јоанис Наум | КПА, член (1949 година) |
| Благајник: | МЕЧКАРОВ, С. веројатно | |
| | МЕТСКАРИС, Стефанос Константину | |
| | Благајник „Слобода“, 1950 година | |
| Комитет: | БИЛЧУРОВ, Н. | Н. Д. П. |
| | ГРЗОВСКИ, Т. веројатно | |
| | ГРОЗОТИС, Тери | |
| | брат на Јоанис Наум ГРОЗОТИС, | Н. Д. П. |
| | ПОПОВ, Р. | Н. Д. П. |
| | ВЛАОВ, П. веројатно | |
| | ВЛАХОС, Петрос Павлу | Н. Д. П. |
| Комитет за настани: | АЛИАКИС, Р. | Н. Д. П. |
| | ДЕЛИЈАНОВ, Г. веројатно | |
| | ДЕЛИГИАНИС, Георгиос Димитру | Н. Д. П. |
| | ГРЗОВСКИ, И. веројатно | |
| | ГРОЗОТИС, Јоанис Наум | КПА, член (1949 година) |

[554] Годината недостига во оригиналниот документ.
[555] Годината недостига во оригиналниот документ.
[556] Годината недостига во оригиналниот документ.
[557] Нема достапни податоци.

| | | |
|---|---|---|
| | ПЕТКОВ, С. веројатно | КПА, член (1952 година) |
| | ПЕЈКОС Ансатасиу Наум | |
| | благајник „Единство“,1953 година | |

Огранок „Нова Македонија“ – Џералдтон

| | | |
|---|---|---|
| Претседател: | ЧОЛАКОВ, Спиро веројатно | |
| | ЦОЛАКИС, Спиро | КПА член (1949 година) |
| Потпретседател: | ПОПОВ, Митре веројатно | |
| | ПОПОВ, Димитриос Константину | Н. Д. П. |
| Секретар: | СЕКУЛОВ, Г веројатно | |
| | СЕКИУЛОВ, Трајан Џорџ | КПА член (1949 година) |

5. Активности: Ние немаме податоци за активнсти на МАНС во оваа држава кои заслужуваат истрага. Активностите кои добиваат публицитет во официјалниот орган на организацијата „Македонска искра“ се воглавно од социјална и спортска природа. Меѓутоа, овие два вида на активности сепак се следени со интерес од страна на службата.

6. Преводот на „Македонска искра“ од февруари 1953 година наведе дека другарот ТРПКОВ ќе ја посети ЗА[558] за време на Велигден за да обезбеди, во улога на уредник, финансиска поддршка за „Македонка искра“. Написот продолжува дека „Македонска искра“ ги понудила своите страници во поддршка на борбата за светски мир и за борбата на Македонците за обединување и слобода.

7. Во преводот од октомври-ноември, 1955 година на изданието на „Македонска искра“ се наведува дека Стојан САРБИНОВ од Мелбурн и Кирил АНГЕЛКОВ од Перт го посетиле Менџимап во септември 1955 година. Бил одржан јавен собир на кој се обратил САРБИНОВ говорејќи за неговите искуства во Народна Република Бугарија. Подоцна САРБИНОВ и АНГЕЛКОВ зброуваа за организацијата, потребата за помош за „Македонска искра“ и потребата за македонска сала во Менџимап. Огранокот во Мемџимап оттогаш избраа комитети за собирање финансиски средства за „Македонска искра“ и за изградба на македонска сала.

---

УСТАВ

на

МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

---

Име

558 Западна Австралија.

1. Името на организацијата ќе биде Македонски народен сојуз на Австралија.
2. Македонскиот народен сојуз на Австралија нема никаква желба или намера да потисне или замени која било владина или јавна институција, ниту, пак, која било индустриска или економска организација на австралискиот народ.
3. Македонскиот народен сојуз на Австралија е непартиска, несеционистичка организација која како своја основна цел има да ги организира Македонците во Австралија за да се грижат за нивните потреби и проблеми преку:
а) создавање центри за лични контакти и културен развој.
б) да работи на подобро разбирање и единство меѓу Македонците и австралискиот народ. Да ги приспоби како демократски граѓани и да ги поттикнува да се зачленуваат во синдикални организации, земјоделски организации и други институции на австралискиот народ и да им помогне да исполнуваат нивните обврски кон овие институции.
в) да помогне на движењето за демократска слобода на македонскиот народ и да ги издигнува идеалите за меѓународно братство и народна демократија.
4. централата на Сојузот ќе биде лоцирана во Перт или во кое било друго место за кое ќе одлучи Националниот комитет на неговата Конференција како главен град.

Состав

5. (а) Македонскиот народен сојуз на Австралија е составен од локални ограноци, клубови и други македонски организации во Австралија, чиишто цели и интереси не се во колизија со оние што се наведени во овој Устав и кои се прифатени од страна на Сојузот со одлука на Конференцијата на Националниот комитет меѓу националните конференции и кои имаат не помалку од седум членови.
(б) Македонскиот народен сојуз има свој Национален комитет и Надзорен комитет кои се бираат од членовите кои плаќаат членарина на Сојузот секоја година.
(в) Со одлука на Конференцијата на Националниот комитет и во договор со локалните ограноци за прашања од локален карактер, може да бидат формирани обласни комитети кои ќе бидат составени од претставници на ограноците и кои ќе имаат задача да ја координираат и раководат работата на тие ограноци со Националниот комитет.

Конференција

6. (а) Врховно тело на Македонскиот народен сојуз е неговата Конференција, која би требало да се одржува, доколку е можно, секои три години и чиешто одржување му е доверено на Националниот комитет со одобрение од мнозинството ограноци.

(б) Конференцијата се состои од избрани делегати од локалните ограноци, додека секој огранок има право да испрати тројца делегати кои ќе ги имаат сите права, освен правото на глас.

(в) Правото на глас му припаѓа на оној делегат или оние делегати кои се избрани од огранокот, додека секој огранок кој се состои од 7 до 30 члена има право на еден глас, како и дополнителен глас за секои дополнителни 30 членови, но не повеќе од 5 гласа вкупно. Бројот на членовите се одредува според плаќањето на членарината и процентот кој се насочува кон Националниот комитет, не подоцна од три месеци пред одржувањето на Конференцијата.

(г) Членовите на Националниот комитет и Надзорниот комитет имаат право да присуствуваат на Конференцијата и ги имаат истите права како делегатите освен правото на глас, додека претседателот, секретарот и благајникот ги имаат сите права, како и правото на глас.

(д) Телото кое ја организира Конференцијата ќе ја поднесе агендата на таа Конференција која ќе биде прифатена или одбиена од страна на мнозинството организации кои се во составот на Сојузот.

(ѓ) Конференцијата има надлежност да ги дискутира сите активности на Сојузот, неговите органи или ограноци; да ги планира идните активности и да донесува резолуции; да одлучува за бројот на членови во Националниот комитет и во Надзорниот комитет и нивната распределба по области; да го определува бројот на службениците и нивните плати; да исклучува или да прима ограноци на Сојузот во Сојузот; да решава недоразбирања и да носи одлуки за печатење органи на организацијата.

Национален комитет

23. (а) Националниот комитет е врховен орган на Сојузот меѓу Конференциите и негова задача е да ги спроведува одлуките кои се донесени на Конференцијата во духот на Уставот и на Конференцијата; да овозможи помош и поддршка за раководството на локалните ограноци; да интревенира и да разрешува недоразбирања и други прашања и задачи кои се посебно нагласени во овој Устав.

(б) Националниот комитет се состои од службеници, претставнции во ограноците, и по една претставничка на жените и еден претставник на

младината; вкупниот број треба да биде одреден на Конференцијата, кој, сепак, може да се измени од страна на мнозинството на ограноците кои имат мнозинство на членови со предлог на Националниот комитет или, пак, од една четвртина од пропоените ограниоци. Доколку централата на Националниот комитет биде префрлена во друга област, таа област би избрала четворица членови, како и членовите на Надзорниот комитет.
(в) Изборите ќе се одржуваат секоја година меѓу септември и декември и секој член кој плаќа членарина и има наполнето 18 години и има право на глас, на овој начин ќе ги избере службениците во Националниот комитет, претставничките на жените  и членовите на Надзорниот комитет, додека членовите на различните ограноци ќе ги изберат своите претставници на ограноците; но единствено членовите на младинските секции или младите членови на организацијата ќе ги изберат своите младински претставници.
(г) Изборите ќе бидат спроведени со тајно гласање на листови хартија, листови кои мора да ги содржат имињата на сите кандидати кои се номинирани на која било функција по азбучен ред. Секој гласач ќе стави крст, напишан со мастило, пред името на секој од кандидатите кој тој посакува да биде избран.
(д) Кандидатоте се номинирани од страна на ограноците на Сојузот со мнозинство гласови на нивните редовни состаноци и ќе го известат избирачкиот одбор за таквите номинации, при што секој огранок има право да номинира еден кандидат за секоја позиција на службеник, за женски претставник, како и за претставник на нивната област, додека младинските организации имаат право да номинираат младински кандидати.
(ѓ) Гласачките листови ќе бидат подготвени од страна на избирачкиот одбор и ќе бидат потпишани од страна на претседателот на избирачкиот одбор и од страна на секретарот на секоја од организациите со нивниот печат, и таквите гласачки листови ќе им бидат дадени единствено на членовите кои плаќаат членарина, врз основа на покажување на нивните членски карти; тие членови мораат да го потврдат приемот на гласачките ливчиња со нивен потпис на посебен формулар. Овој формулар мора да му биде вратен од секој секретар на избирачкиот одбор пред датумот кој ќе биде одреден како конечен и ќе бидат прифатени само толку гласови колку што ќе бидат депонирани потписи.
(е) Гласачките ливчиња мора да бидат ставени од страна на гласачите во плик кој ќе биде затворен, со тоа осигурувајќи тајно гласање. Потоа пликот ќе му биде предаден од гласачот на секретарот.

(ж) Номинациите кои ќе бидат направени на редовните состаноци во септември мораат да стигнат избирачкиот одбор не подоцна од дваесеттиот ден во месецот. Избирачкиот одбор трерба да испрати гласачки ливчиња не подоцна од 20-тиот ден од следниот месец. Организациите ќе изберат комитети составени од тројца членови кои ќе ги земат гласачките ливчиња од секретарот, ќе ги пребројат гласовите за секој од кандидатите, и потоа ќе ги препратат резултатите од гласањето, заедно со гласачките ливчиња до централниот избирачки одбор не подоцна од следниот 20ти ноември; и централниот избирачки одбор ќе ги соопшти резултатите од гласањето не подозна од 20ти декември. Испраќањето на сите гласачки ливчиња треба да се врши преку регистрирана пошта.
(з) Новоизбраниот комитет ќе стапи на должност и ќе дејствува од 31 јануари натаму.
(ѕ) Приговор во однос на изборите поради нерегуларност би можел да се вложи со мнозинство гласови од секој од ограноците и тој приговор, заедно со објаснување од централниот избирачки одбор и од избирачкиот одбор на обласата ќе бидат поднесени пред одборот на соодветната област, а потоа пред организацијата во таа област и приговорот ќе биде прифате или отфрлен; доколку се именувани лица на тие позиции, за тие позиции ќе бидат спроведени нови изобри и ограноците ќе имаат право да побараат и да изберат нов избирзчки одбор.
(и) Ограноците имаат право да го отповикаат секој член на Националнот комитет, или на Надзорниот комитет, во кое било време меѓу два избора. Секој огранок со мнозинство гласови има право да отповика кое било назначено лице или, пак, претставник во женската секција. Во случај кога ќе биде отпочната постапка за разрешување на избраното лице во Националниот комитет или, пак, во женската секција, приговорот ќе биде испратен до сите ограноци и доколку е прифатен од страна на мнозинството од ограноците со мнозинство од членовите, позицијата тогаш ќе се смета за испразнета сè додека предлогот за повлекување на претставникот на обласа не биде ставен на разгледување пред соодветната област и не биде усвоен или одбиен од мнозинството на ограноци и мнозинството членови на таа област.
(ј) За сите испразнети позиции во Националниот или Надзорниот комитет ќе бидат организирани нови избори најдоцна во рок од еден месец по испразнувањето на позицијата и секоја позиција треба да биде пополнета најдоцна два месеци од денот кога е испразнета.

Надзорен комитет

8. (а) Задачата на Надзорниот комитет е да надгледува дали Националниот комитет ќе ги извршува коректно и совесно своите обврски; да го надгледува финансирањето на Националнот комитет и да ги проверува сметководствените книги еднш месечно или, пак, кога ќе се смета за пожелно. Националниот комитет треба да биде известен три дена пред да бидат преземени таквите чекори; еден члн на Надзорниот комитет треба да биде присутен на секој состанок а Националниот комитет со право да земе учество во дискусиите.

8. (б) Во случај на губење доверба на Националниот комитет, Надзорниот комитет треба да ги извести засегнатите ограноци и треба да ја спорведе одлуката на мнозинството ограноци.

Локални ограноци

9. (а) Сите ограноци кои членуваат во овој Сојуз имаат право да изберат свое име и свои внатрешни права и прописи доколку тие права и прописи не се во колизија со правата и правилата на овој Устав.

(б) Во врска со жените, ќе бидат формирани посебни женски секции кои самостојно ќе одлучуваат во врска со нивните активности, но ќе дејствуваат во соработка со локалниот огранок и ќе одржуваат котакти со Националниот комитет; секоја жена која е член може да учествува во активностите и одлуките на нејзиниот локален огранок.

(в) За малдите ќе биде формирана посебна младинска секција која ќе може да дејствува самостојно, но во соработка со локалниот огранок; членовите на младинската секција имаат прво слободно да соработуваат со секоја австралиска демократска младинска организација и нивните задачи се исти како што е наведено во овој Устав.

(г) Локалните ограноци можат да ја поделат нивната работа во различни секции, како на пример драмска секција, оркестар, спортска секција и така натаму, и секоја од секциите ќе има свој раковдител, но таквите локални комитети во огранокот се во целост приклучени и подредени во целост на локалниот огранок.

Членство

10. (а) Секоја личност која има македонско потекло или потекнува од Македонци, која го прифаќа овој Устав и чиишто активности или активности на друга организација во која членува не се во судир со принципите на овој Устав или со интересите на австралискиот или македонскиот народ, може да биде член на овој Сојуз или на неговите ограноци.

(б) Членувањето се добива преку поднесено барање до локалниот огранок и за членувањето се одлучува на редовен состанок од страна на мнозинството.
(в) Секоја личност чиешто барање за членство е одбиено има право да поднесе приговор до Националниот комитет или Конференцијата, и нивната одлука е конечна.
(г) Членувањето е уредено на следниот начин: членувањето за возрасните е можно за двата пола на возраст над 18 години, но доколку постои младинска секција лицата кои имаат меѓу 14 и 22 години добиваат право на младински членови: децата кои се под 14 годишна возраст може да станат членови на пионерската организација.

Членарина

11. (а) Членарината се собира од локалниот огранок, од која едната половина се испраќа на Националниот комитет во рок од три месеци, од каде едната половина на таа половина се испраќана обласните комитети; втората половина останува кај локалниот огранок.
(б) Возрасните членови плаќаат 2 фунти за приклучување и 2 фунти месечно доколку тој или таа се во работен однос или, пак, доколку раководниот комитет на огранокот ја смета неговата/нејизната финансиска состојба добра.
(в) Невработени или болни членови плаќаат 1 фунта за приклучување и членство во висина од 3 шилинзи додека се на боледување или, пак, се невработени.
(г) Жените, домаќинките и младите под 18 и над 14 годишна возраст плаќаат 1 фунта за приклучување и месечна членарина во висина од 6 шилинзи.
(д) Младите кои се на возраст под 14 години и чиишто родители имаат финансиска можност, плаќаат 6 шилинзи за приклучување и месечна членарина во висија од 3 шилинзи.
(ѓ) Членовите кои служат во воените сили плаќаат 1 фунта за приклучување и 1 фунта месечна членарина.
(е) Секој локален огранок има право, заедно со Националниот комитет, да ја зголеми месечната членарина и може да прифаќа уплата на членарина однапред, доколку огранокот го смета ова за соодветно.

Одлуки

12. Сите одлуки на овој Сојуз и на неговите ограноци се носат со мнозинство гласови на јавно гласање, освен во случај кога тоа е посебно уредено од страна на овој Устав.

Извештаи

13. Локалните ограноци ќе му доставуваат редовни месечни извештаи на Националниот комитет, додека државните ограноци ќе доставуваат извештаи секои три месеци, во кои ќе бидат наведени сите донесени одлуки и спроведени активности за кои треба да бидат предмет на кореспонденција.

Права на членовите

14. (а) Секој член на овој Сојуз и неговите ограноци има еднакви права, како и правото да зборува слободно, да се движи, да гласа и избира и да биде избран и да има придобивки во рамките на членувањето од активностите и имотот на Сојузот.

(б) Членовите на младинските секции немаат право да гласаат во организацијата на возрасните.

Обврски

15. Обврска на секој член да ги споролведува целосно и совесно зададените задачи и да работи на напредокот на Сојузот и на неговите цели.

Исклучување

16. (а) Правото на исклучување на членовите им е доверено на мнозинството членови на локалниот огранок доколку се декаже дека спомнатиот член дејствувал спротивно од овој Устав и неговите принципи, или, пак, материјално или морално го оштетил Сојузот или, пак, бил вклучен во опасни социјални активности.

(б) Исклучениот член има право на жалба до Националниот комитет, а потоа и до Конференцијата.

(в) Престанокот на членувањето станува ефективно со одлука на локалниот огранок кога месечната членарина не е платена во континуитет од три месеци и тој или таа не доставил/а валидна причина за неподмирувањето на тие обврски.

(г) Единствено Националниот комитет има право да исклучи член на Националниот комитет, со мнозинство гласови, доколку утврдат дека посочениот член се однесувал спротивно на Уставот и правилата и исклучувањето станува ефективно единствено доколку е поддржано од мнозинството ограноци.

Промена на живеалиште

17. Кога член ќе го промени своето живеалиште тој има полно право да го продолжи своето членување во ограноците кои се лоцирани во неговото ново место на живеење.

Исклучување на ограноци

18. Правото на исклучување на приклучените ограноци од Сојузот е право на Конференцијата на Сојузот и се носи со мнозинство гласови, како и на Националниот комитет во перидот меѓу две Конференции. Во таков случај исклучениот огранок има право да вложи жалба до Конференцијата на Сојузот. Исклучувањето се реализира доколку дејствувањето на огранокот е во споритвност на Уставот и правилата на овој Сојуз.

Распуштање

19. Распуштањето на овој Сојуз е доделено на Конференцијата на Сојузот, и Конференцијата ќе одлучи за отуѓување на средствата, но таквото отуѓување не може да биде доделено на една индивидуа, туку на движење или организација.

Распуштање на локалните ограноци

20. (а) Распуштањето на локалните огрноци е доделено на мнозинството гласови на членовите на огранокот.

(б) Распуштањето снавува ефективно кога бројот на членови ќе падне под седум (7).

(в) Средствата на распуштениот огранок преминуваат во корист на Националниот комитет и на најблискиот огранок на Сојузот сè додека не се содзаде нов огранок во таа област.

Публикации

21. Секој член има обврска да ги чита, унапредува и поддржува публикациите на Сојузот.

Промена на Уставот

22. Целосна промена на овој Устав е право единнствено на Конференцијата, но Националниот комитет со две третини од ограноците има право да менува или дополнува делови од него.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 120-129.

# 100

# Кореспонденција меѓу теренскиот офицер на АСИО, регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија и Централата во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 2 мај 1956 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
СОФ. 157/Б1
3/2/207

Главен истражен оддел

Огранок „Д“
Фах 1524М, ГПО
Аделаида
2 мај 1956 година

Копија бр. 1
МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО
Копија за: Регионалниот директор, Викторија

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме земете го предвид Вашиот [допис] 3/2/207 од 13 февруари 1956 година.

2. Прикачениот извештај од ________________[559] овозможува некои дополнителни информации за активностите на погоре спомнатиот Сојуз во Јужна Австралија.

3. Фактот дека САРБИНОВ ги посети сите држави од името на Македонско-австралискиот народен сојуз можеби ќе ви биде од интерес. Тој беше предмет на интерес на Регионалниот директор, Викторија П. Л. Д.[560] 8487/Б1 (4621) од 31 октомври 1955 година.

ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЈА[561]

ДИСТРИБУЦИЈА:

[559] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[560] Потврдено лично досие.
[561] Јужна Австралија. Името е прекриено во оригиналниот документ.

Копија бр. 1 – Централа, АСИО
Копија бр. 2 – Р. О.[562], Викторија
Копија бр. 3 – П. О. Д.[563] 157
Копија бр. 4 – П. Л. Д. 4555
Копија бр. 5 – Кутија на датотеката

ТАЈНО

---

27 април 1956 година

ИНФОРМАЦИЈА за:
А/Регионалниот директор, ЈА[564]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ
(Меморандум 1315 од 13/2/1956 година од Централата)

Добиена е имформација од ____________[565] дека Стојан САРБИНОВ/алијас Стојанис Василиу СЕРБИНИС/алијас В. САРБИН (П. Л. Д. 4555, деклариран член на КП на Австралија) беше во Јужна Австралија во текот на Велигденските празници.

2. Се тврди дека САРБИНОВ се обратил на состанок со поддржувачи на Македонско-австралискиот народен сојуз на приватен посед во улица „Чидл“, Фулам, можеби во домот на Артур Џон ЛЕЈКАС, Н. Б. Д.[566] со грчко потекло, кој претходно се идентификуваше себеси со Македонскиот народен сојуз на Австралија. Известено е дека САРБИНОВ зборувал во врска со обединувањето на Кипар со Грција. Се зборува дека неодамнешните изданија на левичарскиот весник „Македонска искра“ даваат значајна поддршка по ова прашање.

3. __________[567] рече дека САРБИНОВ е активен во левичарските работи во Мелбурн и дека тој ги посетил сите држави за да поттикне интерес за Македонско-австралискиот народен сојуз. Не се знае со кого бил САРБИНОВ во текот на неговата посета во Аделаида, но _______________[568] сугерира дека можеби бил со Пол АЛЕКСАНДРОВ (АЛЕКСАНДРОВ е член на КП на Австралија – Извештај од Викторија бр. 8472, од 24/10/1955 во кој се спомнува дека САРБИНОВ ја посетил Аделаида во ноември 1955 година кога би можел да стапи во контакт со АЛЕКСАНДРОВ).

---

[562] Регионален огранок.
[563] Потврдено организациско досие.
[564] Јужна Австралија.
[565] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[566] Натурализиран британски државјанин.
[567] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[568] Името е прекриено во оригиналниот документ.

4. Македонската национална група во Јужна Австралија е мала и многу испреплетена; за неколку Македонци се знае дека се членови на КП на Австралија. Основните активности на оваа група вклучуваат социјални средби кои се одржуваат во Тебартон комјунити центарот секоја прва сабота во месецот. На овие настани се негува големо количество на национална култура и постои слободна дискусија за општата политика.

5. За овие настани се зборува дека се под големо комунистичко влијание иако антикомунистичките елементи во групата присуствуваат на собирите. Комјунити хол се закупува од страна на „Кон Ќосес" од името на „Социјалниот клуб БАМБОРЕС". ЌОСЕС без сомнение е идентичен со Константинос ЌОСЕС (3/2/9, 1 издание. Оваа личност беше спонзорирана од Македонскиот младински сојуз да присуствува на Светскиот фестивал на млади и студенти за мир кој беше одржан во Букурешт во 1953 година. ЌОСЕС, сепак, не присуствуваше поради неможноста да добие британски пасош.) „Социјалниот клуб БАМБОРЕС" можеби, фактички, да се однесува на Крсте (Крис) БАМБАРИС, водечка фигура во македонската заедница. БАМБАРИС е член на КП на Австралија.

____________[569]

ТЕРЕНСКИ ОФИЦЕР

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 132, 133.

[569] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 101

# Повик од членовите на привремениот комитет на Македонската православна државна заедница до сите Македонци во Мелбурн да присуствуваат на забава со цел собирање средства за купување простории, 27 мај 1956 година

КОПИЈА на ПРЕВОД

ВНИМАНИЕ, МАКЕДОНЦИ, ВНИМАНИЕ

СООПШТЕНИЕ

Ние, подолу спомнатите членови на привремениот комитет на МАКЕДОНСКАТА ПРАВСЛАВНА ДРЖАВНА ЗАЕДНИЦА, им соопштуваме на сите македонски емигранти во Мелбурн, Викторија дека правиме напори да го купиме добро познатиот Клуб на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, заедно со куќата и дворот каде што сакаме да изградиме црковна сала.

Со цел целосно да го објасниме ова, ние ги повикуваме сите наши мигранти да дојдат на нашата ГОЛЕМА ЗАБАВА во слата Св. Лука, северен Фицрој во недела навечер на 27 мај 1956 година во 20 часот.

Ние ќе служиме пијалоци и многу други работи.

ВЛЕЗ: СЛОБОДЕН ДОЈДЕТЕ СИТЕ НА ГОЛЕМАТА ЗАБАВА

За Комитетот:
Ристо ДИВИТКОВ
Ристо ТАНАСОВ
Васил СПИРОВ
Коте СПИРОВ
Танас МАЛКИН
Давид ПАПАРУСЕВ
Петре БОЖАНИН
Петре ЦИЛОМАНОВ

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 138.

# 102

# Меморандум од канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со дејствувањето на Сесловенскиот комитет за фонд за изградба на споменик на Сталин, 29 мај 1956 година

ТАЈНО

ВОФ. 339/Б. 1.

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Главен истражен оддел

Огранок Д.
Фах 5219 ББ, ГПО
МЕЛБУРН

МЕМОРАНДУМ за 1901 29 мај, 1956 година

Главната канцеларија, АСИО (2)

ПРЕДМЕТ: СЕСЛОВЕНСКИ СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА
СЛОВЕНСКИ СОЈУЗ
АВСТРАЛИСКИ СЛОВЕНСКИ СОЈУЗ

ВО ВРСКА СО: Досие на Главата канцеларија 3/2/131, Меморандум бр. 606 од датум 23/1/56.

1. Во Меморандумот на Главната канцеларија кој е наведен се бара дополнителна информација за организациите кои се спомнати погоре. Во врска со ова, вниманието на Главната канцеларија е насочено кон меморандумот на оваа Канцеларија бр, 1542 датиран на 2/5/56, со наслов „СЕСЛОВЕНСКИ СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА: СЕСЛОВЕНСКИ КОМИТЕТ ЗА ФОНД ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИК НА СТАЛИН – ПРЕТПЛАТНИЦИ“ кој се однесуваше на имињата кои се во списокот на личности кои се во Комитетот на погоре спомнатиот фонд, заедно со претплатниците, препратен од страна на регионалниот директор од Н.Ј.В.[570] на 28/1/54 под референца досие 3/2/591, меморандум бр. 502, за кој постојат информации во оваа Канцеларија.

[570] Нов Јужен Велс.

2. Покрај овој „СЕСЛОВЕНСКИ КОМИТЕТ ЗА ФОНД ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИК НА СТАЛИН", не постојат податоци во оваа Канцеларија во врска со „АВСТРАЛИСКИОТ СЛОВЕНСКИ СОЈУЗ". Сепак, постои информација дека во воено време Безбедносната служба забележала дека во текот на 1944 година била одржана „КОНФЕРЕНЦИЈА НА СЕСЛОВЕНСКИОТ ОБЕДИНЕТ СОЈУЗ" во Сиднеј и дека следниве лица, претставувајќи го тогашниот „СЕСЛОВЕНСКИ ОБЕДИНЕТ СОЈУЗ" од Викторија, присуствувале на Конференцијата:

а) „Руди ПЕТРИЌ" – Руди Петриќ или Радомир ПЕТРИЌ (П. Л. Д.[571] 1587) (Канцеларија 2/3/55). Известено од Ц. Р. С.[572] дека е претседател на СЕСЛОВЕНСКИОТ ОБЕДИНЕТ СОЈУЗ во 1943 година. Не е оттогаш забележан.

б) „Крис АЛТОВ" – Христос Панделис АЛТИС (ПЛД 467). Благајник на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ во 1955 година.

в) „Николаес НИКОЛАЕВ" – Ефрим (Ник) НИКОЛАЕВ (ПЛД 7113). Починал на 29/4/53.

г) „Б. Г. МИХАЈЛОВИЌ" – Борис Георги МЕРИК или МИХАЈЉЕВИЌ – ГАКУ или МИХАЈЛОВИЧ (П. Л. Д. 321) Видете го параграфот бр. 3 за детали за активности.

Од погоре спомнатите личности, (в) и (г) биле ставени на список од страна на регионалниот директор од Н.Ј.В. на 26/1/54 дека се претседател и секретар на „СЕСЛОВЕНСКИОТ КОМИТЕТ ЗА ФОНД ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИК НА СТАЛИН".

ТАЈНО

Копија 3/2/131[573]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 137.

---

[571] Потврдено лично досие.
[572] Централна разузнавачка служба.
[573] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

# 103

# Извештај за Канцеларијата на АСИО во Викторија во врска со намерите на Македонско-австралискиот народен сојуз да ги откупат канцелариите во кои се наоѓа седиштето и напорите за изградба на црковна сала, 19 јуни 1956 година

ТАЈНО

Извештај од [574]

3/2/207

Евалуација:[575] Датум на информирање: 1/6/1956

Симбол на изворот:[576] Датум на настанот: Актуелен

Држава: Викторија Датум на известување: 19/16/1956

1. [577]

2.[578]

ИНФОРМАЦИЈА:

3. Македонско-австралискиот народен сојуз (П. О. Д.[579] 12) веќе подолго време се обидува да ги купи просториите на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој каде што во моментов се наоѓа нивната централа.

4. Неодамна Крис АЛТИС (П. Л. Д.[580] им пристапил на агентите за недвижнини во врска со овој имот, господата Џ. Џ. КЕЈСИ И СИНОТ, на улица „Смит“ бр. 193, Фицрој, со понуда да го купи имотот за кој станува збор, како и придружните простории (бр. 54) за 7 000 фунти. Оваа понуда беше прифатена и депозит во висина од 500 фунти (наводно лични средства на АЛТИС) бил даден со можност зделката да се заврши во рок од 25 денови.

5. Беше упатен апел од страна на МАНС за да се обезбедат бараните средства и беше организирана „Бесплатна забава“ за сите Македонци во црковната сала во Св. Лука вечерта на 27. 5. 1956 година. На овој собир АЛТИС

[574] Името е прекриено во оригиналнито документ.
[575] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[576] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[577] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[578] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[579] Потврдено организациско досие.
[580] Потврдено лично досие.

зборувал прилично долго, кажувајќи дека постои намера да се срушат постојните објекти на улица „Јанг“ бр. 52 и 54 и да се изгради црковна сала од името на таканаречената Македонска православна државна заедница.
6. Имало многу народ на оваа „забава“ и вкупната сума на собраните средства стигнала до 3 500 фунти во готовина и во И. О. У.[581]. Многу донации во висина од 100 и 200 фунти биле дадени или ветени, а МАНС презентирал и чек во висина од 1 000 фунти. Намерата е да се спроведе собирање средства од куќа до куќа во областите Фицрој и Колингвуд.
7. Последователно на ова, МАНС поднел барање до Советот на Фицрој за дозвола да се изгради црковна сала на таа локација по рушењето на постојните објекти. Советот го одобрил ова првично барање под услов да се добие согласност од Одборот за планирање на градот и околината, верувајќи дека салата ќе биде користена од страна на Македонската православна христијанска црква.
8. Овој последен факт предизвика длабоки чувства меѓу луѓето од Македонската православна црква во оваа област и веднаш беа дадени преставки до Советот на Фицрој. Откако се запозна со сите факти, се вели дека градскиот службеник изјавил дека е многу малку веројатно дека Одборот за планирање на градот и околината нема да ја даде својата согласност и затоа Македонската црква нема потреба да има натамошни грижи околу ова прашање.
9. Веројатно во целост му било објаснето на градскиот службеник дека МАНС и неговите поддржувачи се антихристијани и дека се верува дека салата, всушност, ќе биде користена за политички и социјални собирања за да се собираат средства за МАНС и за „Македонска искра“ (П. О. Д.393/15).

<u>Коментар на предметниот офицер:</u>

Тука е прикачен постер на македонски јазик кој беше користен за рекламирање на погоре спомнатата „забава“. Исто така, е прикачен и превод од страна на __________[582] на постерот.

Од членовите на Комитетот кои се спомнати на постерот, ПАПАРУСЕВ, БОЖАНИН и ЦИЛОМАНОВ му се познати на ___________[583] како комунисти или комунистички симпатизери. Со исклучок на Васил СПИРОВ за кого ништо не се знае. Сите се дојдени во Австралија пред војната[584] и веројатно се натурализирани британски државјани.

[581] Писмена белешка во која дарителот се обврзува дека ќе ја исплати сумата која е наведена.
[582] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[583] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[584] Се однесува на Втората светска војна.

Фактите кои му се познати на ___________[585] за овие личности се следниве:

Ристо ДИВИТКОВ (без досие) Рибар кој живее и работи над неговата продавница во Престон. Оженет, има семејство.

Ристо ТАНАСОВ (без досие) Сопственик на клуб во Фицроj. Живее во Блек рок. Оженет.

Васил СПИРОВ (без досие) Непознат.

Коте СПИРОВ (без досие) Работник во фабрика кој живее на улица „Бел“, Фицроj. Оженет, со семејство.

Танас МАЛКИН (без досие) Сопственик на кафетерија на улица „Свон“, Ричмонд. Оженет, со семејство.

Давид ПАПАРУСЕВ (Веројатно идентичен со лицето со П. Л. Д.[586]10407) Поранешен жител на ЗА[587] Има клуб на улица „Гертруда“, Фицроj. Оженет, со семејство.

Петре БОЖАНИН (без досие) Поранешен претседател на МАНС. Работник во фабрика. Оженет, со семејство.

Петре ЦИЛОМАНОВ (без досие) Работник во фабрика кој живее во северните предградија. Оженет, со семејство.

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 140, 141.

---

585 Името е прекриено во оригиналниот документ.

586 Потврдено лично досие.

587 Западна Австралија.

# 104

# Меморандум од канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со весникот „Македонска искра“ и дејствувањето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 13 јули 1956 година

ТАЈНО

ВОД[588]. 393/15/Б.1.

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Главен истражен оддел

Огранок Д.

Фах 5219 ББ, ГПО

МЕЛБУРН

13 јули 1956 година

МЕМОРАНДУМ за

Главната канцеларија, АСИО

„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – Орган на

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ

Следното е сумарен извештај за информациите кои ги имаме во оваа Канцеларија во врска со весникот за кој станува збор.

1. Оваа публикација за првпат стана наш интерес во извештај на Канцеларијата од 18/12/46 кој се однесува на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ во кој беше наведено дека огранокот во Викторија добил примероци на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ од Перт, ЗА[589], каде што беше печатен.

2. Во подоцнежен извешптај на Канцеларијата со датум 6/5/48 беше наведено дека Сојузот започнал издавање на спомнатиот весник во 1946 година без првично да добие дозвола од страна на министерот за емиграција, но дека, како резуллтат на дадените појаснувања, не беше потребно да се преземат мерки против Сојузот или уредникот, г. МАЛКО (Лори Елис МАЛКОЛМ, П. Л. Д.[590] 3564). Исто така, беше наведено дека весникот ќе биде издаван во Мелбурн  од мај 1948 годи-

[588] Потврдено организациско досие.
[589] Западна Австралија.
[590] Потврдено лично досие.

на. Сепак, во подоцнежен извештај на Канцеларијата од 12/5/48 беше наведено дека весникот ќе биде издаван во Сиднеј, а не во Мелбурн и дека следниве лица ќе бидат поврзани со него во Сиднеј:

Васил БОШКОВ – Секретар.

Илео МАЛКОВ – Уредник на англискиот дел на весникот.

Стојан САРБИНОВ – Уредник на странскиот дел на весникот. (П. Л. Д.[591] 8487)

3. Во меморандум на Канцеларијата датиран на 19/3/53 беше дадено известување до регионалниот директор од ЈА[592](нивен меморандум 206 од 30/10/52, досие СОФ. 157/Б.1.) дека спомнатиот весник се издава во Мелбурн. Во врска со ова, во параграф 6 од меморандумот на оваа Канцеларија датиран на 18/3/53 „ХРВАТСКИ АКТИВНОСТИ – ВИКТОРИЈА", поврзан со Ц. М. О., сугерира дека весникот се издава во Сиднеј од 1/1/52, додека во извештајот на Канцеларијата е наведено дека тој се издава во Мелбурн со лиценца од Н.Ј.В.[593]. Во нашиот меморандум од 24/3/53 „ХРВАТСКИ АКТИВНОСТИ – ВИКТОРИЈА" понатаму е наведено дека весникот се печати од страна на комунистичката печатница „КОРОНЕЈШН ПРЕС" на улица „Кор Лејн", бр. 16 во Мелбурн и дека е издаван од Д. ТРПКУ (ПЛД[594] 5652) од улица „Валах", бр. 318, Јужна Јара за МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ од улица „Јанг", бр. 52, Фицрој и во нашиот меморандум од 30/3/53 „МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ" се дадени дополнителни информации за издавачот.

4. Регионалниот директор од А.Г.Т.[595] во неговиот меморандум бр. 6523 од 30/7/54 (кпија до Седиштето) се осврнува на предложено радиоемитување на извесен Трајан САРБИНОВ од името на „МАКЕДОНСКА ИСКРА" и го цитира...[596]

<u>ТАЈНО</u>

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 151.

---

[591] Потврдено лично досие.
[592] Јужна Австралија.
[593] Нов Јужен Велс.
[594] Потврдено лично досие.
[595] Австралиска главна територија.
[596] Остатокот од документот недостига во фондот „Македонско-австралиски народен сојуз".

# 105

# Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Сиднеј до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз во Нов Јужен Велс, 14 август 1956 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Досие бр. 3/2/285
3/2/207

Телеграми: „Аустерити, Сиднеј"

ТАЈНО

Главен истражен оддел

Огранок „Д"

Фах 5224, ГПО

Сиднеј

14 август 1956 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме земете го предвид Вашиот меморандум бр. 1315 од 13 февруари 1956 година.

2. Ви го препраќаме како информација извештајот на ____________[597] од оваа канцеларија.

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.[598]

ДИСТРИБУЦИЈА:
Копија бр. 1 – Централа, АСИО
Копија бр. 2 – 3/2/285
Копија бр. 3 - Кутија на датотеката

ТАЈНО

---

ТАЈНО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

(АСИО)

[597] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[598] Нов Јужен Велс. Името е прекриено во оригиналниот документ.

Сиднеј, Н.Ј.В.[599]
8 август 1956 година

Копија бр. 1
СФОБ 1

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Погоре спомнатиот Сојуз не е многу активен во оваа држава. Главната група на Македонци кои покажуваат каков било интерес, живеат во областа Кребс Крик во Н.Ј.В. Не е многу познато за нивните активности освен фактот дека клубот „СЛОБОДА“ донира пари за боречкиот[600] фонд на „Македонска искра“.

2. Огранокот на Сојузот во Сиднеј, „Весела Македонија“ е практично непостојни.

3. Актуелните носители на функции на федерално ниво во Македонскиот народен сојуз на Австралија[601] изгледа дека се следниве:

Претседател: ФИЛИПОВ, Џ. – 56/8/27 ?
Секретар: КАРАЏОВ, Н. – (без досие)
Благајник: АЛТИН, Р. – 5/8/27 ?
Заменик: НЕДЕЛКОВСКИ, В. – (без досие)

Редакција:
Уредник: САРБИНОВ, С. - С/8/53
Заменик благајник: Неделковски, В. – (без досие)

Членови на комитетот:
ПАНОВ, Џ. - (без досие)
ТРПКОВ, Д. - (без досие)
ПИЦАРКОВ, Џ. - П/2/64

Контролен комитет:
ГЕРГОВ, Т. - (без досие)
ПАНОВ, Џ. - (без досие)

4. Во случајот со Џ. ФИЛИПОВ и Р. АЛТИН: во оваа Канцеларија постојат податоци за двајца луѓе со слични имиња кои живеат во областа Кребс Крик. Не се знае дали овие двајца луѓе се идентични со лицата кои се наведени или, пак, имаат слични имиња како носителите на функции во Македонскиот народен сојуз.

________________[602]

[599] Нов Јужен Велс.
[600] Веројатно се работи за грешка во оригиналниот документ. Би требало да стои издавачкиот фонд.
[601] Името на организацијата од 1947 година е Македонско-австралиски народен сојуз.
[602] Името е прекриено во оригиналниот документ.

Б. 1.

Дистрибуција:
Копија 1 -
Копија 2 -
Копија 3 -
Копија 4 -
Копија 5 –

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 144, 145.

# 106

# Извештај од службеник на АСИО до Канцеларијата во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со финансирањето и со печатењето на „Македонска искра“, 22 август 1956 година

3/2/207
ТАЈНО

Извештај од ________[603]

3/2/207

Евалуација:[604] Датум на информирање: 17,8,1956
Симбол на изворот:[605] Датум на настанот: /
Држава: Викторија Датум на известување: 22,8,1956
1. [606]
2.[607]

ПРЕДМЕТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА[608]“ (П. О. Д.[609] 393/15)

ИНФОРМАЦИЈА:

3. Изданието на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ (ПОД 393/15) од мај – јуни е прикачено тука. Во него има многу малку што би претставувало директен интерес за Викторија, меѓутоа на страница 3 се појавува писмо коешто е испратено од Огранокот од Кребс Крик од Нов Јужен Велс на Македонско-австралискиот народен сојуз до уредникот на „ИСКРА“. Во ова писмо ѝ се упатуваат честитки на редакцијата за нејзините напори итн. во текот на минатата година и се даваат детали за собирањето на средства што било спроведено во Кребс Крик за фондот „МАКЕДОНСКА ИСКРА“. На крајот се дадени детали за Извршниот комитет на огранокот за тековната година. Деталите се следниве:

Претседател: П. ДИМИТРОВ (без досие)

[603] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[604] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[605] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[606] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[607] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[608] Во ракопис е допишано следново: 56/8/32.
[609] Потврдено организациско досие.

| | |
|---|---|
| Потпретседател: | Н. АПОСТОЛОВ (без досие) |
| Секретари: | П. ГЕЛИС (без досие) |
| | Џ. ПАЗОВ (без досие) |
| Членови на комитетот: | К. ПАЗОВ (без досие) |
| | В. СУЛТИН (без досие) |
| | К. ДИГАЛА (без досие) |

4. Треба да се забележи дека погоре спомнатото издание е издадено од страна на Д. ТРПКОВ (П. Л. Д.[610] 5652), од улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, меѓутоа повеќе не се печати во „Коронејшн прес“ од Корс Лејн, Мелбурн. Новиот печатар којшто е наведен е А. Б. ХАРДИНГ (без досие) од улица „Хај“, Престон.

<u>КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ ОФИЦЕР:</u>

5. Во интерес е да се наведе дека адресата на Х. П. АЛТИС (П. Л. Д. 467) е улица „Хај“, Престон, што е недалеку од службената адреса на ХАРДИНГ на улица „Хај“, бр. 347, Престон. Истрагата во датотеката на Централната изборна канцеларија не даде плод за да се најдат податоци за Артур Б. ХАРДИНГ, меѓутоа Артур Гордон ХАРДИНГ – печатар – со адреса улица „Спринг“, бр. 38, Престон се наоѓа во податоците и тука е прикачен во прилог гласачкиот формулар во кој се содржани сите лични податоци. Постои информација дека службената адреса на Артур Гордон ХАРДИНГ е улица „Хај“, бр. 347, Престон. Проверката на живеалиштето не успеа да потврди присуство на лица кои живеат на оваа адреса, додека оние што живеат на улица „Спринг“, бр. 38, Престон, се Артур Гордон и Патриша ХАРДИНГ.

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел (како што е потребно)
Б.1.[611] Викторија (како што е потребно)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 146, 147.

---

[610] Потврдено лично досие.
[611] Оддел 1.

# 107

# Превод на напис од „Македонска искра" кој се однесува на одржувањето на Шестата национална конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, ноември-декември 1956 година

МАКЕДОНСКА ИСКРА

Ноември – декември 1956 година
Год. 10, бр. 11 – 12

ШЕСТА НАЦИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАНС
(Македонско-австралиски народен сојуз)

Стр. 3, колона 1: Ние сме австралиски жители и нашите начини на работа се исти со австралиските начини на работа.

На Шестата национална конференција на МАНС треба да се дискутира пошироко поради новите емигранти, повеќето од кои веќе се австралиски државјани, како и тоа што сè повеќе и повеќе емигранти стануваат државјани и со тоа ние ги имаме иститте обврски како и австралискиот народ, како и ист живот во иднината, како и животите на нашите семејства и пријатели.

Во Мелбурн, Аделаида, Перт и Сиднеј голем број на наши мигранти се без работа, без домови, без помош, но владата сè уште продолжува да носи нови мигранти од различни делови на Европа, но без работа и домови ние сме сведоци на застрашувачки мерки. Ние можеме да предвидиме дека општеството ќе оди во депресија по Игрите[612].

Австралиското работничко движење предводено од Централниот комитет на АЦТУ[613] е во отворен конфликт со Федералната влада на Мензес[614] поради тоа што нема работни места, кварталното зголемување на трошоците за живот и против секојдневното зголемување на цените на прехранбените производи.

Австралиската лабуристичка партија на чело со лидерот на опозицијата, д-р Еват[615], и со безрезервната поддршка од синдикатите и

[612] Се однесува на XVI олимписки игри кои биле одржани во Мелбурн во 1956 година.
[613] Австралиски совет на синдикати.
[614] Роберт Гордон Мензес (1894 – 1978), премиер на Австралија.
[615] д-р Херберт Верд Еват (1894 – 1965), лидер на Лабуристичката партија во Австралија.

мнозинството на австралсикиот народ отворено и безрезервно се спротивстави на англо-француската агресија во Египет и против какво било испраќање на австралиската војска како помош на агресорите.

Доколку можеме за застанеме цврсто и организирани и да им помогнеме на австралиските работници кои се борат за да добијат подобри работни услови и повисоки плати, како и контрола на цените и гаранции за работни места за невработените за на тој начин да се еиминира невработеоста. Ние мораме да имаме успешна Конференција и да бидеме сигурни дека ќе присуствуваат делегати од сите наши огранoци и да испланираме добра и соодветна програма за иднината, за доброто на општеството и да му помогнеме на работничкиот синдикат за да бидеме во можност да постигнеме уште подобри резултати.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 159.

# 108

# Допис во врска со дејствувањето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1956 година

ТАЈНО[616]

2. (продолжува)

б) Да работи на подобро разбирање и единство меѓу македонскиот и австралискиот народ.

Да ги образува Македонците како демократски граѓани и да ги поттикнува да се зачленуваат во синдикални организации, земјоделски организации и други институции на австралискиот народ и да им помогне да исполнуваат нивните обврски кон овие институции.

в) да помогне на движењето за демократска слобода на македонскиот народ и да ги издигнува идеалите за меѓународно братство и народна демократија.

3. На почетокот, огранокот во Викторија се состоеше од 50 членови и нивниот главен штаб беше на улица „Јанг“, бр. 52, во Фицрој. Неговата единствена поврзаност беше со „Австралискиот словенски конгрес“ од Нов Јужен Велс и нивната цел беше да собираат средства за изградба на болница во Скопје, Македонија. Иако истарагата на Канцеларијата во декември 1946 година откри дека некои од неговите членови се членови и на Демократскиот сојуз, Сојузот не беше под комунистичка контрола. Членови на првиот Изршен комитет беа следниве:

Престедател: Б. ДЕМИРОВ (Б. Л. Д.[617])

Благајник: П. СТИВ (Б. Л. Д.)

Секратар: Е. ФЛАВОВ (Б. Л. Д.)

Комитет: Џ. ПАНЏАРОВ (П. Л. Д.[618])

П. ПАПАРНАНИС (Б. Л. Д.)

С. РАТСКА (Б. Л. Д.)

Д. СИМОНОВ (Б. Л. Д.)

4. На 12/5/48 Канцеларијата извести дека постои огранок на Сојузот во Шептртон. Исто така, дека некои од членовите на раководството на

[616] Во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“ недостига првата страница од документот.

[617] Без лично досие.

[618] Потврдено лично досие.

огранокот во Мелбурн се вклучени и таму:

Претседател: Џон ПАНЏАРИС (П. Л. Д. 6576)
Потпретседател: Давид ПАПАРУСИС (П. Л. Д. 10407)
Секретар: Џим ФИЛИПУ(ПЛД 10408)
Благајник: Даниел Д. ТИРПКУ (ПЛД 5652)
Комитет: Пандо ДАЈКОВ
(или ДАЈКОС или МАРКОВ) (П. Л. Д. 4135)
Стојче СТОЈЧЕВ (ПЛД 10472)
или СТОЈЧЕС

Членството на огранокот во Мелбурн во 1948 година броеше 104 члена.

5. Во текот на 1948 година, Сојузот прикажа југословенскиот пропаганден филм во неговите простории, филмот беше добиен од претседателот преку конзулот на Југославија во Сиднеј...[619]

12. Нашиот меморандум 2637 од 13/7/56 препратен до Главната канцеларија претставува сумарен извештај за информациите кои се содржани во весникот на Сојузот, „Македонска искра“ (прикачен е примерок), кој би требало да се чита во конјункција со весникот.

Да заклучиме, Македонско-австралискиот народен сојуз произлезе од Клубот ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН[620] кој беше создаден во 1946 година како резултат од создавањето нови органоци низ цела Австралија од страна на Сојузот, таа година. Во Уставот на Сојузот е наведено дека тој е несецеционистички и неполитички, но во неговите истакнати цели е наведено дека се залага „да ги издигнува идеалите за меѓународно братство и народна демократија“ што е добро познато!

Првиот состав на извршниот комитет на Сојузот се состоеше од лица кои претходно не биле предмет на интерес, освен еден член на комитетот, Џ. ПАНЏАРОВ
(П. Л. Д. 6576) кој стана претседател во 1948 година, а оттогаш тие лица доминираат во Сојузот. Составот ги вклучува следниве лица:

Давид ПАПАРУСИС (П. Л. Д. 10407) Потпретседател од 1948 година. Член на комитетот на Македонската православна државна заедница (1956 година)

Џим ФИЛИПУ (П. Л. Д. 10408)
Секретар на Сојузот (1948 година)
Претседател на Сојузот (1955 година)

[619] Следната страница во документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.
[620] Погрешно име во оригиналниот документ. Би требало да биде Гоце Делчев.

Даниел ТИРПКУ (ТИРПКОВ) (П. Л. Д. 5652) – Благајник – 1948 година Издавач на „Македонска искра“. Член на КПА[621].

Пандо ДАЈКОВ (или ДАЈКОС или МАРКОВ) (П. Л. Д. 4135)

– Член на комитетот – 1948 година

- Оттогаш активен во Сојузот.

Х. АЛТИС (П. Л. Д. 467)

Благајник 1955 година

- најактивен во Сојузот.

В. НЕДЕЛКОВСКИ (П. Л. Д. 9920)

- Заменик благајник – 1955 година

- Уредник на „Искра“ – 1955 година.

- Менаџер на Југословенскиот клуб.

Т. ГЕРГОС (ПЛД 2795)

- Во Надзорноот комитет – 1955 година

- Претседател на Демократскиот сојуз – 1956 година

- Член на КПА

Ј. ПАНОВ (или ПАНОУ) (П. Л. Д. 4865)

- Во Надзорниот комитет – 1955 година

- Во уредничкиот комитет – 1955 година

С. САРБИНОВ (ПЛД 8487)

- Уредник на „Искра“ (1955 година)

- Член на Југословенскиот имигрантски сојуз

- Самодеклариран член на КПА

Сите погоре наведени се дел од евиденцијата на сомнителни лица, а треба да се наведе и дека двајца од нив се членови на КПА. За сите останати се смета дека инклинираат комунистички и се активно меѓу македонската и грчката заедница.[622]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 153, 155.

---

[621] Комунистичка партија на Австралија.

[622] Крајот на документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 109

# Список на членови на Македонско-австралискиот народен сојуз и претплатници на „Македонска искра“, 1956 година

КОПИЈА ОД ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ДОСИЕТО Н.Ј.В.[623]56/8/27
ПРЕДМЕТ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“

А.
АНДОНИОВ, В.
АНДОНИОВ, Д.
АНГЕЛЕВСКИ, С.
АУГЕЛИОИС, Ј.
АТАНАСИУ, Т.
АТАНАСУ, А.
АЛАБАКОВ, Ј.
АНГЕЛКОВ, К.
АЛЕКСОВ, А.
АЛАБАКОВ, С.
АЛТИН, В.
АНАСТАСИУ, Д.
*АЛТИН, Р.
АШЛАКОВ, С.
АНГЕЛКОВ, К.
АБИЕЗИ, М.
АЛАБАКОВ, П.
АЛТОВ, Х.
АЛТИН, К.
АНДРИЧКА, Г.
*АПОСТОЛОВ, Н.
АЛТИС, К.
АПОСТОЛОВ, Л.
АТАНАСОВИЌ, В.
АЛАН, Д. В.
АНКАСОВ, А.
АПАНДОВ, К.
АЛАБАКОВ, С.
АНАСТАСИУ, Ј. (А/4/48)

Б.
БИЛЧУРОВ, М.
БАРИЌ, С.
БОЖАНИН, П.
БАБАРОВ, Р.
БОШКОВ, Н.
БОШКОВ, П.
БОЖИУВ, П.
БОШКОВИТА, С.
БИВОЛЧЕВ, П.
*БОНАЕКИ, С. (Б/24/74)
БОГОЈАС, Т.
БОГОЈАС, Г.
БЛИЗНОС, М.
БИЛЧУРИС, М.
БОГДАНИС, Ј.
БОЖИНОВ П.
БОЖИНОВ, Т.
БОГОЈ, Т.
БОШУ, Г.
БОГОВ, В.
БОЖИН, В.
БАРБАРИС, Х.
БРЅОВ, П.
БОГОВ, Т.
БОШКОВИЌ, Г.
БЕДЕЛИС, Е.
БЕДЕЛИС, Х.
БИВОЛЧЕВ, Т.
*БЕДЕЛИС, Г.

[623] Нов Јужен Велс.

БАБАРЧЕТО, К.
БОНЦА, П.
БОШКОВ, Г.
БАЧОВ, Ј.
БАБАРЧЕТО, Р.
БОУН, Ј. (Б/2/64)
БАРТОН, Ј. (Б/15/55)
БОНАЕКИ, Н. (Б/15/49)
*БОГАТАШО, П.
*БИВОЛЧЕВ, С.
*БОРИЌ, Г.
*БАЛКАНОВ, Б.

В.
* ВАЛАМИ, К. (В/2/12)
ВАЛКАНОВ, Б.
ВАЛКАНОВ, Б.
*ВАСИЛОВИЌ, П.
*ВИНЧЕНЦО, Т.
ВЛАОВ, П.
ВЕЛИОВСКИ, М.
ВЕЛИОВСКИ, М. (В/1/19)
ВАСИЛЕВ, К.
ВЛАСИЌ, П.
ВЕЛИОВСКИ, Т.
ВАСИЛЕВ, Р.
ВАН РДЕ, Г. Р.
ВЕЛИОС, Г.
ВЕЛОС, Д.
ВЕЛЧЕВ, П.
*ВЕЛОВИЌ, В.
ВЛАОВ, Р.
ВУЛКАНОВ, Б.
ВЕРГОВ, Т.
ВЕЛЕВ, Г.
ВЛАХОВ, П.
ВЕЛИОС, С.
*ВЕЛОВ, К.
*ВЕЛЕВИЌ, В.
ВЕЛИОВСКИ, М.
*ВЕЛИЌ, В.

Г.
ГЕРГОВ, Т.
*ГЕЛИС, П.
*ГЕОРГИОВ, Т.
ГИЛМОР, М.
ГОЧЕВ, Л.
*ГЕЛЕВ, А.
ГРЗОВСКИ, Т.
ГИЛЕВ, Г.
ГАЗЕЛИНОВ, М.
ГЕЛЕВ, Т.
ГЕЛЕВИЧИН, В.
ГЕРГОВ, Н.
ГОЧЕВ, П.
ГЕЛЕВ, В.
ГОРЧИЛОВ, В.
ГИОНЧЕВ, Г.
ГАЗЕЛИНОВ, Т.
ГЕЦЕЛТ, А.
ГЕОРГИЕВА, Е.
ГЕРМАНЧЕВ, К.
ГРОЗОВСКИ, Т.
ГРОЗОВСКИ, С.
ГЕЛИН, Х.
ГЕРГОВСКИ, К.
ГЕРОВ, Т.
ГЕЛЕВ, Т.
ГОРЧИЛОВ, Г.
ГЕЛИС, Л. П.
ГРОЗОВСКИ, И.
ГРОЗОВСКИ, Ј.
ГРОЗОВСКИ, Н.
ГОЧЕВ, Г.

Д.
ДЕЛИЈАНОВ, М.
ДОНЕВ, Ј.
ДИМОВИЌ, М.
ДУАТАНОВИЌ, Ј.
ДИНИС, Ј.
ДИНИС, П.
ДАМЈАНОВ, Б.
ЏАНГАЛОВ, г.
ЏАНГАЛОВА, г-ѓа
ДАНЕВ, П.
ДИМКОВ, Д.
ДИМОВ, Л.
*ДИГАЛА, П.
ДИНЕВ, Т.
ДАМЧЕВ, Д.
ДАЈКОВ, Д.
ДИВИТКОВ, Л.
ДИМИТРУ, Х.
ДЕЛИЈАНОВ, Р.
ДЕЛИАНИС, Т.
ДЕЛИАНИС, К.
ДЕЛИАНИС, Ј.
*ДИМИТРОВ, Ф.
*ДИГАЛА, Х.
*ДИМИТРИОВ, Л.
ДИМИРОВ, Р.
ДАУЛИНГ, А.
*ДИМАКИС, Х.
*ДИГАЛА, П.
*ДИГАЛА, Х.
*ДИМИТРОВ, Б.
*ДИМИТРОВ, П.
*ДАЈКОВ, Л.
ДИМИТРИОВ, К.
ДИМИТРИЈЕВИЌ, А.
ДИВИТКОВ, Р.
ДИМИТРУ, Б.
ДАЈКОВ, П.
ДЕЛОВИЧИН, П.
ДЕЛИЈАНОВ, Т.
ДИМОВ, Ф.
ДИМУ, Х.

Е.
ЕЛИОВ, Т.
ЕВАНГЕЛУ. М.
ЕВАНГЕЛУ, А.
ЕВАНГЕЛИДИС, М.
ЕЛОВАРОВА, К.
ЕЛИЕВ, Е.

З.
ЗОРИЌ, М.
ЗИМАНЧЕВ, В.
ЗИАТАС, В.

И
ИЛИОВИ, Т.
ИВАНОВ, И.

Ј.
ЈОВКОВ, И.
ЈОАНУ, С.
ЈОАНОСКИ, А.
ЈАНКУЛОВСКИ, Д.
ЈОВКОВ, И.
ЈАВЧЕВ, Ф.

К.
КОВАЧЕВИЌ, М.
КЛАШТИНОВ, Е.
КОЛЕВСКИ, Т.
*КОЗАРОВ
КОЗАРОВ, К.
КАЛКОВ, С.

КРИСТОВ, В.
*КОТРОНИ, Л.
* КОСТА, С.
КОВАЧЕВ, П.
КАТИЌ, М.
КУРТОВ, К.
КАРАЖЕВ, К.
КЛАСКОВ, Г.
КАЛАМАРОВ, А.
КОНЦОЛОВ, И.
КОНСОЛИС, Н.
КАРАФИЛИС, Х.
КАРАФИЛИС, Х. В.
КИМЕВ, Ј.
КОЛИЦИС, Н.
КАПИНКОВ, К.
КУФАЛОВ, К.
КУЦОНИДИС, Т.
КОСОВИЌ
*КАПИНКОВ, К.
*КЕКЕВ, Г.
*КАЗАРОВ, Н.
*КУЛУПАЧОВ, Р.
КАРАФИЛОВ
КАРАЏЕВ, Н.
КОВАЧЕВИЌ, П.
КАРЛЕВСКИ, М.
КОНСТАНДИНОВ, Т.
КОЧЕВ, П.
КАРАФИЛИС, П.
КОЛОВ, Н.
КОСТОВ, С.
КОСТОПУЛОС, В.
КАПТАН, Н.
КАЛИНИС, П.
КИЕСТИНИС, И.
КАРСАКИС, А.
КРЕВТСКИ, М.
КАРАЛИА, Ј.
*КОТРОНИС, Л.
*КОТРОНИС, г-ѓа
КРАПЕШЛИ, Д.
КЛАШОВ, Г.
КАЛПАЛОВ, М.
КОЛЕВ, С.
КАЛАМАРОВ, Т.
КРАПЕШЛИ, С.
КАРАПЕТКОВ, С.
КАРАЖОВ, Н.

Л.

ЛЕЈКОВ, А.
ЛЕЈКОВ, Х.
ЛЕМБЕРГ, М. Р.
ЛАЗОВСКИ, К.
ЛЕЈКОВ, Ј.
ЛЕЈКОВ, Т.
ЛАЗОВСКИ, Х.
ЛЕЈКОВ, И.
ЛЕЈКОВ, Р.
ЛУКАРИС, В.
ЛАЗЕНКА, П.

М.

МЕЧАРОВ, Х.
МАРКОВСКИ, С.
МИЛАНКОВ, Л.
МИХАЈЛОВИЌ, Б.
МАСИН, П.
МАНОВ, Г.
МАЛКОВ, И.
МИЧОВ, В.
МЕЧКАРИС, С. К.
МОЈАНОВ, В.
МАРКО, Н.
МИАС, г-ѓа М.

*МУРЏЕВ, К.
*МАРКОВ, В.
*МАРКОВ, И.
МЕЧКАРОВ, Р.
МИЛАНКОВ, П.
МАЛКО, К.
МАКЕДОНЕЦ, Д.
МАЗЕНКОВ, П.
МАТРАКОВ, В.
МАТРАКОВ, Т.
МАНОВ, Г.
МИНЧЕВ, К.
*МИЛЕНЦИЕВ, К.
МИЛИАНКОВ, С.
МАРКОВ, А.
МИЛИАНСКО, г-ѓа.
МИАЛИЧИН, П.
МУСТАКАС, Н.
МУСИНГ, Ф.
МОЛИ, П.
МИХОВ, Б.
МИЛАНКОВ, К.
*МИЛТИАДЕС, М. (М/17/42)
*МАЛКО, Л. (М/5/17)
МИЛАБКОБ, К.
МИНЧЕ, С.
МЕЧКАРОВ, Р.
МЛАДЕНОВ, М.
МИНЧЕВ, Д.
МАЦИНДОЕ, С. Л.
*МАТРАКОВА, Х.
МИЛЕНСТОВ, Н.
МАРКОВСКИ, В.
МАРКОВСКИ, С.
МАНОЛ, В.
МАНОВ, К.
МЕЧКАРОВ, Г.
МАРКОВ, Г.
МАЛИНА, Г.
МЕЧКАРОВ, Г.
МАРКОВСКИ, Г.
МИЛЕНСТЕВ, Н.
МЕЧКАРОВ, П.
МАЛКОВ, Е.
*МОЈСОВ, К.
*МОЈСОВ, В.
*МАРКОВ, Т.
*МАРИН, Р.
МОРОУ, Л.
МЕЛОВ, Г.
МАЛКОВ, Л.
МЕКНУЛТИ, А.
*МИЛАНКОВ, С.
МАРИЌ, С.
МАЛКО, А.
МИНЧЕВ, Т.
*МИАЛИЧИН, Р.
МИАС, К.
МИЛИОС, К.
МИОВСКИ, Л.
МАЈЛС, П.
МИОВСКИ, К.

Н.

НАУМОВ, К.
НАРДИ, А.
НУМЕВ, Р.
НИКОЛОВ, К.
НИКОЛОПУЛОС, А.
НОЛЕВ, Л.
НОЛЕВ, Н.
НОЛЕВ, Ј.
НИКОЛОВ, В.
НАУМОВИЌ, Т.
НИКОЛОВСКИ, К.
НАУМОВИЌ, К.

НОЈКОС, Т.
НАЌЕВ, П.
НЕСТОРОВ, С.
НИКОЛАС, Ј.
*НИКОЛОВ, И.
НАУМОВ, Ј.
НИКОВСКИ, Б.
НИКОЛОВ, А.
НЕДЕЛКОВСКИ, В.
*НАНОВ, В.
НОЈКОВ, С.
НОВАЧКОВ, С.
НАСТОВ, .К.
НУМЕВ, Р.
*НИКОЛОВ, Г.
*НИКОЛОВ, Н.
*НОТАС, П.
*НАНОВ, П.
НИКОЛАЕВ, Н.
НОМЕОВ, К.
*НАНОВ, Г.
НОЛЕВ, Е.

О.

ОРДАНИН, С.
ОГНЕНОВ, Л.
ОГНЕНИС, Г.
УЗУНОВ, А.
ОГЕНОВ, Л.
ОВЕН, Ј.

П.

* ПАЗОВ, Ј.
ПАНОВ, Ј.
ПАВЛОВ, Т.
*ПЕТРОВ, Г.
ПЕЈКОВ, К.
ПАШОВ, И.
*ПАВЛОВИЌ, К.
*ПАВЛОВИЌ, Н.
*ПАЗОВ, К.
*ПОРКОВ, Г.
*ПОПОВ, Д.
ПОПОВ, Д. К.
*ПАНДОВ, К.
*ПАНДОВ, К.
*ПЕТРОВИЌ, К.
*ПЕТРОВ. Т.
*ПАЗОВ, Д.
*ПАЗОВ, Д.
*ПАПАРУСИ, Д.
ПОПОВ, Г.
ПАНДОВ, Н.
ПЕТКОВИЌ, К.
ПЕШУТ, П.
ПАНЏАРИ, И.
ПЕЛКОВ, С.
ПАЧАКОВСКИ, Т.
ПИРИДИС, Ј.
ПЕОВ, П.
ПИРИДИС, Л.
ПАПАТАНИС, В.
ПРСТЕНАРОВ, К.
ПАПАС, З.
ПЕТРЕВ, К.
ПАЈОВ, П.
ПАВЛИВИЌ, Н.
*ПАЗОВ, К.
*ПАЗОВ, г-ѓа.
ПЕТРОВ, К.
ПОПОВ, Л.
ПАПУЛОС, П.
ПСИЛОМАНОВ, П.
ПАНЏАРОВ, Л.
ПЕТРОВ, П.
ПЕТРЕВ, П.

ПАНЏАРОВ, Л.
ПИЦАРКОВ, И.
ПЕЧИНОВ, Ј.
ПЕТРОВИЌ
*ПАЗОВ, С.
*ПЕШИНОВ, М.
ПАПАЈОВЧЕВ, Ј.
ПЕРОВСКИ, Ј.
*ПИЦАРКОВ, Ј. (П/2/64)
ПИЖАРКОВ, И.
ПАНДОВ, Х.
ПАПАРУСЕВ, А.
ПАПАРУСЕВ, Д.
ПЕТРОВ, Т.
ПАНДОВ, С.
ПЕТРЕВ, П.
ПЕТРИН, Т.
ПАНОВ, Д.
ПАЛАШИН, К.
ПЕТРЕВСКИ, В.
ПЕЈКОВ, С.
ПАЛАШИН, Ј.
ПЕОС, П.
ПЕЈОВ, И.
ПЕЈОВИТИС, Н. К.

Р.
*РУКОВ, Ф.
*РАЛЕВ, Г.
*РИСТИЌ, Т. (Р/13/49)
*РАЛИС, З.
*РАДОВНИКОВИЌ, А.
*РАНКОВИТ, Л.
РАЈКОВИТИС, А.
РАЧКОВ, Г.
РИМПАКОВ, Т.
РУМЕНОС, И.
РИСТОВИЧИН, М.
РИСИН, Ј.
РОНДОВ, В.
РАЈКОВ, Ј.
РАНКОВИТИ, И.
РАДИН, К.
*РАЧКОВ, Т.
*РАКОВДСКИ, А.
РАЧКОВ, С.
РАЧКОВ, Г.
*РИМПА, Г.
*РИСТОВ, З.
*РИСТИЌ, А.

С.
СУЛТИН, В.
СТОЈЧЕВ, Т.
СМАТРАКАЛЕВ, М.
СТИВЕНС, П.
СЕКУЛОИ, С.
СТОШЕЛ, В.
СТРАХИЊИЧИН, Р.
*СТИВ, С.
* СТИВ, П.
* СТИВ, Д.
*СТОЈАНОС, К.
*СТАНИЌ
*СПИРОВ, М.
*СПИРОВ, К.
*СПИРОВ, Г.
СЕКУЛВО, Г.
СИДЕРОВ, П.
СИЛЈЕ, М.
СТАНИСИЌ, С.
СТОЈЧЕВ, С.
СИДЕРИС, П.
САРОС, А.
САРОВ, М.
СТЕФАНОВ, В.

СТОЕВ, С.
СИДЕРОВ, П.
СТЕФОВСКИ, Е.
САРБИНОВ, С. (С/8/35)
СПИРОВ, В.
*СЕКУЛОВ, Р.
СТАВРЕТИС, М.
СТЕРЈУ, Ј.
СТЕВОФСКИ, Ј.
СКИВИНОВ, В.
СТЕФАНОВСКИ, Ј.
СИДЕРОВА, К.
*СТЕФАНИДИС, У.
СЕКУЛОВ, Г.
СТАТИ, Ј.
СТОЈЧЕВ, С.
СПИРКОВ, Б.
СТИРОВ, Г.
СТАВРЕСКИ, Г.
СЛАВОВ, Ј.
СТАВРЕТИС, Т.
СТОЈКОВ, С.
СФИРКАС, И.
СТОЈКОВ, П.
СТОЈЧЕВ, К.
СТЕФОВСКИ, И.
СТАВРЕСКИ, Б.
СИНЧО, Л.

<u>Т.</u>
*ТРСЈАНСКИ, Н.
*ТРСЈАНСКИ, К.
*ТАСЕВИЌ, Ј.
*ТАНЕВ, К.
*ТАНАСОВ, Т.
*ТОЛЕВ, М.
ТРПКОВ, Д.
ТРПКОВ, Д.
ТОДОРОВСКИ, Т.
ТРПИН, К.
ТУНДЕВ, С.
ТРПОВ, К.
ТУРПЕНИС, Г.
ТАСЕВ, К.
ТАШОВ, Ј.
ТРАЈАНОВИЌ, Н.
ТРАНДОС, Ј.
*ТЕРПЕНИС, Ј. Д.
*ТАНАС, М.
*ТАНАС, г-ѓа.
*ТРАИНУ, Е.
ТОЛЕВ, Ј.
ТАНАСОВ, К.
ТРИГУЛОВ, Н.
ТАРПКУ, Д.
ТРПОВСКИ, Н.

<u>Ќ</u>
ЌОСЕВ, И.
ЌОСЕВ, В.
ЌОСЕВ, Л.
ЌОСЕВ, С.
ЌОСЕВ, К.

<u>Ф</u>
ФИЛИПОВ, К.
ФИЛИПОВ, Д.
ФИЛИПОВ, Д.
ФИЛИПС, К.
ФИЛИПС, В.
ФИЛИПОВ, К.
ФИЛИПОВ, П.
ФИЛИПОВ, М.
ФИЛИПС, Н.
*ФИЛИПОВ, Д.
*ФИЛИПОВ, Ј.

Ц
ЦИЛОМАНОВ, П.
*ЦАЛИС, Т.
ЦУЦУЛИС, К.
ЦИГУЛИС, Н.

Џ
ЏАВЕЛА, Л.
ЏОЏОВ, С.
ЏОЏОВ, А.
ЏОРЏ, Ч.
ЏАНГАЛОВ, М.
ЏАМБАНИС, Т.
ЏАМБАЗОВ, П.

Ш
ШАЛВАРИНА, К.
ШАРИН, Т.
ШАРИНИС, А.
ШАРИН, Н.
ШУНДЕ, Г.
ШАЛВАРО, Х.
ШОТЕ, С.
ШАБАЛЕВ, П.
ШАМАНЕВ, Ј.
ШАРИН, Г.
ШАЛВАРИНА, Р.
ШАЛВАРИНОВ, Л.
*ШИЛЕВ, Г.
*ШАМПАИН, С.
*ШАБАЛИЕВ, В.
ШАРИН, И.

*Укажува на идентитет од Н.Ј.В.[624]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 211-216.

---

[624] Нов Јужен Велс.

# 110

# Допис до Централата на АСИО во врска со постојни податоци за лица кои биле поврзани со Македонско-австралискиот народен сојуз и со Југословенскиот имигрантски сојуз, 1956 година

ТАЈНО[625]

-2-

3. Во врска дополнителни детали за врските кои се набројани во нашиот меморандум бр. 1542 од 2/5/1956 година, следниве детали за активностите на секој од случаите се предмет на интерес:

МИХАЈЛОВИЌ, Б. Г. – Борис Џорџ МЕРИК (П. Л. Д.[626] 321). Член на Македонско-австралискиот народен сојуз. Член на Југословенскиот имигрантски сојуз. Претседател и претседавач во 1953 година на Привремениот комитет за правата на мигрантите. Се верува дека е поврзан со Демократскиот правен совет (1953 година).

„РАЈКОВИТИС. А."

Александар РАКОВИТИС (П. Л. Д. 4595)

Постојат информации дека бил член на КП на Австралија (огранок во Фицрој) во 1953 и 1955 година.

„ВУЛКАНОВ, Б" – Борис Тома ВАЛКАНИС или Џорџ ВАЛКАНИС или Борис ВАЛКАНОВ (П. Л. Д. 9490)

Се вратил во Бугарија во декември 1953 година.

Додека бил во Мелбурн известени сме дека бил самодеклариран комунист и дистрибуирал грчка и македонска комунистичка литература. Извештај на ______________[627] од 5/7/1955 година. Постојат ијнформации дека е во блиска соработка со МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ додека бил во Мелбурн. Извештај на ______________[628] од 20/4/1955 година. ___________[629] напишал писмо до весникот „МАКЕДОНСКА ИСКРА", такво писмо се појави во изданието на весникот од

[625] Почетокот на документот не се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија".
[626] Потврдено лично досие.
[627] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[628] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[629] Името е прекриено во оригиналниот документ.

октомври/ноември 1954 година во кое тој ги величи условите во Бугарија. (Извештај на „Кју“ бр. 8990 од 23/2/1956 година).
„ПЕТКОВИЌ. К“ – Кузма ПЕТКОВИЌ. (П. Л. Д. 6550)

Член на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ.
„ХОРВАТ. Р“ – Рук ХОРВАТ. (П. Л. Д. 4285) Во 1951 година бил секретар на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ.
„ПЕШУТ. П.“ – Петер ПЕСУТ или ПЕШУТ или ПЕШИЌ или ПЕШОТА (П. Л. Д. 9007). Постојат информации дека е активен член на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ имигрантски сојуз.

4. Прикачена е копија од преведениот напис од југословенскиот весник „Напредак“ од 23/4/1955 година во врска со „Осмата конференција на Сојузот на југословенски мигранти во Австралија“, одржан во Сиднеј од 8/4/1955 година до 11/4/1955 година. Известено де дека Р. ХОРВАТ (П. Л. Д. 4284), на кој се онесува параграфот 3 погоре, го претставувал Југословенскиот имигрантски сојуз од Викторија.

5. Ќе се види дека Христос Панделис АЛТИС (П. Л. Д. 467) и Б. Г. МЕРИК (П. Л. Д. 321) кои беа активни во стариот „СЕСЛОВЕНСКИ ОБЕДИНЕТ СОЈУЗ“ во 1944 година сега се активни во МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ и во други здруженија. Исто така, Б.Г.МЕРИК (П. Л. Д. 321) беше секретар на „СЕСЛОВЕНСКИОТ КОМИТЕТ ЗА ФОДНОТ ЗА ИЗГРАДБА ЗА СПОМЕНИК НА СТАЛИН“ во 1954 година. Можно е, оттука, дека стариот „СЕСЛОВЕНСКИ ОБЕДИНЕТ СОЈУЗ“ да остана активен во рамките на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ и во ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ во оваа држава и дека тоа кореспондира со СЕСЛОВЕНСКИОТ СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА“.[630]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 136.

[630] Крајот на документот не се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 111

# Извештај до регионалниот директор на АСИО во Викторија во врска со „Македонска искра“, 1956 година

<u>ТАЈНО</u>

...[631] тврдење во Оделот за имиграција дека весникот е „целосно црвен“ и дека издавачите би сториле прекршок на прописите доколку не известеа за промената на уредникот и издавачот.

5. На 18/10/1954 година __________[632] препрати до оваа Канцеларија копија од извештајот од 12/10/1954 година (копијата е прикачена), кој се однесува на објавувањето во „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ на писмо потпишано од ЏОРЏ ЗАНГАЛИС (П. Л. Д.[633] 4232), секретар на ГРЧКИОТ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ ОД МЕЛБУРН, адресирано до Заедничкиот извршен комитет на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ ОД ВИКТОРИЈА (копија е прикачена). Во врска со овој напис беше добиен приговор од страна на грчката владина служба по пристигнувањето на изданието на овој весник во Грција.

6. Следниве извештаи на „Кју“ и на _____________[634] се однесуваат на активносите на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ и на нејзиниот уредник:

(а) Извештај „Кју“ бр. 6690 од 16/11/1954 година од ___________[635]. Од Н. Д. А. БЕАРЛИН (П. Л. Д.[636] 3496) беше побарано дали таа може да достави напис за весникот. (Оваа личност е евидентирана негативно).

(б) Извештај „Кју“ бр. 7497 од 20/4/1955 година од __________[637]. Д. ТРПКУ (П. Л. Д. 5652) присуствуваше на состанок на КП на Австралија (огранок Фицрој) на 13/3/1955 година и е оквалификуван како уредник на „ИСКРА“, македонски национален весник.

(в) Извештај на __________[638] од 7/6/1955 година. Изданието на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ од февруари/март 1955 година издадено од Д. ТРПКУ (П. Л. Д. 5652), во кој се дадени имињата на комитетот на Сојузот и

---

[631] Почетокот на документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.
[632] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[633] Потврдено лично досие.
[634] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[635] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[636] Потврдено лично досие.
[637] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[638] Името е прекриено во оригиналниот документ.

имињата на членовите редакцијата на весникот. Членови на редакцијата биле:

Уредник: С. САРБИНОВ (ПЛД 8487)

Зам. уредник: В. НЕДЕЛКОВСКИ – веројатно идентичен со Иван НЕДЕЛКОВСКИ (П. Л. Д. 9920), (Извештај на __________[639] од 21/11/1955 година.

Членови: Џ. ПАНОВ (П. Л. Д. 4865) – исто така, избран во Контролниот комитет на Сојузот.

Д. ТРПКОВ (П. Л. Д. 5652), т.е. ТИРПКУ, исто така, издавач.

Џ. ПИЦАРКОВ – веројатно идентичен со Џон ПИЦАРКОВ (П. Л. Д. 539/265) – досие Н.Ј.В.[640] (меморандум од Н.Ј.В. бр 3335 од 24/6/1955 година).

(г) Извештај на __________[641] од 11/71955 година – Извештај од С. САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487) дека бугарската влада ќе донира печатарска машина за потребите на македонските комунисти во Мелбурн.

(д) Извештај на __________[642] од 9/9/1955 година – напис од С. САРБИНОВ

(П. Л. Д. 8487) во изданието од јули/август 1955 година на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ за неговото патување ов Бугарија.

(ѓ) Извештај на __________[643] од 4/10/1955 година, коментар на __________[644] во врска со погоре спомнатото.

7.[645]

8. (а) Извештај на __________[646] од 9/11/1955 година во кој __________[647] се осврнува на обидите на С. САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487) да собере средства за „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ низ целиот Комонвелт.

(б) Извештај на __________[648] од 16/1/1956 година во кој __________[649] се осврнува на одржаните говори и напишаните написи во „МАКЕДОНСКА ИСКРА„ од страна на С. САРБИНОВ за неговите патувња во земјите зад Железната завеса во Европа.

[639] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[640] Нов Јужен Велс.
[641] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[642] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[643] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[644] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[645] Текстот под точка 7 е целосно прекриен во оригиналниот документ.
[646] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[647] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[648] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[649] Името е прекриено во оригиналниот документ.

(в) Извештај на __________[650] од 3/1/1956 година во кој __________[651] се осврнува на поврзаноста на Тодор ПАПАПЕТРУ (П. Л. Д. 6575) со весникот. Ова лице е забалежано како активно во комунистичките активности во областа Фицрој.

(г) Извештај на __________[652] од 29/2/1956 година во кој __________[653] се осврнува на напис на насловната страница на весникот (издание од јануари 1956 година) во кој се апелира за средства.

(д) Извештај бр. 8990 од 23/2/1956 година во кој __________[654] се осврнува на писмо напишано од страна на Б. Т. ВАЛКАНИС (П. Л. Д. 9490) кое беше објавено во изданието од октомври/декември[655] на весникот. Писмото се осврнува позитивно на условите во Бугарија кои биле воочени од страна на авторот кој се вратил во Бугарија од Австралија во 1953 година.

(ѓ) Извештај на __________[656] од 2/5/1956 година во кој __________[657] се осврнува на тешката финансиска состојба на весникот и за обидите да се зголемат приходите.

9. Ве молам погледнете ја прикачената копија од извештајот од 2/6/1956 година од теренскиот офицер _____________[658] кој всушност е превод на напис во априлскиот број на „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ од 1954 година. Извештајот потврдува дека улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, претставува дистрибутивен центар за тој весник. Клубот на кој се осврнува е МАКЕДОНСКИОТ КЛУБ кој е поврзан со МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ. На истата адреса се наоѓаат и ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ, АЛБАНСКИОТ КЛУБ и СЛОВЕНСКИОТ КЛУБ.

10. Во нашиот меморандум 2119 од 13/6/1956 година е препратен превод на напис од „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ (јануари, 1954 година) во кој се пренесува суштината на телеграмата од СЛОВЕНСКО-БУГАРСКИОТ КОМИТЕТ од Софија.

11. Во овој контекст е, исто така, извештајот на __________[659] од 19/6/1956 година кој се однесува на неодамнешниот обид на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛСИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ да ги купи просториите

[650] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[651] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[652] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[653] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[654] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[655] Веројатно се работи за грешка во оригиналниот документ. Би требало да стои ноември/декември.
[656] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[657] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[658] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[659] Името е прекриено во оригиналниот документ.

на улица „Јанг", бр. 52, Фицрој, како и просториите на улица „Јанг", бр. 54, Фицрој, со намера да ги сруши постојните згради и да изгради црковна сала од името на таканаречената „МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ДРЖАВНА ЗАЕДНИЦА". Параграфот 9 од овој извештај се однесува на изјавата дадена од страна на членови на МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА во контекст на тоа дека предложената сала би била навистина користена за политички и социјални собири на кои би се собирале средства за Сојузот и за весникот „МАКЕДОНСКА ИСКРА".

12. Како заклучок, весникот „МАКЕДОНСКА ИСКРА" претставува орган на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ од улица „Јанг", бр. 52, Фицрој, Сојуз за кој честопати беше известувано дека е во тесна врска со левичрски и комунистички активности во македонската заедница. „МАКЕДОНСКА ИСКРА" се печати во комунистичката печатница „КОРОНЕЈШН ПРЕСС", од Корс Лејн, бр. 16. „МАКЕДОНСКА ИСКРА" публикуваше писма од кореспонденти од државите зад Железната завеса и очигледно е во контакт со организации во тие држави.

13. Уредникот на овој весник, С. САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487), натурализиран британски државјанин, е, исто така, член на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ од улица „Јанг", бр. 52, Фицрој. Во извештајот „Кју" бр. 8472 од 24/10/1955 година, е наведено дека тој бил член на Комунистичката партија и, исто така, дека неговата посета на Бугарија во текот на 1955 година била платена од страна на бугарската влада, влада којашто од него побарала да оформи група која би регрутирала луѓе кои би ја напуштиле Австралија и би заминале во Бугарија. (Видете исто пеграф 8 (б) во врска со неговите патувања во државите зад Железната завеса).Тој е поврзан со весникот најмалку од 1948 година наваму.

14. За издавачот на весникот, Д. ТРПКОВ, познат и како ТИРПКУ (П. Л. Д. 5652), во извештајот на _________[660] од 10/10/1952 е наведено дека тој е „еден однајактивните комунистички пропагандисти во грчко-македонската заедница" (Видете го нашиот меморандум од 30/3/1953 година, „МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА). Во „Кју" извештајот 7497 од 20/4/1955 година __________[661] известува дека тој присуствувал на состанок на КП на Австралија (огранокот во Фицрој) на 13/3/1955 година на кој му се обратиле како на уредникот на „ИСКРА", македонски национален весник. Исто така, е наведено дека тој бил

[660] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[661] Името е прекриено во оригиналниот документ.

благајник на Сојузот во 1948 година.

15. Следниве лица кои се носители на функции во Сојузот се, исто така, во евиденцијата:

Х. П. АЛТИС (ПЛД 467) – проценет како безбедносен ризик кога бил спонзор на дозвола за пристигнување (Погледнете го нашиот меморанудм П. Л. Д. 467/Ц од 3/12/1951 година)

Т. ГЕРГОС (Томас Христу ГЕРГОС) (П. Л. Д. 2795) – видете го нашиот меморанудм од 4/3/1954 година, „КАФЕТЕРИЈА СТ. КИЛДА“, за детали во врска со неговата негативна евиденција.

Џ. ПАНОВ (можеби идентичен со Димитри Ентони ПАНОУ или ПАНОВ, Џејмс, К. А. „Џим“.) (П. Л. Д. 4865). Видете го досието од Централата П/12/13 за детали во врска со неговото претходно членство во Е. М. С.[662]

Џ. ПАНОВ беше избран во Надзорниот комитет на Сојузот во 1955 година.

________________[663]

за РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА.

ДИСТРИБУЦИЈА:

| | |
|---|---|
| Централа | П. Л. Д.4232 |
| П. О. Д. 393/15 | П. Л. Д. 9920 |
| П. О. Д. 794/30 | П. Л. Д. 4865 |
| П. О. Д. 794/16 | П. Л. Д. 9205 |
| П. О. Д. 539/265 | П. Л. Д. 6575 |
| 3/2/191 | П. Л. Д. 9490 |
| 3/2/203 | П. Л. Д. 467 |
| П. Л. Д. 3564 | П. Л. Д. 2795 |
| П. Л. Д. 8487 | П. Л. Д. 4865 |
| П. Л. Д. 5652 | Кутија. |

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 148-150.

[662] Се однесува на Еурека младински сојуз (Eureka Youth League), кој бил формиран во 1941 година и претставувал младинска организација на Комунистичката партија на Австралија.

[663] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 112

# Меморандум од Канцеларијата на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 14 јануари 1957 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

3/2/191
3/2/207

Телеграми: „Аустерити, Мелбурн“

Главен истражен оддел

Огранок „Д“
Фах 5219, ГПО,
Мелбурн

14 јануари 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Тука е прикачен сумарен извештај изготвен од __________[664] во однос на горе- спомнатата организација.

2. Сумарниот извештај се препраќа во согласност со насоките на Централата во меморандумите 19/42/3, 36 од 9 февруари 1954 година, параграф 14 и 19/42/3, 52 од 5 април 1956 година...[665]

______________[666]

за РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА.

Дистрибуција:
Централа
3/2/191/том 2
________[667], (без прикачен документ)
Кутијата.

[664] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[665] Крајот на параграфот е прекирен во оригиналниот документ.
[666] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[667] Името е прекриено во оригиналниот документ.

ТАЈНО

ТАЈНО

3/2/191/том.2/Б.1.

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

АСИО

Канцеларија во Викторија,

МЕЛБУРН

17 декември 1956 година

ИНФОРМАЦИЈА ЗА:

Б. 1.[668]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Кон крајот на 1946 година, Македонското братство од Мелбурн создаде организација која е позната како клуб ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН[669], со следниов Устав:

1. Името на клубот е ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН

2. Клубот е социјална, културна, несеционистичка и неполитичка организација.

Целите и задачите на Клубот беа:

1. Да промовира културна и социјална благосостојба на луѓето кои потекнуваат од Македонија и живеат во Викторија.

2. Да промовира пријателство, подобро разбирање и соработка меѓу македонскиот и австралискиот народ.

3. Да инспирира и да промовира хармонија и соработка меѓу Македонците и сојузничките народи.

4. Да ја зголеми моралната и материјалната поддршка за македонскиот народ и, исто така, да ја зајакне нашата лојална посветеност на Австралија, државата која не прифати.

5. Да соработува со сите патриотски и добротворни организации во Викторија за доброто на австралискиот народ.

2. Речиси истовремено во Перт, ЗА[670] беше формиран „Македонскиот народен сојуз на Австралија“ кој имаше блиска соработка со „Југословенскиот имигрантски сојуз“ за кој се знае дека е под големо комунистичко влијание. Секретарот и организаторот, К. В. АНГЕЛКОВ предложи да реализра една тура низ Комонвелтот за формирање ограноци на

668 Огранок 1, Викторија.

669 Погрешно презиме во оригиналниот документ. Се однесува на Гоце Делчев.

670 Западна Австралија.

Сојузот во секоја од државите и при неговата посета на Клубот ГОЦЕ ДЕЛЕВЕН на улица „Јанг“, бр 52, Фицрој, Клубот одлучи да се здружи со телото од Западна Австралија, прифаќајќи го истото име, Уставот и следниве цели:

„Македонскиот народен сојуз на Австралија е непартиска, несецеионистичка организација која има за цел да ги организира Македонците во Австралија да се грижат за нивните посебни потреби и проблеми преку:

(а) Воспоставување центри со цел остварување лични контакти и културен развој...[671]

6. Во извештајот на ________[672] од 10/10/1952 година е наведено дека се верувало дека Сојузот претставувал комунистички главен штаб во Викторија за македонските Грци. Исто така, беше наведено дека двајца (2) членови на Сојузот, Д. ТИРПКУ (П. Л. Д.[673] 5652) и Х. АЛТИС (П. Л. Д. 467) биле во Аделаида во текот на септември 1952 година со намера да шират комунистичка пропаганда во Македонскиот клуб во Аделаида. (Д. ТИРПКУ беше издавач на „Македонска искра“, органот на Сојузот).

7. Во текот на 1953 година, Сојузот имаше свој претставник во „Привремениот комитет за правата на мигрантите“.

8. Во извештајот на ____________[674] од 7/6/1955 година се снабдени имињата на членовите на Извршниот комитет на Сојузот за 1955 година:

Претседател: Џ. ФИЛИПОВ. (П. Л. Д. 10408)

Секретар: Н. КАРАЏОВ

Благајник: Р. АЛТИН. (Веројатно Х. АЛТИС (П. Л. Д. 467))

Заменик благајник: В. НЕДЕЛКОВСКИ (ПЛД 9920)

Контролен комитет: Т. ГЕРГОВ. (ПЛД 2795)

Џ. ПАНОВ (ПЛД 4865)

Редакција:

Уредник: С. САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487)

Заменик уредник: В. НЕДЕЛКОВСКИ (П. Л. Д. 9920)

Членови:

Џ. ПАНОВ. (П. Л. Д. 4865)

Д. ТРПКОВ (ТИРПКУ) (П. Л. Д. 5652)

Џ. ПИЦАРКОВ (досие во Н.Ј.В.[675] П/2/64)

---

[671] Втората страница од документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

[672] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[673] Потврдено лично досие.

[674] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[675] Нов Јужен Велс.

9. Во меморандумот на регионалниот директор, Јужна Австралија, бр. 671 од 2/5/1956 година е посветено внимание на посетата на С. САРБИНОВ (ПЛД 8487) на Јужна Австралија и притоа тој се обратил пред Сојузот во Аделаида во однос на обединувањето на Кипар со Грција.
10. Нашиот меморандум бр. 1901 од 28/5/1956 година се однесува на следниве членови на Сојузот кои биле дел од Словенскиот фонд за изградба на споменик на Сталин:

Б. Г.МИХАЈЛОВИЌ (познат како МЕРИК) (П. Л. Д. 321)
Б. ВУЛКАНОВ (П. Л. Д. 9490)
К. ПЕТКОВИЌ (П. Л. Д. 6550)

11. Извештајот на _________[676] од 19/6/1956 година се однесува на обидот на Сојузот да ги купи просториите на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, каде што се наоѓа нивната централа, заедно со приклучните простории на улица „Јанг“, бр. 54. Беше објавен апел од страна на Х. АЛТИС (П. Л. Д. 467) кој нагласи дека црковната сала треба да се изгради за потребите на „Македонската православна државна заедница“. Советот на Фицрој, верувајќи дека салата би била користена од Македонската православна христијанска црква го одобри иницијалното барање за дозвола за градба, меѓутоа откако се случија обраќања од православни црковни луѓе кои тврдеа дека Сојузот и неговите поддржувачи биле антихристијани и дека салата би била користена за политички и социјални собири за да се собираат средства за потребите на Сојузот и неговиот орган „Македонска искра“, беа искажани сомнежи дали властите ќе го одобрат овој предлог.
12.[677]
13. Исто така, треба да се забележи дека адресата на Сојузот, улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, е иста со адресата на „Југословенскиот имигрантски сојуз“ со кој Сојузот е во блиски релации. Менаџерот на „Југословенскиот клуб“ (кој е дел од Имигрантскиот сојуз) В. НЕДЕЛКОВСКИ (ПЛД 9920) беше заменик благајник на Сојузот во 1955 година и, исто така, заменик уредник на „Македонска искра“ истата година. Неколкумина членови на Сојузот се, исто така, членови на Југословенскиот имигрантски сојуз.
14. Наведено е дека „Македонско-австралискиот народен сојуз“ од неговото создавање во 1946 година, станува сè повеќе и повеќе екстремен во неговите активности меѓу македонската заедница. Од 1948 година

[676] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[677] Параграфот под број 12 е празен во оригиналниот документ.

наваму тој е доминиран од срана на мал број на луѓе кои имаат досиеја за безбедносен ризик, а некои од нив се членови на КП на Австралија. Сојузот, исто така, е во блиски односи со Југословенскиот имигрантски сојуз и со Демократскиот сојуз.

Весникот на Сојузот, „Македонска искра“ се печати во комунистичката печатница „Коронејшн прес“ во Мелбурн. Неговиот уредник, С. САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487) наводно е самодеклариран член на КП на Австралија, додека издавачот, Д. ТИРПКУ (ТИРПКОВ) – ПЛД 5652, е член на КП на Австралија.

________________[678]

Секција Б. 1.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 152, 154, 156, 157.

---

[678] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 113

# Меморандум од Генералниот директор на АСИО во Канбера до регионалните директори на АСИО во Нов Јужен Велс, Викторија, Јужна Австралија и Западна Австралија во врска со одржувањето на Шестата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 19 март 1957 година

3/2/207

2158

19 март 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор: Нов Јужен Велс
Регионалниот директор: Викторија
Регионалниот директор: Јужна Австралија
Регионалниот директор: Западна Австралија

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ НА АВСТРАЛИЈА

1. Прикачена е копија од преводот од изданието на „Македонска искра“ од ноември/декември 1956 година кој беше добиен од директорот на Истражната служба на Комонвелтот.

2. Колку што би можело да се разбере од лошиот превод изгледа дека Шестата национална конференција на Сојузот би требала да се одржи во блиска иднина од моментот кога написот бил напишан.

3. Основните поенти на политиката на Сојузот кои се наведени во написот се:

(1) Спротивставување на континуираната европска имиграција.

(2) Можноста за економска депресија

(3) Поддршка за д-р Еват во спротивставувањето на англо-француската акција во Суецкиот канал, опишувајќи ги нивните трупи како „агресори“.

(4) Единство и солидарност со „австралиските работници“ во борбата за подобри работни услови, поголеми плати, контрола на цените и работни места за невработените.

4. Досега не е доставена информација за Национална конференција на Сојузот. Сеите детали во врска со ова прашање се добредојдени и би било пожелно доколку се направат обиди за покриеност на конференцијата доколку таа, сè уште, не е одржана.

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 160.

# 114

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со печатени изданија на странски јазик, 26 март 1957 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

56/1/4
3/2/73
3/2/207

Телеграма: Главен истражен
оддел
„Аустерити, Перт“
Оддел Д

Фах Т 1795, ГПО
Перт, З.А.[679]

26 март 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО (2)

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ
ПЕЧАТЕНИ ИЗДАНИЈА НА СТРАНСКИ ЈАЗИК

Прикачениот извештај се однесува конкретно на информацијата која се бара во вашиот меморандум бр. 2158 од 19 овој месец.

2. Сепак, таа има поврзувачка точка во врска со Вашиот меморандум бр. 2211 исто така од 19 овој месец. Ќе забележите дека е направен договор за целосен превод на извештаите.

3. Ве молиме да доставите мислење дали регионалните директори треба да организираат редовни преводи и доколку е таков случајот и тие мораат да го организираат преводот која би требало да биде сумата за исплата за преводот.

4. Во овој момент ние, во ЗА, можеме да организираме редовни преводи на „Напредак“, „Македонска искра“ и на „Ил Рисвељо“.

5. Ве молиме за мислење.

[679] Западна Австралија.

______________[680]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЗА

Копија во 56/8/4.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 140, 162.

---

[680] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 115

# Извештај од теренскиот офицер до Регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија во врска со Шестата конференција на Македонско-австралискиот народен сојуз, 27 март 1957 година

27 март 1957 година

До Регионалниот директор,
Западна Австралија

Македонско-австралиски народен сојуз

1. Во врска со меморандумот бр. 2158 на Централата на АСИО од 19 март 1957 година.

2. „Македонска искра" од јануари 1957 година, кој беше неодамна доставен до оваа канцеларија, покажува дека Шестата национална конференција на МАНС била одржана во Мелбурн на 5 и 6 јануари 1957 година.

3. Три од вкупно четири страници на весникот се посветени на извештаи од конференцијата.

4. Направен е договор за целосен превод на овие извештаи, но потребно е некое време за да се заврши.

____________[681]
Теренски офицер

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 140, 161.

[681] Името е прекирено во оригиналниот документ.

# 116

# Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до централата на АСИО во Канбера во врска со изградба на нова црковна сала во Фицрој од страна на Македонската православна црковна заедница, 21 мај 1957 година

ИЗВЕШТАЈ на ________[682]

3/2/207

Евалуација:[683]
______________:[684]
Држава: Викторија
1. [685]
2.[686]

Датум на информирање: 14/5/1957
Датум на настанот: Актуелен
Датум на известување: 21/5/1957

ИЗГРАДБА НА НОВА ЦРКОВНА САЛА НА улица „Јанг“ БР.52, ФИЦРОЈ

ИНФОРМАЦИЈА:

3. Просториите на улица „Јанг“, бр. 52/54, Фицрој, ѝ беа продадени на Македонската православна црковна заедница кој се наоѓа на улица „Свон“, бр. 134, Ричмонд, на 22 мај 1956 година. Цената која треба да се плати изнесува 7 500 фунти и беше оставен депозит од 1500 фунти. Остатокот од сумата треба да се плаќа на рати во износ од 12 фунти неделно. Оваа неделна рата беше зголемена и до денес околу една четвртина од вкупната сума е платена.

4. Просториите се осигурани во Осигурителната компанија Викторија која се наоѓа на улица „Квин“, во градот[687], и лицето кое го ефектуираше осигурувањето од името на Македонската црковна заедница е Атанасиус МАЛКИН (без досие), сопственик на кафетерија од улица „Сван“, бр. 134, Ричмонд. За ова лице се верува дека е познат и како Атанасиос КИРКУ, кој е веројатно идентичен со Атанасиос Ставро КИРКО (ПЛД[688] 7188).

[682] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[683] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[684] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[685] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[686] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[687] Се однесува на Мелбурн.
[688] Потврдено лично досие.

5. Неодамна, градскиот совет на Фицрој ги одобри неопходните планови за повторна изградба на предметната локација и барањето до Државниот министер за градежништво од страна на Македонската источна и православна црковна заедница за спречување на планираната изградба на црковна сала на оваа локација беше отфрлено. Сепак, во моментов постои производител на слатки кој го користи приземјето на улица „Јанг“. Бр. 52, за сопствениот бизнис и тој одбива да се исели од таа локација доколку не добие оштета во висина од 3 000 фунти. Оттука, во моментов постои пат позиција.

<u>КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ ОФИЦЕР</u>

6. Поврзаност со погоре спомнатото е присутен во извештајот на __________[689] од 19 јуни 1956 година.[690]

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа, Конзументски оддел (3)
Б. 1. Викторија (како што е побарано)
Главното досие (1)

Копија за 3/2/207
Копии во 3/2/114
Како што е побарано.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 140, 162.

[689] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[690] Крајот на пасусот е прекриен во оригиналниот документ.

# 117

# Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до централата на АСИО во Канбера во врска со дејствувањето на Стојан Сарбинов и активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 22 мај 1957 година

ИЗВЕШТАЈ на ______________[691]

3/2/207

Евалуација:[692] Датум на информирање: 14.5.1957
Симбол на изворот:[693] Датум на настанот: Актуелен
Држава: Викторија Датум на известување: 22.5.1957

1. [694]

2.[695]

СТОЈАН САРБИНОВ (П. Л. Д.[696] 8487)

3. По враќањето на САРБИНОВ од Бугарија, забележана е промена во претходниот воинствен став на Македонско-австралискиот народен сојуз (3/2/191, бр. 2).

4. Сојузот се обиде да се здружи со други македонски организации и направи најдобри напори за да ја елимира отворената комунистичка пропаганда и поврзаноста со комунистичките организации. Постојат информации дека неодамна ги напуштиле просториите на улица „Јанг“, бр. 52, кои сега се користат од Југослвоенскиот клуб. Самиот САРБИНОВ е виден во клубовите како продава списание кое се вика „Македонија“. Практично се во него е напишано на македонски јазик и еден напис на четвртата страница се однесува на Олимписките игри во Мелбурн и посетата на бугарските и југословенските атлети на Клубот на улица „Јанг“, бр. 52. Во контекст на нивната желба за изградата црковна сала на улица „Јанг“, бр. 52, постои чувство дека Македонско-австралискиот народен сојуз има намера да ја отстрани секоја поврзаност на Сојузот, или на неговите членови, со оваа адреса.

[691] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[692] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[693] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[694] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[695] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[696] Потврдено лично досие.

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа, Конзументски оддел (3)
Б. 1. Викторија (како што е побарано)
Главното досие (1)

Копија за Македонски АНС

Копии во 3/2/114

Копија во Македонска православна заедница[697]

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 164.

---

[697] Текстот е допишан во ракопис во оригиналниот документ.

# 118

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со Џорџ Маноу, 3 јуни 1957 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ТАЈНО

3/2/207

„Остерити", Аделаида Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

3 јуни 1957 година

Копија бр. 1

МЕМОРАНДУМ за

Централата, АСИО

ЦЕНТАР НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА

ЏОРЏ МАНОУ (Познат како МАНУ)

Прикачениот извештај на ______________[701] Ви се препраќа како информација. Центарот на македонската заедница претходно не беше познат, но очигледно е дел од Македонско-австралискиот народен сојуз.

2. Џорџ МАНОУ е предмет во нашето лично досие 3297 (2235) од 1 септември 1953 година. За неговата мајка, Софија МАНОУ, е известено дека „соработувала со комунистичките бунтовници во текот на Граѓанската војна" и дека им ги предала своите две деца на комуниститте во 1948 година. (Ова се двајцата помали браќа на лицето за кое станува збор.) Погледнете ја телеграмата на Централата од 12 јануари 1956 година.

__________________[702]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЈА[703]

ДИСТРИБУЦИЈА:

[701] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[702] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[703] Јужна Австралија.

Копија бр. 1 – Централа, АСИО
Копија бр. 2 – Исто
Копија бр. 3 – 3/2/151
Копија бр. 4 – С. О. Ф. 157
Копија бр. 5 – С. П. Ф. 3297
Копија бр. 6 – Кутијата на датотеката

ТАЈНО

Копија кај: Маноу

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 168.

# 119

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија до Централата на АСИО во Канбера во врска со одржана средба на Македонско-австралискиот народен сојуз, 4 јуни 1957 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ТАЈНО 3/2/207

„Аустерити", Аделаида Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

4 јуни 1957 година

Копија бр. 1

МАМЕОРАНДУМ за

Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме осврenete се на Вашиот [меморандум] 3/2/207 (2158) од 17 март, 1957 година.

2. Прикачениот извештај од _______________[698] се препраќа како одговор на наведениот Ваш меморандум. Не постои достапна информација во врска со неодамнешна Национална конференција на Сојузот. Постојат некои индикации дека конференција или сличен настан бил одржан за време на Олимписките игри во Мелбурн. Овој настан би можел да биде нешто во вид на подготвителен состанок.

__________________[699]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЈА[700]

ДИСТРИБУЦИЈА:

Копија бр. 1 – Централа, АСИО

Копија бр. 2 – С. О. Ф. 157

Копија бр. 3 – СП. Ф. 5128

Копија бр. 4 – Кутијата на датотеката

ТАЈНО

Заведено: 5 јуни 1957 година

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 166.

---

[698] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[699] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[700] Јужна Австралија.

# 120

# Превод на делови на весникот „Македонски глас“, јуни – јули 1957 година

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

Веридби во Сиднеј.

Јован СТАВРЕВСКИ од село Бапчор, Костурско, Македонија и Дота М. ДЕЛИЈАНОВА.

- - - - - - - - - - - - -

Диме ДАМЧЕВ од село Буф, Леринско, Македонија и Маре КОТРОНОВА од село Баница, Леринско, Македонија.

---

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

Веридби во Мелбурн.

Георги Б. МАРНАГОВ од село Каленик, Леринско, Македонија со Вангелија ТКИРЕВА од село Нерет, Леринско, Македонија.

- - - - - - - - - - - - -

Вангел П. ЦВЕТИН од село Нерет, Леринско, Македонија и Лена Т. ЧАДЕВСКА:

---

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

Свадба во Сиднеј.

НА 26 мај 1957 година, се одржа свадбена веселба во Рускиот клуб по повод стапувањето во брак на Васил ВЛАШЕВ од село Брезница, Костурско, Македонија и Зорка ЈАНЕВА која е родена во Сиднеј.

Васил е син н Тодор ВЛАШЕВ кој е добро познат меѓу мигрантите.

Васил е секретар на клубот „Весела Македонија“ во Сиднеј.

---

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

Свадба во Сиднеј.

На 28 април Александар Спиро ЌОСЕВ од село Штрково, Преспа, Македонија се ожени.

Александар дојде од Чехословачка каде што се образуваше. Тој живееше во Форбс една година и сега живее во Њукасл.

Тој се ожени со Лена ГРАМАТИКОВА, ќерка на Божин ГРАМАТИКОВ. Таа е родена во село Рудари, Преспа, Македонија и дојде во Австралија од Југославија.

Кум беше Стефо МАЛКОВ од село Далиник, Леринско, Македонија.

---

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

ПРВ РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИКОТ ЈАЗИК

Во Институтот за македонски јазик на Народна Република Македонија започна работата и подготовката за објавување речник на нашиот јазик.

Таквиот речник ќе биде од голем интерес за сите Македонци кои живеат во странство и кои сакаат да го пренесат мајчиниот јазик на своите деца.

---

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

КВИНБЕЈАН, Н.Ј.В.[704]

Малото гратче Квинбејан е лоцирано на околу 7 милји[705] југоисточно од Канбера, главниот град на Австралија.

Таму, во тоа мало гратче, живеат 220 Македонци кои мигрирале од Македонија од 1925 година до денес.

Сиве овие наши браќа успеаја да ги надминат своите долгогодишни тешкотии и да изградат свои домови.

Некои работат како градинари, некои работат за државата во Канбера, а повеќето од нив се сопственици на продавници, а некои имаат и по две продавници.

Таму, нашите мигранти ги чуваат своите традиции од нашата стара татковина со нивното госторпимство иако живеат илјадници милји оддалечени од стариот крај и таму можете да слушнете современи грамофонски снимки со богатите македонски песни и македонски ора за да може да се заборави тагата и да се потсетат на милата татковина Македонија.

Таму нашите луѓе живеат во близок контакт (добри соседи) со Австралијанците и живеат со нив како браќа.

Ние, Македонците, ја користиме Англиканската црква за нашите венчавки и крштевки.

Се надеваме дека ова кратко писмо ќе биде прочитано од многумина наши сонародници и сакаме да слушнеме за нив и за нивниот живот преку „Македонски глас“

Потпишан: К. ТРСЈАНСКИ

[704] Нов Јужен Велс.
[705] Околу 11 км.

Почитуван уредник,

Ве молам да го објавите ова кратко писмо во „Македонски глас“.

Квинбејан не организираше вечеринка за Големиот ден бидејќи се случуваа две венчавки и сите Македонци беа таму.

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

Аделаида – честитки за уредникот.

Драги сонародници кои работите за нашиот „Македонски глас“. Ние немаме новости кои би ги напишале од нашиот град, но би сакале да Ве поздравиме и да ви се заблагодариме бидејќи успеавте да објавите два броја.

Потпишан: Илија КЛЕШТИНОВ
Секретар на „Александар Велики“
Аделаида, ЈА[706]

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ јуни - јули, 1957 година

„ИЛИНДЕН“

По повод 54 годишнината од познатиот Илинден, МАНС подготвува посебна и богата вечерна забава која ќе се одржи во недела, 4 август, 1957 година во клубот на организацијата во салата Св. Лука, улица „Јанг“, Фицрој.

Поканети се сите наши мигранти и не е неопходно да бидат членови на Сојузот.

Македонци! Денот на Свети Илија е еден од нашите најголеми национални празници и поради тоа сите Ве покануваме.

Не го заборавајте датумот – 4 август, недела, меѓу 14 и 18 часот, вечерна забава. Ќе има многу пиво и други безалкохолмни пијалоци, како и оброк.

Бесплатен влез – сите сте добредојдени.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 254-261.

[706] Јужна Австралија.

# 121

# Меморандум од Регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со податоци за членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1 јули 1957 година

ТАЈНО
АВТСРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

3/2/207

Телеграми: „Аустерити, Мелбурн“

Главен истражен оддел

Огранок „Д“
Фах 5219, ГПО
Мелбурн

1 јули 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

ПРЕДМЕТ: Македонско-австралиски народен сојуз
ВО ВРСКА СО: Меморандумот на Централата бр. 2158 од 19.3.1957 година
(Досие 3/2/207)

Ве молиме погледенете ја прикачената копија од извештајот на __________[707] од 7.5.1957 година кој се однесува на Шестата национална конференција на МАНС, одржана во текот на Божиќните празници во 1956 година во Мелбурн.

2. Имињата на вршителите на функции кои се наведени во параграф 2 се смета дека се однесуваат на следниве личности кои се наоѓаат во нашата евиденција.

(а) Стојанис СЕРБИНЕ – Стојан САРБИНОВ или СЕРБИНИС или САРБИН (П. Л. Д.[708] 8487)

(б) Христос АЛТИС – Христос Панделис АЛТИС или Ристо АЛТИС (П. Л. Д.467)

---

[707] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[708] Потврдено лично досие.

(в) Давид ПАПАРУСИС - Д. ПАПАРУСИС (П. Л. Д. 10407)

(г) Атанасиос КИРКОС - Атанасиос Ставро КИРКУ (П. Л. Д. 7188)

3. Свештеникот Л. Л. ЕЛИОТ кој е спомнат во параграфите 8 и 9 е идентичен со свештеникот Лесли Лиевелин ЕЛИОТ, предмет во нашето П. Л. Д. 9514. (Нашиот меморандум 4467 од 12/11/1956 се однесува на него).

______________________[709]

Од името на <u>РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА</u>

<u>ДИСТРИБУЦИЈА:</u>

Централа

3/2/191/том 2.

Кутија на датотеката

П. Л. Д. 8487

П. Л. Д. 467

П. Л. Д. 10407

П. Л. Д. 7188

П. Л. Д. 9514

П. Л. Д. 393/15

<u>ТАЈНО</u>

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 175.

[709] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 122

# Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Аделаида до регионалната канцералија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со изборот на ново раковдство на Македонско-австралискиот народен сојуз во Јужна Австралија, 5 јули 1957 година

ТАЈНО

ИЗВЕШТАЈ на __________[710]

3/2/207

Евалуација:[711]

----------[712]

Држава: Викторија

Датум на информирање: 28. 6. 1957

Датум на настанот: /

Датум на известување: 5. 7. 1957

1. [713]

2.[714]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

АДЕЛАИДА, ОГРАНОК ВО ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА

ИНФОРМАЦИЈА:

3. На состанокот во Аделаида, одржан на 15 декември минатата година, огранокот на Македонско-австралискиот народен сојуз во Јужна Австралија ги избра подолу наведените лица за членови на Извршниот комитет за 1957 година.

| | |
|---|---|
| Претседател: | К. ПАПАС |
| Потпретседател: | Г. БОШКОВ |
| Секретар: | Е. КЛЕШТИНОВ |
| Заменик секретар: | Џ. ФИЛИПОВ |
| Благајник: | А. МАНОВ |
| Контролен комитет: | А. ЛЕЈКОВ |
| | А. АЛЕКСИУ |
| | Т. НОЈКОС |

[710] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[711] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[712] Прекриено во оригиналниот документ.
[713] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[714] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ СЛУЖБЕНИК

4. Деталите кои се наведени погоре се појавуваат на страница (2) од јануарскиот број од 1957 година на „Македонска искра“

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел (3)

Б. 1.[715] Викторија (како што е потребно)

Главно досие (1)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 169.

---

[715] Оддел 1.

# 123

# Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со изборот на ново раководство на Македонско-австралискиот народен сојуз, 5 јули 1957 година

3/2/207
ТАЈНО

ИЗВЕШТАЈ на __________[716]

Евалуација:[717] Датум на информирање: 28. 6. 1957

----------[718] Датум на настанот: /

Држава: Викторија Датум на известување: 5. 7. 1957

1. [719]

2.[720]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ
(3/2/191)

3. На годишното генерално собрание на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ, подолу спомнатите лица беа избрани за членови на Извршниот комитет за оваа година.

| | | |
|---|---|---|
| Претседател: | И. НЕДЕЛКОВСКИ | (П. Л. Д.[721] 9 920) |
| Потпретседател: | Д. ФИЛИПОВ | (П. Л. Д. 10 408) |
| Секретар: | Д. ТРПКОВ | (П. Л. Д. 5 652) |
| Заменик секретар: | Ј. ТРАЈКОВСКИ | (без досие) |
| Благајник: | Б. СПИРКОВ | (без досие) |
| Заменик благајник: | А. РАКОВСКИ | (без досие) |
| Контролен комитет: | Т. КОЛЕВСКИ | (без досие) |
| | П. ДАЈКОВ | (П. Л. Д. 4 135) |
| | Д. ТРПКОВ | (П. Л. Д. 5 652) |

------------

716 Името е прекриено во оригиналниот документ.
717 Името е прекриено во оригиналниот документ.
718 Прекриено во оригиналниот документ.
719 Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
720 Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
721 Потврдено лично досие.

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел (3)
Б.1.[722] Викторија (како што е потребно)
Главно досие (1)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 170.

---

[722] Оддел 1.

# 124

# Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со одржаниот Конгрес на Македонско-австралискиот народен сојуз, 5 јули 1957 година

3/2/207
ТАЈНО

ИЗВЕШТАЈ на __________[723]

Евалуација:[724] Датум на информирање: 28. 6. 1957
________[725] Датум на настанот: /
Држава: Викторија Датум на известување: 5.7.1957
1. [726]
2.[727]

КОНГРЕС НА МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ
(без досие)

ИНФОРМАЦИЈА

3. Федералниот конгрес на Македонско-австралискиот народен сојуз беше одржан во Мелбурн на 5[ти] и 6[ти] јануари оваа година. Организациски секретар беше Стојан САРБИНОВ (П. Л. Д.[728] 8487) и тој го поднесе иницијалниот извештај.

4. Извештаи за различни активности во Викторија беа поднесени од страна на АЛТЕН[729] (Христос Панделис АЛТИС или Ристо АЛТИС – П. Л. Д. 467), Д. ТРПКОВ (Даниел Димитру ТРПКОВ или ТРПКУ – П. Л. Д. 5652), Т. ГЕРГОВ (веројатно идентичен со Томас Христу ГЕРГОС- П. Л. Д. 2795) и Д. ПАНОВ (Димитри Ентони ПАНУ или Џејмс или Џим ПАНОВ – П. Л. Д. 4865).

5. Претставниците кои поднесоа извештаи од Нов Јужен Велс беа Елиа МАЛКОВ (без досие) и Иван ПИЦАРКОВ (веројатно идентичен со Џон

[723] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[724] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[725] Прекриено во оригиналниот документ.
[726] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[727] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[728] Потврдено лично досие.
[729] Погрешно име во оригиналниот документ.

ПИЦАРОВ или ПИСАКОВ – П. О. Д.[730] 539/265). Извештај за Квинбејан, А.Г.Т.[731] беше поднесен од страна на Никола ТРСИЈАНСКИ (без досие), а Аделаида, Јужна Австралија беше претставена од Глигор БОШКОВ (без досие). Западна Австралија не беше претставена, но извештај од К. АНГЕЛКОВ (Кирил Васил АНГЕЛКОВ – П. О. Д. 12, папка 1, 2 и 3) беше прочитан.

6. Како дополнување на погоре наведеното, други личности за кои се знае дека биле присутни на Конгресот се следниве:

| | |
|---|---|
| Иван НЕДЕЛКОВСКИ | (П. Л. Д. 9920) |
| Пеце ТРПКОВ | (П. Л. Д.. 5652) |
| Џим ТРАЈКОВСКИ | (без досие) |
| Џон ПАНЏАРИ | (П. Л. Д. 6576) |

7. Целосен извештај за Конгресот се појави во последниот број на „Македонска искра“ (П. О. Д. 393/15) од Викторија кој беше објавен во јануари 1957 година.

ТАЈНО

------------

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ СЛУЖБЕНИК

8. Примерок од погоре спомнатиот примерок на „Македонска искра“ е прикачен тука. На страница (3) може да се види фотографија на која се поголем дел од личностите кои се спомнати погоре.

-----------

ДИСТРИБУЦИЈА: Централа. Конзументски оддел (3)
Б.1.[732] Викторија (како што е потребно)
Главно досие (1)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 171, 172

[730] Потврдено организациско досие.
[731] Австралиска главна територија.
[732] Оддел 1.

# 125

# Извештај од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија во врска со одржан состанок за помирување меѓу македонските и југословенските членови на Комунистичката партија на Австралија, 9 јули 1957 година

ТАЈНО

ИЗВЕШТАЈ БР: 10956

Евалуација: Б.2.

Датум на информирање: 5.6.1957

Датум на настанот: 29. 5. 1957

Датум на известување: 9. 7. 1957

ВИКТОРИЈА КП на Австралија МАКЕДОНСКО/ЈУГОСЛОВЕНСКИ ФРАКЦИИ

1. На 29. 5. 1957 година беше одржан состанок на македонските и југословенските членови на КП на Австралија на улица „Јанг" бр. 52, Фицрој.

2. Х. (Хју Доналд) ЖИЛС (П. Л. Д.[733] 2773), Д. (Даглас Џон) ЖИЛИС (П. Л. Д. 463) и уште еден член на КПА присуствуваа нс состанокот.

3. Целта на состанокот беше обид да се испеглаат разликите меѓу македонската и југословенската група кои сериозно влијаеа врз работата на луѓето во партијата.

4. Покрај ЖИЛС и неговите пријатели, дваесет и двајца (22) беа присутни, од нив 7 Југословени и 15 Македонци.

5. Разликата меѓу Југословените и Македонците се состои во тоа што Македонскиот народен сојуз го купи имотот на улица „Јанг", бр. 52, Фицрој и предлага да се изгради социјален и благотворителен центар за македонската заедница. Со Македонскиот народен сојуз се поврзани Генералниот комитет и Црковниот комитет кои опфаќаат многу голем дел од Македонците. Огранокот на КПА има членови во двата од овие комитети и има големо влијание врз нив. Поради планот за градба ќе биде неопходно целосно да се руши моменталната градба. Ова значи дека двете групи кои се заеднички станари на улица „Јанг", бр. 52, т.е. Македонците и Југословените (тие имаат одделни клубови и одделни комитети) ќе мораат засега да ги напуштат просториите на улица „Јанг", бр. 52.

[733] Потврдено лично досие.

6. Југословените кои не биле консултирани во врска со купувањето на објектот сметаат дека Македонците им работеле зад грб и ги исфрлаат на улица.
7. Претседавачот на состанокот ја посочи причината поради која бил свикан состанокот. Тој рече дека КПА во моментов единствено е загрижена за меѓусебниот однос меѓу другарите и болното чувство дека таквата состојба ја успорува работата на огранокот на Партијата на кој тие му припаѓаат. Потоа тој ги покани двете страни кои се дел од спорот да ги изнесат своите ставови и предлози. Беа изнесени предлози од страна на Македонците кои би влијаеле врз иднината на Југословенскиот клуб и целата дискусија се сосредоточи околу овие предлози. Претедавачот потоа нагласи дека ова не е причината за свикувањето на состанокот, туку да се проучи состојбата од позиција на КПА.
8. ЖИЛС потоа зема збор и рече дека тој чуствува дека целиот раздор се случил поради Македонците членови на КПА...[734]

<u>ТАЈНО</u>

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 180.

---

[734] Крајот од документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 126

# Извештај за присуство на Паволиќ помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[735] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4802
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

ПАВОЛИЌ помладиот – без досие

Забелешки: _________[736]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. ПАВОЛИЌ помладиот, кој е актуелен секретар на Македонскиот народен сојуз, е одгледувач на банани во Кребс Крик.

3. ПАВОЛИЌ помладиот се образувал во средното училиште Мурвилумба.

Дистрибуција;
Копија бр. 1-2-3-4 Централа
Копија бр. 5 ССС Клд[737]
Копија бр. 6 Регионален директор, Н.Ј.В.[738]
Копија бр. 7-8 Б1 Клд

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 185.

---

[735] Прекриено во оригиналниот документ.
[736] Прекриено во оригиналниот документ.
[737] Квинсленд.
[738] Нов Јужен Велс.

# 127

# Извештај за присуство на Трајк Ристиќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[739] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4803
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички
Трајк РИСТИЌ – без досие

Забелешки: _________[740]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. РИСТИЌ има околу 70 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[741] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[742] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 186.

739 Прекриено во оригиналниот документ.
740 Прекриено во оригиналниот документ.
741 Квинсленд.
742 Нов Јужен Велс.

# 128

# Извештај за присуство на Питер Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[743] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4804
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Питер СТИВ – без досие

Забелешки: _________[744]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Питер СТИВ има околу 56 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[745] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[746] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 187.

[743] Прекриено во оригиналниот документ.
[744] Прекриено во оригиналниот документ.
[745] Квинсленд.
[746] Нов Јужен Велс.

# 129

# Извештај за присуство на Боб Богдановќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[747] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4811
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Боб БОГДАНОВИЌ – без досие

Забелешки: _________[748]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. БОГДАНОВИЌ е одгледувач на банани во Апер Буринџбар и тој е антикомунист.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[749] |
| Копија бр. 6 | Б1 Клд |
| Копија бр. 7-8 | Регионален директор, Н.Ј.В.[750] |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 188.

---

[747] Прекриено во оригиналниот документ.
[748] Прекриено во оригиналниот документ.
[749] Квинсленд.
[750] Нов Јужен Велс.

# 130

# Извештај за присуство на Питер Загалис помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[751] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4820
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Питер ЗАГАЛИС помладиот – без досие

Забелешки: _________[752]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Питер ЗАГАЛИС помладиот од Буринџбар пристигнал од Југославија пред околу две години и се борел со партизаните комунисти во Југославија.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[753] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[754] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 189.

[751] Прекриено во оригиналниот документ.
[752] Прекриено во оригиналниот документ.
[753] Квинсленд.
[754] Нов Јужен Велс.

# 131

# Извештај за присуство на Џек Вејн на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[755] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4805
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Џек ВЕЈН – без досие

Забелешки: _________[756]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Џек ВЕЈН има околу 57 години и е одгледувач на банани кој живее во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[757] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[758] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 190.

[755] Прекриено во оригиналниот документ.
[756] Прекриено во оригиналниот документ.
[757] Квинсленд.
[758] Нов Јужен Велс.

# 132

# Извештај за присуство на Крист Загалис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[759] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4819
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Крист ЗАГАЛИС – без досие[760]

Забелешки: _________[761]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Крист ЗАГАЛИС има 43 години и ја извршувал функцијата секретар на Сојузот околу осум години.

3. Се тврди дека овој човек има ќерка која била југословенска партизанка која се борела во Грција за време на Граѓанската војна и сега таа посетува средно училиште во Југославија.

4. КРИСТ ЗАГАЛИС е натурализиран пред околу дванаесет (12) години.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[762] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[763] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 191.

---

[759] Прекриено во оригиналниот документ.
[760] Во ракопис е допишан следниов текст: ДИГАЛА Христо (починат). Види: извештај „Кју“ 480125/1/57, Р/Д Н.Ј.В. 4338 од 15.8.57 за 3/2/207.
[761] Прекриено во оригиналниот документ.
[762] Квинсленд.
[763] Нов Јужен Велс.

# 133

# Извештај за присуство на Сесил Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: _____________[764] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4813
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Сесил СТИВ – без досие
Забелешки: _________[765]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Сесил СТИВ е син на Питер СТИВ (без досие), има 27 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[766] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[767] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 192.

[764] Прекриено во оригиналниот документ.
[765] Прекриено во оригиналниот документ.
[766] Квинсленд.
[767] Нов Јужен Велс.

# 134

# Извештај за присуство на Бил Васили на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[768] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4808
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Бил ВАСИЛИ – без досие

Забелешки: _________[769]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Бил ВАСИЛИ е одгледувач на банани, живее во Мулумбимбу и е антикомунист.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[770] |
| Копија бр. 6 | Б1 Клд |
| Копија бр. 7-8 | Регионален директор, H.J.B.[771] |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 193.

---

[768] Прекриено во оригиналниот документ.
[769] Прекриено во оригиналниот документ.
[770] Квинсленд.
[771] Нов Јужен Велс.

# 135

# Извештај за присуство на Сем Талевци на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[772] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4809
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Сем ТАЛЕВЦИ – без досие

Забелешки: _________[773]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Сем ТАЛЕВЦИ е одгледувач на банани, живее во Данбибл и има околу 51 година.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[774] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[775] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 194.

[772] Прекриено во оригиналниот документ.
[773] Прекриено во оригиналниот документ.
[774] Квинсленд.
[775] Нов Јужен Велс.

# 136

# Извештај за присуство на Џони Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: __________[776] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4817
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Џони СТИВ – без досие
Забелешки: _________[777]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Џони СТИВ има 25 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[778] |
| Копија бр. 6 | Б1 Клд |
| Копија бр. 7-8 | Регионален директор, Н.Ј.В.[779] |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 195.

[776] Прекриено во оригиналниот документ.
[777] Прекриено во оригиналниот документ.
[778] Квинсленд.
[779] Нов Јужен Велс.

# 137

# Извештај за присуство на Тони Стив на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: _____________[780] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4818
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Тони СТИВ – без досие

Забелешки: _________[781]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Тони СТИВ има 31 година и е сопственик на паб во Кребс Крик.

3. Овој човек собира пари за Сојузот, но тоа го прави под псевдонимот МАКЕДОНЕЦ бидејќи се плаши дека публицитетот би можел да му наштети на неговиот бизнис.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[782] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[783] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 196.

[780] Прекриено во оригиналниот документ.
[781] Прекриено во оригиналниот документ.
[782] Квинсленд.
[783] Нов Јужен Велс.

# 138

# Извештај за присуство на Ник Карашаис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[784] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4822
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Ник КАРАШАИС – без досие

Забелешки: _________[785]

Ник КАРАШАИС (без досие) тврди дека бил австралиски војник во Втората светска војна.

2. КАРАШАИС го напуштил округот Мурвилумба во 1954 година и се вратил таму кон почетокот на 1957 година и во таа прилика, во која бил во посета од Мелбурн, собирал донации за „Искра“, македонскиот весник.

3. Се верува дека бил секретар на комунистите во областа Мурвилумба во 1952 година и дека бил посетуван во тоа време од страна на член на Комунистичката партија на Австралија од Лисмор.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[786] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[787] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 197.

---

[784] Прекриено во оригиналниот документ.
[785] Прекриено во оригиналниот документ.
[786] Квинсленд.
[787] Нов Јужен Велс.

# 139

# Извештај за присуство на Мајкл Јовчевиќ на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[788] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4815
Датум на информирање: 14. 5. 1957 година
Датум на настанот: Околу 29. 7. 1956 година
Датум на известување: 25. 7. 1957 година

Квинсленд
Политички

Мајкл ЈОВЧЕВИЌ – без досие

Забелешки: _________[789]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Мајкл ЈОВЧЕВИЌ има 40 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик. Претходно живеел во Мелбурн.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[790] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[791] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 198.

[788] Прекриено во оригиналниот документ.
[789] Прекриено во оригиналниот документ.
[790] Квинсленд.
[791] Нов Јужен Велс.

# 140

# Извештај за присуство на Јовчевиќ помладиот на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[792]

Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4807

Датум на информирање: 14.5.1957 година

Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година

Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд

Политички

ЈОВЧЕВИЌ помладиот – без досие

Забелешки: _________[793]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. ЈОВЧЕВИЌ помладиот има околу 17 години. Тој живее во Кребс Крик и пристигнал во Австралија од Југославија пред околу две години.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[794] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[795] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 199.

---

[792] Прекриено во оригиналниот документ.
[793] Прекриено во оригиналниот документ.
[794] Квинсленд.
[795] Нов Јужен Велс.

# 141

# Извештај за присуство на Пол Гагиополис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[796] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4812
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

Пол ГАГИОПОЛИС – без досие

Забелешки: _________[797]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. ГАГИОПОЛИС живее во Данбибл и иако присуствувал на средбата, тој не е активен член на Сојузот.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[798] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[799] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 200.

---

[796] Прекриено во оригиналниот документ.
[797] Прекриено во оригиналниот документ.
[798] Квинсленд.
[799] Нов Јужен Велс.

# 142

# Извештај за присуство на Ристо Димов на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[800] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4810
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

Ристо ДИМОВ – без досие

Забелешки: _________[801]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Ристо ДИМОВ има 75 години и е огледувач на банани.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[802] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[803] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 201.

[800] Прекриено во оригиналниот документ.
[801] Прекриено во оригиналниот документ.
[802] Квинсленд.
[803] Нов Јужен Велс.

# 143

# Извештај за присуство на Филип Димирис на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[804] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4816
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

Филип ДИМИРИС – без досие

Забелешки: _________[805]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Филип ДИМИРИС е одгледувач на банани во Били Нагел. Тој е претседател на Македонскиот народен сојуз.

3. ДИМИРИС има брат кој бил во Југославија, но потоа бил испратен во Русија.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[806] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[807] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 202.

---

[804] Прекриено во оригиналниот документ.
[805] Прекриено во оригиналниот документ.
[806] Квинсленд.
[807] Нов Јужен Велс.

# 144

# Извештај за присуство на Мајкл Чакалов на средба на Македонско-австралискиот народен сојуз по повод прослава на Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[808] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4814
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

Мајкл ЧАКАЛОВ – без досие

Забелешки: _________[809]

Погоре спомнатиот присуствувал на средба на Македонскиот народен сојуз која се одржала околу 29 јули, 1956 година, за да го прослави македонскиот празник Илинден.

2. Мајкл ЧАКАЛОВ има 35 години и е одгледувач на банани во Кребс Крик.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[810] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[811] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 203.

[808] Прекриено во оригиналниот документ.
[809] Прекриено во оригиналниот документ.
[810] Квинсленд.
[811] Нов Јужен Велс.

# 145

# Извештај од теренскиот офицер на АСИО за одржана средба на Македонскиот народен сојуз во јули 1954 година во Кребс Крик по повод Илинден и поврзаноста со Комунистичката партија на Австралија, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[812] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4821
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу јули 1954 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

АКТИВНОСТИ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА
МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ

Забелешки: _________[813]

Во јули 1954 година бил одржан состанок на Македонскиот народен сојуз во Македонската народна сала, во Кребс Крик, со цел прослава на празникот Илинден. Претседавач на состанокот бил Питер СТИВ, а секретар Ник КАРАШАИС (без досие).

2. Питер СТИВ во обраќањето на состанокот зборувал за историјата на словенските народи и изјавил дека словенските народи мораат да ја признаат Русија како нивна татковина и дека како работници тие мораат заеднички да се организираат. Тој бил поддржан во овој став од човек по име ЗАГАЛИС и од уште еден човек кој се вика Ристо ДИМОВ (без досие).

Дистрибуција;

Копија бр. 1-2-3-4 Централа
Копија бр. 5 ССС Клд[814]

[812] Прекриено во оригиналниот документ.
[813] Прекриено во оригиналниот документ.
[814] Квинсленд.

| | |
|---|---|
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[815] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 204.

---

[815] Нов Јужен Велс.

# 146

# Извештај на теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Квинсленд во врска со одржана средба на Македонскиот народен сојуз во Кребс Крик во јули 1956 година по повод Илинден, 25 јули 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[816] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 4801
Датум на информирање: 14.5.1957 година
Датум на настанот: Околу 29.7.1956 година
Датум на известување: 25.7.1957 година

Квинсленд
Политички

КОМУНИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ – МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Забелешки: _________[817]

На 29 јули 1956 година Македонскиот народен сојуз од Кребс Крик во Мурвилумба одржал состанок за да се прослави македонскиот празник Илинден во Македонската народна сала во Кребс Крик. Со состанокот претседавал човек по име ПАВОЛИЌ (помладиот) (без досие).

2. меѓу присутните биле следниве лица:

| | |
|---|---|
| (а) Трајк РИСТИЌ | (без досие) |
| (б) Питер СТИВ | (без досие) |
| (в) Џек ВЕЈН | (без досие) |
| (г) Наум ПАВОЛИЌ | (без досие) |
| (д) ЈОВЧЕВИЌ помладиот | (без досие) |
| (ѓ) Бил ВАСИЛИ | (без досие) антикомунист |
| (е) Ристо ДИМОВ | (без досие) |
| (ж) Боб БОГДАНОВИЌ | (без досие) антикомунист |
| (ѕ) Пол ГАГИОПОЛИС | (без досие) |
| (и) Сесил СТИВ | (без досие) |

[816] Прекриено во оригиналниот документ.
[817] Прекриено во оригиналниот документ.

| | |
|---|---|
| (ј) Мајкл ЧАКАЛОВ | (без досие) |
| (к) Мајкл ЈОВЧЕВИЌ | (без досие) |
| (л) Филип ДИМИРИС | (без досие) |
| (љ) Џони СТИВ | (без досие) |
| (м) Тони СТИВ | (без досие) |
| (н) Крист ЗАГАЛИС | (без досие) |
| (њ) Питер ЗАГАЛИС помладиот | (без досие) |

3. [818]

Коментар на предметниот службеник:

__________[819] извести за овој состанок бидејќи тој лично присуствувал на него, но поради фактот што претходно не бил информиран, во тој момент не можел да сфати дека информациите кои би можел да ги собере таму би биле користени за службени цели. Неговите опсервации за состанокот се многу општи.

Дополнителен состанок требаше да се одржи на 16 јуни 1957 година и на ________[820] му е укажано да спроведе конкретни опсервации.

Дистрибуција;

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[821] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[822] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 205, 206.

---

[818] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[819] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[820] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[821] Квинсленд.
[822] Нов Јужен Велс.

# 147

# Меморандум од регионалната канцеларија на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со мајскиот број на весникот „Македонски глас“, 8 август 1957 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

3/2/207
3/2/73/БИ

Телеграми: „Аустерити, Мелбурн“

Главен истражен оддел
Огранок „Д“
Фах 5219, ГПО
Мелбурн
8 август 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

ПРЕДМЕТ: МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме погледнете го извештајот на __________[823] од кој ги содржи следниве преводи од изданието на „Македонски глас“ од мај 1957 година.

2. По три копии од секој напис, со исклучок на оние што се однесуваат на ЗА[824] Ви се препраќаат

1. До читателите на „Македонски глас“.
2. ПЕТРОВ без пантолони
3. Здраво Перт!
4. Голем ден во Сиднеј
5. Вечеринка во Мелбурн
6. Венчавки во Мелбурн
7. 1 мај во Сиднеј
8. Квоти за донации
9. Мелбурн повикува

823 Името е прекриено во оригиналниот документ.
824 Западна Австралија.

10. СТЕФАНОВ
11. Македонските клубови

______________[825]

<u>РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЗА</u>

Додадено во „Македонски глас“[826]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 181.

---

[825] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[826] Допишано во ракопис во оригиналниот документ.

# 148

# Меморандум од генералнниот директор на АСИО до регионалниот директор на АСИО во Јужна Австралија во врска со „Александар Велики", огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз, 8 август 1957 година

ТАЈНО

3/2/207
8 август 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Јужна Австралија.

Македонско-австралиски народен сојуз

1. Ве молам земете го предвид Вашиот [извештај] 3/2/131 од 3 јуни, 1957 година.

2. Вашиот извештај се однесува на клубот „Александар Велики" кој претставува огранок на Македонско-австралискиот народен сојуз. Во кварталниот извештај бр. 2/57 е наведена референцата во врска со него во „МАКЕДОНСКИ ГЛАС".

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

П.А.
29/8
ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 183.

# 149

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со податоци за членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 15 август 1957 година

ТАЈНО

3/2/285
3/2/207

Копија бр. 2

15 август 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Квинсленд.
Копија до: Централата, АСИО.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Во врска со извешајот „Кју“ 4801 (25.7.1957 година) и меморандумот 8132/57 (последниот не е до Централата).

2. Имињата во вториот параграф од „Кју“ извештајот не се наоѓаат во нашата евиденција. Сепак, во системот на податоци на оваа Канцеларија постојат имињата „Т. РИСТИЌ“ и „Наум ПАВЛОВИЌ“ како локални претплатници на „Македонска искра“, орган на погоре спомнатата организација. Можеби овие врски доведуваат до истите лица како имињата под „(а)“ и под „(г)“ во извештајот „Кју“. Презимето ДИМИРИС – под „(м)“ во извештајот „кју“ – би можело да се однесува на ДИМАКИС: ние имаме„К. ДИМАКИС“ како локален претплатник на „Македонска искра“.

3. Крист ЦАЛАКИС – „(п)“ – би бил Христо ДИГАЛА, уште еден локален претплатник на погоре именуваната публикација. ___________[827] неодамна не информираше дека извесен Христос ЗИГАЛИС, познат како Крис ДИГАЛА, бил несреќно застрелан додека бил на лов во близина на Мулумбимбу на 6.7.1957 година и дека документите кој ги имал кај себе го поврзувале со огранокот „Слобода“ (Кребс Крик) на организа-

[827] Името е прекриено во оригиналниот документ.

цијата за која станува збор. Починатото лице наводно бил активен локален агитатор на Комунистичката партија и истакнат член на македонската заедница во Кребс Крик. Изгледа дека „Крист ЗАГАЛИС“ кој е во ивештајот „Кју“ сега е починат.

4. Предметната организација и нејзиниот орган имаат тесни врски со Југословенскиот имигрантски сојуз и неговиот орган („Напредак“). Округот Кребс Крик изгледа дека е нејзината главна област на дејствување во оваа држава.

____________________[828]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.[829]

ДИСТРИБУЦИЈА:

Копија 1 – Р.Д., Квинсленд

2. Централа, АСИО

3. 3/2/285

4. Кутија на датотеката

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 182.

[828] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[829] Нов Јужен Велс.

# 150

# Превод на делови на весникот „Македонски глас“, август - септември 1957 година

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година
50 фунти ДОНАЦИИ ЗА ФОНДОТ И ЗА ПРЕТПЛАТИ НА „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ ВО ПЕРТ

Од огранокот „Единство“:

Ј. АНГЕЛИДЕС, П. СИДЕРОВ, Л. МИЛАНКОВ, К. АНГЕЛКОВ, Е. СТЕФОВСКИ, Т. НАУМОВИЌ, К. САЛВАРИНАС, Т. ПЕЈОВ, К. АНГЕЛКОВ, А ГРЗОВСКИ, К. ЏОРЏ, Ј. СИДЕРИС, Т. ЦАЛИС, Ј. КРСТОВ, Ј. ЈАНОВ, Ј. ИВАНОВ.

Од вкупно 50 фунти, 9 фунти се за претплата и 41 фунта за донација.

---------------------------------------

Перт:

Илинденските прослави во Перт беа одржани во Трејдс Хол на кои присуствуваа околу 600 наши емигранти. Говорник беше Киро АНГЕЛКОВ.

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

Перт.

Фудбалскиот клуб „Олимпик“ покажа добри резултати и прогрес. На тимот му посакуваме многу успех во новиот ранг на натпреварување.

Потпишан: Петре СИДЕРОВ

Во има на „Единство“.

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година
ФОНД И ПРЕТПЛАТИ

СИДНЕЈ: 5 фунти – К. ВАЛАМИ, М. ВЕЛИОВСКИ, В. БОШКОВ, Л. МАЛКОВ, Ј. ПИЦАРКОВ, Ј. БОНАКЕЈ, В. ХРИСТОВ, А. ДИАМЕНТИ.

2 фунти: И. СТИВЕН

1 фунта: В. ВЕЛИОВИЌ, Т. ВЛАШЕВ, Г. РАДИЧЕВИЌ, С. КОНСТАНТИНУ, Т. ЈАНЕВИЌ, Б. ТАНОВ, Н. БОНАКЕЈ, А. БЕДЕЛЕС, П. ПАНДОС.

Њукасл: Хр. КОЗАРИ 2 фунти, Л. НАНЦУ 1 фунта.

Коримал: Д. ВАГЕЛ.

Квинбејан: Н. К. ПАНДАВ 5 фунти, К. ПАНДОВ 1 фунта, К. ПЕЈОВ 1 фунта.

Волонгонг: Г. ТРАЈАНОВ 1 фунта.

Кребс Крик: Т. РИСТИЌ 2 фунти.

Менџимап: А. РАПОВ 1 фунта.

----------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

ВЕНЧАВКА ВО СИДНЕЈ

На 27 јули Видан ХРИСТОВСКИ од град Битола, Вардарска Македонија, се ожени со Лела ВАСИЛОЈ од град Атина, Грција.

Видан е син на Цветан АНГЕЛОВ од улица „Димитар Влахов“, бр. 167, Битола, Народна Република Македонија. Адресата на Видан е улица „Стејшн“, бр. 94, Њутаун.

Кум беше Илија ИВАНОВСКИ од Сиднеј.

----------------------------------------

СИДНЕЈ:

На 2 јуни Трајан МАРКОВ од село Ѓавато, Битолско, Македонија се ожени со Дана БАШОВА.

Трајан е син на Јоанче МАРКОВ кој е добро познат меѓу нашите мигранти во Н.Ј.В. [830]

Кум беше Стојан ГУЛАВОВ од Њукасл.

----------------------------------------

Веридба во Сиднеј

Александар КЧАШОВСКИ од село Буф, Леринско, Македонија се вери со Доста ПЕТРЕВА од село Лесковец, Леринско, Македонија.

----------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

ВЕНЧАВКА ВО АДЕЛАИДА.

Илија КЛЕШТИНОВ од град Лерин, Егејска Македонија и Гоча ПРСТЕНАРОВА од Вестени, Костурско, Македонија се венчаа на 22 јуни. Гоча е ќерка на Коста ПРСТЕНАРОВ кој е добро познат меѓу нашите имигранти.

Кум беше Коста ЌОСЕВ од село Вишени, Костурско, Македонија.

----------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

СИДНЕЈ.

Прославата по повод Илинден беше одржана во Сиднеј на 4 август 1957 година.

[830] Нов Јужен Велс.

Дојдоа мигранти од Њукасл, Порт Кембла, Ричмонд, Волонгонг и Мона Вејл.

Беа положени венци под фотографиите на народните херои од страна на дедо Боше Чодовиќ и Васил БОШКОВ.

На прославата присуствуваа генералниот конзул Жирко ЈОСИЛО и генералниот конзу Павел ГЕЗИЌ од Народна Република Југославија и претставници на словенските организации.

Потпишани Васил ВЛАШЕВ и Илија ИВАНОВСКИ

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС" август - септември, 1957 година

СИДНЕЈ

На 25 август 1957 година беше одржано годишното собрание на „Весела Македонија".

Извештајот за работата во претходните години беше изнесен од В. ВЛАШЕВ кој ги пренесе резултатите, ги истакна слабостите и даде препораки за идната работа.

Финансискиот извештај беше изнесен од А. ТАНОВ.

Задачите за следната година се следниве:

1. Да се изгради македонска сала.
2. Да се зголеми членарината.
3. Да им се помогне на болните лица.
4. Финансиски да се поддржи „Македонски глас".

Беше избран нов Извршен комитет во следниот состав:

| | |
|---|---|
| Претседател: | В. ВЕЛИОВИЌ |
| Потпретседател: | Т. ВЛАШЕВ |
| Секретар: | М. ВЕЛИОВСКИ |
| Заменик секретар: | В. ВЛАШЕВ |
| Благајник: | С. КОНСТАНТИНУ |
| Заменик благајник: | Г. МАНГОВСКИ |
| Надзорен комитет: | А. ДИЈАМАНТИ |
| | Г. РАДИЧЕВИЌ |
| | И. ИВАНОВСКИ |

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС" август - септември, 1957 година

ПИСМО ОД БУГАРИЈА

Објавено е писмо со датум од 16 јули 1957 година од Борис ВАЛКАНОВ од Кв. Лагера Б122, VI.А., Софија 12, Народна Република Бугарија,

адресирано до уредникот на „Македонски глас“, во кое авторот известува дека тој го чита „Македонски глас“.

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

Мелбурн, Прослава на Илинден.

Во Мелбурн беше одржана прослава по повод Илинден на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој.

Претседателот Ванчо НЕДЕЛКОВСКИ ја отвори прославата и по него зборуваше Стојан САРБИНОВ:

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

Аделаида:

Прослава на Илинден

Извештај во кој се изнесуваат детали за прославата на Илинден (4 август, 1957 година) во Аделаида, Ј.А.[831] беше испратен од Илија КЛЕШТИНОВ, секретар, во името на огранокот „Алексадар Велики“.

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

ПИСМО ДО УРЕДНИКОТ НА „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Почитуван уредник,

Од името на Македонската организација во Мелбурн испратена е честитка до Комитетот по повод денот на Св. Илија.

Потпишан Ванчо НЕДЕЛКОВСКИ,

Претседател.

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

ОД СОФИЈА; БУГАРИЈА:

Ние испраќаме братски поздрави до „Македонски глас“ и до сите читатели и пријатели по повод Илинден.

Потпишани

Словенски комитет,

Најден НИКОЛОВ и Трајана НЕНОВА

---------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ август - септември, 1957 година

ЗАМИНА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

[831] Јужна Австралија.

Аделаида: Пред неколку недели нашиот добро познат сонародник, Глигор БОШКОВ, замина во Народна Република Бугарија.

Нашиот патриот БОШКОВ многу години беше не само член на „Александар Велики", туку тој беше еден од нашите први организатори и со неговиот добар карактер тој успеа да ја добие поддршката на нашите имигранти во Аделаида.

Тој работеше со нашите повозрасни членови, како и со нашите млади членови, советувајќи ги да го прават најдоброто што можат за нашата организавија и нашето единство.

Ние, членовите на „Александар Велики" му посакуваме нему и на неговото семејство многу среќа.

Потпишани: „Младите од Аделаида".

---------------------------------------

Сиднеј: По заминувањето од Аделаида сонародникот БОШКОВ пристигна во Сиднеј со цел да го види својот брат Васил БОШКОВ и неговата сопруга. Глигор остана во Сиднеј цела недела во која се сретна со своите пријатели.

Од името на „Македонски глас", на твојот брат и на твоите пријатели, ти посакуваме среќа и долг живот и ние сме сигурни дека ти нема да не заборавиш и дека ќе ја исполниш својата задача да работиш таму за мир и за обединување на нашиот народ.

Пред да замине од Сиднеј, Г. БОШКОВ даде 5 фунти за „Македонски глас".

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 241-253.

# 151

# Извештај на теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Квинсленд во врска со одржана средба на Македонско-австралискиот народен сојуз во Мурвилумба во август 1957 година по повод Илинден, 17 септември 1957 година

ЕВАЛУАЦИЈА: ______________[832] Копија бр. 1

ТАЈНО

3/2/207

Извештај бр. 5045
Датум на информирање: 6.9.1957 година
Датум на настанот: 4.8.1956 година
Датум на известување: 17.9.1957 година

Квинсленд
Политички

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ
ИЛИНДЕНСКА ПРОСЛАВА
Забелешки: _________[833]

На 4 август 1957 година Македонскиот народен сојуз во Мурвилумба одржа Илинденска прослава во Македонската народна сала.

2. Околу 100 лица биле присутни, вклучувајќи и жени и деца, а меѓу нив биле присутни и следниве лица:

(а) Питер СТИВ референца
(б) Тони СТИВ референца
(в) Сесил СТИВ референца
(г) Крис ПАВОЛИЌ без досие
(д) Мајкл ПАВОЛИЌ без досие
(ѓ) Филип ДЕМАРИС без досие (претседател)
(е) Крис ДИМОВ (идентичен со Ристо ДИМОВ) референца
(ж) Питер КАЛАЈАНА без досие
(з) Стаси КАЛАЈАНА без досие
(ѕ) Крис ЈАНЕВ без досие

[832] Прекриено во оригиналниот документ.
[833] Прекриено во оригиналниот документ.

| | |
|---|---|
| (и) Ви ЈАНЕВ | без досие |
| (ј) Филип ПЕТРАС | без досие |
| (к) Џон ИЛИС | без досие |
| (л) Џим ТАНАС | без досие |
| (љ) Џек ВЕЈН | референца |
| (м) Мита ЛАЗАРОВ | без досие |
| (н) Артур ЗАКАС | без досие |
| (њ) Бил ГЕЛАС | без досие |
| (о) Питер ГЕЛАС | без досие |
| (п) Тео ГЕЛАС | без досие |
| (р) Артур ГЕЛАС | без досие |
| (с) Џони МАЈКЛ познат и како ЧАКАЛОВ | без досие |
| (т) Мајкл ЧАКАЛОВ | референца |
| (ќ) Вик МИРОЕС | без досие |
| (у) Пол АРМАНСКАС | без досие |
| (ф) Џим ТАСЕВИЌ | без досие |
| (х) Луис ЈОВЕЧИВИЌ | без досие |
| (ц) Мајкл ЈОВЧЕВИЌ | референца |
| (ч) Трајк РИСТИЌ | референца |
| (џ) Кон ПАПАС | без досие |
| (гостин од Бризбејн) | |

3. Прославата имала облик на собир со обраќања од членовите. Главниот говорник бил Питер СТИВ кој зборувал за значењето на Илинден и истакнал дека Илинден претставувал востание на македонскиот народ против турскиот окупатор во 1903 година. Тој истакнал дека било неопходно Македонците да се обединат како народ и да ја поддржат Бугарија во која живееле поголем број на Македонци за таа да ги претставува целите на македонскиот народ.

4. По ова следувало читање текст од страна на Тони СТИВ, десетгодишно момче, и во текстот доминирале истите информации кои ги дал Питер СТИВ во своето обраќање.

<u>Коментар на предметниот службеник:</u> Од информацијата дадена од страна на ________[834] изгледа дека СТИВ има намера да ја искористи комеморацијата по повод Илинденското востание од 1903 година како точка на мобилизација на Македонците за поддршка на комунистичката власт во Бугарија.[835]

[834] Името е прекриено во оригиналнот документ.
[835] Последниот пасус од коментарот на службеникот е прекриен во оригиналниот документ.

<u>Дистрибуција;</u>

| | |
|---|---|
| Копија бр. 1-2-3-4 | Централа |
| Копија бр. 5 | ССС Клд[836] |
| Копија бр. 6 | Регионален директор, Н.Ј.В.[837] |
| Копија бр. 7-8 | Б1 Клд |

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 209, 210.

[836] Квинсленд.
[837] Нов Јужен Велс.

# 152

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со евидентирање членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 29 октомври 1957 година

ТАЈНО

56/8/27
3/2/207

Копија бр. 2

29 октомври 1957 година

МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Квинсленд
Копија до: Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Дополнување на мојот [извештај] 4704/57.

2. Листа со евиденција беше направена за досието 56/8/27 од Н.Ј.В.[838] („Македонска искра“) и тука е прикачена копија за Ваша информација. Тука се наведени единствено имињата на лицата кои се означени со симбол (*) дека се жители на Н.Ј.В. Во иднина, доколку имате некакви прашања во однос на други лица, Ве молиме по името да ставите (Референца Н.Ј.В. 56/8/27 Листа со евиденција) за да можат да се најдат потребните податоци.

________________[839]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.

Дистрибуција:
Копија 1 - РД[840], Клд[841]
2 – Централа
3 – 3/2/427
4 – 56/8/27
5 – Кутија на датотеката.

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 213.

---

[838] Нов Јужен Велс.
[839] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[840] Регионален директор.
[841] Квинсленд.

# 153

# Превод на делови на весникот „Македонски глас“, октомври-ноември 1957 година

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври - ноември, 1957 година
ФОНД ЗА „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ – СИДНЕЈ
Л. ТАСЕС 1.10.0 фунти, М. ЕВАНГЕЛИДИС од Броукен Хил 1.15.0. фунти, К. ЕМАНУЕЛ 2.10.0. фунти
По 1 фунта: Д. ЕВАНГЕЛИДИС, Л. РАКОВИТИС, В. ВЕЛИОВИЌ, С. КОНСТАНТИНУ, Е. ЛАЗИЌ, Ј. ВЕЛКОВИЌ; Џон ПЕТРОВ 5.0.0. фунти
Западна Австралија, Перт.
Т. ЏОЏОВ 1.0.0. фунти, Менџимап – Ламбо ДОНЕВ 1.10.0 фунти

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година
ПИСМО ОД КРЕБС КРИК – 23.14 фунти Д.[842] за М.Г.[843]

Илинденски празнувања беа одржани во Кребс Крик и говорниици беа П. ДЕМИРИС, К. ПАВЛОВИЌ, Т. РИСТИЌ и К. ЈАНИС.

Беше собрана сума од 23.17.0 фунти за „Македонски глас“.

Резултатот од лотаријата беше следниов:

К. ЈАНИС 6.6.0. фунти, Џ. СТИВ 3.11.0 фунти, М. ТАНАС 3.4.0 фунти, П. ДИМИРИС 2.14.0 фунти, К. СТИВ 3.0.0 фунти, К. ДИМАКИС 2.12.0 фунти, Т. СТИВ 2.10.0 фунти.

На Илинденската свечена вечера беше започната кампања за проширување на салата и беа собрани 300 фунти.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

КРЕБС КРИК:

Носителите на функции на огранокот од Кребс Крик за 1957-1958 година се следниве:

| | |
|---|---|
| Претседедател | П. ДИМИРИС |
| Потпретседател | Танас ГЕЛЕС |
| Секретар | К. ПАВЛОВИЌ |
| Заменик секретар | Џ. СТИВ |
| Благајник | П. ГЕЛЕС |
| Комитет | П. СТИВ и В. ВАСЕЛ |

Потпишан К. ПАВЛОВИЌ, секретар.

842 Донација.
843 „Македонски глас“.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година
ВЕНЧАВКИ ВО МЕЛБУРН

На 6 октомври, Васил Р. ДЕЛИЈАНОВ од село Бапчор, Костурско, Македонија се ожени со Фанка ПОПОВА од село Лаген, Леринско, Македонија.

- - - - - -

На 22 септември во Англиканската црква Св. Лука, Северен Фицрој, Танас ПАНЏАРИ од село Кономлади, Костурско, Македонија, се ожени со Ристана Стефо ОГНЕНОВА од село Нерет, Леринско, Македонија.

Кум беше Доне ФИЛИПОВ од село Руља, а девер К. ФИЛИПОВ од село Долно Котори.

Говорници беа С. САРБИНОВ и Ристо АЛТИН.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

МЕЛБУРН:

Писмо до „Македонски глас“ од Ванчо НЕДЕЛКОВСКИ, претседател на огранокот во Мелбурн кое вели дека ние ги испраќаме нашите претплати и донации за фондот. Претплатата е 12 пени поединечно, а остатокот е за фондот.

Списокот на претплатници и донатори е следниот:

А. ТОДОРОВСКИ 5 фунти.

Следниве донираа по 1 фунта: М. КРЛЕВСКИ, В. ГЕОРЕС, Ј. НЕДЕЛКОВСКИ, К. МИЛИАНКОВ, С. САРБИНОВ, Р. АЛТИН, С. СТОЈЧЕВ, Т. ПЕТРОВ, Џ. ПАНЏАРИ, Д. ФИЛИПОВ, К. БАНИЧИОТОВ, Х. ДИМИТРУ, М. МЛАДЕНОВ, Д. ТРПКОВ, А. РАКОВСКИ, Т. ГЕРГОВ, П. ДАЈКОВ, Е. СЛАВОВ, Ј. ПАНОВ, В. СПИРОВ, Н. КАРАЖЕВ, Г. АНДРИЧИН, Д. ВЕЛИАНОВИЌ, Д. ДЕЛИЈАНОВ, Е. Џ

Други: Р. ДЕЛИЈАНОВ, Хр. ПОПОВ, Г. СПИРОВ, АКОВСКИ, С. ТУНЏЕВ, К. МИЛЕНЦЕВ, В. ГОРЧИЛОВ. 2.12.0 фунти

Т. ТАНАСОВ 16 пени

К: ФИЛИПОВ 1 фунта.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

Пред неколку недели нашиот млад сонадорник од Кребс Крик, Н. АПОСТОЛОВ го посети Сиднеј. АПОСТОЛОВ донираше 5 фунти за „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“. Во Сиднеј тој престојуваше кај пријателот – К. ВАЛАМИ.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

Пристигна писмо од Лаки ПАПАТОЛИОВ од Згоржелец, Полска во кое тој вели дека го добил „Македонски глас“.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

ВЕНЧАВКА ВО КВИНБЕЈАН

На 9 октомври, Георги САРОВ од село Руља, Костурско, Македонија се ожени со Лена МИШОВА од село Арменско, Леринско, Македонија.

Георги е син на Митре САРОВ. Кум беше Ристо ТЕМЕЛКО од село Дреновени, Костурско.

---------------------------------------------------

„МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ октомври – ноември, 1957 година

АПЕЛ ЗА „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Апел од страна на редакцијата на „Македонски глас“ во кој се повикува секој Македонец да биде организатор и да најде нови претплатници на „Македонски глас“.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 231-240.

# 154

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Јоана Кицои, 22 ноември 1957 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: Н57/32628
Датум: 22. 11. 1957 година

До Директорот на АСИО, фах 5224, ГПО, Сиднеј, Н.Ј.В.[844]
До заменик-директорот на И. О. К.[845], фах 5224, ГПО, Сиднеј, Н.Ј.В.

Краток преглед на апликацијата за натурализација

А. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: КИЦОИ Христијанско име: Јоана
2. Претходни имиња: /
3. Моментална адреса: Кребс Крик, ТВИД РИВЕР.
4. Занимање: ХД[846]
5. Име на работодавецот и службена адреса: /
6. Место и датум на раѓање: 19. 9. 1935 година. Мела[847], Костур, Грција.
7. Националност: Грчка
8. Пол: Женски
9. Детали за родителите:

| | татко | мајка |
|---|---|---|
| Цело име: | А. ЗАКАС | КАТ ЗАКАС |
| Датум на раѓање: | 1901 | 1903 |
| Држава на раѓање: | Грција | Грција |

Б. ПО ПРИСТИГНУВАЊЕТО ВО АВСТРАЛИЈА

10. (а) Првпат пристигнала на 14. 8. 1950 година.
(б) Со: Киренија[848]
(в) Место на пристигнување: Мелбурн
11. Патувања надвор од Австралија по првото пристигнување: /

В. ПРЕД ПРИИСТИГНУВАЊЕТО ВО АВСТРАЛИЈА

12. Држави на престој пред Австралија ( со приближни датуми):

[844] Нов Јужен Велс.
[845] Истражен оддел на Комонвелтот.
[846] Непозната кратенка.
[847] Статица.
[848] Име на брод.

Грција. Родена во август, 1950 година.[849]
13. Професија; Студент,
Г. ДЕТАЛИ ЗА БРАКОТ
(а) Име на сопруг/сопруга: Џон (Стив) Моминско презиме на сопругата: Кицои
(б) Датум и место на бракот: 23. 1. 1955 година, Мурвилумба, Н.Ј.В.
(в) Адреса на брачниот другар: Како погоре.
Д. СУДИИ[850]
А Питер Стив, земјоделец, Кребс Крик (6Ј)
Б. Теренс Ричард КЕЛИ, магационер, МУБАЛ (2Ј)
В. Колвил ВИНСЕНТ, Ј. П., КРЕБС КРИК

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 220.

---

[849] Погрешна година во оригиналниот документ.
[850] Се однесува на жители на Австралија кои даваат мислење во однос на барањето за добивање државјанство.

# 155

# Документи од процесот за натурализација на Јоана Кицои, 3 декември 1957 година

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

11748

<u>МЕМОРАНДУМ</u> за:

Регионалниот директор, Нов Јужен Велс. 3 декември 1957 година

<u>КИЦОИ, Јоана</u>

<u>БАРАТЕЛ НА НАТУРАЛИЗАЦИЈА</u>

Во врска со Вашиот меморандум со број 6534 од 27 ноември 1957 година.

2. Препораката која е составен дел на параграфот 5 од погоре спомнатиот Ваш меморандум е прифатена.

_______________[851]

<u>ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР</u>

ДОВЕРЛИВО

---------------------------------------------------

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Досие бр. /

Телеграми: „Аустерити, Сиднеј“

6534

ДОВЕРЛИВО

Главен истражен оддел

Огранок „Д“

Фах 5224, ГПО

Сиднеј

27 ноември 1957 година

<u>МЕМОРАНДУМ</u> за:

Централата, АСИО

<u>КИЦОИ, Јоана</u>

<u>БАРАТЕЛ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА</u>

Извадок од Списокот 157 од 30 октомври 1957 година.

2. Ова е целото резиме.

---

[851] Името е прекриено во оригиналниот документ.

3. Лицето не е дел од нашата евиденција. Таа го именувала како свој судија А. Питер СТИВ, досие од Н.Ј.В.[852] С/23/35. Тој е присутен во извештаите „Кју“ од Квинсленд број 4804 од 25 јули 1957 година и број 4821 од 26 јули 1957 година во врска со средбите на „Македонскиот народен сојуз“. Во последниот извештај наведено е дека тој бил претседавач на средбата. Не е присутен во нашата евиденција поради некоја друга причина.

4. И барателката и СТИВ живеат во Кребс Крик и можеби тоа може да се смета како причина за нивната поврзаност, чија природа инаку е непозната.

5. Се препорачува одобрување. Сопругот на лицето за кое станува збор е натурализиран британски државјанин.

______________[853]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.[854]

ДОВЕРЛИВО[855]

-----------------------------------------------------

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ<br>ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: Н57/32628<br>Датум: 30 октомври 1957 година

До Директорот на АСИО, фах 5224, ГПО, Сиднеј, Н.Ј.В.[856]
До заменик-директорот на И. О. К.[857], фах 5224, ГПО, Сиднеј, Н.Ј.В.

Краток преглед на апликацијата за натурализација

А. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
1. Презиме: КИЦОИ Христијанско име: Јоана
2. Претходни имиња: ЗАКАС
3. Моментална адреса: Кребс Крик, Твид Ривер Н.Ј.В.
4. Место и датум на раѓање: Мела[858], Костур, Грција. 19. 9. 1935 година.
5. Пол: Женски
6. Име на сопругот: Џон (Стив)
Судии
А. Питер Стив, земјоделец, Кребс Крик, Н.Ј.В. (6Ј)
Б. Теренс Ричард Кели, магационер, МУБАЛ, Н.Ј.В. (2Ј)
В. Колвил Дерис Жардин Винсент, Ј. П., Кребс Крик, Н.Ј.В.

---

[852] Нов Јужен Велс.
[853] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[854] Нов Јужен Велс.
[855] Во оригиналниот документ е допишан текст во ракопис кој е нечитлив.
[856] Нов Јужен Велс.
[857] Истражен оддел на Комонвелтот.
[858] Статица.

Упатено до Вашето вообичаено контакт лице за проверка, Ве молам.

Р. Ц. ВАЛ

Офицер за миграции на Комонвелтот

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 219, 221, 222.

# 156

# Меморандум од регионалниот директор на АСИО во Нов Јужен Велс до регионалниот директор на АСИО во Квинсленд во врска со напори за создавање база на податоци на членови на Македонско-австралискиот народен сојуз, 1957 година

ТАЈНО

3/2/285
3/2/207

Копија бр. 2.
МЕМОРАНДУМ за:
Регионалниот директор, Квинсленд.
Копија до: Централата, АСИО.

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Дополнување на мојот [извештај] 4338/57.
2. Сега беше констатирано дека преводите на „Македонска искра“ кои биле испратени до оваа Канцеларија во минатото не биле процесуирани. Преводите се проучуваат што е можно поскоро со цел да се создаде база на податоци за имињата на лицата кои се спомнуваат. Постои предлог да се испрати копија од листата со имиња што ќе произлезе до Вас за контекстуални информации.

______________[859]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Н.Ј.В.[860]

Дистрибуција:
Копија 1 – РД, КЛД
2. Централа
3. 3/2/285
4. 56/8/27
5. 3/2/427
6. Кутија на датотеката

ПА
Б
319
ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 184.

[859] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[860] Нов Јужен Велс.

## 157

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Гина Пенев, 19 февруари 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: CA 57/8389

Датум: 19 февруари 1958 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ПЕНЕВ Христијанско име: ГИНА
2. Претходни имиња: СИДЕРОВ
3. Моментална адреса: Санингдејл роуд, Фулам.
4. Место и датум на раѓање: 12/1/1903 година. Климентово, Бугарија.
5. Пол: Женски
6. Име на сопругот: Панајот

СУДИИ

А. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРУ[861], Санингдејл роуд, Фулам гарденс.
Б. Џон А. КРИСТО, улица „Мејн“, бр. 32, Хенли Бич.
В. Хенри ХИКС, 433 Еспланада, Хенли Бич.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 153, 155.

---

[861] Подвлечено со црвено мастило во оригиналниот документ. Покрај тоа, во ракопис е допишано 3/2/201.

# 158

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Лазарос Велизарис, 19 февруари 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: CA 58/3724
Датум: 19 февруари 1958 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ВЕЛИЗАРИС Христијанско име: Лазарос
2. Претходни имиња: /
3. Моментална адреса: авенија Бакингем, Фулам Гарденс, Ј.А.[862]
4. Место и датум на раѓање: 10/11/1925 – Ано Идруса[863], Лерин, Грција.
5. Пол: М.
6. Име на сопругата: Димитра ПЕТРИДИС[864]

СУДИИ

А. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРУ[865], Санингдејл роуд, Фулам Гарденс, Ј.А.
Б. Анастасе АЛЕСИУ, улица „Малборо“, Фулам Гарденс, Ј.А.
В. Френк Мервин ОВЕН, Ј.П., 2 Реин авенија, Линден Парк, Ј.А.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 265.

[862] Јужна Австралија.
[863] Горно Котори.
[864] Допишано со сино мастило и со големи букви во оригиналниот документ.
[865] Во ракопис е допишано 3/2/201.

# 159

# Документи од процесот за натурализација на Гина Пенев, 25 март 1958 година

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

МЕМОРАНДУМ за:

Регионалниот директор, 25 март 1958 година

Јужна Австралија

ПЕНЕВ, Гина

БАРАТЕЛ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашето СЛД.[866] 5128 (сериски број 0296) од 18 март 1958 година.

2. Препораката која е составен дел на параграфот 3 од погоре спомнатиот Ваш меморандум е прифатена.

____________[867]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

---------------------------------------------

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Досие бр. 5128

Телеграми: „Аустерити, Сиднеј“

0296

ДОВЕРЛИВО

Главен истражен оддел

Огранок „Д“

Фах 5224, Г. П.О.

Сиднеј

18 март 1958 година

Копија бр. 1

МЕМОРАНДУМ за:

Централата, АСИО

НАТУРАЛИЗАЦИЈА – ЛИСТА ОД ЈА[868] 57/8389

Гина ПЕНЕВ

[866] Лично досие.
[867] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[868] Јужна Австралија.

Во врска со прикачените податоци од апликацијата за натурализација, би сакале да информираме дека барателката не е во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Судијата „А“ Џорџ Николај ПАПАДИМИТРУ е идентичен со лицето кое е наведено во нашиот меморанум С.О.Д.[869] 157 (751) од 4 јуни 1957 година.

3. Сепак, имајќи предвид дека и барателката и судијата се соседи, се препорачува да не се покрене приговор за натурализацијата.

________________[870]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј.А.

ДИСТРИБУЦИЈА:

Копија бр. 1 и 2 – Централа, АСИО.

Копија – ТЛД[871] 5128

Копија 4 – Кутијата на датотеката

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 226, 227.

---

[869] Тајно организациско досие.

[870] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[871] Тајно лично досие.

# 160

# Кореспонденција меѓу теренскиот офицер, регионалниот директор на АСИО во Викторија и Централата на АСИО во Канбера во врска со просториите на Македонско-австралискиот народен сојуз и намерата да се изгради социјален центар за македонската заедница во Фицрој, 16 април 1958 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

3/2/207

Телеграми: „Аустерити, Мелбурн“

Главен истражен оддел

Огранок „Д“
Фах 5219, ГПО,
Мелбурн
16 април 1958 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКИ АКТИВНОСТИ

Во прилог Ве молам ќе најдете примерок од 3 април 1958 година од __________[872] од оваа Канцеларија кој се однесува на одлуката на судот во врска со закупот на просториите на улица „Јанг“, бр. 52 и 54, Фицрој.

2. Адресата на МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ (МАНС) (ПОД[873] 794/30) и на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ (3/2/203) е улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој. Во нашиот извештај од _________[874] од 21 мај 1957 година е наведено дека просториите на улица „Јанг“ бр. 52 и на бр. 54, Фицрој (споени објекти) биле купени од страна на Македонската православна црковна заедница на 22 мај 1956 година. Дополнително, дека закупецот на приземјето на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој е производител на слатки, кој одбил да ги напушти прос-

[872] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[873] Потврдено организациско досие.
[874] Името е прекриено во оригиналниот документ.

ториите доколку не му биде платена оштета во висина од 3 000 фунти. Ова лице е П. ПЕШУТ (ПЛД 9007) и е сопственик на слаткарницата МАРИНА на истата адреса. Тој е заведен во оваа Канцеларија како водечки член на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ (3/2/203).

3. Во прикачениот извештај, како тужено лице во врска со објектот на улица „Јанг", бр. 52 е наведена Марија СИЛЏИ. Ова лице веројатно е идентчно со Марин СЕЛЈЕ или СИЛЈЕ (ПЛД 10591) за кој е известено од страна на __________[875] дека е претседател на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ КЛУБ во 1956 година. За него, исто така, се верува дека е идентичен со М. ШИЛЈЕ кој беше наведен во Меморандумот на Централата бр. 5434 од 20 јуни 1957 година (досие 3/2/300) дека е потпретседател на ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМИГРАНТСКИ СОЈУЗ во март 1957 година. П. ПЕШИЌ, кој е идентичен со П. ПЕШУТ (ПЛД 9007), беше наведен како член на извршниот комитет на тој Сојуз и М. ПЕШИЌ, кој веројатно е идентичен со неговиот син, Н. ПЕШУТ, беше наведен како претседател.

4. Вниманието на Централата, исто така, би требало да се насочи кон извештајот „Кју" 10956 од 9 јули 1957 година (Б2), со наслов „КПА[876] - МАКЕДОНСКО/ЈУГОСЛОВЕНСКИ ФРАКЦИИ" кој пристапува детално кон разликите кои се појавиле меѓу југословенската и македонската група како резултат на купувањето од страна на МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ на имотот на адреса улица „Јанг", бр. 52, Фицрој, со цел на тоа место да изградат социјален центар за македонската заедница. Беше наведено дека „Југословените, кои не биле консултирани во врска со купувањето на објектот, имале чувство дека Македонците им работеле зад грб и дека ги исфрлуваат на улица." Била искажана загриженост од сттрана на претседавачот на состанокот во текот на дискусијата и Х. Д. ЖИЛС (ПЛД 2773) ги критикувал македонските членови на КПА за таа постапка.

5. Според судската постапка које е наведена во прикачениот извештај, изгледа дека, сè уште, постои раздор меѓу југословенската и македонската група. Мариа СИЛЈИ (МАРИН СЕЛЈЕ), тужениот во врска со објектот на улица „Јанг", бр 52, Фицрој, изгледа дека не дејствувал само како претставник на Југословенскиот народен сојуз, туку веројатно и во името на П. ПЕШУТ, закупецот на приземните простории на истата адреса. Во врска со ова, треба да се забележи дека на 17 јануари 1958 година кондиторската работилница на ПЕШУТ на таа адреса беше

[875] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[876] Комунистичка партија на Австралија.

тешко оштетена од пожар. (Извештај „АГЕ“ од 17/1/1958).

6. СЕЛЈЕ ниту е закупец на просторот, ниту, пак, вработен на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој. Извештајот на ___________[877] од 11 ноември 1957 година наведува дека тој е вработен од страна на Е. А. Ватс, градител, како монтер за кревање товар.

7. Тужениот во однос на улица „Јанг“ бр. 54, Фицрој, Емили МУСО, не се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија. Во евиденцијата на Сендс и МекДугал тој се појавува како станар на таа адреса.

8. Свештеникот ЕЛИОТ изгледа е идентичен со свештеникот Лесли Левелин ЕЛИОТ (ПЛД[878] 9514) кој во 1955 година беше организатор на „Изложбата на сите модели и меѓународниот саем за трговија“ во Мелбурн. Во извештајот на _________[879] од 7/5/1957 година тој е наведен како говорник во името на МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ кој бил на средба со Министерот за јавни работи со цел да добијат дозвола за изградба на црква и сала на локацијата на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој. Кога бил испрашуван од регионалниот директор од Викторија на 7/11/1956 година тој рекол дека бил антикомунист. _____________[880] го потврдил мислењето дека свештеникот бил антикомунист.

9. Давид ПАПАРУСИС е идентичен со Давид ПАПАРУСИС (П. Л. Д. 10407) за кој во 1955 година беше известено дека е македонски комунист кој е активен во МАНС. Во извештајот на ___________[881] од 7/6/1955 година и во извештајот на ___________[882] од 19/6/1956 година тој е посочен дека или е комунист или, пак, симпатизер. Во извештајот на ___________[883] од 7/5/1957 година тој е наведен како носител на функција на Шестата национална конференција на МАНС во 1956 година.[884]

10. Томас КИРКОС се верува дека е идентичен со Атанасиос Ставро КИРКУ (ПЛД 7188), исто така, познат и како Атанасиас МАЛКИН и како Атанасиос КИРЦУ, кој беше активно поврзан со МАНС во минатото (погледнете ги извештајот на ___________[885] од 12/11 1956 година, Б.2 и извештајот на ___________[886] од 21/5/1957 година.). Исто така, тој бил

[877] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[878] Потврдено лично досие.
[879] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[880] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[881] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[882] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[883] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[884] Покрај параграфот кој се однесува на Давид Папарусис, во ракопис е допишан следниов текст: Види: В 8 С за ПРАРУСИС за неговото членство во КП на Австралија во 1956 година.
[885] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[886] Името е прекриено во оригиналниот документ.

носител на функција на Шестата национална конференција на МАНС во 1956 година.

11. Питер БОЗИНИС е идентичен со П. БОЗИНАС или Петре БОЖАНИН или Петрос Василиу БОЗИНИС (ПЛД 11015). Негативните референци за Томас КИРКОС (параграф 10 погоре) дадени во извештаите на ___________[887] од 12/11/1956 година и од 21/5/1957 година, исто така, се применливи и за ова лице.

12. Христос АЛТИС е идентичен со Христос Панделис АЛТИС (ПЛД 467) кој е заведен негативно. Тој бил активен во Е.М.С.[888] во текот на војната, бил благајник на МАНС во 1955 година и е посочен од страна на ___________[889] како „фанатичен комунист“.

13. Погорното резиме за состојбата на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој, се испраќа до Централата како информација и како запис за евиденцијата.

_____________[890]

за РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР; ВИКТОРИЈА.

ДИСТРИБУЦИЈА
Централа
ВОД. 794/30/том 2
3/2/191/том 2
3/2/203
П. Л. Д. 10407
П. Л. Д. 7188
П. Л. Д.11015
П. Л. Д. 10591
П. Л. Д. 467
П. Л. Д. 9514
Кутија на датотеката

Копија во Македонска православна заедница[891]

ТАЈНО

--------------------------------------------

КОПИЈА

ТАЈНО

[887] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[888] Се однесува на Еурека младински сојуз (Eureka Youth League), кој бил формиран во 1941 година и претставувал младинска организација на Комунистичката партија на Австралија.
[889] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[890] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[891] Текстот е допишан во ракопис.

ВОД[892] 794/30

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

АСИО

Канцеларија во Викторија,

МЕЛБУРН.

3 април 1958 година

ЗАПИСНИК до

Постар теренски офицер

МАКЕДОНСКИ АКТИВНОСТИ

1. На 24 февруари 1958 година во Окружниот суд на Фицрој беше одржано завршното рочиште за иселување во врска со улица „Јанг“, бр. 52-54, Фицрој.

2. Судот издаде наредба за иселување во рок од седум дена, но го пролонгираше извршувањето сè до 8 мај 1958 година. Официјалните жалители во случајот беа:

| | |
|---|---|
| Давид ПАПАРУСИС | (П. Л. Д.[893] 10407) |
| Томас КИРКОС | (П. Л. Д. 7188) |
| Питер БОЗИНИС | (П. Л. Д. 11015) |

3. Тужени во врска со бр. 52 беа Мариа СИЛЏИ, а во врска со бр. 54, Емили МУСО.

4. Христос АЛТИС (П. Л. Д.467) и другите членови на Македонскиот народен сојуз беа присутни на поголемиот дел од рочиштата од овој случај. Свештеникот ЕЛИОТ (веројатно идентичен со свештеникот Лесли Л. ЕЛИОТ, ПЛД 9514), беше, исто така, присутен, најмалку во една прилика. Адвокати на жалителите беа МУЛ, ХАМИЛТОН и ДЕРАМ од 394-396 улица „Колинс“, Мелбурн.

_______________[894]

Теренски службеник

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 228-230.

[892] Потврдено организациско досие.
[893] Потврдено лично досие.
[894] Името е прекирено во оригиналниот документ.

# 161

# Извештај од теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Квинсленд во врска со одржан состанок на Македонско-австралискиот народен сојуз во Мурвилумба, 24 април 1958 година

Копија бр. 1
ТАЈНО 3/2/207
Извештај бр. 5990

Евалуација:[895]

Датум на информирање: 31.3.1958
Датум на настанот: 16. 3. 1958
Датум на известување: 24. 4. 1958

Квинсленд
Политички

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Забелешки:

____________[896]

Беше одржан состанок на Македонско-австралискиот народен сојуз во Македонската народна сала во Мурвилумба, на 16 март 1958 година.

2. Биле присутни:

| | |
|---|---|
| АМАНАК | (без досие) |
| ЧИКОС, Р. | (без досие) |
| ДЕМИНИС | (без досие) |
| ЕЛИАС, И. | (без досие) |
| ГЕЛАС, Артур | (со досие) |
| ГЕЛАС, Бил | (со досие) |
| ГЕЛАС, Питер | (со досие) |
| ГЕЛАС; Тео | (со досие) |
| ИСТЕВ, Г. | (без досие) |
| КАЛОМИВИС | (без досие) |
| КАЛОКСИОН, П. | (без досие) |

---

[895] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[896] Името е прекриено во оригиналниот документ.

| | |
|---|---|
| МАЗАКТО, Џ. | (без досие) |
| ПАВОЛИЌ, Наум | (со досие) |
| ПАВОЛИЌ, Крис | (со досие) |
| ПИБИОС | (без досие) |
| СТИВ, Сесил | (со досие) |
| СТИВ, Џони | (со досие) |
| СТИВ, Питер | (со досие) |
| СТИВ, Тони | (со досие) |
| ЈАЧОВИ, Џ. | (без досие) |
| ЈАЧОВИ, Н. | (без досие) |

3. На состанокот не присуствуваа Југословените, беше дозволено присуство само на Македонците.

4. Беа избрани носители на функции кои се следниве:

| | |
|---|---|
| Артур ГЕЛАС | Претседател |
| Бил ГЕЛАС | Благајник |
| СТИВ, Џони | Секретар |

ПАВОЛИЌ помладиот кој претходно беше секретар не се номинирал. Тој рекол дека бил премногу зафатен за да ја извршува оваа функција.

5. Сесил СТИВ бил номиниран како делегат на Конференцијата во Сиднеј на Македонскиот народен сојуз која треба да се одржи на 4$^{ти}$, 5$^{ти}$, 6$^{ти}$ и 8$^{ми}$ април 1958 година. Не се знае...[897]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 269.

---

[897] Крајот на документот не се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“.

# 162

# Кореспонденција меѓу теренскиот офицер, регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија и Централата на АСИО во Канбера во врска со доставување преводи од весникот „Македонски глас", орган на Македонско-австралискиот народен сојуз, 3 јуни 1958 година

ТАЈНО

3 јуни 1958 година

До Регионалниот директор,
Западна Австралија

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Тука се прикачени преводи од „Македонски глас", органот на МАНС, од броевите од јуни-јули 1957 година, август-септември 1957 година и октомври – ноември 1957 година.[898]

______________[899]

Постар теренски офицер

ТАЈНО

-----------------------------------------------------

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
АВСТРАЛИСКА БЕЗБЕДНОСНА РАЗУЗНАВАЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

3/2/73
3/2/207
5 јуни 1958 година

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО – Б1 (ц)

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Ве молиме погледнете го прикачениот извештај на ____________[900] заедно со следниве преводи на „Македонски глас":

[898] Преводите не се наоѓаат во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија".
[899] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[900] Името е прекриено во оригиналниот документ.

| Јуни-јули, 1957 година | Копии |
|---|---|
| Илинден | 2 |
| Аделаида – поздрав до уредникот | 2 |
| Квинбејан, Н.Ј.В.[901] | 2 |
| Прв речник на македонскиот јазик | 2 |
| Свадба во Њукасл | 2 |
| Свадба во Сиднеј | 2 |
| Венчавка во Мелбурн | 2 |
| Венчавка во Сиднеј | 2 |
| август – септември 1957 година | |
| Заминаа во Народна Република Бугарија | 2 |
| Од Софија, Бугарија | 2 |
| Писмо до уредникот од Мелбурн | 2 |
| Прослава на Илинден – Аделаида | 2 |
| Прослава на Илинден – Мелбурн | 2 |
| Писмо од Бугарија | 2 |
| Годишно собрание, Сиднеј | 2 |
| Илинден, Сиднеј | 2 |
| Свадба во Аделаида | 2 |
| Свадба во Сиднеј | 2 |
| Фонд и претплатници, Н.Ј.В.[902] и З.А.[903] | 2 |
| Олимписки фудбалски тим, Перт | 1 |
| 50 фунти за фондот и претплатници, Перт | 1 |
| октомври- ноември 1957 година[904] | |
| Апел за „Македонски глас“ | 2 |
| Аделаида | 2 |
| Свадба во Квинбејан | 2 |
| Писмо од Полска | 2 |
| Кребс Крик | 2 |
| Мелбурн | 2 |
| Свадба во Мелбурн | 2 |
| Кребс Крик – носители на функции | 2 |
| Писмо од Кребс Крик | 2 |
| Фонд за „Македонски глас“, Сиднеј и Перт | 2 |

[901] Нов Јужен Велс.
[902] Нов Јужен Велс.
[903] Западна Австралија.
[904] Во оригиналниот документ, настрана, со ракопис е допишан следниов текст: Б1/Ц Дали го видовте формуларот за натурализација на ДИМИТРОВ? Можеби добил државјанство во дополнителната квота.

_______________[905]

<u>РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР; ЗА</u>

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 262, 263.

---

[905] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 163

# Извештај на теренскиот офицер до регионалната канцеларија на АСИО во Викторија во врска со одржан состанок на Македонско-австралискиот народен сојуз за собирање средства за изградба на социјална сала, 3 јули 1958 година

ТАЈНО

ИЗВЕШТАЈ на __________[906]

3/2/207

Евалуација:[907] Датум на информирање: 27. 6. 1958

__________[908] Датум на настанот: /

Држава: Викторија Датум на известување: 3. 7. 1958

1. [909]
2. [910]

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

3. Македонско-австралискиот народен сојуз не беше многу активен последните месеци. Сепак, неделата попладне, на 1 јуни 1958 година, беше одржан општ генерален состанок во нивните простории на улица „Јанг“, бр. 52, Фицрој за да се спроведе кампања и да се соберат средства за изградба на новата сала на таа адреса. Околу 50 лица од двата пола беа присутни. Иако наводно состанокот бил свикан од страна на новиот црковен комитет, главните говорници биле Христос АЛТИС (ПЛД[911]) и Стојан САРБИНОВ (ПЛД 8487), а ниту двајцата не се членови на овој комитет. Било кажано дека биле потребни уште 20 000 фунти и дека Комитетот веќе имал собрано 5 000, а имало и ветувања за дополнителни средства.

4. Нема нови информации во врска со идните планови за да се донесе македонски свештеник во ново предложената црква. Овие простории на улица „Јанг“, бр. 52, сега се всушност градилиште и просторот

[906] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[907] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[908] Прекриено во оригиналниот документ.
[909] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[910] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[911] Потврдено лично досие.

би требало да биде расчистен во блиска иднина.

КОМЕНТАР НА ____________[912]

5. _________[913] е на мислење дека не постојат намери да се донесе кој било од Македонија кој би извршувал функција на свештеник и дека салата едноставно би се користела за средби, танцувачки забави итн.

ДИСТРИБУЦИЈА:

Централа. Конзументски оддел (3)

Б.1.[914] Викторија (како што е потребно)

Главно досие (1)

Копии во. КП на Австралија

Христо АЛТИС

Стојан САРБИНОВ

Копија во Македонска православна заедница

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 264.

---

912 Името е прекриено во оригиналниот документ.
913 Името е прекриено во оригиналниот документ.
914 Оддел 1.

# 164

# Документи од процесот за натурализација на Лазарос Велизарис, 8 јули 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ДОВЕРЛИВО СПФ5128

„Аустерити“, Аделаида Главен истражен

оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

8 јули 1958 година

Копија бр. 1

МАМОРАНДУМ за

Централата, АСИО

Натурализација – Лазарос ВЕЛИЗАРИС

ЈА[915] 58/3274

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве известиме дека барателот не се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Судијата А – Џорџ Никола ПАПАДИМИТРУ, е евидентиран поради неговата поврзаност со Македонскиот народен сојуз на Австралија – Меморандумот на оваа Канцеларија СОФ. 157 (751) од 4 јуни, 1957 година се однесува на него.

3. Барателот и судијата А се соседи и се препорачува да не се покрене приговор за натурализацијата.

____________________[916]

в. д. РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЈА[917]

ДИСТРИБУЦИЈА:

Копија бр. 1 и 2 – Централа, АСИО

Копија бр. 3 – Досие

Копија бр. 4 – Кутијата на датотеката

ТАЈНО

Заведено: 10 јули 1957 година

-----------------------------------------

[915] Јужна Австралија.

[916] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[917] Јужна Австралија.

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

МЕМОРАНДУМ за:
17 јули 1958 година
Регионалниот директор,
Јужна Австралија

ВЕЛИЗАРИС, Лазарос
БАРАТЕЛ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашиот допис СПФ 5128 (сериски број 0767) од 8 јули 1958 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од претходно наведениот меморандум е прифатена.

_______________[918]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 266, 267.

---

[918] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 165

# Допис од регионалнииот директор на АСИО во Мелбурн до Централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Артур Панџари, 17 јули 1958 година

П. Л. Д.[919] 6576

ТАЈНО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Главен истражен оддел

Огранок Д.

Фах 5219 ББ, ГПО

МЕЛБУРН

17 јули 1958 година

ПРЕДМЕТ: Панџари, Артур

Барање за натурализација

ВО ВРСКА СО: Меморандум на Централата бр. 7845 од 4/7/1958

(Досие П/16/24)

Ве молам погледнете ги двата (2) примероци од извештајот на _________[920] од оваа Канцеларија во врска со разговорот кој беше спроведен на 25/6/1958 година.

Најинтересните факти кои произлегоа од овој разговор се следниве:

Лицето има брат, Џорџ, кој се борел во редовите на бунтовниците[921] во Грција во текот на Граѓанската војна. Овој негов брат сега е во СССР.

На почетокот лицето негираше, но потоа призна дека е поврзано со МАНС. Тој негираше дека тоа имало политичка природа. Тој призна дека неговиот татко бил активен во таа организација и дека неговиот татко во една прилика бил член на Извршниот комитет.

(Тој се наоѓа во евиденцијата дека бил претседател во 1949 година)

Лицето е запознато со актуелните случувања во МАНС и знае дека Југословенскиот клуб бил активен на истата адреса.

Лицето призна дека КП на Асвтралија имала интерес за МАНС, како и дека биле регрутирани членови од групата на неодамна пристигнати лица, но тврди дека од него не било побарано да се приклучи.

[919] Потврдено лично досие.
[920] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[921] Се однесува на припадниците на Демократската армија на Грција.

Тој посочи дека татко му не е комунист. (Стр. 2 од извештајот од разговорот)

(Забелешка: Погледнете го извештајот „Кју“ 8897 од 7/8/1956 во кој неговиот татко е опишан како самодеклариран член на Партијата. Интересно е да се забележи дека во истиот извештај постои потврда дека лицето со кое е реализиран разговорот има брат во Советскииот Сојуз).

Треба да се забележи дека ПАНЦАРИ одби да ги именува луѓето кои се поврзани со политичките активности на МАНС.

Како што е наведено во меморандумот на Централата П/16/24, 4242 од 21 април 1958 година, не постои сомнеж во одобрувањето за доделување државјанство на ПАНЦАРИ. Меѓутоа, поради неговото однесување и недостатиг од искреност сомнежот останува. Треба да се процени дали ова е доволно за да се одбие барањето за натурализација на лицето поради безбедносни причини.

Разговорот не ги расчисти сомнежите, меѓутоа лицето сега е свесно дека безбедносната агенција ќе ги следи неговите следни чекори. Според достапните информации, постои цврста основа за запирање на одобрението за доделување натурализација на ова лице во оваа држава доколку во иднина...[922]

_______________[923]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 276.

---

[922] Оригиналниот документ е оштетен и му недостига крајот.
[923] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 166

# Извадок од извештајот за свештеникот Спиридон Куртесис и обидите за негово отповикување, 29 септември 1958 година

ИЗВАДОК ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА КОНТАКТ ЛИЦЕ ОД ВИКТОРИЈА БР. 293 ОД 29.9.1958

3/2/207

Евалуација: _________[924]

Јеротеос КУРТЕСИС (без досие)

3. Свештеникот Спиридон КУРТЕСИС е архимандрит во Грчката православна црква во Мелбурн. Поради фактот што овој човек практично се бореше со оружје во Грција по последната војна, против комунистичките илегални сили, екстремистичките левичарски грчки елементи тука се обидуваат да ги насочат Грците против него во изминатите неколку месеци. Неодамна, беше направен еден обид од страна на Никаел МИХАЕЛИДИС (ПЛД[925] 3391) и К. АТАНАСИАДИС (ПЛД 7887) да го вплеткаат свештеникот КУРТЕСИС во актуелниот конфликт на Кипар. За да го сторат ова, тие побараа од него дозвола за организирање парастос во Грчката православна црква за оние што загинале во борбите на Кипар; како и организирање акција за собирање средства во Црквата за роднините на загинатите. Ова барање беше одобрено од свештеникот за да се оди на 22 јули 1958 година, недела. Сепак, двајцата погоре спомнати кипарски екстремисти и грчкиот екстремист Џорџ ЗАНГАЛИС (ПЛД 4232) се појавија во црквата и се обидоа да се обратат на присутните на крајот од службата. Свештеникот се спротивстави на оваа постапка и беше повикана полицијата за да ги исфрли лицата кои ги предизвикаа проблемите.

4. Како последица на погорното, беше свикан состанок од страна на Центарот на грчката заедница во Мелбурн (794/3/3) за 3 часот попладне на 17 август 1958 година во салата Ројал за да се дискутира по ов прашање, како и за барањето кое било добиено од страна на екстремистите за отповикување на свештеникот. Се знае дека екстремистите имаа намера да соберат колку што е можно повеќе членови, од леви-

[924] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[925] Потврдено лично досие.

чарските клубови – ЗЕНОН (ПОД[926] 280), ТРОДОС, Македонско-австралискито народен сојуз (ПОД 3/2/191) и од Демократскиот сојуз (ПОД 331), за да присуствуваат на состанокот.

5. Очигледно, погоре споменатиот состанок се покажа безуспешен затоа што бил организиран за членови на Центарот на грчката заедница, а всушност поголемот број на оние што биле присутни не биле членови на Центарот, туку членови на погоре спомнатите левичарски организации.

Копија во Македонско-австралиски народен сојуз[927]

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 277.

---

[926] Потврдено организациско досие.
[927] Допишано со ракопис во оригиналниот документ.

# 167

# Извештај од канцеларијата на АСИО во Викторија до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонската православна заедница во Мелбурн, 17 октомври 1958 година

АСИО<br>ТАЈНО<br>31 1 – 4

<u>[ ][928] ИЗВЕШТАЈ</u>

Евалуација:
[ ][929]
Држава: Викторија

Информација: 22,10, 1958 година<br>Настан: Актуелен<br>Извештај: 17. 10. 1958 година

----------------------------------------<br>[ ][930]<br>----------------------------------------

<u>МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА (3/2/191)</u>

3. Беше одржана средба на МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА во гратското собрание на Фицрој на 3 август оваа година. По средбата следуваа танцување и дружење, а беше наплаќана влезница во висина од 10 [фунти[931]] по лице. Околу 160 лица присуствуваа на спомнатиот настан чијашто основна цел беше да се соберат средства за изградба на нова (наводно) црковна сала на Јанг стрит, бр. 52, Фицрој. Единствените говорници на состанокот беа тројца познати македонски комунисти:

(а) Христос АЛТИС (П. Л. Д.[932] 467)
(б) Дане ТРПКОВ (П. Л. Д. 5652)
(в) Стојан САРБИНОВ (П. Л. Д. 8487)

4. Сите тројца говорници упатија емотивни повици за средства. Како

---

[928] Прецртан и нечитлив збор во оригиналниот документ.
[929] Прецртан и нечитлив збор во оригиналниот документ.
[930] Прецртан и нечитлив дел во оригиналниот документ.
[931] Во периодот меѓу 1910 и 1966 година официјалната валута во Австралија била австралиската фунта. На 14 февруари 1966 година фунтата била заменета со австралиски долар.
[932] Потврдено лично досие.

резултат од тоа беше соопштено дека 16 000 фунти веќе биле собрани на минатите и на оваа средба, а дополнителни 16 000 фунти биле ветени од други поддржувачи. Треба да се забележи дека официјално АЛТИС, ТРПКОВ и САРБИНОВ не се членови на комитетот на Македонската православна заедница, но очигледно тие се движечката сила зад сцената.

5. Досега не се појави никаква информација каде ги одржува своите средби Македонско-австралискиот народен сојуз (ПОД[933] 3/2/191) откако започна рушењето на нивната поранешна сала на Јанг стрит, бр. 52. Сепак, се верува дека некои од нивните средби се одржуваат во домовите на АЛТИС и на САРБИНОВ.

6. Нов број на македонскиот весник „МАКЕДОНСКИ ГЛАС“ (П. О. Д. 393/15) се нема појавено во Мелбурн по последното издание од август/септември.

7. Се верува дека овој периодичен весник ќе излегува од печат непостојано, односно тогаш кога ќе бидат обезбедени средства. Секако не почесто од еднаш на два месеци.

<u>КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ СЛУЖБЕНИК</u>

8. Погоре наведента информација беше добиена како резултат од барањето Б. 1. кое се појавува на страница 87 од прикаченото досие (П. О. Д. 393/15).

Никакви дополнителни информации не можат да бидат добиени во моментов, но ќе се внимава доколку се случат некои нови настани и ќе бидат обезбедени документи доколку е можно. [нечитко][934] изјави дека брошурата именувана „Бугарија денес“ моментално се продава во македонските клубови во Фицрој. Тој веројатно е увезен и може да се набави во Меѓународната книжарница на Литл бурк стрит, Сити, за 1/6 пени. Отпечатен е на англиски јазик.

<u>ДИСТРИБУЦИЈА</u>

| | |
|---|---|
| Конзументски оддел на Главниот штаб | (3) |
| Б.1. Викторија | (по потреба) |
| Главно досие | (1) |

Оригинал во Централата (3/2/1-4)

Копии во Македонско-австр[алиски] народен сојуз и П.А.[935]

„Македонски глас“[936]

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 278, 279.

[933] Потврдено организациско досие.
[934] Прецртано во оригиналниот документ.
[935] Дописано во ракопис.
[936] Дописано во ракопис.

## 168

# Извештај на теренскиот офицер на АСИО до канцеларијата на АСИО во Викторија и до Централата на АСИО во Канбера во врска со Петар Бозинис, 17 октомври 1958 година

ИЗВЕШТАЈ на ____________[937]

АСИО
ТАЈНО
3/2/201[938]

Евалуација:
[ ][939]
Држава: Викторија

Информација: [нечитко] 1958 година
Настан: Актуелен
Извештај: 17 . 10 . 1958 година

----------------------------------------
[ ][940]
----------------------------------------

Петар БОЗИНИС (П. Л. Д.[941] 11015)

3. Петар БОЗИНИС, сè уште, е најактивен во реонот Фицрој во контекст на организирање и собирање средства за изградба на нова сала (наводно би требало да биде црковна сала) на местото на поранешното седиште на Македонско-австралискиот народен сојуз (ПОД[942] 3/2/191) на Јанг стрит, бр. 52, Фицрој. За таа цел тој има блиска соработка со познатите македонски комунисти – Христос АЛТИС (ПЛД 467), Дане ТРПКОВ (ПЛД 5652) и Стојан САРБИНОВ (ПЛД 8487).

4. БОЗИНИС дефинитивно се смета во најмала рака, од страна на умерените Македонци во реонот Фицрој, како симпатизер на комунизмот. Тој отсекогаш бил поддржувач на МАНС, а од доверливи извори

[937] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[938] Допишано во ракопис на оригиналниот документ.
[939] Прекриено во оригиналниот документ.
[940] Прекриено во оригиналниот документ.
[941] Потврдено лично досие.
[942] Потврдено организациско досие.

постои информација дека во минатото извршувал раководна функција во оваа организација.

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ СЛУЖБЕНИК

5. Погоре наведената информација беше добиена како резултат од барањето Б.1. кое се појавува na 60 страница од ПЛД 11015 и последователно по Меморандумот на Централата бр. 8245 датиран на 22 јули 1958 година.

Не постои мислење дека БОЗИНИС е соодветна личност да биде судија, бидејќи, без сомнение, овој човек е пристрасен кон екстремната левица.

ТАЈНО

ДИСТРИБУЦИЈА

Конзументски оддел на Централата (3)

Б.1. Викторија (по потреба)

Главно досие (1)

Копија во Македонската православна заедница[943]

Оригинал во Централата

Копии во МАНС и П.А.

Христос АЛТИС[944]

28/10

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 280.

---

[943] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

[944] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.

# 169

# Записник од сослушувањето на Артур Панџари (Панџаров) во Одделот за имиграција по повод неговото барање за натурализација, 1958 година

Сослушување на Артур Панџари пред Одделот за имиграција во врска со неговата натурализација како австралиски државјанин

ТАЈНО

П[рашање]: Сега, по Вашето доаѓање, дали сте биле поврзан со странска организација?

О[дговор]: Не, сè уште, . Не.

П: Дали сте покажале тука интерес во нашата политика?

О: Јас би можел да кажам, не многу. Јас не сум заинтересиран за политика.

П: Дали сте се приклучиле на некоја политичка партија?

О: Не, не, сè уште, . Но отсега не би можел да кажам.

П: Не ли бевте, г. ПАНЏАРИ, поврзан со Македонско-австралискиот народен сојуз?

О. Не, јас никогаш не сум бил таму.

П: Дали сте сигурен за тоа?

О: Да, сосема сигурен.

П: Дали е Вашиот татко член на овој Сојуз?

О: Да, тој е член.

П. Дали е Вашиот брат?

О: Постариот брат не живее со нас. Тој живее во друга куќа. Тој живее во Фицрој [нечитко]. За него не можам да кажам, но помалиот брат сигурно не е.

П: Никогаш не сте биле на улица „Јанг" бр. 52 во Фицрој?

О: Да. Сум бил таму. Тоа е клубот. За комар или за билијард.

П: Тоа е македонската организација?

О: Македонско-австралискиот народен сојуз ги користеше просториите на улица „Јанг" бр. 52. Тие заминаа оттаму пред неколку...[945]

П: Каде се наоѓаат сега?

О: Не можам да ви кажам. Не знам.

[945] Оригиналниот документ е оштетен.

П: Кога отидовте во оваа македонска организација? Дали е таа истата со Македонско-австралискиот народен сојуз?

О: Да. Исто е.

П: Дали моравте да бидеш член?

О: Јас бев еднаш кога пристигнав во Австралија [документот е оштетен] на одмор во Мелбурн [документот е оштетен] се приклучив како член. Тој плати 12/6 пени следниот ден. Тие не ме прашаа ништо.

П: Кога последен пат сте биле таму?

О: Би рекол пред 2 години. За билијард и комар.

П: Каде Ви кажа овој човек [документот е оштетен]

О: Во клубот на улица „Јанг",бр. 52.

П: Дали некој Ве однесе кај [документот е оштетен]?

О: Не. Сите Македонци беа таму и тие платија и се приклучија. Тој рече дека е само 12/6 пени, но не ми дозволи да платам.

П: Дали го имате видено оттогаш?,

О: Сум го видел на различни места.

П: Како се викаше тој човек?

О: Алекс. Не му го знам другото име. Тој е Македонец.

П: Дали сфативте, кога бевте таму, дека клубот или Сојузот е поврзан со политика?

О: Ох, не, некој зборува за политика, другите за различни работи.

П: Дали имавте говорници таму?

О: Да, имавме говорници. Тие доаѓаа да зборуваат со нас. Со мене зборуваа неколку пати, но јас не сум заинтересиран. Тој беше вклучен, но не ми рече да се вклучам и јас.

П: Дали Вашиот татко е еден од членовите на комитетот?

О: Не можам да ви кажам што прави. Знам дека е член.

П: Дали тој некогаш бил секретар или претседател?

О: Мислам дека беше многу одамна. Можеби пред 15 години.

П: Кога имавте состаноци таму, кога некој ќе дојдеше да зборува, за што зборуваа?

О: Тие зборуваа за пари. Тие сакаат да соберат пари за да направат некои работи, да изградат нешто.

П: Што сакаат да градат?

О: Потребни им се 40 000 фунти за црквата. Тие организираат Конференција за да соберат пари.

П: Каде ги одржуваат нивните состаноци сега?

О: Не можам да ви кажам. Не сум бил таму две години. Јас не ссум

заинтересиран за политика одредено време, па јас не одам и тие не ми кажуваат што прават.

П. Дали се сеќавате дека таму постоеше весник кој беше именуван „Македонска искра“?

О: Да. Готово е со него.

П: Дали нешто друго го завзема неговото место?

О: Да, тоа е „Македонски глас“.

П: Се печати во Мелбурн?

О: Претходно го печатееа во Мелбурн. Сега мислам во Н.Ј.В.[946]

П: Колку често се печати?

О: Мислам еднаш месечно.

П: Дали сте виделе примерок неодамна?

О: Да, пред околу две недели.

П: Како го добивате? Дали Ви се испраќа?

О: Тие не кажуваат каде се печати. Тие не кажуваат од каде доаѓа. Јас го купив за 11 пени. Можете да го купите весникот секаде и може да го набавите во клубот или на улица, исто како „Хералд“ или „Сан“. Не се испраќа по пошта. Јас го купив мојот на улица.

П: Дали некогаш сте забележале, г. ПАНЏАРИ, дека имаше голем број на вистински комунисти во Македонско-австралискиот народен сојуз?

О: Да, ги викаат „Комос“. Јас не мислам дека тие можат да бидат Комос. Многу луѓе мислат дека тие се Комос, но тие не знаат што значи комунизам.

П: Дали Вие знаете што значи?

О: Во Австралија, македонскиот народ е во различни групи. Ние сакаме да бидеме Македонци. Има и Бугари и тие велат дека Македонците се „Комос“. Овие луѓе не знаат што тие прават.

П: Зошто ве викаат „Комос“?

О: Грците во Македонија не викат Бугари бидејќи ние зборуваме на различен јазик и тие мислат дека сме Бугари. Кога ние дојдовме во Австралија, ги најдовме. Тие нè викаат Комос бидејќи ние сакаме да бидеме Македонци.

П: А Австралискиот комитет?

О: Да.

П: Тие имаат некој интерес во ова, секако, нели?

О: Веројатно, не можам да објаснам. Тие мислат дека можат да направат нешто. Тие се надеваат дека ќе направат нешто.

---

[946] Нов Јужен Велс.

П: Што сакаат да направат?

О: Којзнае што сакаат комунистите да направат.

П: Тука во Австралија постои КП на Австралија. Сега, дали членови на таа партија имаат интерес во Македонско-австралискиот народен сојуз?

О. Да.

П: Зошто тие би имале интерес во ова?

О: КП на Австралија сака нови членови. Некои велат веднаш, тие велат ти можеш да дојдеш со мене или можеш да ме земеш со тебе.

П: Дали тие сакаа Вие да се приклучите на Комунистичката партија?

О: Да.

П: Дали имаше многу луѓе од Сојузот кои се приклучија на партијата?

О: Да. На почетокот не, но сега многу луѓе дојдоа од Југославија и од Унгарија и тие ги сакаат комунистите, но ако ги прашате што е комунизмот, тие не знаат. Татко ми рече, ние не сме комунисти, ние сме Македонци. Ние не сакаме комунисти, ние сакаме Македонци.

П: Дали некогаш Ве повикаа да се приклучите?

О:, сè уште, не. Само еднаш за да бидам член на Македонсиот народен сојуз.

П: Дали тие повторно Ве повикаа оттогаш?

О: Не.

П: Што е со Вашите браќа, дали тие им се приклучија?

О: Не знам, Постариот не живее со нас. Досега не беше приклучен, но дали ќе се приклучи отсега натаму, јас не знам. Мојот постар брат, не знам, го гледам еднаш на 3-4 месеци. Го гледам на различни места кои не се поврзани со политика.

П: Дали ги посетувате грчките клубови во Мелбурн?

О: Ги викаат грчки клубови, но тие се македонски. Има еден на улица „Гертруда“, Фицрој.

П: Дали сте биле таму?

О: Јас не го знам името на клубот. Јас не одам многу често во клубовите откако се оженив. Отворен е само 6 месеци. Блиску е до хотелот „Егзибишн“ [нечитко] на улица „Јанг“. Има пиљара на аголот и над неа, по скалите, е клубот. Не, никогаш не сум бил таму.

П: Немавте интерес или не ги сакате Грците?

О: Не мислам дека не ги сакам. Јас ги сакам луѓето кои не ми прават ништо лошо. Јас никогаш не сум бил во овие грчки клубови. Јас работев за еден Грк во кафетерија. Неговото име беше г. [нечитко]. Го викавме Папа. Тој беше главен на грчката организација многу одамна.

П: Дали знаете дали ја срушија куќата или зградата која постоеше на улица „Јанг“, бр. 52?

О: Да. Така беше договорено. Тие можат да ја срушат. Јас знам само дека Македонците градат црква. Тие имаа најдено фирма за да ја сруши, но кога ќе почне компанијата да работи, јас не знам.

П: Дали веќе ги имаат парите?

О: Не можам да ви кажам.

П: Дали мислите дека кога ќе биде изградена црквата дека и Сојузот таму би имал, исто така, канцеларија?

О: Не знам, затоа што црковниот комитет - тие не се организацијата. Тоа се истите луѓе, но ништо не прават со организацијата. Црквата му припаѓа на народот. Советот даде дозвола за градење на местото, но кога ќе почнат и завршат, не знам.

П: Дали имате свештеник за црквата?

О: Да. Тој не е во Австралија, сè уште, но ќе дојде од Југославија. Тој е македонски свештеник, но тие зборуваат да го донесат во Австралија. Тие имаат дозвола за да го донесат тука.

П: Дали знаете како се вика?

О: Не.

П: Пред да се продаде местото, кога работеше објектот на улица „Јанг“, бр. 52, дали таму имаше југословенски клуб?

О. Да. Тие беа заедно, но клубот беше под македонска контрола. Македонците имаа една просторија и една канцеларија, а Југословените имаа друга канцеларија. Но двата клуба ја користеа истата сала.

П: Дали знаете како беше именуван?

О: Не можам да ви кажам. Јас не бев заинтересиран. Ние го викавме југословенски клуб, а македонскиот го викавме македонски клуб. Но беше под македонска контрола.

П. Состаноците и средбите таму, дали беа вообичаено во саботи и во недели?

О: Да, саботи и недели.

П: Дали се сеќавате кој беше водечка личност кога бевте таму?

О: Кога јас бев во клубот, тоа беше југословенски човек. Тој беше менаџер на клубот, но тој замина и по него беше едно момче Македонец. Клубот беше затворен пред 6 месеци и никој не работи таму.

П: Претседателот на организацијата. Дали го знаете?

О: Не, извинете. Јас не знам кој беше шеф, ниту колкумина беа.

П: Тие вообичаено имаат претседател, секретар и комитет.

О: Едно младо момче беше секретар, тој украде 100 фунти и го исфрлија.

П: Дали поднесоа обвинение против него?

О: Не. Јас го гледам понекогаш во Св. Лука како танцува. Еден мој пријател ми рече дека дека тоа е момчето кое ги украло парите. Тоа беше пред 14 месеци.

П: Никогаш не го дознавте неговото име?

О. Не.

П. Дали тие поднесоа жалба во полиција?

О: Не. Тој мислеше дека тој ги собра парите, па можепе да си ги стави во својот џеб.

П: Овие вечеринки кои ги имате во сабота и недела навечер...

О: Недела навечер во Св Лука во црковната сала на Џорџ роуд,

П: Кој е свештеник?

О: Тоа беше отец ЕЛИОТ. Тој ме венчаваше кога се женев, но оттогаш не знам. Одев неколкупати во црквата, но не видов свештеник.

П: Кога одевте во улица „Јанг“, бр. 52 и тие имаа средби во саботи и во недели, дали прикажуваа филм?

О: Да, во недела.

П: Дали се сеќавате дека гледавте некој пропаганден филм?

О: Не. Јас гледав неколку од нив, за Чарли Чаплин. Не, јас гледав руски филм во Карлтон, но не на улица „Јанг“.

П: Какви видови на филмови?

О: Во недела пуштаа смешни филмови, со Чарли Чаплин. Сите одеа да ги гледаат, и жени и деца.

П: Луѓето кои Ве поканија да ја посетите организацијата, дали тие се Македонци или Бугари и дали се тука од поодамна или штотуку пристигнати?

О: Повеќето од нив се тука подолго време, Тие служеа во австралиската армија.

П. А што е со новопристигнатите и имигрантите?

О. Јас не знам многу. Не познавам многумина од нив. Јас одев во други клубови за да играм билијард или карти, но никогаш не слушав политика.

П. Дали знаете за кафетерија во Фицрој која е именувана „Европа кафе“ на аголот меѓу улица „Гертруда“ и улица „Смит“?

О. Да, ја знам. Не знам многу, никогаш не сум заинтересиран за да одам таму. Мислам дека е грчка. Не знам.

П. Дали сте среќен со Вашиот живот тука?

О: Да, многу среќен.

П: Дали сакате да останете тука?

О: Да, засекогаш.

П: Немате намера да се вратите?

О. Ох, не. Мојата фамилија е тука. Ние не сакаме повторно да одиме назад.

П. Дали Вашиот татко сакаше да се натурализирате?

О: Тоа е моја идеја. Мојот брат сака да биде, но тој не е доволно долго во Австралија.

П: Дали набрзо ќе имате сопствен дом?

О: Немам пари, освен ако не добијам на лото или нешто слично.

П: Дали работи Вашата жена?

О. Мојата жена работи во пералната на Ст. Џорџ роуд, Норткоут. Јас мислам дека е во Н.Д.Ц.[947]. Тоа е спроти Ст. Џорџ роуд, на другата страна. Тоа е во Норткоут.

П: Дали таа работи таму долго?

О. Откако дојде во Австралија.

П: Вие имате прилично голема куќа, нели?

О: Да. Доволна е за да живее нашата фамилија во неа.

П. Дали имате хоби? Што правите за време на викендите?

О: Во градината или одам со жена ми некаде во градот или на плажата Ст. Килија.

П. Дали имате автомобил?

О: Не, одам пешки секоја сабота и недела до Фицрој.

П: Дали имате волја да положите заклетва за верност на Круната?

О: Да, имам голема волја.

П. Дали сфаќате дека би се обврзале да ја браните Австралија?[948]

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 270-275.

---

[947] Непозната кратенка.

[948] Документот кој се наоѓа во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија“ завршува на оваа страница.

# 170

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Санта Георгијадис, 21 октомври 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: ЈА[949] 58/1242

Датум: 21 октомври 1958 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ГЕОРГИЈАДИС Христијанско име: Санта
2. Претходни имиња: ЦУЦУЛИС
3. Моментална адреса: Монтекју роуд, Порака, Ј.А.
4. Место и датум на раѓање: 20/4/1934 – Итиа[950], Лерин, Грција.
5. Пол: Женски.
6. Име на сопруг: Хари ГЕОРГИЈАДИС

СУДИИ

А. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРИУ, Санингдејл роуд, Фулам Гарденс, Ј.А.
Б. Кон ПАПАДИМИТРИУ, Квинливан роуд, Порака, Ј.А.
В. Фредерик Лоренс ЛИНДБЛОМ, Гавлер роуд, Порака, ЈА

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 281.

[949] Јужна Австралија.
[950] Врбени.

# 171

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Хери (Хараламбос) Георгијадис, 21 октомври 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: ЈА[951] 58/1242

Датум: 21 октомври 1958 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ГЕОРГИЈАДИС Христијанско име: Хери
2. Претходни имиња: Хараламбос (христијанско име)
3. Моментална адреса: Монтекју роуд, Порака, Ј.А.
4. Место и датум на раѓање: 10/2/1928 – Фламборон[952], Лерин, Грција.
5. Пол: машки.
6. Име на сопруга: Санта ЦУЦУЛИС

СУДИИ

А. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРИУ, Санингдејл роуд, Фулам Гарденс, ЈА

Б. Кон ПАПАДИМИТРИУ, Квинливан роуд, Порака, ЈА

В. Фредерик Лоренс ЛИНДБЛОМ, Гавлер роуд, Порака, ЈА

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 282.

---

[951] Јужна Австралија.

[952] Погрешен топоним во оригиналниот документ. Се однесува на селото Неговени чијашто грчка форма е Фламбуро.

# 172

# Документи од процесот за натурализација на Хараламбос и Санта Георгијадис, 14 ноември 1958 година

ДОВЕРЛИВО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми „Аустерити“, Аделаида

СПФ.5128

Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

14 ноември 1958 година

Копија бр. 1

МЕМОРАНДУМ за

Централата, АСИО (2 копии)

НАТУРАЛИЗАЦИЈА – Хараламбос (Хари) и Санта ГЕОРГИЈАДИС

ЈА[953] 58/1242

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве известиме дека барателите не се наоѓаат во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Судијата А – Џорџ Никола ПАПАДИМИТРУ, е евидентиран поради неговата поврзаност со Македонскиот народен сојуз на Австралија – Меморандумот на оваа Канцеларија СОФ. 157 (751) од 4 јуни, 1957 година се однесува на него.

3. Се препорачува да не се покрене приговор за процесот за натурализација.

____________________[954]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј.А.

ДИСТРИБУЦИЈА:

Копија бр. 1 и 2 – Централа, АСИО

Копија бр. 3 – Досие СПФ. 5128

Копија бр. 4 – Кутијата на датотеката

ДОВЕРЛИВО

[953] Јужна Австралија.

[954] Името е прекриено во оригиналниот документ.

------------------------------------

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

8 декември 1958 година

МЕМОРАНДУМ за:

Регионалниот директор,

Јужна Австралија

Хараламбос (Хери) и Санта ГЕОРГИЈАДИС

БАРАЊЕ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашиот СПФ. 5128 (сериски број 1350) од 14 ноември 1958 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од Вашиот претходно цитиран меморандум е прифатена. ______________[955]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 283, 284.

---

[955] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 173

# Извештај за членовите и активностите на друштвото „Лерин“ од Мелбурн, 9 декември 1958 година

ТАЈНО
3/2/335

Евалуација:[956]
Симбол на изворот:[957]
Држава: Викторија
Датум на информирање: 5/12/1958
Датум на настанот: Актуелен
Датум на известување: 9/12/1958

1. [958]
2.[959]

ДРУШТВО ЛЕРИН

3. Друштвото Лерин е грчка организација, создадена за да ги спои луѓето кои потекнуваат од Лерин, а живеат во Мелбурн. Одржува редовни состаноци во Аустрал Хол, улица „Хај“, Нортхут. Носителите на функции се следниве лица:

Претседател:

Павлос ВИЛИЈАМС (порано МИЦИОС) (без досие), роден во Ники[960], ЛЕРИН, сега живее во Мелбурн, но претходно во Вориби. Има меѓу 46 и 48 години. Исто така, член е на Демократскиот сојуз и на Македонското друштво.

Потпретседател:

Евангелос СЕРВИНИС (без досие), роден во Агиа Параскеви[961], ЛЕРИН. Има околу 45 години. Исто така, член е на Македонското друштво.

Благајник:

Трајанос ДИМОПУЛОС (без досие), роден во Етнико[962], ЛЕРИН. Има околу 40 години. Член е на Демократскиот сојуз и близок соработник на Димитрис КОДОС

(П.Л.Д.[963] 5721).

[956] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[957] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.
[958] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[959] Текстот е прекриен во оригиналниот документ.
[960] Негочани.
[961] Света Петка.
[962] Опсирино.
[963] Потврдено лично досие.

Секретар:

Џ. СОПУМАС (без досие). (Нема достапни лични податоци)

4. Овие четворица луѓе се сметаат за комунсти во грчката заедница поради нивните соработници и, особено, поради нивните јавни настапи, при кои тие не се трудат да ги скријат своите симпатии кон комунизмот.

5. Комитетот на Друштвото Лерин ги вклучува следните лица:

Трајанос ДАМИАНОПУЛОС (без досие), на возраст од околу 35 години. Роден во Парори[964], ЛЕРИН. Член на Македонскиот сојуз.

Стефанос РАКОВАЛИС (без досие), на возраст од околу 30 години. Роден во Клеине[965], ЛЕРИН. Член на Македонскиот клуб.

Димитриос ЈАНКОС (без досие), на возраст меѓу 42 и 45 години. Роден во Полипотамос[966], ЛЕРИН. Член на Македонскиот клуб.

6. Овие три лица се сметаат за комунисти во грчката заедница поради истите причини како во параграфот 4.

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 286.

---

[964] Битуше.
[965] Може да се однесува на Горно или на Долно Клештино.
[966] Нерет.

# 174

# Евидентен лист од апликацијата за натурализација на Катерина Пападимитриу, 23 декември 1958 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ CB25659

ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: JA[967] 58/6836

Датум: 23 декември 1958 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

А. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ПАПАДИМИТРИУ Христијанско име: Катерина
2. Претходни имиња: ЈОАНУ
3. Моментална адреса: Санингдејл роуд, Фулам Гарденс.
4. Место и датум на раѓање: 1898, Като Идруса[968], Грција.
5. Националност: (а) Во моментот: Грчка.
   (б)
5. Пол: женски.
6. (а) Име на сопруг: Џорџ Н.

(б) Датум и место на склучување на бракот: 24/10/1921 година, Грција.

(в) Адреса на брачниот другар: Санингдејл роуд, Фулам Гарденс.

Б. АВСТРАЛИЈА

8. Првпат пристигнала на: 15/10/1947 годин со Авион В2 – ХСТ слетала на Дарвин.
9. Патувања надвор од Австралија по првото пристигнување: Ниту едно.
10. Професија: Домашни обврски.
11. Работодавец во Австралија: /

В. ВО СТРАНСТВО

12. Држави на престој пред пристигнување во Австралија (со приближни датуми):

Грција од раѓање до 1947 година.

13. Професија: Земјоделство.

[967] Јужна Австралија.
[968] Долно Котори.

| | | |
|---|---|---|
| 14. Родители: | Татко | Мајка |
| Цело име: | Василиос ЈОАНУ | Евдокија ЈОАНУ |
| Датум на раѓање: | 1872 | 1875 |
| Држава на раѓање: | Грција | Грција |

<u>Г. СУДИИ</u>

А. Кирил Иван ШАРП, улица „Хиндли" бр. 79, Аделаида.

Б. Вилијам Гордон КАМЕРОН, хотел Рамсгејт, Хенли бич.

В. Џон Роберт БАРТЛЕТ, авенија Пенонг бр. 30, Камден Гарденс.

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 289.

# 175

# Допис на предметниот офицер до Централата на АСИО во Канбера за лицето Константинос Јосифидис, 1958 година

ТАЈНО[969]

7. КОНСТАНТИНОС ЈОСИФИДИС (Н/Т), на возраст меѓу 33 и 36 години, роден во ПРОТИ[970], ЛЕРИН, е, исто така, член на Комитетот, но, не е комунист или, пак, поврзан со комунистите.

8. Друштвото од Лерин печати весник кој се вика „ФЛОРИНА", двапати годишно. Уредник на овој весник е Грк по име Т. ДИМОС (Н/Т) кој живее на авенијата Бејвју бр. 18, во Њуторн. Во грчката заедница го сметаат за комунист, поради истите причини кои се наведени претходно.

<u>Коментар на предметниот офицер:</u>

Тука е прикачен единствено за потребите на Б. 1.[971], последниот примерок на весникот „Флорина".

<u>ДИСТРИБУЦИЈА:</u>

Конзументски оддел на Централата (3)

Б.1. Викторија (како што е потребно)

Главно досие (1)

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 285.

[969] Првата страница од документот недостига во фондот „Македонски народен сојуз на Австралија".
[970] Кабасница.
[971] Огранок 1.

# 176

# Список на странски државјани активни во Македонско-австралискиот народен сојуз, 1958 година

Список на туѓинци кои се, или биле, активни или поврзани со организациите кои се предмет на безбедносен интерес.

– МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ –

3/2/207

<u>Грци и Македонци:</u>

А. П. АЛТИС
К. П. АЛТИС
П. ДАЈКОС
П. Ј. КОЛЕВ
И. НЕДЕЛКОВСКИ
Џ. ПАНЏАРИС
Д. А. ПАНУ
Т. ПАПАПЕТРОВ
Д. ФИЛИПУ
Џ. ФИЛИПУ
С. САРБИНОВ
С. П. СТОЈЧЕС
Т. ТАНАСОВ
Д. ТИРПКОВ
Е. ТРАЈАНОН
Г. П. ЗАНГАЛИС

(Информација од регионалниот директор, Викторија, меморанудм бр: 4817 од 12 декември, 1956 година. Оригиналот е во фајлот во Централата 3/2/547.)

-------------------

П. БОЗИНАС или БОЖАНИН
П. ПАПАРУСИС
В. СПИРОВ или СПИРОС
П. ТРИЛЕМАНИ или ЦИЛОМАНОВ

(Информација од регионалниот директор, Викторија, меморанудм бр: 293 од 30 јануари 1957 година. Оригиналот е во фајлот во Централата 3/2/547.)

-------------------

Н. Н. ДИМИТРУ или БУЛГАРОВ

Н. КАРАЏАС

А. С. КИРЦОВ или КИРКОВ

Г. МАРКОПУЛОС или МАРКОВСКИ

А. ПАНЏАРИС ИЛИ ПАНЏАРИ

П. ТРИЛЕМАНИ

(Информација од регионалниот директор, Викторија, меморанудм бр: 4150 од 21 октомври, 1958 година. Оригиналот е во фајлот во Централата 3/2/547.)

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 287.

## 177

# Документи од процесот за натурализација на Катерина Пападимитриу, 14 јануари 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ДОВЕРЛИВО

Телеграми — СПФ.5128
„Аустерити", Аделаида — Главен истражен оддел
Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО
Аделаида

14 јануари 1959 година

Копија бр. 1
МЕМОРАНДУМ за
Централата, АСИО (2 копии)

НАТУРАЛИЗАЦИЈА – Катерина ПАПАДИМИТРУ
Ј. А.[972] 58/6836

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве известиме дека барателката не се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија, меѓутоа нејзиниот сопруг Џорџ Никола ПАПАДИМИТРУ, е евидентиран поради неговата поврзаност со Македонскиот народен сојуз на Австралија – Меморандумот на оваа Канцеларија СОФ. 157 (751) од 4 јуни, 1957 година се однесува на него.

2. Џорџ Никола ПАПАДИМИТРУ е натурализиран на 20 септември 2946 година, бројот на неговиот сертификат е А(1)27852 кој е издаден во Канбера.

3. Се препорачува да не се покрене приговор за процесот за натурализација на Катерина ПАПАДИМИТРУ.

____________________[973]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЈА

ДИСТРИБУЦИЈА:
Копија бр. 1 и 2 – Централа, АСИО
Копија бр. 3 – Досие СПФ. 5128
Копија бр. 4 – Кутијата на датотеката

[972] Јужна Австралија.
[973] Името е прекриено во оригиналниот документ.

ДОВЕРЛИВО

------------------------------------

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

2 февруари 1959 година

МЕМОРАНДУМ за:

Регионалниот директор,

Јужна Австралија

ПАПАДИМИТРУ, Катерина

БАРАЊЕ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашиот СПФ. 5128 (сериски број 0064) од 14 јануари 1959 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од Вашиот претходно цитиран меморандум е прифатена.

_______________[974]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 288, 290

[974] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 178

# Извештај од Н. В. Робинсон до Канцеларијата на АСИО во Мелбурн во врска со активностите на Христос Василу (Крис Папас), 7 август 1959 година

ВОД[975] 3/2/191

Копија во Македонскиот социјален клуб[976]

ТАЈНО

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

АСИО

МАНС

3/2/207

Канцеларија во Викторија,

МЕЛБУРН

7 август 1959 година

ЗАПИСНИК до:

Повисок теренски офицер

Христос П. ВАСИЛИУ

улица „Гертруда“, бр. 113, Фицрој

Беше спроведена истрага во врска со погоренаведениот сопственик на Македонскиот социјален клуб на улица „Гертруда“ бр. 113, Фицрој. Со _______[977]од македонската заедница беше остварен разговор и тој тврди дека е во блиски врски со Македонскиот социјален клуб и со сопственикот, кого го познава како Крис Папас. _______[978] тврди дека Крис ПАПАС, сопственикот, бил добро поврзан со македонската заедница и не пројавувал никаква желба за да се вклучи во политика. _________[979]додаде дека позизијата на ПАПАС е пасивно антикомунистичка.

2. Истрагата во Градскиот совет на Фицрој покажа дека објектот на улица „Гертруда“ бр. 113, Фицрој, е во сопственост на Христос Папа ВАСИЛИУ, познат и како Крис ПАПАС. Оттука произлегува дека Крис ПАПАС, познат како сопственик на Македонскиот социјален клуб е

[975] Потврдено организациско досие.
[976] Дописано во ракопис во оригиналниот документ.
[977] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[978] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[979] Името е прекриено во оригиналниот документ.

идентичен со лицето кое е предмет на интерес – Христос П. ВАСИЛИУ. Тука се прикачени гласачките податоци за Христос Папа ВАСИЛИУ од улица „Гертруда“, бр. 113, Фицрој.

3. Дополнително, во врска со Македонскиот социјален клуб, _________[980] кажа дека се работи за строго социјален клуб кој не се користи за какви било политички средби. Тој додаде дека клубот дефинитивно нема никаква врска со Македонско-австралискиот народен сојуз.

Н. В. РОБИНСОН
ТЕРЕНСКИ ОФИЦЕР

ТАЈНО

NAA: A6122, 1460, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 2, 292.

---

[980] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 179

# Извештај на теренскиот офицер на АСИО до Канцеларијата во Мелбурн во врска со активностите на Македонската православна заедница, август 1959 година

КОНТАКТ ИЗВЕШТАЈ

ПРИЛОГ А

ЕВАЛУАЦИЈА: _______[981] ИНФОРМАЦИЈА: 24.7.1959

___________[982] НАСТАН: /

ДРЖАВА: ВИКТОРИЈА ИЗВЕШТАЈ: 18. 8. 1959

ПРЕДМЕТ: МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ – 3/2/191

1. Македонско-австралискиот народен сојуз веќе неколку месеци не е јавно активен поради неговата претходна отворена левичарска активност. Тој го спои својот идентитет со Македонската православна зедница[983] која тврди дека нема политичка порзаност. Добро познатите членови на Македонско-австралискиот народен сојуз како Стојан САРБИНОВ (П. Л. Д.[984] 8487), Христос АЛТИС (П. Л. Д. 467) и Дане ТРПКОВ (П. Л. Д. 5652) иако официјално не се членови на Комитетот на Македонската православна заедница, тие се најактивните организатори на кампањата за собирање средства за новата црква која треба да биде изградена од страна на Македонската православна заедница.

2. Не е објавен список на носителите на функции ниту на Македонско-австралискиот народен сојуз, ниту на Македонската православна заедница. Се верува дека неуспехот на двете организации да ги објават списоците со носителите на функции е резултат на влијанието на свештеникот Лесли Левелин ЕЛИОТ (П. Л. Д. 9514) врз овие организации.

КОМЕНТАР НА ПРЕДМЕТНИОТ СЛУЖБЕНИК:

3. Погоре наведената информација беше потврдена и од стана на _________[985].

Дистрибуција:

Конзументски оддел на Централата (3)

[981] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[982] Прекриено во оригиналниот документ.
[983] Во ракопис е додадено следното: 3/2/990
[984] Потврдено лично досие.
[985] Прекриено во оригиналниот документ.

П. Л. Д. (како што е потребно)
Главно досие (1)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 3.

# 180

# Извештај од теренскиот офицер на АСИО во Викторија во врска со соработката на свештеникот Хил со Австралиската безбедносно-разузнавачка организација во однос на активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз, 31 август 1959 година

Извадок од извештајот на ____________[986] од 27.8.1959 година кој е прикачен на Меморандумот од Викторија 3197 (ПОД [987] 794/30) од 31.8.1959 година
(Оригинал на 3/2/990)

„Свештеникот ХИЛ потоа побара (телефонски разговор на 24.8.1959 година) примероците од Македонска „ИСКРА“ кои тој ги доставил до АСИО преку ________[988], неговиот претходен контакт со АСИО, да му бидат вратени. Од овие весници тој би можел да докаже дека нефункционалниот МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ (ПОД 3/2/191), дефинитивна комунистичка организација, е одговорен за издавањето на Македонска „ИСКРА“ и дека МАКДОНСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ е инкорпориран во МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА.“

„Му кажав на свештеникот ХИЛ дека примероците на Македонска „ИСКРА“, кои се негова сопственост, ќе му бидат вратени и не би можело да му се понуди каква било помош во однос на неговиот конфликт со МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЗАЕДНИЦА. Свештеникот ХИЛ потоа рече дека ќе биде сосема задоволен доколку му бидат вратени примероците од Македонска „ИСКРА“.

„На 25 август 1959 година, јас ѝ доставив на г-ѓа ХИЛ, свештеникот ХИЛ беше отсутен, во моментот беше на погреб, три примероци од „Македонска ИСКРА“ (бројот од август/септември 1954 година, бројот од јули/август 1954 година и бројот од септември 1955 година) и два примероци од „Македонски глас“ (бројот од мај 1959 година и бројот од август/септември 1957 година), сите извадени од ПОД 393/15.)

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 2.

[986] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[987] Потврдено организациско досие.
[988] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 181

# Извештај за достапни податоци за Николас Караџас (Никола Караџов) и неговите активности во Македонско-австралискиот народен сојуз, 1 септември 1959 година

ТАЈНО

КОПИЈА од меморандумот на РД/Вик[989]. бр. 3210 (ПОД [990] 126/В.12/Б1) од 1.9.1959 година до Централата

Нов театарски сојуз

Во вркса со извештајот „Кју" 15759 од 9. 6. 1959 година

Ве молам погледнете ја копијата од извештајот од 24.8.1959 година од __________[991] од оваа Канцеларија кој индицира дека „Ник КАРОЏА" кој е наведен во извештајот Кју бр. 15759 од 9.6.1959 година кој е секретар на Македонскиот народен сојуз е веројатно идентичен со Николас КАРАЏАС, порано КАРАЅАС (П. Л. Д.[992] 6073).

------------------------

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

Секретар: Ник КАРОЏА

1. Во врска со извештајот „Кју" бр. 15759 од __________[993] од 9 јуни 1959 година, кој се однесува на Македонскиот народен сојуз (на Австралија) – Ник КАРОЏА – ЈА.6028.

2. Спроведената истрага во Главната дирекција на поштите покажа дека бројот ЈА.6028 бил регистриран на Македонско-австралискиот народен сојуз, на улица „Јанг", бр. 52, Фицрој, сè до 1 јули 1957 година, кога бројот бил откажан и не бил префрлен на друга адреса сè до 4 јуни 1959 година.

3. Проширената истрага не успеа да идентификува лице со име Ник КАРОЏА или кое било друго лице со такво презиме. Сепак, можно е ова лице да е идентично со Николас КАРАЏАС, претходно КАРАЅАС (ПЛД 6073) кој бил секретар на Македонско-австралискиот народен сојуз и

[989] Регионален огранок, Викторија.
[990] Потврдено организациско досие.
[991] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[992] Потврдено лично досие.
[993] Името е прекриено во оригиналниот документ.

кој е можно да е идентично со Н. КАРАЏОВ кој е спомнат како секретар на Сојузот на страница 40 во ВОД. 3/2/191, том 2.

Оригинал во: 3/2/112 – том 3. Н.Т.Л. – Викторија
Копија во: К/12/4
: Македонски народен сојуз
ТАЈНО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 1.

# 182

# Извадок од барањето за натурализација на Димитрис Филипов, 5 октомври 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: CA 59/8961
Датум: 5 октомври 1959 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ФИЛИПОВ Христијанско име:Димитрис
2. Претходни имиња: /
3. Моментална адреса: 479 Теплејс Хил Роуд, Фулам.
4. Место и датум на раѓање: 28. 3. 1938 година – Котори, Грција.
5. Пол: Машки
6. Име на сопруга: Пандора ЦУЦУЛИС

СУДИИ

А. Александрос ПАПАДИМИТРУ, 170 Дејс Роуд, Килкени.
Б. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРУ, Санингдејл Роуд, Фулам Гарденс.
В. Сиднеј Стенли НАЈТ, Ј. П., улица „Малборо“, бр. 49, Хенли Бич.

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 4.

# 183

# Извадок од барањето за натурализација на Пандора Филипов, 5 октомври 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: CA 59/8962
Датум: 5 октомври 1959 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ФИЛИПОВ Христијанско име: Пандора
2. Претходни имиња: ЦУЦУЛИС
3. Моментална адреса: 479 Теплејс Хил Роуд, Фулам.
4. Место и датум на раѓање: 25. 5. 937 година – Итиа[994], Грција.
5. Пол: Женски
6. Име на сопруг: Димитрис

СУДИИ

А. А. ПАПАДИМИТРИОВ, 170 Дејс Роуд, Килкени.

Б. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРУ[995], Санингдејл Роуд, Фулам Гарденс.

В. Сиднеј Стенли НАЈТ, Ј. П., улица „Малборо“, бр. 49, Хенли Бич.

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 5.

[994] Врбени.

[995] Додадено во ракопис во оригиналниот документ: 3/2/207.

# 184

# Извадок од барањето за натурализација на Ставрос Александридис, 16 октомври 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: СА 59/9257
Датум: 16 октомври 1959 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: АЛЕКСАНДРИДИС Христијанско име: Ставрос
2. Претходни имиња: /
3. Моментална адреса: Вестминстер авенија, Фулам, ЈА[996]
4. Место и датум на раѓање: 13. 8. 1924 година – Амохори[997] , Грција.
5. Пол: Машки
6. Име на сопруга: Јоана МОСТАКИС.

СУДИИ

А. Џорџ ПАПАДИМИТРУ, Санингдејл Роуд, Локлејс, ЈА
Б. Вилијам Џејмс БЕСТ, Девон Роуд, Хенли Бич, ЈА
В. Доналд КЕИТЕЛ, Киплинг авенија, бр. 41, Ист Гленелг, ЈА

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 8.

---

[996] Јужна Австралија.
[997] Песочница.

# 185

# Извадок од барањето за натурализација на Ставрос Цуцулис, 2 ноември 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА

Имиграциско досие: CA 59/10651
Датум: 2 ноември 1959 година

До Директорот на АСИО, АДЕЛАИДА

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Презиме: ЦУЦУЛИС Христијанско име: СТАВРОС
2. Претходни имиња: /
3. Моментална адреса: 172 Дејс Роуд, КИЛКЕНИ, Ј.А.[998]
4. Место и датум на раѓање: 25. 10. 1928 година – Итиа[999], Лерин, Грција.
5. Пол: Машки
6. Име на сопруга: Ана МИЦКОПУЛУ

СУДИИ

А. Џорџ Н. ПАПАДИМИТРУ, Санингдејл Роуд, Фулам Гарденс.
Б. Хари Георгијадис, Монтекју Роуд, БУРАКА, ЈА
В. Харолд Стивен ВИЛИЈАМС, улица „Вајт“, бр. 77, ХЕНЛИ БИЧ, ЈА

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 11.

[998] Јужна Австралија.
[999] Врбени.

# 186

# Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Пандора и Димитрис Филипови, 3 декември 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ДОВЕРЛИВО СПФ5128

„Аустерити“, Аделаида Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

3 декември 1959 година

Копија бр. 1

МАМОРАНДУМ за

Централата, АСИО

Пандора и Димитрис ФИЛИПОВ

Барања за натурализација Ј.А.[1000] 59/8961-62

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве исвестиме дека барателите не се наоѓаат во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Џорџ Никола ПАПАДИМИТРИОВ, кој е номиниран како судија, е евидентиран од наша страна. Проценка на информацијата која ја имаме е вклучена во нашиот меморандум СПФ 5128 (0871) од 24 јуни 1959 година. Не постои доказ дека ПАПАДИМИТРИОВ е или бил директно поврзан со КП на Австралија и познато е дека тој дејствува како пријател и правен советник на грчката заедница.

3. Се препорачува да не се покрене приговор за натурализацијата.

____________________[1001]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј.А.[1002]

-----------------------------------

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

До: 28 јануари 1960 година

Регионалниот директор,

Јужна Австралија

[1000] Јужна Австралија.

[1001] Името е прекриено во оригиналниот документ.

[1002] Јужна Австрлија.

<u>ФИЛИПОВ, Пандора и Димитрис</u>
<u>БАРАТЕЛИ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА</u>

Во врска со Вашиот допис СПФ 5128 (сериски број 1606) од 3 декември 1959 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од претходно наведениот меморандум е прифатена.

______________[1003]

<u>ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР</u>

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 6, 7.

---

[1003] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 187

# Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Ставрос Александридис, 4 декември 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ДОВЕРЛИВО

СПФ5128

„Аустерити“, Аделаида Главен истражен оддел

Оддел Д

Фах 1524 М, ГПО

Аделаида

4 декември 1959 година

Копија бр. 1

МАМОРАНДУМ за

Централата, АСИО

Ставрос АЛЕКСАНДРИДИС

Барање за натурализација Ј.А.[1004] 59/9257

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве исвестиме дека барателот не се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Џорџ Никола ПАПАДИМИТРИУ, кој е номиниран како судија, е евидентиран од наша страна. Во врска со неговиот безбедносен стаус, повикајте се на нашиот мемарандум СПФ 5128 (1606) од 3 декември 1959 година.

3. Се препорачува да не се покрене приговор за натурализацијата.

____________________[1005]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј.А.

ДОВЕРЛИВО

---------------------------------------

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

До: 29 јануари 1960 година

Регионалниот директор,

Јужна Австралија

[1004] Јужна Австралија.

[1005] Името е прекриено во оригиналниот документ.

АЛЕКСАНДРИДИС, Ставрос
БАРАТЕЛ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашиот допис СПФ 5128 (сериски број 1616) од 4 декември 1959 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од претходно наведениот меморандум е прифатена.

______________[1006]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 9, 10.

---

[1006] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 188

# Допис од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до централата на АСИО во Канбера во врска со барањето за натурализација на Ставрос Цуцулис, 7 декември 1959 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми
СПФ5128
„Аустерити“, Аделаида

Главен истражен оддел
Оддел Д
Фах 1524 М, ГПО
Аделаида
7 декември 1959 година

Копија бр. 1
МАМОРАНДУМ за
Централата, АСИО

Ставрос ЦУЦУЛИС
Барател за натурализација
J.A.[1007] 59/10651

Во врска со прикачениот допис, би сакале да Ве исвестиме дека барателот не се наоѓа во евиденцијата на оваа Канцеларија.

2. Судијата А, Џорџ Никола ПАПАДИМИТРИУ, е евидентиран од наша страна. Во врска со неговиот безбедносен статус, Ве молиме погледнете го нашиот меморандум СПФ 5128 (1606) од 3 декември 1959 година.

3. Се препорачува да не се покрене приговор за натурализацијата.

____________________[1008]
РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, J.A.[1009]

-----------------------------------

3/2/207

ДОВЕРЛИВО

До:
23 февруари 1960 година

Регионалниот директор,
Јужна Австралија

[1007] Јужна Австралија.
[1008] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[1009] Јужна Австралија.

<u>ЦУЦУЛИС, Ставрос</u>

<u>БАРАТЕЛ ЗА НАТУРАЛИЗАЦИЈА</u>

Во врска со Вашиот допис СПФ 5128 (сериски број 1634) од 7 декември 1959 година.

2. Препораката која е составен дел од параграфот 3 од претходно наведениот меморандум е прифатена.

_______________[1010]

<u>ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР</u>

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 12, 13.

---

[1010] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 189

# Меморандум од Канцеларијата на АСИО во Аделаида до Централата на АСИО во Канбера во врска со активностите на Македонскиот клуб, 26 јануари 1960 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

Телеграми ДОВЕРЛИВО
3/2/101
„Аустерити“, Аделаида

Главен истражен оддел
Оддел Д
Фах 1524 М, ГПО

Аделаида
26 јануари 1960 година

Копија бр. 1
МАМОРАНДУМ за
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКИ КЛУБ

Ве молам погледенте го Вашиот меморандум бр. 15310 (3/2/307) од 7 декември 1959 година.

2. Сфатено буквално, Македонскиот клуб кој е спомнат во Извештајот „Кју“ бр. 10766 од Канцеларијата во Адеалида, составен од ____________[1011] на 16 ноември 1959 година, се однесува на тело кое постои во Аделаида повеќе години. Ние не сме слушнале за негови активности подолго време и ќе биде спроведена истрага за да се одреди опсегот на неговите активности.

3. Во врска со „паничењето“ околу Македонскиот клуб, никаква специфична безбедносна активност не е спомната и, како што е претходно наведено, ова би можело да биде поради разговорот на службеник од Одделот за имиграција на Комонвелтот со Константинас ЌОСЕС во текот на март 1959 година во врска со наводите во параграф 6а од П. С. М. 65.

4. Дополнителни информации во врска со овој случај се состојат во извештајот „Кју“ бр. 11023 од Канцеларијата во Аделаида, составен од

[1011] Името е прекриено во оригиналниот документ.

______________[1012], Евалуација Б. 2., од 20 јануари 1960 година, предмет „Константинас ЃОСЕС“, чијашто копија ја препраќаме во прилог.

______________[1013]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, Ј.А.[1014]

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 17.

[1012] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[1013] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[1014] Јужна Австралија.

# 190

# Документи од процесот за натурализација на Параскеви Дивиткос, 27 јануари 1960 година

АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
ОДДЕЛ ЗА ИМИГРАЦИЈА
МЕЛБУРН

Имиграциско досие: В60/148
Датум: 27 јануари 1960 година

ДИСТРИБУЦИЈА.
АСИО, Мелбурн.
Главен комесар на полицијата.
Досие.

Краток преглед на апликацијата за натурализација

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
1. Презиме: ДИВИТКОС Христијанско име: Параскеви
2. Претходни имиња: САРОС
3. Моментална адреса: улица „Хај“, бр. 919, Торнбури.
4. Место и датум на раѓање: 13.1.1913 година. Полипотамос[1015], Грција.
5. Пол: Женски Брачен статус: Омажена
6. Име на сопругот: Христос
7. Првпат пристигнала на 27. 8. 1948 година со авион во Сиднеј.

СУДИИ
А. Френсис Арчибалд Роџерс, улица „Хај“, бр. 834А, Торнбури.
Б. Џејмс Мureј Теунон, улица „Роксбург“, бр. 13, Престон.
В. Реџиналд Руперт Греј, адвокат, улица „Хај“, бр. 195, Норткоут.

--------------------------------------------

ТАЈНО
АВТСРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ

3/2/191/В3/Б1

Телеграми: „Аустерити, Мелбурн“

Австралиска безбедносна разузнавачка организација
Фах 5219, ГПО,
Мелбурн
25 февруари 1960 година

[1015] Нерет.

МЕМОРАНДУМ за:
Централата, АСИО

ПРЕДМЕТ: ДИВИТКОС, Параскеви (г-ѓа)
Барање за натурализација
(ЦМО список 8434, сериски број 5 од 27/1/60).

Барателката, која е родена во Грција на 13 јануари 1913 година пристигнала во Австралија на 27 август 1948 година. Таа живее на улица „Хај“, бр. 929, Торнбури.

2. Самата барателка не се наоѓа во нашата евиденција. Нејзинот сопруг, Христос ДИВИТКОС, со кого таа живее, е идентичен со Христос Атанасиу ДИВИТКОС; или Христос Атанасос ДИВИТКОС, чиишто лични податоци се препратени до Централата во нашиот таен Меморандум 4595 од 8 декември 1959 година (предмет: Македонска православна заедница). Тој е член на Централниот комитет на Македонската православна заедница, чиишто детали беа препратени до Централата во нашиот таен Меморандум 4140 од 5 ноември 1959 година. Оваа организација го завзема местото на МАНС[1016]...

3. Сопругот на барателката бил натурализиран во 1954 година и освен неговата поврзаност со Македонската православна заедница, тој не е дел од нашата евиденција.

4. Судијата А на барателката, Френсис Арчибалд РОЏЕРС, од улица „Хај“, бр. 834 А, Торнбури, е фризер по професија и веројатно е идентичен со лицето од нашето досие ПЛД 8512, Френсис Арчибалд РОЏЕРС, од улица „Хај“, бр. 836, Торнбури, кој исто така е фризер. Ова лице беше ставено во нашата евиденција по извештајот „Кју“ 6444 од 29/9/1954 година ________[1017], Евалуација Б1) како член на А. Б. С. од 24/9/1954.

5. Имајќи предвид дека сопругот на барателката веќе е натурализиран, како и дека нејзиниот судија е сосед бизнисмен, врз основа на безбедносните и хуманитарните причини, дека не би требало да се покренува приговор во овој случај. Оттука се препорачува, да биде издадено безбедносно одобрение за барањето за натурализација на ДИВИТКОС.

________________[1018]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ВИКТОРИЈА

Дистрибуција:
Централа
3/2/191/В3
Кутија на датотеката

ТАЈНО

-------------------------------------

[1016] Крајот на пасусот е прекриен во оригиналниот документ.
[1017] Прекриено во оригиналниот документ.
[1018] Името е прекриено во оригиналниот документ.

Формулар Ц. 60
Регионално досие бр. 3/2/191/В3
Досие во Централата: /

ПАПКА СО ИНФОРМАЦИИ

1. Целосно име: Параскеви ДИВИТКОС
2. Листа за проверка: ЦМО Листа 4834 Сериски број: 5 од 27/1/60
5. Причина за проверка: Барање за натурализација
7. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ:

(а) Адреса: улица „Хај“, бр. 919, Торнбури.

(б) Датум и место на раѓање: 13 јануари 1913 година, Полипотамос[1019]

(в) Датум на пристигнување во Австралија, доколку е родена во странство: 27 август 1948 година

ЦИРКУЛАЦИЈА:

2. Регионална канцеларија Б.1. (за пристап во врска со личен ризик) 22/3/60

6. Регионален директор (за одобрување и препраќање до Централата) 20/3/60

-----------------------------------------------

3/2/207

До
Регионалниот директор, Викторија. март, 1960 година

ДИВИТКОС, Параскеви (г-ѓа)

БАРАТЕЛКА НА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во врска со Вашиот меморандум 3/2/191/В3.Б.1 (сериски број 575) од 25 февруари 1960 година.

2. Препораката која е составен дел на параграфот 5 од погоре спомнатиот Ваш меморандум е прифатена.

________________[1020]

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

ДОВЕРЛИВО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 14, 15, 18-20.

[1019] Нерет.

[1020] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 191

# Извештај од теренскиот офицер до Канцеларијата на АСИО во Викторија во врска со престанокот на активностите на Македонско-австралискиот народен сојуз и преминувањето на неговите членови во Македонската православна заедница, 23 мај 1960 година

ИЗВЕШТАЈ на __________[1021]

3/2/207

Евалуација:[1022] Датум на информирање: 12. 5. 1960

Симбол на изворот:[1023] Датум на настанот: Актуелен

Држава: Викторија Датум на известување: 23. 5. 1960

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ

1. Никакви активности не се организирани од, ниту, пак, се слушнати какви било информации за, Македонско-австралискиот народен сојуз во изминатите две години. Изгледа дека престанал да постои.

2. Сите поранешни познати членови на Македонско-австралискиот народен сојуз сега се членови на Македонската православна заедница.

ДИСТРИБУЦИЈА:
Конзументски оддел на Централата (3)
Б.1. Викторија (како што е потребно)
Главно досие (1)

Копија во Македонска православна заедница

ТАЈНО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 21.

[1021] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[1022] Името е прекриено во оригиналниот документ.
[1023] Симболот е прекриен во оригиналниот документ.

# 192

# Извештај на службеник на АСИО за активностите на Давид Папарусис, мај 1960 година

ТАЈНО

мај, 1960 година

П/27/30
Давид Никола ПАПАРУСИС
15 август 1907 година, Веви[1024], Лерин, Грција.

1. Давид ПАПАРУСИС беше активен во Извршниот комитет на Македонско-австралискиот народен сојуз (МАНС) долги години.

2. Кога МАНС (како таков) престана да функционира, тој ја префрли својата поддршка на Македонската православна заедница. Ова е левичарска група во рамките на македонската заедница и се состои од бројни комунисти и нивни симпатизери. Давид ПАПАРУСИС има репутација, меѓу македонската заедница (во Мелбурн) дека е комунист и оттука постои причина за верување дека тој бил член на Комунистичката партија на Австралија во 1956 година.

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 22.

[1024] Баница.

# 193

# Барање од Генералниот директор за безбедност до секретарот на Одделот за имиграција во Канбера за доставување мислење за Давид Папарусис, мај 1960 година

Д/27/30
3/2/207
мај, 1960 година

До Секретарот,
Оддел за имиграција,
КАНБЕРА, А.Г.Т.[1025]

Службеник од одделот за миграции на Комонвелтот, Мелбурн, достави за безбедносна проверка на лицето Давид ПАПАРУСИС, кое се јавува како гарант за барањето за прифаќање на неговиот внук Трифун КОЈЧНА, кој е роден во селото ВЕВИ[1026], Лерин, Грција, и кој сега се наоѓа во Полска. Дописот на службеникот од одделот за миграции на Комонвелтот е B59/25472.

2. ПАПАРУСИС е забележан како потенцијално опасно лице од страна на оваа Канцеларија и сумарен извештај од неговото досие е доставен до Вас преку мојот Регионален директор од Австралиската главна територија. Имајќи го предвид неповолниот карактер на неговото досие, јас не сум во можност да издадам безбедносно одобрение за ПАПАРУСИС тој да биде гарант за прифаќање мигранти.

3. Би бил благодарен доколку би бил информиран за Вашата одлука во врска со овој случај, во соодветен временски рок.

(Ц. Ц. П. СПЕЈ)
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ

II

мај, 1960 година

Регионален директор,
Австралиска главна територија
Проследено за постапување.

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 24.

---

[1025] Австралиска главна територија.
[1026] Баница.

# 194

# Извадок од извештај на теренскиот офицер по извршен разговор со информатор во кој е наведено дека Македонско-австралискиот народен сојуз престанал да постои, 24 јуни 1960 година

3/2/207

Извадок од Извештајот на Џумас – Реализиран разговор на 24 јуни 1960 година.

(Препратено до Централата и до сите Регионални оддели)[1027]

ТАЈНО

Македонско-австралиски народен сојуз, Викторија:

_______________[1028] тврди дека ниту се реализрани некакви активности од, ниту, пак, има некакви нови информации за, Македонско-австралискиот народен сојуз во изминатите две години. Изгледа дека престанал да постои. Сите претходно познати членови на Сојузот сега се членови на Македонската православна заедница.

(Извештај Вик од _______[1029] бр. 1865 од 23 мај 1960 година)

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 25.

[1027] Дописано со ракопис во оригиналниот документ.
[1028] Прекриено во оригиналниот документ.
[1029] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 195

# Допис од регионалниот директор на АСИО во Западна Австралија до Централата на АСИО во Канбера за престанокот на постоењето на Македонско-австралискиот народен сојуз, 25 август 1960 година

ТАЈНО
АВСТРАЛИСКИ КОМОНВЕЛТ
АВСТРАЛИСКА БЕЗБЕДНОСНА РАЗУЗНАВАЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

3/2/73
3/2/207

Телеграми:
Аустерити, Перт

Фах: К881, ГПО
Перт. ЗА[1030]
25 август 1960 година

До:
Централата, АСИО

МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИ НАРОДЕН СОЈУЗ
ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА

Сигурно сте забележале од разговорот за натурализација на Спиро ЦОЛАКИС од Џералдтон (кој е наведен во нашиот меморандум 1287 од 16 август, 1960 година) дека ЦОЛАКИС тврди дека МАНС е „избришан“ и дека новата македонска организација се вика „Нова Македонија“.

2. Ова изгледа дека е на иста линија со информацијата од Викторија дека МАНС престанал да постои (Извештај на Трендс 24/6/1960 година). Последниот примерок на „Македонски глас“ кој беше доставен до оваа Канцеларија беше бројот од октомври-ноември 1957 година.

3. Ниту еден од носителите на функциите во „Нова Македонија“ во 1960 година во Џералдтон не се наоѓа во евиденцијата за потенцијални опасни лица и со ова изгледа дека се потврдува мислењето на ЦОЛАКИС дека организацијата во моментов е исклучиво социјално и спортско тело.

[1030] Западна Австралија.

4. Преземена е натамошна истрага за проценка на позицијата на МАНС во рамките на македонските заедници во Перт и во Менџимап.

_________________[1031]

РЕГИОНАЛЕН ДИРЕКТОР, ЗА

ТАЈНО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 26.

---

[1031] Името е прекриено во оригиналниот документ.

# 196

# Список на лица и организации кои ја поддржале организацијата на посетата на делегацијата на советските жени на Австралија, 1960 година

3/2/207

КОПИЈА

ТАЈНО

Евалуација Б.2.
Извештај бр. 62/725

И: 16/3/62

Н: /

П: 22/3/62

ВИКТОРИЈА

ПОСЕТА НА СОВЕТСКИТЕ ЖЕНИ

Подолу е копија од списокот на спонзори на Националниот комитет во врска со поканата на делегација на Советските жени во Австралија која пристигна на средба во Сојузот на австралиските жени од Викторија.

Синдикат на здружени инженери, Комитет од округот Сиднеј
Австралиско книжевно друштво
Австралиски совет за развој на детето
Австралиско-кинеска асоцијација, Квинсленд.
Австралиско-советско друштво за пријателство, Нацинален совет.
Австралиско кооперативно женско здружение, огранок Сиднеј.
Австралиско друштво за помирување, Квинсленд.
Австралиски железнички синдикат, Австралиски совет.
Австралиски железнички синдикат, Јужна Австралија.
Австралиска женска повелба
Здружение на ковачите на Австралија
Синдикат на туларите, плочкарите и ќерамичарите
Зружение на градежните работници, Бризбејн, Квинсленд.
Зружение на градежните работници, женски комитет, Бризбејн, Квинсленд.
Синдикат на индустриските градежни работници на Австралија, Ф. Пурс, федерален секретар

Синдикат на индустриските градежни работници на Австралија, огранок Нов Јужен Велс
Синдикат на индустриските градежни работници на Австралија, огранок Нов Јужен Велс, женски комитет
Чехословачко друштво
Д-р Винифред Чилдс.
Г-ца Фло Дејвис
Еурека Младинска Лига, Национален совет.
Федерален синдикат на вработените во индустријата за алкохол и сродни индустрии на Австралија, огранок Нов Јужен Велс.
Дејм Мери Гилмор.
Грчки клуб Атлас
Г-ца Алма Хамилтон
Г-ѓа Џ. Хигам
Синдикат на болничките работници, Квинсленд.
Меѓународен комитет за денот на жената, Национална координација.
Г-ѓа Маделин Кемпстер.
Г-ѓа П. Латона
Македонско-австралиски народен сојуз, Национален комитет.
Федерација на рудари, Централен совет.
Женски помошни рударски групи
Синдикат на вработените во пожарникарските бригади од Нов Јужен Велс.
Нов театар, Австралија.
Синдикален совет на Њукасл.
Катрин Сузана Причард.
Мировен комитет од Квинсленд.
Г-ца Мери Рохан
Поморски синдикат на Австралија, федерална канцеларија
Поморски синдикат на Австралија, огранок Сиднеј
Поморски синдикат на Австралија, женски комитет, Сиднеј.
Поморски синдикат на Австралија, женски комитет, Бризбејн.
Д-р Стефанија Сиедлицки.
Совет на синдикат на Јужниот брег
Г-ѓа Тистл Ј. Стид.
Лејди Џеси М. Г. Стрит.
Здружение на котларски работници на Австралија, Федерален извршен совет.

Здружение на котларски работници на Австралија, огранок бр, 1, Сиднеј.
Федерален синдикат на машиновозачите и пожарникарите на Австралија, Сиднеј.
Федерален синдикат на различни работници на Австралија, огранок Нов Јужен Велс.
Синдикат на лимарските работници, огранок Нов Јужен Велс.
Трговски и работнички совет на Квинсленд.
Сојуз на австралсиките жени, Национален комитет и државни ограноци.
Обединет сојуз на жените.
Федерација на пристанишните работници на Австралија, огранок Сиднеј.
Федерација на пристанишните работници на Австралија, огранок Бризбејн.
Комитет на пристанишните женски работнички, Национална координација.
Г-ца Луси Вудкок.

Централа (4)
В. оддел (2)
Б. 1. (2)
Јужни држави (1)

ТАЈНО

NAA: A6122, 1461, Macedonian Peoples League of Australia, Vol. 3, 27, 28.

# Регистар на географски поими

А
Австралија 22, 24, 25, 29, 34, 35, 37-40, 42, 45, 46, 49-51, 52, 54, 57, 58, 62, 72, 75, 76, 81, 87, 93, 96, 100-103, 106, 107, 109, 112, 115, 116, 118, 119, 121, 123, 124, 128, 136-138, 140-144, 146, 154, 157, 159, 160, 165, 166, 172, 175, 176, 180, 182, 185, 189, 191, 205-207, 215, 217, 219, 220, 221, 222, 229-231, 234, 236, 238, 239, 241-243, 246, 248, 251-256, 261, 264, 266, 271, 272-274, 277, 279, 280, 282-284, 286-288, 291, 292, 294, 299-302, 306, 312, 313, 316, 317, 321, 327, 330, 335, 337, 340, 342, 343, 348-350, 354-356, 358, 360-362, 374, 376, 378, 379, 395, 410, 419, 422, 437, 438, 441, 442, 457, 458, 484, 510, 511, 538, 543-546, 548, 555, 582, 583, 590-592.
Австралиска главна територија 22, 33, 35, 77, 99, 153, 155, 162, 164, 173, 179, 189, 202, 212, 219, 387, 413, 467, 586.
Австрија 107, 300.
Австро-Унгарија 197.
Аделаида 24, 33, 38, 43, 44, 47, 48, 115, 118, 120, 122, 185, 191, 226, 228, 230-232, 241, 242, 261, 271, 272, 284, 286, 289, 297, 298, 309, 316, 318, 334, 339, 341, 342, 344, 348, 353-355, 357-361, 383, 403, 404, 419, 442, 443, 454, 456, 459, 462, 467, 499, 501, 502, 516, 528, 532, 550, 551, 555, 556, 560, 569-573, 575, 577, 579.
Албанија 34, 35, 116, 205, 206, 213, 259, 265, 284.
Алберт парк 61.
Америка 51, 103, 107, 108, 110, 176, 189, 214, 225, 273, 274, 282, 285, 296, 297, 300, 331, 332.
Анандејл 279.
Апер Буринџбар 283, 297, 473.
Априлово Поповско 241.
Аргентина 176, 189.
Армадејл 61.
Арменско 509.
Атина 81, 121, 197, 214, 220, 222, 224, 499.

Б
Балалаба 247.
Балкански Полуостров/Балкан 150, 192, 208, 253.
Балката 203, 204, 276.
Баница 177, 194, 238, 457, 585, 586.
Бапчор 457, 508.
Бејвин 377.
Белград 181, 209, 261, 295, 313.
Белингл 120.
Бери 290.
Берлин 260, 295, 312, 352.
Биг Бел 111, 130.
Били Нагел 487.
Билингел 113.
Билишта 34, 35.
Бирвуд 279.
Битола 81, 102, 106, 111, 116, 117, 128, 168, 195, 264, 499.
Битолско 285, 499.
Битуше 554.

Бичвуд 118, 339.
Блек рок 411.
Бојуп Брук 120, 285, 289, 297, 316.
Бони Риг 113.
Босна и Херцеговина 42.
Боулдер 233.
Брајтон 190.
Брезница 457.
Брејдвуд 174, 226, 247, 364, 284, 285, 289, 298, 309, 316, 318, 334, 339, 341.
Бризбејн 72, 77, 78, 260, 285-287, 340, 366, 390, 391, 504, 590-592.
Бриџтаун 24, 103, 111, 120, 127, 130, 339.
Броукен Хил 237, 247, 507.
Бугарија 35, 51, 85, 107, 108, 115, 129, 142, 146, 158, 159, 167-171, 176, 192, 194, 196-198, 205, 206, 209, 210, 213, 219, 230, 241, 251, 252, 255, 256, 271, 293, 303, 312, 313, 333, 342, 344, 345-347, 350, 259, 374, 377-381, 394, 433, 434, 436-438, 452, 500-502, 504, 516, 528, 539.
Будимпешта 86, 294.
Букурешт 21, 260, 405.
Бурака 572.
Буринџбар 474.
Буф 34, 457, 499.

В

Вагракин 269.
Ванеру 43, 53, 73, 160, 203, 204, 204, 283, 296, 344.
Вардарска Македонија 242, 292, 306, 345, 347, 499.
Варшава 260, 336, 337.
Ваучоп 247, 290, 303.
Вашингтон 42, 346.
Велика Британија 51, 126, 203, 261, 337, 346.
Вериби 118, 339, 377.
Вериевуд 237, 314, 316.
Верник 284.
Вестени 499.
Виетнам 271.
Викторија 22, 54, 55, 57, 61, 70, 75, 105, 110, 112, 113, 115, 118-120, 124, 135, 140, 154, 184, 234, 259, 271, 273, 276, 285, 289, 304, 316, 319, 335, 352-354, 367-370, 374, 375, 378-383, 385, 386, 391, 403, 404, 406, 408, 409, 412, 413, 417, 418, 421, 434, 435, 439-442, 445, 450-453, 460-468, 493, 520, 522-524, 530, 531, 535, 536, 538-541, 553, 557-559, 562, 564, 566-568, 582-584, 587, 590.
Вичо 222.
Вишени 34, 35, 241, 271, 499.
Војводина 43.
Вол Стрит 343.
Волонгонг 24, 499, 500.
Врбени 549, 570, 572.
Врбник 34, 35.
Воден 128.
Вориби 553.
Вуролу 111.

Г

Гарската 242.
Герман 105.
Германија 51, 107, 197, 300, 346.
Горно Клештино 225, 554.
Горно Котори 517.

Грамос 222.
Граче 125.
Грејт Џералтон 105.
Грција 24, 34, 35, 50-53, 75, 76, 79-81, 85, 87, 91-93, 95, 96, 102, 103, 108, 109, 112, 120, 122, 129, 138, 142, 146, 150, 156, 159-161, 174, 175, 177, 182, 197, 202, 203, 206, 212-214, 219-224, 227, 248, 249, 251, 252, 259, 260, 262-264, 273, 274, 278, 291, 292, 294, 301, 311, 317, 344, 354, 355, 360, 369, 404, 435, 443, 476, 499, 510, 511, 513, 517, 534, 534, 536, 549, 550, 555, 556, 569-572, 581, 582, 585, 586.

Д

Далиник 458.
Далмација 183.
Данбибл 113, 120, 479, 485.
Дарлингхрст 274.
Дебар 123.
Детроит 332.
Дмбени 34.
Долно Клештино 225, 554.
Долно Котори 118, 508, 555.
Донибрук 130.
Драма 168.
Драничево 125.
Дреновени 509.
Дрмани 285.

Ѓ

Ѓавато 499.

Е

Егејска Македонија 74, 79, 87, 102, 107, 109, 117, 123, 124, 126, 128, 129, 135, 138, 142, 146, 159, 182, 183, 202, 203, 206, 213, 217-220, 225, 263, 284, 292, 294, 301, 305, 306, 313, 317, 318, 320, 321, 323, 334, 335, 339, 499.
Егејско Море 74, 174, 224.
Египет 87, 190, 316, 420.

З

Загреб 177, 313.
Западен Футскреј 368.
Западна Австралија 22, 23, 33, 36-38, 40, 46, 49, 61, 73, 79, 82-84, 86, 90, 98, 99, 104, 105, 110, 113, 116, 118-123, 125, 135, 148, 151, 160, 162, 163, 165, 174, 177, 186, 191, 204, 207, 217, 225, 233, 238, 243, 245, 247, 254, 256, 260, 265-269, 276, 277, 282, 284, 285, 289, 296, 298, 303, 304, 310, 319, 323, 334, 335, 344, 352, 355, 357-359, 361, 362, 378, 383, 392, 394, 411, 412, 441, 442, 445, 447, 449, 467, 493, 507, 527, 528, 588.
Згоржелец 509.

И

Ивану 342.
Израел 190, 265.
Илавара 279.
Индијана 341.
Индијанаполис 220.
Индокина 312.
Иран 338.
Ист Гленелг 517.
Источен Брунсвик 377.
Источен Голдфилдс 233.
Источна Европа 40.
Италија 85, 107, 265.

J
Јајце 200.
Јаши 200.
Јорнуп 247.
Југославија 24, 35, 36, 39, 42, 51, 74, 81, 83-85, 101, 108, 110, 113, 118, 122, 126, 128, 138, 142, 147, 149, 178, 181, 182, 187, 197, 200, 204, 205, 207, 208, 219, 229, 230, 251-255, 261, 291, 301-303, 312, 313, 323, 343, 344, 346, 347, 351, 384, 385, 422, 457, 474, 476, 484, 487, 500, 545, 546.
Јужен Бризбејн 360.
Јужен Вериби 133.
Јужен Мелбурн 56, 154, 271, 274, 378.
Јужна Австралија 22, 39, 47, 122, 191, 271, 290, 303, 304, 319, 320, 335, 341, 350, 353, 357, 358, 360, 369, 370, 372, 384, 403-405, 413, 443, 445, 454, 456, 459, 462, 467, 495, 501, 517, 518, 532, 533, 549-552, 555, 560, 561, 571-573, 575, 577, 580, 590.
Јужна Америка 331.
Јужна Јара 154, 354, 367, 369, 413.
Јужна Кореја 301.

К
Кабасница 557.
Калгорли 130, 217, 234, 339.
Каленик 457.
Камден Гарденс 556.
Канада 22, 24, 110, 176, 189, 192, 213, 214, 241, 302, 332, 342, 374, 379.
Канбера 26, 33, 42, 44, 45-47, 49, 55, 73, 77, 82, 90, 96, 98-100, 119, 126, 131, 132, 134, 148, 149, 152, 153, 155, 156, 160, 162-164, 172, 173, 179, 186, 187, 189, 202, 212, 219, 228, 233, 238, 253, 280, 294, 352, 358, 361, 362, 367, 369, 375, 379, 381-383, 385, 387-390, 403, 407, 412, 414, 417, 440, 445, 447, 450, 452, 454, 456, 458, 460, 462, 464, 466, 493, 520, 527, 534, 538, 540, 557, 560, 573, 575, 577, 579, 586, 588.
Кардиф 247.
Карлтон 378, 547.
Карул 117.
Карчишта 284.
Катакумба 24.
Като Клини 225.
Катумба 37, 38, 44-46, 120, 262.
Квинбејан 120, 184, 218, 237, 244, 285, 289, 297, 303, 305, 316, 320, 339, 342, 350, 458, 459, 467, 498, 509, 528,
Квинс Парк 234.
Квинсленд 22, 36, 39, 77, 78, 133, 279, 285, 287, 364, 366, 371, 390, 391, 470-489, 491, 492, 496, 497, 503, 505, 506, 513, 515, 525, 590-592.
Кејптанс Флет 184, 226, 227.
Кенингтон 203.
Килкени 569, 570, 572.
Кина 190, 262, 273, 337, 345, 346, 357.
Кипар 126, 260, 404, 443, 536.
Клифтон хил 378.
Климентово 516.
Коломбо 241, 272.

Кономлади 101, 508.
Кореја 300, 337, 345-347, 350.
Коримал 285, 290, 297, 303, 498.
Косово и Метохија 43.
Костур 45, 50, 262, 266, 272, 510, 513.
Костурско 101, 107, 125, 128, 203, 220, 226, 241, 271, 284, 457, 499, 508, 509.
Кочковени 241, 271.
Кребс Крик 24, 104, 105, 111, 113, 118, 120, 121, 177, 181, 183, 185, 220, 225, 227, 237, 238, 242, 271, 276, 283, 285, 289, 290, 297, 303, 309, 314-318, 333, 339-341, 364, 366, 371, 415, 417, 470-472, 475, 477, 480, 481, 483, 484, 488, 489, 491, 496, 497, 499, 507, 508, 510, 511, 513, 528.

Л
Лаген 508.
Леонора 277.
Лерин 102, 123, 127, 214, 262, 350, 354, 355, 369, 499, 517, 549, 550, 553, 554, 557, 572, 585, 586.
Леринско 34, 105, 107, 118, 127, 177, 184, 203, 238, 241, 271, 350, 457, 458, 499, 508, 509.
Лесковец 499.
Линден Парк 517.
Линдервил 203.
Лисмор 482.
Литгоу 279.
Локлејс 231, 359, 360, 571.
Лондон 48, 91, 102, 177, 196, 202, 274, 312, 342, 349, 358, 361.

М
Македонија 21-24, 26, 27, 34-37, 39, 42, 43, 45, 51-53, 57, 70, 74, 78, 79, 81, 83, 85-87, 92, 95, 97, 101-109, 114, 115, 117-120, 122-130, 135, 138, 142, 143, 145, 146, 158-160, 165-168, 170, 171, 174-176, 179-185, 192-203, 205-210, 213-220, 225, 226, 229, 230, 231, 234, 237, 239, 241-247, 251, 252, 254, 258, 262-264, 266, 267, 272-274, 283-285, 292, 294, 297, 301, 303, 305, 306, 313-315, 317, 318, 320-323, 328, 333-335, 339, 340, 342, 343, 345-347, 350, 351, 372, 392, 394, 415, 421, 441, 452, 457, 458, 499, 500, 508, 509, 531, 544.
Макрониси 224.
Мала Азија 213.
Малаја 300.
Марубра 367.
Медисон 237.
Медитеран 224.
Мејландс 361.
Мелбурн 22, 23, 43, 46, 54-56, 61, 71, 72, 81, 102-105, 109, 110, 113, 115, 117, 119-122, 133, 138. 143, 144, 149, 153, 154, 157, 162, 181, 183, 185, 193, 207, 214, 215, 217, 238-240, 242, 247, 250-252, 260, 271, 272, 274-277, 284, 286, 287-289, 297, 298, 301-305, 308, 309, 316, 318-321, 327, 328, 332, 334, 335, 339, 340, 342, 347, 348, 352-355, 367-371, 374, 376, 378-381, 394, 404, 406, 407, 412, 413, 418, 419, 422, 433, 435, 436, 440, 441, 444, 449, 450, 452, 456, 457, 460,

466, 482, 483, 493, 501, 508, 510, 520, 524, 528, 534, 536, 538, 539, 543-545, 553, 562, 564, 581, 585, 586.
Мендови 247.
Менли 267.
Менџимап 23, 24, 103-106, 111, 116, 118, 120, 124, 125, 127, 130, 174, 191, 217, 225, 238, 245, 258, 261, 263, 276, 283, 285, 289, 290, 296, 297, 303, 316, 323, 334, 339, 341, 344, 392-394, 499, 507, 589.
Минхен 273.
Мичиген 25.
Мона Вејл 237, 314, 328, 329, 500,
Москва 25, 95, 360, 300, 312, 346, 359.
Мулумбимбу 341, 478, 496.
Мурвилумба 371, 470, 482, 491, 503, 511, 525.

Н
Неговени 550.
Негочани 553.
Негуш 223.
Нерет 127, 457, 508, 554, 581, 583.
Нов Зеланд 206, 312, 374.
Нов Јужен Велс 22, 37, 39, 70, 78, 105, 113, 117, 118, 120, 124, 135, 140, 162, 177, 187, 226, 238, 240, 242, 244, 246, 247, 257, 259, 260, 270, 276, 278, 281, 284-286, 289, 290, 293, 295, 297-299, 303, 304, 310, 319, 335, 350, 352, 356, 357, 358, 364, 366, 372, 384, 407, 413, 414, 415, 417, 421, 424, 432, 436, 442, 445, 458, 466, 470, 471-488, 490, 492, 496, 497, 499, 505, 506, 510, 512, 513, 515, 528, 544, 591, 592.
Нови Сад 313.
Нортkоут 154, 377, 548, 581.
Носеман 118.

Њ
Њујорк 86, 300, 312, 346, 349.
Њукасл 24, 46, 49, 105, 106, 111, 115, 120, 121, 124, 147, 180, 187, 193, 221, 236, 244, 245, 247, 257, 264, 278, 285, 289, 297, 305, 307, 308, 316, 320-323, 339, 457, 498-500, 528, 591.
Њутаун 499.
Њуторн 557.

О
Облаково 185.
Озборн Парк 117, 130, 191, 203, 204.
Оклахома 349.
Опсирино 553.
Османлиска Империја 21, 195.
Охрид 170.
Охридско 285.
Охридско Езеро 114.

П
Палм Бич 321.
Париз 51, 102, 189, 190, 203, 260, 312.
Пекинг 312.
Пиреја 244, 294, 349.
Пиринска Македонија 109, 138, 142, 146, 158, 159, 205, 206, 257, 345-347.
Перт 22-25, 33, 34, 36, 38-45, 49-

51, 53, 62, 71, 73, 79, 82, 86, 87, 90, 91, 96, 98, 99, 101, 104, 106, 108-111, 113, 115-122, 124, 127, 129, 130, 148, 149, 151-153, 155, 163, 165, 174, 176, 177, 186, 190, 197, 203, 204, 215, 217, 221, 233-235, 260, 262-264, 266, 267, 269, 275, 276, 283-286, 289, 296-298, 304, 316, 319, 320, 334, 339, 343, 349, 352, 356, 362, 368, 383, 392, 394, 395, 412, 419, 441, 447, 493, 498, 507, 258, 581, 588, 589.
Песочница 571.
Петрич 348.
Полска 342, 374, 509, 528, 586.
Понтијак 25, 192.
Порака 549, 550.
Порт Кембла 111, 117, 120, 121, 180, 279, 500.
Порт Саид 87.
Прага 95, 260.
Престон 355, 411, 418, 581.
Прилеп 195, 242, 272.
Пула 162.

Р
Рим 260.
Ричмонд 24, 111, 120, 138, 154, 167, 180, 192, 221, 226, 237, 240, 278, 285, 289, 297, 303, 314, 316, 339, 377, 378, 411, 450, 500.
Родос 360.
Романија 219, 226, 300.
Рудари 457.
Руља 226, 303, 508, 509.
Русија 35, 56, 175, 190, 230, 237, 299-301, 345, 487, 489.

С
Сараево 122, 313.
Света Петка 553.
Северен Квинсленд 36, 39.
Северен Перт 110, 234.
Северен Сиднеј 279.
Северна Америка 331.
Северна Кореја 300, 301.
Северни територии 22.
Сејл 111, 113, 184, 339.
Серско 194.
Сиднеј 33, 37, 38, 40, 41, 43-46, 48, 49, 54, 71, 72, 77, 78, 84, 96, 100, 102, 104, 106, 111, 115, 119-121, 126, 131, 132, 134-138, 140, 141, 143-145, 148, 149, 153-158, 160, 162-164, 167, 172-174, 176, 177, 179, 180, 182, 184-187, 189, 200, 202, 212, 215, 217, 219, 221, 228, 231, 233-235, 237, 238, 244-248, 253-255, 257, 260-264, 266-270, 272-274, 278-281, 283-289, 293-295, 297-299, 301, 303-305, 307, 309, 311, 312, 314-316, 318-321, 326, 328-330, 333, 336, 339, 341-343, 347-349, 352, 353, 356, 357, 361, 364, 371, 372, 374, 384, 392, 408, 413-415, 419, 422, 434, 457, 493, 498-500, 502, 507, 508, 510, 512, 513, 518, 526, 528, 581, 590-592.
Скопје 22, 23, 36, 43, 70, 73, 74, 82-84, 101, 103, 107, 118, 122, 123, 128, 174, 178, 189, 219, 229, 230, 261, 303, 313, 347, 354, 421.
Словенија 42.
Смилево 170.
Советски Сојуз/СССР/Советска

Русија 24, 187, 206, 209, 230, 260, 271-274, 300, 312, 313, 331, 337, 345, 346, 349, 357, 361, 374, 534, 535.
Соединети Американски Држави/ САД 22-25, 85, 86, 108, 110, 192, 203, 213, 214, 220, 224, 237, 255, 265, 273, 274, 300, 332, 341, 342, 374.
Солун 91, 112, 195, 223.
Софија 115, 167, 168-170, 192, 197, 198, 209, 213, 260, 332, 342, 344, 345, 347, 348, 437, 500, 501, 528.
Спрингвуд 349.
Србија 42, 43, 170, 210.
Среден Исток 91.
Средоземно Море 126, 174.
Ст. Килија 548.
Статица 220, 510, 513.
Стилтон 103.
Стокхолм 306, 311, 321, 328, 343.
Суецки канал 87, 445.
Сурej Хилс 61.

Т
Тасманија 22, 229, 230, 388.
Татура 120, 247.
Твид Ривер 117, 510, 513.
Термопили 76.
Тирана 265.
Торнбури 581-583.
Торонто 213.
Трикала 223.
Трново 315.
Трсје 184, 350.
Турска Империја 207.
Турција 107, 213.

У
Унгарија 107, 219, 261, 294, 545.
Уругвај 374.

Ф
Фицрој 56, 61, 70, 154, 162, 250, 251, 276, 301, 354, 367, 374-376, 378, 379, 381, 385, 406, 409-411, 413, 418, 421, 433, 435, 437, 438, 442, 443, 450, 451, 459, 468, 501, 508, 520, 521, 522-524, 530, 538-540, 542, 545, 547, 548, 562, 563, 567.
Фолеграндос 74.
Форбс 120, 121, 184, 238, 246, 257, 262, 285, 289, 297, 303, 316, 321, 335, 339.
Форест Лоџ 163, 275.
Форт Вејн 23, 341.
Франција 51, 85, 86, 102, 190, 312, 346.
Фримантл 104, 130, 266, 283, 296, 327.
Фулам 359, 404, 516, 569, 570, 571.
Фулам Гарденс 384, 516, 517, 549, 550, 555, 569, 570, 572.

Х
Хаинан 293.
Хенли Бич 516, 556, 269, 570-572.
Хрватска 42, 107, 162.

Ц
Цапари 185, 285.
Црна Гора 42, 271.

Ч
Чехословачка 86, 196, 219, 220,

233, 263, 267, 349, 374, 457.
Чикаго 192, 255.

Џ
Џералдтон 23, 24, 36, 37, 119-121, 127, 129, 130, 181, 225, 226, 243, 256, 264, 269, 284, 285, 289, 297, 298, 303, 316, 323, 326, 327, 334, 335, 339, 383, 392, 394, 588.

Ш
Шамац 122.
Шведска 86.
Шепртон 105, 112, 113, 120, 121, 124, 154, 276, 285, 289, 297, 309, 315, 316, 318, 334, 339, 421.
Шефилд 337.
Шештево 34, 266.
Штрково 457.

# Регистар на лични имиња

А
Абиези, М. 424.
Адамс, Џ. 36, 41-44, 50, 73, 74, 82, 85, 90, 98, 99, 148, 160, 161.
Адја, П. 340.
Ајнштајн, Алберт 271, 274, 298.
Алабак, Г. 240.
Алабакис, С. 302.
Алабаков, Ј. 424.
Алабаков, Л. А. 302.
Алабаков, П. 424.
Алабаков, С. 424.
Алан, Д. В. 424.
Албанија, Коле 297.
Александар III Македонски/ Александар Велики 21, 122, 185, 226, 230, 232, 241, 261, 271, 348, 360, 459, 495, 502.
Александер, Д. А. 54, 55, 153, 154, 162.
Александер, Џорџ 224
Александридис, Ставрос 571, 575, 576.
Александров, Игор 27.
Александров, Павле 122.
Александров, Пол 231, 404.
Александров, Тодор 23, 107.
Алексиу, А. 462.
Алексов, А. 424.
Алесиу, Анастасе 517.
Алиакис, Р. 393.
Алимасковиќ, Тодор 242, 272.
Алтин, В. 242, 271, 424.
Алтин, К. 424.
Алтин/Алтис, Ристо/Крис 26, 240, 302, 317, 353, 354, 355, 365, 369, 370, 376, 409, 415, 418, 424, 434, 439, 442, 443, 460, 466, 508, 523, 524, 530, 531, 538-541, 564.
Алтис, А. П. 558.
Алтис, К. П. 558.
Алтов, Крис 46, 309, 318, 334, 408, 424.
Аманак 525.
Анастаси 241.
Анастасиу, Д. 424.
Анастасиу, Ј. 424.
Анастасов, Васил 184, 258.
Ангелевски, С. 424.
Ангелидес, Ј. 498.
Ангелков, Крис 424, 498.
Ангелков, Кирил 23, 24, 26, 34, 36, 37, 39, 43, 47, 48, 54, 61, 71, 72, 77, 78, 104, 109, 115, 116, 119, 120, 121, 124, 127, 128, 130, 132, 137, 140, 141, 149, 151, 304, 319, 361, 383, 392, 394, 424, 441, 467, 498.
Ангелков, П. Л. 128.
Ангелков, Т. К. 128.
Ангелов, Павле 117.
Ангелов, Цветан 499.
Андеров, Л. 238.
Андон, Л. 382.
Андон, Љубе 319.
Андониов, В. 302, 424.
Андониов, Д. 424.
Андонов, Васил 244, 257.
Андонов, К. 314.
Андонов, Л. 238, 314, 326.
Андреј Велички 331, 332, 342, 346, 347.
Андриов, Митре 350.
Андриов, Сотир 350.
Андричин, Г. 242, 271, 302, 508.
Андричка, Г. 424.
Андро, Д. 335.

Анкасов, А. 424.
Апандов, К. 424.
Апостол, Л. 247, 276, 309, 315, 318.
Апостолов, Б. 340.
Апостолов, В. 115, 122, 304, 319.
Апостолов, Л. 424.
Апостолов, Лазо 334.
Апостолов, Н. 418, 424, 508.
Апостолов, Нуме 315.
Арманскас, Пол 504.
Арменакис, Пол 371.
Арсена 241.
Арчибалд, М. Е. 267.
Атанасиадис, К. 536.
Атанасов, Васил 245.
Атанасовиќ, В. 424.
Атанасиу, Т. 424.
Атанасу, А. 424.
Атли, Клемент 304, 336, 345.
Аугелиоис, Ј. 424.
Ахесон 256, 345.
Аџиева, П. 340.
Ашлаков, Б. 247.
Ашлаков, И. 247, 276.
Ашлаков, С. 424.

Б
Бабаров, Р. 424.
Бабарчето, К. 425.
Бабарчето, Р. 425.
Бабин, Тома 374.
Базли, А. В. 601.
Баласчев, Георги 168, 170, 198.
Бали, Вангел 179, 182.
Балканов, Б. 365, 425,
Бакрев, Ј. 115.
Бакрев, Иван 104.
Бакревиќ, Иван 188.
Баничиотов, К. 508.
Бариќ, С. 424.
Барнел 72, 77.
Бартлет, Џон Роберт 556.
Бартон, Ј. 425.
Башова, Дана 499.
Бачов, Ј. 425.
Барбарис, Х. 424.
Бамбарис, Крсте/Крис 405.
Беарлин, Н. Д. А. 435.
Бевин, Ернест 273.
Беделес, А . 498.
Бедели, А. 382, 384.
Беделис, Е. 424.
Беделис, Евгенија 314.
Беделис, Г. 276, 314, 424.
Беделис, Џорџ 329.
Беделис, Х. 424.
Бекстон, Ноел Едвард 196.
Белчев, Р. 106.
Берковиќ 136.
Бест, Вилијам Џејмс 571.
Бивел, Виктор 27.
Биволчев, Коле 105.
Биволчев, П. 424.
Биволчев, С. 365, 425.
Биволчев, Т. 424.
Билчурис, М. 424.
Билчуров, М. 424.
Билчуров, Н. 393.
Близнос, М. 424.
Богаташо, П. 365, 425.
Богаташо, Р. 302.
Богданис, Ј. 424.
Богдановќ, Боб 473.
Богиев, М. 238.
Боглев, Коле Т. 242.
Боглев, Тони 242.
Богов, В. 424.
Богов, Доне 315.

Богов, Т. 424.
Богоев, Т. 243, 256, 263.
Богој, Т. 424.
Богојас, Г. 424.
Богојас, Т. 424.
Богос, В. 243, 256.
Божанин/Бозинис, Петре/Питер 377, 378, 406, 410, 411, 424, 523, 524, 540, 541, 558.
Божин, В. 424.
Божинов, П. 243, 256, 276, 424.
Божинов, Пол 356.
Божинов, Т. 256, 424.
Божиув, П. 424.
Бојаџиев, Владимир 170.
Бојчев, Г. 231.
Бонаеки, Н. 424.
Бонаеки, С. 425.
Бонакеј, Ј. 498.
Бонакеј, Норман/Бонски 37, 45, 46, 498.
Бонакеј, Стивен/Стив 235, 276, 320, 343, 356, 362.
Бонакеј, Џим 341.
Бонаки, Ј. 314.
Бонаки, Н. 365.
Бонца, П. 425.
Бориќ, Г. 425.
Бориќ, Џорџ 365.
Борис 241, 247, 258.
Борис III, цар на Бугарија 209, 332.
Боршов, В. 127.
Боршов, В. Џон 104.
Босилковиќ, Т. 298.
Босилковиќ, Џ. 284.
Босинов, Т. 243.
Босковиќ, Павле 235.
Боскос, Василиос/Бил 372.
Боскос, Григориос Петрос/Џорџ 360.
Боснаки, Зоја. 45.
Босниќ, Г. 302.
Ботев, Христо 293.
Боун, Ј. 425.
Бочкаров, Танас 245, 258, 335.
Бошков, Васил/Бил 122, 137, 140, 141, 153, 176, 193, 206, 217, 221, 236, 239, 244, 257, 266, 267, 281, 286, 295, 299, 301, 302, 304, 309, 310, 314, 315, 318, 319, 332, 333, 341, 343, 356, 413, 498, 500, 502.
Бошков, Глигор 122, 425, 462, 467, 502.
Бошков, Н. 424.
Бошков, П. 424.
Бошковиќ, Г. 424.
Бошковита, С. 424.
Бошњаков, Нуме 179, 183, 237.
Бошњаков, Џ. 304, 319.
Бошњакова, Нели 183.
Бошу, Г. 424.
Браун, Реј 282, 296.
Брѕов, П. 424.
Бриџис, Хери 282, 296.
Броз Тито, Јосип 24, 83, 103, 108, 117, 126, 178, 187, 204-207, 229, 230, 236, 237, 253-255, 261, 271, 274, 291, 294, 312, 313, 317, 337, 344, 347, 350.
Броздов, Стерјо 189.
Броуни, Роланд С. 33, 38-40, 42, 44, 47.
Бутаков, Т. 302.
Буџо, Пандо 237.

В

Вагел, Д. 498.
Валами/Валамис, Константин 180,

183, 266, 267, 304, 310, 314, 315, 318-320, 338, 341, 425, 498, 508.
Валами, Петар 262.
Валканов/Вулканов, Борис 302, 377-379, 381, 425, 433, 443, 500.
Валас, К. 255.
Валчев, Тодор 243, 256, 327.
Ван Рде, Г. Р. 425.
Вангел, В. 237.
Вангел, Д. 290, 303.
Ванев, Х. 315.
Вард, Е. Џ. 281.
Васел, В. 507.
Васил 350.
Василев, К. С. 103.
Василев, Крсто 182, 244, 245, 247, 257, 425.
Василев, Р. 425.
Василев, С. 238, 314.
Василевски, Л. 106.
Васили, Бил 478, 491.
Василовиќ, П. 425.
Василој, Лела 499.
Василопулос, Анастасиос 49.
Василу, Христос/Крис Папас 262, 393, 462, 562, 563.
Васо, Крис 247.
Ватс, Е. А. 522.
Вафијадис, Маркос 92, 103, 112, 138, 142, 146, 159, 174, 175, 203, 213, 219, 222, 267.
Вејк, Р. Ф. Б. 77, 78.
Вејн, Џек 475, 491, 504.
Велев, В. 111.
Велев, Г. 425.
Велевиќ, Видан 104, 120, 121, 314, 425.
Велевиќ, Д. 113.
Велевиќ, М. 104, 106.
Велевиќ, Н. 111, 340.
Велевиќ, Никола 315, 340.
Велевиќ, Ф. 106.
Велиановиќ, Д. 508.
Велизарис, Лазарос 517, 532, 533.
Велиов, Б. 316.
Велиова, Фанија Б. 303, 341.
Велиовиќ, В. 498, 500, 507.
Велиовска, Пола 36, 124.
Велиовски. Н. 384.
Велиовски, Сотир 104.
Велиовски, Тони 124, 319, 304, 393, 425.
Велиос, Г. 425,
Велиос, С. 276, 425,
Велиќ, Веско 124, 244, 257, 425.
Велјанов, Коста 177.
Велковиќ, Ј. 507.
Велов, Георги 115.
Велов, Иван 115.
Велов, К. 425.
Веловиќ, В. 425.
Веловски/Велиовски, Мик 23, 26, 36, 50, 73, 74, 82, 83, 86, 90, 104, 115, 116, 123, 124, 127, 150, 237, 299, 304, 313, 314, 319, 341, 425, 498, 500.
Велос, Д. 425.
Велчев, П. 425.
Вентирис 91, 92.
Вергов, Т. 425.
Верушов, Христо 237.
Вилијамс, Павлос 533.
Вилијамс, Р. 119, 126, 163, 164, 172, 173, 179, 187-189, 202, 212, 219.
Вилијамс, Харолд Стивен 572.
Вилијамс, Х. Ц. 95.
Винсент, Колвил 511, 513.

Винченцо, Т. 425.
Вискиќ, И. 136, 138.
Вишин, П. 127.
Влаов, Георги 125.
Влаов, Петар 125, 393, 425.
Влаов, Р. 425.
Влаова, г-ѓа 125.
Власиќ, П. 425.
Влахов, Димитар 107, 114, 206, 291, 317, 499.
Влахов, П. 116, 425.
Влашев, Васил 382, 457, 500.
Влашев, Тодор 382, 457, 498, 500.
Војданов, Смиле 236.
Војновиќ, г-ѓа 124.
Војновиќ, Раде 105, 113, 120, 121, 124.
Воларовиќ, Марко 315.
Волјана, Пандо 212.
Волчинова, Морва 238.
Вудкок, Луси 592.

Г
Гагиополис, Пол 485, 491.
Газелинов, Г. 242, 271,
Газелинов/Галазолаинос, Методиј 154, 240, 425.
Газелинов, Т. 425.
Галеган, Ф. Г. 44, 46, 72, 77, 100, 270, 293, 311, 330, 336.
Ганас, Леонидис 154.
Ганев, Т. 231.
Гацова, Д. 124.
Гаштеов, Благој 103.
Гезиќ, Павел 500.
Гелас, Артур 504, 525, 526.
Гелас, Бил 504, 525, 526.
Гелас, Питер 504, 525.
Гелас, Тео 504, 525.
Гелев, А. 425.
Гелев, В. 302, 425.
Гелев, Т. 240, 302, 425.
Гелевичин, В. 425.
Гелес, Б. 340.
Гелес, П. 507.
Гелес, Танас 507.
Гелин, Х. 425.
Гелис, Димитриос Г. 264.
Гелис, Л. П. 425.
Гелис, П. 418, 425.
Генев, Георги 191.
Генчев, П. 240.
Георес, В. 508.
Георгиев, Милан 314.
Георгиев, С. 314.
Георгиев, Стојан 197.
Георгиева, Е. 425.
Георгиов, Т. 425.
Георгијадис, Санта 549, 551, 552,
Георгијадис, Хари 550-552, 572.
Георгов, Т. 302.
Гергов, К. 302.
Гергов, Н. 425.
Гергов, Т. 415, 425, 442, 466, 508.
Герговски, К. 425.
Герѓа, Јосиф 116.
Германчев, К. 425.
Геров, Томас 376, 425.
Гецелт, А. 425.
Гешев, А. 340.
Гилев, Г. 425.
Гилмор, Дејм Мери 425, 591.
Гиончев, Г. 425.
Гламов, Алекс 329.
Гламов, Б. 240.
Гогев, Атанас 245.
Голабшес, Олга Гавро 350.
Гологанов, Теодосиј 168.

Горев, Атанас 258.
Горман, Јуџин 251, 252.
Горчилов, Ване 302, 425, 508.
Горчилов, Г. 425,
Горчилов, Ј. В. 247.
Гоцев, Георги 103.
Гоцис, Ј. 243, 256.
Гочев, Б. 106.
Гочев, Г. 425.
Гочев, Георги 124.
Гочев, Л. 425.
Гочев, Петре 393, 425.
Граматиков, Божин 457.
Граматикова, Лена 457.
Гргуриновиќ, Мери 183.
Гргуриновиќ, Мирјана 183.
Греј, Реџиналд Руперт 581.
Грзовски, А. 498.
Грзовски, И. 263, 393.
Грзовски, Нуме/Наум 116, 191, 393.
Грзовски, Т. 393, 425.
Грисволд, Двајт П. 177.
Грозданов, Г. 113,
Грозовски, Иван 217, 323, 425,
Грозовски, Јован 225, 263, 425.
Грозовски, М. Џон 245, 258.
Грозовски, Н. 127, 217, 425.
Грозовски, С. 425.
Грозовски, Т. 425.
Грозовски, Џ. 304, 319.
Груев, Дамјан 170, 182, 194, 214, 342.
Гулавов, Стојан 499.
Гуровски, А. 271.
Гуровски, К. 242.
Гушлев, Благој 110.

Д
Давков, Тома 103.
Дајко/Дајков, Лазо 242, 271, 274, 284.
Дајков, Д. 426.
Дајков, Л. 365, 426.
Дајков/Дајкос, Пандо/Питер, 154, 242, 271, 302, 304, 319, 377, 378, 422, 423, 426, 464, 508, 558.
Дајков, Петро/Петар 241, 271, 272.
Дајкова, Томиа 241.
Далас, Д. 371.
Дамианопулос, Трајанос 554.
Дамианти, Алек 304, 326.
Дамјанов, Б. 426.
Дамовска, Мита 129.
Дамовска, Софија 129.
Дамовски, Алкександар 129, 225.
Дамовски, Б. 327.
Дамовски, Христо 129.
Дамчев, Диме 426, 457.
Данев, П. 426.
Даулинг, А. 426.
Дејвис 83, 90.
Дејвис 203.
Дејвис, Фло 591.
Деканиќ, Никола 104.
Делианис, Ј. 426.
Делианис, К. 426.
Делианис, Т. 426.
Делијанов, Васил Р. 508.
Делијанов/Делигианис, Димитри/Димитру, 39, 121, 508.
Делијанов, К. Г. 247.
Делијанов, Митре 115, 116, 240, 263, 426.
Делијанов, Р. 302, 508.
Делијанов, Т. 426.
Делијанов, Ц. 240.
Делијанова, Дота М. 457.
Делиов, Џим 314.
Деловичин, П. 426.

Делчев, Гоце 23, 55, 56, 61, 118, 182, 194, 207, 214, 275, 342, 422, 441.
Демарис, Филип 503.
Деминис 525.
Демирис, П. 507.
Демиров/Демир, Борис 61, 421.
Демиров, Р. 263.
Демиров, С. 393.
Дерам 524.
Диамантиа/Диаманти, Алек 257, 314, 319, 384.
Дивитков, Л. 426.
Дивитков, Ристо 406, 411, 426.
Дивиткос, Параскеви 581-583.
Дивиткос, Христос 582.
Дигала, К. 340, 418,
Дигала, П. 426,
Дигала, Христо 304, 309, 315, 317-319, 365, 426, 476, 496.
Дијаманти, А. 500.
Дијамантидис, Алек 244.
Дики, свештеник 299.
Диксон, Р. 282, 296.
Димакис, К. 496, 507.
Димакис, Х. 426.
Димирис, Филип 487, 492, 496,
Димирис, П. 507.
Димирис, Стив К. 316.
Димиров,  Ј. 247.
Димиров, П. 365.
Димиров,  Р. 426.
Димитријевиќ, А. 426.
Димитриов, К. 426.
Димитриов, Л. 426.
Димитров 528.
Димитров, Б. 365, 426.
Димитров, Беласчев Георги 198.
Димитров, В. 314.
Димитров, Георги 298, 313, 345, 347.
Димитров, Јане 245.
Димитров, Јоне 258.
Димитров, Лазар 258.
Димитров, Љубен 213, 214.
Димитров, П. 417, 426.
Димитров, Ф. 426.
Димитру, Б. 426.
Димитру, Н. Н. 539.
Димитру, Х. 426, 508.
Димков, Д. 426.
Димов, Л. 426.
Димов, П. 340.
Димов, Ристо/Крис 220, 263, 314, 315, 486, 489, 491, 503.
Димов, Ф. 426.
Димов. Ц. 242, 271.
Димовиќ, М. 426.
Димопулос, Трајанос 553.
Диму, Х. 426.
Динев, Ангел 167.
Динев, Симо 127.
Динев, Т. 426.
Динева, Фанија Д. 323.
Динис, Ј. 426.
Динис, П. 426.
Динков, Стојан 231.
Дислакис, Џон 283, 297.
Донев, Ј. 426.
Донев, Ламбо 507.
Дуатановиќ, Ј. 426.
Дубко 56.
Дукети, Т. 111.
Дуров, Г. 237.

Ѓ

Ѓамов, Б. 302.

Е

Евангелидис, Д. 507.
Евангелидис, М. 426, 507.

Евангелу, А. 426.
Евангелу, М. 426.
Еват, Херберт Верд 224, 281, 338, 419, 445.
Еленка 315.
Еленчев, Филип 24.
Елефтериос, Емануел 45.
Елиас, И. 525.
Елиев, Е. 276, 426.
Елиов, Т. 426.
Елиопулос, Ентони 393.
Елиот, Лесли Лиевелин 461, 522, 524, 547, 564.
Елиот/Хелиопулос, Мајкл/Константин 50.
Еловарова, К. 426.
Емануел, К. 507.
Емилија 344.
Енчев, Филип 23, 35, 37, 38.
Еренбург, Илија 337.

Ж
Жавелов, Лазо 247, 258.
Жарковиќ 136, 147, 149, 179, 182.
Жилис, Даглас Џон 468.
Жилс, Хју Доналд 468, 469, 521.
Жупанис, Васил 110.
Журков, К. К 128.

З
Загалис 489.
Загалис, Крист 476, 492, 497.
Загалис, Питер 474, 492.
Загров, Г. 183, 314.
Загрос, Василиус Ламбру 45.
Загрос, Христос Ламбру 45.
Зајков, Николов Георги 192.
Зајков, П. 243, 256.
Зајкос, А. 340.
Зајкос, П. 290, 303.
Зака, Т. 314.
Закас, Артур 371, 504, 510.
Закас, Вана 340.
Закас, Јоана 371, 513.
Закас, Кат 510.
Закас, Катерина 334.
Закас, Ленка 334.
Закас, Насе 334, 340.
Заманчев, В. 302.
Зангалис, Г. П. 558.
Зангалис, Џорџ 435, 536.
Зантопулос 92.
Зиатас, В. 426.
Зиманчев, В. 426.
Зографски, Партениј 169.
Зориќ, М. 366, 426.

S
Sosoc, Козма 360.

И
Иванов, В. П. 117.
Иванов, Васил 103.
Иванов, И. 426.
Иванов, Иван 23, 37, 393.
Иванов, Ј. 498.
Ивановски, И. 500.
Ивановски, Илија 499, 500.
Илиови, Т. 426.
Илис, Џон 504.
Илков, Вангел 340.
Илков, Томе 244, 257.
Илов, Танас 118.
Ипсиландос 92.
Истев, Г. 525.
Исус Христос 127, 244, 257.

Ј
Јавчев, Ф. 426.
Јанев, Ви 504.

Јанев, Крис 503.
Јанев, Ристо 340.
Јанев, Т. 382.
Јанева, Зорка
Јаневиќ, Т. 498.
Јанис, К. 507.
Јанказов, А. 263.
Јанказов, Ахилеј 245, 258.
Јанков, Колев Јован 106.
Јанков, Петар 122.
Јанкос, Димитриос 554.
Јанкуловски, Д. 426.
Јанов, Ј. 498.
Јанчев, В. 128,
Јанчев, Д. 128,
Јанчев, Т. 247.
Јанчова, Јордана 301.
Јанчос, Филип 35.
Јачева Улчар, Елка 27.
Јачови, Н. 526.
Јачови, Џ. 526.
Једриов, Димитар 245, 258.
Јеленцас, Станатиос 49.
Јоаноски, А. 426.
Јоану, Василиос 556.
Јоану, Евдокија 556.
Јоану, С. 426.
Јованов, И. 304, 319.
Јованов, П. 302.
Јовановиќ, генерал 181.
Јовелов, Л. 316.
Јовечевиќ, Луис 504.
Јовков, Иван 127.
Јовков, И. 426.
Јовков, Јован 103.
Јовчевиќ, Мајкл 483, 492, 504.
Јовчевиќ помладиот 484, 491.
Јовчевски, П. 111.
Јосило, Жирко 500.
Јосифидис, Константинос 557.
Јуда 127.
Јурашиќ, А. 36.

К

Казаров, Н. 427.
Калајана, Питер 503.
Калајана, Стаси 503.
Каламаров, А. 127, 427.
Каламаров, Танас 36, 103, 116, 118, 263, 427.
Калапков, М. 240.
Калвел 261.
Калинис, Еугениа 160.
Калинис, П. П. 160, 161.
Калков, Илија 341,
Калков, С. 341, 426.
Калмаров, Атанас 393, 427.
Калоксион, П. 525.
Каломерис, Ј. 157.
Каломивис 525.
Калпалов, М. 427.
Камерон, Вилијам Гордон 556.
Канингем, Вал 348, 349.
Капинков, Коста 23, 34, 38, 124, 427.
Капинов, К. 36.
Капица 112.
Каптан, Н. 427.
Каражев, К. 427.
Каражев, Никола 303, 508.
Каражов, Н. 427.
Карајовов, Тома 169.
Каралевски, Н. 240.
Каралиа, Ј. 427.
Каралиев, Ј. 240.
Каралиов, М. 302.
Карамитановски, Кочо Г. 106.
Каранџулов, Иван 196.
Карапетков, Лазар 128.

Карапетков, С. 276, 427.
Карафилис, П. 427.
Карафилис, Х. 427.
Карафилис, Х. В. 427.
Карафилов 427.
Карафилов, Кирил 105.
Карафилов, Џ. 382.
Караџас/Караџов, Никола 111, 376, 415, 442, 559, 567, 568.
Карашаис, Ник 482, 489.
Караџев, Н. 339-341, 427.
Карлевски, М. 302, 427,
Карсакис, А. 247, 427.
Каршаков, Атанас 237.
Ката, Кит 245, 258.
Катиќ 365.
Катиќ, М. 427.
Качандолов, Спиро 342.
Кеител, Доналд 571.
Кејси, Џ. Џ. 409.
Кекев, Георги 124, 427.
Кели, Теренс Ричард 511, 513.
Кемпстер, Маделин 591.
Кенков, Анастас 128.
Керамитчиев, Михаил 182.
Киестинис, И. 427.
Кимев, Ј. 427.
Кинков, Стојан 241, 271.
Кинкова, Златка 241.
Кирапјичин, Крсте 123.
Кирина, Ката 344.
Кирко, Атанасиос Ставро 450,
Кирков, А. С. 559.
Кирков, С. 240.
Киркос, Атанасиос 461.
Киркос, Томас 522-524.
Кипрев, Младен 303.
Кипрев, Н. 384.
Кицои, Јоана 510-513.
Кицои, Џон 512.
Клаштинов, Е. 426.
Класков, Г. 427.
Клашов, Г. 427.
Клештинов, Е. 462,
Клештинов, Илија 459, 499, 501.
Кљашев, Пандо 182.
Кодос, Димитрис 553.
Ковачев, П. 365, 427.
Ковачевиќ, М. 426.
Ковачевиќ, П. 427.
Козари, Хр. 498.
Козаров 426.
Козаров, К. 426.
Козаров. Наке 124.
Којавски, Д. 183.
Којковски, Д. 304.
Којовски, Д. 314.
Којовски, Доне 341.
Којчна, Трифун 586.
Колицис, Н. 427.
Колишевски, Лазар 97, 100-102, 107, 108, 116, 206, 291, 317, 337.
Колев, Васил 117.
Колев, П. Ј. 558.
Колев, Ристо 117.
Колев, С. 427.
Колев, Танас. 117.
Колев, Трифун 263.
Колевски, Т. 426, 464.
Колов, Н. 427.
Коловски, Д. 304, 319.
Кокуловиќ, Спиро 181.
Консидин, Боб 346.
Консолис, Н. 427.
Констандинов, Т. 427.
Константинов, С. 498.
Константину, С. 500, 507.
Концолов, И. 427.

Корвин, Норман 112.
Кордлјан, Стела 183.
Косен 91.
Косовиќ, Иван 109, 122, 201, 253, 427.
Коста, Елена 341.
Коста, С. 427.
Коста, Сотир 314, 315, 340, 341,
Коста, Стојна 341.
Коста, Ц. 340.
Костов, С. 427.
Костов,Трајчо 237.
Костова, Стојна 340.
Костопулос, В. 427.
Котев, Анастас Г. 106.
Котева, Марија 106.
Котров, Ласо Н. 242.
Котрони, В. 341.
Котрони, Зоја 341.
Котрони, Ивана 341.
Котрони, Лазо 290, 303, 314, 315, 340, 427.
Котронис, г-ѓа 427.
Котронис, Л. 427.
Котронова, Зоја 340.
Котронова, Маре 457.
Коцев, Мите Х. 106.
Кочев, Ангел 335.
Кочев, Блаже 315.
Кочев, П. 427.
Кочов, Блаже А. 242.
Кочов, Б. 340.
Кочов, Н. 240.
Кочова, Анастасија 340.
Крапешли, Д. 427.
Крапешли, С. 276, 427.
Кревтски, М. 427.
Кристо, Џон А. 516.
Кристов, В. 427.
Кристов, Т. 111.
Крлевски, М. 508.
Крстев, Пандо 243.
Крстев, Танас 127.
Крстов, Ј. 498.
Крстов Кономлати, Панда 256.
Крутицов 361.
Кузманов, Е. 314.
Кукарис, В. 243.
Кулеа, К. 304, 319.
Кулеас, К. 301.
Кулеов, Георги 344.
Кулеов, Коце 303.
Кулипатчев/Кулупачов/Кулипачов, Ристо 124, 244, 257, 427.
Куртесис, Спиридон 536.
Куртов, К. 427.
Куцонидис, Т. 427.
Куфалакис, Џорџ 360.
Куфалов, К. 427.
Кчашовски, Александар 499.

Л
Ла, Чу Ен 337.
Лазар, Џорџ 240.
Лазаров, Атанас 128.
Лазаров, Мита 504.
Лазаров, Христо А. 128.
Лазаров, Христов Георги 335.
Лазенка, Крис 247.
Лазенка, П. 427.
Лазенкас, Стефанос Никол 48.
Лазиќ, Е. 507.
Лазо 284.
Лазов, Ставре 256.
Лазов, Л. 384.
Лазов, Трпо 256.
Лазовски, Коста 393. 427.
Лазовски, Х. 427.
Лалевски, Т. 183.
Лалевиќ, Т. 244, 257, 314.

Ланарас 223.
Латона, П. 591.
Лејкас, Артур Џон 359, 360, 404.
Лејков, Атанас И. 241, 271, 427, 462.
Лејков, И. 427.
Лејков, Ј. 427.
Лејков, Р. 427.
Лејков, Т. 304, 306, 317-319, 334, 427.
Лејков, Х. 427.
Лемберг, М. Р. 427.
Ленин, Владимир Илич 209, 337.
Леон, Алберт 282, 296.
Леополд 273.
Ли, Тригве 299, 312.
Линдблом, Фредерик Лоренс 549, 550.
Лукарија, В. 256.
Лукарис, В. 427.

Љ
Љапчев, Андреј 169.

М
Мазакто, Џ. 526.
Мазенков, П. 428.
Мајкл, Мик 371.
Мајкл, Џони 371, 504.
Мајлс, П. 428.
Македонец, Д. 326, 428.
Малина, Г. 428.
Малкин, Танас 406, 411, 450, 522
Малко, А. 428.
Малко, Атанас 365.
Малко/Малколм, Валма Елејн 234.
Малко, К. 428.
Малко, Кони/Атаниа 23, 34, 36, 37, 109, 262.
Малко, Коста Димитри 234.
Малков/Малко, Илија/Лори 23, 24, 26, 34-38, 104, 115, 121, 123, 137, 138, 140, 141, 146, 148, 151, 153, 159, 186, 187, 233-235, 248, 249, 262, 266-268, 299, 306, 309, 310, 314, 317, 318, 321, 322, 341, 352, 382, 384, 412, 413, 427, 428, 466.
Малков, Е. 428.
Малков, Елиа 466.
Малков, К. 276.
Малков, Л. 428, 498.
Малков, Стефо 458.
Мангов, Крсто 128.
Мангов, К. 128.
Манговски, Г. 500.
Манов, А. 462.
Манов, Борис 23, 24, 35, 37, 38, 265.
Манов, Георги 122.
Манов, Г. 427, 428.
Манов, К. 428.
Манов, Л. 327, 382.
Манов, Лазо 284, 298.
Манов, Симо 24, 109.
Манов, С. 37, 38.
Манов, Стојан 23.
Манов, Сем Елија 35.
Манол, В. 428.
Манолов, В. 127.
Маноловски, В. 341.
Манос, Том 294.
Маноу, Џорџ 454, 455.
Маноу, Софија 454.
Манчев, Дон 231.
Манчев, М. 231.
Марин, Р. 428.
Маринов, Г. 231.
Mариќ, С. 365, 428.
Марко, Н. 276, 427.
Марков, А. 366, 428.
Марков, В. 428.

Марков, Васил 124.
Марков, Г. 428.
Марков, И. 428.
Марков, Јоанче 499.
Марков, Јованче 124.
Марков, Пандо 154.
Марков, Т. 247, 428.
Марков, Трајан 499.
Марковиќ, Л. 36, 109, 313.
Марковски, В. 263, 428.
Марковски, Венко 199, 293, 295, 298, 348.
Марковски, Г. 428, 559.
Марковски, Никола 128.
Марковски, Нуме 115.
Марковски, Р. 263.
Марковски, С. 116, 263, 427, 428.
Марковски, Х. 127.
Марнагов, Георги Б. 457.
Маршал, Џорџ 346.
Масарик, Томаш 196.
Масин, П. 427.
Матов, Христо 193.
Матраков, В. 428.
Матраков, Т. 428.
Матракова, Х. 428.
Мациндое, С. Л. 428.
Мекарти, Џозеф 25.
Мекгрегор, В. 186,
Мелов, Г. 428.
Мелчет 162.
Мерик, Борис Георги 408, 433, 434, 443.
Мекнулти, А. 428.
Мензес, Роберт Гордон 203, 273, 280, 282, 295, 296, 419.
Метаксас, Јоанис 52, 102, 239.
Мечаров, Х. 427.
Мечкарис, С. К. 427.
Мечкаров, Г. 304, 319, 428.
Мечкаров, Л. 247.
Мечкаров, П. 428.
Мечкаров, Ристо 106, 124.
Мечкаров, Р. 116, 428.
Мечкаров, С. 174, 393.
Мечкаров, Стево 263,
Миаличин, П. 428.
Миаличин, Р. 428.
Миас, К. 428.
Миас, М. 276, 427.
Мијаличин, Р. 366.
Милабкоб, К. 428.
Миланков, К. 428.
Миланков, Коле 302.
Миланков, Л. 427, 498.
Миланков, Лазо 393.
Миланков, П. 428.
Миланков, С. 111, 428.
Миленков, Стојан 238.
Миленкова 340.
Миленстев, Н. 428.
Миленстов, Н. 428.
Милентис, Н. Е. 290, 303.
Миленцев, В. К. 245, 258.
Миленцев, К. 508.
Миленцев, Н. 242, 271.
Миленциев, К. 428.
Миленциев, Стасе 124,
Миленцов, Н. 128.
Миленцова, Петрана В. 106.
Миленчев, К. 366.
Милески, Јован 225.
Милетич, Љубомир 198, 199.
Милианков, К. 508.
Милианков, С. 314, 315, 340, 428.
Милианско 428.
Милиос, К. 428.
Миличин, П. 327.
Милтиадес, М. 428.
Мин, Хо Ши 271.

Минче, С. 428.
Минчев, Д. 428.
Минчев, К. 365, 428.
Минчев, Т. 365, 428.
Миовска, Мита 304, 319.
Миовски, Л. 428.
Миовски, К. 428.
Мироес, Вик 504.
Мирчев, Димитар 170.
Мисирков, Крсте Петков 195, 197.
Митровски, Пандил 318.
Михаелидис, Никаел 536.
Михаил, архиепископ 273.
Михајлов, Иван 107, 108, 192, 213, 213, 214.
Михајлов, С. 231.
Михајловиќ, Б.Г. 408, 427, 433, 443.
Михајловиќ, Дража 103, 253.
Михов, Б. 428.
Мичов, В. 427.
Мицкопулу, Ана 572.
Мишова, Лена 509.
Младенов, Н. 242.
Младенов, М. 271, 428, 508.
Мојанов, В. 427.
Мојсов, В. 238, 428.
Мојсов, Васил 238.
Мојсов, К. 238, 428.
Моли, П. 428.
Мороу, В. 261.
Мороу, Л. 428.
Мостакис, Јоана 571.
Мортиер, Џ. П. 300.
Мужова, Мита С. 265.
Мул 524.
Мунтџој, Хенри Дејвид 203, 204.
Мурџев, К. 115, 120, 121, 124, 304, 319, 428.
Мурџев, Кирил 121, 124, 245, 257, 303, 308, 323.
Мурџев, Михаил 105, 244, 257.
Мусинг, Ф. 428.
Мусо, Емили 522, 524.
Мусолини, Бенито 312, 347.
Мустакас, Н. 428.

Н
Набив, С. 37.
Најт, Стенли 569, 570.
Нана, Пеце 302.
Нанов, В. 429.
Нанов, Г. 429.
Нанов, П. 365, 429.
Нанов, Трифун 294.
Нанцу, Л. 498.
Нарди, А. 428.
Настов, .К. 429.
Наќев, П. 217, 429.
Наумов, Анастас 170.
Наумов, Васил 244, 257,
Наумов, Димитар 170.
Наумов, Ј. 429.
Наумов, К. 240, 302, 428.
Наумов, Спиро 102, 104, 106.
Наумова, Драга 285, 297.
Наумовиќ, К. 428.
Наумовиќ, Т. 428, 498.
Негован 384.
Неделко, Христо 242,
Неделковски, Иван/Ванчо 376, 385, 415, 423, 429, 436, 442, 443, 464, 467, 501, 508, 558.
Неделковски, Ј. 508,
Неделковски, Коле 199.
Недов, Арсена 241, 271.
Ненова, Трајана 501.
Ненос, Инос 45.
Несторов, С. 429.
Ник, П. 247.

Никовски, Б. 429.
Никовски, Благој 122,
Николаев, Н. 429.
Николаев, Николаес 408.
Николас, Ј. 429.
Николас, Џ. 290, 303, 350, 351, 359, 361.
Николас, Џон 335.
Николов, А. 104, 125, 127, 429.
Николов, Андреа 105.
Николов, В. 428.
Николов, Г. 111, 429.
Николов, Георги 315.
Николов, И. 429.
Николов, К. 428.
Николов, К. С. 103,
Николов, Н. 429.
Николов, Најден 501.
Николовски, К. 428.
Николопулос, А. 428.
Нику, Анастасија Кристо 335.
Нику, Д. Х. 335.
Новачков, С. 429.
Нојков, С. 429.
Нојкос, Т. 429, 462.
Нолев, Е 429.
Нолев, Ј. 428.
Нолев, Л. 428.
Нолев, Н. 428.
Нолков, С. 128.
Нолков, Х. 128.
Номеов, К. 429.
Нотас, П. 429.
Нумев, Крис 36,
Нумев, Р. 428, 429.

О
Овен, Ј. 429.
Овен, Френк Мервин 517.
Огенов, Л. 429.
Огненис, Г. 429.
Огненов, Л. 240, 242, 271, 302, 429,
Огненов, Лазо 320,
Огненова, Ристана 508.
Опашинов, Д. 240.
Орданин, Спиро/Спиридон 113, 154, 429.
Орлов, Д. 344.
Орлов, Н. 344.

П
Павелиќ, Анте 107.
Павле, принц 102.
Павлевиќ, Видан 314.
Павливиќ, Н. 429.
Павлов, Наум 225.
Павлов, Т. 429.
Павлов, Тодор 200.
Павловиќ, К. 429, 507, 507.
Павловиќ, Н. 340, 429.
Павловиќ, Наум 237, 314, 315, 365, 496.
Павловиќ, Т. 340.
Павлоциќ, Х. 340.
Паволиќ, Крис 503, 526.
Паволиќ, Мајкл 503.
Паволиќ, Наум 111, 491, 526.
Паволиќ, помладиот 470, 491, 526.
Пазов, Д. 113, 120, 340, 365, 429.
Пазов, Доне 121, 237, 238, 315.
Пазов, Ј. 429.
Пазов, К. 111, 314, 340, 418. 429.
Пазов, Косто 365.
Пазов, Крсте 183, 237, 238, 314.
Пазов, С. 340, 430.
Пазов, Сотир 315.
Пазов, Џ. 418.
Пазова 340, 429.
Пазова, Доневица 237.

Пазова, Елизабета 237, 238.
Пазова, Л. Д. 106, 111.
Пајов, П. 429.
Пајков, Н. 127.
Палашин, Ј. 430.
Палашин, К. 430.
Пандав, Н. К. 498.
Пандил, Г. 247.
Пандов, К. 335, 429, 498.
Пандов, Коле 258.
Пандов, Коста 184, 245, 258.
Пандов, Н. 429.
Пандов, С. 429.
Пандов, Х. 247, 429.
Пандос, П. 498.
Панов, Д. 430, 466.
Панов, Д. 439.
Панов, Ј. 423, 429, 508.
Панов, Џ. 415, 436, 439, 442.
Панов, Џим/Џејмс 376.
Пану, Д. А. 558.
Панџари/Панџаров, Артур 534, 535, 542, 544, 559.
Панџари, И. 429.
Панџари, Танас 508.
Панџари, Џ. 138, 239, 240, 309, 317, 318, 334, 508, 558.
Панџари/Панџаров, Атанасиу/Џон 61, 154, 162, 302, 421, 422, 467.
Панџаров, Димитар (Митре Влаот) 101, 182.
Панџаров, Л. 429.
Папавасилу, Ставрос 48.
Пападимитриу, Кон 549, 550.
Пападимитриу, Катерина 555, 560.
Пападимитриу, Павлос 45.
Пападимитру, Александрос 569.
Пападимитру, Џорџ Н. 549, 550, 575, 577.
Папајовчев, Ј. 276, 430.
Папапетров, Т. 558.
Папапетру, Тодор 437.
Папарнанис, П. 61, 421.
Папарусев, А. 430.
Папарусев, Д. 410, 430.
Папарусев/Папаруси, Давид 104, 154, 240, 302, 365, 377, 378, 406, 411, 422, 429, 461, 522, 524, 585, 586.
Папаруси, Џим 104, 177.
Папарусис, П. 558.
Папас, З. 429.
Папас, Кон 262, 462, 504,
Папас, Кони 24, 34, 36, 38.
Папатанис, В. 429.
Папатолиов, Лаки 509.
Папулос, П. 429.
Паржиов, Павле К. 106.
Паржиов, Трајан 106.
Паржиов, Трајче 106.
Патка, Павле 335.
Пачаковски, Т. 429.
Пачинов, Митре 314, 315.
Пачков, Д. 128.
Пашов, И. 429.
Пеев, Димитар 103.
Пеевитис, Н. К. 276.
Пејков, В. 263, 290.
Пејков, Васил 106, 238, 303.
Пејков, К. 429.
Пејков, С. 430.
Пејков, Коле 102, 116.
Пејков, Никола 125.
Пејков, Стасе 102.
Пејкова, Василица 238.
Пејкова 118, 125.
Пејкова, Колевица 263.
Пејкова, Марија 125.
Пејов, И. 430.
Пејов, Јован 124.
Пејов, К. 498.

Пејов, Т. 498.
Пејовитис, Н. К. 430.
Пелков, С. 429.
Пенев, Гина 516, 518,
Пенев, Панајот 516.
Пеов, П. 429.
Перкер, Џ. 203.
Перовски, Ј. 430.
Пеос, П. 430.
Песут, Петер 434.
Петкана 241.
Петков, С. 394.
Петковиќ, Кузма 429, 434, 443.
Петков, Ф. 382.
Петрас, Филип 504.
Петре, свештеник 347.
Петрев, К. 429.
Петрев, П. 429, 430.
Петрева, Доста 499.
Петревски, В. 430.
Петревски, Д. 238.
Петревски, З. 238.
Петридис, Димитра 517.
Петриќ, Руди 408.
Петрин, Т. 430.
Петро, Дука 104.
Петров, Б. 384.
Петров, Богдан 181.
Петров, Борис 314.
Петров, В. 247.
Петров, Вангел 314.
Петров, Г. 429.
Петров, Д. 382.
Петров, Ѓорче 168, 171, 182, 194, 214, 342.
Петров, Јордана И. 241, 271.
Петров, К. 327, 429.
Петров, Кр. 340.
Петров, Крсто 315.
Петров, П. 429.
Петров, Т. 242, 271, 302, 304, 319, 369, 508, 429, 430.
Петров, Ф. 314.
Петров, Џон 507.
Петрова, Леца 303.
Петровиќ 430.
Петровиќ, К. 365, 429.
Петрос, Стојче 377.
Петру, Алексо 377, 378.
Петру, Павлос 154, 378.
Печинов, Ј. 340, 430.
Печинов, М. 340.
Печинов, Митре 238, 315.
Пешиќ, М. 521.
Пешиќ, Петер 434, 521.
Пешинов, М. 430.
Пибиос 526.
Пижарков, И. 430.
Пизарков, Иван 104, 295, 309, 343.
Пизарков, Јован 273, 313, 333.
Пизарков, Џ. 304, 314, 319, 341.
Пикасо, Пабло 337.
Пиридио, Л. 383.
Пиридис, Ј. 429.
Пиридис, Л. 429.
Пирински, Георги 192, 274, 338.
Пировски, Ч. 276.
Пицарков, Иван 430, 466.
Пицарков, Ј. 430, 498.
Пицарков, Л. 236.
Пицарков, Џон 376, 415, 436, 442.
Пичалов, Васил 124,
Пичалов, Јордан 105,
Поп Арсов, Петар 168, 171.
Попјовчев, Мичо 109,
Попјовчева, Кони 109.
Попјовчева, М. 109.
Попјовчева, Ц. 124.
Попов 214.
Попов, Г. 122, 429.

Попов, Д. 36, 37, 365, 429.
Попов, Д. К. 243, 256, 326, 429.
Попов, Коста 344.
Попов, Л. 326, 429.
Попов, М. 243.
Попов, Методи 103.
Попов, Митре 394.
Попов, Никола 103.
Попов, Пан 231.
Попов, Р. 393.
Попов, С. 243, 256.
Попов, Хр. 508.
Попова, Фанка 508.
Поповска, Драгица 27.
Поповски 217.
Поповски, Ерата Л. 276.
Порков, Г. 365, 429.
Порфирогенис 248.
Прајс, П. 340.
Причард, Катрин Сузана 591.
Протогеров, Александар 107.
Прстенаров, К. 429.
Прстенаров, Коста 499.
Прстенарова, Гоча 499,
Псиломанов, П. 429.
Пулос, Петер 45.
Пурс, Ф. 590.
Пуфка, К. 37.

Р
Радаиќ, Иван 147.
Радин, К. 430.
Радичевиќ, Г. 498, 500.
Радовниковиќ, А. 430.
Радовниковиќ, Анѓелка 365.
Рајков, Ј. 327, 430,
Рајков, Јане 127, 264,
Рајков, Т. 243, 256,
Рајкова, Л. 124.
Рајковитис, А. 430, 433.
Рајкос 243,
Рајкос, И. 256.
Рајкос, Ј. 243, 256.
Рајкос, Л. 243.
Рајкос, П. 243, 264.
Рајкос, Пандо 243, 256.
Раковалис, Стефанос 554.
Раковитис, Л. 507.
Раковитис, Александар 240, 332, 433.
Раковдски, А. 430.
Раковски, А. 464, 508.
Ралев, Г. 430.
Ралис, З. 430.
Ранкин 274.
Ранковит, Л. 365, 430,
Ранковити, И. 430.
Рапов, А. 499.
Ратска, С. 421,
Ратска, Стив 61.
Ратскос, Том 154.
Рацин, Коста Солев 199.
Рачниас, Џорџ 378.
Рачкас, Џорџ 377, 378.
Рачков, В. 240.
Рачков, Г. 264, 298, 309, 318, 341, 430.
Рачков, С. 430.
Рачков, Т. 113, 115, 120, 242, 271, 302, 430.
Рачков, Танас 110, 121, 193.
Рачков, Џ. 284.
Рачков, Џорџ 334.
Рашков, Г. Н. 226.
Рибникар, Јарослав 112.
Ризов, В. 128.
Ризов, Димитар 170.
Рилевичин, Н. 256.
Римпа, Г. 314, 430.
Римпаков, Т. 430.
Римпас, Г. 340.
Рисин, Ј. 430.

Ристев, Богдан 185.
Ристиќ, Ангел 120, 121, 430.
Ристиќ, Коца 264.
Ристиќ, Т. 242, 271, 314, 315, 430, 496, 499, 507.
Ристиќ, Трајко 315, 471, 491, 504.
Ристов, З. 430.
Ристовичин, М. 242, 271, 430.
Ристовичин, Т. 24, 271.
Робинсон, Н. В. 562, 563.
Рондов, В. 430.
Рондов, Т. 327.
Рохан, Мери 591.
Роџерс, Френсис Арчибалд 581, 582.
Рузвелт, Френклин 75, 270.
Рукас, Ф. 335.
Руков, Ф. 430,
Руков, Филип 244, 245, 258.
Румелиотис, Г. 294.
Руменов, Луис 344.
Руменос, И. 430.

С
Сазданов, Илија 285, 297.
Сазданов, К. 257,
Сазданов, Кирил 285, 297, 303.
Сазданов, Коле 264.
Салваринас, К. 498.
Сандански, Јане 182, 195, 197, 214.
Сарафис, Стефанос 224.
Сарафов, Борис 170.
Сарбинов/Сарбинис/Сербинис, Стојан 23, 26, 34, 36-38, 104, 110, 115, 116, 123, 124, 137, 140, 148, 151, 153, 160, 163, 180, 186, 187, 215-217, 221, 227, 245, 257, 267, 268, 306, 321, 328, 332, 342, 376, 377, 379, 381, 383, 384, 394, 403, 404, 413, 415, 423, 431, 436, 438, 442-444, 452, 460, 466, 501, 508, 530, 531, 538-540, 558, 564.
Сарбинова, Мара/Мери 245.
Сарданов, К. 244.
Саров, Георги 509.
Саров, Д. 238.
Саров, М. 120, 121, 430.
Саров, Мито 121.
Саров, Митре 509.
Саров, Христо 244.
Сарос, А. 430.
Сархуов 244.
Свети Илија 459, 501.
Свети Кирил 105, 117, 246, 255, 283, 297.
Свети Методиј 105, 117, 246, 255, 283, 297.
Своболев, П. 105.
Секулов/Секиулов, Георги/Џорџ 243, 256, 327, 356, 394, 431.
Секулов, Р. 365, 431.
Секулои, С. 430.
Селје/Силје Марин 430, 521.
Семенова, С. 359.
Сервинис, Евангелос 553.
Сивевски, Кирил 103.
Сидерис, Атрина Констанс 356, 393.
Сидерис, Ј. 498.
Сидерис, П. 430.
Сидерис, Петер/Петрос Џорџ/Георгио 356, 393.
Сидеров, А. 128.
Сидеров, Б. 238.
Сидеров, П. 430, 431, 498.
Сидеров, Петар 262, 498.
Сидеров, Ч. 238.
Сидерова, К. 431.
Сидеровиќ, С. 184.

Сиедлицки, Стефанија 591.
Силиќ, А. 109, 147.
Силџи, Марија 521, 524.
Симеонов, С. М. 231.
Симонов, Д. 61, 421.
Синчо, Леонидо 276, 362, 363, 431.
Славов, Е. 508.
Славов, И. 247.
Славов, Ј. 431.
Скивинов, В. 431.
Скровонски 136.
Сматракалев, М. 430.
Солдас, В. 243, 256.
Сопумас, Џ. 554.
Сотиров, Ј. 243, 256, 327.
Сотирова, А. 124.
Сотирова, Атина 127.
Соторов, Џек 269.
Спеј, Ц. Ц. П. 586.
Сперос, В. 247.
Спирков, Б. 431, 464.
Спиров, В. 431, 508, 558.
Спиров, Васил 406, 410, 411.
Спиров, Г. 335, 365, 430, 508.
Спиров, Ј. 247.
Спиров, К. 365, 430.
Спиров, Коте 406, 411.
Спиров, М. 365, 430.
Спиров, Христо 257.
Ставревски, Б. 242, 271, 302, 431.
Ставревски, Јован 457.
Ставревски, К. 154.
Ставрески, Г. 431.
Ставретис, М. 431.
Ставретис, Т. 431.
Сталин, Јосиф Висарионович 24, 209, 270, 395, 312, 337, 345, 347, 359, 407, 408, 434, 443.
Стамболиев, Ноле 106.
Стамболов, Стефан 170.
Стамко, Ф. 340.
Станиќ 365, 430.
Станисиќ, С. 430.
Станишев, Сотир 247.
Станка 241.
Статев, Трајко 315.
Стати, А. 314.
Стати, Ело 304, 314, 319.
Стати, Илија 341.
Стати, Ј. 431.
Стати, Пандил 303, 341.
Статов, Илија 303.
Статов, Трајче 329.
Статова, Еленка 303.
Стевофски, Ј. 431.
Стелеманис, Б. 240.
Стерју, Ј. 431.
Стефан, Сандра 314.
Стефанидис, У. 431.
Стефанија, Крист 335.
Стефанов 241, 494.
Стефанов, В. 430.
Стефанов, Ване 122.
Стефанов, Г. 314.
Стефанов, Георги 237.
Стефанов, И. 106, 384.
Стефанов, М. 181.
Стефанов, Џон 106.
Стефановски, Ј. 431.
Стефка 241.
Стефовски, Е. 431, 498.
Стефовски, И. 431.
Стефовски, Илија 293,
Стив, Д. 430.
Стив, К. 507.
Стив, П. 421, 430, 507.
Стив, Питер 371, 472, 477, 489, 491, 503, 504, 511, 513, 526.
Стив, Питер А. 513.
Стив, Пол 61,

Стив, С. 430.
Стив, Сесил 477, 491, 503, 526.
Стив, Тони 481, 491, 503, 504, 507, 526.
Стив, Џ. 507.
Стив, Џони 480, 491, 511, 526.
Стивен, И. 498.
Стивенс, П. 430.
Стид, Тистл Ј. 591.
Стоев, С. 431.
Стоев, Станое 124.
Стоев, Стеф 46.
Стоитис, Стојче 377.
Стојан 350.
Стојанов, М. 106.
Стојанов, Петар 348.
Стојанос, К. 430.
Стојков, К. А. 115.
Стојков, П. 431.
Стојков, Пандо 117.
Стојков, С. 431.
Стојков, Сотир 117.
Стојков, Стасе 117.
Стојчев, К. 431.
Стојчев, Лазо 106.
Стојчев/Стојчес, Стојче 154, 334, 377, 422.
Стојчев, С. 240, 302, 304, 309, 318, 319, 430, 431, 508.
Стојчес, С. П. 558.
Стојчев, Т. 247, 365, 430.
Стошел, В. 430.
Страхињичин, Р. 430.
Стрезос, В. 290, 303.
Стрит, Џеси 300, 337, 591.
Сугарев, Георги 182.
Судиров, П. Г. 237.
Султин, Велјо 315, 340, 341, 418, 430.
Сфиркас, И. 431.

Т
Талев, А. 340.
Талев, Г. 111.
Талевиќ, Б. 247.
Талевци, Сем 315, 479.
Талис, Г. 315.
Талјов, Талјо 314.
Танов, А. 500.
Танов, Б. 382, 498.
Танас, Ј. 340.
Танас, Г. 327.
Танас, М. 431, 507.
Танас, Џим 504.
Танасов, К. 431.
Танасов, Ристо 406, 411.
Танасов, Танас 316, 321, 365, 377, 378, 431, 508, 558.
Танев, К. 238, 302, 365, 431.
Тарповски, А. 128.
Таршијански, Коле 262.
Тасев, К. 327, 431.
Тасев, Тасе 323.
Тасевиќ, Ј. 340, 431.
Тасевиќ, Џим 504.
Тасес, Л. 507.
Ташев, П. А. 226.
Ташева, С. 124.
Ташов, Ј. 431.
Тегоу, Л. С. 277.
Темелко, Ристо 509.
Темов, Асен 103.
Терзиев 103.
Терзиев, Т. 128.
Терпенис, Ј. Д. 431.
Теунон, Џејмс Мурej 581.
Ткирева, Вангелија 457.
Тодоров, Г. 238,
Тодоров. Т. 36, 37.
Тодоровски, А. 508.
Тодоровски, Т. 431.

Толев, Ј. 431.
Толев, М. 366, 431.
Тошев, Пере 182.
Траину, Е. 431.
Трајанов, Г. 499.
Трајановиќ, Н. 431.
Трајанон, Е. 302, 558.
Трајану, Евтимиос 377.
Трајко, Пандо 303.
Трајков, Милан 103.
Трајковски, Ј. 464.
Трајковски, Џим 467.
Трандос, Ј. 431.
Трендс 588.
Тренов, Никола 103.
Тренчо, Т. 240.
Трепксис, Христос 45.
Тригулов, Н. 431.
Трилемани/Циломанов, П. 558, 559.
Трпин, К. 431.
Трпков/Тирпку/Тирпков, Дане 113, 121, 138, 214, 250, 251, 309, 318, 334, 353-355, 367, 369, 370, 376, 377, 381, 394, 415, 418, 422, 423, 431, 435, 436, 438, 442, 444, 464, 466, 508, 538-540, 558, 564.
Трпков, Пеце 467.
Трпов, К. 431.
Трпов, Коста 124.
Трповиќ, Бојанчо 236.
Трповиќ, Н. 236.
Трповски, Н. 431.
Трповски, Нестор 124.
Трпчев, Тодор 118.
Трсјански, Н. 431.
Трсјански, К. 431, 458.
Труман, Хари 25, 237, 299.
Тундев, С. 431.
Тунтев, Б. 314.
Тунџев, С. 240, 508.
Турпенис, Г. 431.
Туфекчиев, Наум 170.

Ќ
Ќосев, Александар 457.
Ќосев, В. 431.
Ќосев, Дино 271.
Ќосев, И. 122, 431.
Ќосев, К. 37, 431.
Ќосев, Киро 23.
Ќосев, Коста 384, 499.
Ќосев, Кузо 24, 34, 38.
Ќосев, Л. 431.
Ќосев, С. 238, 321, 431.
Ќосев, Спиро 335.
Ќосес, Кон 405,
Ќосес, Константинас 579, 580.

У
Узунов, Христо 182.
Узунов, А. 429.
Узунов, Саша 27.
Урсиќ, Лери 352.
Ушлинов, Ване 341.

Ф
Фарциќ, Вера 183.
Фердинанд 195, 197, 209.
Физарков, Ј. 183.
Филев, Атанас 335.
Филиовска 316.
Филиовски, С. 327.
Филип II 21.
Филипов, К. 508.
Филипов, Д. 302, 365, 431, 464, 508.
Филипов, Димитрис 569, 570, 573, 574.
Филипов, Дон 240,
Филипов, Доне 508.

Филипов, Ј. 365, 431.
Филипов, К. 431.
Филипов, Крсте 122.
Филипов, М. 431.
Филипов, Милан 237.
Филипов, П. 431.
Филипов, Пандора 570, 573, 574.
Филипов, Х. 341.
Филипов, Џ. 332, 376, 415, 415, 442, 462.
Филипова, Г. П. 247.
Филипс, Афродити 243, 256.
Филипс, В. 431.
Филипс, К. 431.
Филипс, М. 316.
Филипс, Н. 327, 431.
Филипс, С. 240.
Филипс, Џ. 240.
Филипу, Андониос 377, 378.
Филипу, Д. 558.
Филипу, Џ. 558.
Филипу, Џим 154, 377, 378, 422.
Филовичин, г-ѓа 243, 256.
Филовичин, Н. 243, 256.
Филовска, Афродити С. 316.
Филовска, Лефка 284, 298.
Филовски, Н. 243, 256.
Флавов, Илија/Елија 56, 61, 70, 421.
Фотев, Л. 183, 238.
Фотева, Антигона 303.
Франгов, Ц. Х. 238.
Франгов, Христо 184.
Фредерика 273.

Х
Хабард, Ц. Ј. 371.
Халф, Херберт 349.
Хамилтон 524.
Хамилтон, Алма 591.
Хардинг, А. Б. 418.
Хардинг, Артур Гордон 418.
Хардинг, Патриша 418.
Хатам, Е. 44, 49.
Хау, В. А. 44, 45.
Хаџи Димов, Димо 193, 209, 214.
Хејс, Т. Х. Е. 151.
Хигам, Џ. 591.
Хикс, Хенри 516.
Хил, г-ѓа 566.
Хил, свештеник 566,
Хилард 255.
Хитлер, Адолф 94, 175, 273, 332.
Хјувисон, П. 327.
Хјуз, Кент 273.
Хорват, Р. 374,
Хорват, Рук
Христо 128.
Христов, В. 309, 314, 317-319, 498,
Христов, Васил 180, 225, 310, 318, 333, 341,
Христов, Константин 103,
Христов, Никола 315,
Христовски, Видан 499.
Христу, Петер 335.

Ц
Цалев, В. 128.
Цалев, З. 315.
Цалис, Т. 432, 498.
Цанков, Александар 197.
Цалдарис 128.
Цапарецо, П. 340.
Цврље 312, 313.
Цигерис, Х. Н. 303.
Цигулис, Н. 432.
Циломанов, Петре 406, 410, 411, 558.
Цолакис, Спиро 394, 588.
Цуцули, Конта 344.
Цуцулис, К. 432.

Цуцулис, Пандора 569, 570.
Цуцулис, Санта 549, 550.
Цуцулис, Ставрос 572, 577, 578.

Ч
Чадевиќ 237.
Чадевиќ, Алекс 314.
Чадевиќ, Боше 384.
Чадевиќ, Тома 225, 314.
Чадевска, Лена 457.
Чакаларов, Васил 182.
Чакалов, Лазо 125.
Чакалов, Мајкл 488, 492, 504.
Чакалов, Џони 504.
Чакалов, Ник 105.
Чаков, Георги 262.
Чакос, Џорџ 44.
Чакрова, Дина 183.
Чакрова, Лена 183.
Чапкано, Г. 302.
Чапкунов, В. 240.
Чаракчиев, Борис 103.
Чаус, Том 243, 256.
Чекров, К. 128.
Чендлер, Херберт Бојл 266.
Чернев, Н. 37.
Черчил, Винстон 75.
Чико, К. 340.
Чико, Коста 315.
Чикос, Р. 525.
Чилдс, Винифред 591.
Чилианов, Т. 302.
Чодовиќ, Боше 500.
Чолаков, Спиро 119, 120, 121, 128, 129, 256, 304, 319, 327, 356, 394.
Чочов, К. 128.

Џ
Џавела, Л. 432.
Џавелов, Алекс 262.
Џавелов, Л. 314.
Џамбазов, П. 432.
Џамбазов, Филип 37, 86, 109, 116, 123, 124.
Џамбанис, Т. 432.
Џангалов 340, 426.
Џангалов, М. 432.
Џангалов, Мајк 315.
Џангалова 426.
Џејмс, В. 242, 271.
Џинго, Леон 27.
Џонсон 190.
Џонсон, Н. 240.
Џонсон, Хјулит 273, 274, 331.
Џорџ, К. 498.
Џорџ, С. 226.
Џорџ, Ч. 432.
Џоџов, А. 432.
Џоџов, С. 432.
Џоџов, Т. 507.
Џумас 587.

Ш
Шабалев, Георги 226.
Шабалев, П. 432.
Шабалев, Петре 124.
Шабалиев, В.432.
Шалвар, К. 111.
Шалварина, К. 432.
Шалварина, Р. 432.
Шалварина, Риста 393.
Шалваринов. Л. 432.
Шалваро, Х. 432.
Шалда, Васил 256.
Шаманев, Ј. 432.
Шампаин, С. 432.
Шарин, Г. 432.
Шарин, И. 432.
Шарин, Н. 37, 217, 432.
Шарин, Нуме 23.

Шарин, Стојан 23.
Шарин, Т. 263, 432.
Шарин, Танас 245, 258.
Шаринис, А. 432.
Шаринис, Наум Петроу 356, 393.
Шарки, Л. Л. 282.
Шарп, Кирил Иван 556.
Шекров, К. К. 128.
Шепард, А. В. 91, 202, 203, 222, 227, 262,
Шилев, Г. 365, 432.
Шимбето, Крсте 111.
Шипков 274.
Шкулов, Ристо 122.
Шолда, В. 327.
Шолдас, Васил 243.
Шолдас, Р. 243, 256.
Шостакович, Дмитри 337.
Шоте, С. 432.
Штраус 231.
Шунде, Г. 432.



ISBN 978-0-9804763-4-7